УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Миле Јово Костоски

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈУВАЊЕТО ВРЗ ОДЛИВОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА ОД АРМИИТЕ

Докторски труд

Скопје, 2024

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Миле Јово Костоски

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈУВАЊЕТО ВРЗ ОДЛИВОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА ОД АРМИИТЕ

Докторски труд

Скопје, 2024

Докторанд:
МИЛЕ ЈОВО КОСТОСКИ
Тема:
ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈУВАЊЕТО ВРЗ ОДЛИВОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА ОД АРМИИТЕ

Ментор:
проф. д-р Билјана Ванковска,
Институт за безбедност, одбрана и мир

Комисија за одбрана:
проф. д-р Тони Милески (претседател)
Институт за безбедност, одбрана и мир

проф. д-р Билјана Ванковска,
Институт за безбедност, одбрана и мир

проф. д-р Марина Митревска,
Институт за безбедност, одбрана и мир

проф. д-р Лидија Георгиева,
Институт за безбедност, одбрана и мир

проф. д-р Јован Пејковски,
Филозофски факултет

Научна област:
МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ

Датум на одбрана: 24.12.2024 година

Миле Јово Костоски

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈУВАЊЕТО ВРЗ ОДЛИВОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА ОД АРМИИТЕ

– А п с т р а к т –

Во фокусот на дисертацијата е истражување и анализа на повеќеслојните врски помеѓу приватизацијата на војната и одливот на професионалните кадри од регуларните армии. Целите на ова истражување е да се согледаат сите директни и индиректни влијанија кои приватизацијата на војната ги носи со себе, да се утврдат сложените врски кои лежат во самиот феномен, како и да се утврдат причинско-последичните врски кои влијаат врз одливот на персоналот од армиите.

За да се постигнат овие цели, во дисертацијата користен е сеопфатен пристап кон сите дисциплини кои се во корелација кон самото прашање. Методолошкиот пристап е квантитативен и квалитативен. Истражувачката стратегија опфаќа различни употребени методи кои обезбедуваат сознанија за факторите кои влијаат врз одливот на професионалниот кадар од армиите во контекст на приватизацијата на војната. Техниките за собирање податоци кои беа употребни во дисертацијата вклучуваат анкети, интервјуа и анализа на документи.

Главната премиса е дека приватизацијата на војувањето директно и индиректно влијае врз одливот на припадници од армиите и претставува комплексен безбедносен проблем за чие решавање неопходно е преземање соодветни мерки. Ова е особено значаен проблем гледан и низ македонска призма, а кој досега не бил истражуван.

Главните наоди во теоретскиот и емпириските дел откриваат дека постои едно сеопфатно влијание од приватизацијата на војната врз армиите во светски рамки. Прво, во дисертацијата се потврдува фактот дека присуството на приватни воени и безбедносни компании (ПВБК) и контрактори во конфликтните зони создава една нелојална конкуренција за квалификуван персонал, што резултира со одлив од регуларните армии кон приватните безбедносни ентитети. Второ, низ дисертацијата јасно се забележува економскиот фактор и можностите за работа што ги нудат ПВБК како значајни фактори кои придонесуваат за одливот на персоналот. Трето, низ академските кругови се открива една загриженост која е поврзана со улогата на државата и употребата на сила, односно за последиците кон монополот на сила и суверенитетот.

Вредноста на оваа дисертација првично е во нејзината оригиналност. Спроведената анализа и направеното истражување е едно од ретките, како во државата така и на Балканот. Таа придонесува кон постоечкото знаење, но и ја збогатува академската литература преку една реална презентација на темата. Придонесува за развивање тековни политички дебати кои првично треба да бидат насочени кон надзорот и регулирањето на приватните воени актери и нивното влијание врз националната безбедност. Понатаму, дисертацијата се протега низ војската како институција, но и низ безбедносните структури кои се опфатени со развојот на современото војување. Со обезбедени аргументи за факторите кои влијаат врз одливот на професионален кадар од армиите, истражувањето придонесува и за преземање соодветни чекори и создавање стратегии за превентивно делување во однос на одливот и задржување на најдрагоцениот ресурс-човекот.

Клучни зборови: приватизација на војувањето, приватизација на безбедноста, приватни воени и безбедносни компании, национална безбедност, армии.

Mile Jovo Kostoski

THE IMPACT OF PRIVATIZATION OF WAR ON THE OUTFLOW OF PROFESSIONAL MILITARY PERSONNEL FROM THE ARMIES

– A b s t r a k t –

The dissertation's focus is research and analysis of the multifaceted connections between the privatization of war and the outflow of professional personnel from regular armies. The goals of this research are to perceive all the direct and indirect impacts that the privatization of war brings with it, to determine the complex relationships that lie in the phenomenon itself, and to determine the cause-and-effect relationships that affect the outflow of personnel from the armies.

To achieve these goals, the dissertation uses a comprehensive approach to all disciplines correlated to the question. The methodological approach is both quantitative and qualitative. The research strategy includes different methods used that provide insights into the factors influencing the outflow of professional staff from the armies in the context of the privatization of war. Data collection techniques used in the dissertation include surveys, interviews, and document analysis.

The main premise is that the privatization of warfare, directly and indirectly, affects the outflow of members from the armies and represents a complex security problem for the solution of which it is necessary to take appropriate measures. This is a particularly significant problem seen through the Macedonian prism, which has not been investigated so far.

The main findings in the theoretical and empirical sections reveal that there is an overarching impact of the privatization of war on armies worldwide. First, the dissertation confirms the fact that the presence of private military and security companies (PMSCs) and contractors in conflict zones creates unfair competition for qualified personnel, which results in an outflow from regular armies to private security entities. Secondly, throughout the dissertation, the economic factors and job opportunities offered by PMSCs are noted as significant factors contributing to the outflow of personnel. Thirdly, a concern is revealed in academic circles related to the state's role and the use of force, that is, the consequences of the monopoly of force and sovereignty.

The value of this dissertation lies primarily in its originality. The analysis and research are one of the few both in the country and in the Balkans. It contributes to the existing knowledge but also enriches the academic literature through a realistic presentation of the topic. It contributes to the development of ongoing policy debates that should initially focus on the oversight and regulation of private military actors and their impact on national security. Furthermore, the dissertation extends not only through the military as an institution but also through the security structures that are covered by the development of modern warfare. By providing arguments about the factors that affect the outflow of professional staff from the armies, the research also contributes to taking appropriate steps and creating strategies for preventive action concerning the outflow and retention of the most valuable resource—the human.

Keywords: privatization of warfare, privatization of security, private military and security companies, national security, Armies

Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување друга титула.

Миле Костоски, с.р.

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Миле Костоски, с.р

СОДРЖИНА

I ДЕЛ – ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 8
1. ВОВЕД 8
1.1. Предмет на истражување 9
1.2. Цели и задачи на истражување 9
1.3. Хипотетска рамка на истражување 10
1.4. Временско и просторно одредување на истражувањето 11
1.5. Ограничувања 12
1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето 13
1.7. Примена на резултатите од истражувањето 15
2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА 16
2.1. Вовед 16
2.2. Преглед на литературата по автори во државата и странство 16
2.2.1. Преглед на литературата од странски автори 16
2.2.2. Приватизацијата на војната/војувањето во делата на македонските автори 19
2.3. Преглед на литературата која опфаќа и спроведени емпириски истражувања 21
2.4. Што е предмет на дискусија во истражената литература? 78
2.5. Што е потполно неистражено? 113
2.6. Заклучок 113
3. ИСТРАЖУВАЧКА СТРАТЕГИЈА И МЕТОДОЛОШКИ ПОСТАПКИ 114
3.1. Истражувачка стратегија 114
3.2. Методологија 115
4. ВЕБЕРИЈАНСКАТА ДРЖАВА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА 116
4.1. Веберијанската држава во контекст на приватизацијата на војувањето 116
4.2. Концепт и дефинирање на Веберијанската држава 117
4.3. Веберискиот концепт за државен монопол на сила 121
4.4. Приватизација на силата и предизвиците на Веберијанската држава 123
5. ФЕНОМЕНОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈНАТА 134
5.1. Историски преглед на приватизацијата на војната 139
5.1.1. Антички период 140
5.1.2. Средновековен период 141
5.1.3. Современа ера - 20-ти век 143
5.1.4. Ера по Студената војна (1990-ти до денес) 145
5.2. Фактори за појава и подемот на ПВБК 147
5.3. Класификација на приватните безбедносни актери 153
5.3.1. Поделба на приватните актери 154
5.3.2. Дефиниции за приватните безбедносни актери 156
5.3.3. Разлики меѓу ПВК и ПБК 161
5.3.4. Класификација / типологии на приватните безбедносни актери по автори 163
5.4. Платеници, странски борци, војници, контрактори/ПВБК 169
5.4.1. Платеници 169

5.4.2. Странски борци ... 178
5.4.3. Војници ... 179
5.4.4. Сличности и разлики помеѓу државни сили и контрактори ... 182
5.4.5. Сличности и разлики помеѓу ПВБК и платеници ... 187
5.5. Предности и недостатоци на ПВБК ... 192
5.5.1. Предности ... 192
5.5.2. Недостатоци ... 205
5.6. Услуги кои ги извршуваат ПВБК и анализа на работата на контракторите вработени во екстрактивната индустрија ... 219
6. ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ВОЈНАТА ... 229
6.1. Однос јавна-приватна безбедност ... 232
6.2. Пазар на воени и безбедносни услуги ... 241
6.3. Предизвиците на приватизацијата врз воената професија и армиите ... 256
6.3.1. Ефектите на приватизацијата на војувањето врз автономијата на армиите ... 258
6.3.2. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз способноста за војување на армиите ... 259
6.3.3. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз професионализацијата на армиите ... 262
6.3.4. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз цивилно-воените односи и државната контрола на силите ... 263
6.3.5. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз одливот на персоналот од армиите ... 265
II ДЕЛ – ЕМПИРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 274
1. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ... 274
1.1. Заднина и цел на истражувањето ... 274
1.2. Предизвици кои се појавија при емпириското истражување ... 276
1.3. Етички размислувања ... 278
2. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ... 279
3. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА ... 312
4. ЗАКЛУЧОК ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ... 322
ЗАКЛУЧОК ... 325
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 328
ПРИЛОЗИ ... 357

I ДЕЛ – ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ВОВЕД

Наспроти доминантниот наратив за државата како речиси ексклузивен носител на безбедносната функција, преку полицијата и војската како институции, изминатите децении доаѓа до извесна промена. Феноменот на приватизација на безбедноста веќе ја доведува во прашање оваа класична парадигма. Приватните (недржавни, комерцијални) актери се или во содејство со државните институции задолжени за безбедноста или понекогаш се и нивна конкуренција.

На планот на меѓународните односи, исто така, нештата се менуваат. Државите и алијансите веќе не се главните актери на меѓународната безбедност. Процесот на приватизација на војната и војувањето се во подем, особено од крајот на Студената војна. Приватни воени и безбедносни компании (ПВБК) дејствуваат или како индивидуални (недржавни) безбедносни актери кои им нудат услуги на владите и режимите, па дури и на корпорациите, или пак се ангажирани од меѓународни организации за заштита на нивната дејност во ризичните подрачја.

На тој начин, всушност, и во контекст на експертите и практичарите, а уште повеќе во научните кругови, сè повеќе се посветува влијание на поширокиот феномен на приватизација на безбедноста, а оттука и на приватизацијата на војната/војувањето и соодносот со класичното сфаќање на безбедноста и војувањето. На пример, бројни истражувања покажуваат континуирано зголемување на бројот на вработени во приватните безбедносни и воени фирми, особено во последните пет децении. Една од причините за ова лежи во зголемувањето на глобалната побарувачка на пазарот за приватна безбедност.

Бидејќи обезбедувањето безбедност одамна е признато како најважна функција на државите, приватизацијата на војната има значително влијание врз безбедносната теорија и практика. Познавачите сметаат дека работата на ПВБК ќе се зголемува и во иднина, и тоа заради воспоставување алтернативни начини за справување со безбедносните предизвици. Од крајот на Студената војна, употребата на приватна сила се користи и се легитимира и како надворешно политичка алатка во процесот на градењето на државите (international state building), особено во ризичните региони и во контекст на слабите држави. Приватизацијата на војната е феномен што ќе биде присутен уште повеќе во иднина и преку ПВБК ќе игра главна улога на глобално ниво. Но, и покрај зголемената стапка на ПВБК и одливот од државните воени структури во приватните фирми од крајот на Студената војна до денес, сепак, спроведени се помал број системски и емпириски истражувања за причините и последиците од овој процес.

Проценета е дека бројни фактори влијаат врз зголемување на безбедносните ризици од најразличен вид, што поради зголемување на популацијата или намалување на ресурсите. Државите се соочуваат со неможност да одговорат соодветно на сите предизвици, па затоа користат дополнителна помош и соработка која доаѓа од приватниот сектор, без оглед дали станува збор за внатрешната или надворешната безбедност. Секоја земја се обидува да пронајде соодветни политики и практични решенија во креирањето успешна безбедносна политика и квалитетен безбедносен сектор.

Во динамичниот мултиполарен меѓународен поредок, воените закани не опаѓаат, туку и се зголемуваат. Процесот на глобална милитаризација покажува несмалено темпо на раст, особено поради сложената констелација наметната од т.н. Втора и Трета студена војна. Зголемените воени предизвици, а од друга страна притисокот на демократската јавност која не е подготвена да издвојува многу средства и троши човечки ресурси во воени интервенции на далечни меридијани, создава простор за

ангажирање приватни (недржавни) актери кои се нудат за надоместок да ги вршат операциите кои порано ексклузивно им припаѓале на државите. Приватизацијата на војната е само последица од приватизацијата на јавната власт во различни сфери на општеството, од образованието, здравството, критичката инфраструктура, затворскиот систем, итн. Со овие факти мора да се смета и мора да се создаде критичка дистанца и анализа на ефектите врз сфаќањето на сообносот меѓу демократијата и безбедноста. Овој проблем е, се чини, особено забележителен кај развиените демократски држави кои се принудени да преземаат поинакви чекори, кои пак од своја страна имаат импликации врз националната безбедност. Меѓутоа, ефектите од приватизацијата на безбедноста и на војувањето се видливи и кај помалите и послабите држави.

Оваа докторска дисертација во својот фокус ги има овие противречни и дијалектички процеси помеѓу нужноста од одржување на државниот воен сектор и зголемените ефекти од приватизацијата на војувањето, процес кој отвора можности за лицата вработени во државниот сектор да бараат поголема материјална сатисфакција во приватниот кој е во подем. Темата е обработена низ теориска и низ емпириска призма за да ја осветли целината на проблемот на позитивните и негативните ефекти од приватизацијата на војувањето во современиот свет.

Како почетна премиса на истражувањето го земаме фактот што концептот на државен суверенитет и монопол врз воената сила е во состојба на постојана промена и редефиниција, и тоа колку поради внатрешните промени во државите, толку и под влијание на новите предизвици кои произлегуваат од структурата и движењата во меѓународниот систем. Тоа најдобро го покажува и периодот по завршувањето на Студената војна, големите меѓународни интервенции кои следуваа, а беа поврзани со Глобалната војна против тероризмот или со бројните внатрешни судири, во кои дојде до зголемување на бројот на недржавни актери и организирани субјекти кои, на еден или друг начин, влијаат врз вооружените сили на државата.

1.1. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на оваа докторска дисертација е утврдување на каузалниот однос помеѓу глобалните ефекти на процесот на приватизација на војувањето врз (реалниот и можниот) одлив на професионален воен персонал од редот на регуларните вооружени сили и одразот на овој нексус врз националната безбедност.

1.2. Цели и задачи на истражувањето

Научната цел на истражувањето се состои во разбирањето на феноменологијата на безбедноста, во јавниот и во приватниот сектор, како и развојот на процесот на приватизација на војната и војувањето. Истражувањето настојува да разбере и предвиди како таа глобална динамика влијае врз внатрешниот и надворешниот суверенитет и воените капацитети на државите вклучувајќи ја и македонската држава, да ги согледа клучните тенденции во однос на мотивацијата за вршење на војничката професија, лојалноста кон државата и желбата за поголема заработка.

Практичната цел на ова истражување е да се обезбедат основни сознанија со кои може да се согледа и реално да се процени состојбата како приватизацијата на војната влијае врз одливот на персонал од армиите. Да се согледаат ефектите и практиките во другите држави и дали е потребно да се преземат соодветни чекори во нови законски и подзаконски акти, подобрување на социјалната положба на професионалните војници, начинот на регрутација и обучување, итн. Научените лекции од досегашното искуство, преточени во теориски засновани заклучоци, ќе помогнат во детектирањето на внатрешните слабости во армиите, и на начините на нивно отстранување со сопствени

капацитети. Исто така, овие сознанија можат да бидат од полза за креирањето на безбедносните политики со цел јакнење на внатрешните безбедносни капацитети. Истовремено, тоа ќе придонесе кон детектирање на потребните услови и механизми за унапредување на меѓусебната координација и соработката меѓу институциите.

Задачите на истражувањето се следниве:

- да се согледаат глобалните тенденции во меѓународниот поредок,
- да се разбере движечката сила и дострелот на приватизацијата на војувањето во 21 век и начинот на кој тој процес влијае врз државата како таква и врз меѓународниот мир и стабилност,
- да се утврди на кој начин приватизацијата на војувањето влијае врз националната безбедност на земјата, гледано низ призма на нејзиниот кадровски потенцијал,
- спроведување емпириско истражување во кое ќе се видат ставовите на лицата кои работат во безбедносните структури и лица кои работат за ПВБК,
- детектирање на ситуациите во кои нарушена е борбената готовност и проучување на факторите заради кои настанало тоа нарушување,
- откривање на разликите помеѓу нормативното и фактичкото, односно да ги оцени објективно ефектите на приватизацијата на војната,
- да се согледа дали и како е регулирана приватизацијата на војната,
- согледување на односите помеѓу приватниот и јавниот сектор,
- да се види што значи правната рамка и научените лекции и какви решенија нуди,
- да се направи компарација на понудените решенија од државите од аспект на нивната примена,
- да се согледа кои се најдобри практики од одделните држави и како можат да се применат во РС Македонија како позитивно искуство,
- да се согледа како е регулирана приватизацијата на војната на меѓународен план,
- да се согледа дали со успешното регулирање на приватизацијата на војната ќе се придонесе кон подобрување на безбедноста на национален, регионален и меѓународен план,
- истакнување на важноста од критичко, креативно и системско размислување на индивидуи и институции инволвирани во процесите на приватизација на војната,
- запознавање со веќе постоечките трудови (во домашната и меѓународната научна јавност) кои се однесуваат на конкретното поле на истражување.

1.3. Хипотетска рамка на истражувањето

Општа хипотеза

Приватизацијата на војната директно и индиректно влијае врз одливот на припадници од армиите и претставува комплексен безбедносен проблем за чие решавање е неопходно преземање соодветни мерки.

Посебни хипотези

- приватизација на војната како глобален феномен е еден од големите предизвици за националната и меѓународната безбедност,
- ефектите од приватизацијата на војната влијаат врз економскиот, социјалниот и политичкиот сегмент од општеството,
- одливот на персонал влијае врз преструктурирањето на Армијата,

- одливот на персонал влијае врз борбената готовност на Армијата,
- недостаток од лидерство и погрешни политики го зголемуваат одливот на персонал од Армијата,
- приватните воени и безбедносни компании имаат ефект врз државните капацитети на државата,
- приватизацијата на војната има интегрирачка моќ да се преземат соодветни чекори за искористување на придобивките и минимизирање на последиците,
- приватните воени и безбедносни компании, како алатка, се покажаа како успешни во спроведувањето на приватизација на војната,
- приватните воени и безбедносни компании се квалификуваат како јавни агенти на државата и затоа се продолжение на политиките на владите,
- правилна и јасно осмислена безбедносна стратегија придонесува за создавање добра безбедносна политика,
- регулирањето на приватизацијата на војната зависи од постоењето реална потреба да се усогласат прашањата од оваа област,
- приватизацијата на војната е во корелација и со другите безбедносни елементи,
- феноменот на приватизација на војната се зголемува со зголемувањето на безбедносните предизвици,
- Армијата има постојана потреба од асистенција во делокругот на работа,
- приватните воени и безбедносни компании го поткопуваат традиционалниот пристап на употреба на вооружените сили,
- регулирањето на приватизацијата на војната ќе придонесе кон решавање на новите безбедносни предизвици.

1.4. Временско и просторно одредување на истражувањето

Дисертацијата нуди повеќе пристапи за анализа за влијанието на приватната безбедносна индустрија врз безбедносниот систем на државите, поконкретно на армиите. Сепак, изостанува една концизна, временска рамка на предметот на истражувањето, бидејќи прибирањето информации од безбедносна и воена природа, како и нивната заштита претставува еден голем предизвик бидејќи се карактеризира со постојано усовршување и унапредување на активностите кои ги вклучува. Истражувањето се базира врз еден мултидисциплинарен пристап, кој ги вклучува сите научни дисциплини кои имаат директен или индиректен допир со безбедносните органи.

Временскиот период на теориското истражување во кој се разгледува приватизацијата на војувањето и приватните воени и безбедносни компании го опфаќа периодот од нивното создавање, но самата анализа е порелевантна за последните седум декади, односно од 1960-та, па наваму.

Временската рамка на емпириското истражување на припадниците од Армијата и поранешните припадници на Армијата и полицијата се реализираше од 7.4.2022 година до 31.8.2022 година. Истражувањето се реализираше на подрачјето на државата како и онлајн преку социјалните мрежи со припадници во странство што работат како контрактори.

Просторното одредување на истражувањето во теоретскиот дел се заснова за целиот свет, односно се однесува за поголем број армии, додека емпириските дел е просторно одреден на територијата на државата.

1.5. Ограничувања

Поради специфичноста на истражувањето и материјата која беше предмет на анализа, се соочив со низа ограничувања. Ограничувањата со кои се сретнав во истражувањето и пишувањето на дисертацијата се во тајноста што ја опкружува воената и безбедносната индустрија. И покрај тоа што работат на отворен пазар и со компании кои често бараат легитимитет и се промовираат како професионални и сигурни субјекти, светот на ПВБК сè уште задржува голема тајност. Важно е да се напомни дека дел од ограничувањата се од системски карактер, а дел од човечки карактер. Голем дел од достапните јавни бројки и статистики во приватната безбедносна индустрија се само основни бројки или процени.

Пазарот за воени и безбедносни услуги е дел од еден поголем воено-индустриски комплекс, односно збир од компании кои се дел од воените процеси. Тие се способни да направат војна или да завршат војна. Таа арена каде се водат војни вклучува државни тајни бидејќи главни носители се ПВБК каде во најголем дел од случаите се најмени од државите. Врз основа на тоа ПВБК имаат интерес да го задржат и спречат протокот на информации. Поради оваа причина, многу компании ја рекламираат својата дискретност. И како што државите претпочитаат да ја чуваат безбедносната и воената приватизација во тајност, така и компаниите сакаат да ги скријат трговските тајни од своите конкуренти. Не постои централизирана база на податоци што го следи вкупниот број компании на светско ниво, вкупниот број вработени во индустријата, ниту бројот на жртви што индустријата ги има. Големината на приватната безбедносна индустрија по број на договори како и вкупните приходи што ги остваруваат компаниите се специфични и тешки за откривање, пред сè, од структурни причини како и резултат на компаниите да ги прикријат деталите за нивниот бизнис. Исто така, договорите се третираат како сопственички и не се отворени за јавна контрола. Тоа им овозможува на компаниите да го изработат наративот што го сакаат и да го продадат на потенцијалните клиенти, ставајќи се себеси во најдобро светло.

Понатаму, обезбедувањето информации за некои компании е доста тешко бидејќи голем дел од нив се оф-шор компании кои се појавуваат во одреден период во одредени места што не се директно поврзани со државата, и потоа ги снемува. Тоа не значи дека тие ја замаглуваат индустријата бидејќи може да бидат формирани за максимизирање на профитот.

Сепак, во многу од случаите, имињата на субконтракторите не се никаде евидентирани и тешко е да се дознае кој ја извршил задачата. Некои ПВБК дури и ги менуваат своите имиња што, исто така, го отежнува следењето на трагите на самите договори. Менувањето на имињата е поради несоодветно однесување во местата каде што оперираат, како и направени инциденти кои го оцрнуваат лицето на компанијата. Со менувањето на името и мало преструктурирање, тие добиваат ново лице во индустријата и нов почеток. Во нивни интерес е да ја задржат добрата репутација се со цел да добијат нови договори. Во некои околности случаите за ПВБК се поткопани со лажни вести и информации. Без идентификување на вистинската компанија што ги извршува задачите, не е јасно дали тие што ги обезбедуваат услугите се членови на вистински регистрирани ПВБК или се поединци кои се наменски ангажирани од поединец или некоја влада, со што се оспорува категоризацијата за “компанија“. Немањето официјални интернет страници претставува уште еден предизвик во собирањето информации. Важно е да се напомни дека тајновитостата на индустријата постоела отсекогаш и тешко е да се соберат релевантни информации. Во овој дел, важно е да се напомни и да се направи дистинкција дека во дисертацијата пишувам

само за одлив од армиите од активната компонента, каде не се вклучени другите видови (морнарица, авијација, итн.). Исто така, опфатени се сите видови одлив (доброволно, отпуштање, непродолжување договор, итн.). Не е опфатено дезертерството бидејќи тоа претставува еден посебен дел кој е различно толкуван низ државите.

Најголемиот дел од информациите што се користат во дисертацијата се од секундарни и терциерни извори. Малку е користен примарен материјал, со оглед на тешкотиите при негово добивање како и неподготвеноста да се разговара за индустријата меѓу тие кои се вклучени во неа. Малку може да се извлече од дипломатската експертиза, приватното знаење или вклученоста во модерната приватна воена и безбедносна индустрија. Истражувањето останува тешко поради релативната новост на приватната воена и безбедносна индустрија, нејзиниот неуспех да се совпадне уредно во постоечките теоретски рамки и карактерот на самиот бизнис.

За потребите на дисертацијата, во пребарувањето на литературата за теоретскиот и за емпириските дел, пребарувани беа отворените извори, односно интернетот. Беше извршено и пребарување на уште 10 други странски јазици (албански, грчки, хрватски, унгарски, руски, германски, француски, норвешки, полски, и турски) со следниве термини: приватизација на војната, приватни воени компании и одлив на персонал од армиите, како и пребарување на целиот наслов од докторската дисертација. Од пронајдената литература која беше детално анализирана заклучено беше дека во сите се повторуваат едни исти автори во однос на истото прашање. Не беа констатирани нови наоди од горенаведените земји кои придонесуваат повеќе за дисертацијата. Одлуката беше само кое дело да се цитира. Факт е дека најголем дел од литературата е со западно гледиште и на англиски јазик. Поради недостапноста на материјали различни од македонскиот и англискиот јазик, ова истражување се темели само врз публикациите издадени на тие два јазици, со многу мал дел од другите јазици. Севкупно, за истражувањето може да се заклучи дека недостасуваат нови податоци и информации. Тоа е проблем кој се протега низ времето и дефинитивно претставува предизвик за истражувачите.

Сепак, темата за приватизација на војната во последно време добива на популарност меѓу академските кругови и медиумите, и на тој начин може да се соберат значителна количина информации. Покрај тоа, одредени земји објавуваат некласифицирани извештаи кои се однесуваат на прашањата поврзани со воената приватизација. Операциите на ПВБК понекогаш се контроверзни, тајноста е често норма и најдобро е да ги прикријат своите активности. За крај важно е да се напомни дека во голем дел во теоретскиот дел од дисертацијата се користи западната концепција поради достапноста на литературата и затоа сите споредби или приоди кон одредени прашања може да не соодветствуваат со други концепции.

Во делот на спроведеното емпириско истражување, прашањата за анкетата и за интервјуата беа подготвени со цел брзо одговарање, да има можност да не се одговори, прашања кои не подлежат на класификација и воедно не влијаат врз борбената готовност и националната безбедност. Дисертацијата претставува научно дело и не го нарушува Законот за класифицирани информации.

1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на истражувањето е во тоа што приватизацијата на војната е комплексен феномен за чие имплементирање потребен е подлабок научен пристап. Создавањето на ПВБК и трендот на зголемување на приватната воена индустрија ја олеснува работата во безбедносниот сектор, но ако не се менаџираат правилно и не се соодветно контролирани и регулирани, може само да придонесат поделби и хаос. Разидувањето во стратегиите, доктрините и крајните цели може

негативно да се одразат врз националната безбедност. За да се примени најдобрата стратегија, неопходно е правилно идентификување на проблемот, сфаќање на опкружувањето и меѓународните политики, разбирањето на сите инволвирани актери, распоредување на државните ресурси и синхронизација на напорите.

Истражувањето ги продлабочува сознанијата за ефектите од приватизација на војната и влијанието врз одливот на припадници од армиите. Истовремено, истражувањето ги детектира идните политики и стратегии во кој правец би се движела државата во безбедносниот сектор, особено во одбраната. Истражувањето дава темелен пристап на сите нивоа, разгледувајќи ја единката припадник на армиите, разни целни групи, па се до работата во ПВБК и каузалниот однос на јавната и приватната безбедност. Во контекст на претходното, истражувањето ја потврдува почетната позиција дека приватизацијата на војната е феномен кој видливо влијае врз одливот на припадници од армиите.

Научната оправданост на трудот произлегува од фактот дека одливот на припадници од армиите нема да се намали во иднина, напротив постојат индикатори за пораст. Јасно е дека потребни се промени во менаџирањето со човечкиот персонал, безбедносниот сектор и дека потребна е одлучна стратегија во имплементација на безбедносните реформи.

Општествената оправданост на истражувањето од научен аспект е сериозно наметната од развиените земји и чекорите кои ги преземаат. Истражувањето дава придонес во безбедносната наука за намалување на одливот на персонал од армиите и зголемувањето на трендот на приватизација на војната како меѓународна појава која и понатаму ќе доминира на сите нивоа во безбедносните кругови. Потребно е да се надминат системските несогласувања околу јавната и приватната безбедност, да се истакне потребата од сеопфатен пристап за превенција на одливот на припадници од армиите и синхронизација на јавната и приватната безбедност за ефикасен безбедносен систем. Истражувањето ја збогатува критичката научна мисла од областа на националната и меѓународната безбедност, и аналогно на тоа, ја истакнува потребата од анализа и ревидирање на политиките и стратегиите на државата во безбедносниот систем.

Важно е да се напомни дека има повеќе причини, односно приватната воена индустрија станува сè повеќе централна и легитимна фигура во рамките на современиот глобален безбедносен систем. Додека проценитe за вредноста на индустријата се разликуваат во голема мера, за нив генерално се смета дека надминуваат 500 милијарди фунти, со годишен раст од над 5%. Понатаму, колку што нивниот првичен раст се совпадна со крајот на Студената војна и соодветното намалување на постојаните армии, се сугерира дека еволутивните безбедносни закани и намалувањето на воените активности од големи размери може да доведат до сличен пораст на приватниот пазар за безбедност. Растот на асиметричното и хибридното војување доведе до зголемено потпирање на нетрадиционалната безбедност со приватни актери кои играат централна улога во исполнувањето на безбедносните потреби и на јавните и на приватните организации.

Способноста и потребата од компаниите за брзо пренесување на операциите, опремата и персоналот низ целиот свет создадоа ситуација во која актерите сè повеќе бараат униформирани безбедносни услуги, ситуација која засегнатите држави не се во состојба да ја обезбедат. ПВБК сè повеќе ја заматуваат границата помеѓу безбедносни и воени операции и во два најзначајни примери за тоа, Ирак и Авганистан каде ПВБК на моменти претставуваат најголеми странски контингенти. Генерално, се верува дека приватната безбедност е поголема од јавната безбедност во најмалку 40 нации низ целиот свет. Имајќи го предвид ова, постои растечки консензус дека приватните

чинители не само што се легитимни, туку се повеќе неопходни во рамките на глобалниот безбедносен сектор. Во светло на трендот на нараснување и варијации во современите општества, оваа теза предлага дека потребно е испитување на улогата на приватизација на војната за целосно да се разберат импликациите од неа, особено во делот на основниот и главен ресурс - човекот.

1.7. Примена на резултатите од истражувањето

Приватизацијата на војната е феномен и процес кој допрва ќе биде истражуван, анализиран и спроведуван во безбедносните системи на земјите од Југоисточна Европа, особено во државата. Додека Западниот свет е длабоко навлезен, за други земји тоа сè уште е тема на која не се придава значење, но ефектите се чувствуваат. Имајќи го предвид фактот дека како земја-членка во НАТО, темата станува исклучително релевантна со отворањето нови воени мисии и работни позиции за припадниците на Армијата и безбедносните структури, а воедно преку нив интеракција со ПВБК кои нудат поширок опсег на работа, подобри услови и поголеми финансиски придобивки. Токму тоа е фокусот на ова истражување, да се долови значењето на целината што е предуслов за успешно искористување на придобивките од приватизацијата на војната, но и минимизирање на последиците од неа. За Армијата е од извонредно значење одблиску да ја следи динамиката на приватизацијата на војната и побарувањата од ПВБК за превентивно да делува врз одливот на своите припадници.

Досегашните истражувања кои се поврзани со приватизација на војната во најголема мера се фокусираат врз ПВБК, нивното работење, регулирање и слично. Сепак, може да се каже дека недостасува еден сеопфатен системски пристап што ќе ги обедини сите различни фази, причини, мотиви и постапки кои имаат една заедничка цел, а тоа е спречување на одливот на припадници од Армијата преку испитување на ефектите од приватизацијата на војната и преземање мерки и активности за одржување стабилен безбедносен систем.

2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

2.1. Вовед

Прегледот на литература има за цел да ја контекстуализира важноста на дисертацијата и да придонесе во постоечкото знаење. Прегледот претставува широк пресек на примарни, секундарни и терциерни извори. Идејата е прашањето за истражување да се опфати од еден поширок и сеопфатен кон еден детален и ажуриран преглед на главните прашања кои ја формираат основата на истражувачкото прашање. Самиот преглед на литературата ја следи структурата на дисертацијата со обработка на главните точки и потточки кои се опфатени, односно фокусот е ставен врз предметот на истражената литература. Тука опфатени се повеќе тези, односно области кои биле претходно истражувани, како: феноменот на приватизација на војната, предизвиците за Веберијанската држава, појавата и подемот на приватните безбедносни актери, класификацијата, предностите и недостатоците, односот јавна-приватна безбедност итн. Исто така, опфатени се и повеќе автори со нивните „капитални“ дела кои претставуваат основа и библиографски извор на поголемиот дел од секундарните и терцијарните извори кои беа анализирани, а подолу тие ќе бидат накратко опфатени.

За изработка на докторскиот труд користени се сознанија, податоци и информации од околу 484 различни извори: книги, поглавја од книги, зборници на научни трудови, списанија и магазини, презентации од конференции и научни собири, дневен печат и веб-страници. Изворите во текстот цитирани се во 1274 фусноти.

2.2. Преглед на литературата по автори во државата и странство

2.2.1. Преглед на литературата од странски автори

Поширокиот преглед на селектирана литература од авторска гледна точка, е со цел да се истакнат најпознатите автори во оваа област на истражување. Како што беше претходно наведено, со нивните „капитални“ дела на крајот од 20-от и почетокот од 21-от век, тие во голем дел ја поставуваат теоретската рамка и основа за сите понатамошни истражувања од различен тип.

Следствено, еден од првите е авторот Дејвид Ширер со своето дело од 1998 година. Како деклариран експерт за приватни воени актери, тој воените компании ги дефинира како обезбедувачи на воени вештини. Преку студии на случај на раните активности на приватните воени компании (ПВК) тој обезбедува емпириска основа за подоцнежни истражувања. Наративот кој преовладува кај авторот е дека приватните безбедносни актери ги сместува како мултипликатори, односно дополнување на воената способност на клиентот за тој да може да функционира во војна. Ширер прецизира дека природата на помошта на воените компании е да има стратешко влијание врз политичкото и безбедносното опкружување. Тој тврди дека во некои ситуации воените компании обезбедуваат безбедносна помош за државите, а во други тие се закана за државната безбедност бидејќи ја искористуваат државата и/или нејзините ресурси за парична добивка. Во таа насока, се истакнува разликата на Ширер дека ПВК имаат стратешко влијание врз воената сила на државите, додека ПБК се фокусираат врз заштита на инсталациите и обезбедување безбедност во градовите. Ширер понатаму наведува дека приватното обезбедување, исто така, ги зголемува или заменува јавните услуги и традиционалните полициски функции.[1]

[1] Повеќе во: David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998).

Понатаму, еден од авторите со најголемо влијание и со најмногу цитирања низ литературата е Питер Сингер. Сингер е автор на едно од првите систематски истражувања за приватната безбедносна индустрија. Самиот посочува дека неговата цел во пишувањето на „Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry“ била да го организира и интегрира тоа што е познато за приватните воени фирми (ПВФ) на систематски начин и да развие теорија која ќе биде основа за идните студии.[2] Очигледен е фактот дека подоцнежните студии ќе се надоградат врз неговото дело и дека литературата за приватната безбедносна индустрија ќе се диверзифицира со текот на годините.

Следен автор кој има голем придонес во литературата е Дебора Авант. Нејзиното дело „The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security“ обезбедува една помодерна и понапредна теоретска рамка посветена на проучувањето на приватната безбедност во рамките на меѓународните односи.[3] Таа комбинира повеќе емпириски студии на случај направени преку интервјуа. Во нејзиниот наратив, фокусот го става врз две прашања, и тоа: „Дали приватизацијата на безбедноста ја поткопува државната контрола на насилството? Дали приватизацијата на безбедноста може да ја подобри државната контрола на насилството?“ Таа се осврнува на импликациите што ги има приватизацијата на обезбедувањето врз контролата на силата. Исто така, таа го анализира и пазарот за приватно обезбедување врз основа на премисата дека приватното обезбедување може да влијае врз тоа како граѓаните се способни да го контролираат насилството. Нејзиниот неутрален наратив ја сместува во средината помеѓу оптимистите и песимистите. Таа истакнува дека иако песимистите се расправаат дека приватните војски ја поткопуваат демократијата и развојот во Африка, оптимистите тврдат дека приватните опции можат да го унапредат владеењето и редот.

Следен автор е Кристофер Кинси со неговата книга за приватното обезбедување „Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies“ книга која претставува резултат на една од првите докторски дисертации поврзани со приватното обезбедување во меѓународните односи.[4] Како и Сингер, Кинси посветува големо внимание во елаборирање на типологијата на приватните актери како и лоцирање на растот на приватната безбедност.

Понатаму, друг автор е Мартин ван Кревелд со неговото дело „On Future War“.[5] Тоа е уште еден ран влијателен текст од минатиот век во кој се дискутира за проширувањето на приватната безбедност во однос на променливата природа на војувањето. Дискусијата на Ван Кревелд за приватната безбедност, и во емпириска и во теоретска смисла развиена е малку подлабоко во неговата следна книга, „The Rise and Decline of the State“.[6] Како што покажува насловот и паралелно со реалистичните наративи за градење на државата генерално, Ван Кревелд дискутира за елиминацијата на приватната сила (т.е. платениците) како дел од подолгиот историски процес на консолидација на вооружените сили на државата и нејзините монополизации на легитимното насилство. Очекувано, се толкува растот на приватното обезбедување и повторното појавување на „платеници“ во комбинација со растот на другите насилни недржавни предизвикувачи на државата во последната деценија на 20-от век.

---

[2] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003). Истата книга има и дополнета верзија со лекции од Ирак објавена во 2008 година која е цитирана низ дисертацијата.

[3] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005).

[4] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006).

[5] Martin Van Creveld, *On Future War* (London: Brasseys, 1991).

[6] Martin Van Creveld, *The Rise and Decline of the State* (Cambridge: Cambridge University Press, 1999).

Авторите Абрахамсен и Вилијамс ја воведуваат идејата за правци (гледишта, бранови) во литературата за ПВБК. Абрахамсен и Вилијамс го воведоа поимот на прв бран што се карактеризира со осуда на платениците. Литературата додава два нови бранови во анализата и ја следи еволуцијата во научниот термин на приватната сила со соодветната еволуција на феноменот. Абрахамсен и Вилијамс повикуваат на спој помеѓу приодите во меѓународните односи, социологија и криминологија за да се фати комплексноста за вклученост на приватниот сектор во безбедноста и нивната вклученост со државите.[7] Друго нивно дело кое е вредно за анализа е „Security Beyond the State: Private Security in International Politics".[8] Книгата го следи феноменалниот раст на комерцијалната безбедност на глобално ниво и детално ги испитува операциите и влијанијата во специфични ситуации. Идејата е да се долови целиот опсег на безбедносната приватизација, и аналитички да ги смести во рамките на пошироките трансформации во општествените сили. Тие го воведуваат терминот „Глобални безбедносни собранија" кои претставуваат нови безбедносни структури и практики кои истовремено се јавни и приватни, глобални и локални.

Понатаму, авторот Карафано настапува критички во однос на научната фела каде тврди дека повеќето научници (освен Сингер и Авант) биле релативно тивки во однос на трендовите кои се однесуваат на приватниот сектор во јавните војни. Тој тврди дека малкумина ги прифаќаат предизвиците што ги поставуваат научниците, тестирајќи ги нивните заклучоци, доработка на теориите, додавање нови докази. Сите овие работи недостасуваа во дебатата за контракторите во борба. Така, емпириската литература се фокусира врз описот на приватната безбедносна индустрија, анализата на владината контрола и нормативните објаснувања за цивилно-воените односи. Тој истакнува дека „интердисциплинарните студии честопати се најтешки за справување, а оваа тема се наоѓа на линијата на голем број дисциплини како воена и деловна историја, економија, меѓународни односи, право, филозофија, национална безбедност и јавна политика".[9]

Авторот Шон Мекфејт, како поранешен вработен во ПВК и деклариран експерт за приватни безбедносни студии, подемот на ПВК го нарекува нова ера во војувањето, тврдејќи дека моќта се префрлила од националните држави во војската и корпоративни ентитети кои го променија светскиот поредок во „полицентричен". Под полицентричен светски поредок се подразбира меѓународна средина каде што авторитетот на нацијата-држава беа влошени и еродирани од корпоративните и транснационалните ентитети, со што се стави крај на ерата каде што веберијанската форма на државата беше доминантна.[10]

На крај, авторот Патисон навлегува во етиката и моралната страна на ПВБК. Книгата на Патисон треба да биде корисна за секој кој има интерес за ПВБК, воена етика или цивилно-воени односи.[11] Книгата придонесува во полето на истражувањето на ПВБК и особено треба да поттикне дебата за ефектот на ПВБК врз демократската контрола на воените и цивилно-воените односи, како и за идните регулативи. Авторот се осврнува врз моралната легитимност на индивидуалните контрактори, ПВБК и нивните клиенти. Книгата е структурирана во четири дела: обраќање на поединци,

[7] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 131-146.
[8] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011).
[9] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 143.
[10] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 6.
[11] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014).

вработување на ПВБК од страна на државите и алтернативни аранжмани на воена сила, како и ефектот на компаниите врз меѓународниот систем. Во последниот дел од книгата, авторот резимира од кого и во кои улоги може да се користат ПВБК, ја проценува состојбата на сегашната регулатива и предлага како идеално треба да се организира воената сила, имено, преку глобален монопол на воената сила. Централно место во анализата на авторот е тоа што тој го нарекува „кумулативен приод“ на легитимност, со кој може да се процени легитимноста на војската.

2.2.2. Приватизацијата на војната/војувањето во делата на македонските автори

Идејата за овој дел, односно вакво слично истражување објавено е од страна на Питер Паплер за словенечките автори во неговата докторска дисертација.[12] Дополнително, квантифицирање на литературата има извршено авторката Хилде ван Мигденбург. Нејзиниот преглед ја покажува дистрибуцијата на 111 публикации објавени од 2003 до 2012 година за аутсорсинг во конфликтните зони и ПВБК со три прашања: објаснување за растот на приватната воена и безбедносна индустрија, нивниот суштински фокус на истражување и нивниот географски фокус.[13]

Од наодите на контракторите (кои претходно биле офицери), забележале дека има чекор кон преголема администрација (за офицери) и премал фокус на борбената обука и подготвеност. Во исто време, јасно е дека воените вештини се бараат од ПВБК. Еден од интервјуираните посочува дека фактот ПВБК се комерцијални субјекти понекогаш создава сериозни предизвици за вработените. Работата на контракторот е многу различна од работата за државата. Тоа е така бидејќи клиентот е тој што го води шоуто, односно ако не му се допаѓаш на клиентот си одиш дома, а ако си одиш дома немаш пари. Чувството на ранливост поврзано е со договорот, каде што способноста на компаниите и на договорните агенции да отпуштат поединци во рок од неколку часови или денови влијае врз перцепцијата на контракторите за нивната работа, за себе и за тоа како тие дејствуваат и се однесуваат на терен. Испитаниците посочиле дека обуката и поддршката во склучувањето на договорите во ПВБК не се приоритет, односно дека „времето е пари“, додека кај војската сè уште има капацитет да создаде кохерентност и да обезбеди сеопфатна обука пред распоредувањето, но и да бара време за тоа од Владата или Министерството за одбрана. Испитаниците укажуваат на моментот дека во ПВБК преовладува мислата дека „секој е за себе“. Посочуваат дека условите за вработување, темпото, ротацијата на луѓето лесно се претвораат во менталитет - „Тука сум, заработувам пари.“. За крај, испитаниците во студијата се внимателни во однос на прифаќањето на контракторите како легитимни професионалци или како дел од „вкупната сила“, што е различно од американските колеги.

Со оглед на континуираниот раст на приватната воена и безбедносна индустрија, како и потенцијалните предизвици од зголемената конкуренција, ова се јавува како важен потфат за иднината.

VIII. Велика Британија

За Велика Британија опфатени се 3 (три) истражувања.

i. Првото истражување спроведено од страна на Министерството за одбрана на Велика Британија[27], дава едно разбирање зошто се појавиле празнините во вештините, односно одливот на системско знаење. Извештајот ја нагласува прогнозата за потенцијални недостатоци во следните 5 (пет) години и неговите иницијативи за подобрување на регрутирањето и задржувањето. Наведено е дека вооружените сили имаа значителни недостатоци во вештини во многу критични области. Командите презеле мерки со приоритизирање на основните одбранбени задачи, но потпирањето на зголемените барања на војниците не било одржливо на долг рок. Нивните оддели, се

[27] Повеќе во: Ministry of Defence, *Ensuring Sufficient Skilled Military Personnel: Report by the Comptroller and Auditor General*, National Audit Office, 2018.

соочувале со зголемен предизвик за брзо реагирање на промените на начинот на кој се води војна. Сето тоа бара нови специјализирани технички и дигитални вештини и ќе придонесе до поголема конкуренција со приватниот сектор.

Извештајот посочува дека 61% од редовните сили го оцениле моралот како низок, за разлика од 2010 година кога тоа било 33%. Исто така, 25% од редовните сили имале намера да заминат пред крајот на нивниот ангажман, а 7% сакале да си заминат што поскоро.

Како главни наоди (факти) во истражувањето се наведуваат:

- Заклучно со јануари 2018 година, имаат недостаток од 8.200 лица воен персонал (обучени редовни лица со полно работно време) што е 5,7% под условот;
- МО има недостаток од 102 лица стручен персонал за одржување на одбранбените задачи без да поставуваат дополнителни барања за редовните;
- Во следните 5 години, МО не очекува да ги реши недостатоците во персоналот за 94%.

Како тешкотии при регрутирање и задржување се наведуваат:

- Збирниот процент од 5,6% на редовни лица кои доброволно заминуваат во 12-те месеци до 31 декември 2017 година, со многу повисоки стапки во некои специфични вештини;
- Недостаток од 24% во бројот на регрутирани регрути во 2016-17 година, во споредба со годишните цели на командите (морнарицата, армијата и воздухопловните сили).

Преземени иницијативи за работна сила на Министерството за одбрана:

- За стимулирање при регрутирање и задржување во последните 5 (пет) години биле потрошени 664 милиони фунти;
- 19 нови проекти за работна сила воведени од 2010 година имаат за цел да ги подобрат условите и условите на вооружените сили;
- 42% проценти од редовните лица изјавиле дека се „задоволни од работен век“ во истражувањето за ставот на вооружените сили во 2017 година, намалено од 60% во 2010 година.

Во однос на регрутирањето, во извештајот се наведува дека командите не ги исполниле своите цели за регрутирање во 2016-2017 година и се соочуваат со тешкотии во обезбедувањето на вештините што им се потребни. Во 12-те месеци до септември 2017 година, Армијата била 31% под целта, морнарицата била 16%, а воздухопловните сили биле 8% подолу.

Понатаму, бројот на луѓе кои ги напуштаат вооружените сили го надминал бројот на нови регрути секоја година од 2010/11 година. Во 12-те месеци до декември 2017 година, вооружените сили ги напуштиле 15.300 редовни војници, што претставува нето-одлив од 2.300. Од 12.700 обучени редовни лица кои заминале, 7.500 (59%) заминале доброволно пред крајот на нивниот ангажман или периодот на истекување на договорот. Стапката на доброволен одлив се зголемила за 3,8% во март 2010 година, на 5,6% во декември 2017 година.

Како причини за одливот, извештајот идентификува голем број надворешни фактори кои влијаат врз способноста за регрутирање и задржување на персоналот. Тие вклучуваат:

- *Економски циклус*. Анализата на Одделот покажува дека барањата за приклучување во вооружените сили паѓаат кога ќе се подобри економијата. Поголема е веројатноста луѓето да ги напуштат вооружените сили кога економијата е посилна, бидејќи може да има повеќе можности и повисоки плати во приватниот сектор;

- *Национален недостаток од вештини*. Има национални недостатоци во некои области во кои Одделот регрутира, што резултира со поголема конкуренција за тие вештини. На пример, извештајот за вештините на науката, технологијата, инженерството и математиката (STEM) вклучува процена дека ќе бидат потребни 700.000 дополнителни STEM техничари за да се задоволи побарувачката на работодавците до 2024 година;
- *Промена на генерациите*. Истражувањата сугерираат дека луѓето кои достигнале млада полнолетност на почетокот од 21 век повеќе се подготвени да ги менуваат работните места почесто од постарите генерации. Тоа значи дека тие можеби се помалку подготвени да се посветат на долгорочни кариери, вклучувајќи ги и тие во вооружените сили.

Одделот се соочува со истите прашања многу години, а некои, како што се економските фактори, се циклични по природа. Сега се соочува со предизвикот да се натпреварува за повеќе специјализирани вештини на конкурентни пазари за вработување. Одделот ги разбира главните причини зошто луѓето сакаат да останат или да ги напуштат вооружените сили. Најчесто наведени причини за останување беа безбедноста на работата и обезбедувањето медицински услуги. Причините за заминувањето беа влијанието врз семејниот и личниот живот, задоволството од работата и надворешните можности за работа. Командите, исто така, ги разбираат главните причини за недостатоците потпирајќи се врз нивното специјализирано знаење и нивното секојдневно управување со персоналот. Ги следат и надворешните влијанија. На пример, кралските воздухопловни сили (RAF) ја следат активноста на регрутирање на комерцијалните авиокомпании за да ги процени заканите за задржувањето на пилотите. Командите, исто така, спроведуваат анализа заснована врз сценарија за да ги предвидат стапките на прилив и одлив. Тоа им овозможува да ги одредат годишните цели за регрутирање.

Следно, истражувањето покажува дека исплатите биле ефективни во намалувањето на бројот на лица кои заминуваат за периодот кога биле исплатени, но во овие занаети остануваат недостатоци и нема тренд на намалување на нивото на плаќања. Одделот е свесен дека не може да продолжи да се потпира врз реактивни финансиски мерки за стабилизирање на нивоата на персонал, но постои ризик дека доброволниот одлив може да се зголеми доколку се отстранат плаќањата.

ii. Второто истражување за Велика Британија, ги истражува околностите кои водат до крај на воената кариера и како овие околности влијаат врз транзицијата кон цивилна работа и живот на лицата кои ја напуштиле службата и ветераните во Велика Британија.[28] Во него се нагласува дека причините за напуштање на вооружените сили варираат, и овие причини влијаат врз искуството од транзицијата во цивилен живот. Документот ја нагласува важноста да се земат предвид различните потреби на тие што ја напуштаат службата врз основа на нивните искуства и вештини стекнати за време на воената служба, со цел да се дизајнираат ефективни структури за поддршка и програми за нивната транзиција.

Документот посочува дека во Велика Британија, секоја година, околу 16.000 мажи и жени ги напуштаат вооружените сили. Околностите за напуштање на воената служба варираат од редовно пензионирање по дваесет и повеќе години стаж, до предвремено напуштање на службата, медицинско отпуштање или искористување на шемите за доброволно отпремнување. Во зависност од околностите на напуштање на

[28] Dr. Silke Roth, *Reasons to Leave the Armed Forces: How Do Reasons to Leave the Armed Forces Impact on the Transition to Civilian Work and Life*? Briefing Paper 3, Work Futures Research Centre, University of Southampton, 2018.

воената служба, искуството од транзицијата кон цивилна работа и живот, исто така, варира. Така, околностите за напуштање на вооружените сили треба да се земат предвид при дизајнирање структури за поддршка и програми за тие што ја напуштиле службата и ветераните.

Следниве наоди се засноваат врз интервјуа за животна историја што беа спроведени во Велика Британија помеѓу мај 2017 и јули 2018 година за да се истражат патиштата што ги наведоа учесниците да се приклучат на вооружените сили на Велика Британија и нивните искуства за стекнување вештини. Воената служба обезбедува ресурси за личен раст и му овозможува на услужниот персонал да стекне широк опсег на вештини. Важно е да се знае дали и како овие вештини може да се пренесат.

Учесниците во истражувањето беа регрутирани преку лични контакти, лице во лице, летоци, огласи во Soldier Magazine и локален весник, саем за вештини во гарнизонот „Тидворт“, добротворни организации и воена мрежа во голема компанија. Досега беа интервјуирани 16 (шеснаесет) бели Британци.

Во документот се дискутира за различни причини за напуштање на вооружените сили, вклучувајќи:

Промена во приоритетите. Учесниците спомнаа дека нивните приоритети се менуваат со текот на времето и сфатија дека не уживаат во работата како порано;

Напредување во кариерата. Некои сметаа дека поминуваат повеќе време за да работат на маса отколку да бидат со нивниот полк, додека други сфатија дека ќе биде тешко или невозможно да напредуваат понатаму во нивните воени кариери;

Недостаток од контрола. Некои учесници сметаа дека немаат доволно контрола врз задачите и објавувањата, особено како што стареат, а тоа им пречи на нивните лични преференци и семејниот живот;

Институционализација и здравје. Правилата и дисциплината, кои првично беа прифатени, станаа досадни и се чувствуваа премногу ригидни. Некои учесници сакаа да избегнат институционализација и (ментални) здравствени проблеми, што влијаеше врз нивната одлука да ги напуштат вооружените сили;

Финансиски аспекти и рамнотежа помеѓу работата и животот. На одлуката за заминување влијаеле и можностите за кариера во воената и цивилната сфера, како и финансиските аспекти и желбата да се постигне подобра рамнотежа помеѓу работата и животот.

iii. Третото истражување е во склоп на дисертација[29] каде се истражуваат факторите кои придонесуваат за намалување на регрутирањето во војската, со фокус врз јазот помеѓу општествениот идентитет и воениот организациски идентитет, ефектот на институцијата за обука врз пешадискиот регрут и влијанието на процесот на регрутирање и упис.

Главните причини за одлив во пешадијата на британската армија вклучуваат:

Нереални очекувања. Регрутите кои не успеваат често имаат нереални очекувања од животот и обуката во Центарот за обука на пешадијата. Тие имаат идеализирани верувања за тоа каков би бил пешадискиот тренинг, кои не се совпаѓаат со реалноста. Ова доведува до висок степен когнитивна дисонанција по пристигнувањето на тренинг, што на крајот резултира со испуштање;

Лоши методи на селекција. Финансиските трошоци за трошење поради лошите методи на селекција се неодбранливи, особено во сегашната финансиска клима каде што сите јавни сектори, вклучително и Министерството за одбрана, се соочуваат со

[29] Matthew D. Kiernan, "*Identifying and Understanding Factors Associated with Failure to Complete Infantry Training among British Army Recruits*," PhD diss., Faculty of Medicine & Health Sciences School of Nursing, University of Nottingham, 2011.

буџетски кратења. Британската армија се потпира врз надополнување на работната сила во нејзините пешадиски единици, а несразмерното количество на трошење обука, кое се припишува на психолошки, кадровски и дисциплински причини, има значително влијание врз човечките патарини и подготвеноста на единиците на фронтот;

Недостаток од подготовка. Регрутите треба да бидат соодветно подготвени за припишување и физички и психички. Важно е да им се дадат најточните можни информации за тоа каков е животот во обуката вклучувајќи информации за околината, техниката на настава и програмата за обука што ќе ја искусат;

Организациски идентитет. Пешадијата на британската армија доживува постојана стапка на неуспех во обуката, а силниот организациски идентитет може да создаде проблеми во организацијата затворајќи ја за новодојденците и отпорна на промени и подобрувања.

IX. САД

Од достапната литература и истражен материјал, за САД беа пронајдени 19 записи во кои има спроведено емпириско истражување.

i. Во дисертацијата на Рајан Келти од 2006 година[30], спроведено е истражување на армиски припадници на САД. Главната премиса на дисертацијата е да се истражат социјално-психолошките ефекти од интегрирањето на цивилите и воениот персонал во рамките на американската војска. Студијата се фокусира врз влијанието на структурните промени предизвикани од цивилизирањето на војската врз ставовите и намерите во однесувањето на воениот и цивилниот персонал. Ги испитува променливите, како што се нивото на контакт и социјалните споредби помеѓу цивилниот и воениот персонал и како овие фактори можат да влијаат врз намерите за задржување, задоволството од работата и организациската посветеност. Дисертацијата сугерира дека интеграцијата на структурно различни групи работници во рамките на војската може да доведе до различни работни карактеристики и може да резултира со чувство на лишеност кај воениот персонал во споредба со нивните цивилни колеги.

Клучните наоди вклучуваат:

Поставување двојна работа. Интеграцијата на воениот персонал со цивилите создава работна средина со различни структурни и еколошки карактеристики на работните места помеѓу членовите на службата и цивилите;

Чувства на лишеност. Морнарите и војниците пријавуваат дека се чувствуваат релативно лишено во споредба со цивилите со кои работат. Ова чувство на лишеност е поизразено кај морнарите;

Влијание врз намерите за задржување. Патеката на студијата ги анализираше директните и индиректните ефекти на променливите за цивилизација врз намерите за задржување, што покажува дека интеграцијата на цивилите и воениот персонал може да влијае врз намерите за задржување во војската;

Социјални споредби. Студијата ги испитува ефектите на цивилизацијата врз услужниот персонал и цивилните групи нагласувајќи го влијанието на социјалните споредби со нивните колеги врз ставовите и намерите во однесувањето;

Организациска динамика. Интеграцијата на структурно различни групи работници влијае врз ставовите и планираното однесување на вработените во специфичниот организациски контекст, потенцијално влијаејќи врз задоволството од работата и на организациската посветеност.

[30] Повеќе во: Ryan D. Kelty, *Civilianization of the Military: Social Psychological Effects of Integrating Civilians and Military Personnel*, PhD diss., University of Maryland, College Park, 2005.

Студијата собира податоци од студии на случај на морнарицата и армијата, кои потоа се анализираат за да се утврдат директните и индиректните ефекти на променливите на цивилизацијата врз намерите за задржување. Дополнително, дисертацијата ја спомнува употребата на анкети и инструменти за собирање податоци и ги разгледува променливите што се испитуваат за да се разберат ефектите од цивилизацијата врз услужниот персонал и цивилните групи.

Понатаму, во овој дел ќе бидат опфатени само контролните променливи кои ги користел во врска со истражувањето и се во корелација со моето истражување. За таа цел во методологијата како контролни променливи ги користи:

Возраста (години). Тој наведува дека возраста е позитивна корелација со чинот и времето поминато во служба. Колку се постари членовите, толку е поголема веројатноста дека ќе одлучат да останат во војската. Со оглед на таа карактеристика, тој напомнува дека важно е да се контролира возраста во истражувањата;

Раса. Тој заклучува дека стапките на губење персонал се разликуваат по расата. Посочува дека црнците од помладите класни години остануваат во служба во поголем број за разлика од белците. Сепак, посочува дека и неговата студија нема доволен број испитаници за да се изведат различни модели на задржување по раса, но сепак таа останува важна променлива за анализа;

Пол. Авторот се повикува на други извори и посочува дека односите со врсниците претставуваат поцентрална компонента што води кон организациската посветеност кај жените отколку кај мажите. Спротивно на тоа, мажите повеќе ја развиваат посветеноста преку односите со претпоставените отколку жените. Тој продолжува дека во ригидна хиерархиска структура која е 85% од машки пол (мисли на војската), нормално е да се очекува да се видат разлики во нивоата на посветеност по пол. Сепак, мажите и жените се вклучени во анализите, но посебните модели нема да се водат по пол бидејќи нема доволно жени во примероците;

Образование. Образованието го третира како силна мерка за човечкиот капитал на приватниот пазар на труд. Тој фактор може да биде под влијание на воениот персонал кој ја напушта службата. Образованието ги тера тие со повисоко образование да се чувствуваат посигурни во нивните долгорочни можности на цивилниот пазар на труд. Повикувајќи се на други извори, тој открива дека меѓу помладите ангажирани лица постоела негативна врска помеѓу образованието и задржувањето во војската. Помалку образованите е поверојатно да останат во службата;

Брачен статус. Авторот посочува дека бракот има тенденција да го зголеми задржувањето на машкиот офицер и ангажираниот персонал. Спротивно на тоа, се смета дека конфликтот во работата/семејството е причина за намалените стапки на задржување кај жените;

Деца. Променливата покажува дека имањето деца во семејството влијае врз посветеноста и задржувањето на членовите во службата. Згора на тоа, постојат полови разлики во намерата да остане во војска кога припадникот на службата има деца дома, со многу поголема веројатност жените да ја напуштат службата отколку мажите. Понатаму, постојаните распоредувања (мисии) и промена на живеалиштето имаат негативно влијание врз задоволството од воениот начин на живот;

Број и времетраење на одделеност од семејството. Авторот посочува дека одвојувањето од семејството е еден од позначајните фактори кои придонесуваат за конфликтот помеѓу работата и семејството меѓу членовите на службата и нивните семејства. Како такви, предизвиците и фрустрациите поврзани со семејните разделби може да се очекува негативно да влијаат врз задржувањето на воениот персонал;

Години во служба. Истражувањето за задржување на воениот персонал покажал дека фазата на кариера на воениот член веројатно ќе има влијание врз нивните одлуки

на задржување. Се наведува дека до одреден степен тоа е самоизбор на војската за кариера со над 20 години. Исто така, се наведува дека системот за пензионирање игра важна улога. Се наведува дека пресвртната точка е некаде помеѓу 7-10 години стаж. Сепак, со оглед на пролиферацијата на приватните воени фирми (ПВФ) и нивната привлечна плата, бенефиции, работни можности ги привлекува и кадрите кои се пред пензионирање;

Чин. Авторот се повикува на други извори кои укажуваат дека чинот е значаен индикатор за задржување меѓу подофицерите.

Следно, утврдено е дека конфликтот меѓу работата и семејството ја намалува организациската посветеност на вработените. Особено војската има тенденција да го поттикнува овој тип конфликт бидејќи и двете институции се сметаат за „алчни“ во нивното барање за време и внимание на припадниците на војската, што резултира со зголемена вознемиреност/напнатост. Конфликтот во армијата/семејството се зголемува со распоредувањето на борбената должност или присуството на дете, а се намалува со возраста и должината на бракот. Ова ги следи логичните и теоретските очекувања дека зголемениот стрес или барања во една арена ќе се прелеат во друга и предизвикуваат вознемиреност. Дополнително, зрелоста и самоизборот поврзани со зголемената возраст и времето во брак меѓу војниците од кариера би се очекувало да се претворат во пониски нивоа на работен/семеен конфликт во војската меѓу повисокиот персонал.

Понатаму, авторот нагласува дека е потребна дополнителна емпириска анализа за поцелосно да се разбере ефектот на цивилните контрактори врз социјалните споредби на членовите на службата. Тој истакнува дека во времето кога била напишана дисертацијата, не било пронајдено истражување кое го испитува ефектот на членовите на службата врз социјалните споредби на цивилите.

ii. Истражувањето на Шауб и Франке[31] испитува различни видови прашања кои се поврзани за контракторите и редовните вооружени сили. Тезата која авторите ја дискутираат насочена е околу професионалниот статус на контракторите во воен контекст. Тие наведуваат дека контракторите за безбедност често работат рамо до рамо со војниците и понекогаш преземаат улоги кои традиционално ги извршува војската. Преку анкетирање тие истражуваат дел од прашањата, како што се: „Дали употребата на контракторите е компатибилна со силниот и проширен професионален воен етос?“, „Кои се мотивациите, вредностите и ставовите на поединците кои се потпишуваат со приватни фирми за обезбедување?“, „Дали споделуваат норми, код на однесување и професионален идентитет?“, „Како контракторите гледаат на нивниот професионален статус и однос со традиционалните воени сили?“, „Како воените членови гледаат на контракторите?“. Поточно, документот навлегува во ставовите и перцепциите на воените офицери и безбедносните контрактори особено во однос на употребата на цивилни контрактори во борбени улоги и компатибилноста на таквите улоги со воениот етос. Тие ја врамуваат анализата со дискусија за воениот професионализам во САД и степенот до кој вработените во приватната безбедносна индустрија поседуваат слични особини. Следно, ги презентираат и споредуваат резултатите од нивното истражување користејќи примероци од службеници и контрактори. Тие заклучуваат со дискусија за импликациите за односот помеѓу воените професионалци и безбедносните контрактори во операциите за мир и стабилност. Како клучни наоди од анализата се издвојуваат:

[31] Повеќе во: Schaub Jr., G. and Franke, V. “Contractors as Military Professionals?”. In: *Parameters: US Army War College* 39.4 (2009): 88-104. [Online]. Достапно на: https://digitalcommons.kennesaw.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1024&context=-facpubs Пристапено на: 24.04.2023 година.

Споредба на ставови. Документот ги споредува ставовите на американските воени офицери со тие на безбедносните контрактори со потекла за спроведување на законот кои завршиле барем едно распоредување во странство со безбедносна фирма. Испитува како двете групи гледаат една на друга, нивните улоги и професионалниот статус;

Компатибилност со воениот етос. Документот ги истражува ставовите и на воените офицери и на безбедносните контрактори за тоа дали употребата на цивилни контрактори во борбени улоги е компатибилна со воениот етос. Откри дека мнозинството офицери сметаат дека цивилите во борбени улоги се некомпатибилни со воениот етос, додека речиси половина од контракторите сметаат дека нивното учество во борбите е компатибилно;

Професионален идентитет. Документот навлегува во професионалниот идентитет на приватните контрактори за обезбедување и нивниот однос со традиционалните воени сили. Се обидува да разбере дали контракторите споделуваат норми, код на однесување и професионален идентитет сличен на војската;

Основни функции. Истражувањето откри дека и воените офицери и контракторите се согласија дека постојат основни функции што треба да ги извршува само униформиран воен персонал. Мнозинството во двата примерока веруваше дека одредени функции, особено тие кои вклучуваат употреба на сила и борба, не треба да се отфрлаат.

Со испитување на мотивациите на поединците кои стануваат вработени во приватни фирми за обезбедување и споредувајќи ги ставовите на воените офицери и контракторите на обезбедувањето, се согледува променливата динамика во воената професија и влијанието на аутсорсирањето на функционалните задачи на контракторите.

За да се утврдат меѓусебните и самоперцепциите на службениците и контракторите, авторите се фокусираат врз мотивациите што поединците ги имале за приклучување кон приватни фирми за обезбедување и како тие го сфаќаат својот професионален статус и статусот на војската. Слично, побарале од воените офицери индивидуални погледи за нивниот статус и нивните ставови кон цивилните контрактори.

Резултатите покажуваат дека убедливо најнаведени причини за работа во безбедносниот сектор биле „соочувањето и исполнувањето на новите предизвици“ (74,9%) и „помагањето на другите“ (64,6%). Околу една третина од испитаниците се надеваат дека нивната работа ќе направи разлика (38%) и ја гледаат нивната услуга за контрактори како начин да и служат на својата земја (31,3%). За разлика од очекувањата кои делумно ги подигнаа медиумите за безбедносната индустрија, само една четвртина (25,2%) од испитаниците посочија дека се мотивирани „да заработат повеќе пари отколку на нивната претходна работа“. Резултатите покажуваат дека ниту профитот, ниту несебичната услуга на нацијата не се примарен мотиватор на цивилните контрактори.

Авторите посочуваат дека наодите биле конзистентни со други истражувања за мотивациите на контракторите за безбедност. Џереми Скехил, автор на книга за „Блеквотер“, исто така, открива дека потпишувањето со безбедносната индустрија не е сè заради платата. Договорот, заклучи тој, понудил „можност за многу борбени ентузијасти, пензионирани од службата и заглавени во нетрпението на секојдневното постоење, да се вратат на нивните славни денови на бојното поле под знамето на меѓународната борба против тероризмот“. Поранешен припадник на морнарицата објаснил: „Тоа е тоа што го правиш. Кажете дека сте поминале 20 години правејќи работи како возење брзи чамци и скокање од авиони. Сега, одеднаш, продавате осигурување. Тешко е.” За 55-годишен полицаец, одлуката да потпишам договор со „Блеквотер“ значеше „последна можност во мојот живот да направам нешто возбудливо“.

Понатаму, во нивната анализа се врши процена на перцепцијата на испитаниците во однос на ексклузивноста на улогите и функциите на војската со прашањето дали „одредени функции што ги извршува воениот персонал“, во принцип, не може „да ги извршува цивилен контрактор“. Дали нема задачи или функции кои се инхерентно воен карактер и мора да ги вршат униформирани и професионални агенти на државата? Сосема очекувано, резултатите се речиси девет од десет офицери (88,8%) не се согласуваат со оваа изјава, што укажува на огромно мислење дека воените професионалци поседуваат ексклузивна експертиза што не може да се замени преку аутсорсинг. Спротивно на тоа, помалку од две третини (65,9%) од контракторите веруваат дека исполнувањето на воените функции е ексклузивна привилегија на државните војници. Исто така, на прашањето „дека одредени функции ги извршува воениот персонал никогаш не треба да го врши цивилен контрактор“, речиси сите службеници (95,6%) се согласиле со таа изјава, но исто така, се согласиле и повеќе од три четвртини (78%) од контракторите. Големо мнозинство во двата примерока се согласило дека постојат основни функции што треба да ги извршува само униформиран воен персонал. За примерокот на офицерите, испитале уште малку користејќи отворено прашање за да ги изведат специфичните функции за кои службениците верувале дека не треба да ги извршуваат цивилни контрактори. Офицерите кои одговориле на прашањето (N = 87), мнозинството (58) се занимавале првенствено со прашања за употреба на сила, особено борбени. Како што рекол еден офицер: „Военото насилство никогаш не треба да го вршат цивили.“

Други 8 (осум) офицери посочиле дека цивилните контрактори не треба да бидат дозволени во борбена зона, или „надвор од жицата“. Севкупно, три четвртини од тие офицери кои одговориле на ова прашање (66 од 87) сугерираат дека борбата, основната компетентност на воената професија, не е место за цивили. Други споменати ексклузивни функции вклучуваат команда на воени сили, контрола на нуклеарно оружје и борбено пребарување и спасување.

Со оглед на перцепцијата на службениците контракторите на обезбедувањето, тоа е изненадувачки дека една третина (32,3%) смета дека „цивилните контрактори кои настапуваат во борбени улоги треба да се сметаат за воени професионалци“. Прашањето директно се однесувало на тоа дали офицерите веруваат дека поседувањето знаење и способност да се вклучат во борба е доволно за да се смета лицето за воен професионалец. Резултатите од истражувањето покажуваат дека речиси половина од офицерите (47,5%) веруваат дека директното вработување како дел од униформираните воени служби на државата е неопходен услов за да се смета за воен професионалец, додека една петтина биле амбивалентни. Таа маргина укажува на функционално прифаќање на контракторите во борбена улога. Спротивно на тоа, мало мнозинство од контракторите сметаат дека контракторите кои вршат борбени задачи (51,4%) или должности за борбена поддршка (51,1%) треба да се сметаат за воени професионалци. Нешто повеќе од една четвртина (26,1%) не се согласуваат во однос на борбените должности. Јасно е дека за оваа група функцијата е поважна од другите аспекти во одредувањето на професионалниот статус.

Следствено, авторите ги прашале испитаниците дали мислат дека „цивилните контрактори вработени од непријателот во борбена зона треба да се сметаат за незаконски борци“. Испитаниците во двата примерока изгледале поделени во нивното мислење за тоа прашање. Четириесет проценти од контракторите се согласуваат (39,2%) или не се согласуваат (41,9%), додека повеќе од една третина од службениците (36,3%) се согласуваат и речиси половина (45,2%) не се согласуваат. Тие разлики не биле статистички значајни. Фактот дека немало јасен консензус меѓу испитаниците во примероците за прашањето дали контракторите во борба улогите се „незаконски

борци“ може да бидат резултат од примената на двосмислен и широко непопуларен правен термин за низа нови и сè поважни меѓународни актери. Поделената природа на одговорите на таа изјава укажува на потребата од понатамошно кодифицирање на растечката приватна безбедносна индустрија и да се реши континуираната нејасност во однос на меѓународниот правен статус на индивидуалните контрактири и индустријата како целина. Контракторите би го поздравиле натамошното вклучување во формални договори.

Девет од десет (89,7%) посочиле дека „цивилните контрактори треба да бидат заштитени со истите меѓународни договори како и вооружените сили“. По пукањето на 17 цивили на „Блеквотер“ во септември 2007 година, ирачките цивили, формалните механизми за регулирање на индустријата и однесувањето на поединечните контрактори значително се заострија, иако ниту еден не ја прошири посакуваната заштита на меѓународното право на контракторите. Во јануари 2009 година, ирачката влада го укина имунитетот на контракторите во однос на локалниот закон, со што теоретски им овозможи на ирачките власти кривично да ги гонат контракторите за безбедност за незаконско однесување. Тие случувања укажуваат на признавање на потребата од промени во правната и политичката регулатива на индустријата.

Конечно, аутсорсингот на борбените функции на приватниот сектор го пресекува срцето на воениот професионализам, го доведува во прашање што значи да се биде војник и ги дифузни традиционалните поими за идентитетот на воинот. За да го процениме нивното гледиште за ексклузивноста на професионалниот белег на војската, имено примената на насилството за целите на националната безбедност, ги прашале испитаниците во двата примера дали мислат дека „употребата на цивилни контрактори во борбени улоги е компатибилна со воениот етос“. Додека мнозинството од офицерите (61,9%) оцениле дека цивилите во борбени улоги се некомпатибилни со воениот етос (само 15% ги оцениле како компатибилни), речиси половина од контракторите (46%) сметале дека нивното учество во борбите е компатибилно.

iii. Во истражувањето спроведено од RAND[32] и авторите, студијата за мотивацијата на американските војници да се приклучат на армијата открива дека причините за приклучување во армијата можат да се поделат во две групи, и тоа: институционални и професионални. Студијата има за цел да го информира раководството на армијата за тоа како да ги привлече и задржи најдобрите таленти со разбирање на мотивите на војниците да се приклучат на Армијата и како реалноста на животот на армијата се совпаѓа со очекувањата.[33]

Заклучоците се дека најважните институционални мотиватори за Американците да се приклучат на армијата се „повикот за служење“ и „семејната историја“. Еден од клучните наоди на студијата е дека меѓу најсилните мотивации на човекот да се приклучи на војската е семејната традиција. Најважните професионални причини се „авантура/патување и придобивки“.

Студијата вклучува интервјуа на индивидуално ниво со војници на различни локации на базите. Интервјуата беа полуструктурирани, а истражувачите побараа од војниците да се објаснат на релевантните теми. Студијата имаше за цел да собере квалитативни податоци за низа теми, вклучително лично и воено потекло, одлука за

[32] RAND е американска непрофитна тинк-тенк корпорација за глобална политика, истражувачки институт и консултантска фирма во јавниот сектор. Корпорацијата RAND се занимава со истражување и развој (R&D) во голем број полиња и индустрии.

[33] Повеќе во: T. Helmus et al., “*Life as a Private: A Study of the Motivations and Experiences of Junior Enlisted Personnel in the U.S. Army*” (Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2018), 28. Достапно на: https://www.rand.org/pubs/research_reports/RR2252.html. Пристапено на: 25.04.2023 година.

запишување, искуства во војската, задоволство од армискиот живот, социјален живот, тековно здравје и благосостојба, задржување и постармиски планови.

Како клучни наоди се наведуваат:

Задоволство од армискиот живот. Помладиот ангажиран персонал изрази задоволство од нивниот живот во Армијата, и покрај барањата што ги поставуваше од нив. Многу војници гледаа на одговорностите на воената служба како можности за нивната иднина, и во рамките на Армијата и во цивилното општество;

Важноста на другарството и лидерството во малите единици. Студијата ја истакна критичната важност на другарството со колегите војници и доброто раководство во малите единици. Овие фактори беа идентификувани како клучни мотиватори за војниците и беа поврзани со нивното севкупно задоволство од армискиот живот;

Предизвици и фрустрации. Војниците често изразуваа фрустрација од бирократските аспекти на армискиот живот, вклучително и прашања поврзани со неможноста ефикасно да ја извршуваат својата работа и кадровските проблеми. Сепак, и покрај овие предизвици, поголемиот дел од војниците пријавија силни односи со нивните врсници и раководството на единицата.

Импликации за регрутирање и задржување. Наодите сугерираат дека искористувањето на водачите и врсниците од мали единици може да биде корисно за регрутирање и задржување војници. Позитивните искуства поврзани со другарството и лидерството укажаа на потенцијални патишта за зајакнување на мотивацијата за повторно вклучување.

Овие наоди обезбедуваат вредни сознанија за мотивациите, искуствата и нивоата на задоволство на помладиот ангажиран персонал во Армијата на САД, со импликации за регрутирањето, задржувањето и целокупната благосостојба на војниците.

Врз основа на дадените информации, приватниот сектор влијае врз армијата на САД на различни начини, особено во контекст на регрутирање и задржување на висококвалитетни поединци. Командата за регрутирање на Армијата на САД спонзорираше проект спроведен во рамките на Програмата за персонал, обука и здравје на Центарот RAND Arroyo за да се карактеризираат ставовите, искуствата и мотиваторите на војниците доделени на нивната прва оперативна единица во Армијата. Целта беше да се информира раководството на армијата за тоа како да се привлечат и задржат најдобрите таленти.

Дополнително, различни фактори влијаат врз намерата на војниците за ангажирање, како што се: семејните грижи, повредите, унапредувањата, цивилните можности и веројатноста за распоредување во војна. Мнозинството војници веруваат дека нивната служба во армијата ќе им помогне да најдат идна работа. Професионалните вредности се дефинирани со мотивации од личен интерес поврзани со плата и бенефиции.

Во заклучокот, се наведува дека интервјуата дале огромен број наоди кои ги опфаќаат искуствата на помладите војници. Од тие наоди се извлекуваат четири заклучоци на повисоко ниво. Помладите војници на своето армиско искуство му дале исклучително високи оценки, а релативно малку изразуваат незадоволство. Повеќе од 85% од учесниците изјавиле дека приклучувањето кон армијата сè уште било „најдобрата опција“, а повеќе од 75% би ја препорачале армијата на некој како нив.

Семејството беше најчесто споменуваната жртва, а некои, исто така, забележале дека им недостасува нивната независност. Семејствата играат клучна улога во одлуките на војниците да се приклучат на армијата и во нивното подоцнежно задоволство во армијата. Семејството е клуч и повторувана тема, при што мнозинството војници

пријавиле семејна историја на служба во армијата и го идентификувале семејството како клучен фактор во одлуката да се приклучат на армијата. Семејството, исто така, помага да се обликуваат очекувањата што војниците ги имаат за армискиот живот. Покрај тоа, најголемата жртва на армискиот живот за војниците во нашиот примерок беше оддалеченоста од семејството. Различни извори на информации ги обликуваат очекувањата за нивна специјалност (Military Occupational Specialty-MOS) и армискиот живот (и, оттука, потенцијалот за задоволство во одлуки на војниците да влезат во армијата). Многу регрутери нудеа вистинска помош на војниците кои бараат работа во армијата, но други регрутери (и материјали за регрутирање) се чинеше дека препродаваат MOS и поставија премногу високи очекувања за влез на војници. Иако една третина од учесниците изјавиле дека нивниот MOS ги исполнил или ги надминал очекувањата, другите војници биле разочарани од аспектите на изборот на нивните професионални специјалности, се жалеле на досада, на недостаток на време на терен и дека морале да извршуваат задачи кои не се поврзани со нивните занимања. Напорите да се обезбедат попрецизни очекувања за животот и работата на армијата може да ја постават основата за подобрено задоволство на војниците. Односите меѓу војниците (врснички врски) и со нивните лидерите претставуваат критична димензија на задоволството на армијата. Војници известуваат дека врсничките врски и другарството ги претставуваат најдобрите елементи од нивниот животен век. Слично на тоа, војниците детално ги опишуваат навидум активните и исполнети социјални животи и, најкритично, известуваат дека нивните команданти, подофицери и врсници „најмногу се грижат“ за нивната благосостојба. Овие социјални обврзници може да се користат за поддршка на регрутирањето или задржувањето.

iv. Авторите Франке Волкер и Марк фон Боемкен, спровеле истражување со повеќе од 200 контрактори и резултатите ги објавиле во извештајот „Guns for Hire: Motivations and Attitudes of Private Security Contractors“.[34] Главната премиса на документот е да се испитаат ставовите, вредностите и мотивациите на поединците кои работат во приватната безбедносна индустрија. Опфатени се нивните социјални идентитети, етичкото однесување и мотивите за барање вработување во безбедносниот сектор.

Истражувањето е специфично бидејќи сите 200 контрактори биле поранешни полицајци. Генерално е познато дека контракторите се поранешни воени лица, полицајци или пак цивили кои завршиле различни воени курсеви. Во анкетата тестирани биле голем број мотиви, како што се: патриотизам, воинство, макијавелизам, ориентација кон социјална доминација, машкост, работна ангажираност итн.

Најчесто наведени причини за работа во безбедносниот сектор се „соочувањето и исполнувањето на новите предизвици“ (74,9%) и „помагањето на другите“ (64,6%). Само една четвртина од испитаниците изјавиле дека се високо мотивирани да бараат вработување во областа на приватната безбедност поради изгледите за парична добивка, а само еден од пет го навеле „барањето авантура и возбуда“ како главен мотиватор за нивниот професионален избор.

Дополнително, околу една третина од испитаниците се надеваа дека нивната работа ќе направи разлика и тие ја гледаа нивната услуга за контрактори како начин да и служат на својата земја. Испитаниците покажаа силен интерес да се сметаат за професионалци во обезбедувањето на безбедноста и не се сметаа себеси за класични платеници. Наместо тоа, нивното потекло за спроведување на законот добро ги

[34] Повеќе во: Franke, V., and von Boemcken, M. "Guns for Hire: Motivations and Attitudes of Private Security Contractors." *Armed Forces & Society* 37, no. 4 (2011): 725-742.

подготви когнитивно за улоги во полиција и покажаа силно придржување кон етичките стандарди.

Приватните компании плаќаат повеќе од редовните армии за иста работа и за ист воен чин. Сепак, постојат и други мотиви за приклучок кон ПВК. Голем дел од испитаниците ја споделиле мотивацијата за авантура и нови емоции. Најголем дел од испитаниците биле мажи, односно 97% од кои 77% белци, и 77% биле во брак. Сите имале завршено најмалку средно образование, а 15% имале високо образование. Просечниот стаж на испитаниците во ПВК бил под 5 години и 60% не очекувале да влезат во директна борба. Скоро 93% веруваат дека војната понекогаш е неопходна за да се заштитат националните интереси на земјата. Околу 77% од нив верувале дека главната улога на армијата е да се подготви за воени операции. Оттука, други видови работни места и задачи мора да ги извршуваат неармиски структури, како што се ПВК и други. Речиси сите 96% од анкетираните контрактори ја прифатиле својата работа за ПВК како своја патриотска должност (кога ПВК се од иста држава, а државата го ангажира ПВК). Важно е да се нагласи последната точка бидејќи ПВК често работат/ се борат за интереси кои немаат никаква врска со интересите на државите на контракторите. Исто така, 62% од испитаниците сметаат дека едно лице прво треба да работи за својата земја неколку години, а потоа да работи надвор од неа (во ПВК или на друг начин), а 83,4% веруваат дека граѓанинот треба да може да се бори за својата земја.

Како што се наведува во извештајот, приватниот безбедносен сектор имаше значително влијание врз одливот на воен персонал. Приватизацијата на безбедносните функции доведе до зголемена побарувачка за безбедносните служби, што резултираше со активно регрутирање поранешни војници и полицајци за распоредување во конфликтните региони. Ова придонесе за намалување на бројот на воениот персонал додека преминуваат на улоги во приватниот безбедносен сектор, привлечен од изгледите за повисоки плати што ги нудат приватните фирми за обезбедување. Потребата за меѓународни интервенции и зголемената побарувачка за договорни борбени услуги создадоа итен безбедносен јаз што го оставија владите, што дополнително го поттикна одливот на воен персонал во приватниот безбедносен сектор.

v. Авторот Пол Б. Ворнер, во своето истражување „Examining Military Retention Rates of It Service Members: Research towards Mitigating the Loss of It Professional Service Members“[35], го истражува проблемот на задржување на персоналот од војската што работи во ИТ секторот. Документот користи рецензирани истражувања за квантитативни податоци и интервјуа за да генерира квалитативни податоци за да се идентификуваат и опишат клучните прашања околу задржувањето на ИТ персоналот во војската.

Прометот на ИТ персонал во војската се припишува на неколку причини, како што е идентификувано во прегледот на литературата и истражувањето базирано врз анкети:

Парична компензација. Резултатите од истражувањето покажаа дека паричниот надоместок е значаен фактор што придонесува за губење квалификувани членови на ИТ услуги. Пакетите за компензација и бенефиции на војската, иако се зголемени во последно време, можеби сè уште не ја препознаваат адекватно вредноста на техничкото знаење и обука што ги поседуваат ИТ професионалците во споредба со цивилните позиции;

[35] Повеќе во: Paul B. Warner, "*Examining Military Retention Rates of IT Service Members: Research towards Mitigating the Loss of IT Professional Service Members*," All Regis University Theses (2011).

Квалитет на живот. Квалитетот на животот, вклучувајќи ги аспектите како што се рамнотежата помеѓу работата и животот, фреквенцијата на распоредување и целокупниот начин на живот, беше идентификуван како уште еден клучен фактор што води до обрт на ИТ персонал. Ова сугерира дека цивилните позиции може да понудат поповолен баланс помеѓу работата и животот отколку воените улоги;

Обука за работа. Квалитетот и релевантноста на обуката за работа обезбедена за ИТ персоналот во војската, исто така, беа идентификувани како причини за прометот. Можно е поединците да сметаат дека цивилните компании нудат понапредни или специјализирани можности за обука, што ги наведува да продолжат со кариера надвор од војската;

Потценување на придонесите. Некои одговори на истражувањето покажаа дека воениот ИТ персонал се чувствувал потценет од војската, со оглед на техничката сложеност на нивните улоги во споредба со другите со иста оценка за плата, но извршуваат релативно неквалификувани задачи.

Овие причини колективно придонесуваат за висок промет на ИТ персонал во војската, што на крајот влијае врз задржувањето искусни и квалификувани поединци.

Прометот на ИТ персонал во војската носи неколку предизвици за националната безбедност. Прво, високата стапка на обрт значи дека војската мора постојано да реинвестира во обука на нов персонал, што доведува до зголемени трошоци и потенцијални празнини во експертизата. Ова може да резултира со недостаток од искусен персонал, понизок морал и недостаток од доследност во ИТ практиките и перформансите, а сето тоа може да ја загрози ефикасноста на воените операции и информациските системи.

Дополнително, губењето на искусен ИТ персонал на цивилни позиции може да доведе до пад на оперативниот капацитет, бидејќи војската може да се бори да ја задржи потребната експертиза за одржување и управување со критичните ИТ системи. Генерално, обртот на ИТ персонал во војската претставува значителен ризик за националната безбедност со слабеење на технолошките способности и оперативната подготвеност на војската.

Приватниот сектор, вклучително и ПВК, влијае врз одливот на персонал од војската на неколку начини. Едно значајно влијание е мамката за повисоки компензации и бенефиции што ги нуди приватниот сектор. Воениот ИТ персонал, на пример, може да се чувствува потценет во однос на компензација и признание за нивното техничко знаење и обука, што ги натера да бараат подобри можности во приватниот сектор. Дополнително, приватниот сектор често бара поранешен воен персонал за нивното искуство и квалификации, нудејќи бенефиции и компензации кои го надминуваат тоа што генерално го обезбедува војската. Ова создава силен поттик за воениот персонал да премине на цивилни позиции по нивната должност. Понатаму, Министерството за одбрана инвестира значителни ресурси во обуката на својот персонал, вклучително и добивањето цивилни сертификати, само за да ги види овие лица како заминуваат во приватниот сектор откако ќе стекнат вредни вештини и искуство во војската.

vi. Во истражувањето спроведено од страна на членови на Комитетот на конгресот со наслов: „Регрутирање и задржување во војската на активната компонента: Дали има проблеми?“[36] се согледуваат информации за трендовите на регрутирање и задржување во активната компонента на вооружените сили од 1989 година. Главната премиса на документот е да се анализира и да се обезбедат информации за регрутирање

[36] Повеќе во: Congressional Research Service, *Recruiting and Retention in the Active Component Military: Are There Problems*? (2002). Достапно на: https://crsreports.congress.gov RL31297. Пристапено на: 21.03.2023.

и задржување во активната компонента на војската, конкретно фокусирајќи се врз прашања, предизвици и потенцијални решенија поврзани со политиката на работна сила. Опфаќа теми, како што се: целите за пристапување, квалитетот на регрутирањето, причините за недостатоците во задржувањето и потенцијалните одговори и од конгресната и од извршната власт. Документот, исто така, ги разгледува опциите за справување со недостатокот од работна сила, како што е поголема употреба на силите на резервната компонента или цивилните контрактори, како и иницијативите за подобрување на воените станови.

Додека нашето истражување ја нагласи важноста на платата како мотиватор за приклучување и останување на ПВК на теренот, откривме дека изведувачите се поттикнати да работат во индустријата од други фактори освен високите плати. Ова е критично, бидејќи може да помогне во информирањето на перцепциите во врска со мотивациите на ПВК и има потенцијал позитивно да влијае врз воената ефикасност и на севкупната способност на војската ефективно да се координира со контракторите на терен. Откритието дека ПВК имаат повеќекратни мотивации, исто така, е критично во тоа што има потенцијал да влијае врз воената ефикасност. Ваквите влијанија може да се појават или директно преку сопствените мотивации на ПВК, кои би можеле да влијаат врз одговорот и вештината, или индиректно преку воените перцепции за нивните мотиви, што би можело да ги попречи ситуациите на заедничко распоредување на ПВК-воените сили. Згора на тоа, ова откритие е важно затоа што има потенцијал да го придвижи јавниот наратив за ПВК надвор од нивното карактеризирање како модерни платеници и да ги долови нивните професионални мотивации, нивната техничка љубов кон нивниот занает и нивната општествена обврска.

X. НАТО

Еден од посеопфатните извештаи кои се среќаваат во литературата е извештајот на работната група на НАТО со наслов: „Recruiting and Retention of Military Personnel“.[52] Тој е уште од 2007 година, но и покрај временската разлика до денес е веродостоен и голем дел од него се совпаѓа со денешните трендови. Главната премиса на извештајот е да се разберат различните механизми кои влијаат врз резултатите од регрутирањето и задржувањето во вооружените сили на земјите на НАТО. Извештајот има за цел да обезбеди сеопфатно разбирање за предизвиците со кои се соочува при регрутирањето и задржувањето квалификуван персонал, особено во контекст на постојаните промени во војската. Извештајот вклучува информации за националните стратегии за истражување и развој, прегледи на литература за десет релевантни области и генерички воени модели за истражување и развој. Навлегува во сложеноста и влијанијата врз индивидуалните одлуки и политики кои влијаат врз регрутирањето и задржувањето. Извештајот, исто така, се осврнува врз специфичните фактори кои влијаат, како што се: ниските стапки на невработеност, неусогласеноста помеѓу социјалните вредности и воената култура и географската локација на воените работни места.

Исто така, во него се обработуваат и различни студии на случај со земји-членки на НАТО (Белгија, Канада, Германија, Холандија, Шпанија, Турција, Велика Британија). За таа цел, формирана е истражувачка работна група на НАТО за да ги испита дилемите околу настанатите проблеми.

[52] Повеќе во: North Atlantic Treaty Organisation. *Recruiting and Retention of Military Personnel*. Final Report of Research Task Group HFM-107. 2007.

Како што се вели во извештајот, целта на вооружените сили на земјите на НАТО е да бидат целосно оперативни додека минуваат низ постојан процес на промени. За постигнување на таа цел, важно е да се регрутира квалификуван персонал и да се задржат тие кои имаат акумулирано критично воено искуство. Друга цел која се нагласува е поттикнување на вистинско разбирање на механизмите кои влијаат врз резултатите од регрутирањето и задржувањето.

Уште од тогаш се посочува дека регрутирањето претставува сè поголем предизвик. Во исто време, воените сили се соочуваат со големи загуби на често висококвалификуван персонал кој одлучува да си замине.

Наодите од истражувањето посочуваат дека проблемот со регрутирање и задржување со кој се соочуваат многу земји од НАТО се припишува на различни фактори, и тоа:

- ниски стапки на невработеност,
- несогласност помеѓу преовладувачките општествени вредности и воената организациска култура,
- воено, оперативно и кадровско темпо,
- релативно повисоки плати од приватниот сектор,
- географска локација на воените работни места,
- системи за унапредување врз основа на заслугите во стажот,
- неусогласеност помеѓу индивидуалните интереси и работните задачи,
- управување со главните процеси на регрутирање, селекција и класификација, одлив и задржување,
- намалување на целната демографска возраст од 18 до 24 години.

Понатаму, се наведува дека традиционалните практики за регрутирање, селекција, класификација и задржување повеќе не се соодветни за привлекување и задржување на потребниот воен персонал за да се обезбеди стабилност. За таа цел, решенија кои се преземени низ земјите на НАТО се наведуваат следниве:

- зголемување на платите и бенефициите,
- програми за грижа за семејството и квалитет на живот,
- подобрена метрика за селекција и класификација за да се обезбеди подобро совпаѓање личност-организација и личност-работа,
- гарантирани програми за обука,
- целно рекламирање,
- намалување на стандардите за влез,
- образовни стимулации,
- програми за бонус за задржување,
- различна должина на договорот.

Следно, во извештајот се наведува дека регрутите кои се откажуваат од почетната обука често се жалат дека имале „погрешна претстава за тоа каква навистина била организацијата“; дека тие „не очекуваа воениот живот да биде таков;“ дека „не им беа обезбедени недоволно информации за да направат промислен избор за кариера“. Често се слуша од регрутите кои го напуштаат кампот за багажници дека „ако претходно знаеја дека воената обука ќе биде толку тешка, никогаш не би се пријавиле на прво место“. Овие коментари покажуваат дека новодојдените не се секогаш добро информирани за карактеристиките на работата и организацијата. Нивната првична идеја за воениот живот се разликува од реалноста. Нивните првични очекувања остануваат неисполнети. Тоа разочарување од првичните очекувања ќе доведе до намалување на задоволството од работата и до висок ризик од доброволно менување.

Исто така, извештајот се повикува на истражувања спроведени од разни автори. Во овој дел ќе ги наведам само главните наоди. За подетална анализа и цитирање на

делата видете во оригиналниот документ. Се посочува дека од темите што биле идентификувани, втората најчесто споменувана причина за напуштање била обемот на работа. Учесниците опишале дека нивниот обем на работа бил бурен. Учесниците опишале како нивниот обем на работа бил бурен. Примарните должности, заедно со секундарните должности и високото темпо на распоредување, довеле до тоа некои членови да се чувствуваат „изгорени“, а други да ја напуштат војската. Обемот на работа ги ставаат луѓето во позиција да треба да изберат помеѓу останување во војска или губење на нивните семејства. Беше наведено дека времето што членовите мораа да го поминат надвор од дома поради распоредувања, вежби, курсеви и прекувремена работа во многу случаи беше надвор од способноста на нивните семејства да се справат. Од друга страна, од друго спроведено истражување, на прашањето: „Дали сум бил на премногу распоредувања (ОН/НАТО/други задачи надвор од земјата има некаква важност во нивната одлука да заминат?“, 72,7% од учесниците одговориле дека тоа: „Не е точно или нема никаква важност.” Тој резултат се спротивставува на претходните наоди.

Во друго истражување, се открива дека луѓето кои не се сигурни за претстојните одлуки за кариера имаат поголема веројатност да останат во војска отколку да заминат. Згора на тоа, тие откриле дека намерите за останување се поточни од намерите за заминување. Другите интересни наоди беа посложени и понијансирани. На пример, тие открија дека аспектите на обемот на работа се помалку важни од ставовите кон работата, обуката и распоредувањето.

Ако војниците сметаа дека работата, обуката и распоредувањето се значајни, релевантни и предизвикувачки, тие беа поверојатно дека ќе останат. Ако имаа повеќе негативни ставови, имаа поголема веројатност да заминат. Друга компонента на природата на распоредувањата и нивните влијанија беше контекстот во кој се случи. Ако војниците го сметаа искуството за лично или професионално подобрување, тие беа со помала веројатност да сакаат да заминат. Испитувајќи ги резултатите од обемот на работа подетално, откриени беа други наоди. Војниците открија дека аспектите, како што се: предвидливоста, значењето на задачата и природата на распоредувањето биле фактори кои влијаеле врз нивната желба да останат.

Следно, платата не се покажа дека директно влијае на одлуките на луѓето да ја напуштат војската, тоа секако имаше значително влијание врз регрутирањето. Во регионите во кои економиите беа многу силни во времето кога војската беше заинтересирана да привлече луѓе да се приклучат, конкуренцијата меѓу работодавците за персонал се зголеми. Бонусите за потпишување и регрутирање се користат и продолжуваат да се користат за да се натпреваруваат за персонал, особено во занимања за кои војската не може да се натпреварува со приватниот сектор за плати (т.е. лекари, технички и ИТ професии). Понудената сума на пари зависела од занимањето и од нивото на искуство или академско ниво на апликантот.

Низ голем број студии, откриено е дека семејните фактори влијаат врз задржувањето. На пример, во една студија за армиските семејства, главниот предзнак за задржување на помладите семејства се нереалните очекувања на брачниот другар за тоа што војската може да обезбеди како ресурси за семејствата на распоредените војници. Главното предвидување за задржување на паровите со повозрасни членови беше желбата на сопружникот нејзиниот сопруг да остане или да ја напушти Армијата. Семејните фактори се посилно поврзани со задржувањето отколку факторите на воената подготвеност.

Приватниот сектор има значително влијание врз воениот персонал. Многу воен персонал е привлечен од приватниот сектор поради попривлечните можности, подобрите плати и постабилниот цивилен начин на живот. Ова е особено точно за

специјализираните улоги, како што се: пилоти и технички специјалисти, каде приватниот сектор нуди атрактивни алтернативи. Конкурентните понуди на приватниот сектор може да доведат до предизвици во регрутирањето и задржувањето на воениот персонал, особено во одредени занаети. Дополнително, фокусот на приватниот сектор на рамнотежа помеѓу работата и животот, професионалниот развој и подобрите плати и услови имаат влијание врз одлучувањето на воениот персонал во однос на нивните кариери.

Воениот персонал ја напушта армијата поради различни причини, често под влијание и на внатрешните и на надворешните фактори. Некои основни мотиви за напуштање на војската вклучуваат:

- Незадоволство од работните услови или перспективи, како што е повеќекратното распоредување, што може да доведе до оптоварување на семејниот живот;
- Атрактивност на алтернативните можности за вработување, особено за висококвалификувани поединци, како: пилоти, ИКТ-специјалисти, авионски техничари и контролори на летање кои лесно можат да најдат цивилно вработување;
- Желба за подобра плата, бидејќи некои поединци може да чувствуваат дека нивниот надомест не е пропорционален на нивниот обем на работа и одговорности;
- Барање стабилност и корени во заедницата, што може да вклучува заминување за да ги искористите пензиските бенефиции и да продолжите со цивилна кариера или образование;
- До одлуката за заминување може да придонесат и носталгијата, проблемите со претпоставените или личните околности дома.

Овие мотивации често се меѓусебно поврзани, а поединците може да наведат повеќе од една причина за нивната одлука да ја напуштат војската.

Следно, важно што се наведува се индивидуалните карактеристики кои имаат значително влијание врз регрутирањето и задржувањето на воениот персонал. Специфичните атрибути на личноста, како што се: согласност, невротичност и проактивна личност идентификувани се како фактори кои влијаат врз одливот. Дополнително, психолошката благосостојба, вклучително и проблемите поврзани со менталното здравје и резултатите од депресијата, игра клучна улога во одливот и отпуштањето на воениот персонал во првите шест месеци од запишувањето. Соодветноста помеѓу индивидуалните карактеристики и барањата за работа, како и управувањето со главните процеси, како што се: регрутирање, селекција, обрт и задржување, исто така придонесуваат за севкупното влијание врз военото регрутирање и задржување.

Понатаму, ќе бидат опфатени главните наоди поврзани со одливот на персонал од нивните воени сили на дел од студиите на случај кои беа претходно наведени.

Пример, во истражувањето за Белгија, во однос на повлекувањата или на прашањето зошто напуштиле, одговорите се однесуваат на повеќе искуства, како: носталгија кон домот, проблеми со инструкторите, домашни проблеми, разочарувачка плата, незадоволство од работата, наоѓање подобра работа итн. Обично, повеќе од една причина се наведува дека довеле до одлуката за заминување. Како две главни причини кои се наведени се: атрактивноста на алтернативите надвор од војската и незадоволство од околностите внатре во војската. Следствено, во извештајот се наведува дека распоредувањето на младите лица по неколку пати е неприфатливо за нивното семејство и тоа е причина за војникот да ја напушти војската.

Во истражувањето за Канада, било направено анкетирање со прашалник за персоналот во пензија за да се утврди зошто тие заминуваат. Анализата која била завршена во 2001 година, ги открива главните три причини зошто луѓето избрале да ја напуштат војската. Тие се:

- користење на пензијата и потенцијалната цивилна плата (8,3% или 783 одговори). Од нив 78% имале повеќе од 20 години стаж,
- школување (6,4% или 599 одговори). Од нив 82% биле помлади од 35 години, а 65% имале помалку од 9 години стаж,
- семејна стабилност и воспоставување корени во заедницата (6,3% или 596 одговори).

Една студија спроведена во канадските сили покажа дека факторите, како што се: честите и долгите обуки и распоредувања пред распоредувањето, квалитетот на животот и преоптовареноста со работа беа меѓу пријавените причини (или потенцијални причини) за напуштање. Поконкретно, учесниците ја посочиле семејната загриженост како еден од најкритичните фактори во одлуката да заминат или да останат во војската. Неможност да се балансира работата и семејниот живот, проблеми поврзани со отсутност од дома за време на објавувањето, недостаток од услуги за поддршка кога членовите биле отсутни од дома или биле распоредени, недостаток од одредби за семејства со самохрани родители, а кариерите на сопружниците/партнерите кои се негативно засегнати од објавите се појавија како критични прашања во оваа општа тема.

Во истражувањето за Велика Британија, била спроведена анкета за напуштање на офицерите на кралските воздухопловни сили (Royal Air Forces-RAF) во 2004 година, спроведена од Дирекцијата за персонал и политика за обука (DP&T pol). Причините за напуштање вклучуваат: идно задоволство од работата, семејна стабилност, одвојување од семејството, можности за вработување надвор. Очекувањата во врска со воениот живот, исто така, пријавени се како критичен фактор за персоналот на британската армија кој аплицира за предвремено доброволно ослободување. Можностите за спорт, авантура и активен живот биле меѓу факторите кои биле највлијателни во одлуката да се приклучат на британската армија. Сепак, речиси 60% од тие што го напуштиле изјавиле дека недостатокот од авантуристички тренинзи и можности за спортски активности одиграле клучна улога во нивната одлука да заминат. Во друга студија која ги истражува факторите поврзани со предвремено доброволно преместување во британската армија, мнозинството од испитаниците (81,6%), кои аплицирале за предвремено доброволно заминување, изјавиле дека нивната одлука е многу поврзана со влијанието на Армијата за личниот и/или домашниот живот.

2.4. Што е предмет на дискусија во истражената литература?

1) Безбедноста како функција на државата и општа теоретска рамка

Во достапната и истражена литература, голем број автори укажуваат дека безбедносната материја отсекогаш го имала и задржала централното место во изучувањето на меѓународните односи.[53] За таа цел, како во литературата така и во дисертацијата, почетна точка е дека безбедноста како функција на државата е централна тема во теоријата на меѓународните односи. Врз основа на тоа, предвид земени се двигателите на промените низ времето кои ги вклучуваат сеопфатните институционални трендови, како што се: приватизацијата, глобализацијата,

[53] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 1.

надворешната политика.[54] Затоа, безбедноста како функција на државата се разгледува низ различни призми. Безбедноста е фундаментална идеја во човечката историја и клучна онтолошка потреба на луѓето. Низ историјата, луѓето постојано чувствувале потреба за сигурност во секојдневниот живот.[55] Државите биле клучни во обезбедувањето безбедност на нивните граѓани што било видливо низ времето и тоа е емпириски докажано. Низ историјата, безбедноста што ја обезбедува државата е постојана тема на дискусија во академските кругови. Таа се протега од античките империи до модерните национални држави. Едни од авторите кои историски ја втемелуваат безбедноста се Томас Хобс[56] и Џон Лок[57]. Емпириските докази вклучуваат создавање воени и полициски сили, разузнавачки агенции, разни безбедносни ентитети за заштита на индивидуалната и националната безбедност. Бројни студии на случај во литературата покажуваат како државите реагираат на безбедносните предизвици и ја поддржуваат идејата за безбедност како државна одговорност. Такви примери се во одговорот на: природни катастрофи, пандемии, терористички закани.

Следствено, поимот безбедност најчесто се доведува во релација со поимот држава. Државата, како формален претставник на општественото единство, ги извршува суштинските општествени функции за да функционира како организирана целина. Една од нејзините главни функции е да обезбеди заштита на општите околности неопходни за постоење на општествениот поредок, како внатрешно така и надворешно. Мери Калдор зборува за враќање на дихотомијата на „внатре“ и „надвор“ и посочува дека крајот на Студената војна придонесе за разбивање на острата разлика помеѓу внатрешното и надворешното, тоа што во литературата за меѓународни односи често се нарекува „Голема поделба“.[58] Државата го постигнува тоа преку монополот за легитимна примена на физичка сила. Монополот на насилство ја нагласува одговорноста на државата за одржувањето на внатрешната и надворешната безбедност. Согледувањето на Вебер ја нагласува одговорноста на државата како дефинирачка

[54] Овие трендови делуваат како надворешни фактори кои влијаат на релативните трошоци на алтернативните структури на управување. Повеќе во: Oliver E. Williamson, "Comparative Economic Organization: The Analysis of Discrete Structural Alternatives," *Administrative Science Quarterly* 36 (1991): 269-296.

[55] Во 1943 година, Абрахам Маслов (Abraham Maslow) ја класифицираше безбедноста како второ ниво од вкупно седум на човековите потреби. Види: Abraham H. Maslow, *Motivation and Personality* (New York: Harper, 1954), 35-39.

[56] Томас Хобс (Thomas Hobbes), во своето познато дело „Левијатан“ (1651), тврди дека поединците во природната состојба се откажуваат од нивните права на суверена власт, воспоставувајќи го социјалниот договор. Државата, како врховна власт, има задача да го одржува редот и да ја обезбедува безбедност. Теоријата на Хобс поставува силна врска помеѓу државата и безбедноста, бидејќи основната функција на државата е да ги заштити граѓаните од „природната состојба“. Договорното уредување на безбедноста на Хобс се споредува со неолибералната економска перспектива, која тврди дека безбедноста повеќе не се смета за јавно добро со спорниот исклучок на државниот монопол на сила. Хобсовата договорна организација на општеството одигра клучна улога во проучувањето на безбедноста. Договорната организација на општеството што ја фаворизира Хобс ја формира основата за традиционалната безбедносна парадигма, која ја дефинираше безбедноста како општествен договор помеѓу државата и поединецот. Хобс го опишува социјалниот договор како поединец кој се откажува од своето индивидуално право на слобода за своја колективна одбрана меѓу сограѓаните и уживајќи во сигурноста што произлегува. Повеќе во: Thomas Hobbes, *Leviathan*, ed. A. P. Martinich (Peterborough, Ontario: Broadview Press, 2002), chap. 14.

[57] Џон Лок (John Locke), во своето дело „Two Treatises of Government“(1689) , тврди дека примарна цел на државата е да ги заштити природните права на поединците, на живот, слобода и сопственост. Безбедноста е основна должност на државата според социјалниот договор на Лок, бидејќи таа е од суштинско значење за заштита на животот. Повеќе во: John Locke, *Two Treatises of Government* (Phoenix: Phoenix Press, 1993).

[58] Mary Kaldor, “Five Meanings of Global Civil Society” in *Global Civil Society: An Answer to War*?, (Cambridge: Polity, 2003), 6.

карактеристика.[59] Дискусијата за безбедноста насочена е на утврдување дали постојат фундаментални функции кои само државата и нејзините институции може и треба да ги обезбедат.[60] Според Јан Лоудер и Нил Вокер, безбедноста се смета за драгоцено јавно добро кое е од суштинско значење за добро функционирање на општеството, а одговорноста на демократската држава е да го создаде и одржува ова јавно добро.[61]

Сепак, иако улогата на државата е јасно воспоставена и прецизирана, таа сепак се соочува со разни предизвици. Променетиот безбедносен пејзаж, со сите старо-нови и современи безбедносни закани, како што се: сајбер нападите, оружјето за масовно уништување, транснационалниот тероризам, климатските промени, го сменија концептот на безбедност. Државата мора да се приспособи на новите предизвици, истовремено правејќи баланс помеѓу безбедноста на граѓанските слободи и меѓународната соработка. Веќе подолго време сме сведоци на суштинско продлабочување и проширување на концептот за безбедност, па во тој контекст денес различните димензии на безбедноста ја нагласуваат потребата од: поголема заштита на човекот, заштита на енергенсите, суровините и критичната инфраструктура, заштита на посебноста на културата и на идентитетот, заштита на имотот, заштита на корпорациите итн. Ова доведе до безбедносна агенда да бидат прифатени нови безбедносни концепти, како: „хумана безбедност“, „енергетска безбедност“, „социетална безбедност“, „приватна безбедност“. Овие концепти јасно ја изразуваат и ја отсликуваат промената што се случи во сфаќањето на традиционалните концепти за безбедност, наспроти растечката важност на новите безбедносни концепти.[62] Ванковска посочува дека крајот на Студената војна (кој временски се поврзува со 1991 година) е факторот кој доведе до оспорување на традиционалната (реалистичка) безбедносна агенда и до свртување на безбедносниот дискурс кон други значајни, а дотогаш запоставени проблеми и аспекти. Новооткриената „вистина“ беше дека класичниот пристап кон безбедноста е несоодветен и дека потребен е поширок, мултисекторски пристап кон безбедноста, кој покрај воениот ќе ги опфати и секторите на политичката, економската, социеталната и еколошката безбедност.[63]

Денес, особено место и припаѓа на приватната безбедност како концепт базиран врз реалните ситуации во современите национални и меѓународни односи што се однесуваат на безбедноста. Концептот е содржан во многу аспекти на економското, на политичкото и на социјалното организирање. Тоа значи дека овој концепт покрива широка област во која настануваат и се случуваат сложени процеси и се вршат дадени функции во насока на создавање и одржување на безбедноста, во која се вклучени и

[59] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology,* edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 4-7.

[60] Тезата особено се занимава со импликациите врз безбедносната функција на државата. Еден од главните проблеми поврзани со приватизацијата на војната е ерозијата на државниот монопол на насилството. Како што државите договараат воени и безбедносни функции, тие ја отстапуваат контролата врз примената на насилството. Замаглувањето на линиите на одговорност и транспарентност, исто така, е сериозна импликација. ПВБК кои работат во конфликтни зони се соочуваат со предизвици во гарантирањето на одговорноста поради ограниченият надзор и контрола. Тоа создава тешкотии во почитувањето на стандардите за човекови права и меѓународното право.

[61] Ian Loader and Neil Walker, *Civilizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2017), Цитиран во: Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 19.

[62] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 21.

[63] Barry Buzan, *People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era*, 2nd ed. (London: Harvester Wheatsheaf, 1991), 7. Цитиран во: Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 14.

останатите субјекти присутни на ова поле.[64] Значителен дел од литературата посветена е на прашањето: „зошто се појавил приватен пазар на сила?“. Тоа е така бидејќи развојот на безбедносниот сектор во голем дел се црпи од постоечката литература за политички науки. Затоа, недостатокот од точни податоци и длабински истражувања за приватните актери е проблематичен од повеќе причини. Прво, експертите кои ја проучуваат темата се соочуваат со предизвикувачка ситуација бидејќи предупредуваат за употребата на контрактори или вработени во приватната безбедносна индустрија поради популарната критика за користење „модерни платеници“ и стравот од нарушување на светоста на правилото „монопол на насилство“.[65] [66] Бидејќи тие се наречени или се споменуваат како невидливи армии кои служат и на општеството и на државата.

Дополнително, политиколошката литература за контракторите и социолошката литература за војската, подеднакво ја нагласуваат важноста од испитување поединци ангажирани од државата да работат на задачи кои традиционално биле исклучиви за државата. Двете полиња се спојуваат во едно исто прашање: „Кои се контракторите?“[67] На кратко, одговорот е дека контракторите често се поранешни или пензионирани војници од специјалните сили. Сопствениците и менаџментот на компаниите се состојат првенствено од пензионирани војници или високи подофицери и офицери. На пример, компанијата MPRI се пофали дека има „повеќе генерали по квадратен метар од Пентагон“.[68] Иако ПВБК претставуваат иновативни методи за организирање насилство, тие сепак делумно живеат во улога што со децении ригорозно ја анализираат социолозите. Тоа е улогата на воениот професионалец.

Понатаму, поради непостоење специфична теориска рамка, научниците кои се занимаваат со приватизацијата на безбедноста и војувањето често ги позајмуваат идеите за социјалните договори, како и парадигмите за неолибералните рамки за јавно управување.[69] Примарната улога на државата во обезбедувањето на безбедноста на нејзините граѓани е основен елемент на социјалниот договор. Меѓутоа, значаен фактор кој не смее да се игнорира е фактот дека општата (економска) либерализација и приватизација зачекорија и во безбедносната сфера.

Во литературата за меѓународни односи преовладуваат две доминантни школи кои го обликуваат подемот на приватните актери. Литературата од земјите од англиско говорно подрачје кои го нагласуваат економското расудување и аргументи и даваат оправдување за постоењето и подемот на ПВБК. Сепак, го нагласува тактичкиот аспект, бидејќи овие актери способни се да соберат импулс побрзо од редовните вооружени сили, кои честопати сè уште треба да се обучуваат. Спротивно на тоа, континентално-европската академска литература има тенденција да покажува поголем скептицизам кон таквите активности. Таа е претпазлива за преземање на авторитетот на државата од приватните актери. Настаните од 11 септември имаа потенцијал да послужат како клучен момент за заживување на традиционалните вооружени сили, но

[64] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 24.
[65] Elke Krahmann, "The United States, PMSCs and the State Monopoly on Violence: Leading the Way towards Norm Change," *Security Dialogue* 44, no. 1 (2013): 53–71.
[66] Brendan Sheehy, J. M. Maogoto, and Veronica Newell, *Legal Control of the Private Military Corporation* (New York: Springer, 2009), 68-109.
[67] Ori Swed and Thomas Crosbie, "Private Security and Military Contractors: A Troubling Oversight," *Sociology Compass* (2017): 7.
[68] Jon D. Michaels, *Beyond Accountability: The Constitutional, Democratic, and Strategic Problems with Privatizing War*, 82 Wash. U. L. Q. 1001 (2004), 1022.
[69] Повеќе во: Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010).

тоа не се случи. Напротив, ПВБК добија сосема нова цел преку улогата што им беше дадена во војната против тероризмот.[70]

Во традиционалните теории, безбедноста се поврзува со опстанокот на државата како референтен објект на безбедноста, кој вообичаено имплицира стабилност на државата и на нејзиниот суверенитет и територијален интегритет. Традиционалистите својот концепт го лоцираа околу националната безбедност, а референтен објект на безбедноста беше државата. Поддржувачите на проширениот концепт за национална безбедност во безбедносната агенда ги инкорпорираа новите аспекти, и тоа: воениот, политичкиот, економскиот, социеталниот и еколошкиот, додека школата на критичките безбедносни студии имаше спротивен став во однос на традиционалната школа и таа на проширениот концепт за национална безбедност. Тие тврдеа дека концептот на закани врз безбедноста е конструиран и тоа што треба да се истражува е од каде произлегуваат тие закани. Во таа смисла, во академската заедница започна дебата за новата безбедносна агенда, при што се издвоија неколку школи на размислување.[71] Според Пол Д. Вилијамс, постојат следниве теориски пристапи: реализам, либерализам, теорија на игри, конструктивизам, мировни студии, критичка теорија, феминизмот и меѓународна политичка социологија.[72]

Во однос на теориските пристапи, либералниот концепт ја препознава важната улога во меѓународните институции, различни субјекти и недржавни актери (вклучувајќи ги и приватните актери) и претпоставува дека носењето одлуки е под влијание не само од државните интереси. Иако приоритетни области за либерализмот се соработката и колективната безбедност, овие појави не можат да се разгледуваат одделно од конфликтите. На пример, ПВБК почнаа активно да настапуваат на пазарот на сила и соработка особено со државите кои бараа нивна помош во замена за профит, и онаму каде што меѓународната заедница не покажува посебен интерес за интервенирање. Но, и меѓународните организации почнаа да ги најмуваат услугите на ПВБК заради заштита на својот персонал и хуманитарните операции загрозени од случувањата на теренот.[73] Класичен пример е вклучувањето на ПВБК во мисиите во Африка под покровителство на ОН. УНИЦЕФ, УНХЦР, УНДП и Одделот за набавки на ОН се меѓу најголемите тела на ООН кои склучуваат договори со ПВБК.[74]

Неолибералниот модел на економска политика го зазеде централното место во глобалната економска рамка, што резултираше со бран приватизација на државните претпријатија. Таа стратегија, која започна во 1980-тите, му даде поттик на движењето за економска либерализација, кое сега е проширено за да ги опфати не само безбедносните разузнавачки служби, туку и воените служби. Тука вклучени се и напорите за водење војна на првата линија, но и градење мир и повоена реконструкција.[75] [76] Глобализацијата го прошири нашето разбирање за безбедноста. Од

[70] Anna van Oeveren, "*'Cry 'Havoc!' and Let Slip the Dogs of War': Regulating Private Military and Security Companies*," published online May 24, 2016.

[71] Оливер Бакрески, Стојан Славески, and Живко Гацовски, *Безбедноста низ призмата на приватната безбедност* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2018), 65.

[72] Paul D. Williams, *Security Studies: An Introduction* (London and New York: Routledge, 2008). Цитиран во: Оливер Бакрески, Стојан Славески, and Живко Гацовски, *Безбедноста низ призмата на приватната безбедност* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2018), 65.

[73] Sabelo Gumedze, "*From Market for Force to Market for Peace: Private Military and Security Companies in Peacekeeping Operations*," Institute for Security Studies, 2011.

[74] O. Bianchetti, "*The Role of Private Military Security Companies in the New Generation of UN Peacekeeping Missions*," Master Thesis in International Law, 2016.

[75] Cynthia Mehboob, *Outsourcing Peace: Private Military and Security Companies. A Setback to Security Sector Reform in Post Conflict and Transition States,* Master's thesis, University of Nottingham, 2017, 7.

крајот на Студената војна, безбедноста се смета како бизнис во свет под влијание на глобализацијата и либерализацијата на пазарот. Во текот на изминатите триесет години, забележано е значително зголемување и воспоставување ПВБК, првенствено припишано на растот на неолибералните идеали по Студената војна. Пазарните сили играат важна улога во менувањето на начинот на кој ја разбираме безбедноста.[77] Подемот на ПВК и транзицијата кон аутсорсинг нашироко се смета за природен напредок што произлегува од зајакнувањето на глобалниот економски неолиберализам.[78] Подемот на ПВБК може да се припише на широкото усвојување на неолибералната пазарна идеологија која дава приоритет на приватизацијата на сите сектори. Теоријата е позајмена од социјалните договори и од целокупните неолиберални и нови рамки за јавно управување.[79] Тоа е засновано на верувањето дека приватизацијата резултира со исплатлива и ефикасна испорака на услуги. Ова гледиште е предмет на интензивна дебата меѓу теоретичарите, при што застапниците тврдат дека приватните воени сили не мора да бидат платени за време на мир. Непристрасната евалуација на литературата сугерира дека засега нема доказ дали контракторите се поевтини на кој било начин.[80]

За овој модел важно е со какви средства и способности располага една држава за управување со процесите во безбедносното поле. Тој признава интеграција на дополнителни сили во безбедносниот систем, но не може да се каже дека државниот арсенал се надополнува пропорционално со нови капацитети. Според неолиберализмот, фрагментацијата на ресурсите и влијанијата овозможува појава на два феномени. Првата е намалување на воените сили, а втората е мешање на цивилната и воената сфера. Неолиберализмот постулира дека тоа е неопходно за да се постигне подобра демократска контрола и одговорност на вооружените сили.[81] Но, со тоа, се создава втор феномен, кој „го фаворизира отуѓувањето на политичките и воените улоги во рамките на приватниот воен контракторски модел“.[82] Контракторизацијата се смета за „закана за здравите цивилно-воени односи во развиените држави“.[83] Сепак, приватизацијата на воените и безбедносните функции беше само следниот логичен чекор во глобалниот тренд на приватизација и аутсорсинг.[84]

Етингер посочува дека подемот на неолиберализмот и последователното воспоставување на неолибералната држава го олесниле формирањето и растот на приватните воени фирми.[85] Абрахамсен и Вилијамс се залагаат за интеграција на меѓународните односи, социологијата и криминологијата за сеопфатно да се разбере сложената врска помеѓу учеството на приватниот сектор во безбедноста и неговата

---

[76] Maria A. Nebolsina, "Private Military and Security Companies: A Theoretical Overview," *Russia in Global Affairs* 17, no. 2 (2019): 84.
[77] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 25-26.
[78] David Isenberg, "The Neoliberal Wars," *HuffPost*, December 19, 2011, Достапно на: www.huffingtonpost.com/david-isenberg/the-neoliberal-wars_b_1016328.html. Пристапено на: 16.06.2022.
[79] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 11.
[80] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[81] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 48.
[82] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 48.
[83] T. Taylor, "*Private security companies in Iraq and beyond*," *International Affairs* 87, no. 2 (2011): 453.
[84] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 70.
[85] A. Ettinger, "Neoliberalism and the Rise of the Private Military Industry," *International Journal* 66, no. 3 (2011): 743-764.

интеракција со државите.[86] Исто така, Елке Краман го употребува аргументот за продорноста на неолиберализмот. Таа смета дека порастот на моќта на приватната воена индустрија се должи на промените во безбедносната средина и на структурните ограничувања.[87]

Во парадигмата на политичкиот неореализам, приватните безбедносни актери претставуваат нова алатка која ја надополнува дипломатијата и стратегијата заснована врз сила, како средство за заштита и промовирање на геополитичките интереси на земјата. Концептот на неореализмот дозволува каква било акција доколку таа е од корист за државата. Во таа смисла, ПВБК се гледаат како „важен чинител на националната безбедност и социјален партнер на државата“.[88]

Голем број автори размислуваат за подемот на недржавните актери на глобалната арена преку концептот на транснационализмот. Концептот првично се појавува во студии за европска интеграција во средината на 20 век. Теоријата се шири со претпоставката дека државниот суверенитет се поткопува како резултат од појавата на нови сили во глобалната политика. Транснационалистите веруваат дека државата може да се инфилтрира и дека државниот суверенитет може да биде компромитиран од растечкото влијание на независните недржавни ентитети. ПВБК претставуваат целосно оправдан случај на таа ерозија. Транснационалистичките теоретичари тврдат дека како што се појавуваат повлијателни меѓународни недржавни играчи, нациите сè повеќе ја губат својата способност да вршат суверена контрола врз употребата на насилство, додека тие спроведуваат приватни комерцијални агенди.[89]

Други автори укажуваат на дополнителни два процеси кои објаснуваат зошто државата е во пад во 21 век. Тоа се: универзализмот и глобализацијата. Државниот суверенитет опфаќа две различни димензии: теоретска и практична. Првиот фактор се однесува на легитимноста на државата, додека вториот фактор се однесува на нејзината практичност. Универзализмот е верување дека универзалниот идеал, како што се демократијата или религијата, има приоритет над националниот интерес како основа и оправдување за државното дејствување. Ова верување ја доведува во прашање легитимноста на државата. Глобализацијата, континуираниот процес на интегрирање на социјалните, политичките и економските аспекти поврзани со информацискатa револуција, ја предизвикува способноста на државите да бидат суверени. Конвергенцијата на овие два фактори ја намалуваат легитимноста на државно-центричниот светоглед.[90]

Бобит[91] забележува дека државата континуирано се развива и дека нејзината иднина не се потпира врз нејзината поранешна улога како обезбедувач на благосостојба, туку како олеснувач или регулатор на услугите. Државите навистина претрпеа значителна трансформација по падот на Железната завеса. Државата сега соработува со меѓународни институции и приватни провајдери за да ги имплементира

[86] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, “Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization,” *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 141.
[87] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 9.
[88] Maria A. Nebolsina, "Private Military and Security Companies: A Theoretical Overview," *Russia in Global Affairs* 17, no. 2 (2019): 79.
[89] Michele Turzi, "The Effects of Private Military and Security Companies on Local Populations in Afghanistan," *CRST* (2019), 16.
[90] Joanna Allison Wood, *The Paradox of Power: Private Military Companies and the Decline of the State*, Master's thesis, Robertson School of Government, Regent University, 2010, 24.
[91] Philip Bobbitt, *Terror and Consent: The Wars for the Twenty-First Century* (New York: Alfred A. Knopf, 2008).; Allison Stanger, *One Nation under Contract: The Outsourcing of American Power and the Future of Foreign Policy* (New Haven: Yale University Press, 2009). Цитирани во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.

своите политики. Овој исход е директна последица од растечките трошоци за јавните услуги и јавниот долг, и го отсликува преовладувачкиот тренд на приватизација што го зафати поголемиот дел од развиениот свет. Здравството и образованието, два столба на националната држава, веќе се приватизирани во одредени земји. Телекомуникациските и транспортните индустрии, кои се движат од поштенски услуги до патишта, железници и телефони, споени се во приватни компании кои се веројатно поекономични и нудат поголема ефикасност на сметка на намалената владина контрола. Добивката добиена од овие услуги за возврат се одаточува од државата која ја одржува контролата врз лиценцирањето и профитабилноста на компаниите во земјата. Критичарите тврдат дека приватизацијата на јавните услуги доведе до тоа некои услуги да бидат достапни само за тие кои можат да платат за нив, што предизвикува загриженост за должноста на државата кон нејзините граѓани. Бобит тврди дека функцијата на државата се префрлила од „национална држава“ во „пазарна држава“. Националната држава се карактеризира како давател кој спроведува бесплатно јавно масовно образование, универзално право на глас и социјално редистрибутивно одаточување, но пред сè „својот легитимитет го бараше во подобрувањето на благосостојбата на својот народ“.[92] Тој сугерира дека пазарната држава има за цел да ги подобри можностите на луѓето преку приватизација на државните функции и намалување на влијанието на гласањето и претставничката влада во корист на пазарната одговорност. Државата игра ограничена улога како снабдувач или редистрибутер на меѓународниот пазар.[93] Бобит тврди дека пазарната држава ја обезбедува својата позиција како клучен играч во меѓународните односи со приспособување на својата функција и прикажување како олеснувач посветен на максимизирање на целокупното богатство на општеството.

Ана Линдер го продолжува овој аргумент со објаснување дека државата всушност никогаш немала монопол над употребата на сила и дека таа не е легитимирана со нејзината контрола над вооружените сили, туку со нејзината докажана способност да обезбеди безбедносни и социјални придобивки за нејзините граѓаните, директно или со делегирање на овие задачи со цел да се оптимизираат економските можности.[94]

Во поглед на емпириските докази обезбедени преку различни студии на случај, може да се заклучи дека во најголем дел опфатени се војните во Ирак и Авганистан, а во најновата литература и војната во Украина. Во сите студии на случај имаме значително потпирање на приватните безбедносни актери во различни домени, како што се: операции, логистика, поддршка итн. Потпирањето на приватните актери покажа дека тие може да станат составен дел на воените кампањи предводени од државите. Важно е да се напомни дека недржавните актери изнајмуваа платеници и приватни воени контрактори како прокси сили во различни конфликти. Тие актери често ги реализираа своите агенди, што ги попречуваше напорите на државата да ја зачува безбедноста и стабилноста.

---

[92] Philip Bobbitt, *The Shield of Achilles: War, Peace, and the Course of History* (New York: Alfred A. Knopf, 2002), chap. 22, Цитиран во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.

[93] Philip Bobbitt, *The Shield of Achilles: War, Peace, and the Course of History* (New York: Alfred A. Knopf, 2002), chap. 22, Цитиран во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.

[94] Повеќе во: Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006).

2) Приватизација на војната/војувањето

Поимот за приватизација на војната и самиот концепт на приватизација сè уште не е целосно разбран. Уште при собирањето на материјалите наидов на мноштво написи кои се обидуваат да ја подигнат јавната свест за ова дебатирано прашање. Низ литературата се среќаваат бројни дефиниции со различен фокус и импликации. Самите концепти се темелат врз заднината на авторите и гледиштето кое го застапуваат. Понатаму, концептите сè уште се силно оптоварени со идеолошки и политички конотации. Во контекст на вооружените конфликти по Студената војна, термините „приватизација на безбедноста“ и „приватизација на војната“ се однесуваат на зголеменото присуство и влијание на различни суштински недржавни актери и ентитети. Тука спаѓаат: бунтовнички сили, невладини организации, меѓународни хуманитарни организации, герилци, приватни компании и воени лидери.[95] Суштинско е прогресивното системско пренесување на одговорноста за заштита и одржување на безбедноста на граѓаните од јавниот на приватниот сектор, односно од владини на невладини раце.[96] Во овој случај, на безбедноста се гледа како на производ во кој живеат актери, а не како априори функција на државата.[97]

Факт е дека во последните триесет години приватизацијата на безбедноста стана „модерна“ тема на научните истражувања. Сепак, објавените книги и статии главно ги проучуваат импликациите кои приватизацијата на безбедноста ги има над монополот, односно на контролата на сила од страна на државата и општеството, опциите за регулирање (како на национално, така и на регионално и на меѓународно ниво) или организациската структура на сè поголемиот приватен безбедносен сектор, додека само малку автори се занимаваат со условите и динамиката на користење приватни компании за обезбедување воени и безбедносни услуги, така што емпириски останало нејасно каков ефект овие компании имаат врз државата. Додека некои автори сметаат дека овие компании имаат дисфункционален ефект врз државата, други го тврдат спротивното.[98]

Во однос на прашањето за феноменот на приватизација на безбедноста и војната, постои еден општ заклучок што се среќава низ литературата, односно дека постоечката литература го опишува феноменот, а не да развива теорија што го објаснува. Тоа е така бидејќи литературата за приватните безбедносни актери се карактеризира со отсуство на посебна теоретска рамка.

Приватизацијата на безбедноста имаше значително влијание врз безбедносната теорија,[99] бидејќи обезбедувањето безбедност е одамна признато како најважна функција на државата.[100] Дополнително, приватизацијата на војната се карактеризира со зголеменото вклучување на ПВБК во вооружените конфликти. Тоа ја оспорува конвенционалната идеја за безбедноста да биде исклучиво одговорност на државата. Самиот феномен се однесува на аутсорсирање на воените и безбедносните функции на

[95] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 55.
[96] Повеќе во: Robert Mandel, "The Privatization of Security," *Armed Forces & Society* 28, no. 1 (October 2001): 133.
[97] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 16.
[98] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 28.
[99] M.B. van Meel, "*Chinese Private Military Security Companies in Contemporary Africa: Security privatization as a means of policy privatization*," MSc Thesis, Political Science: International Organisation, 2019, 10.
[100] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 17.

ПВБК од страна на државни и недржавни актери. Клучни актери во промената на пејзажот на современите конфликти се приватните фирми за обезбедување, воените контрактори и платениците. Дебора Авант, посочува дека потпирањето врз приватни актери може да создаде „пазар на сила“, каде што се тргува со безбедносните служби, што потенцијално ја ослабува централната улога на државата во обезбедувањето безбедност.[101]

Сара Перси тврди дека литературата за приватната безбедносна индустрија има тенденција да се фокусира на емпириски детали и дека повеќето писатели не ги поставуваат своите извештаи во теоретска рамка. Таа истакнува дека „впечатлива карактеристика на сегашната литература за платениците е нејзиниот недостаток од теоретска анализа, особено во однос на меѓународните односи. Понатаму, таа забележува дека научниците „настојуваат да гледаат како платениците се однесуваат во одредена држава или природата на нивната организација и операции, наместо што значи однесувањето или видот на организацијата за меѓународните односи“.[102]

Сеопфатна тенденција во литературата е да се разговара за приватните актери и приватизацијата на безбедноста, во контекст на војувањето.[103] Поголемиот дел од научната литература поврзана со ПВБК се фокусира на две широки теми. Првата е, околностите што доведоа до пораст на приватната воена индустрија и втората е, регулирањето, односно правниот вакуум во кој работат компаниите. За втората нема да се дискутира во дисертацијата. Понатаму, повеќето објавени дела за комерцијализација на безбедноста се фокусирани на аспектите на разбирање на пазарот и средување на одговорноста, заедно со дебатата за ефектите што ПВБК ги имаат врз идејата за државност.[104] Другите карактеристики нагласени во претходните студии за приватни актери со воена моќ се фокусираа на криминалните и моралните аспекти, хуманитарното право и глобализацијата и кризата на владеење во националната држава.[105] Сепак, и покрај различните крајности што ги опфаќа литературата, многу прашања остануваат неодговорени или оспорени.

Понатаму, факт е дека научната литература за приватизацијата на војната е мала, особено во неразвиените земји и земјите во развој. Исто така, факт е дека најголем дел од литературата е фокусирана на западните држави или либералните демократии со релативно високи нивоа на воен капацитет, особено САД, Велика Британија и другите европски земји. Како поткрепа на изнесеното е спроведеното истражување на Хилде ван Мигденбург, која направила потрадиционално истражување на литературата во периодот од 1998 до 2014 година. Таа го истакнува напредокот и еволуцијата на ПВБК и аутсорсингот во конфликтните зони. Таа посочува дека помеѓу 2003 и 2012 година, убедливо повеќето систематски докази доаѓаат од САД, а потоа од Велика Британија. Од сите публикации во примерокот, 40% имале потекло од САД, а 15% од Велика Британија. Ако фокусот се стави само на западните земји тогаш процентите се зголемуваат, односно 65% за САД и 24% за Велика Британија. Како заклучок произлегува дека 89% од емпириските студии помеѓу 2003 и 2012 година влечат корени

[101] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 76.
[102] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 4.
[103] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014).; P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003).
[104] Повеќе во: Anna Leander, "The Paradoxical Impunity of Private Military Companies: Authority and the Limits to Legal Accountability," *Security Dialogue* 41, no. 5 (2010): 467–490.
[105] Abdel-Fatau Musah and Kayode J. Fayemi, eds., *Mercenaries: An African Security Dilemma* (Sterling, VA: Pluto Press, 2000), 16.

од западните земји. Таа продолжува дека во истиот период во англиската литература се дискутирало за други западни земји, како што се Канада и Шведска, но нивното присуство било занемарливо. Силниот фокус на САД и Велика Британија, веројатно може да се објасни со два фактори. Првиот е богатството на случаи, што Ана Линдер го објаснува тоа потпирајќи се врз искуствата на САД за дел од нејзините студии со фактот дека „таму приватизацијата отиде подалеку отколку на друго место“ и „сметањето дека има повеќе информации“. Вториот е фактот дека на повеќето истражувачки проекти потребни им се позитивни случаи. Пример, ако некој сака да одреди до кој степен контракторите се интегрирани во структурата на воената команда и контрола, треба да се проучува воена организација која користи контрактори. На крај, со оглед на моменталната состојба на знаење, не може јасно да се каже дали САД и Велика Британија се вообичаени парчиња од западниот договорен колач или дали тие, во голема мера, се колачот.[106] Ако се направи паралела со истражената литература за потребите на оваа дисертација може да се даде истиот заклучок.

Авторката Ванковска, посочува дека процесот на приватизација на безбедноста се одвива со подеднаква брзина во развиениот и во неразвиениот свет. На развиениот Запад цвета бизнисот на т.н. маркетизација на безбедноста и т.н. аутсорсинг (outsourcing), односно пренесување на воените дејствија или најмување приватни извршители од страна на државните структури, и во однос на обезбедување на внатрешната безбедност и на партиципацијата во меѓународните воени зафати. Приватните актери се препознаваат под различни имиња, како: приватни воени компании (ПВК), приватни безбедносни компании (ПБК), „корпоративни платеници“, и сл. или со збирна именка, сите тие се подведуваат под името приватна безбедносна индустрија (ПБИ). Од друга страна, во зоните на конфликт и во т.н. слаби држави, ерозијата на државниот монопол на насилство или неговата корупција, неефикасноста или компромитираноста доведува до појава на разни приватни милиции, паравојски, „господари на војната“, приватни гарди, селски стражи и сл.[107] Литературата сугерираше дека аутсорсингот е ефективен на краток рок, но не и на долг. Исто така, очигледни се разликите во начинот на функционирање на јавните и приватните организации поради недостатокот од транспарентност и отчетност. Сè до 2003 година едвај се споменуваше аутсорсинг од силни или западни држави.[108]

Следствено, за да се согледаат корените на феноменот потребно е да се разгледа и историскиот концепт. Општо кажано, во секое дело јасно се наведува дека приватната безбедност не е нов феномен. Иако терминот „Приватни воени и безбедносни компании“ е еден од поновите времиња, идејата за „приватна безбедност“ и „приватна сила“ постоела и пред модерната држава. Голем број автори го испитуваат феноменот уште од антички времиња, се со цел да се доловат платеничките активности низ времето и еволуцијата на феноменот. Во феудализмот, силата сè уште не била централизирана во државата и нејзиниот владетел, и благородништвото морало да се „грижи“ за себе.[109] И од филозофска гледна точка, Макијавели уште во 15 век, дискутирал за изборот на владетелот да ја брани државата користејќи платенички сили, со што ја поврзува употребата на платеници со катастрофа. Макијавели предупредува

[106] Повеќе во: Hilde van Meegdenburg, "What the Research on PMSCs Discovered and Neglected: An Appraisal of the Literature," *Contemporary Security Policy* 36, no. 2 (2015): 321–345.
[107] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 95-96.
[108] Hilde van Meegdenburg, "What the Research on PMSCs Discovered and Neglected: An Appraisal of the Literature," *Contemporary Security Policy* 36, no. 2 (2015): 329.
[109] Benjamin De Carvalho, "PRIVATE FORCE AND THE MAKING OF STATES, c. 1100–1500," in *Routledge Handbook of Private Security Studies*, ed. Rita Abrahamsen and Anna Leander (London: Routledge, 2015), 11-19.

дека платениците, или кондотиерите, тие кои се платени со договор, се предавнички, бескорисни и не треба да им се верува. Тој вели дека тоа е така затоа што платениците немаат лојалност кон владетелот. Немаат друга причина освен пари за борба. Тој укажува дека, не само што платениците се несигурни како избор за одбрана на безбедноста на државата, туку тие се и директна закана за неа.[110]

Во историската студија на Перси[111], таа ја идентификува антиплатеничката норма како клучна движечка сила зад постепеното преминување од платеничка употреба кон употреба на граѓански војски. Исчезнувањето на овие приватни претпријатија и нивното законско право за употреба на сила, заедно со воспоставувањето на концептот на суверенитет ги најавуваше најславните времиња на традиционалната Веберијанската држава поврзана со монополот на легитимна употреба на сила од страна на државата. Сепак, ПВБК некои автори ги сметаат како циклично враќање пред Вестфалскиот безбедносен поредок. Пред Вестфалскиот договор (1648), приватните војски или платеници биле главните сили за водење војна.[112] Сепак, приватниот безбедносен сектор значително се нема зголемено до крајот на Студената војна кога присуството на ПВБК во Африка значително порасна.[113]

Сара Перси[114] во последното поглавје од својата книга тврди дека нормата која била одговорна за напуштање на употребата на платеници во 19 век е силна и денес и влијае врз приватната воена и безбедносна индустрија. Раните ПВБК од 1990-тите биле толку контроверзни и на крајот згаснаа токму затоа што нивните активности многу наликуваа на платеници, и на тој начин потпаднаа под опсегот на антиплатеничката[115] норма. Тие беа сосема отворено мотивирани од финансиска добивка и работеа релативно независно и од нивната матична и од договорната држава. Перси тврди дека не само што антиплатеничката норма доведе до евентуално затворање на ПВБК во 1990-тите, туку и дека континуираната сила на антиплатеничката норма се изразува во начинот на кој функционираат денешните ПВБК. Таа прави разлика помеѓу ПВК, кои можат да се вклучат во борба и обично немаат врска со нивната матична држава и затоа се обврзани само со државата-договорничка преку договор, и ПБК, кои не се вклучени во борба и обично имаат блиски врски со нивната матична држава. Перси го посочува развојот на ПВК од 1990-тите кон денешните ПБК. Антиплатеничката норма ја објаснува оваа промена. ПБК се помалку контроверзни, бидејќи имаат блиски односи со нивната матична држава и не се борат за пари.[116]

Краман во својата студија ги наведува промените во правниот режим со кој се регулира дејствувањето на вооружените служби во последните 40 години. Таа го поставува прашањето: „Како меѓународните правни дискурси ги реконструирале

---

[110] Повеќе во: Niccolò Machiavelli, *The Prince*, trans. Peter Bondanella (Oxford: Oxford University Press, 2005).

[111] Повеќе во: Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007).

[112] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 1.

[113] Целосна историја на платениците во Африка е документирана во делото „Mercenaries: An African Security Dilemma“, од авторот Абел-Фатау Муса од Африканскиот центар за демократија и развој, кој ја опфаќа платеничка активност во Африка од 1950 година и го прикажува растот на индустријата и компаниите кои напредуваат во неа. Повеќе во: Abdel-Fatau Musah and Kayode J. Fayemi, eds., *Mercenaries: An African Security Dilemma* (Sterling, VA: Pluto Press, 2000).

[114] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 206-243.

[115] Исто така, повеќе за анти-платеничката норма, за меѓународното право и нормите во: Sarah Percy, "Mercenaries: Strong Norm, Weak Law," *International Organization* 61, no. 2 (2007): 367-397.

[116] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 59-61.

„платениците“ во „ПВБК“?.“ Заклучува дека давателите на вооружени услуги ја промениле својата структура обезбедувајќи целосни производи, а не само услуги што во минатото резултирале со нивно етикетирање како „кучиња на војната“. Таа забележува три стратегии во оваа трансформација: разликување помеѓу поединецот и компанијата за вооружени услуги за профит, префрлање на фокусот од мотивациите на овие играчи на нивниот однос со „одговорно раководство“ и префрлање на загриженоста од ниво на личност на нивото на конкретниот чин.[117]

3) Појавата и подемот на ПВБК, пазарот на сила и влијанието врз армиите

Во овој дел ќе бидат презентирани главните фактори за појава и развојот на ПВБК. Повеќето аналитичари, порастот на ПВБК го сметаат како последица што настанал поради голем број важни случувања во меѓународната политика. Катализаторите што резултираа со прекумерна побарувачка на ПВБК потекнуваат од падот на Студената војна во раните 1990-ти.[118] [119] [120] Студената војна ја промени безбедносната динамика на светот и на големите сили, не гледаа причина да трошат на големи армии, во отсуство на непосредна закана.

Растот на приватната безбедносна индустрија и пролиферацијата на ПВК се тесно поврзани со економската глобализација на три начини. Тие се: повикот за максимизирање на ефикасноста, намалената државна контрола и зголемената подготвеност на меѓународните конгломерати да се соочат со одредени ризици во напливот на профит. Поради интензивната конкуренција на светскиот пазар, мултинационалните корпорации сè повеќе се принудени да работат на опасни локации и под нестабилни владини услови, поради што потребно е користење ПВК. Тековните глобални социо-економски трендови предизвикуваат пад на националната автономија бидејќи светските конгломерати, модерните комуникации и транснационалните политики го загрозуваат авторитетот на националната држава. Капацитетот на националните држави да гарантираат безбедност е ослабен во ерата на глобализацијата. Програмите за структурни приспособувања што ги спроведуваат Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд во земјите во развој имаат капацитет да ја намалат политичката стабилност и јавната безбедност, со што дополнително се притиска за приватизација во безбедноста и проширување на ПВК.[121]

ПВБК се гледаат како нов безбедносен актер во доменот на безбедносните студии. Многумина, кои сметаат дека извонредното зголемување на овие организации во безбедносната арена во последната деценија не го гледаат како неодамнешен феномен, туку како „враќање“ на средновековните платеници кои бараат профит.[122] [123] Овие научници ја споредуваат состојбата на сегашното војување со таа во Европа од 17

---

[117] Повеќе во: Elke Krahmann, "From 'Mercenaries' to 'Private Security Contractors': The (Re)Construction of Armed Security Providers in International Legal Discourses," *Millennium: Journal of International Studies* 40, no. 2 (2012): 343–363.

[118] Anna Leander, "The Paradoxical Impunity of Private Military Companies: Authority and the Limits to Legal Accountability," *Security Dialogue* 41, no. 5 (2010): 478.

[119] Christopher Spearin, "Private Security Companies and Humanitarians: A Corporate Solution to Securing Humanitarian Spaces?" *International Peacekeeping* 8, no. 1 (2001): 20–43.

[120] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 49.

[121] Повеќе во: Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002).

[122] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 34-57.

[123] Sean McFate, *Durable Disorder: The Return of Private Armies and the Emergence of Neomedievalism*, Ph.D. diss., London School of Economics, 2011.

век, каде што однесувањето на насилство се претвори во приватно претпријатие од страна на тие на власт кои купиле работна сила за да ги водат нивните војни за финансиска добивка. Овој конкретен бизнис се здоби со важност до степен каде што војната стана индустрија со најголема заработка во Европа во тоа време.[124] Во сферата на безбедносните студии, растот и употребата на ПВБК во водење војни беше тема од голем интерес за креаторите на политики, академиците и научниците. Овие компании сè повеќе стануваат неконтролирани на меѓународната безбедносна арена.

Исто така, наместо едноок фокус на вооружените практики на ПВБК, третиот бран вклучува хипотези за нематеријалните аспекти на ПВБК ресурси и активности, како и за тоа како тие создаваат пазар околу нивните можности. На пример, Линдер тврди дека ПБК поседуваат епистемиска моќ. Врз основа на нивното вклучување во областа на безбедноста, ПБК ги обликуваат безбедносните полиси, тие не ги спроведуваат само нив.[125] Влијанието на ПБК безбедносниот дискурс преку контрола на агендата, моќта да се обликуваат преференците и идентитетите (лобизам) и репродукција на високо специјализирана област на безбедност, во која „експертите“ олеснуваат техничка, менаџерска и воено разбирање во областа која ги зајакнува ПБК.[126] Сепак, истражувањето на разузнавачките компании би обезбедило врска со хипотезите поставени од Линдер дека ПБК поседуваат епистемиска моќ. Собирањето и анализирањето разузнавачки материјал за креаторите на политиките или за приватните компании може да се гледа како посебна форма на епистемиска моќ со влијание врз носењето одлуки.

Како што наведуваат Буршет и Робак во нивната книга „The Whores of War: Mercenaries Today“, „сегашното оживување на употребата на платеници е предизвикано од потребата на владите за воени операции, без поддршка, па дури понекогаш и знаење на нивните електорати, против тие кои земале оружје за да се ослободат од колонијалното или друго угнетување“. Дури и кога државите не беа иницијатори или регрутатори, тие имаа попустлив однос кон платеништвото кога тоа им служи на нивните интереси.[127]

Во однос на факторите за појава на ПВБК, во истражувањето направено од страна на Хилде ван Мигденбург, таа посочува 6 (шест) различни објаснувања за појавата и растот на ПВБК, од кои три се убедливо истакнати, и тоа: неподготвеноста на Западот да интервенира, ширењето на неолиберализмот и ненадејна достапност на воени материјали и персонал.[128]

По „неподготвеноста на Западот да интервенира“, второто најчесто понудено објаснување вели дека комерцијализацијата на одбраната е резултат од „општ ентузијазам за аутсорсинг на државните капацитети во индустријализираниот свет“. Различни истражувачи го поврзуваат воениот договор со неолиберализмот, општ тренд кон приватизација и аутсорсинг, како и претпоставките поврзани со пазарна ефикасност. Ова објаснување се користи и во врска со понатамошното склучување договори за безбедност во и од африканските држави, но е подоминантно во дискусиите за аутсорсинг од западните држави. Често осврнувајќи се на пропазарните

[124] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 29.
[125] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 804.
[126] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 822.
[127] Wilfred Burchett and Derek Roebuck, *The Whores of War: Mercenaries Today* (New York: Penguin Books, 1977), 7.
[128] Hilde van Meegdenburg, "What the Research on PMSCs Discovered and Neglected: An Appraisal of the Literature," *Contemporary Security Policy* 36, no. 2 (2015): 331.

политики во Велика Британија и САД, воениот аутсорсинг се објаснува како резултат од интернализацијата на пазарната парадигма - идеите поврзани со неолиберализмот, вклучително и пазарниот примат и ефикасност, како и последователното преферирање на пазарот - засновани решенија над владата. Аргументот дека комерцијализацијата на одбраната е поврзана со прифаќањето на неолиберализмот е важна бидејќи ни овозможува да правиме дискриминација меѓу западните земји.

Третото објаснување, понудено во 18% од случаите, е аргументот за „зголемена понуда“, споменат претходно. Ова објаснување тврди дека поради намалувањето на војската по Студената војна и по Апартхејдот, и квалификуваните војници и воениот хардвер станаа достапни за државите и компаниите. Овој аргумент не ни кажува зошто почнаа да склучуваат договори за сила, но како приватните компании би можеле да ги добијат потребните човечки и материјални ресурси за да ги понудат услугите што ги правеле. Четвртото, петтото и шестото објаснување се појавуваат многу поретко, односно 11%, 9% и 6% од времето. Четвртото објаснување – намалувањето на војската по Студената војна и последователно преоптоварување, силно се однесува на „западната неподготвеност да интервенира“, но истакнува дека и покрај тоа неподготвеност, и навистина неинтервенција во некои делови, оперативното темпо на западните војски се зголемило по крајот на Студената војна. Исполнувањето на овие обемни воени обврски стави стрес врз силите, а договорот ублажи дел од овој стрес со ослободување на националните војници од функциите за поддршка. Петтото и шестото објаснување се поврзани. Тероризмот, асиметричното војување, меѓудржавните конфликти и државните колапси, често комбинирани со глад и други хуманитарни катастрофи, бараа многу различни воени интервенции и тактики. Требаше да се научат тактики за контрабунтовници и да се набави широк опсег високотехнолошко и високопрецизно оружје. Последните, вклучително и беспилотните летала и сателитите, не само што се развиени од приватни компании, туку честопати и одржувани од нив, а понекогаш и управувани од нив. Затоа, многу воени договори вклучуваат истражување и развој, одржување на хардверот, како и обука за стекнување вештини за користење на новото вооружување и воени техники.[129]

Следна потточка која опфаќа голем дел од литературата е класификацијата и дефинираноста на приватната безбедност и приватните безбедносни актери. Уште од 1990-тите, научниците се справуваат со предизвикот за дефинирање и класификација на приватната безбедност. Кога навлегуваме во литературата, се среќаваме со сложена низа поими и терминологии, од кои многу се точни истовремено. Несовпаѓањето лежи единствено во пристапот на истражувачот за која цел го испитува феноменот. Причините вклучуваат утврдување остри линии помеѓу воената и безбедносната сфера, помеѓу јавната и приватната безбедност, разликата помеѓу платеници и ПВБК, помеѓу услугите што ги даваат, односно одбранбени (пасивни) и офанзивни (активни) дејства.[130] Една тема што треба да се разјасни е идентитетот на лицата одговорни за овие акции и нивните корисници: за државни добра, за јавни добра или за развој на приватниот бизнис. Пристапот кон дефинирањето е логично дефиниран бидејќи доменот е комерцијален и има за цел да избегне јавна контрола, односно да остане надвор од интересот на јавноста.

[129] Hilde van Meegdenburg, "What the Research on PMSCs Discovered and Neglected: An Appraisal of the Literature," *Contemporary Security Policy* 36, no. 2 (2015): 333.

[130] Погрешна е диференцијацијата помеѓу компаниите врз основа на тоа дали тие работат офанзивно или одбранбено. Како прво, таа разлика не постои во меѓународното право. И офанзивните и одбранбените воени дејствија во конфликти претставуваат „учество во непријателства“. Повеќе во: Andrea Schneiker and Elke Krahmann, "*Policy Paper on Private Military and Security Companies: Capacity Gained - Accountability Lost? Establishing a Better Political and Regulatory Framework*" (2016):2.

Понатаму, еден од главните предизвици што се појавуваат во литературата е потребата за терминологија и точна дефинираност. Се води дебата за тоа што значи ПВБК, бидејќи сè уште нема широко прифатена дефиниција. Во рамките на литературата за приватна безбедност, се прави диференцијација помеѓу ПВК и ПБК.[131] [132] [133] [134] [135] Но, исто така, се признава дека овие концепти честопати меѓусебно се поврзани. Несовпаѓањата на дефинициите меѓу авторите поврзани се со основното прашање дали компаниите најдобро се опишуваат како воени или безбедносни компании, или комбинација од двете.

Сепак, постои нејасна разлика во разликувањето помеѓу ПВК и ПБК во однос на номенклатурата. Во литературата постои општа конфузија околу двете дефиниции кои библиографски се чини дека понекогаш претставени се како суштински различни,[136] слични или дури и идентични.[137] Поради широкиот опсег на услуги што ги обезбедуваат овие компании, кои се разликуваат од логистика и консултантски услуги до обука, заштита или дури и вистински борбен ангажман, секој обид за строго категоризирање би бил проблематичен.[138] Некои дури се прашуваат дали воопшто треба да се разликуваат и повлекуваат линии.[139]

Затоа, оваа теза ќе ја користи поширокаата дефиниција за ПВБК како приватни „ентитети кои продаваат услуги поврзани со сила“.[140] Покрај тоа, ПВФ се гледаат како претходно организирани во корпоративна структура, мотивирани од деловен профит, легално работат на отворен пазар, нудат поширок спектар од услуги, регрутира специјализирани лица на отворен пазар и имаат врски со корпоративните фондови и финансиските пазари. Поголем дел од авторите се согласуваат со ставот на Сингер дека приватните безбедносни агенти треба да се гледаат како комерцијални претпријатија.[141]

Терминот на Питер Сингер за приватни актери со воен потенцијал е „приватни воени фирми“ (ПВФ). Сингер ги дефинира нив како: „ПВФ се бизниси кои обезбедуваат влади со професионални услуги сложено поврзани со војување; тие ја претставуваат, со други зборови, корпоративната еволуција на вековната професија на платеници. Меѓутоа, за разлика од поединечните кучиња на војната од минатото, ПВФ се корпоративни тела кои нудат широк опсег на услуги, од тактички борбени операции и стратешко планирање до логистичка поддршка и техничка помош.“[142] Сингер ја има

[131] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 88-91.
[132] Повеќе во: Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006).
[133] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998).
[134] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 5.
[135] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 1.
[136] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 129-130.
[137] D. Simons, "Occupation for Hire: Private Military Companies and their Role in Iraq," *The RUSI Journal* 149, no. 3 (2004): 68-71.
[138] Damian Lilly, *Regulating Private Military Companies: The Need for a Multidimensional Approach* (London: International Alert, 2002), 21.
[139] Cécile Fabre, "In Defence of Mercenarism," *The British Journal of Political Science* 40, no. 3 (2010): 539-559.
[140] Mark Juergensmeyer and Helmut K. Anheier, *Encyclopedia of Global Studies* (Thousand Oaks, Calif: SAGE Publications, Inc., 2012), 1380.
[141] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 45-47.
[142] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

претставено најцитираната типологија каде што во воен контекст, најдобриот начин да се структурира индустријата е според опсегот на услуги и нивото на сила што една фирма може да ги понуди. Корисната аналогија во воена смисла, приватната сила се класифицира според нејзината близина до бојното поле/фронтот (завојуваниот простор), односно со користење на метафората „врвот на копјето“, односно на фирми за воени дејства, воени консултантски фирми и фирми за воена поддршка.[143]

Керолин Холмквист, која го проучувала регулирањето на безбедносните контрактори, ги комбинира безбедносните и воените компании под заеднички чадор како „приватна безбедносна компанија“ (ПБК). Нејзиниот аргумент ги поврзува претпоставките за „офанзива“ и „одбранбена“ или „активна и пасивна" додека го елиминира концептот на „заштита".[144] Некои автори сугерираат дека Холмквист ја промашува поентата со тоа што не ги препознава важните разлики во природата на придонесите меѓу приватните безбедносни и воените компании. Исто така, ја пропушта можноста да ги објасни деталите кои се важни за елиминирање на погрешните перцепции фундаментални за дебатата за приватната наспроти јавната безбедност што се однесува на нејзината студија за регулирање на контракторите на безбедноста.

Авант го користи терминот „приватни безбедносни компании“ (ПБК) кога се однесува на нејзините актери од интерес. Таа ја отфрла употребата на „платеник“ како описен термин. Таа тврди дека таа го прави тоа затоа што значењето за платеник се менува со текот на времето и неговите импликации не се јасни. Таа користи „приватно“ кога се однесува на невладините актери и „јавно“ за владините актери. Таа објаснува дека го поврзува поимот „приватен“ пазар или профит и „јавност“ со државата и политиката. Исто така, ја поврзува јавноста со стремежот кон колективни цели.[145]

Абрахамсен и Вилијамс применуваат една специфична насока на размислување. Тие го воведуваат терминот „Глобални безбедносни собранија“. Овие означуваат констелации на актери од јавната и приватната сфера, вообичаено ПВБК, кои соработуваат во извршувањето на различни задачи во воените и цивилните мисии за управување со кризи. За да се разбере глобалниот феномен на приватизација на безбедноста, неопходно е да се примени пристап кој ги одразува современите трансформации на безбедносниот и воениот сектор во еден поширок процес на реартикулација на улогата на државата. Таа нова сложена хибридна структура од актери и практики кои се протегаат преку националните граници и работат на одредени локации, истовремено се јавни и приватни, како и глобални и локални.[146] Преку нив може да се објасни безбедносното управување во Авганистан. Абрахамсен и Вилијамс предизвикуваат појава на приватни актери како важни играчи во глобалниот безбедносен сектор нагласувајќи дека неодамнешното ширење на ПВБК наместо да ја еродира моќта на државата, која според нив не исчезнува, е дел од процесот на делумно расклопување на функциите и авторитетот кои се прераспределени на глобално ниво во контекст на глобалниот пазар и либералистичките императиви. Тој процес на децентрализација, денационализација, деполитизација и реартикулација доведе до формирање нови практики и структури на безбедносно управување.[147] И тој процес

[143] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 91.
[144] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 4-5.
[145] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 22-23.
[146] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Security Privatization and Global Security Assemblages," *The Brown Journal of World Affairs* XVIII, no. 1 (2011): 171.
[147] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Security Privatization and Global Security Assemblages," *The Brown Journal of World Affairs* XVIII, no. 1 (2011): 171-180.

предизвикува и комодификација на безбедноста, која станува обична стока што треба да се купи или продаде на глобален пазар каде што јавното и приватното се натпреваруваат, а првото дури може да биде трансформиран во потрошувач во потрагата по услуги кои порано монополизираа. Друг важен фактор во изборот на пристапот на „Глобалните безбедносни собранија“ е несомнено потребата за соодветна студија за појавата на ПВБК да се посвети внимание и на двете, локалната специфичност и нејзината интеракција со глобалната динамика бидејќи влијанието на ова поместување кон безбедносната комерцијализација може да варира од место до место.

Јозеф Батора во своите статии го употребува терминот интерстецијални организации. Тој посочува дека појавата и функционирањето на нови организациски форми кои се појавуваат како резултат од рекомбинација на ресурси, правила, норми и практики од повеќе домени, се конципираат како формирање интерстицијални организации. Тоа се организации кои се појавуваат во празнините на институционалните домени во ситуации кога воспоставените институционални структури не можат да извршуваат одредени функции или кога формирањето на стандардизирани организации засновани врз добро воспоставени институционализирани модели е попречено од политички, правни, нормативни или ограничувања на ресурси. ПВБК е еден пример за тоа. Тие комбинираат норми, правила, ресурси и практики додека функционираат низ повеќе домени.[148]

Дополнителни проблеми се јавуваат со разликата помеѓу ПВК и ПБК, врз основа на разликите помеѓу „воени“ и „безбедносни“, „офанзивни“ и „одбранбени“ или „активни“ и „пасивни“ во тоа што компаниите можат да нудат услуги кои се поставени од двете страни на овие поделби. Уште повеќе, нејасно е каде лежат разликите помеѓу војската и безбедноста, офанзивните и одбранбените или активните и пасивните активности.[149] [150] Во денешните конфликтни и постконфликтни средини овие линии сè потешко можат да се одредат.

Добра стратегија е да се направи разлика помеѓу активностите што ги извршуваат ПВБК, а не помеѓу самите компании, и да се задржи широко разбирање за ПВБК услугите и да се специфицира секогаш кога е потребно.[151] Ова е да се прифати дека многу разлики се замаглуваат и „да се биде отворен за идејата дека тоа што се проучува е продажба на средства и услуги на принуда на меѓународно ниво, независно од формата што тие ја заземаат, местото каде се продаваат и/или се користат, типот на инволвиран актер и законитоста или незаконитоста на размената“.[152] Слично на тоа, Перси започнува со широка дефиниција за „платеник“ за да дозволи историски промени во значењето. Иако историските промени веројатно ќе играат поголема улога во историскиот приказ на Перси за антимерценаризмот во изминатиот милениум отколку во студијата за употребата на ПВБК од 1990-тите, решението да се започне со широка дефиниција и потоа да се специфицира секогаш кога е потребно.[153]

---

[148] Jozef Bátora, "Interstitial Emergence of National Defence Entrepreneurial Firms and Re-configuration of the State as a Defence Actor: The Case of Sweden's Vesper Group," *European Security* 33, no. 2 (2023): 219.
[149] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 89-91.
[150] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 219-222.
[151] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 6.
[152] Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006), 55.
[153] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 50-52.

Следствено, тука треба да се надоврземе на услугите што ги нудат ПВК. ПВК нудат плејада услуги уникатни за себе. Сингер тврди дека сите ПВК нудат услуги кои традиционално паднале „во доменот на националните војски“.[154] Сепак, тоа не значи дека сите ПВК борејќи се заедно со традиционалните вооружени сили; наместо тоа, тој капацитет е само една од многуте понудени услуги. На пример, Перси тврди дека ПВК обезбедуваат четири типа услуги: логистичка поддршка, оперативна или тактичка поддршка, воено советување и обука и полициско работење и безбедност.[155]

ПБК извршуваат различни улоги за различни државни и недржавни актери главно во поддршка на системи на оружје, логистичка поддршка, обука и советување, обезбедување имот и објекти и полициски услуги.[156]

Во однос на воените и безбедносните служби што ги обезбедуваат ПВБК, ова се движи од логистика, одржување опрема и разузнавачки служби до воена помош и заштита, вклучително и употреба на вооружена сила. Овие услуги често се нарачуваат според типологијата на врвот на копјето на Сингер[157] и врз основа на тоа колку се блиску до употребата на сила.[158] [159] [160]

Дури и Честерман и Ленард, кои конкретно ја отфрлаат идејата дека ПВК продаваат борбени услуги, признаваат дека: „Овие компании може да тврдат дека користат сила само во самоодбрана, сепак, поголемиот дел од овие услуги се обезбедуваат во воен контекст и линијата помеѓу самоодбраната и борбата може да биде нејасна.“[161] Дополнително, во тој контекст, се појавуваат приватни безбедносни фирми (ПБФ) кои сè повеќе собираат разузнавачки информации и ги прегледуваат другите операции на ПБФ кои дополнително го намалуваат капацитетот за надзор на владите кои вработуваат.[162] Компанија за приватно разузнавање (КПР) е воведена за да означи нова генерација приватна сила, имено приватните субјекти кои продаваат разузнавачки производи и производи за управување со ризици и кои не се занимаваат со вооружени услуги. Непрецизната терминологија претставува само едно прашање за истражување.[163]

За разликата јавно/приватно[164], тврдењето е дека во современото меѓународно општество државата ја задржува централната улога во безбедноста и дека има нешто квалитативно, различно помеѓу употребата на државните и недржавните актери на

[154] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 73.
[155] Sarah Percy, "Regulating the Private Security Industry," *Adelphi Paper* No. 384 (International Institute for Strategic Studies, London, December 2006), 11.
[156] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 153.
[157] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 91.
[158] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment* (Geneva: Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 26.
[159] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 9-13.
[160] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 14.
[161] Simon Chesterman and Chia Lehnardt, eds., *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 13.
[162] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.
[163] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 6.
[164] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, “Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization,” *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 131-146.

целиот опсег на услуги што ги поседуваат ПВБК.[165] Понатаму, произлегуваат разликите што треба да се согледаат помеѓу ПВБК и платениците како и со државните вооружени сили. ПВБК сепак функционираат на многу поинаков начин од тој на конвенционалните армии. Основната разлика меѓу двете е во законитоста, додека професионалните армии се правни лица, на ПВБК им недостасува транспарентност и работат во правен вакуум. Професионалните армии работат за владите, а ПВБК од друга страна ги продаваат своите услуги за борба, логистика, безбедносен надзор итн., се користат претежно за одбранбени операции додека професионалните армии ги покриваат сите домени во војната.[166] Се тврди дека ПВБК сè уште се подобро опремени да одговорат на заканите од домашна и меѓународна природа. Тие имаат подобро оружје и можат да се состават побрзо, квалитет познат како пренапонски капацитет, отколку професионалната војска бидејќи се поагилни и поефикасни.[167]

Џејмс Дејвис, автор на книгата „Fortune's Warriors", го резимира прашањето: „Преминувањето на линијата што го дели остатокот од индустријата од воените борбени служби е слично како губење на невиноста. Или си платеничка чета или не си. Откако ќе го направите тој чекор, нема враќање назад".[168]

Напорот на ОН да ги стави надвор од законот платениците, додека вработува приватни фирми за безбедност,[169] [170] ја доловува главната разлика помеѓу ПБФ и платениците: платениците се нелегални организации кои ја максимизираат индивидуалната краткорочна добивка додека ПБФ се правни организации кои даваат приоритет на корпоративниот профит и идните деловни можности.

Следна потточка за која литературата дава одговор е во однос на предностите и недостатоците кои ги имаат приватните актери. Согласно тоа, се разгледуваат две гледишта во литературата. Првото е на застапниците на приватните безбедносни актери и кои се залагаат за нивна употреба. Другото е на тие што се противат за нивната употреба.

Застапниците, односно поддржувачите на ПВБК, тврдат дека приватизацијата нуди предности и има свои придобивки. Преку нив државите ќе добијат пристап до нови безбедносни услуги, со што ќе се зајакне државната безбедност на поекономичен и пофлексибилен начин. Следствено на тоа, тие алудираат дека тоа ќе придонесе и до светскиот мир. Поддржувачите во приватниот сектор забележуваат пораст на ефикасноста со воведувањето нови актери. Тие актери имаат способност да се вклучат во широк спектар од активности, кои опфаќаат одржување на општествена рамнотежа и обезбедување помош во хуманитарни кризи, како и одржување на мирот. Според Сингер, оваа перспектива ја смета приватизираната војска како „месија" способен ефективно да интервенира во ситуации кога државите не сакаат или не можат да дејствуваат, како што е Руанда во минатото[171] или ситуацијата во Дарфур. Дополнително, Линдер и Мунстер[172] го истражуваат присуството на ПБК околу

[165] Cécile Fabre, *Cosmopolitan War* (Oxford: Oxford University Press, 2012), 210.
[166] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.
[167] Sean McFate, "Secrets of Modern Mercenaries: Inside the Rise of Private Armies," *Salon*, January 25, 2015.
[168] James Davis. *Fortune's Warriors: Private Armies and the New World Order*. Vancouver: Douglas & McIntyre Ltd, 2003, p.32.
[169] Ase Gilje Østensen, *UN Uses of Private Military and Security Companies: Practices and Policies* (Geneva: Centre for the Democratic Control of Armed Forces, 2011).
[170] Christopher Spearin, "Private security companies and humanitarians: A corporate solution to securing humanitarian spaces?" *International Peacekeeping* 8, no. 1 (2001): 20–43.
[171] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 129-144.
[172] Anna Leander and Rens van Munster, "Private Security Contractors in the Debate about Darfur: Reflecting and Reinforcing Neo-Liberal Governmentality," *International Relations* 21, no. 2 (2007): 201-216.

прашањето на Дарфур. Потпирајќи се главно на изјавите на претставниците, особено на некои ПБК и општо на гранката на „безбедносната индустрија“, во овој напис авторите покажуваат дека неолибералната школа на управување го зајакнала статусот на ПБК во дебатите околу Дарфур. И во Дарфур и пошироко, неолибералната школа на управување има тенденција да ја „деполитизира“ безбедноста и да ја ограничи на јавна дебата која се фокусира врз технички и економски прашања, додека алтернативните политички и дипломатски опции имаат тенденција да бидат маргинализирани. Следствено, јавната дебата за приватизацијата на безбедноста може да биде интензивна (како што секако е на Дарфур), но се води на рестриктивен начин. Трендот за „деполитизирање“ на безбедноста е поврзан со неолибералните погледи за управувањето и претставува значајна промена на полето на безбедносното управување во Дарфур, се разбира, но и во Африка воопшто и пошироко. Меѓутоа, бидејќи функционира во рамките на тоа што често се нарекува сложени односи меѓу јавното и приватното, како и државното и граѓанското општество, анализите генерално се избегнуваат, поради тоа што приватизацијата на обезбедувањето да не ги поткопува јавните овластувања и контрола.

Бидејќи активностите на ПВБК беа испитувани внимателно, некои фирми вложија напори да се претстават себеси како легитимни добавувачи на воени услуги.[173]

Од друга страна, песимистите тврдат дека приватизацијата скапо ќе ја чини државата. Преку приватизацијата се намалува одговорноста, контролата, а во одредени случаи придонесуваат до конфликт. Тие сметаат дека приватизираната сила ги еродира државните капацитети, дава легитимитет на употребата на сила за приватни цели и става воени средства во рацете на нерегулирани и неодговорни агенти. Државите често го користеа легитимитетот на сомнителни начини, и сè уште го користат. Неопходно е да се знае дека ретко, но некогаш постои чисто „приватен“ облик на безбедност, и дека сите форми на приватна сила постојат во некаков однос со јавна власт која влијае врз нивното влијание и однесување.[174] Различни критичари, сепак, тврдат дека активностите на ПВБК во суштина се изедначуваат со нелегалниот платеник, особено во нивниот директен ангажман со насилните конфликти.[175] Авторите Бруис и Годфри идентификуваат три главни приговори за употребата на ПВБК, и тоа: недостаток од правична причина, доблест и професионална легитимност. Тие, тврдат дека ПВБК се соочуваат со слична стигма како платениците затоа што немаат морална сигурност и правична причина за вклучување во војна, која има историски корени кои датираат од средновековно време.[176]

Факт е дека некои од најмоќните аргументи за и против употребата на ПВБК се од економска природа. ПВБК создадоа индустриски синџир кој слободно функционира на глобалниот пазар, тој е организиран по постојани и цврсти корпоративни врски и што е најважно постојано расте и се зајакнува.[177]

Голем дел од авторите спроведуваат анализи на придобивките и недостатоците врз основа на временска рамка, конкретно испитувајќи ги краткорочните и долгорочните предности и недостатоци. Ако краткорочно нешто значи предност, тоа во долгорочен рок може да значи недостаток, и обратно. Значајно внимание треба да се

[173] M. L. Phelps, "Doppelgangers of the State: Private Security and Transferrable Legitimacy," *Politics and Policy* 42, no. 6 (2014): 832.
[174] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, “Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization,” *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 136.
[175] J. G. L. del Prado, "Impact on Human Rights of a New Non-State Actor: Private Military Companies," *Brown Journal of World Affairs* 18, no. 1 (2011): 158.
[176] Joanna Brewis and Richard Godfrey, "'Never Call Me a Mercenary': Identity Work, Stigma Management and the Private Security Contractor," *Organization* 25, no. 3 (2018): 335–353.
[177] J. Litavski, *Izazovi privatnog sektora bezbednosti* (Beograd: Centar za evroatlanske studije, 2012), 1.

посвети на трајните политички ризици поврзани со ПВБК. Овие ризици се поврзани со природата на јавните институции и корелацијата меѓу војната и јавното добро. Тие директно ја поткопуваат борбената готовност на армиите со тоа што регрутираат војници од регуларните армии. На подолг рок, кога ПВБК преземаат јавни функции и задачи, тие повеќе не ја одржуваат својата посебна јавна природа. Врската не е во тоа што ПВК ги прошируваат своите активности за да вклучат други сектори, туку обратно. Поврзувањето на интереси веројатно ќе создаде моќни структури кои го фаворизираат потпирањето на приватната безбедност.[178] Користењето на ПВБК може да ја поткопа врската помеѓу воениот професионализам и јавната служба. Ако владата не може да ја зацврсти својата легитимност и база на моќ, користењето надворешна помош нема да постигне ништо долгорочно.[179] Со други зборови, додека ПВБК може да бидат способни да обезбедат форма на „негативен“ мир на краток рок, на државите им останува да изградат и негуваат позитивен мир на долг рок.

Можеби главната грижа и примарно прашање за користењето на ПВБК е поврзана со нивната одговорност. Тие кои се противат на употребата на ПВБК тврдат дека се тешки за контролирање и не многу одговорни. Во моментов, не постои меѓународна регулатива за да ги стави операциите на ПВБК на меѓународна правна власт. Затоа, мора да важат или законите на државата каде што е седиштето на ПВБК или земјата каде што работи ПВБК. Проблемот со првото е што ПВБК лесно може да се преселат во оф-шор локалитети или во држави со помалку строги регулативи. Проблемот со второто е што и мировните операции и операциите на ПВБК главно се одвиваат во држави каде отсуството на владеење на правото е норма, што го прави предизвик да се воспостави правен надзор.

Ванковска во својата книга дава одговор на прашањето: „Колку ПВК се ефективни во исполнувањето на воените функции?“, односно ги испитува предностите и недостатоците согласно нивната ефективност. Понатаму се вели дека[180]:

- Нивното постоење е директно зависно од законите на пазарната економија, односно од понудата и побарувачката. Растечкиот бум покажува дека тие имаат иднина, а со тоа и растечко влијание врз меѓународната безбедност;
- Приватната безбедносна индустрија располага со огромни буџети, односно преку неа циркулира огромен капитал;
- Силниот корпоративен идентитет на компаниите се базира врз тајност, професионалност и дискреција спрема клиентите. Тие располагаат со десетици илјади воени професионалци, со силни оддели за односи со јавноста, имаат седишта и капитал во т.н земји кои се “даночен рај” итн. Оттука, некои автори ги именуваат како корпоративни империи;
- Битката за профит ја условува нивната флексибилност во однос на мисиите и услугите кои ги нудат. Пазарните околности ги наведуваат постојано да нудат нови услуги, односно да создаваат нова клима во која нивните услуги ќе бидат побарувани, а не нужно извршувани;
- Компаниите најчесто имаат транснационален профил, што создава нејаснотија пред кого одговараат и кој води контрола на нивното работење.

[178] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI*, February 2003, 10.
[179] James Larry Taulbee, "Mercenaries, Private Armies and Security Companies in Contemporary Policy," *International Politics* 37, no. December (2000): 447.
[180] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 101.

Други автори ги испитуваат предностите и недостатоците поставувајќи го прашањето: „Дали инвестирањето во приватна безбедност е подобро од инвестирањето во национална безбедност?“

Врз основа на прашањето, литературата идентификува два пристапи кои се концентрираат на два различни одговора. Првичното гледиште се врти околу политичките и економските аспекти, особено нагласувајќи ја либерализацијата на меѓународната економија и трансформацијата на одредени безбедносни аспекти. Вториот пристап се фокусира врз деонтолошката етика, која се однесува на моралната евалуација на дејството врз основа на придржување кон некое правило или збир од правила. Врз основ на првата перспектива, пазарните сили ги елиминираа пречките за трговија и финансиски трансакции во глобализираниот свет. Државата се јавува во улога на потрошувач кога аутсорсира специфични безбедносни функции на слободниот пазар.[181] Втората перспектива се однесува на етичките принципи за кои се залага класичниот реализам на Хобс и договорното уредување на национална безбедност. Според Хобс, овој аранжман ја воспоставува основата на општествениот договор меѓу државата и поединецот. Со други зборови, државата може легитимно да бара што било од своите граѓани, освен да го жртвуваат сопствениот живот во замена за безбедноста што ја обезбедува државата.[182]

Главниот аргумент тврди дека употребата на насилството од страна на ПБК е оправдана со постоењето на деонтолошка етичка рамка, која вклучува „добри закони“, регулирање на приватната безбедносна индустрија и одржување на „добрата репутација“, така што ќе се обезбеди потребната легитимност. Употребата на сила која се смета за легитимна ја зајакнува деонтолошката етика според дефиницијата на Хурел (Hurrell) за легитимноста како „одреден вид почитување или послушност на правилата, што се разликува од чисто личен интерес или инструментално однесување од една страна, и од директно наметнато или принудно владеење на другиот“.[183] Хурел[184] и Краман[185] истакнуваат дека транзицијата е поттикната од глобализацијата и либерализацијата на економските размени, кои ја претворија безбедноста во стока. Оваа транзиција ја нагласува промената на рамнотежата од колективна кон индивидуална безбедност. Доказите покажуваат дека кога приватизацијата се спроведува со комплетен надзор, таа може, во соодветни услови, да даде специјализирана експертиза, да заштеди пари и да резултира со подобрена испорака на услуги. Од друга страна, несоодветно надгледуваниот аутсорсинг или приватизацијата спроведена во несоодветни услови, може да донесе загуби на пари и слаба ефикасност. Во воен контекст, слабата ефикасност може значително да ја загрози флексибилноста и капацитетот за брз одговор на вооружените сили.[186]

За крај, иако ПВБК постанаа вообичаена карактеристика во вооружените конфликти и постконфликтни средини,[187] [188] [189] постоечката литература нуди

[181] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 381.
[182] Richard H. Ullman, "Redefining Security," *International Security* 8, no. 1 (1983): 130.
[183] Andrew Hurrell, "Legitimacy and the Use of Force: Can the Circle be Squared?" *Review of International Studies* 31, no. S1 (2005): 16.
[184] Andrew Hurrell, "Legitimacy and the Use of Force: Can the Circle be Squared?" *Review of International Studies* 31, no. S1 (2005): 27.
[185] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?" *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 379–404.
[186] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, ii, 47.
[187] Christopher Clapham, *Africa and the International System: The Politics of State Survival* (Cambridge: Cambridge University Press, 1996).

двосмислена слика за нивната стратешка улога во воените и безбедносните работи. Додека некои автори тврдат дека ПВБК главно ја влошуваат дисфункцијата во нестабилните држави и кревките влади,[190] [191] други тврдат дека во случаи како Сиера Леоне и Ангола, ПВБК се покажале како поефикасни во обезбедувањето безбедност и стабилност во споредба со надворешните хуманитарни јавни сили.[192] [193] [194]

Следна потточка која литературата ја истражува е пазарот на сила кој се појавува. Приватните воени актери се етикетирани како стоки на глобалниот пазар на безбедност, што имаат значителни импликации врз меѓународните институции, државата и распределбата на моќта, тврди Авант. Материјалните и социјалните предизвици од глобализацијата беа фактори во побарувачката за приватно обезбедување.[195] Како што е предложено од Сингер, Авант забележува како притисокот на пазарот, технологијата и социјалните промени во глобализираниот свет создаваат повеќекратни барања што националните војски тешко ги исполнуваат.[196] Промените во природата на конфликтите и напредокот во технологијата им дадоа можности на ПБК во структурата на воените сили.[197] Авант сугерира и дека идеолошка промена, зголеменото верување во супериорноста на пазарните решенија за колективните проблеми доведе до пораст на приватните актери како даватели на услуги за нови безбедносни барања. Таа го разгледува влијанието на ПБК врз државната контрола врз употребата на сила.[198]

Факт е дека ПВК се навистина глобален актер. ПВК се бореле на секој континент на светот освен за Антарктикот. Некои големи групи на ПВК ги нарекуваат Јужна Африка и Израел како домашни земји.[199] [200] Други научници тврдат дека либералната политичка култура е позрела за употреба на ПВК отколку „земјите засновани врз републиканската теорија на општествениот договор како што е Германија“[201] [202]. Како резултат од овие варијабли, ПВК имаа најголемо присуство во западните земји како што се САД и Велика Британија.

---

[188] Kevin A. O'Brien, "Military-Advisory Groups and African Security: Privatized Peacekeeping?" *International Peacekeeping* 5, no. 3 (1998): 78–105.
[189] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998).
[190] Abdel-Fatau Musah, "Privatization of Security, Arms Proliferation and the Process of State Collapse in Africa," *Development and Change* 33, no. 5 (2002): 911–933.
[191] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 605-622.
[192] Jared F. Lawyer, "Military Effectiveness and Economic Efficiency in Peacekeeping: Public versus Private," *Oxford Development Studies* 33, no. 1 (2005): 99–106.
[193] Christopher Spearin, "Private Security Companies and Humanitarians: A Corporate Solution to Securing Humanitarian Spaces?" *International Peacekeeping* 8, no. 1 (2001): 20–43.
[194] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 2.
[195] Deborah Avant, *The Marketization of Security, Adventurous Defense, and Conflict* (Washington D.C.: George Washington University, 2004), 10.
[196] Deborah Avant, "Mercenaries," *Foreign Policy* 143, July/August (2004): 21.
[197] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 154.
[198] Deborah Avant, *The Marketization of Security, Adventurous Defense, and Conflict* (Washington D.C.: George Washington University, 2004), 11.
[199] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 71.
[200] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[201] Eugenio Cusumano and Christopher Kinsey, "Bureaucratic Interests and the Outsourcing of Security: The Privatization of Diplomatic Protection in the United States and the United Kingdom," *Armed Forces and Society* 41, no. 4 (2015): 593.
[202] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 10.

Второ, ова ги олесни промените во ставовите, секојдневните практики и политиките поврзани со безбедноста, кои станаа сè повеќе фокусирани на превенција и предвидување, наместо на казнување прекршоци од минатото. Ова го поттикнува проширувањето на приватниот безбедносен сектор и неговото вклучување во плејада функции наменети за минимизирање и управување со ризикот. Во исто време, безбедноста претрпе процес на зголемена комодификација и стана услуга како и секоја друга. Повеќе не се гледа како исклучиво обезбедено од државата, туку како нешто што може да се купи на пазарот.[203] Како што е анализирано во литературата за ризик и управување со ризици, идејата за безбедност што се јавува е превентивната страна (проактивна), а не реактивна (закрепнувачка, постконфликтна). ПВБК самите се пласираат и рекламираат врз основа на оваа идеја. Тие ги квантифицираат ризиците и им помагаат на нивните работодавци да се заштитат од нив. Според ова, безбедноста е нешто што може да се управува, што може да се мери, операционализира, купи и продаде. Литературата за ризици е идеја за зголемена неповолна опасност. Овој погон за безбедност создава средина каде што безбедноста е предмет на технички решенија и каде јавната иницијатива има голема конкуренција од приватниот сектор.[204]

Консолидацијата на таканаречената „пазарна цивилизација“ овозможи брз раст на меѓународните или глобалните пазари кои почнаа да се перципираат како поефикасни од јавните сили.[205] Опсегот на приватната безбедносна индустрија е огромен и нејзиниот годишен приход се зголеми од 55,6 милијарди долари во 1990 година на 244 милијарди долари во 2016 година, при што САД е најголемиот потрошувач на овој пазар.[206]

Роберт Мандел забележува како глобалното ширење на вредностите на слободниот пазар легитимирано со растечкото верување во економскиот либерализам ја промовираше конкурентната приватизација како оптимална во сите сфери на човековата активност, вклучително и безбедноста. Образложението за ширењето на приватизацијата е максимизирање на ефикасноста, квалитетот на производството и ефективноста во услугите, нагласени со опаѓачкиот квалитет и финансирањето на јавните услуги.[207]

Џон Донаху, исто така, истакнува дека продуктивната ефикасност не е основната доблест на организацијата на државната служба. Додека јавните агенции карактеристично се структурирани да гарантираат правилен процес и административна правичност, ориентацијата на приватниот сектор треба да испорача производ за договорена цена.[208] Искористувањето на приватните енергии за јавни цели може да биде тешко да се оствари во договор.[209] Донаху сугерира дека контракторите се најдобриот избор кога владите знаат што сакаат и се заинтересирани за резултатите во споредба со процесот. Во спротивно, доколку следењето на упатствата и процесот е

[203] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Security Privatization and Global Security Assemblages," *The Brown Journal of World Affairs* XVIII, no. 1 (2011): 173.
[204] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011).
[205] Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006), 45.
[206] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.
[207] Повеќе во: Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 35.
[208] John D. Donahue, *The Privatization Decision: Public Ends, Private Means* (New York: Basic Books, 1989), 216.
[209] John D. Donahue, *The Privatization Decision: Public Ends, Private Means* (New York: Basic Books, 1989), 218.

примарен интерес на владите со ограничена флексибилност, државните службеници се најдобриот избор за оваа должност.

Едно од најглавните прашања кое се опфаќа во истражената литература е прашањето на легитимитет за ПВБК. Суверена држава или актер се смета за легитимна само ако е во согласност со стандардите на демократијата и доброто владеење и ако ги поддржува правата на граѓаните.[210] ПВБК треба да се справат со воспоставените норми за човекови права за да се сметаат за легитимни. Политичкиот контекст што преовладува е неопходен фактор за одредување на легитимноста. Дури и да се исполнат првите два фактори, меѓународниот контекст на политиката може да делегитимира држава или актер. Недостатокот од мултилатералност и хуманитарни акредитиви се два главни предизвици со кои се соочуваат ПВБК додека се обидуваат да обезбедат легитимност. Сепак, легитимноста главно се заснова врз ефективноста. Легитимноста според него се гледа како моќ што може да се стекне со законски и дозволени средства, општествено очекувани нормативни дејствија или со ефикасност и ефективност на акцијата.[211]

Стекнувањето легитимитет е важно за ПВБК, бидејќи успехот на агентот или институцијата се одредува според легитимноста што ја поседува. Авант наведува дека ПБК се „сè повеќе прифатени како отворени (и легитимни) сили на светската сцена“.[212] Вреди да се одбележи дека, не само што Авант става „легитимно“ во загради, туку реченицата е ставена во фуснота. Во делот на Кинси, се вели дека: „ПВК сè повеќе се препознаваат од владите, граѓанските општества и меѓународните организации како легитимни актери“.[213] Може да се заклучи доказната основа за тврдењата на Кинси, а можеби и на Авант е дека и двете сугерираат дека ПВК сега се широко користени од државите. Ова покажува дека тие се прифатени како легитимни. Зголемената употреба на ПВБК во борбените операции во Ирак и Авганистан стана прифатлив феномен, особено во западниот свет“.[214] Исто така, Панке и Петерсон сугерираат дека „одбранбената употреба на платеници“ (која, за нив, вклучува употреба на ПВБК) сега е легитимна, поради широката употреба на ПВБК во Ирак.[215] Добра илустрација за двосмислената употреба на овие концепти е оценката на Сингер дека „фактот дека ПВФ работат во над педесет држави, често во име на владите, сугерира основа за аргументирање на нормата на нивната легитимност и општо прифаќање на феноменот“.[216]

Документот Монтре е уште една иницијатива на државите за поставување некои правни граници за употреба на ПВБК. Во моментов има 59 потписници и првпат беше имплементиран во 2008 година. Изготвен е со помош на 17 држави, заедно со ЕУ, НАТО и ОБСЕ. ОН останаа отсутни од иницијативата. Тоа не е правно обврзувачки инструмент, но е широк и корисни напори за формулирање рамка која може да помогне во регулирањето на ПВБК во конфликтни ситуации и повоени операции. Акцентот на

[210] S. Mulligan, "The Uses of Legitimacy in International Relations," *Millennium - Journal of International Studies* 34, no. 2 (2006): 349-375.
[211] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 84-86.
[212] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 69.
[213] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 4.
[214] Sabelo Gumedze, "Addressing the Use of Private Security and Military Companies at the International Level," *ISS Paper* 206 (Pretoria: Institute for Security Studies, 2009), 4.
[215] Diana Panke and Ulrich Petersohn, "Why International Norms Disappear Sometimes," *European Journal of International Relations* (2011): 12.
[216] P. W. Singer, "War, Profits, and the Vacuum of Law: Privatized Military Firms and International Law," *Columbia Journal of Transnational Law* 42, no. 2 (2004): 533.

документот е ставен врз спроведувањето на активностите на ПВБК во согласност со меѓународното хуманитарно право.[217] За таа цел, документот ги означува државите договорнички како одговорна страна за склучување договори со приватни фирми за обезбедување кои се способни да ги извршуваат должностите што се очекуваат од нив и дозволени според меѓународното право. Документот Монтре, исто така, ги истакнува должностите на државите во кои всушност се случуваат борбени и повоени реконструкции. Исто така, списокот на одговорности за ПВБК е дел од договорот. Несреќниот дел е отсуството на присуство на ОН во ова иницијатива која имаше за цел да донесе некаков привид на закон во работењето на ПВБК. И покрај горенаведената правна поддршка, ПВБК сè уште се сметаат за нелегитимни актери. Легитимноста се однесува на верувањето на актерот дека правилата и институциите треба да се почитуваат и се определува од тоа како членовите го зајакнуваат и унапредуваат преку нивните акции и поставуваат стандарди.[218] Предложени се различни пристапи за објаснување на легитимноста и начините за постигнување. Меѓународните односи диктираат дека легитимноста се постигнува кога дејствијата се совпаѓаат со меѓународно прифатените вредности на тоа што се смета за законито, добро и соодветно. Нивоата на легитимност на ПВБК може да се зголемат преку членство во меѓународни конвенции и организации, како што се: ЕУ, НАТО, ОН итн. Вреди да се напомни дека досега ПВБК не се филијали на кои било меѓународни или регионални организации.[219]

Понатаму, во извештајот на Работната група на ОН, се испитува зголемената улога што ја играат ПВБК во хуманитарната сфера. Тој се однесува на суштинскиот недостаток од транспарентност и надзор над работењето на ПВБК, истакнувајќи го недостатокот од одговорност и дополнително нагласувајќи дека остануваат значителни регулаторни празнини. Извештајот ја нагласува важноста конкретно да се разгледаат влијанијата од употребата на приватни воени и безбедносни служби врз хуманитарните операции, нивните принципи и потенцијалот за злоупотреба на човековите права и меѓународното хуманитарно право.[220] Извештајот на работна група на ОН за односот помеѓу ПВБК и екстрактивната индустрија од перспектива на човекови права посочува на недостатокот од јасна, прецизна и законски дефинирана улога за секој безбедносен актер кој работи во екстрактивната индустрија.[221]

За Мери Калдор[222], легитимната принуда по својата природа, мора и треба да се наоѓа директно во јавниот сектор. Приватното обезбедување, врз основа на неговата употреба на принуда за финансиска добивка и нејзиниот статус на приватен чинител поттикнат од „посебна“ агенда, нужно е нелегитимен безбедносен актер. За Калдор, прашањето на легитимноста на приватното обезбедување не е замислена како техничка грижа насочена кон тоа како да се гарантира демократската контрола врз правните

[217] "Montreux Document on Pertinent International Legal Obligations and Good Practices for States related to Operations of Private Military and Security Companies during Armed Conflict," *Journal of Conflict and Security Law* 13, no. 3 (Winter 2008): 451–475.
[218] S. Mulligan, "The Uses of Legitimacy in International Relations," *Millennium - Journal of International Studies* 34, no. 2 (2006): 349-375.
[219] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 84-86.
[220] United Nations, *Impact of the Use of Private Military and Security Services in Humanitarian Action*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/HRC/48/51, General Assembly, 2021, 1.
[221] Повеќе во: United Nations, *Relationship between Private Military and Security Companies and the Extractive Industry from a Human Rights Perspective*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/HRC/42/42, General Assembly, 2019, 2.
[222] Повеќе во: Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era* (Stanford: Stanford University Press, 1999).

приватни фирми за обезбедување, или како ефективно да се надгледуваат и регулираат нивните операции. Наместо тоа, таа го гледа „[т]клучот за кое било долгорочно решение, враќање на легитимитетот, реконституција на контролата на организираното насилство од страна на јавните власти, без разлика дали се локални, национални или глобални. За Калдор, приватната безбедност, по својата природа е ангажирана во нулта сума натпревар со држава над контролата на организираното насилство и не постои теоретски простор за приватното обезбедување да игра легитимна улога во безбедносното управување во оваа рамка инспирирана од реалистите. Иронично, Калдор на крајот е заинтересирана да се оддалечи од строгиот државоцентричен модел на „влада“ кон модел на „космополитско владеење“, како и потпирање на вебериското разбирање на правно-рационалното и легитимното безбедносно владеење како фундаментално поврзано со државниот монопол врз легитимното насилство го спречува соодветното разбирање на приватната безбедност.

Јоаким Берндсон проучува како ПВБК пренесуваат различни идентитети за себе во зависност од нивните клиенти, профили и преференци, се со цел да се конструираат како легитимни актери на нивната клиентела.[223]

Даг Брукс од Меѓународната асоцијација на операции за стабилност (ISOA), порано позната како Меѓународна асоцијација за мировни операции (IPOA) (организација со фокус на легитимирање на употребата на приватните безбедносни компании), ги поддржа ПВБК со производство на презаситена литература што расправа во интерес на бизнисот. Брукс се обидува да утврди дека тркалата на бирократијата на ОН бавно мелеат, додека приватните компании имаат активна и неспоредлива брзина да реагираат на заканите. Затоа, тој верува дека создавањето мир треба да биде домен на овие ПВБК.[224]

Следно прашање е околу државната контрола врз ПВБК. Многу научници и коментатори разговараа за тоа како употребата на ПВК може да влијае врз државната контрола и употребата на сила. За научниците, како што е Вулф[225], ПВК претставуваат огромна промена во политиката на милитаризмот, што во суштина ја отстранува контролата врз воената политика од ексклузивната надлежност на државата. Тој тврди дека „приватизацијата на насилството, тренд кој го менува вековниот развој на разоружување на граѓаните во процесот на градењето нација-поткопува и фундаментално го оспорува легитимниот монопол на сила на [нацијата-држава]“. Голем дел од литературата ја формулира врската помеѓу јавната и приватната сфера на насилство каде што ПВК го загрозуваат државниот монопол врз употребата на сила.[226] [227] Сепак, тоа ги занемарува начините на кои контракторите ги надополнуваат владините воени напори. Во многу западни земји, државниот монопол на насилството се однесува на контролата над легитимната употреба на вооружената сила, наместо на нејзиното вистинско остварување.[228] Контролата над спроведувањето на легитимното насилство се лизга од рацете на избраните функционери и се на пазарот, каде е тешко

[223] Joakim Berndtsson, "Security Professionals for Hire: Exploring the Many Faces of Private Security Expertise," *Millennium – Journal of International Studies* 40, no. 2 (2012): 303-320.
[224] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 130-133.
[225] Herbert Wulf, *Internationalizing and Privatizing War and Peace* (New York: Palgrave MacMillan, 2005), 92.
[226] Jackson Nyamuya Maogoto, "Subcontracting Sovereignty: Commodification of Military Force and Fragmentation of State Authority," *The Brown Journal of World Affairs* 13, no. 1 (2006): 147-160.
[227] M. Turcan and N. Ozpinar, "'Who let the dogs out?': A critique of the security for hire option in weak states," *Dynamics of Asymmetric Conflict* 2, no. 3 (2009): 143-171.
[228] Elke Krahmann, "The United States, PMSCs and the State Monopoly on Violence: Leading the Way towards Norm Change," *Security Dialogue* 44, no. 1 (2013): 65.

да се воспостави повторно демократска контрола врз преземените активности во името на државата.[229]

Во публикациите за државна контрола и демократска отчетност гледаме дека цивилните воени односи се специфичен тип на релација началник-агент, доколку влезот на нов актер (ПВБК) ја наруши динамиката и ја комплицираше врската. Не сите публикации ја користат терминологијата главен агент, но речиси сите можат да се разберат во оваа светлина. Дискусијата за државната (или главната) контрола врз нивните изведувачи (застапници) во голема мера е водена од Ана Линдер и Дебора Авант, иако и двете пристапуваат на темата од различен агол. Главниот фокус на Линдер е на тоа како ПВБК можат да влијаат врз нивните директори преку обликување на безбедносниот дискурс, а со тоа и перцепцијата на заканата и перцепираните безбедносни потреби на нивниот директор. Таа тврди дека на советнички позиции или преку лобирање, компаниите можат да ја постават агендата за политичка безбедност и да влијаат врз исходите на политиката во нивна полза. Притоа, воените контрактори индиректно добиваат делумна, де факто, контрола. Така, таа гледа, иако користи различна терминологија, на способностите на агентот да врши влијание врз неговиот налогодавач. Авант, од друга страна, на прашањето за контрола му приоѓа од позиција на началникот: „Како можат државите да одржат контрола врз нивните приватни воени и безбедносни агенти?“ Во својата книга таа разликува политичка, функционална и социјална контрола, и гледа дали и како употребата на приватните компании влијае врз државната контрола врз примената на сила. Други студии, кои како Авант ја земаат перспективата на државната контрола, ги разгледуваат конкретно оценките за надзор и перформансите за да видат како се обликувала динамиката на директорот-застапникот. „Сржта на проблемот!“, објаснува Улрих Петерсон во врска со неколкуте случаи на несоодветно однесување на контракторот што биле судени, „затоа можеби не е недоволно законодавство, туку проблем на надзор“. Според Авант, ПБК може да влијае врз „контролата на силата“, бидејќи, како што беше споменато претходно, присуството на ПБК може да влијае врз тоа кој може да го контролира насилството. Продолжувајќи, Авант тврди дека „контролата“ може да се мери на три начини: функционална, политичка и социјална. Функционалната контрола ја мери ефективноста на самата војска, политичката контрола влијае врз политичките актери кои ја контролираат силата и социјалната контрола се однесува на тоа како силата се користи во согласност со општествените гледишта, како што се: социјалната правда, демократијата и човековите права.[230] [231] Перси го изнесува аргументот дека ПВК може да влијаат врз тоа како трите типа работат заедно.[232]

Сепак, многумина тврдат дека само затоа што ПВК би можеле да влијаат на контролата на силата, тоа не значи дека тие имаат или сакаат, ниту пак дека некоја приватна контрола е инхерентно лоша. Авант генерално верува дека давањето одредена контрола на ПВК во однос на употребата на сила може да биде корисно ако се користи на правилен начин и со обемни регулативи и компетентен државен систем.[233]

Друг автор кој е скептичен за губењето на контрола е Линди Хаинекен. Во нејзиниот труд „Надвор од јавна безбедност: непредвидените последици за воената

[229] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[230] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 40-41.
[231] Sarah Percy, "Regulating the Private Security Industry," *Adelphi Paper* No. 384 (International Institute for Strategic Studies, London, December 2006), 15-16.
[232] Sarah Percy, "Regulating the Private Security Industry," *Adelphi Paper* No. 384 (International Institute for Strategic Studies, London, December 2006), 16.
[233] Повеќе во: Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005).

професија“, Хаинекен тврди дека употребата на ПВК значи дека „вооружените сили повеќе не го држат ексклузивниот монопол над управување и примена на насилство.“[234] Дополнително, Хаинекен верува дека воведувањето приватни борци може да има одредени придобивки, но нивното влијание врз воената автономија, вештините, чувството за „корпоративност“ и етика на услуги ја прави неа особено критички и скептична за нивната широка употреба и примена.[235]

4) Влијанието врз Веберијанската држава и националната одбрана

Анализата покажа дека ПВК се глобални актери кои преземаат различни мисии и задачи и можат да решаваат проблеми. Сепак, постојат многу критики во однос на ПВК. Една загриженост што ја имаат многу научници е дека користењето ПВК директно ги прекршува или го предизвикува историскиот монопол што го имала државата за употреба на сила во теоретска и практична смисла.[236] [237] [238] [239] Оваа загриженост има повеќе гледишта и пристапи, и би било корисно и проникливо да се анализираат мноштвото начини на кои се гледа оваа загриженост. Во најширока смисла, научниците се загрижени за прекин на ПВК на овој однос меѓу државните и воените сили бидејќи демократската контролата врз употребата на сила е непроценлив ресурс за самоуправување и индивидуална автономија.[240]

Се појавуваат различни сомнежи во однос на нивната употреба и постоење. Дали ПВК симболизираат повлекување на државата или раст на државата? Дали сме сведоци на „крајот на Веберијанската држава“ или сме сведоци на „проширен капацитет“ на Веберијанската држава? Дали појавата и вработувањето на ПВК претставуваат обична трансформација на капацитетот на државата за управување или сме сведоци на конечните фази на државна ерозија?[241]

Приватизацијата е централен концепт во дискусијата околу падот на Веберијанската држава и современата литература за приватната безбедност. Приватизацијата дефинирана е како „пренос на стоки и услуги од влада и/или јавна администрација до приватни бизниси и претпријатија кои работат за приватна добивка“.[242] Краман ја сфаќа „приватизацијата на безбедноста како промена на снабдувачот што не влијае ниту врз природата на „добрата“ безбедност ниту врз државниот монопол на насилството“.[243] Вулф тврди дека: „Националната држава

---

[234] Lindy Heinecken, "Outsourcing Public Security: The Unforeseen Consequences for the Military Profession," *Armed Forces & Society* 40, no. 4 (2013): 630.

[235] Lindy Heinecken, "Outsourcing Public Security: The Unforeseen Consequences for the Military Profession," *Armed Forces & Society* 40, no. 4 (2013): 631-638.

[236] Simon Chesterman and Chia Lehnardt, eds., *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007).

[237] Повеќе во: Lindy Heinecken, "Outsourcing Public Security: The Unforeseen Consequences for the Military Profession," *Armed Forces & Society* 40, no. 4 (2013): 625-646.

[238] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 425-447.

[239] Sarah Percy, "Regulating the Private Security Industry," *Adelphi Paper* No. 384 (International Institute for Strategic Studies, London, December 2006).

[240] James Pattison, "Just War Theory and the Privatization of Military Force," *Ethics & International Affairs* 22, no. 2 (2008): 153.

[241] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 17.

[242] Mark Juergensmeyer and Helmut K. Anheier, *Encyclopedia of Global Studies* (Thousand Oaks, Calif: SAGE Publications, Inc., 2012), 1383-1384.

[243] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?" *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 380.

повеќе не може ефективно да го практикува монополот на сила во таква променета средина. Потребен е систем надвор од националната држава со совпаѓачки власти кои имаат право да го вршат монополот на насилството“.[244]

Приватизацијата е во центарот на јавното приватно разграничување што опфаќа не само политичка дебата за тоа колку треба да биде приватизацијата и улогата на владата, туку и општа дебата за континуитетот на јавната и приватната дистинкција и кога и зошто агенциите треба да се дефинираат како јавни, приватни или и двете. Оваа дебата е опишана како една од „големите дихотомии на западната политичка мисла“.[245] Во политичката дихотомија „laisezfaire“, промовирање поголем приватен сектор, се противи на „државно-интервенционистичката“ политика која фаворизира поголем јавен сектор, бидејќи обезбедувањето безбедност е одамна признато како најважна функција на владата.[246]

Во случајот, почетната точка за анализа на овој феномен е секако реалистичката теорија во која можеме да најдеме државоцентричен пристап заснован врз монополот на употребата на сила. Една од најистакнатите теории е Веберовата концепција за монополот на државата над контролата на силата. Тврдењето дека државите сè уште го имаат монополот на легитимна употреба на насилство, играјќи ја својата традиционална улога на меѓународната сцена, е основата на една од теориите што се користат во литературата за меѓународната безбедност. Во овој поглед, најчеста референца е дефиницијата за држава на Макс Вебер која го одржува ексклузивниот „монопол на легитимна употреба на физичка сила“. Така, на почетокот на 20 век, германскиот политички теоретичар ја даде својата дефиниција за современиот концепт на држава, кој треба да се смета за единствен извор на легитимно насилство, приспособувајќи се на контекст каде стабилноста на државите-нациите се потпира врз односот помеѓу државата и насилството. Дефиницијата на Вебер за државата е заснована врз монополот на насилството, сугерирајќи дека државата да се откаже од овој монопол значи да се откаже од суверенитетот.[247] Овој поим придонесува на широко распространетата претпоставка меѓу политиколозите дека безбедноста е суштинско јавно добро.

Сингер посочува: „Најфундаментално, ПВФ предизвикуваат една од основните премиси на проучувањето на меѓународната безбедност: дека државите поседуваат монопол над употребата на сила, и на тој начин проучувањето на безбедноста може да се заснова врз премисата дека државите ја сочинуваат единствената единица за анализа“ и дека приватизираната воена индустрија претставува алтернативни модели на моќ и авторитет поврзани со глобален пазар, наместо ограничена од територијалната држава.[248]

Авант ја започнува својата книга цитирајќи ја познатата дефиниција на Вебер за државата како „човечка заедница која (успешно) го тврди монополот на легитимната

[244] Herbert Wulf, "Security: Interventions and Control," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London: Routledge, 2008), 200.
[245] D. Brooks and S. Hussein, "From the Editor's Desk," *Conflict Trends* 6 (July 2000).
[246] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 17.
[247] Повеќе во: Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology*, edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946).; Max Weber, *The Theory of Social and Economic Organization* (New York: Oxford University Press, 1947).
[248] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 169-170.

употреба на физичка сила на дадена територија“.[249] [250] Оваа норма е во сржта на тоа што претставува држава и иако таа отсекогаш била идеална, често оспорувана и контрадикторна, Авант тврди дека зачудувачкиот подем на приватната воена и безбедносна индустрија е сега сериозно доведувајќи ја во прашање оваа норма. Авант ја врамува нормата на државниот монопол на сила како државна „контрола“, но јасно кажува дека постојат три димензии на контрола: политичка контрола, т.е. кој одлучува за употребата на сила; функционална контрола, т.е што постојат способности; и социјалната контрола, односно како употребата на сила се совпаѓа со другите вредности и норми. Наместо да гледа на врската како прашање на или/или, Авант тврди дека пазарот на сила и ги поткопува и дава можности за зголемување на различните аспекти на државната контрола. Истражувачкиот интерес на Авант е за тоа како зголемената употреба на ПВБК влијае врз државната контрола врз употребата на сила. Иако не постои експлицитен третман за тоа како ова влијае врз нормативниот статус на употребата на ПВБК, постојат две индиции за импликации. Еден од нив е веќе споменатиот имплицитен предлог дека зголемената употреба на ПВБК резултира со зголемена легитимност. Другото го вклучува севкупниот заклучок на Авант дека, на долг рок, проширената употреба на ПБК на крајот ќе го поткопа колективот на државите и монополот на сила.[251] Ова значи дека иако поединечните држави можат добро да ги подобрат аспектите на нивната контрола со користење на ПВБК, севкупната последица ќе биде ерозија на меѓународната норма. Можеби, тогаш, зголемена употреба на ПВБК и послаба норма на државата-монополот на сила резултира со практиката да стане полегитимна. Други се поексплицитни за односот помеѓу силата на државниот монопол на сила како меѓународна норма и легитимацијата на употребата на ПВБК. Елке Краман, на пример, тврди дека со намалувањето на силата на нормата, меѓу западните демократии постои „широка прифатеност, па дури и активна поддршка за промената од јавни до приватни сили“ и „растечки легитимитет на приватните контрактори за обезбедување“.[252]

Мери Калдор во својата книга „New and Old Wars“[253] дава важен пример за критиката на реалистичката мисла на оваа дисертација од две причини. Прво, студијата се потпираше врз веберискиот јазик на државата и неговото расчленување. За Калдор, овие „нови војни се случуваат во контекст на ерозијата на монополот на легитимното организирано насилство“. Второ, и клучно, „ерозијата на монополот на легитимното организирано насилство“ се сфаќа како конкретно поврзана со раст на приватното обезбедување и приватното насилство, поопшто. За Калдор, ефективно, „неуспехот“ на државата придружен е со растечка приватизација на насилството“. Имено, дека државата и „приватното насилство“ се вклучени во натпревар при што губењето на моќта за едниот е придружено во бинарни и нулта сума со раст на моќта за другиот. Друг проблем за Калдор вкоренет во реалистичната мисла е начинот на кој е конципирана категоријата „приватно насилство“. За Калдор, „приватно насилство“ е чадор термин кој не прави разлика помеѓу кривично и законски санкционирано, недржавно насилство. Бидејќи Калдор не прави разлика помеѓу насилството што го

[249] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 1.
[250] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology,* edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 3-4.
[251] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 253.
[252] Elke Krahmann, *Private Security Companies and the State Monopoly on Violence: A Case of Norm Change*? PRIF-Reports No. 88 (Frankfurt: Peace Research Institute Frankfurt, 2009), 15.
[253] Повеќе во: Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Third Edition (Stanford University Press, 2012).

користат приватните безбедносни фирми и насилството во кое учествува организираниот криминал, тие се чини дека се примери за истиот поширок процес на „приватизација на насилството“ што го еродира државниот монопол на легитимно насилство. Дел од овој проблем поврзан е со начинот на кој Калдор ги обликува „новите војни“ што ги водат недржавните актери од приватни, економски мотивации и како овој јазик може (непријатно) да се применуваат и за приватното обезбедување и за организираниот криминал. На пример, Калдор наведува дека „новите војни“ ги замаглуваат разликите меѓу војната, која таа ја дефинира како „насилство меѓу држави или организирани политички групи од политички мотиви“, и организиран криминал, дефиниран како „насилство преземено од приватно организирани групи за приватни цели, обично финансиска добивка“.

Мартин ван Кревелд го наведува и аргументот на Имануел Кант дека недвосмисленото право на државата да води војна е работа на државната армија. Според тврдењето на Кревелд, воениот легитимитет за примена на сила доаѓа во име на државата.[254]

Националната безбедносна политика има за цел да ги заштити државата и нејзините граѓани од интервенција на други држави во социјалните, економските и политичките институции на нацијата.[255] Растот на приватизацијата го смени фокусот на тоа како да обезбеди јавни услуги каде војската, како последен монопол на државата, почна да гледа како нејзините активности и функции ги извршуваат субјектите од приватниот сектор.[256] Приватизацијата на безбедноста ја оспорува традиционалната премиса на државата како главен носител на монополската употреба на сила. Преминот се прави кон форуми кои го поткопуваат и/или го надминуваат остатокот од моќта на националната држава.[257] Како што овие ангажмани додаваат на севкупниот раст на приватната безбедност, нашироко се тврди дека: „традиционалната веберова дефиниција за државата е сè повеќе неусогласена со реалноста.“[258]

5) Одлив на професионален кадар од армиите под влијание на ПВБК

Во овој дел ќе бидат доловени минатите студии кои ги истражуваат мотивациите за напуштање на армиите, факторите кои влијаат, како и влијанието на надворешните фактори. Исто така, ќе биде опфатено и влијанието на ПВБК врз армискиот персонал додека тие се распоредени во мисии или мировни операции. Во самата точка ќе бидат опфатени теоретските одредби, и како што беше погоре напомнато емпириските истражувања кои се спроведени, а се однесуваат на одливот на персоналот.

И во еден од последните извештаи на Работната група од 2023 година се посочува дека инхерентниот недостаток од транспарентност околу регрутирањето и пошироките прашања за финансирање, обука и употреба на платеници и сродни актери во современите конфликти останува клучен истражувачки предизвик.[259]

Се чини дека неколку правила за персоналот важат универзално за организациите и затоа може да се сметаат за аксиоми. Првото правило вели дека ниедна

[254] Martin van Creveld, *The Transformation of War* (New York: The Free Press, 1991), 35-42.
[255] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 1.
[256] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[257] Biljana Vankovska, "Privatisation of Security in Croatia," in Damian Lilly and Michael von Tangen Page (eds.), *Privatisation of Security and Security Sector Reform* (London: International Alert, 2002).
[258] Rita Abrahamsen and Anna Leander, eds., *Routledge Handbook of Private Security Studies* (London: Routledge, 2015), 1.
[259] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination. A/HRC/54/29, General Assembly, 2023, 4.

организација не може да постои без персонал. Вториот ни кажува дека никој засекогаш не останува член на персоналот на една организација. Како последица од тоа, за една организација да опстане, ќе треба да го замени персоналот што заминува. Војската не е исклучок од овој сет правила.

Не сите видови доброволно заминување (одлив) се негативни, но сепак, доброволниот одлив кој е нефункционален може да биде многу скап за војската, со оглед на обемот на инвестициите направени во регрутирањето, изборот, класификацијата и обуката на членовите. Идентификувањето на критичните организациски, работни и индивидуални фактори во процесот на обрт има очигледни корисни импликации за воените организации.

За разлика од државите, ПВБК не се ограничени на еден национален оперативен контекст, ниту нужно ги регрутираат своите вработените врз основа на специфично државјанство. На овој начин, тие ги надминуваат конвенционалните граници и начините на размислување за употреба на сила, безбедност и услуги.

Силите на ПВК често се составени од лица од земји ширум светот, вклучувајќи ги Ангола, Канада, Непал, Израел, САД и делови од Африка и повеќето од овие лица се поранешни воени или полицајци, често од групи за специјални операции, како што се армиските Зелени беретки на САД.[260]

Националните војски, особено во демократските земји, сè повеќе го препознаваат директното и индиректното влијание на контракторите врз конфликтните процеси. Директните влијанија врз конфликтот вклучуваат обезбедување вооружен безбедносен персонал за спроведување конкретни операции и за заштита на локациите на базите. Во овие случаи, вработените во ПБФ се вооружени и често се овластени да користат сила во одбранбени ситуации. Понатаму, персоналот за приватно обезбедување често поседува слична облека, оружје и обука како националните војски на кои им обезбедуваат поддршка до таков степен што е тешко да се разликува ПБФ од националната војска.[261]

Овие голем број добро обучени војници ја зголемија воената експертиза достапна во приватниот сектор кои би можеле да се искористат за да се зголеми постојната маса на сила и со тоа да се зголеми одржливоста на силата.[262]

Некои, исто така, истакнуваат дека употребата на ПВБК ги предизвикува воените уникатности и ја зема експертизата од вооружените сили; приватните контрактори обично се подобро платени од нивните колеги вработени во државниот безбедносен систем.[263]

Понатаму, ПВБК често регрутираат поранешни војници на кои им се нуди повисока плата од таа што ја нудат државните војски, што потенцијално влијае врз задржувањето на искусен воен персонал во традиционалните вооружени сили.[264] Високите плати кои привлекуваат многумина во служба, обучени службеници да им се приклучат, па оттука ги влошува способностите на нивните армии. Патисон го нарекува тоа процесот на „одлив на мозоци“.[265] [266]

---

[260] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 76.

[261] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011).

[262] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 32-35.

[263] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

[264] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination. A/HRC/54/29, General Assembly, 2023, 7.

[265] James Pattison, "Humanitarian Intervention, the Responsibility to Protect and jus in bello," *Global Responsibility to Protect* 1, no. 3 (2009): 364-391.

Забележан е одреден пример кога стапките на наплата на контракторот биле најмалку повеќе од 5 пати повеќе од износот што им се плаќа на државните службеници кои вршат иста работа.[267] Како што посочува социологот Чарлс Рајт Милс, треба да се земат предвид мотивите дека се „течни и флексибилни, под влијание на околината на поединецот“ и тие зависат од индивидуалниот карактер на секоја личност и средината во која таа личност живее. Околината е клучен елемент кога се обидуваме да ја дефинираме и разбереме мотивацијата на контракторите.[268]

Во однос на практиките за регрутирање кои ги користат ПВБК, поведени се доста критики за нивниот начин. Тие се обидуваат да регрутираат војници кои додека сè уште се во војска. Еден таков пример е уште од 2004 година, каде претставници од Министерството за одбрана на Велика Британија, побарало од компаниите кои се наоѓаат таму, да не регрутираат припадници кои служат во војската.[269] Крис Сандерсон кој бил директор на Control Risks за владина поддршка, со седиште во Велика Британија, бил повикан како сведок на сослушувањето на одбраниот одбранбен комитет на Велика Британија во 2008 година за практиките на регрутирање на неговата компанија и бил прашан: „Дали би било погрешно Комитетот да донесе заклучок дека постои директна врска помеѓу проблемите со задржувањето во вооружените сили и вашето постоење како приватни компании во безбедносната индустрија кои регрутираат поранешни службеници?“ [270]

Понатаму, како примарна причина биле наведени поволните финансиски услови, но Сандерсон повеќе укажал на флексибилниот распоред за работа на поединците, преземањето работни места кога сакаат, краткорочните обврски што не го оптоваруваат семејството на војникот, подобри животни услови кога се во странство и пофлексибилна ротација отколку во војската.[271] Тоа биле причините зошто „Control Risks“ добивал толку многу апликации и ја имал можноста да ги избере најдобрите. Сандерсон во своето сведочење појаснил дека неговата компанија има онлајн формулар за апликација на нивните веб-страници.

Други компании имаат бази на податоци каде ги чуваат поранешните и сегашните вработени, кога ќе се појави работа, лицето ќе добие повик и ќе биде прашано дали е заинтересиран за работата. Системот на база на податоци е доста вообичаен и му овозможува на ПВБК да регрутира луѓе кои ја познаваат компанијата од поранешните операции и чии квалитети ги знаат и можат да се потпрат. Недостатокот со краткорочните договори и базата на податоци е за договорната страна, која има луѓе кои доаѓаат со различни „капи“. Еден ден контракторот претставува еден

---

[266] Christopher Spearin, "A Justified Heaping of the Blame? An Assessment of Privately Supplied Security Sector Training and Reform in Iraq-2003 - 2005 and beyond," in D. Stoker (ed.), In *Military Advising and Assistance: From Mercenaries to Privatization:* 1815-2007, 1st ed. (London: Routledge, 2010), 224-238.

[267] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 84-86.

[268] C. Wright Mills, *The Power Elite*, 2000 edition (USA: Oxford University Press, 1956). Цитиран во: A. Hawks, "Why becoming a Private Security Contractor cannot be explained by motivation," *Strife*, November 7, 2013.

[269] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 107.

[270] UK Parliament Select Committee on Defence, *Examination of Witnesses (Questions 200211),* April 1, 2008. Достапно на: UK Parliament website:
http://www.publications.parliament.uk/pa/cm200708/cmselect/cmdfence/424/8040110.htm.
Пристапено на: 29.03.2023.

[271] UK Parliament Select Committee on Defence, *Examination of Witnesses (Questions 200211),* April 1, 2008. Достапно на UK Parliament website:
http://www.publications.parliament.uk/pa/cm200708/cmselect/cmdfence/424/8040110.htm.
Пристапено на: 29.03.2023.

ПВБК, а другиот месец друг ПВБК. Базата на податоци, како и многу ПВБК, се состои од луѓе кои веќе се познаваат.

Следно, интервјуираниот сопственик на ПБК на „Shield Risk Consulting, J. Lundsgaard“, вели дека често луѓето кои се познаваат меѓу себе од војската управуваат со компаниите, и често регрутирањето се врши усно од луѓе кои служеле заедно. Во случајот со данскиот/американскиот ПБК, „Shield“ тие не вработуваат ниту еден без воено потекло и имале старосна граница при регрутирањето. Секако, колку е поголем ПВБК, толку е потешко да се регрутира усно на уста и затоа мора да се воспостави формализиран процес на аплицирање.[272]

2.5. Што е потполно неистражено?

Согласно анализираната достапна литература и спроведеното емпириско истражување, може да се заклучи дека најголема празнина има во испитување и анализа на мотивите за одливот на персонал од армиите и влијанието на ПВБК врз регуларните вооружени сили.

2.6. Заклучок

Прегледот на литературата за приватизацијата на војната и одливот на професионален кадар од армиите обезбеди мноштво податоци и информации што укажуваат на нејзината сложеност и предизвиците што сè уште остануваат во објаснувањето на феноменот. Прегледот не нуди дефинитивни одговори или решенија за приватизацијата и аутсорсингот на услугите за поддршка. Сепак, исто така, ги изложи слабостите кои се проблематични за нејзините напори за заштеда на трошоците и беа без анализа од други теоретски рамки, како што се политичката идеологија и организациските фактори. Прегледот на литературата беше корисен за сугерирање на потенцијалните причини и грижи од приватизацијата на различни нивоа од јавниот живот. Оваа студија настојува да го реши јазот кој се појавува помеѓу контракторите и јавните сили. Како непобитни факти се издвојуваат:

- ПВБК и во иднина ќе учествуваат во безбедносните системи на државите,
- ПВБК и понатаму ќе го обликуваат безбедносниот пејзаж особено во слабите држави,
- одливот на персонал од армиите и премин кон приватниот безбедносен сектор нема да запре,
- приватната безбедносна индустрија и понатаму ќе има прогресивен раст на пазарот,
- ПВБК и понатаму ќе останат нерегулирани на национално и меѓународно ниво.

[272] Solvej Karlshøj Christiansen, *Private Military and Security Companies and the Lack of National Legislation - Hired Help or the Way to the Future*? Master's thesis, 10th Semester, Development and International Relations, Aalborg University, 2010, 28.

3. ИСТРАЖУВАЧКА СТРАТЕГИЈА И МЕТОДОЛОШКИ ПОСТАПКИ

3.1. Истражувачка стратегија

Напорите да се истражи одливот на професионални кадри од армиите претставуваше предизвик и бараше да се преземат неколку чекори за да се добијат посакуваните резултати. Акцентот во дисертацијата беше ставен врз разбирањето на појавата, видот и функциите на ПВБК и нивните ефекти врз националната безбедност особено врз составот на Армијата. Врз основа на тоа, во истражувањето беше применета дедуктивна истражувачка стратегија.

Како комплементарен пристап, секогаш кога беше можно, се примени и квалитативна стратегија. Во овој контекст предвид беа земени објективните и субјективните ограничувачки аспекти, поради тоа што ПВБК се корпоративни и комерцијални ентитети кои се грижат за својот углед и не се секогаш отворени за јавноста, а од друга страна и државната воена организација е една од најзатворените институции. Тоа се должи поради причини кои се поврзани со функционалните императиви на војувањето, но и од други причини.

Истражувањата во рамките на воената и политичката антропологија, чии сознанија беа од полза во изработката на оваа дисертација, беше тешко да се спроведе поради тајновитоста на институцијата, односно специфичната природа на институционалните мерки за заштита на информациите и контролата, како и можните чувствителни политички прашања, особено кога се работи за актуелни прашања од национален или меѓународен интерес. Поради овој факт, собирањето информации воопшто не беше лесна задача. Со комбинирање на два методи на истражување, односно теориска анализа на примарни, секундарни и терциерни извори и со реализација на анкетен прашалник и полуструктурирани интервјуа со припадници на армијата и сегашни и поранешни контрактори вработени во приватната безбедносна индустрија, се пополнија голем дел од празнините и се отстранија одредените слабости во истражувачкиот зафат. Документарците и филмовите понудија визуелно искуство на истражувањето, додека повеќе извештаи од тинк-тенк и написи во весници ја дадоа перспективата на интелектуалната заедница и искуството на разни истражувачи.

Како квалитативен метод за истражување, интервјуата најчесто се користат за да се соберат информации што се протегаат низ различни општествени прашања. Изборот на полуструктурирано интервју фокусирано на лице беше посебно избрано. Проценета беше дека тоа е најдобра можност да се дојде до информации од членовите на војничката каста и за врските со културата и начинот на работа на ПВБК.

Имајќи ги предвид поставените цели и формулираните хипотези, се наметна потребата од континуиран процес на собирање и испитување на собраните факти, извлекувањето соодветни заклучоци врз основа на нив, како и потребата за изведување нови искази. За таа цел беа применети методски постапки, анализа, дескрипција, компаративниот метод, синтеза, и генерализација. Во истражувањето вклучени се и емпириски податоци, како и одговори собрани по пат на анкета и интервју.

Овој истражувачки потфат, во својата основа се определува како теориско, дескриптивно и експланаторно истражување од интердисциплинарен карактер и опфаќа подрачја од националната и меѓународната безбедност. Тоа претставува комбинација од теориско истражување на концептот и ефектите од приватизација на војната врз одливот на припадници од армиите. Експланаторниот метод даде придонес во истражувањето на концептот на приватизацијата на војувањето и ПВБК во меѓународни рамки, појавата, влијанието и причините и последиците врз националната безбедност. Со квалитативната анализа се стекнаа релевантни сознанија од теориска и

практична природа како и придобивките и последиците кои ги предизвикува приватизација на војната во безбедносниот систем.

3.2. Методологија

Методолошки постапки за собирање и анализа на податоците што беа собрани и што се користеа во текот на истражувањето беа:

- Методот на концептуална анализа, односно анализирање на централните поими на истражувањето;
- Компаративниот метод, особено во делот на разбирањето на влијанието и пристапите на развиените земји во врска со приватизација на војната, како и за воочување на меѓусебните сличности и разлики во ефектите и каузалната поврзаност;
- Метод на анализа на содржина преку анализа на документи, на регулативи и јавни политики, како и анализа на досега спроведените истражувања. Анализата на документите беше применета врз најрелевантните официјални документи врзани со развојот на државни капацитети, документите на највлијателните глобални и регионални ПВБК, релевантни документи и статистички извори. Покрај анализата на примарните извори – нормативните акти, стратегии, извештаи и други официјални документи, како и релевантни говори и обраќања, изјави, медиумски написи и персонални интервјуа, во истражувањето користени беа и широк спектар од секундарни извори, првенствено, релевантна научна литература.

Кога станува збор за употребата на истражувачките техники, во ова истражување користено беше анкетирањето (анкетен прашалник) и полуструктуирано интервју со одреден број испитаници. Целната група на испитаници кои беа опфатени со истражувачките техники беа припадници кои во тие моменти беа вработени во државните безбедносни структури, а исто така и припадници кои напуштиле и кои моментално работат или работеле во Авганистан, Ирак или на друго место за ПВБК. Исто така, во истражувањето беа опфатени и разговори со еминентни професори кои работат на полето на безбедносната тематика.

Спроведеното емпириско истражување претставува добра основа и начин за доаѓање до размислувањата и ставовите на луѓето кои се доволно теоретски и практично потковани за да дадат одговор на клучните прашања од оваа тематика. Добиените резултати беа собрани, категоризирани и потоа беше извршена квантитативна и квалитативна анализа. Импликациите беа да се откријат главните причини за одливот на професионалните кадри, а потоа дадени се предлози за превенирање на одливот како и за задржување на персоналот. Овие резултати, заедно со информациите презентирани во прегледот на литературата и низ дисертацијата, ги детализираат причините зошто професионалните кадри ги напуштаат армиите и кои решенија може да се применат за превенирање на одливот.

4. ВЕБЕРИЈАНСКАТА ДРЖАВА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

4.1. Веберијанската држава во контекст на приватизацијата на војувањето

Оваа глава ги истражува предизвиците со кои се соочува Веберијанската држава во ера на глобализиран свет, кога приватизацијата на војната, односно подемот на ПВБК го поткопува традиционалниот монопол на насилство. Исто така, прикажано е делото и опусот на Макс Вебер[273], за чие постоење и функционирање на денешните држави влечат корени токму од него. Низ самата глава се истражуваат три меѓусебно поврзани хипотези, и тоа: приватизацијата на војната го еродира монополот на употреба на сила на државата; приватизацијата на војната ја редефинира безбедноста како функција на државата; и ПВБК го поткопуваат традиционалниот пристап на употреба на вооружените сили.

Самиот концепт за Веберијанската држава е карактеризиран со формулацијата на Макс Вебер за легитимен монопол за употреба на сила во рамките на одредена територија. Формулација претставува камен-темелник на модерната државност веќе долг временски период. Меѓутоа, во денешниот глобализиран свет, овој идеал доведен е во прашање, и се соочува со длабоки предизвици. Тоа се должи поради приватизацијата на војната, односно поради зголемената употреба на ПВБК во воените операции. Контролата на државата врз нејзиниот воен апарат станува послаб бидејќи воениот персонал и експертизата се влеваат во приватниот сектор. Многу е ризично да се намали контролата на државата за употребата на насилство и да се дозволи војната да стане нешто друго освен јавна одговорност.[274] Државите мора да се справат со предизвикот за интегрирање на ПВБК во нивните национални безбедносни стратегии, притоа зачувувајќи го нивниот веберискиот карактер.

Приватизацијата на војната се гледа како продолжување на приватизацијата и на останатите јавни функции како на здравството, така и образованието. Меѓутоа, често се смета дека воените функции се различни и специфични само за државата. Бидејќи овие функции вклучуваат убивање (или барем соучесништво во ова), се тврди дека „инструменталниот“ начин на расудување широко користен во образовниот и здравствениот сектор е несоодветен.[275] Од тоа произлезени се две последици. Првата последица е дека се создадоа приватни зони (денационализирани) во посед на приватни сопственици и едно сегрегирано општество со класни разлики. Втората последица е дека државата се стави во улога да склучува јавно-приватни партнерства, или во овој

[273] Макс Вебер бил германски социолог, филозоф и политички економист кој живеел од 1864 до 1920 година. Познат е како еден од основачите на социологијата и доста познат по неговото влијание врз разбирањето на политиката, економијата и модерните општества. Неговата дефиниција за државата која е општоприфатена како класична, може да се каже дека истата е длабоко втемелена во сите теориски парадигми како појдовна точка за дополнителни анализи. Државата е таа што го поседува монополот на легитимна употреба на сила на одредена територија, како дефиниција останува релевантна до ден денес поради неколку причини. Тие причини лежат во нејзината едноставност и јасност, улогите во управувањето со безбедноста, истата се спојува односно е неразделен дел со суверенитетот на државите, помага на научниците да ја користат во различни концепти, како политички, социолошки и други, истата претставува една глобална наднационална дефиниција бидејќи ги надминува културните и географските граници. Дефиницијата опстојува како суштински придонес кон разбирањето на политичките организации и моќ, како и обезбедување на вредни сознанија за природата и функциите на државата во современото општество. Повеќе во: A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014).

[274] Michael Walzer, "Mercenary Impulse," *The New Republic*, March 2008. Достапно на: https://newrepublic.com/article/62864/mercenary-impulse. Посетена на: 24.04.2023.

[275] Alon Harel, "Outsourcing Violence?" *Law and Ethics of Human Rights* 5, no. 2 (2011): 399.

случај партнерства помеѓу државните сили за безбедност и приватната безбедносна индустрија. Втората последица логично води до заклучок дека државата повеќе не е во состојба да ја гарантира својата безбедност. Тоа е посебно видливо во земјите од Третиот свет каде што силата не е контролирана од државата туку од различни организации.

Понатаму, глобалните закани, конфликтите и војните меѓу државите прават концептите за национална безбедност да изгледаат застарени. Во безбедносните студии, државата зазема централно место во истражувањата. Порастот на интересот за државата е многукратен, односно зависи од која појдовна точка се поаѓа и за која цел се истражува. Дополнително, наднационалните интегративни процеси во меѓународни организации имаат сличен ефект врз националните држави.

Самата глава е организирана во три потточки кои треба да придонесат за еден сеопфатен преглед на генезата на проблемот, да се дадат одговори и да се испита заемната корелација помеѓу Веберијанската држава и приватизацијата на силата.

Првиот дел го истражува концептот и дефинирањето на Веберијанската држава, потпирајќи се врз работата на Макс Вебер. Веберовата дефиниција за државата е корисна за целите на оваа студија бидејќи ни обезбедува основа за разбирање на меѓусебната поврзаност помеѓу државата и институциите. Вториот дел го воведува концептот на државниот монопол на сила, додека третиот дел ја истражува приватизацијата на силата и предизвиците кон Веберијанската држава.

4.2. Концепт и дефинирање на Веберијанската држава

Глобализацијата суштински го промени традиционалниот поим за национална држава во денешниот меѓусебно поврзан свет и меѓународен систем, како што е научно докажано. Националните влади веќе не се единствено одговорни за правење избори за воените активности и употребата на сила во многу случаи. Помеѓу државата и насилството постои заемна врска. Државата отсекогаш била прифатена како заштитен штит за своите граѓани. Државата како централен дел на политичкиот систем и историска константа претставува најважен облик на политичкото организирање.[276] Традиционално се смета за единствениот субјект кој треба да се вклучи во војна и да користи насилство како политичко средство.[277] Таа мора прво да помине низ „Тилијанска“ форма при што државата функционира како безбедносен штит кој воспоставува врска меѓу себе и своите граѓани пред да може да постигне веберијанската форма, односно монопол над легитимната употреба на сила.[278] Сепак, гледано низ историјата таа заемна врска не била својствена.[279]

---

[276] Билјана Ванковска, *Политички систем* (Скопје: Бомат Графикс, 2007), 27-28.

[277] Повеќе во: Kateri Carmola, *Private Security Contractors and New Wars: Risk, Law, and Ethics* (London: Routledge, 2010).

[278] Abdel-Fatau Musah, "Privatization of Security, Arms Proliferation and the Process of State Collapse in Africa," *Development and Change* 33, no. 5 (2002): 915. Повеќе за Тилијанска форма во: Charles Tilly, Peter B. Evans, R. Dietrich Rueschemeyer, and Theda Skocpol, *War Making and State Making as Organized Crime* (Cambridge: Cambridge University Press, 1985).; P. Lottholz and N. Lemay-Hébert, "Re-reading Weber, re-conceptualizing state-building: from neo-Weberian to post-Weberian approaches to state, legitimacy and state-building," *Cambridge Review of International Affairs* 29, no. 4 (2016): 1467–1485.; Charles Tilly, *The Formation of National States in Western Europe* (Princeton: Princeton University Press, 1975), 638.

[279] Повеќе за идејата за монополот на употреба на сила како и за теоријата на Хобс, Џон Лок, Жан Жак Русо за социјалниот договор и за воведувањето на монополот врз насилството во: Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017.; A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014). Исто така, за државата и насилството во: Joakim

Во денешниот меѓународен поредок и глобализиран свет, овој тип интеракција не е вообичаен меѓу многу држави. Голем број автори предупредуваат дека ваквиот државен монопол гледан во историски контекст е всушност исклучок, а не правило. Тие забележуваат дека почетокот на 21 век сведочи за постепеното распаѓање на „веберискиот монопол.“[280] Мишел Смол вели: „Државниот монопол над насилството е исклучок во историјата отколку правило и дека модерната држава е релативно нова форма на управување.“[281] [282]

Историски гледано, претходните системи на современите нации беа обележани со хаос и судири. Факт е дека и денес светскиот поредок функционира во еден голем хаос. Како маркантна година што се јавува за формирањето на модерните национални држави е 1648 година, одбележана со потпишувањето на Вестфалскиот мировен договор. Договорот од Вестфалија во суштина претставува кодифицирање на современиот државен систем.[283] Современите држави се карактеризираат со нивното верување во апсолутен суверенитет и дефинирана територија, што ги разликува од претходните држави. Во суштина, земјите добија свој територијален интегритет и право на монопол на сила во рамките на таа територија.[284] Подемот на национализмот и веберискиот поим за државата во 19 век доведоа до тоа националните регрутирани армии да станат норма.[285]

Веберијанската држава се одликува со поседување: административен управен апарат, монопол врз репресивниот апарат и насилство и способност да го одржи, манифестира и употреби, тој монопол доколку е потребно.[286] Вебер го идентификува административниот и правниот поредок како најсуштинскиот формален елемент на современата држава, кој е предмет на модификација преку законодавството. Основната функција на управниот и правниот поредок е нормативна: групното дејствување на управниот апарат се водат и определуваат со закони. Административниот и правниот поредок претендира да важи во голем обем за секого и секоја акција што се случува во областа со која управуваат. Акцентот на административниот капацитет на државата и нејзината способност да наметне авторитет над општеството, заедно со основниот концепт на легитимност, значително влијаеше врз модерната литература за градење на државата, давајќи го тоа што е познато како институционалистички пристап кон развојот на државата. Примарната критика на институционалистичкиот пристап кон градењето на државата е дека фокусот на државните институции и способности, во голема мера, под влијание на европското искуство, има тенденција да ги натера научниците да ги превидат или игнорираат политичките, културните и историските контексти на земјите што се проучуваат. Оваа концептуализација е централна за подемот на технократскиот метод во градењето на државата, кој нагласува конкретни

Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009.

[280] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 18.

[281] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 10.

[282] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 19.

[283] D. Held and A. McGrew, "Introduction," in *The Global Transformations Reader: An Introduction to the Globalization Debate*, ed. by D. Held and A. McGrew (Cambridge: Polity, 2003), 9.

[284] R. O. Keohane, "Sovereignty in International Society," in *The Global Transformations Reader: An Introduction to the Globalization Debate*, edited by D. Held and A. McGrew (Cambridge: Polity, 2003), 150.

[285] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 8.

[286] Билјана Ванковска, *Политички систем* (Скопје: Бомат Графикс, 2007), 30.

одредници за поширокиот политички развој на една земја. Тоа сугерира дека е изводливо да се „организираат држави“ без да се вклучат во спорни активности поврзани со градење идентитет.[287]

Државата што ја согледуваме во денешната форма претставува „збир од постојани и меѓусебно поврзани правила кои пропишуваат улоги во однесувањето, ја ограничуваат активноста и ги обликуваат очекувањата“ поделени на административни, правни, екстрактивни и принудни категории. Монополот на употребата на сила е суштински аспект на државноста. Самите институции на државата направија поделба на легитимни и нелегитимни форми на насилство. Согласно тоа, државата беше издвоена како единствена легитимна во обезбедувањето безбедност.[288]

Еден од најпознатите автори кои го истражувале настанувањето на државата и соодветната улога на државата е токму Макс Вебер кој ја дал најшироко употребуваната дефиниција за државата. Во текот на работата на Вебер, има делови кои се однесуваат на природата на државата. Една држава, на пример, не може да се дефинира според нејзината цел, туку само со нејзините средства. Иако употребата на физичка сила може да варира, сепак е специфична за државата дека таа секогаш ќе прибегнува кон насилство во последен случај.[289]

Вебер ја нарече државата „најважниот конститутивен елемент на целиот културен живот“, но никогаш не бил автор на целосна студија за државата.[290] Според Вебер, државата е таа човечка заедница и таа општествено-политичка креација која сама за себе и со успех бара монопол на легитимната употреба на физичка сила. Во своето предавање „Политиката како професија“, ја дефинирал државата како „човечка заедница која (успешно) го бара монополот на легитимна употреба на физичка сила на одредена територија“.[291] Дополнително, државата е политичка организација и политичка институција: „Политичката организација со карактер на институција треба да се нарекува држава доколку нејзиниот административен апарат успешно го бара правото на монопол на легитимната физичка принуда за одржување на редот“.[292] Понатаму, Вебер ги дефинира политичките заедници. Под поимот “политичка заедница“ подразбира таква заедница која со своите постапки покажува подготвеност да употреби физичка, па дури и вооружена сила со цел да потчини една територија и однесување на луѓето кои трајно или привремено се на неа на регулираното владеење на нејзините учесници.[293] Така, „политичката заедница припаѓа на такви заедници во кои заедничкото дејствување вклучува принуда од тој вид што го загрозува или уништува животот и слободата на движење и на тие кои не припаѓаат на таква заедница и на учесниците во таа заедница.“ Затоа, секоја политичка заедница развива специфичен однос и ги поставува своите трајни емоционални основи во тоа што се нарекува заедничка политичка судбина.[294] Државата е единствен и најважен облик на

[287] P. Lottholz and N. Lemay-Hébert, "Re-reading Weber, re-conceptualizing state-building: from neo-Weberian to post-Weberian approaches to state, legitimacy and state-building," *Cambridge Review of International Affairs* 29, no. 4 (2016): 1474.

[288] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 11.

[289] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology*, edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 3-4.

[290] A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014), 1.

[291] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology*, edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 3-4.

[292] Max Weber, *Privreda i društvo* 1 (Beograd: Prosveta, 1976), 38.

[293] Max Weber, *Privreda i društvo* 2 (Beograd: Prosveta, 1976), 7.

[294] Max Weber, *Privreda i društvo* 2 (Beograd: Prosveta, 1976), 9.

политичка заедница. Државата е најважна општествена творба, а сите политички субјекти се потпираат врз употребата на сила. Тука се разгледува институционалната дефиниција на државата и начинот на кој таа го објаснува институционалистичкиот пристап кон градењето на државата. Во овој контекст, државниот апарат се сфаќа како посебен ентитет кој јасно се разликува од општеството, што е една од главните карактеристики на тоа што настанало познато како и неовеберијанскиот пристап.[295]

Понатаму, во опусот се истакнува дека:„модерната држава може да се дефинира само во однос на специфичните средства кои се карактеристични за неа, односно употребата на физичка сила“.[296] Следствено, „Веберијанската држава“ става акцент врз монополот на државата за легитимна употреба на физичка сила во извршувањето на нејзините наредби“ во рамките на својата територија.[297] [298] Според Вебер, монополот на сила на државата не е само како карактеристика или атрибут, туку напротив нејзина инхерентна функција.

Врз основа на Веберовиот концепт на државата, може да се идентификуваат различни услови за добро функционирање на државата и зголемување на државната власт. Примарната цел е да се прошири и зајакне контролата врз територијата преку конфликт за да се елиминираат или неутрализираат надворешните конкуренти. Ова вклучува елиминирање на приватните армии, формирање редовни професионални вооружени сили контролирани од државата и поставување централизирана државна рамка за координирани воени дејства. Второ, внатрешното смирување и зачувувањето на редот на територијата, позната како државност, треба да се елиминираат ривалите во областа и да се воспостават постојани механизми за надзор и полициска контрола за управување со територијата. Трето, функцијата за обезбедување безбедност и сигурност на населението. Ова се постигнува со спроведување на владеењето на правото и обезбедување застапеност на народот преку создавање судови и собранија. Четвртата функција, која се потпира врз првите три, вклучува добивање на потребната готовина преку собирање ресурси од внатре или надвор од државата, како што се: даноци, давачки и царини. Тоа подразбира создавање владин систем, ефикасна владина бирократија со финансиски рамки. Поттик за извршување на оваа функција е централизацијата и монополизацијата на средствата за примена на сила.[299]

Вебер ги истакна основните функции на државата како: (а) воспоставување на правото (законодавна функција), (б) заштита на личната безбедност и јавниот ред (полиција), (в) заштита на стекнатите права (судство), (г) поттикнување хигиенски, педагошки, општествено-политички и други културни интереси (различни гранки на власта) и (д) особено организирано насилна заштита од надворешни опасности (воена управа).[300] [301]

---

[295] P. Lottholz and N. Lemay-Hébert, "Re-reading Weber, re-conceptualizing state-building: from neo-Weberian to post-Weberian approaches to state, legitimacy and state-building," *Cambridge Review of International Affairs* 29, no. 4 (2016): 1472.

[296] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology*, edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 3.

[297] Max Weber, *The Theory of Social and Economic Organization* (New York: Oxford University Press, 1947), 154.

[298] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 11.

[299] Herbert Wulf, *Challenging the Weberian Concept of the State: The Future of the Monopoly of Violence* (Brisbane: The Australian Centre for Peace and Conflict Studies, 2007), 11.

[300] Max Weber, *Privreda i društvo* 2 (Beograd: Prosveta, 1976), 10.

[301] Исто така, повеќе за државните функции во: Ulrich Schneckener, "Fragile Statehood, Armed Non-State Actors and Security Governance," in *Private Actors and Security Governance*, edited by Alan Bryden and Marina Caparini (DCAF, 2006).

Предизвикувачки е да се замисли поимот држава без Веберовата категорична дистинкција меѓу моќ и власт. Вебер ја дефинира моќта како веројатност одредени поединци да следат одредени команди. Веберовата дефиниција за политичка група е важна и за поимот влада и држава. Тој вели: „Политичката група треба да се нарекува група која има моќ во случај кога нејзиното постоење и валидноста на нејзините наредби во одредено географско подрачје континуирано го гарантира административниот апарат со примена и закана со физичка принуда“. Политичкиот карактер на државата може само да се дефинира во однос на средствата, односно власта: „имено, на начинот на кој се врши државната власт, без да се води сметка за целта на која и служи власта“.[302] Ако политичкиот карактер на државата може да се определи само со средства тогаш тоа е насилството.

4.3. Веберискиот концепт за државен монопол на сила

Денес, не постои неприкосновен национален ентитет. Процесите на глобализација предизвикуваат националните граници да станат поспорни и порозни. Современата држава има витална улога во обезбедувањето на благосостојбата и застапеноста на своето население, како и во заштитата на нејзините жители преку осигурување на нивната безбедност според владеењето на правото.

Историски гледано, важно е да се забележи дека експресната употреба на терминот „монопол“ стапи во употреба по важен историски момент, односно во време на основањето на Втората германска империја. Пред 1871 година, ниту еден германски теоретичар не го спомнал терминот „монопол“ во однос на државата.[303]

Вебер ја идентификуваше монополизацијата на силата како примарна карактеристика што ја издвојува државата од сите други историски системи на владеење.[304] Државата не може да постои без монопол на сила. Монополот на сила е примарна и ефикасна причина за создавање држава, и историски и концептуално. Оттука, познатата дефиниција на Вебер е целосно конзистентна. Вебер ги нагласува употребата на легитимните присилни мерки и институционалниот карактер на државата. Институцијата ја подразбира законската рамка, а нејзиниот јасно структуриран механизам на правила обезбедува насоки за правилно однесување на сите учесници.

Затоа, од клучно значење е да се утврди што конкретно го дефинира монополот на употреба на сила. Во суштина, тоа ги означува активностите преземени од државните безбедносни сили, вклучително и армијата и полицијата. Тогаш тие го применуваат таканаречениот „монопол на употреба на сила“. Монополот на државата во оваа интерпретација се чини дека е компатибилен со распределбата на различни центри на моќ во државата, бидејќи монополот го држи исклучиво државата. Концептот сугерира дека државата е единствениот чинител со законски овластувања да одобри употреба на насилство, наместо да биде единствениот актер кој всушност применува насилство. Државата може да му даде право на друг актер да прибегнува кон насилство без да го изгуби својот монопол, сè додека таа останува единствениот извор на правото да се прибегне кон насилство. Идејата на Вебер за државата се состои од три клучни компоненти: територија, легитимен монопол на насилство и доминација (контрола). Обемната работа на Макс Вебер содржи бројни референци за поимот

[302] Max Weber, *Privreda i društvo* 1 (Beograd: Prosveta, 1976), 38-39.
[303] A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014), 30.
[304] A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014), 25.

територија, сугерирајќи дека контролата на територијата е од суштинско значење за државна контрола на насилството.[305]

Државниот монопол за овластена употреба на воена сила вклучува најмалку три прашања. Првиот чекор е да се формираат овластени субјекти на кои им е дозволено да користат сила, особено на демократската држава и нејзините институции. Второ, бара консензус за прифатлива употреба на насилство и критериуми за тоа, вклучително и забрана за тортура, како и принцип на пропорционалност во примената на сила. Последно, дефиницијата ги специфицира условите и причините поради кои на државните актери дозволено им е да применуваат сила, како што се јавната безбедност и националната одбрана. Прашањето за тоа кој има овластување да користи вооружена сила е клучно. Нормата на државниот монопол врз насилството почива на претпоставката дека општо очекување за мирна соработка и решавање конфликти може да се развие меѓу сите граѓани само доколку на приватни лица им се забрани користење вооружена сила за остварување на сопствените интереси. Тој смета дека државата треба да задржи минимум сила за да ги заштити своите граѓани од домашните актери кои не ја почитуваат забраната и од меѓународните закани.[306]

Макс Вебер во своето дело „Научникот и политичарот“ вели: „Денес односот меѓу државата и насилството е особено интимен. Историски најразновидните политички групи, почнувајќи од родниниte, сите го држат физичкото насилство за нормални средства за моќ. Од друга страна, современата држава мора да биде замислена како човечка заедница која, во границите на дадена територија успешно го бара за себе монополот на легитимното физичко насилство.“ Продолжува: „Како и сите политички групи што и претходеа историски, државата се состои од однос на доминација на човекот над човекот заснован врз средства за легитимно насилство.“[307] Вебер предупредува дека насилството не е единствениот или вообичаен метод за контрола на политичките групи или државата. Заканата и евентуалната употреба на насилство е нивно специфично средство и секаде ultima ratio, кога прикрива други средства.[308] Вебер изјавува дека легитимното насилство денес постои само онолку колку што државниот поредок го дозволува и пропишува. Оттука, монополскиот карактер на државната власт е важна карактеристика на нејзината сегашна положба.[309]

Вебер во својата дефиниција за државата зборува за специфичен тип на сила и тоа легитимна физичка сила. И двете од овие атрибути се важни. Првично, тој се осврнува на физичката сила, која е отворена и директно насочена кон човечкото тело, а второ зборува за легитимна сила. Категоријата на легитимитет е тесно поврзана со државниот концепт, а монополот на сила, исто така, е поврзан со легитимноста. Во своето предавање „Политиката како професија“, тој нагласи дека државата се потпира врз сила за да спречи анархија. Овде силата е издигната на суштинска состојба (conditio sine qua non). Вебер тврди дека прифаќањето на државата инхерентно значи прифаќање на употреба на сила и тој недвосмислено го изразува сопственото одобрување на овој концепт.

Развојот и проширувањето на монополот на сила е нераскинливо поврзан со развојот и проширувањето на суверенитетот, што тој го нарекува „материјален атрибут на денешната институционална држава“. Тој концептуално не прави разлика помеѓу

[305] Q. Nasrat, "State Monopoly of the Right to Punish and Private Security Companies," *Ankara Üniversitesi Hukuk Fakültesi Dergisi* 70, no. 4 (2022): 1309.
[306] Elke Krahmann, *Private Security Companies and the State Monopoly on Violence: A Case of Norm Change*? PRIF-Reports No. 88 (Frankfurt: Peace Research Institute Frankfurt, 2009), 3.
[307] Max Weber, *Le savant et le politique* (Paris: Union Générale d'Editions, Le Monde en 10-18, 1963), 29.
[308] Max Weber, *Privreda i društvo* 1 (Beograd: Prosveta, 1976), 38.
[309] Max Weber, *Privreda i društvo* 1 (Beograd: Prosveta, 1976), 39.

монополот на сила и суверенитетот, гледајќи ги како две страни на иста паричка. Монополот на сила првенствено се однесува на внатрешните работи, додека суверенитетот ја обединува домашната со надворешната перспектива. Суверенитетот може делумно да се откаже во економски или воени сојузи, додека монополот на сила е неделив бидејќи без него државата е загрозена. Токму поради оваа причина, монополот на физичката сила е основна карактеристика на државата, а суверенитетот е повеќе спореден критериум.

Во однос на легитимитетот, главно прашање што се поставува е да се утврди легитимната употреба на сила и предизвиците со кои се соочува државниот монопол на сила. Денес, употребата на сила се смета за „легитимна“ само до степен до кој тоа е дозволено или пропишано од државата. Овој начин на кој државата полага право на монопол на владеење со сила е суштинска карактеристика како што е нејзиниот карактер како рационална „институција“ и континуирана „организација“.[310]

Накратко, нормата или идеалот на државниот монопол врз насилството пропишува дека државата треба да биде единствениот легитимен чинител кој користи сила за други цели освен непосредна самоодбрана. Појавата на националната држава и модерните демократии одиграа голема улога на оваа промена. Многумина веруваат дека државниот монопол врз насилството го достигнал врвот во западниот свет во текот на дваесеттиот век, исто така опишан како „златната доба“ на национална држава.[311]

Единствениот легитимитет на државната употреба на колективна сила произлегува од неколку фактори. Пред сè беше дефинирањето на околностите и целите за кои државата може да користи вооружена сила преку демократски процеси на одлучување. Тие процеси имаат за цел да обезбедат употреба на вооружена сила против граѓаните да се случи само со нивно претходно одобрение, познато како влезна легитимност. Друг фактор е колективната природа на овие одлуки. Со оглед на тоа што приватната употреба на сила може да послужи за самоопределување на конкретниот граѓанин кој применува насилство за да ги постигне своите цели, таа вообичаено не вклучува дозвола од тие против кои е насочено. Демократската контрола и отчетноста на државните структури кои применуваат сила во име на колективот, како што се полицијата и вооружените сили, обезбедуваат дополнителен легитимитет.[312]

Во однос на поткопувањето на државниот монопол на сила, се поставува прашањето кои трендови го предизвикуваат концептот на „Веберијанска“ држава? Во следниот дел ќе биде обработен трендот на приватизација на силата како еден од водечките еродирачки трендови покрај интернационализацијата и глобализацијата.

4.4. Приватизација на силата и предизвиците на Веберијанската држава

Во овој дел ќе се дискутира за процесот на деконструкција на Веберијанската држава преку перспективата на приватизацијата на силата. Резултатот од тоа е фрагментиран безбедносен интерес и приватизација на делови од јавната безбедност. Студиите спроведени од Дебора Авант, тврдат дека големата употреба на ПБК претставува закана за традиционалниот авторитет на државите како единствени и

[310] A. Anter, *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance* (Palgrave Macmillan, 2014), 11-12.

[311] Elke Krahmann, *Private Security Companies and the State Monopoly on Violence: A Case of Norm Change*? PRIF-Reports No. 88 (Frankfurt: Peace Research Institute Frankfurt, 2009), 2.

[312] Elke Krahmann, *Private Security Companies and the State Monopoly on Violence: A Case of Norm Change*? PRIF-Reports No. 88 (Frankfurt: Peace Research Institute Frankfurt, 2009), 3.

легитимни обезбедувачи на сила.[313] [314] Шрајер и Капарини ја истакнуваат загриженоста дека приватизацијата на некои воени функции може да предизвикаат ерозија на воениот етос и самоперцепцијата за воената чест и вредностите“.[315] Повеќето студии за ПВБК произлегуваат од почетната точка на Вебер за државата како „заедница која (успешно) го бара монополот на легитимната употреба на физичка сила на дадена територија“.[316] Семјуел Хантингтон забележува дека: „Додека сите професии се во одреден степен регулирани од државата, воената професија е монополизирана од државата“. Во историјата на цивилни договори, тоа што се забележува е распадот на голем јавен монопол и аутсорсинг на многу традиционални воени функции одржувани од државата до приватните корпорации за извршување на продолжувањето на меѓународните односи со помош на војна.[317] Мишел Смол посочува дека подемот на здруженијата за заштита на приватни граѓани е јасен показател за неефективноста на државата.[318] Кога ќе дојде до тоа, државата потфрлува во својата инхерентна функција. Абрахамсен и Вилијамс сугерираат дека зголемената приватизација на државниот монопол врз насилството ја означува нејзината севкупна лоша состојба. Аутсорсингот на безбедноста како централна задача на државата, исто така, е показател за социјална нестабилност и слабост на државата.[319] Поинаку кажано, државата нема доволно капацитет за справување со предизвиците и бара решение во приватниот сектор. Авторот Ентони Гиденс дава еден совршен пример за реалистичната интерпретација на бинарниот однос на моќта на државата со приватната безбедност кога вели: „националните држави ја контролираат целата населена област на земјината топка, а корпорациите мора да постојат некаде, тие мора во краен случај или да ја преземат власта во државата или да станат предмет на една држава“.[320]

Логична последица на слабеењето на националната држава и нејзината неспособност да воспостави монопол на силата е потребата од различен формат за примена на сила соодветно и според договорените норми. Тука се сугерира дека повеќекратните слоеви на власт кои веќе постојат да се интегрираат во системот на споделена власт над монополот на силата. Оваа нова агенда ги оспорува традиционалните гледишта за монополот на силата, кои обично ја сметаат националната држава како единствен соодветен актер.[321]

---

[313] Повеќе во: Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005).

[314] Deborah D. Avant and Renée De Nevers, "Military Contractors & the American Way of War," *Daedalus* 140, no. 3 (2011): 88-99.

[315] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 89.

[316] Max Weber, "Politics as a Vocation," in *From Max Weber: Essays in Sociology*, edited by H.H. Gerth and C.W. Mills (New York: Oxford University Press, 1946), 4.

[317] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 14-15.

[318] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 12.

[319] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 233-236.

[320] Anthony Giddens, *The Nation-State and Violence: Volume Two of a Contemporary Critique of Historical Materialism* (Cambridge: Polity, 1985), 290. Цитиран во: Patrick Jerome Cullen, *Private Security in International Politics: Deconstructing the State's Monopoly of Security Governance*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2009, 31.

[321] Herbert Wulf, Good Governance Beyond Borders: Creating a Multi-Level Public Monopoly of Legitimate Force (Geneva: Centre for the Democratic Control of Armed Forces, 2006), 4.

Важно е да се напомни дека приватизацијата на безбедноста не е ограничена само на војската, односно се спроведува скоро во сите безбедносни области. Карактеристика на постмодерните општества е зголемената зависност на војската од приватниот сектор, истакнувајќи нова пропустливост помеѓу цивилните и воените структури.[322] Тоа укажува на историска промена во нормите во однос на концептот на државата: таа повеќе не држи монопол на насилство, туку „монопол на безбедноста“.[323] Моментално развојот на приватизацијата се случува во голема мера надвор од контролата на јавноста. Но, дури и владите често не се свесни што прават воените компании на или околу бојното поле.[324] [325] Државата го одржува својот легитимитет во очите на своите граѓани со тоа што овозможува безбедноста да допре до населението преку медиумите и на јавниот и на приватниот сектор.

Приватизацијата на безбедноста е фундаментален предизвик за државниот монопол на сила. Веберовиот концепт на „државен монопол на сила“ повлекува отстранување на приватните армии и разоружување на други вооружени недржавни актери. Историски гледано, платеничките слободни компании претставуваа поорганизирана структура на насилство, но сепак тие се појавуваа ад хок и ги имаа истите проблеми поврзани со контролата и следењето. Трговските компании се најпродорната структура во приватните претпријатија и во приватното обезбедување.[326] Дополнителни детали за историјата и категоризацијата на приватните субјекти ќе бидат дадени во претстојното поглавје.

Приватизацијата на безбедноста често се смета за поткопување на поствестфалскиот поредок кој постои со векови. Според овој редослед, претпоставката е дека суверените држави го имаат монополот над употребата на сила.[327] Кога државните институции како војската и полицијата се ослабени до тој степен што го губат својот монопол врз насилството, државата не е во состојба да обезбеди усогласеност и придржување кон правниот систем. Андерсон тврди дека „промената во контролата на силата на општеството има способност сериозно да ја промени политичката сцена на која било држава“.[328] Употребата на приватни армии или договорни сили историски се случува за време на турбулентни времиња. Секаде каде што има нарушување на внатрешниот поредок, системски пресврти или промени, големи проекти за територијална експанзија и/или континентални војни.[329]

---

[322] Charles C. Moskos, John Allen Williams, and David R. Segal, *The Postmodern Military: Armed Forces after the Cold War* (New York: Oxford University Press, 2000), 6.

[323] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 224.

[324] Herbert Wulf, *Challenging the Weberian Concept of the State: The Future of the Monopoly of Violence* (Brisbane: The Australian Centre for Peace and Conflict Studies, 2007), 14.

[325] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 56-59.

[326] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 6.

[327] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 6.

[328] Martin Andersson, *Private Military Companies and the Effect on the Control of Force in the Developing World* (Lund University, 2005), 5.

[329] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 7.

Многу влади во земјите во развој, особено во слабите држави[330], не се во можност да гарантираат закон и ред. Нивните полициски и воени сили немаат сила, интегритет или волја да го поддржуваат владеењето на правото и ексклузивната контрола на државата врз употребата на сила. Дејствијата на недржавните актери може да претставуваат директна или индиректна опасност од насилство за поддржавните групи. Економските и политичките активности на недржавните актери резултираат со голема несигурност. Како последица од оваа несигурност, приватни актери како ПВФ се повеќе ангажирани од влади, меѓународни организации, бизниси или поединци за извршување на задачите кои претходно ги извршувале вооружените сили и полицијата.[331]

Феноменот на слаба или пропадната држава се однесува на ситуација кога централната власт не е во состојба да го гарантира јавниот ред на својата територија, не може да ги контролира границите, да го одржи нормалното функционирање на јавните институции, и е ранлива во однос на вонуставни внатрешни предизвици. Како индикатори за ваквата ситуација се земаат: нивото на економски развој, благосостојбата на граѓаните, степенот на конфликтност во општеството и слично. Сепак, како што добро забележуваат некои автори, станува збор за contrario концепт, т.е. концепт дефиниран во негативна смисла, во однос на концептот на успешна држава, која е по дефиниција веберијанска и западна.[332] Литературата во голема мера тврди дека: „традиционалната веберова дефиниција за државата е сè повеќе неусогласена со реалноста“.[333] Приватното обезбедување/набавката на воени услуги е предизвик конвенционалните претпоставки за улогата на националната држава како главен чинител на воените работи и заштитник на безбедноста на нејзините граѓани. Во отсуство на ефективни правни рамки и структури се поведуваат прашања за законитоста, легитимноста и одговорноста во сферата на безбедносната политика.[334]

Сите невладини организации, меѓународни организации, транснационални корпорации и поединци ја користат ПБИ. ПБИ е транснационална, меѓузависна индустрија, надвор од доменот на која било држава, употреба или контрола. Јасно е дека државата е во повлекување. Многу развиени, обично вебериски држави користат ПБК и ПВК како мерка за подобрување, што претставува проширување на капацитетите на државата. Сепак, многу држави во развој, вклучително и африканските држави, се потпираа врз нив како пополнувачи на нивниот безбедносен вакуум, што укажува на видливо повлекување на државата.[335]

---

[330] Концептот на силни и слаби држави често се користи академски, иако не постои согласност во дефинициите. Во литературата се користат бројни дефиниции и синоними за исти или слични поими, во зависност од пристапот на авторот, како: слаба состојба, пропадната држава, одметната држава, абортирана држава, кревка држава или заробена држава. Повеќе во: Ashraf Ghani, Clare Lockhart, and Michael Carnahan, "*Closing the Sovereignty Gap: an Approach to State-Building*," Working Paper 253, Overseas Development Institute, 2005.

[331] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 46-48.

[332] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 122-123.

[333] Rita Abrahamsen and Anna Leander, eds., *Routledge Handbook of Private Security Studies* (London: Routledge, 2015), 1.

[334] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 1.

[335] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 17.

На прашањето: „Дали приватните воени претприемачи/контрактори ја ослабуваат државната моќ?“, Авант вели: „Не секогаш!“.[336] Од една страна придонесуваат за релативно слабеење на државниот монопол, но од друга страна можат да бидат и нова флексибилна алатка на државната надворешна политика. Сингер тврди дека приватизацијата на безбедноста не значи дека државата исчезнува, туку дека улогата на државата во безбедносната сфера е намалена, исто како и во другите меѓународни арени, како што се трговијата и финансиите.[337] Абрахамсен и Вилијамс[338], како и Краман[339], тврдат дека државите не губат или добиваат моќ преку ПБК. Сепак, односот меѓу државата и другите актери на полето на моќта се менува преобликувајќи го тоа што го нарекуваме „државна моќ“. ПВК може да послужи како алтернативна стратегија во надворешната политика со обезбедување на опцијата за „веродостојно негирање“, што помага да се избегнат критики и дебати од јавноста за употребата на вооружена сила. Во суштина, нудење можност за „порационална“, понеоптоварена демократска процедура за надворешна политика без ангажирање на јавноста/државните сили.[340] Ерозијата на монополот на нацијата-држава за употреба на сила всушност не го исклучува истовременото зајакнување на „приватноста“ на државата туку проширување на зоната на вршење дискрециони овластувања на државните политички елити.[341]

Понатаму, дел од авторите ја оценуваат хипотезата за „ерозија“ на државниот суверенитет како целосно „наивна и конструирана модерна басна“. Државите имаат активна, а не пасивна улога во проширување на приватните воени пазари, олеснувајќи ја појавата на нови форми на испорачување терор и насилство. Вајт тврди дека нивниот изглед означува зголемување, а не намалување на принудните и насилните способности на државите. Вајт предложи нормативна рамка за проширување на пазарот на насилство и зајакнување на капацитетот на државите и корпорациите за вклучување во конфликти без одговорност за последиците.[342] Многу ПБК и ПВК се пара-јавни ентитети, односно тие се заеднички помеѓу државните и приватните претпријатија. Тие имаат врски со владата преку лични и професионални односи, особено со поранешниот воен персонал. Понатаму, поголемиот дел од давателите на приватни услуги се „номинално поврзани со нивните матични држави преку закони кои бараат регистрација и лиценцирање“, што им овозможува да ја претставуваат зголемената способност на државата да дејствува преку приватни актери.[343]

Линдер тврди дека користењето ПБИ „има тенденција да ја консолидира приватната контрола над насилството“[344] бидејќи ја претвора безбедноста во неопходна

---

[336] Deborah Avant, "Mercenaries," *Foreign Policy* 143 (2004): 20.

[337] P.W. Singer, "Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry and its Ramifications for International Security," *International Security* 26, no. 3 (2002): 187.
Достапно на: https://www.brookings.edu/wp-content/uploads/2016/06/20020128.pdf Посетено на: 14.10.2022.

[338] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 3.

[339] Повеќе во: Elke Krahmann, "American Hegemony or Global Governance? Competing Visions of International Security," *International Studies Review* 7, no. 4 (2005): 531–545.

[340] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 211.

[341] S. Brayton, "Outsourcing War: Mercenaries and the Privatization of Peacekeeping," *Journal of International Affairs* 55 (2002): 329.

[342] Dave Whyte, "Lethal Regulation: State-Corporate Crime and the United Kingdom Government's New Mercenaries," *Journal of Law and Society* 30, no. 4 (2003): 594-598.

[343] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 46.

[344] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI*, February 2003, 9.

стока. Безбедноста сега се смета за стока и се гледа како услуга што може да се купи на пазарот. Неподготвеноста на одредени држави да ги испратат своите национални армии да се борат во конфликти, како и одлуката за аутсорсинг на безбедноста, го оспоруваат поимот државен монопол над употребата на сила, а исто така поставуваат прашања за легитимноста и одговорноста на државата.

Понатаму, ПБК и ПВК може да се гледаат како актери кои ги поттикнуваат барањата за нивните услуги преку создавање безбедносни ризици. Резултатот е воспоставување и зацврстување на приватната безбедност како постојана структура во меѓународниот систем. Потпирањето врз приватните актери влијае врз способноста на нациите да одредат кој има право да користи сила и чии одлуки да ги спроведува. Приватизирањето на безбедноста создава конфликт меѓу приватните актери и државните структури. Ова резултира со создавање ривалски безбедносно-воени структури и ја менува рамнотежата на моќта меѓу јавните и приватните актери. Мандел посочува дека приватизацијата на безбедноста може ненамерно да доведе до зголемена милитаризација на полициските сили за да бидат во чекор со преовладувачките нивоа на принуда, што на крајот ќе промовира високо милитаризирано општество. Воените и полициските сили ја отфрлаат одговорноста за безбедноста на државата и нејзините граѓани во замена за финансиска добивка. Тоа во суштина го поткопува етносот на нацијата-државата.[345] [346]

Потоа, позагрижувачки е приватизацијата на воените функции каде се откриваат класифицирани информации и знаење за национална безбедност. Специјалистичкото знаење се претвора во приватизирано знаење. Ова го загрозува државниот авторитет и националната безбедност. Фредерик Лејн тврди дека производството и контролата на насилството имаат тенденција да промовираат монопол поради фактот што конкуренцијата во оваа област обично ги зголемува трошоците наместо да ги намалува, а со тоа го зајакнува авторитетот на суверените нации. Иронично е што државите требаше да прибегнат кон приватни извори на воена сила за да го вратат сопствениот суверенитет, но тоа говори за самата слабост на државните институции што резултира со ангажирање на ПВК и ПБК.[347] Тоа има еродирачки ефект врз државата бидејќи државата повеќе нема потреба да ги гради своите институции или капацитети.[348] Децентрализацијата на воените и безбедносните функции трајно ја менува емпириската, правната и социјалната структура на државата.

Понатаму, во односот помеѓу ПБИ и државата, ПБК и ПВК отелотворуваат безбедносни актери кои не се дел од државата, со што се отфрлија суверените барања за активност во оваа област. Тие претставуваат други безбедносни субјекти кои се официјално прифатени заедно со државните. Спектакуларниот раст на ПВК индустријата во последната деценија означува длабока промена во традиционалниот државен монопол на легитимна употреба на насилство. Вебер како дефинирачки критериум на државата го смета поседувањето средства за присилба од страна на државата, кое делумно се пренесува на пазарот заедно со администрирањето на

[345] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 16.
[346] Robert Mandel, "The Privatization of Security," *International Students Association, CIAO,* March 2000, 7.
[347] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 17.
[348] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI,* February 2003, 10.

безбедноста поради тенденцијата кон комерцијализација.[349] Сепак, тие покажуваат различни квалитативни и структурни разлики. Тие вршат функција која е суверена на државата. Тоа во голема мера го доведува во прашање концептот на Веберијанската држава. Енрике Балестерос, во неговата официјална улога во ОН како истражувач на платеничка активност, го гледа растот на меѓународните приватни безбедносни компании како директен предизвик за природата на државата и меѓународниот систем. Тој нагласува дека проширувањето на приватното обезбедување потенцијално може да доведе до значително влијание врз државниот суверенитет, менувајќи ја природата, структурата и функциите на државата, како и меѓународните односи.[350] Балестерос стравува дека, како што повеќе компании ќе се вклучат, ПБК ќе станат дел од прифатената глобална култура, ова ќе ги загрози безбедносните обврски на државите во зародиш и гаранцијата на граѓаните за човековите права.[351]

Понатаму, приватизација на безбедноста резултира со комерцијализација на процесот на одлучување. Државните структури повеќе не се ексклузивен механизам за извршување на надворешната и воената политика. Со ова се поткопува цивилната контрола врз војската. Приватните актери сега можат да ги утврдат безбедносните закани и решенија кои претходно беа утврдувани од државните структури.[352] Како што тврдат Абрахамсен и Вилијамс: „неолиберализмот доби поголема централност во државната политика, моќта беше прераспределена во корист на елементите на државата кои се директно вградени во глобалните структури. Како резултат од тоа, одлуките сè повеќе се носат во контекст на глобалните пазари и глобалните императиви“.[353] Приватните актери не мора да имаат удел во проектот за градење нација и не може да бидат под влијание на концептите за национален интерес. Затоа, приватизацијата на функцијата на носење одлуки претставува значаен показател за повлекување на државата. Државата на која и недостасува монопол над присилните инструменти на насилство поведува сериозни прашања во однос на одговорноста и транспарентноста.[354]

Како потврда на изнесеното е дека ако клиентот (владата) претпочита работата да ја врши приватниот сектор, националните вооружени сили можат малку да направат за да го спречат тоа. Тоа може да предизвика значително незадоволство, како што се гледа во случајот со Папуа Нова Гвинеја во 1997 година кога владата ја ангажираше приватната компанија Sandline да го врати редот во Бугенвил, и каде што вооружените сили подоцна извршија државен удар против владата. Слично на тоа, ако клиентот

[349] Patrick Jerome Cullen, *Private Security in International Politics: Deconstructing the State's Monopoly of Security Governance*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2009, 13.
[350] Enrique Ballesteros, United Nations Special Rapporteur, "*Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination*," HR/CN/764, 14 March 1997.
[351] Marco Granelli, "UN Said to Probe Executive Outcomes' Mercenary Activity," *Saturday Star*, November 23, 1997. Цитиран во: Martha D. Beutel, *Buying Decline: The Privatization of Foreign Intervention*, PhD dissertation, University of Miami, 2012, 43.
[352] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 15.
[353] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 92.
[354] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 15.

претпочита да ги следи советите на другите професионалци кои влијаат врз сферата на активност на вооружените сили, тие имаат мала контрола врз тоа.[355]

Понатаму, употребата на ПВК може да го загрози угледот и општествената положба на војската на земјата, а со тоа да предизвика нарушување на односите меѓу армијата и државата. Во слабите држави каде што државниот монопол на насилство е предизвикан, постои желбата да се користат приватни компании за да се помогне во обновувањето на државната контрола.[356] Постои контрадикција кога државите зависат од приватни актери за да ја вратат ексклузивната контрола на државата врз насилството. Се вели дека тоа придонесува за опаѓање на државниот монопол на безбедноста и ја промовира приватизацијата на безбедноста, бидејќи граѓаните ангажираат недржавни актери за да го заменат државниот монопол.[357] Томсон и Линдер ја нагласуваат потребата од диференцијација помеѓу контрола и авторитет бидејќи државата може да ја нарача својата безбедност без да ја изгуби контролата врз употребата на насилство на нејзината територија.[358]

На пазарот на сила, секојдневно се појавуваат нови компании кои нудат воени и безбедносни услуги. Паралелно со зголемувањето на воените буџети се зголемува и уделот на ПБК. Голем дел од компаниите се соочуваат со сериозни проблеми во однос на регрутирањето персонал. Тоа се должи на недоволниот број поранешни специјалци со борбено искуство. Врз основа на тоа тие драстично ги зголемуваат платите на контракторите за да станат се попривлечни. Се стравува дека присуството на ПВК ќе резултира со слабеење на државните структури преку еродирање на монополот на насилството. Зголемената понуда на воени услуги може да доведе до зголемување на побарувачката за тие услуги. Појавата на вооружените нерегуларни сили може да ги дестабилизира заштитените средини, создавајќи потреба од засилени безбедносни мерки кои вообичаено се исполнуваат преку вработување уште повеќе недржавни сили.[359] [360] Во принцип, Веберовиот критериум за создавање редовни професионални вооружени сили, не е доведен во прашање. Националните вооружени сили продолжуваат да постојат, но со многу помалку персонал и многу функции се аутсорсирани на приватни компании. Во одбраната или промовирањето аутсорсинг на воените функции, најчестиот аргумент што се користи е од економска природа. Според доминантната економска теорија, пазарот е подобро квалификуван да се справи со овие функции и да ги извршува поефикасно од самите вооружени сили. Така, континуираниот раст и зголемената активност на приватната воена индустрија доведуваат до брзо опаѓање на ексклузивната контрола на националната држава над насилството и пораст на пазарот за набавувачите на вооружени сили на почетокот на 21 век. Најзненадувачки е тоа што во денешниот свет на регулативи каде дури и храната

[355] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 83.

[356] Anna Leander, *Global Ungovernance: Mercenaries, States and the Control over Violence* (Copenhagen Peace Research Institute, 2001), 3.

[357] Bjørn Møller, *The Political Economy of War: Privatization and Commercialisation* (Copenhagen: Copenhagen Peace Research Institute, 2002), 10–11.

[358] Janice E. Thomson, *Mercenaries, Pirates and Sovereigns: State-Building and Extraterritorial Violence in Early Modern Europe* (New Jersey: Princeton University Press, 1994), 223.; Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006), 14-19.

[359] Anna Leander, *Global Ungovernance: Mercenaries, States and the Control over Violence* (Copenhagen Peace Research Institute, 2001), 9.

[360] Cecilia Hull. *What Future for Privatized Peacekeeping? Prospects and Realities in the UN Debate*. Base Data Report, FOI, Swedish Defence Research Agency, 2008, 28.

што ја јадеме или козметиката што ја користиме е предмет на строга регулатива и мониторинг од страна на јавните власти. Приватната воена индустрија, толку централна за националната и меѓународната безбедност останува главно нерегулирана.[361]

На меѓународен план, ПБК и ПВК претставуваат приватни актери на насилство кои работат надвор од националното и меѓународното право. Ним им недостасува исто ниво на одговорност како националните армии и другите безбедносни структури. Нивните активности и одлуки не подлежат на истиот политички процес на размислување или гонење. Сите спомнати фактори водат кон деполитизација на насилството. Работодавците на ПБК и ПВК не се опфатени или обврзани да ги прифатат правилата за војување, Женевските конвенции или меѓународното хуманитарно право. Тоа поведува значителни проблеми кога станува збор за сторени кривични дела и одлучување во делот на одговорноста. Дали државата на потекло или договорната страна треба да сноси одговорност? Кога одговорноста лежи на контракторот, без разлика дали е невладина организација, меѓународна организација или мултинационална корпорација, постојат значителни недостатоци и во меѓународното и во домашното право. Учеството на приватни актери во меѓународниот систем е фундаментално фокусирано на државата. Приватизацијата на насилството доведува до создавање приватен безбедносен пазар кој е надвор од директна државна контрола.[362] Регулативата, мониторингот и контролата од страна на државата врз ПБИ е ограничена поради нивната структурна моќ. Државата во суштина нема монопол над ангажирањето на ПБК, и позагрижувачки ПВК каде нема увид во нивната внатрешна работа.[363] Создавањето ПБИ ги пренесува суверените функции на приватни субјекти, зголемувајќи го авторитетот и влијанието на приватните актери, дури и ако тие се поврзани со државата.

Монополот на легитимната употреба на сила еродиран е со транснационализацијата на воените сили и приватизацијата. Процесот на воените сили да станат транснационални започна во текот на двете светски војни и беше формализиран за време на Студената војна. Растечката моќ на воената технологија и продлабочената меѓузависност меѓу владите, особено во воената област, го намалија капацитетот на државите да се вклучат во војување една против друга. Калдор сугерира дека новите војни би можеле да се споредат со минатите војни во однос на нивните цели, стратегии и финансирање. Државите повеќе не се подготвени да војуваат за идеологија или територија. Новите војни се војни за идентитет во смисла на „национални, кланови, религиозни или јазични“ лојалности.[364] Иако глобално признатиот стандард за државно осигурување на јавното добро на „безбедноста“ останува на сила, тој можеби не е секогаш изводлив да се спроведе. Ова не значи дека државите повеќе не се вклучени во војни и конфликти. Приватните субјекти често се натпреваруваат за политичко влијание и авторитет врз државата. Се развија области со нееднакви безбедносни услови, со региони на ранливост за сиромашните и региони со релативно повисока безбедност обезбедени од приватни корпорации за поединци и нивните средства.

---

[361] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 3.

[362] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI*, February 2003, 7-8.

[363] A-F. Musah, "A Country Under Siege: State Decay and Corporate Military Intervention in Sierra Leone," in A-F. Musah and K. Fayemi (eds), *Mercenaries: An African Security Dilemma* (London: Pluto Press, 2000), 110.

[364] Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Third Edition (Stanford University Press, 2012), 4-7.

На крај треба да дадеме одговор на прашањето како одливот на професионален кадар од армиите влијае (или може да влијае) врз Веберијанската држава, односно врз националната безбедност. Согласно досега напишаното согледавме голем број аспекти кои приватниот сектор ги поставува и ја предизвикува Веберијанската држава. Голем број научници ги имплицираат предизвиците и факторите што произлегуваат од приватизацијата на војувањето. Често се генерализира со големи бројки и маси на луѓе кои останале или остануваат без работа, пред сè, поради системски проблеми (отпуштања, пензионирања, итн.) што во голем број држави се постојани процеси.

Следствено, како прво, одливот на персонал, дури и ако е само еден поединец, може да ја наруши или ослабне хиерархијата на армиите, што се однесува на постоечкиот бирократски систем. Нашироко е признаено дека дисциплината и редот се основни принципи на професионалните армии. Со војничка терминологија кажано во армиите постојат два принципи кои непрекинато функционираат. Тие се едностарешинството и субординацијата. Ако група луѓе ја напуштат армијата или друг безбедносен сектор на краток рок, се губи хиерархијата што претходно била воспоставена. Принципите на едностарешинство и субординација го губат своето значење бидејќи во краен случај ќе нема кој да раководи и командува и ќе нема кој да ги извршува задачите. За таа цел армиите имаат воспоставено принцип на заменливост. Но, тука произлегуваат две прашања кои треба да се земат предвид, и тоа: „Што ако и заменливоста од истиот сектор, служба, одделение итн. ја напушти организацијата?“ И второ прашање што се поставува е: „Колку е подобна самата заменливост?“. Ако на двете прашања се одговори со негативен предзнак тогаш хиерархијата губи на среден и долг рок. Силните држави бидејќи имаат повеќе персонал и поразвиени кампањи и подобри бенефити, успешно менаџираат и се справуваат со самиот предизвик. Проблемот е кај земјите во развој или во слабите држави. Кај нив процесот на создавање едуциран, стручен, професионален кадар или индивидуа одзема од 5 до 10 години. Тоа се должи поради недостапноста и ретките можности за едукација, финансиите, капацитетите за обука и други фактори. Создавањето квалификувана работна сила во кој било сектор од општеството е скапо и бара финансиски средства доделени од државата. Понатаму, ако одливот е во поголеми размери, неконтролиран или има напуштање на поголеми групи со посебни специјалности тогаш дефинитивно се нарушува и борбената готовност и ефективноста на самиот безбедносен сектор, а тоа директно се имплицира врз националната безбедност. Намалувањето на подготвеноста на војската ја прави државата ранлива на закани од надворешни и внатрешни извори.

Како второ, одливот на професионален кадар влијае така што се губи институционалното знаење, експертизата и културата од организацијата. Со губење на тоа знаење, државата има проблем со приспособувањето кон новите безбедносни предизвици.

Трето, како што забележаа повеќе научници, персоналот што ја напушта армијата, имал легитимно право да употребува сила. Бил обучуван да ги користи правилата на војување, етичките принципи и разните конвенции. По заминувањето, тие правила тој повеќе легитимно не ги поседува, но сепак ги префрла и ги носи со себе, со што го зајакнува легитимитетот на приватниот сектор. Ова ја менува правната структура и предизвикува загриженост за правниот систем во државата бидејќи одредени правила може да важат и за јавните и за приватните актери.

Четврто, важно е да се забележи дека многу армии имаат политика со која се забранува поранешниот персонал повторно да се приклучи на службата откако ќе замине. Голем број развиени земји истиот тој кадар повторно го најмуваат на контракторска база, особено експертите од специјализирани области, за многу повисока цена. Проблемот е кај земјите во развој и слабите држави каде што припадниците кои

напуштаат, ангажирани се како контрактори, што доведува нивното знаење и експертиза да завршат кај богати поединци, меѓународни организации или повторно кај силните држави.

Наместо заклучок, Сингер нè потсетува на старата изрека која вели дека „војната е премногу важна за да им се остави на генералите“. За 21 век, можеби е неопходна нова поговорка: „Војната е премногу важна за да им се остави на извршните директори на нерегулирана приватна воена и безбедносна индустрија“.[365]

[365] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 242.

5. ФЕНОМЕНОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ВОЈНАТА

Феноменот на приватизацијата на војната, во дисертацијата, се разгледува од аспект на еден поширок општествен процес. Ова се должи на дијалектичката природа на феноменот, која вклучува статични и динамични димензии. Разбирањето на модерната безбедносна приватизација и употребата на недржавни форми на насилство и заштита бара широко гледиште. Монополистичкиот однос на државата кон насилството во дисертацијата се гледа како модерен идеал и како исклучок. Тоа е така бидејќи тој однос не е статичен или безвременски атрибут на државата, ниту се развил на униформен, линеарен начин.[366] [367] Сепак, напорите да се задржи насилството во јавните структури беа и продолжуваат да постојат како термини од централно значење. За многу научници и истражувачи, стремежот на државите треба да биде кон демократска контрола на употреба на сила. Како што забележува Авант, државата „го обезбеди најдобриот (дури и многу нерамномерен) механизам што човечкиот род го познава за поврзување на употребата на сила со политичките процеси и општествените норми“.[368]

Во понатамошниот дел, феноменот ќе биде анализиран согласно хипотетската рамка, односно како приватизацијата на војната директно и индиректно влијае врз одливот на професионални кадри од армиите. Дополнително, низ самото поглавје ќе бидат аргументирани и следниве посебни хипотези: приватизација на војната како глобален феномен е еден од големите предизвици за националната и меѓународната безбедност, ефектите од приватизацијата на војната влијаат врз економскиот, социјалниот и политичкиот сегмент од општеството и феноменот на приватизација на војната се зголемува со зголемувањето на безбедносните предизвици. Со други зборови, секоја точка или хипотеза може да биде засебно истражувана.

Истражувачкото портфолио на институциите кои се занимаваат со воена наука (универзитети, истражувачки институти, фондации итн.), првенствено приспособено е на геополитичките карактеристики и воените задачи на одредена земја. САД, Русија и Кина, односно „Големите 3“ се издвојуваат како водечки државни воени и НВО центри на знаење.[369] Врз основа на прегледот и евалуацијата на нивните програми, може да се идентификуваат шест заеднички идни истражувачки насоки. Тие се: 1) стратешко лидерство, 2) вооружените сили на иднината, 3) предизвиците на хибридното војување, 4) човечките прашања на вооружените сили, 5) употребата на модерната технологија во вооружените сили и 6) регионални геополитички кризи. Во воената наука, знаењето за светските трендови е од клучно значење бидејќи развојот на современите сили и исполнувањето на барањата за интероперабилност во мултинационалните операции не може да се обезбеди на друг начин. Како потврда на важноста на темата, а и областа на истражување, сведочат точката број 2 (два) вооружените сили на иднината и точката број 4 (четири), односно човечките прашања на вооружените сили.

---

[366] Повеќе во: Charles Tilly, *Coercion, Capital and European States: AD 990-1992* (Malden, Oxford, and Carlton: Blackwell, 1992).

[367] Повеќе во: Janice E. Thomson, "State Sovereignty in International Relations: Bridging the Gap between Theory and Empirical Research," *International Studies Quarterly* 39, no. 2 (June 1995): 213-233.

[368] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 3.

[369] Повеќе за клучни стратешки прашања во USAWC (KSIL) 2015-2016. Достапно на: http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil/pdffiles/pub1296.pdf; Воен научен комитет на вооружените сили, Министерство за одбрана на Руската Федерација, http://eng.mil.ru/en/science/committee. htm, Кинеска академија за воени науки, http://www.ams.ac.cn/english.html, http://www.xiangshanforum.cn/ Пристапено: 01.03.2023

Процесот на приватизација на војната не вклучува само трансфер на традиционалните задачи од јавниот сектор на актери од приватниот сектор. Напротив, ја проширува логиката на размислување за приватизираната безбедност бидејќи таа станува сè подлабоко вградена во државните структури. Тоа се согледува и теориски и практично. Во тој контекст, приватизацијата дефинирана е како промислен и политички базиран трансфер на одредени јавни функции, задачи или сервиси од државата на приватни актери кои ги реализираат заради профит.[370] Сепак, до тоа придонесуваат замаглените граници помеѓу државите, внатре-државните партиски и деловни интереси кои придонесуваат за приватизација на државните институции и на безбедносните структури.

Приватизацијата на војната е само последователен процес на приватизацијата на здравствениот, образовниот и други сектори. Некои експерти сугерираат дека приватизацијата на безбедноста е дел од поширокиот тренд на глобализација и слабеењето и реструктурирањето на моќта на државите.[371] Тенденцијата е суштински поврзана со политичките размислувања и системи. Како што војната се приватизираше, воените работи стануваа сè поизолирани од другите области на општествениот живот.[372] Клучната варијабла што Авант ја идентификува е капацитетот на државите. Силните држави се подобро позиционирани да управуваат и да ги контролираат ризиците од приватизацијата и да ја искористат приватната сила за производство на нови јавни добра.[373]

Приватизираната воена индустрија е реалност на 21 век. Воведувањето на комерцијалниот (профитниот) мотив на бојното поле создава нови можности. Истовремено, поведува голем број загрижувачки проблеми и прашања за демократијата, етиката, националната и меѓународната безбедност.[374] За да биде реалност, корените доаѓаат од две навидум спротивставени тенденции, односно интернационализација и приватизацијата на безбедноста. Во контекст на првата, се чини дека безбедноста сè повеќе станува прашање што може да се дефинира и да се обезбеди со наднационален план. Тоа се должи поради транснационалните безбедносни закани како и поради глобалните интегративни процеси особено во доменот на безбедноста.

Сепак, подеднаква релевантност добива и приватизацијата на безбедноста. Тоа претставува воспоставување на приватен пазар за нудење/набавка на безбедносни услуги. Безбедноста станува стока која може да се добие во помала или поголема мера во зависност од финансиските можности на корисниците. Во двата случаи настанува нешто што ја поткопува филозофијата на државата и нејзината централна улога како обезбедувач на безбедноста. Спротивно на класичната дефиниција на Макс Вебер за државата како политичка заедница со ексклузивен и легитимен монопол на употреба на сила, сега фокусот на моќта се поместува и на ниво кое ја надминува државата и на субдржавно ниво (со приватизацијата). Меѓутоа, двете навидум спротивни тенденции имаат точка на поврзување, а тоа е начинот на војување. ПВБК се повеќе преземаат одговорности за кои порано се мислеше дека се ексклузивни за државната воена

[370] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 29.
[371] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Security Privatization and Global Security Assemblages," *The Brown Journal of World Affairs* XVIII, no. 1 (2011): 171-180.
[372] Peter D. Feaver and Richard H. Kohn, *Soldiers and Civilians: The Civil–Military Gap and American National Security* (Cambridge MA: MIT Press, 2001).
[373] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 136.
[374] Susan L. Gray, *Just War Theory: An Analysis of Its Relevance for Contemporary Warfare and States*, MA thesis, Department of Philosophy, Saint Paul University, Ottawa, Canada, 2009, 64.

организација. Контракторите работеа и работат во Ирак и Авганистан, но и во подрачја каде што се остваруваат хуманитарни и други мировни мисии на ООН (Косово, Дарфур). Приватизација на безбедноста се покажува како една од најпрофитабилните и најбрзо растечките индустрии. Интересен е фактот што услугите на овие компании ги користат и државните и меѓународните структури, но и невладини, хуманитарни организации и мултинационални компании. Со други зборови, приватните безбедносни компании или недржавните безбедносни формации израснаа во еден од најзначајните актери на меѓународната безбедност.[375]

Понатаму, литературата опишува два типа безбедносна приватизација. Едната форма води до приватизирана безбедносна служба од долу спрема горе и се заснова врз принципите на слободниот пазар. Оваа група ги вклучува недржавните актери на пазарот кои користат сила без овластување на државните органи за остварување политички или економски цели. Вулф го објаснува овој тип приватизација како последица од слаби или неуспешни држави, каде што многу влади не можат да гарантираат одржување на законот и редот поради слабоста на нивниот воено-полициски апарат.[376] Мандел го поврзува со општествените групи. Кога различни групи (банди, маалски стражари, криминални кланови, одмазднички толпи, милиции, сили за самоодбрана) ќе се здружат за да обезбедат безбедност или да ја понудат таа сигурност на пазарот, тогаш можеме да зборуваме за ваков тип приватизација на обезбедувањето услуги.[377] Овој тип приватизација се карактеризира со новоосновани фирми кои често имаат корист од новиот пазар што се шири. Како резултат од тоа, се приватизираат чувствителните услуги на пазарот на војската и безбедноста кои биле дел од државниот монопол на војување, обезбедување и употреба на сила.[378]

Другата форма на приватизација води до категоријата позната како приватизирана безбедносна служба од горе спрема долу.[379] [380] Приватизацијата од горе спрема долу се нарекува и аутсорсинг. Во западните индустриски развиени земји бизнисот напредува на т.н маркетизација на безбедноста и т.н. „outsourcing the war“ што претставува пренесување на воените дејствија или најмување приватни извршители од страна на државните структури. Тоа се однесува на обезбедување внатрешна безбедност и на партиципацијата во меѓународните воени зафати.[381] Оттука, главно невоени услуги или делови од националната армија се продаваат на приватни компании или се развиваат нови форми на јавно-приватно партнерство. Како резултат од тоа, постои силна врска меѓу политиката и економијата во смисла на „политички-воен-индустриски комплекс“.[382] [383] Приватизацијата и аутсорсингот се тесно поврзани

[375] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 95.
[376] S. Kurtenbach and H. Wulf, "*Violence and Security Concerns in Post-Conflict Situations*," (Duisburg: Institute for Development and Peace, Research and Advisory Project "Instruments and Procedures of German Development Cooperation in Post-Conflict Situations" - Project Working Paper No. 3, 2012), 37-38.
[377] Robert Mandel, "The Privatization of Security," *Armed Forces & Society* 28, no. 1 (October 2001): 136–138.
[378] Sebastian Marx, "Privatization in the European Security Politics - The sector of military services," *Research Unit EU Integration*, 2007, 8.
[379] Robert Mandel, "The Privatization of Security," *Armed Forces & Society* 28, no. 1 (October 2001): 134–136.
[380] Sebastian Marx, "Privatization in the European Security Politics - The sector of military services," *Research Unit EU Integration*, 2007, 8.
[381] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 95.
[382] Sebastian Marx, "Privatization in the European Security Politics - The sector of military services," *Research Unit EU Integration*, 2007, 8.
[383] Повеќе во: Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011.

бидејќи и двете се комерцијални стратегии кои се користат како алатки за модернизација на армиите.

Образложението зад „аутсорсинг“ на приватниот сектор може да се припише на филозофските и економските принципи наведени во „Богатството на народите“ на Адам Смит (1776).[384] Приватно воените контрактори се пример за фундаментална карактеристика на прокси-војните. Хозе Гомез дури и го опиша феноменот како подем на „прокси или сурогат армии“ и забележува дека аутсорсингот на воените функции доведе до приватизација на војната.[385] Вулф првично верува дека овој пристап се рефлектира во потребата од армии, со намален број држави и зголемени задачи, да ангажираат приватни компании како помош во логистика, обука и разузнавачки активности.[386] Со тоа, приватните субјекти се ангажираат да преземаат одговорности кои порано се сметаа за обврски на владата или војската. Услугите на контракторите се оценуваат во однос на нивните политички и воени случувања.[387] Овој тип често се нарекува и западен модел на приватизација.

Од економска перспектива, аутсорсингот на услуги ретко е „вистинска“ приватизација, при што државата целосно ја предава контролата над извршувањето на активностите. Аутсорсингот се извршува од страна на надворешни даватели на услуги. И покрај тоа, организацијата ја одржува контролата врз давателот на услугата, а контракторот ужива значителна автономија во начинот и управувањето со работата. Преку аутсорсинг активностите, организацијата ослободува финансиски, материјални и човечки ресурси. Следствено, ресурсите што се ослободени може да се распределат за суштински задачи или за подобрување на фокусот на основната дејност.[388]

Аутсорсингот им овозможува на јавните организации поефикасно да ги исполнат своите обврски со вработување приватни менаџери кои можат да обезбедат еквивалентни или подобри услуги по поевтини цени во споредба со јавните менаџери. Ефективниот аутсорсинг може да ја подобри ефикасноста преку поттикнување иновации, поштеда на јавните работници од периферните активности, оптимизирање на одлуките за трошење и да обезбедат поразумен обем на работење.[389] [390]

Сингер и Авант забележуваат дека приватизацијата на активностите што претходно ги извршувале воените и полициските сили добила на интензитет поради идеолошката промена заснована врз верувањето во супериорноста на пазарните решенија и посветеноста на намалување на големината и функциите на јавниот сектор.[391] [392] Алтернативен идеациски аргумент дава Елке Краман, која ја нагласува

[384] Robert Getso, "*Department of Defense Civilian Contractors and the Global War on Terrorism*," Master of Arts in Liberal Studies Degree, Excelsior College, 2009, 20.
[385] José L. Gómez del Prado, "Private Military and Security Companies and the UN Working Group on the Use of Mercenaries," *Journal of Conflict and Security Law* 13, no. 3 (Dec. 2008): 436.
[386] Herbert Wulf, "Reconstructing the Public Monopoly of Legitimate Force," in Alan Bryden and Marina Caparini (eds.), *Private Actors and Security Governance* (Berlin/Zürich: Lit, 2006), 90-91.
[387] Wyman E. Shuler III, *Generals in Three-Piece Suits - Contractors in Camouflage: A Critical Assessment of Contractors in Iraq*, PhD diss., Old Dominion University, 2008, 22.
[388] Erik Kopač, Maj Fritz, and Maja Garb, "Vojaška privatizacija in Slovenija," *VARSTVOSLOVJE* 16, no. 3 (2004): 246.
[389] Christopher Weimar, "*The Outsourcing of National Defense*", PhD diss., The City University of New York, 2009, 32.
[390] Повеќе за лекции од приватизацијата на безбедноста, аутсорсингот и за лекции од аутсорсингот во: Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 97-102.
[391] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 66-70.
[392] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 34-38.

важноста на различните теории за општествениот договор во обликувањето на пристапот на државите кон контролата на принудната сила. Иако приватизацијата на националната безбедност не е уникатно англосаксонски феномен, земјите засновани врз републиканската теорија на социјалниот договор, како што е Германија, покажаа помала склоност да ги приватизираат безбедносните и воените задачи отколку државите со либерална политичка култура како САД и Велика Британија.[393] Идеационите фактори одиграа клучна улога во воспоставувањето нови агенди за јавно управување, информирајќи ја вербата во соодветноста на аутсорсинг на безбедносните задачи на комерцијалниот сектор.[394] Без разлика дали е добра идеја или ќе пропадне, муницијата, облеката, храна, и други основни работи и понатаму ќе бидат аутсорсирани на приватни корпорации.[395]

Денешната релевантност и значење на истражувањето лежи во широкото прифаќање на безбедносната приватизација, повеќе отколку во кој било претходен период во историјата на модерната национална држава. Приватизацијата на одредени безбедносни и воени функции на приватни компании претставува најекстремна форма на приватизација. Приватизацијата на безбедноста е последица од промената на начинот на војување, промената на правилата на војување во меѓународните односи, како и промената на изворите на загрозување што се идентификувани како најдиректни и најфатални.[396]

Карафано сугерира дека: „голем дел од сегашната вознемиреност за контракторите во борба доаѓа од фактот дека иднината пристигна толку брзо и неочекувано речиси додека трепнеш“.[397] Мери Калдор ја употребува фразата „приватизација на вооружените сили“ за да ја нагласи разликата помеѓу класичната војска контролирана и управувана од државата (разузнавање, полиција, армија, гранични сили, крајбрежна стража итн.) и недржавни актери како што се: милиции за самоодбрана, герилци, платеници, странски доброволци и слични „војници“ кои се појавуваат на боиштата на „новите војни“.[398]

Спротивно на тоа, политичарите и дипломатите повеќе не можат да се потпираат врз воена акција како изводливо средство за да се спречат заканите кон националната безбедност или да се справат со идните меѓународни предизвици. Според Смит, „световите на безбедноста и одбраната станаа тесно испреплетени, до точка каде што веќе не е можно едноставно да се поделат активностите помеѓу војската и другите служби“.[399]

---

[393] Eugenio Cusumano and Christopher Kinsey, Bureaucratic Interests and the Outsourcing of Security: The Privatization of Diplomatic Protection in the United States and the United Kingdom, *Armed Forces & Society* 41, no.4 (2015): 593.

[394] Повеќе за теоретските модели за приватизација на безбедноста (функционалистички, политичко-инструменталистички и идеационистички) во: M.B. van Meel, "*Chinese Private Military Security Companies in Contemporary Africa: Security privatization as a means of policy privatization*," MSc Thesis, Political Science: International Organisation, 2019, 11-13.

[395] Robert Getso, "*Department of Defense Civilian Contractors and the Global War on Terrorism*," Master of Arts in Liberal Studies Degree, Excelsior College, 2009, 14.

[396] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 31.

[397] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 38.

[398] Mary Kaldor, *New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era*, Third Editon (Stanford: Stanford University Press, 2012), 95-102.

[399] Rupert Smith, *The Utility of Force* (New York: First Vintage Books Edition, 2008), 378. Цитиран во: Bruce Edwin Stanley, *Selective Privatization of Security: Why American Strategic Leaders Choose to Substitute Private Security Contractors for National Military Force*, PhD diss., Security Studies Program, College of Arts and Sciences, Kansas State University, Manhattan, Kansas, 2012, 2.

За понатамошното испитување на феноменот на приватизацијата на војната со сите негови последици и придобивки, од суштинско значење е да се фокусираме на централното прашање. Како што беше претходно наведено, ПВБК претставуваат олицетворение на приватизацијата. Тие имаат своја историска заднина, односно концептуално се поврзани со платениците и недржавните актери. Од перспектива на меѓународното право, пред сè категоризацијата и немањето соодветна меѓународна правна рамка, тие се проблематични. Потоа, префрлањето одредени функции кои се поврзани со војската и полицијата на приватниот сектор, имплицира еродирање на државниот монопол на употреба на сила како и зголемување на улогата на ПВБК во безбедносните структури, политики и управувањето. Несомнено, сите горенаведени импликации подетално ќе бидат опфатени во следните поглавја.

5.1. Историски преглед на приватизацијата на војната

Во текот на човечката историја, приватните ентитети водени од профит постојано играа значајна улога. Некои научници тврдат дека приватизацијата може да се гледа како историски феномен бидејќи „приватното обезбедување на насилство беше рутински аспект на меѓународните односи пред дваесеттиот век“.[400] Во дисциплината на меѓународните односи, објаснувањата за подемот на приватната воена безбедност во дваесеттиот век речиси неизбежно започнуваат со крајот на Студената војна.[401] Концептот на „најмени пиштоли“ датира од почетокот на историјата на конфликтот.[402] Врз основа на тоа, процесот на приватизација на војната се разгледува во нејзината надворешна и внатрешна безбедносна димензија. Историските докази покажуваат дека државите ја користеле помошта од приватни лица, особено во време на ограничен воен персонал или кога било од суштинско значење да се делегираат непосакувани задачи со кои државата сакала да се огради. Новина е тоа што приватниот пазар на воена сила станува сè поприфатлив и легален. Затоа, случувањата во последните две децении се нарекува втор бран на платеништво. Тој во голема мера е различен, но подеднакво контроверзен особено поради сивата зона во кој се наоѓа овој вид ангажирање, а чии примери се поврзани со сериозни инциденти во Ирак.[403]

Научниците како Сингер, Ортиз, Мандел, Авант, Краман, кои ги проучувале приватните воени сили низ историјата, сугерираат дека иако приватната сила не е нов концепт, новината лежи во обемот и бројот на приватни компании.[404]

Во понатамошниот дел ќе бидат опфатени историските периоди на развојот на приватната индустрија. Историскиот преглед има за цел да аргументира две хипотези. Првата е дека приватизацијата на војната влече корени од платениците и втората дека самиот процес ќе продолжи и во иднина. Целта не е да се даде детално објаснување за секој период посебно, туку да се аргументира тезата дека денешната приватна безбедносна индустрија има свое минато, а и своја иднина.

---

[400] Michele Turzi, "The Effects of Private Military and Security Companies on Local Populations in Afghanistan," *CRST* (2019), 3.

[401] Rita Abrahamsen and Anna Leander, eds., *Routledge Handbook of Private Security Studies* (London: Routledge, 2015), 2.

[402] Целосната историја на платенички активности е добро покриена и објаснета од страна на: Janice E. Thomson, *Mercenaries, Pirates and Sovereigns: State-Building and Extraterritorial Violence in Early Modern Europe* (New Jersey: Princeton University Press, 1994).

[403] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 99.

[404] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 12.

5.1.1. Антички период

Приватизацијата на безбедноста не е ново прашање.[405] Низ историјата, ангажирањето поединци за постигнување туѓи воени цели е практика уште од античко време и пошироко.[406] Платениците, војниците на среќата и приватните војски постоеле уште од почетокот на војната, често реферирани како трета најстара професија по проституцијата и шпионирањето.[407] Околу 3000 пр.н.е., Горен и Долен Египет се споиле за да ја формираат Египетската Империја, а историските записи за следните битки укажуваат на употребата на ангажирани војници.[408] Приватните воени услуги се обезбедуваат уште од времето кога војската на кралот Шулги од Ур во 2094 година пр.н.е., минувала покрај античките грчки војски, па сè до Картагинската Империја за време на Првата и Втората пунска војна.[409] Во долгата историја на конфликтите, платениците биле вообичаена појава меѓу различни општества за време на судири. Договорните надворешни борци биле користени во ерата и на античката грчка и Римска Империја.[410] Ахеменидската династија, која владеела од 550 до 330 пр.н.е. контролирала огромна империја, користела платеници како клучна компонента на нејзината моќна воена сила.[411] За време на класичниот антички период од 500 години пр.н.е. до 476 година од н.е., Ксенофон, ученик на Сократ, ги предводел „Десетте илјади“, група платеници кои се бореле против персискиот владетел Артаксеркс во 401 година пр.н.е. Познатата приказна за десетте илјади на Ксенофон е најраниот документиран пример на целосно ангажирана воена сила која дејствувала на непозната територија илјадници милји оддалечена од татковината на војниците. Сепак, обемната кампања сугерира присуство на значително проширена платеничка мрежа до тоа време.[412]

За време на владеењето на грчките градови-држави, употребата на платеници била конвенционален начин на водење војна. Хелените и Македонците користеле платеници, додека Римската Империја во голема мера се потпирала врз платеници за нејзиното формирање и проширување.[413] Македонската војска на Александар Македонски, која освоила значајни територии на европскиот и азискиот простор од 356

[405] Повеќе за историјата на приватизираната сила по периоди во: Peter Papler, "*Privatna vojaška podjetja - organizacija, doktrine in poslovanje*," Doktorska disertacija, UNIVERZA V LJUBLJANI FAKULTETA ZA DRUŽBENE VEDE, 2014.

[406] Повеќе за историјата на платениците од античките општества во: Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017.

[407] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 1.

[408] Michael Lee Lanning, *Mercenaries: Soldiers of Fortune, from Ancient Greece to Today's Private Military Companies* (2005), 3.

[409] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 19-22.

[410] Andrew Mumford, "Proxy Warfare and the Future of Conflict," *The RUSI Journal* 158, no. 2 (2013): 84.

[411] A. Kuhrt, "The Achaemenid Persian Empire (c. 550–c. 330 BCE): Continuities, Adaptations, Transformations," in *Empires: Perspectives from Archaeology and History*, eds. S. Alcock, T. D'Altroy, K. Morrison, and C. Sinopoli (Cambridge: Cambridge University Press, 2001), 117-118.

[412] J. Roy, "The Mercenaries of Cyrus," *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 16, no. 3 (1967): 308-309, 320-323.

[413] Jóhann Ásmundsson, "*The Privatization of War*," BA thesis, The University of Akureyri, Faculty of Law and Social Sciences, 2007, 8.

до 323 пр.н.е., вклучувала грчки и азиски платеници.[414] Ханибал, познат по неговите значајни победи против Римската Империја за време на нејзиниот врв, го предводеше градот Рим и разновидна платеничка армија составена од војници од Централна Африка, Либија и Италија.[415]

Накратко, употребата на платеници во безбедносните и воените активности се протега од античко време со разни докази кои датираат од тоа време, преку различни цивилизации и конфликти.

5.1.2. Средновековен период

Во текот на средниот век, системот на однесување и договори напредуваше, овозможувајќи им на трговските еснафи, благородниците и градовите да ангажираат приватна сила.

Историски, владите најмувале платеници да ги надополнат нивните воени сили, од античко време до средината на 17 век кога се појавиле политичките армии.[416]

Ленинг посочува дека платениците биле вклучени во Римско-Хунските војни во 451 година, Византиско-турските војни во 1071 година (кога англиските и викиншките воници биле ангажирани од византискиот император) и за време на Стогодишната војна. Стогодишната војна меѓу Англија и Франција (1337 – 1453) се водела од платеници. Јаничарите, елитни отомански трупи за време на Австриско-османлиските војни во 1529 година, се сметале за платеници робови кои биле заробени како деца од христијаните и обучени како муслимански војници.[417]

Во средниот век, благородништвото и бизнисмените создадоа воени групи како германските „Landsknechte“, швајцарските „Reisläufer“, италијанските кондотиери и англиските платеници за да го заштитат растечкиот трговски систем во Европа.[418] Концептот на монопол на сила во тоа време не постоеше. Со текот на времето, политичката моќ се централизираше и фокусот се префрли кон консолидирање на употребата на присилни методи под една единствена власт како посакувана парадигма. Корпоративните платеници во Италија може да се проследат од 14 век, како што забележува Каферо: „Структурно, тоа личеше на корпорација“. Со добро артикулирана хиерархија на команданти и подкомандanти со кои претседаваше кондотиер. Компанијата ангажираше адвокати и нотари за правни работи, благајници и банкари за финансиски задачи, свештеници и проститутки за да се задоволат духовните и телесните потреби“.[419] [420]

---

[414] G.T. Griffith, *The Mercenaries of the Hellenistic World* (Cambridge: Cambridge University Press, 2014), 14. Исто така, како што цитира Аријан (првиот биограф на Александар), Александар користел ангажирани војници од плејада на освоени територии (имено Скитија, Бактрија и Индија) како средство за воспоставување на неговото владеење и промовирање на хеленистичките идеали меѓу другите култури. Види Аријан од Никомидија, Книга IV, Поглавја XVI и XXVI, Книга VII, Поглавја VIII и XXIII.

[415] James Larry Taulbee, "Mercenaries and Citizens: A Comparison of the Armies of Carthage and Rome," *Small Wars & Insurgencies* 9, no. 3 (1998): 1-16.

[416] Encyclopedia Brittanica. s.v. "*Mercenary*". Достапно на: http://global.britannica.com/topic/mercenary. Пристапено на 02.05.2023 година.

[417] Michael Lanning, *The Battle 100* (Naperville, IL: Sourcebooks, Inc., 2005), 34.

[418] James Cockayne, "Make or Buy? Principal-agent theory and the regulation of private military companies," in Simon Chesterman and Chia Lehnardt (eds.), *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 196-216.

[419] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 7.

[420] P. Young, *The Fighting Man: from Alexander the Great's Army to the Present Day* (New York: Routledge Press, 1981), 77.

Во текот на 17-от век, грофот Албрехт фон Валенштајн се сметал за најбогат човек во Европа поради финансиските придобивки од неговата приватна војска. Албрехт фон Валенштајн водел армии од 25.000 војници за Светото Римско Царство во 1625, 1631 и 1632 година. На крајот на војната, шведскиот крал Густав Адолф командувал со армија од 60.000 војници, од кои само 18.000 биле Швеѓани.[421]

За време на раниот модерен период, главен настан беше триесетгодишната војна, во периодот од 1618 до 1648 година, завршувајќи со мировниот договор од Вестфалија. Вестфалскиот мир се смета за почеток на ерата на меѓународниот систем на суверени држави. Во триесетгодишната војна имаше војски главно составени од платеници.[422] Се тврди дека оваа војна ја воделе платенички сили, кои сочинувале до 90% од армијата на некои земји. Интересно е тоа што Британците ангажирале околу 30.000 германски војници познати како Хесијани за да се борат против американските колонисти. Се верува дека нивната екстремна суровост ги мотивирала колонистите да се спротивстават на круната.[423] Помеѓу 15 и 17 век, практиката на ангажирање или купување странски воени сили од други монарси се појавила како решение за недостатоците од употребата за платеници. До 18 век, странците сочинувале од 25 до 60% од редовните европски армии.[424]

Сара Перси забележува фундаментална промена во употребата на приватната војска до крајот на 17 век, бидејќи ограничувањата за ангажирање платеници сè повеќе се наметнуваа, овозможувајќи им на монарсите успешно да ги искоренат независните платеници-претприемачи. До крајот на 17 век, пазарот на сила беше целосно контролиран од државите, кои се занимаваа со трговија со воени единици или овластуваа договори за платеници во рамките на нивната територија под строга дозвола.[425] Перси посочува дека прашањата презентирани од автономните платенички компании биле решени со централизирање на контролата врз употребата на сила и создавање повеќе постојани армии.[426]

Во текот на 18 век, регрутите сочинуваа 50% од пруската армија и 33% од француските воени сили. За време на американската револуционерна војна 1775-1783,[427] Британците ангажирале 18.000 платеници. Во 1793 година, тие ангажирале 33.000 платеници да се борат во војната против Франција. Во златниот период на приватизацијата во поморските војни во текот на 18 век, француските, англиските и американските приватници запленија приближно 6400 награди за време на војната за шпанското наследство (1704-1714) и англо-американската војна од 1812 година.[428] Швајцарија, позната по својата неутралност, обезбеди околу 1 (еден) милион воена

[421] Jóhann Ásmundsson, "*The Privatization of War*," BA thesis, The University of Akureyri, Faculty of Law and Social Sciences, 2007, 9.
[422] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 29.
[423] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 134.
[424] Hannah Tonkin, *State Control over Private Military and Security Companies in Armed Conflict* (Cambridge: Cambridge University Press, 2011), 9-10.
[425] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 68.
[426] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 83.
[427] Приватните актери одиграа улога низ воената историја на САД. Контракторите ја поддржуваат американската војска во секоја непредвидена ситуација уште од времето на Американската револуционерна војна. Во: Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 2.
[428] Janice E. Thomson, *Mercenaries, Pirates and Sovereigns: State-Building and Extraterritorial Violence in Early Modern Europe* (New Jersey: Princeton University Press, 1994), 10-15.

работна сила во Франција, Шпанија и Холандија помеѓу 1450 и 1850 година, што ги прави значаен снабдувач на приватизирана воена сила. Франција се потпираше врз решеноста на швајцарските војници да ги поврзат армиите предводени од монарси и да ги принудат европските земји да одобруваат договори кои им одеа наклонети на француските кралеви и ги признаваа територијалните граници на денешна Швајцарија.[429]

Француската револуција ја иницираше промената кон армиите на националните држави и намалувањето на вработувањето на платеници во војување, додека приватната сила продолжи да игра значајна улога во обликувањето на меѓународните односи. Консолидацијата на воената сила под државна контрола доведе до значителна промена во искористувањето на приватните трупи, од кои се бараше да дејствуваат надвор од границите на европскиот државен систем.[430] За време на ерата на колонијална експанзија, трговските организации како холандските или англиските источно индиски компании имаа значителна поморска и територијална власт, дејствувајќи како суверени делови од неевропскиот свет.[431] [432] Некои научници ги нарекуваат трговските друштва од тоа време како ембриони на ПВБК.[433] Авторите како Сингер и Ортиз ги поврзуваат надворешно-трговските бизниси со денешните ПВБК како нивниот најблизок историски претходник поради широката употреба на сила од страна на трговските компании во водењето на нивниот бизнис и воедно нивниот мултинационален карактер.

Сепак, побарувачката за платеници се намали бидејќи многу држави воспоставија постојани армии во 19 век преку регрутирање, иако практиката на дополнување на редовните сили со ангажирана поддршка беше задржана до одреден степен.[434]

5.1.3. Современа ера - 20-ти век

Со континуиран раст и зголемена активност на приватната воена индустрија, почетокот на 21 век е сведок на забрзување на рушењето на монополот на нацијата-државата врз насилството и појавата на пазар за набавувачите на вооружените сили.[435] Во периодот од 1900 година до почетокот на војните за деколонизација во 1960-тите, војувањето еволуираше во фокусиран државен потфат кој бараше широка мобилизација на националните воени сили, поттикнати од чувството на должност кон државата, а понекогаш изразено во патриотски термини. Во тие рамки, и платениците и странските

[429] Jared Wilson Kramer, "*The common defense: challenging state authority and the citizen army through the privatization of force*," Master's thesis, San Diego State University, 2015, 6.
[430] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 43.
[431] P.W. Singer, "Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry and its Ramifications for International Security," *International Security* 26, no. 3 (2002): 191.
[432] Clement Tracol, "*Is there an appropriate role for Private Military Companies (PMCs) in the contemporary security context?*" Third year dissertation, Faculty of Arts and Social Sciences, Kingston University, 2011/12, 11.
[433] Erika Calazans, *Private Military and Security Companies: The Implications Under International Law of Doing Business in War* (Cambridge: Cambridge Scholars Publishing, 2016), 15-16.
[434] Michael Scheimer, "Separating Private Military Companies from Illegal Mercenaries in International Law: Proposing an International Convention for Legitimate Military and Security Support that Reflects Customary International Law," *American University International Law Review* 24, no. 3 (2009): 615.
[435] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 3.

борци видоа дека нивните активности се трансформираат.[436] Платениците ангажирани за време на деколонизацијата во 1950-тите и 60-тите години во африканските држави[437], исто така, беа вработени од монарси и милиции за да ја прошират територијата и да имаат контрола. Во пресрет на третиот бран деколонизација,[438] платениците станаа активни во хаосот во Африка,[439] [440] проследено со модерни ПВБК од 1965 година наваму.[441] Платеници беа ангажирани за да учествуваат во конфликтите што се случија по процесот на деколонизација во Африка, или од колонијалните сили кои сакаа да ја задржат контролата, како во Конго во текот на 1960-тите, или од сепаратистичките фракции, како што се гледа во кризата во Биафра од 1967 до 1970 година. Во граѓански војни како Ангола, и да се извршат државни удари во земји како Бенин, Коморите и Сејшелите.[442] Се смета дека современите платеници водат потекло од кризата во Конго (денешна Демократска Република Конго) во периодот 1960-65 година.[443] Од средината на векот до 1980-тите, платениците биле озлогласена група позната по тоа што барала слава и биле вклучени во нехумани постапки.

За време на Виетнамската војна, Рајт Милс забележал симбиотски однос помеѓу владата и приватната индустрија што тој го нарекува „вртлива врата“ (revolving door).[444] Интересите се совршено складни каде цивилите стануваат државни службеници, а државните службеници често ја напуштаат својата работа за да станат цивилни контрактори.[445]

Првите ПВК се појавија во доцните 1960-ти, примарно нудејќи консултантски услуги. Првата ПВК основана е во Велика Британија во 1967 година под името Watch Guard International. Компанијата основана е од полковникот Дејвид Стирлинг и регистрирана на островот Џерси. Watch Guard International беше составена од поранешните членови на британската САС (SAS) и последователно стана модел за други приватни воени компании во светот.[446] [447] [448] Услугите опфаќаа регрутирање и обука на персонал, борбена и техничка поддршка за контрабунтовнички операции и разни воени консултации. Понатаму, британската влада директно ги контролираше

[436] Повеќе во: United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018.
[437] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 37.
[438] Samuel P. Huntington, *The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century* (1991).
[439] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 37, 44.
[440] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 23.
[441] W. P. Cromwell, B. T. Contos, C. DeRodeff, and Dan Dunkel, *Physical and Logical Security Convergence* (Syngress: Elsevier, 2011).
[442] United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 6.
[443] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 99.
[444] C. Wright Mills, *The Power Elite*, 2000 edition (USA: Oxford University Press, 1956).
[445] Robert Getso, "*Department of Defense Civilian Contractors and the Global War on Terrorism*," Master of Arts in Liberal Studies Degree, Excelsior College, 2009, 2.
[446] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 19.
[447] Maria A. Nebolsina, "Private Military and Security Companies: A Theoretical Overview," *Russia in Global Affairs* 17, no. 2 (2019): 80.
[448] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 10.

нејзините активности. Искуството ја покажа ефикасноста на ПВК во зоните, генерирајќи сили за брза реакција. Така, Watch Guard International одигра важна улога во британските воени операции во Јемен. Watch Guard International и другите британски ПВК модели, заедно со американските Vinnell and Military Professional Resources Inc.(MPRI), израелската Golan Group и Lordan-Levdan, беа клучни посредници во раните фази на развојот до доцните 1980-ти. Тие потпишаа договори за планирање воени операции и обука на персонал.[449] Компанијата Control Risks Group, основана 1975 година во Англија, не се смета како вообичаена ПВК во традиционална смисла, но сепак претставува една од првите модерни приватни воена агенции и претходник на денешните ПВК. Таа е лидер во понудата на услуги за физичка и техничка заштита, обезбедување високи дипломати, заштита на воени конвои и обезбедување друга логистичка и воена поддршка.[450]

5.1.4. Ера по Студената војна (1990-ти до денес)

Приватниот безбедносен бизнис повторно заживеа по 1990 година со завршувањето на Студената војна, по распространетоста на ПВК во африканските граѓански војни. Некои автори го карактеризираат овој наплив како нов поток или нова верзија на платеници.[451] Појавата на ПВК и приватната воена индустрија доведе до поделба меѓу експертите. Некои тврдат дека ПВК и нивните операции претставуваат посебен безбедносен актер на глобалната сцена, одвоен од платеничките групи што се појавија во Африка во текот на 1960-тите и 1970-тите.[452] Приватниот безбедносен сектор доживеа ограничен раст до крајот на Студената војна, момент во кој присуството на ПВБК во Африка драстично се прошири.[453]

Распадот на Советскиот Сојуз и крајот на Студената војна претставува еден од главните маркантни периоди во историјата на приватизација на војната.[454] [455] Во овој контекст, либерализацијата на пазарот е драматично зголемена, а приватизација на услугите, кои претходно беа контролирани од државата, постепено добиваа на сила,[456] при што е сè почеста појавата на аутсорсинг на сила. Новиот бизнис на етаблирани компании кои нудат воени услуги за трета страна стана познат во глобалната арена. Огромната моќ што ја држат вооружените сили на државите беше деградирана од комерцијалните бизниси, главно заради финансискиот профит. По распадот, се случи рецесија во многу од земјите кои порано беа нејзини клиенти.

Националните држави доброволно ги продадоа поранешните советски воени средства со цел да стекнат профит и да ги ревитализираат своите економии. Акцијата доведе до зголемено снабдување со напредна воена опрема и обучен персонал за

[449] Anna van Oeveren, "'*Cry 'Havoc!' and Let Slip the Dogs of War': Regulating Private Military and Security Companies*," Published online May 24, 2016.
[450] A. K. O'Brien, "PMCs Myths and Mercenaries: The Debate on Private Military Companies," *The RUSI Journal* 145, no. 1 (2000): 59-64.
[451] Luis Gaston Elduayen, "Mercenarism 2.0? The Rise of the Modern Private Security Industry and Its Implications for International Humanitarian Law Enforcement," *Harvard International Law Journal* 49, no. 1 (2008): 221-248.
[452] Abdel-Fatau Musah and Kayode J. Fayemi, eds., *Mercenaries: An African Security Dilemma* (Sterling, VA: Pluto Press, 2000), 1.
[453] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 19.
[454] Krešimir Pavlović, "Privatizacija državnih vojnih funkcija – primjer američkog Blackwatera," *Polemos* 12, no. 1 (2009): 93.
[455] Ori Swed and Thomas Crosbie, "Private Security and Military Contractors: A Troubling Oversight," *Sociology Compass* (2017): 2.
[456] William L. Megginson and Jeffry M. Netter, "From State to Market: A Survey of Empirical Studies on Privatization," *Journal of Economic Literature* (2001): 321-389.

независните западни земји и приватни бизниси, вклучително и широк спектар советски хеликоптери и авиони. Ова беше особено очигледно кога аналитичарите во 1990-тите го прогласија почетокот на „ерата на приватизацијата“.[457] [458] [459]

Компанијата Executive Outcomes, основана во Јужна Африка од Ибен Барлоу во 1989 година, беше вистинска борбена компанија позната по својата ефикасност, економска флексибилност и вешто управување со односите со медиумите. Се фокусираше на армиска обука и воена подготовка и егзекуција од сопствените борци. Годината на основање може да се наведе како точка по која следеше еволуцијата на ПВК.[460] Авант и Сингер сугерираат нов тренд во приватизацијата на војувањето со падот на Револуционерниот обединет фронт, кој вклучува употреба на ПВК, како што се Executive Outcomes и Sandline.[461] [462]

Заливската војна (1990-1991) беше еден од најраните случаи каде приватните корпорации беа интензивно користени за услуги за поддршка и одржување. Воените операции во Босна, Сиера Леоне, Косово, Авганистан и Ирак беа зависни од поддршката на контракторите.[463]

За време на војните од новиот милениум, воената приватизација достигна највисока точка. Војните во Ирак и Авганистан јасно ги покажаа способностите на контракторите. Приватниот воен сектор ги извршуваше конвенционалните задачи, вклучувајќи: разузнавање, логистика, одржување, превод, комуникација, патроли итн., служејќи како примарна воена сила.[464] [465] ПВБК доживеаја значителен раст за време на војните во Авганистан и Ирак кои започнаа по 11 септември 2001 година, проширувајќи се во полето на класичните мировни операции.[466] [467] Понатаму, другите земји го прифатија и го изменија овој тренд, како што се: израелската приватизација на мисиите на контролните пунктови на Западниот Брег[468], руското потпирање на контракторите во украинскиот и сирискиот конфликт[469] [470], војната на Нигерија против

---

[457] Mark Thompson, "Bosnia: Generals for Hire," *Time*, January 15, 1996. Достапно на: https://content.time.com/time/subscriber/article/0,33009,983949,00.html. Пристапено на: 20.03.2023.
[458] Andrew Mumford, "Proxy Warfare and the Future of Conflict," *The RUSI Journal* 158, no. 2 (2013): 42.
[459] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, “Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization,” *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 134.
[460] Anna van Oeveren, "'*Cry 'Havoc!' and Let Slip the Dogs of War': Regulating Private Military and Security Companies*," Published online May 24, 2016.
[461] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 153.
[462] P.W. Singer, *Can't Win With 'Em, Can't Go to War Without 'Em: Private Military Contractors and Counterinsurgency* (Washington, DC: Brookings Institution, 2007).
[463] Patrick Wouters, "The Political, Legal and Military Implications of Outsourcing to Private Military Companies," *Egmont Security Policy Brief* No. 15 (November 2010): 82.
[464] J.K. Elsea, M. Schwartz, and K.H. Nakamura, *Private Security Contractors in Iraq: Background, Legal Status, and Other Issues*, Congressional Research Service, CRS Report for Congress RL32419 (2008).
[465] M. Schwartz, *Department of Defense Contractors in Iraq and Afghanistan: Background and Analysis*, Congressional Research Service, CRS R40764 (2010).
[466] Åse Gilje Østensen, "In the Business of Peace: The Political Influence of Private Military and Security Companies on UN Peacekeeping," *International Peacekeeping* 20, no. 1 (2013): 33–47.
[467] Повеќе во: Christopher Spearin, "UN Peacekeeping and the International Private Military and Security Industry," *International Peacekeeping* 18, no. 2 (2011): 196-209.
[468] Shira Havkin, "La privatisation des checkpoints: quand l’occupation militaire rencontre le néolibéralisme," in Cédric Parizot and Stéphanie Latte Abdallah (eds.), *A l’ombre du mur: Israéliens et Palestiniens entre séparation et occupation*, Arles: Paris, Actes Sud, 2011, 51-72.
[469] T. Grove, "Up to nine Russian contractors die in Syria, experts say," *The Wall Street Journal*, December 15, 2015.
[470] J. Rogin, "Exclusive: Russian 'Blackwater' takes over Ukraine airport," *The Daily Beast*, February 28, 2014. Достапно на: https://www.thedailybeast.com/exclusive-russian-blackwater-takes-over-ukraine-airport. Посетено на: 20.04.2023.

Боко Харам[471], безбедноста на индонезиската граница[472] и зголеменото безбедносно присуство на Кина во Африка.[473] Денес, активните платеници сè уште можат да се видат како учествуваат во различни битки, заедно со корпоративните даватели на воени услуги рефлектирани во ПВФ.[474]

Историската споредба помеѓу јавните и приватните воени субјекти посочува дека приватизираниот воен сектор ќе има значително и растечко влијание врз глобалната безбедност во иднина.

За крај, овој концизен воено-историски преглед покажува дека приватните актери постојано биле вклучени во војувањето низ историјата. Погрешно е да се верува дека само државите биле единствените субјекти кои воделе војна. Приватните актери, како: платеници, кондотиери или приватници одиграа клучна улога. На пример, платениците често биле вработени како консултанти или специјализирани трупи. До пред четиристотини години, немаше суверена држава која имаше ексклузивна контрола врз употребата на сила. Недржавното насилство доминираше во меѓународниот систем во минатото и беше исклучително профитабилен потфат.

5.2. Фактори за појава и подемот на ПВБК

По историскиот преглед, точката претставува продолжение на претходно дискутираната траекторија на приватизираните сили. Тука ќе се аргументираат повеќе хипотези кои се поврзани со појавата и подемот на ПВБК. Тие се: променливата природа на државите придонесува за растот на ПВБК, намалената способност на државата за исполнување на традиционалните функции придонесува за проширување на приватните актери, зголемувањето и ширењето на безбедносните закани директно влијаат врз појавата и подемот на нови безбедносни актери и намалувањата на армиите придонесе до појава и развој на ПВБК.

Иако растечката приватизација на безбедноста го загрозува традиционалниот или преовладувачкиот концепт на модерната држава, таа не треба да се смета како е разумно да се размислува за зголемената приватизација на безбедноста како исклучителен, неприроден или целосно нов феномен. Од сеопфатна гледна точка, покорисно е да се размислува за приватизацијата по Студената војна како „продолжување на приватната воена активност од минатото, наместо како нагло отстапување“.[475] [476]

Приватизацијата е општ тренд кој преовладува во современото капиталистичко општество.[477] Политичкото и економско објаснување се карактеризира со процесите на економска либерализација и глобализација, кои го олеснија растот и просперитетот на ПБК во периодот по крајот на Студената војна. Приватизацијата или дерегулацијата, која вклучува отворање на индустриите контролирани од владата на отворениот пазар, е фундаментален процес на глобализацијата. Таа има за цел да ги ублажи зголемените

[471] M. Smith, *Boko Haram: Inside Nigeria's Unholy War* (New York: I.B. Tauris, 2015).
[472] A. Sciascia, "Monitoring the border: Indonesian port security and the role of private actors," *Contemporary Southeast Asia: A Journal of International and Strategic Affairs* 35, no. 2 (2013): 163–187.
[473] A. Erickson and A. & G. Collins, "Enter China's security firms," *The Diplomat*, February 21, 2012.
[474] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 45.
[475] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 34.
[476] James Larry Taulbee, "Mercenaries, Private Armies and Security Companies in Contemporary Policy," *International Politics* 37 (2000): 436.
[477] Noam Chomsky, *Profit over People: Neoliberalism and Global Order* (New York, Toronto & London: Seven Stories Press, 1999).

финансиски притисоци со кои се соочуваат државите.[478] Ова во голема мера е засегнато врз работата на ПБК во современиот меѓународен систем. Според Вулф, приватизацијата „вклучува делегирање државно овластување во вршењето на монополот на насилството“.[479]

Во однос на факторите за појава и самиот развој на приватизираната сила, постои консензус меѓу научниците во анализираната литература. Значителен број научници се согласуваат со повеќето од овие фактори. Забележителни варијации се јавуваат кај одредени автори кои врз основа на нивната област на истражување, воведуваат свои прилози. Подолу, подетално ќе бидат опфатени факторите за појава и подемот на приватизираната сила, со акцент врз човечкиот фактор, односно намалувањата на армиите и одливот на персонал како главна нишка во појавата и развојот на ПВБК.

Историски гледано, појавата на ПВК на меѓународната сцена беше во спротивност со преовладувачките анти-платенички норми. Литературата идентификува две сеопфатни причини кои го поттикнаа подемот на приватните актери. Првиот е падот на државата, односно намалената моќ на државата, а вториот е начинот на кој технологијата го менува војувањето.[480] Сингер, истакнува уште два дополнителни фактори кои произлегле како резултат од крајот на Студената војна, кои се пример за промената на околностите на животната средина и ја предлагаат еволуцијата на ПВК. Овие фактори се промената во природата на војувањето и револуцијата на приватизацијата.[481]

Постои различно гледиште во однос на основните фактори кои придонеле за појавата на приватниот безбедносен бизнис. Според одредени аналитичари, порастот на приватната безбедносна индустрија може да се припише на општествените промени, процесите на реинтеграција и распадот на државите во 1990-тите. Алтернативно, некои тврдат дека намалената улога на полицијата е примарна причина, а според трети тоа е резултат од појавата на хипокризија во безбедносната сфера.[482] Општо земено, појавата на ПВБК може да се припише на директни фактори кои произлегуваат од широк опсег на социо-економски промени. Создавањето на ПВБК беше олеснето од три директни причини, и тоа: научно-стратегиски причини, политичко-правни, и социјално-економски причини.[483]

Паралелно со овие теории и модели, литературата укажува дека појавата на ПВБК е од различни фактори. Некои од нив се: новата безбедносна средина во која сега работат државните актери, културата на аутсорсинг и приватизација на државните услуги што беше прифатена од западните влади, воениот фонд на искусни војници поради намалувањето на армиите по Студената војна, либерализацијата на пазарот, секуритизацијата како фактор за појава, безбедносните перцепции на големите сили по Студената војна, промена на војувањето од конвенционални сценарија од Студената војна во граѓански војни со низок интензитет, пролиферацијата на оружје, јавната

[478] William L. Megginson and Jeffry M. Netter, "From State to Market: A Survey of Empirical Studies on Privatization," *Journal of Economic Literature* (2001): 321.
[479] Herbert Wulf, "Privatization of Security, International Interventions and the Democratic Control of Armed Forces," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London: Routledge, 2008), 191–202.
[480] Joanna Allison Wood, *The Paradox of Power: Private Military Companies and the Decline of the State*, Master's thesis, Robertson School of Government, Regent University, 2010, 46.
[481] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[482] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 51-52.
[483] Повеќе во: Оливер Бакрески, *Контрола на безбедносниот сектор* (Скопје: Аутопринт Т.А., 2012), 97-98.

чувствителност на загинатите војници, потребата за професионализација на војувањето, и економска глобализација која нуди висок профит од инвестициите во операции за екстракција на природни ресурси во помалку развиените земји, итн.[484]

Од друга страна, Катери Кармола различно ја структурира појавата на ПВК. Кармола издвојува две доминантни линии на објаснување. Во првиот правец припаѓаат авторите како Сингер, Авант и Мандел, кои оваа појава ја опишуваат како „спонтан развој под влијание на различни пазарни влијанија во последните две децении“, што донекаде се совпаѓа со претпоставките за либерално градење мир. Во другата насока припаѓаат авторите Скејхил и Зарате, кои приватизацијата на безбедноста ја гледаат како заговорно угнетување разни владетели и бизнис елити со цел да се спроведат постоечките закони и да се создадат тајни (вооружени) формации одговорни само пред оваа група. Помеѓу овие два правца може да се најдат многу мислења за приватизацијата на безбедноста како „логична последица на промените во армијата и промените во карактерот на војната“. Кармола потоа наведува пет фактори кои, според нејзиното мислење, влијаеле врз развојот на приватизацијата на безбедноста, донекаде совпаѓајќи се со веќе цитираните автори.[485] [486]

---

[484] Повеќе за факторите за појава во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.; Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 130-133.; Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000).; P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004).; A. K. O'Brien, "PMCs Myths and Mercenaries: The Debate on Private Military Companies," *The RUSI Journal* 145, no. 1 (2000).; Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002).; Elke Krahmann and Cornelius Friesendorf, *The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations*, Directorate-General for External Policies of the Union Directorate B Policy Department Study, 2011.; J. N. Maogoto and B. Sheehy, "Private Military Companies & International Law: Building New Ladders of Legal Accountability & Responsibility," *Cardozo Journal of Conflict Resolution* 11, no. 1 (2009): 99–132.; Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013.; Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005).; Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009.; Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 96-98.; Biljana Vankovska, "Privatization of Security in Macedonia: Genealogy and Contextualization," *Security Dialogues/Безбедносни Дијалози* 2, (2016): 35–47.; Barry Buzan and Lene Hansen, *The Evolution of International Security Studies* (Cambridge: Cambridge University Press, 2009), 36.; Barry Buzan, Ole Waever, and Jaap de Wilde, *Security: A New Framework for Analysis* (Boulder: Lynne Rienner Publishers, Inc., 1998).; Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006).; Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005.; Peter Papler, "*Privatna vojaška podjetja - organizacija, doktrine in poslovanje*," doktorska disertacija, UNIVERZA V LJUBLJANI FAKULTETA ZA DRUŽBENE VEDE, 2014.; P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 66.; Повеќе за пролиферацијата на оружје во: Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017.

[485] Повеќе во: Kateri Carmola, *Private Security Contractors and New Wars: Risk, Law, and Ethics* (London: Routledge, 2010), 40–63.

[486] Марко Д. Милошевић, "*Приватизација безбедности у постконфликтним државама: случај Србије и Хрватске у периоду 2000 – 2016. Године*," Докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, 2018, 25.

Како клучни фактори за појавата на ПВБК и нивниот раст, Ванковска ги набројува:[487]

- На развиениот Запад, а особено САД и Велика Британија, во отсуство на голема воена закана, вооружените сили се соочија со радикални реформи на намалување на бројот на припадници, но и намалување на воените буџети. Голем број високо професионални и искусни воени лица се најдоа на пазарот на трудот, но не само како поединци, туку како организирани групации со тесни врски со центрите на моќ;
- Приватизацијата и дерегулацијата на пазарите доведоа до намалување на контролната улога на државите во сферата на капиталот и услугите. Приватизацијата (честопати погрешно) се поистоветува со ефикасност и професионалност, па оттука фасцинацијата со неограничениот приватен сектор резултираше со „ера на приватизација“ на бројни општествени сектори, вклучувајќи го и безбедносниот. Длабочината на овој процес може да се види не само во приватизацијата на јавните сервиси (како водовод, електродистрибуција, здравство, образование), туку дури и во приватизацијата на затворите, заштитата и обезбедување на лица и објекти од државен интерес, како и сферата на управување со кризи во време на вонредни ситуации и природни непогоди. Во контекст на армијата почна да се застапува тезата дека таа треба да ги задржи само „суштинските функции“, а сè што може подобро, побрзо и поевтино да се заврши со ангажирање на приватни компании, да им се препушти по пат на склучување договори. Ваквата тенденција се нарекува „приватизирање на државата“, во која приватните безбедносни компании станале „четврта гранка на власта“. На истото се надоврзуваат и Хаинекен и Моцурис кои посочуваат дека растот на секторот бил толку обемен што некои ги нарекуваат приватните контрактори како „четврта услуга“. Приватниот сектор стана работна сила на резервната армија која исполнува сè поголем опсег на воени задачи. Всушност, цивилните контрактори, од кои повеќето имаат претходна воена обука, сега практично станаа нова приватна воена резерва на воени професионалци.[488] Но, постепено почнаа да се препуштаат дури и централните задачи, вклучувајќи ги и разузнавањето и воено-технолошкиот развој и „револуцијата на воените работи“. На пример, денес контракторите оперираат со беспилотни летала и подморници, кои се користат за разузнавање или борбени дејствија. Но, најголемиот број аналитичари сметаат дека на огромното зголемување на ангажираните контрактори влијаело т.н. „растегнување на вооружените сили“ на голем број боишта низ светот. На тој начин, САД можат да ја остваруваат својата воена стратегија на начин кој е политички поприфатлив за јавноста, која е особено чувствителна и нерасположена за масовна регрутација и за човечки жртви. Интересно е дека дури и пополнувањето на американските вооружени сили станува зависно од „меѓународниот пазар на труд“, па се забележуваат голем број случаи во кои воените позиции се пополнуваат со странци, на кои за возврат им се ветува државјанство или „зелена карта“ (дозвола за престој и вработување);
- Крајот на биполаризмот и повлекувањето на директната поддршка за режимите од страна на суперсилите, во т.н. Трет свет дојде до „одмрзнување“ серија

[487] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 96-98.

[488] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 81.

конфликти. Тие се покажаа како многу опасни и сложени, односно создадоа амбиент со висок степен на ризик за ангажирање и на меѓународните сили и на хуманитарните организации, па на професионално ангажираните контрактори се гледа како на вистинска алтернатива;

- Корисноста на приватните безбедносни компании и контрактори се гледа во нивната инструментална улога, т.е. за прикривање на сопственото инволвирање и постоење на национални интереси на големите сили во зоните на конфликт. Нивното користење се нарекува водење надворешната политика или војување со посредник;
- Јакнењето на национализмот и желбата за создавање независни држави, во одредени делови од светот (вклучувајќи ја и поранешна Југославија) во воената сфера доведе најнапред до ерозија и уривање на постојните државни воени структури за потоа одоздола да се изградат нови војски и полиции. Често новите структури не уживаа легитимитет и доверба кај целата (етнички хетерогена) популација, што отвори процес на нов бран создавање приватни структури (селски гарди, милиции, итн.);
- Слободната циркулација на мало и лесно (но и тешко) оружје го забрза овој процес создавајќи чувство и на страв и на лажна безбедност. За прв пат од создавањето на националните држави, поголем квантум на оружје се наоѓа во рацете на приватни лица и групи, отколку во посед на државите;
- Новосоздадените и по дефиниција слаби држави многу често беа неспособни да го одржуваат внатрешниот ред и поредок, и така станаа главна клиентела на приватните безбедносни компании од Западот, кои тука најдоа најдобар пазар за своите услуги, најчесто во вид на реформа на одбранбените министерства, тренинзи, ракување и одржување на модерните воени системи;
- Зголемената побарувачка за давачи на безбедност е делумно резултат и од неспособноста на ОН да одговорат на бројните сложени конфликти, особено во Африка. Така, дури и мировните и хуманитарните операции сè повеќе користат услуги на ПВБК.

Сепак, враќајќи се на централното прашање и главната хипотеза на дисертацијата, во понатамошниот дел ќе биде анализиран само факторот што го опфаќа намалувањето на воените сили и одливот на персонал од армиите, односно човечкиот фактор како двигател на подемот.

Намалувањата на армиите по ерата на Студената војна беа директна последица на прекумерните и неодржливите воени трошоци во текот на 1970-тите. Намалувањата на армиите создадоа збир од искусен, пензиониран, воен персонал, кој го потхрануваше појавувањето на приватен воен и безбедносен сектор[489] и даваше услуги за кои традиционално се сметаше дека им припаѓаат на националните војски. Армиите специфично приспособени за операции во Студената војна не се соодветни за оперирање во сложената и често насилна средина на граѓанските војни.[490] Демобилизацијата на армиите на крајот од конфликтите отсекогаш била проследена со огромна понуда на поранешни војници со високо специјализирани вештини кои се собираат на пазарот на труд.[491]

Ширер беше првиот што сугерираше дека намалувањето на западните воени сили доведе до раст на приватниот воен сектор. Тој посочува дека „демобилизацијата

[489] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 130.
[490] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 28.
[491] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 30-31.

ги ослободи поранешните војници на пазарот на труд“ и „нето резултатот е нагло зголемување на експертизата во приватниот сектор“.[492] Дополнително, големите сили останаа без поттик да интервенираат во такви конфликти во различни делови од светот. Ендрју Мамфорд ја истакнува промената во природата на војувањето, што се совпадна со подемот на ПВК.[493] Наместо војни од големи размери, светот набрзо беше зафатен со серија мали војни и конфликти, често на места каде што силите од Студената војна имале значајно влијание. Како резултат од тоа, од 1990-тите, сме сведоци на развој на пазар за сила каде што приватна воена индустрија нуди услуги на глобален пазар.[494]

Со отстранувањето на непосредната закана од војна, огромните конвенционални армии од дваесеттиот век станаа вишок. Приближно 7 (седум) милиони луѓе одеднаш се најдоа на пазарот на труд[495] како последица од зголемената побарувачка за персонал поради ескалацијата на војните.[496] Следствено, имаше значително намалување на постојаните армии на големите сили: „комбинираната воена работна сила падна од 6.873.000 во 1990 година на 3.283.000 во 1997 година“[497] што претставува пад од над 50%. Само во САД, активните сили во 2000 година, претставуваа само 64% од вкупниот број во 1989 година: „Американската армија, авијацијата и воздухопловните сили сите регистрираа намалувања од околу 35% помеѓу 1989 и 2000 година, а Маринскиот корпус забележа пад од 12%“.[498] Институтот „Брукингс“, кој ги следи овие податоци, откривајќи дека вооружените сили на САД се намалиле од 2,1 милиони во 1989 година на 1,37 милиони во 2000 година. Слични намалувања беа вообичаени во многу земји на НАТО, при што Обединетото Кралство ги намали своите вооружени сили од околу 250.000 на околу 120.000 војници во истиот период.[499] Руските национални вооружени сили се намалија од над 4 милиони во 1989 година на нешто повеќе од 1 милион во 2009 година, додека нивното финансирање претрпе намалување од 90% во однос на БДП.[500]

Присуството на голем број поранешни војници им овозможи на фирмите можност непречено да се префрлат од едноставен чуварски сектор во попрофесионален безбедносен сектор и со релативно мали почетни трошоци. По завршувањето на националната воена должност, веројатно е дека поединецот може да има проблеми да ги исплати неговите и трошоците за живот на неговото семејство, што ќе резултира со значителен личен психолошки и емоционален товар. Бидејќи професионалната воена обука трае со години, на поранешните војници им е тешко да се преквалификуваат за нови занимања. Личното незадоволство од нечиј статус и улога, како и неможноста да се исполнат општествените очекувања ќе го поттикнат таквиот поединец да се обиде во некоја гранка од воената професија. Покрај финансиските придобивки што може да се

[492] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 27.
[493] Andrew Mumford, "Proxy Warfare and the Future of Conflict," *The RUSI Journal* 158, no. 2 (2013): 40-46.
[494] Michele Turzi, "The Effects of Private Military and Security Companies on Local Populations in Afghanistan," *CRST* (2019), 6.
[495] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 3.
[496] "Private Military Companies in Counter-insurgency Strategy," *DIIS Policy Brief*, March 2011, 2.
[497] Tony Geraghty, *Guns for Hire: The Inside Story of Freelance Soldiering* (Little Brown GBR, 2008), 9.
[498] Carlos Ortiz, *Private Armed Forces and Global Security: A Guide to the Issues, Contemporary Military, Strategic, and Security Issues* (Santa Barbara, CA: Praeger, 2010), 52.
[499] Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017, 96.
[500] Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017, 97.

постигнат во приватниот воен сектор, сметам дека овој „егзистенцијален“ фактор игра подеднакво важна улога во објаснувањето на феноменот на подемот на приватниот воен сектор. Од перспектива на општествениот договор, прашањето за националната безбедност има важно значење. Кога приватен воен чинител се вклучува во доменот на националната безбедност, поединецот може да го толкува тој чин како отфрлање на одговорноста од политичките актери што му ги доверил од раѓање да владеат над него. Чувството дека државата „пропаднала“, односно дека го изгубила својот легитимитет, може да резултира со општествени акции и превирања кои се движат од граѓанска непослушност до „револуционерна“ акција против тие кои не ги исполниле своите договорни обврски.[501]

5.3. Класификација на приватните безбедносни актери

Дисертацијата проба да ги опфати сите форми на услуги што произлегуваат од приватната безбедност. Научната литература создаде многу концептуални дефиниции за приватни актери кои нудат воени и безбедносни услуги. Во текот на истражениот академски материјал, концептот на платеници е клучна почетна точка за формирање ПВБК, поддржувајќи ги историските оправдувања и феноменот на воена приватизација за кој беше дискутирано претходно.

Овој дел од дисертацијата има за цел да ги дефинира и категоризира приватните актери врз основа на различни перспективи од разни автори. Потоа, да се обезбеди и утврди дефиниција за ПВБК која ќе се користи во дисертацијата. Дополнително, се поставува прашањето дали и како класификацијата влијае врз носењето одлуки на војниците додека размислуваат да работат за ПВБК. По внимателно испитување, важно е да се анализираат платениците, контракторите, паравојските, кондотиерите, борците за слобода, герилците, бунтовниците, приватните сили итн.[502] Сите тие го делат учеството во комерцијализацијата на војната, директно или индиректно. Од витално значење е да се разјасни дека понудената концептуализација во дисертацијата не е точна или не ја одразува фактичката ситуација и реалност. Но, сепак аналитички таа е аргументирана и нуди флексибилен пристап во употребата на термините.

Низ достапната литература може да сретнеме различни термини кои упатуваат на овие компании. Тие термини вклучуваат: приватни воени компании (ПВК), приватни безбедносни компании (ПБК), приватни воени и безбедносни компании (ПВБК), приватни воени фирми (ПВФ), приватни обезбедувачи на безбедност, приватни контрактори. Овие фирми ја демонстрираат својата посветеност со разновидни активности кои вклучуваат: воени операции, проекти за рехабилитација, унапредување на воената и невоената технологија, како и на нивната примена во значајните национални системи.[503]

Различни типологии ги разликуваат вооружените контрактори врз основа на нивните дејствија на бојното поле. Единствениот обединувачки фактор за приватизираната воена индустрија е тоа што тие нудат услуги кои спаѓаат во воениот домен.[504]

За целосно да се разбере приватизираната воена и безбедносна индустрија, мора да се препознае нејзината вродена двојност. Првенствено, индустријата е под влијание

[501] Krešimir Pavlović, "Privatizacija državnih vojnih funkcija – primjer američkog Blackwatera," *Polemos* 12, no. 1 (2009): 95.
[502] J. Litavski, *Izazovi privatnog sektora bezbednosti* (Beograd: Centar za evroatlanske studije, 2012).
[503] Р. Микац, "Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век," *Современа македонска одбрана* XI, no. 19 (април 2010): 71.
[504] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 88.

на безбедноста и економската приватизација. Секоја категоризација или типологија на нејзините составни делови мора да ги земе предвид двата елементи.[505] Авант посочува дека вообичаените термини, како што се: „платеник“, „јавен“, „приватен“, „приватизација“ и „држава“, може да имаат различни толкувања што можеби не се универзално разбрани во различни контексти. Оваа опсервација, исто така, навлегува во метатеориските прашања поврзани со проучување на приватното обезбедување.[506]

Несовпаѓањата на дефинициите меѓу авторите поврзани се со основното прашање дали компаниите најдобро се опишуваат како воени или безбедносни компании или комбинација од двете. Како што е наведено претходно, оваа теза ќе се усогласи со одредени автори од оваа област и генерички ќе го користи терминот ПВБК. Тоа е во согласност со размислувањето дека сите се во дејноста на давање безбедност. Исто така, поради практични причини, се избегнува разликата помеѓу безбедноста и војската. Дополнително, ПВБК го потврдува и терминот просторот помеѓу „војската“ и „безбедноста“. Концептуално, треба да се напомни дека целокупната ознака „ПВБК“ што ја користам во дисертацијата се однесува во неможноста да се категоризира некоја компанија, односно во кратенката опфатени се компаниите кои обезбедуваат вооружени, советодавни и логистички услуги. Самиот термин дефинира бизниси кои обезбедуваат воени и безбедносни услуги во конфликтни и постконфликтни средини освен ако не е поинаку цитирано од други автори.

5.3.1. Поделба на приватните актери

Како што беше посочено во литературниот преглед, се прави разлика помеѓу ПВК и ПБК. Сепак, факт е дека концептите честопати се меѓусебно поврзани. Една поопштена дефиниција вели дека ПВК се приватни компании кои нудат офанзивни услуги, дизајнирани да имаат воен импакт, додека ПБК нудат одбранбени услуги, главно насочени кон заштита на лица и имот и спречување криминал.[507] Меѓутоа, таа типологија не го доловува фактот дека ако вооруженият контрактор може да направи една од овие функции, тој може да ги изврши сите. ПВБК што се ангажирани за обука и логистичка поддршка често може да преминат во борбени операции. Не постои посебна граница меѓу нив, првенствено откако најголемиот дел од контракторите ја имаат започнато својата кариера во националните војски.[508]

Терминот „безбедност“ има пошироко значење од поимот “војска/армија“ бидејќи ги вклучува и војската и концептот безбедност. Главната разлика помеѓу воените и безбедносните компании е опсегот на услуги што ги обезбедуваат на клиентот. Компаниите за обезбедување обично нудат услуги само од областа на лична и имотна заштита и техничка заштита. Затоа, услугите на безбедносните компании се потесни од тие на ПВК. Овој факт е интересен парадокс, бидејќи во професионалната терминологија концептот на безбедносна активност е поширок од концептот на воена активност. Меѓутоа, во случајот со опсегот на услуги што ги обезбедуваат ПВК, приватната безбедносна активност е потесна од приватната воена активност. ПБК

[505] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 33.
[506] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 22-23.
[507] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 5.
[508] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 5. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

генерално се сметаат за подмножество на ПВК. Но, има и други автори кои сметаат поинаку. ПВК се различна подгрупа на ПБК и обезбедуваат многу специфична услуга - „убивајте или обучувајте други да убиваат“ во странски услови.[509]

Холмквист смета дека непотребно е да се прави разлика помеѓу конкретни актери и активности во индустријата. Таа претпочита да ги групира војската и безбедноста заедно под еден чадор користејќи го терминот ПБК. Таа забележува дека недостатокот од усогласена дефиниција ја попречува анализата на поширокиот контекст на приватизацијата на безбедноста и развојот на меѓународните правни норми и регулаторни структури. Таа го оспорува аргументот на Сингер дека компаниите се категоризираат според нивната близина до линијата на фронтот, бидејќи „нивното влијание врз безбедноста може да биде значајно дури и кога го обезбедуваат далеку од линијата на фронтот. Поголемо влијание може да се постигне со воена обука и консултации отколку од директен ангажман на бојното поле“.[510]

Даг Брукс даде интересен преглед на овие типови „безбедносни бизниси“ со тоа што го подели севкупниот пазар на даватели на воени услуги на три индустрии. Првата група се состои од даватели на услуги кои не се смртоносни, како што се тие кои нудат разузнавање, логистика, расчистување мини итн. Втората индустрија се однесува на ПБК, кои нудат пасивни безбедносни услуги за имот и поединци, кои работат не само дома, туку и во конфликтните области. Третата група се состои од ПВК, кои вклучуваат пасивни компании кои извршуваат задачи, како што се обука и активни ПВК кои директно учествуваат во борбите.[511]

Лили го користи терминот „приватни безбедносни групи“ за да ги опфати и платеничките сили и ПВБК како дел од севкупниот тренд на приватизација на безбедноста.[512]

Сингер го користи терминот приватни воени фирми (ПВФ) и ги дефинира како деловни организации на професионални услуги тесно поврзани со војување. Тие се корпоративни тела кои се специјализирани за обезбедување воени вештини, вклучително и борбени операции, стратешко планирање, разузнавање, процена на ризик, оперативна поддршка, обука и технички вештини. Со самиот факт на нивната функција, тоа што долго време се сметаше за традиционални одговорности на владата. Односно, ПВФ се приватни деловни субјекти кои доставуваат до потрошувачите широк спектар воени и безбедносни услуги, некогаш генерално се претпоставува дека се исклучиво во јавниот контекст.[513]

Ширер го користи терминот ПВК за да ги опфати сите компании вклучени во аутсорсинг на сила. Терминот „воени компании“ беше воведен во неговата академија кон крајот на 1990-тите, инспириран од учеството на Executive Outcomes и Sandline International во вооружените конфликти, главно во Африка.[514] Терминот во суштина ги опишува компаниите кои „нудат воени вештини кои некогаш биле во сопственост на

[509] Anna Borshchevskaya, "Russian Private Military Companies: Continuity and Evolution of the Model," *Foreign Policy Research Institute* (2019), 4.
[510] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 5.
[511] Doug Brooks, "Private Military Service Providers: Africa's Welcome Pariahs," *Nouveaux Mondes*, no. 10 (2002): 69-86.
[512] Повеќе во: Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000).
[513] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 8.
[514] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998).

владите“. Ширер истакнува дека „приватните воени сили не можат да се дефинираат во апсолутни термини: тие заземаат сива зона што ја предизвикува либералната совест“.[515]

Спротивно на тоа, кинеската регулатива ги класифицира приватните безбедносни служби во два вида: безбедносни компании и безбедносни компании кои обезбедуваат услуги за вооружена придружба. Јанг појаснува дека недостатокот од вооружени безбедносни служби е најмногу поради тоа што постои „долгогодишната загриженост на владата околу дозволувањето цивилна сопственост на огнено оружје“.[516]

Коди смета дека терминот „контрактори“ истовремено означува и предизвикува конфузија. Според него, збунетоста произлегува од „зачудувачката разновидност на задачи“ што ги извршуваат контракторите. Но, токму оваа збунувачка низа задачи го прави терминот „контрактори“ корисен.[517] Скејхил постојано го користи терминот платеник/ци за да ги опише актерите во индустријата.[518]

Индустријата, поврзаните лоби групи, како и владите доминантно го користат терминот ПБК.[519] Невладините организации и активистите за човекови права најчесто го користат терминот ПВК или ги нарекуваат овие компании како платеници.[520] Индустријата е критична кон терминот „ПВК“, тврдејќи дека тој не спаѓа во оваа класификација бидејќи понудените услуги се чисто одбранбени.[521]

За крај, Ана Линдер и Ренс ван Манстер неодамна го користеа терминот „приватни безбедносни контрактори“[522] за да ги опишат истите компании кои Линдер само две години порано самата ги нарекуваше „ПВК“.[523]

5.3.2. Дефиниции за приватните безбедносни актери

Постојат бројни дефиниции во истражената литература. Сите тие се толкуваат врз основа на авторот и согласно нивната цел. Во дисертацијата одбрани се соодветни дефиниции кои ја отсликуваат тезата. Релевантноста во овој дел е во неопходноста да се разгледа дефинирањето на ПВБК како почетна пречка за воспоставување универзални правила за нивно користење или контрола. Ова се должи на недостатокот

---

[515] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 13.

[516] Zi Yang, "China's Private Security Companies: Domestic and International Roles," *China Brief: A Journal of Analysis and Information* 16, no. 15 (2016): 16.

[517] За критички поглед на терминологијата, повеќе во: C.A.J. Coady, *Morality and Political Violence* (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 223.

[518] Повеќе во: Jeremy Scahill, Blackwater: *The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007). Авторот на страница 425 наведува дека ребрендирањето се случува на повеќе нивоа, а терминологијата веќе одекнува во поширокиот дискурс. Платеничките фирми сега се нарекуваат „приватни воени компании“ или „приватни безбедносни компании“. Наместо платеници, нивните луѓе сега се „приватни војници“ или „цивилни контрактори“. Иако постои жестока конкуренција меѓу платениците, тие јасно ја препознаваат потребата да се развие заеднички јазик за промовирање на нивната кауза.

[519] Постојните стандарди, кодекси на однесување и договори за најдобри практики се однесуваат на приватни компании за безбедност, приватни даватели на безбедност или приватни оператори за безбедност. За повеќе видете: ISO 18788: Систем за управување со приватни безбедносни операции – Барања со упатства за употреба (ISO 2015).

[520] Потпирајќи се и на термините „модерен платеник“ и ПВК: Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014).

[521] Овој аргумент беше изнесен од претставници на индустријата на Годишното генерално собрание на Меѓународното здружение за кодекс на однесување (ICoCA) на 12 октомври 2017 година.

[522] Anna Leander and Rens van Munster, "Private Security Contractors in the Debate about Darfur: Reflecting and Reinforcing Neo-Liberal Governmentality," *International Relations* 21, no. 2 (2007): 201-216.

[523] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.

од прецизни дефиниции за безбедносните контрактори во многу држави. Дефинициите откриваат дека индивидуите за кои станува збор користат воена хиерархија и ги извршуваат воените услуги. Понатаму, примарни лица кои ги вршат активностите се поранешни војници, без разлика во каква компанија работат.

Друга грешка е конструирањето дефиниции и класификации врз основа на концептот на „легитимност“. Тоа покажува пристрасност за поврзаност со политички ставови. На пример, дали може да тврдиме дека Блеквотер (Blackwater) е „ПВК“, а Групата Вагнер е „платеничка“ група заснована врз легитимитет? Иако имаат сличности, Вашингтон негира дека Блеквотер е платеничка компанија, додека Групата Вагнер тврди дека тоа е. Москва има спротивен став. И двете се погрешни, и во право. Двете земји забрануваат употреба на платеници, а да се биде идентификуван како ПВБК е заобиколување на домашното и меѓународното право против употребата на платеници.[524]

Во дисертација првично дадени се дефинициите за ПВК, а потоа за ПБК и ПВБК.

ПВК дефинирани се како „бизнис даватели на професионални услуги директно поврзани со водењето на војната“.[525] [526] ПВК се дефинираат и како „компании кои обезбедуваат, заради профит, услуги кои претходно спаѓале во доменот на државните воени сили, вклучувајќи воена обука и образование, разузнавачка работа, логистика и офанзивно водење вооружена борба, како и обезбедување безбедност во конфликтните зони“.[527] Понатаму, „ПВК се компании кои се специјализирани за воени вештини, вклучувајќи: борбени операции, стратешко планирање, собирање разузнавачки информации, оперативна поддршка, логистика, обука, снабдување со опрема и одржување оружје и друга опрема“.[528] ПВК се регистрирани корпоративни тела со правен субјективитет кои нудат воени и безбедносни услуги од секаков спектар на војување и за цели кои се разликуваат од тие на платениците. Во услугите кои ги понудуваат се вбројуваат: борбени дејствија и оперативна поддршка, воени советувања и обука, набавка на оружје, логистичка поддршка, собирање разузнавачки информации итн.[529]

Ширер во суштина ги опишува ПВК како ентитети кои им овозможуваат на воените служби да ја поддржуваат легалната влада.[530] Основната цел е да се зголемат способностите на вооружените сили на клиентот за поефикасно функционирање во војувањето и спречувањето конфликти. Тие се разликуваат од организациите кои

[524] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 5-6. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[525] P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004), 1.

[526] David Isenberg, *Shadow Force: Private Security Contractors in Iraq* (Westport, CT: Praeger Security International, 2008), 14.

[527] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 18.

[528] S. Shulz and C. Yeung, "Private Military and Security Companies and Gender," in Megan Bastick and Kristin Valasek (eds.), *Gender and Security Sector Reform Toolkit*, DCAF & OSCE/ODIHR & UNINSTRAW, Geneva, 2005, 1-3.

[529] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 101.

[530] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 23.

работат на други полиња во однос на нивното стратешко влијание врз безбедносната и политичката средина на земјите кои се воено загрозени.[531]

Карлос Ортиз посочува дека: „ПВК може да се дефинираат како законски основани меѓународни фирми кои нудат услуги кои вклучуваат потенцијал за примена на сила на систематски начин и со воени или паравоени средства, како и подобрување, трансфер, олеснување, одвраќање или смирување на овој потенцијал или знаењето потребно за негово имплементирање на клиентите“.[532]

Дефиницијата на Шон Мекфејт е една од најчесто користените. Според него, ПВК се „експедициски конфликтни претприемачи“ кои „убиваат или обучуваат други да убиваат“.[533]

ПВК се дефинираат и како законско формирани меѓународни компании што нудат услуги на клиенти што вклучуваат потенцијал за употреба на сила на систематски начин, во воена и во паравоена смисла, како и засилување, трансфер, олеснување, одвраќање или деактивирање на овој потенцијал или на знаењето потребно за негова примена.[534]

ПВК се приватни компании кои се специјализирани за воени вештини, вклучувајќи: борбени операции, стратешко планирање, собирање разузнавачки информации, оперативна поддршка, логистика, обука, набавка и одржување оружје и опрема.[535]

Во понатамошниот дел ќе бидат опфатени дефинициите за ПБК. Иако терминот „ПБК“ е во употреба во многу земји, постојат бројни дискусии за точното значење на терминот. Иако терминот приватна безбедносна компанија се користи во многу земји, не постои во ниту една постоечка меѓународна конвенција.

Една од дефинициите за ПБК вели: „Приватна безбедносна компанија е регистрирана цивилна компанија која е специјализирана за обезбедување договорни комерцијални услуги на домашни и странски субјекти со намера да го заштити персоналот и хуманитарните и индустриските средства во рамките на важечките правила на право“. Пазарот на ПБК има подолга историја, далеку е поголем и генерално многу поконкурентен од пазарот за воени услуги. ПБК се организации ориентирани кон профит кои тргуваат со професионални услуги поврзани со внатрешна безбедност и заштита. Поголемиот дел од ПБК се помали компании кои претежно се занимаваат со спречување на криминалот и обезбедување на јавниот ред, обезбедување безбедносни и приватни чуварски услуги во земјата.[536]

Годард ги дефинира ПБК како: „регистрирана граѓанска компанија која е специјализирана за обезбедување договорни услуги од комерцијална природа на

[531] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 24.
[532] Carlos Ortiz, *Private Armed Forces and Global Security: A Guide to the Issues* (Santa Barbara, CA: Praeger, 2010), 48.
[533] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 1.
[534] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 135.
[535] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 2.
[536] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 26.

домашни и странски клиенти за заштита на луѓе, хуманитарци или индустриски комплекси во рамките на законите на земјата во која се одвива таквата активност“.[537]

ПБК се компании кои се специјализирани за обезбедување безбедност и заштита на персоналот и имотот, вклучително и хуманитарните и индустриските средства.[538] ПБК споделуваат идентични корпоративни карактеристики и хиерархиски структури со ПВК, при што главната разлика е во услугите кои ги нудат. Тие првенствено се концентрирани кон спречување криминал и обезбедување јавниот ред и мир. Тие нудат и чуварски услуги за затвори, аеродроми, инфраструктурни објекти и приватни лица.[539]

Различни меѓународни тела како ОН и разни иницијативи направија повеќекратни обиди да ги дефинираат ПВБК. Експертите ги дефинираат ПВБК како: „корпоративен субјект кој обезбедува на компензаторна основа воени и/или безбедносни услуги од физички и/или правни лица“. Тие понатаму ги дефинираа воените услуги како „специјализирани услуги поврзани со воени дејствија вклучувајќи: стратешко планирање, разузнавање, истрага, копнено, водно или воздушно извидување, летачки операции од секаков тип, со екипаж или без екипаж, сателитски надзор, каков било вид трансфер на знаење со воени апликации, материјална и техничка поддршка на вооружените сили и други сродни активности“, како и безбедносни служби, како: „вооружено чување или заштита на згради, инсталации, имот и луѓе, секаков вид трансфер на знаење со безбедносни и полициски апликации, развој и имплементација на мерки за информациска безбедност и други сродни активности“.[540] [541] [542] [543]

Работната група на ОН ги дефинира ПВБК како приватни компании кои вршат секаков вид безбедносна помош, обука, обезбедување и консултантски услуги, т.е. почнувајќи од невооружена логистичка поддршка, вооружени чувари и тие кои се вклучени во одбранбени или офанзивни воени и/или активности поврзани со безбедноста, особено во областите на вооружени конфликти и /или постконфликтни ситуации.[544]

Друг обид да се дефинира индустријата дојде во 2010 година во форма на „Нацрт Конвенција за ПВБК“ презентирани од Работната група на ОН за употреба на платеници и ПВБК. Овој документ ги опишува ПВБК како „корпоративен субјект кој

[537] S. Goddard, *The Private Military Company: A Legitimate International Entity within Modern Conflict*, Thesis, U.S. Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, KA, USA; University of New South Wales, 2001), 34.
[538] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 2.
[539] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 101.
[540] United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 17.
[541] S. Šulc and K. Jong, *Privatne vojne i zaštitarske kompanije i rodna pitanja* (Geneva: Centar za demokratsku kontrolu vojnih snaga, 2008), 7.
[542] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 8.
[543] United Nations, *Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the rights of peoples to self-determination,* A/72/286, General Assembly, 2017, 3.
[544] United Nations, *Promotion and protection of all human rights, civil, political, economic, social and cultural rights, including the right to development*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/7/7, General Assembly, 2008, 4.

обезбедува на компензаторна основа воени и/или безбедносни услуги по физички лица и/или правни лица.“[545]

Два термини споменати во извештајот заслужуваат посебно внимание. Прво, Работната група го користи терминот приватни воени и безбедносни компании „ПВБК“ за да се однесува на корпоративни субјекти кои обезбедуваат, на компензаторна основа, воени и/или безбедносни услуги од физички и/или правни лица. Оваа дефиниција се фокусира врз активностите што ги вршат корпоративните ентитети, а не на начинот на кој компанијата може да се самоидентификува. Во согласност со оваа дефиниција, тематскиот извештај се фокусира врз тие компании кои обезбедуваат приватни воени и безбедносни услуги, вклучувајќи не само ПВБК, туку и одбранбени компании, корпорации кои се специјализирани за информации и напредни технологии, како и авиокомпании. И покрај употребата на различно име, овие компании се главни даватели на услуги поврзани со безбедноста во хуманитарната акција.[546]

Понатаму, ПВК дефинирани се како: „компанија која обезбедува профит, услуги кои претходно биле извршени од национални воени сили, вклучително и воена обука, разузнавање, логистика и офанзивна борба, како и безбедност во воените зони“.[547] Оваа студија ќе ја следи горенаведената дефиниција за ПВБК и се заснова врз разбирањето дека ПВБК се субјекти кои работат за обезбедување безбедност или се обидуваат да функционираат на начин на кој дејствуваат државите. Како и студијата на Ајсенберг така и дисертацијата ја задржува разликата помеѓу ПВБК и платениците, но не затоа што има нешто „погрешно“ или застарено во опишувањето на ПВБК како платеници.[548]

Документот Монтре и Меѓународниот кодекс на однесување за приватни даватели на безбедносни услуги (ICoC) ги третираат како субјекти што обезбедуваат воени и/или безбедносни услуги, без разлика дали дејствуваат независно или во име на други актери, без оглед на нивниот самоопис.[549] [550] ПВБК се формално регистрирани субјекти кои нудат воени и безбедносни услуги на комерцијална основа. Дефиницијата ја потврдува разновидноста на услугите што ги обезбедува индустријата. Сепак, главните разлики не се во самите компании туку во нивните клиенти и во земјите во кои овие компании работат. Дефиницијата на Монтре е поволна бидејќи ги вклучува компаниите без разлика дали обезбедуваат воени или безбедносни услуги. Дефиницијата е компромис постигнат од различните страни вклучени во преговорите. На дефиницијата и недостасува прецизноста што се наоѓа во дефинициите засновани врз функции. Сепак, овој пристап е забележлив бидејќи многу компании нудат различни функции и на тој начин може да се совпаднат во повеќе категории. Терминот ПВБК е најсеопфатен бидејќи ја надоместува загубата на специфичноста.

---

[545] United Nations Human Rights Council, *Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*, A/HRC/15/25, General Assembly, 2010, 21.

[546] United Nations, *Impact of the Use of Private Military and Security Services in Humanitarian Action*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/48/51, General Assembly, 2021, 6.

[547] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 18.

[548] David Isenberg, "*Private Military Contractors and U.S. Grand Strategy*," PRIO Report 1/2009 (Oslo: International Peace Research Institute, 2009), 9.

[549] *The International Code of Conduct for Private Security Service Providers*, 2010. Достапно на: https://www.icoca.ch/en/the_icoc Пристапено на: 15.01.2022.

[550] The Montreux Document, *The Montreux Document on Pertinent International Legal Obligations and Good Practices for States Related to Operations of Private Military and Security Companies during Armed Conflict* (International Committee of the Red Cross, 2008), 9.

Понатаму, ПВБК се дефинирани како приватни „ентитети кои продаваат услуги поврзани со сила“.[551] Мекој и Перси ги дефинираат ПВБК како приватни компании кои колективно сочинуваат глобална индустрија која обезбедува помош за владините агенции во областите на логистичка поддршка, оперативна или тактичка поддршка, воени совети и обука и полициско работење или безбедност.[552] [553]

5.3.3. Разлики меѓу ПВК и ПБК

Често се прави разлика помеѓу приватни воени компании „ПВК“ и приватни безбедносни компании „ПБК“. Кога се прави разлика помеѓу двете, прво треба да се земе предвид дали тие ги извршуваат задачите во мирнодопски услови или во конфликтна или постконфликтна средина. Кога работат во нестабилни средини, разликата помеѓу ПБК и ПВК станува поизразена.

Како што опишавме погоре, ПВК дефинирани се како приватни компании кои обезбедуваат офанзивни услуги, дизајнирани да имаат воено влијание, додека ПБК обезбедуваат одбранбени услуги првенствено фокусирани врз заштита на поединци и имот. Со оваа разлика постојат две прашања. Прво, тоа што се смета за „одбранбено“ под еден сет од околности може да испадне дека има „навредливи“ реперкусии во друг. Второ, краткорочните ситуациони барања, како и непосредните или среднорочните деловни можности ги водат компаниите до соодветни нови задачи со релативна брзина и леснотија, правејќи ги разликите „офанзивно-одбранбено“ или „активно-пасивно“ во најдобар случај ирелевантни и во најлош случај погрешни.[554] Ширер посочува дека безбедносните компании првично се фокусираат врз заштита на имотот и персоналот и не нудат директна воена поддршка со стратешки последици, разликувајќи ги од воените компании.[555] Овој начин на разликување е корисен бидејќи нагласува дека некои компании се вклучуваат во активности обично поврзани со националните војски, како што е активното учество во борбените операции, додека други се потесно поврзани со конвенционалниот имиџ на безбедносните компании.[556]

Иако класификациите како навредливи/одбранбени или активни/пасивни се вообичаени во литературата, Холмквист тврди дека им недостасува корисност.[557] Определувањето на тоа што се квалификува како навредливо и одбранбено однесување е субјективно и зависи од контекстот, се разликува врз основа на ситуацијата и перспективата на набљудувачот и не може да биде општо или објективно определено.[558]

---

[551] Mark Juergensmeyer and Helmut K. Anheier, *Encyclopedia of Global Studies* (Thousand Oaks, Calif: SAGE Publications, Inc., 2012), 1380.
[552] Katherine E. McCoy, "Beyond Civil—Military Relations: Reflections on Civilian Control of a Private, Multinational Workforce," *Armed Forces and Society* 36, no.4 (2010): 676, 686.
[553] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 225.
[554] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 5.
[555] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 24.
[556] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 48.
[557] Повеќе во: Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005).
[558] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 48.

Бидејќи ПВК се вклучени и во обезбедувањето безбедност и заштита и во борбени дејства, разликите помеѓу ПВК и ПБК се сè понејасни и вештачки, особено кога овие компании нудат повеќе функции, вклучувајќи безбедносни и воени операции. Некои ПБК не склучуваат договори со вооружените сили. Некои склучуваат договори исклучиво со Министерствата за одбрана или вооружените сили и инсистираат да бидат безбедносни компании. Некои компании го навредуваат терминот војска и наместо тоа го фаворизираат помалку спорниот наслов на приватна фирма за обезбедување. А има и други кои прават сè за да избегнат сè што е поврзано со војската за да спречат јавен надзор и прашања од медиумите. На крајот, нема целосно задоволителен одговор за тоа каде да се повлече линијата помеѓу ПВК и ПБК кои работат во странство.[559]

Понатаму, ПБК теоретски се разликуваат од ПВК по тоа што тие обично се невооружени и се занимаваат со заштита на имотот и персоналот, наместо да имаат воено влијание врз конфликтот во дадена ситуација. Меѓутоа, постои нејасна линија помеѓу услугите што ги обезбедуваат двата типа компании. Некои компании покажуваат карактеристики на двата вида компании со тоа што се вклучени и во безбедносни и во воени активности.[560]

Абрахамсен и Вилијамс направија разлика помеѓу ПВК и ПБК врз основа на „основните активности“ поврзани со полициската или воената природа на секоја засегната компанија.[561]

Разликата помеѓу услугите што ги обезбедуваат ПБК и ПВК е прилично нејасна, бидејќи тие се подружници една на друга. Задачите во приватната безбедносна индустрија може да се совпаѓаат во однос на тоа дали услугите што се обезбедуваат се одбранбени или напаѓачки (офанзивни). И ПБК и ПВК се корпоративни ентитети кои се придржуваат до корпоративните структури, работат во рамките на општите деловни кодови и структури, даночно регистрирани, потпишуваат законски обврзувачки договори и работат на отворениот глобален пазар.[562]

Понатаму, друга разлика која се согледува низ литературата е дека ПБК се фокусира врз внатрешна безбедност, додека ПВК е повеќе ориентирана кон надворешна безбедност. Некои договори немаат јасна поделба помеѓу внатрешната и надворешната безбедност поради спојувањето на границите и зголемената побарувачка, што го отежнува категоризирањето на компаниите. Разликата меѓу приватните воено-безбедносни компании, пред сè, е разлика на хонорари, провизии и финансиски средства. Безбедносните дилеми водат и кон детерминирањето на крајните корисници во бизнисот со воена опрема, во однос на смртноста на оружјето, софистицираноста на опремата и техниката и влијанието на пазарот, меѓународните последици и безбедносните односи. Загрижува фактот што не постои унифициран пристап кон дефинирање на оваа проблематика, како што е случајот со разни други аспекти на меѓународните односи.[563]

---

[559] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 30.

[560] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 14.

[561] Rita Abrahamsen and Michael Williams, "Securing the City: Private Security Companies and Non-State Authority in Global Governance," *International Relations* 21, no. 2 (2007): 239.

[562] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 8.

[563] Damian Lilly, *Regulating Private Military Companies: The Need for a Multidimensional* Approach (London: International Alert, 2002), 2.

5.3.4. Класификација / типологии на приватните безбедносни актери по автори

Класификацијата по автори дадена е сè со цел од неа да се извлечат главните заклучоци кои треба да ги содржи една дефиниција, како и да се согледаат празнините. Информациите се добиени од познати автори кои служат како основа за последователни истражувања, како што е наведено од прегледот на литературата. За таа цел, прва ќе биде опфатена класификацијата на Сингер која е една од најцитираните во литературата за приватна безбедност.[564] [565] [566] [567] [568] [569]

Сингер не прави голема разлика помеѓу ПВК и ПБК. Тој го користи терминот приватни воени фирми „ПВФ“, кои ги опфаќаат двата облици. Тие се компании кои работат на комерцијална основа со директно давање воени и безбедносни услуги за профит.[570] ПВФ нудат услуги кои традиционално припаѓаат на доменот на државните војски (борбени операции, стратешко планирање, воена обука, разузнавање, логистика, информациски операции).[571]

Како што беше споменато во прегледот на литературата, Сингер ја има претставено типологијата каде што приватната сила се класифицира според нејзината близина до бојното поле/фронтот (завојуваниот простор), односно со користење на терминот „врвот на копјето“. Типологијата на Сингер е вредна во разликувањето на услугите што ги даваат компаниите од приватната безбедносна индустрија. Класификацијата според близината на фронтот, ги класифицира компаниите како:

- *Приватни воени фирми кои се даватели на воени услуги или воени фирми провајдери.* Фирмите даватели на воени услуги се тие кои се директно вклучени во проекцијата и имплементацијата на сила. Тие нудат и извршуваат воени дејства, контрола на единиците на терен, обезбедување објекти од висока важност. Тие се на врвот на копјето, односно имаат најблиска близина до фронтот. Како примери за такви фирми се веќе спомнатите Executive Outcomes, Sandline, Blackwater;
- *Приватни воени фирми кои се занимаваат со консултантски услуги*. Овие фирми играат улоги за обезбедување воени консултации и вршење обука. Тие нудат стратегиски, оперативни и организациски анализи и развиваат стратешки планови. Начелно не оперираат на бојното поле. Главна цел им е обука и управување со вооружените сили на клиентот. Примери за такви компании се MPRI, Levdan. Оваа група е важна за истражувањето бидејќи тука работат пензионирани високи офицери и подофицери, односно по напуштањето на армиите, оваа гранка најмногу им одговара;.

---

[564] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006).
[565] Р. Микац, "Приватни воени организации како неизбежна компонента на судирите во XXI век," *Современа македонска одбрана* XI, бр. 19 (април 2010): 69-88.
[566] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 126-127.
[567] J. Litavski, *Izazovi privatnog sektora bezbednosti* (Beograd: Centar za evroatlanske studije, 2012), 4.
[568] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 135.
[569] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 11.
[570] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 92-93.
[571] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 73.

- *Приватни воени фирми кои се занимаваат со логистичка поддршка.* Овие фирми обезбедуваат различни форми несмртоносна помош, логистичка поддршка, услуги за исхрана, перење, техничка поддршка, транспорт, одржување објекти, електронски надзор и сè што е поврзано со животот и работата во базата. Иако не вршат директни акции и употреба на сила, тие ги исполнуваат функционалните потреби на останатите две фирми. Во ера на намалување, ова им овозможува на војниците да ја концентрираат сопствената енергија на борбите и, исто така, ги намалува политички чувствителните резервни мобилизации. Пример за таква компанија е KBR, кои и до ден денес ја обезбедуваат логистиката на секое поголемо американско распоредување.[572] [573]

Иако оваа разлика е рационална и логична, од клучно значење е да се признае дека една иста ПВФ може со еден одговор да нуди еден тип услуга, а според друг, да нуди друг тип услуга. Класификацијата на Сингер е корисна бидејќи обезбедува подетална слика отколку дихотомијата "воени наспроти безбедносни", и помага да се "шематизира" спектарот на трендови на пазарот. Сепак, повеќето компании се спротивставуваат на толку точна категоризација.[574] Самата типологија со „врвот на копјето" страда од два недостатока. Прво, во модерното војување идејата за борбена линија е практично застарена. Можноста за далечни операции и широкото присуство на тероризам и бунтовниците доведоа до конфликти кои се водат на повеќе фронтови, без фиксна линија на фронтот. Второ, повеќето приватни компании го прошируваат својот опсег на услуги и ги опфаќаат сите три категории понудени од Сингер. Компаниите го користат ова за да ја одржат иновативноста и конкурентноста во индустријата, но тоа значи дека тие полесно се класифицираат.[575] Кристофер Кинси, според класификацијата на Сингер, посочува дека и тие кои обезбедуваат логистички услуги „се приближуваат до линијата на фронтот", односно тие се сместени во конфликтни театри во кои многу е тешко да се идентификува каде минува линијата на фронтот.[576]

Волкер Франке и Марк фон Боемкен спроведоа студија која претставува пофина типологија од пет категории, и тоа: вооружена оперативна борбена поддршка, вооружени безбедносни служби, невооружена оперативна борбена поддршка, воени или безбедносни совети и услуги поврзани со обука и воена поддршка.[577]

Качин во својата теза воведува една поинаква и подетална класификација.[578] Тој ги класифицира како:

- *Приватни воени компании кои обезбедуваат тактички услуги*. Станува збор за компании кои обезбедуваат услуги во првата линија на бојното поле. Тие имаат способност да развијат автономна моќ на тактичко ниво и да извршуваат мисии кои ги прават особено привлечни. Таков пример е компанијата Executive Outcomes;

---

[572] P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004), 3.
[573] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 92-100.
[574] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 5.
[575] Martha K. Clark, *In the Company of Soldiers: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness and the Democratic Advantage*, PhD diss., Cornell University, 2008, 18.
[576] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 9-10.
[577] Volker Franke and Marc von Boemcken, *Attitudes, Values, and Professional Self-Conceptions of Private Security Contractors in Iraq: An Exploratory Study* (Bonn, Germany: Bonn International Center for Conversion, 2009), 7-9.
[578] Ryan J. Cutchin, "*Privately Contracted Military Firms in the Twenty-First Century: Reclassifying, Redefining and Reforming the Way We Fight*," Master's thesis, Naval Postgraduate School, June 2012.

- *Приватни воени и одбранбени и безбедносни компании*. Овие компании обезбедуваат услуги од одбранбена природа, односно го следат законот во извршувањето на задачите барем во однос на договорите од САД, чие законодавство забранува употреба на компании кои преземаат офанзивни дејствија. Таков пример е компанијата Блеквотер;
- *Приватни воено-разузнавачки компани.* Овие компании се активни на полето на собирање и анализа на разузнавачки информации. Овие компании се појавија порано од претходните две категории. Таков пример за компанија е CACI;
- *Приватни воени консултантски компании*. Овие компании отсуствуваат од бојното поле, но тоа не ја намалува нивната вредност. Таков пример е MPRI која одигра одлучувачка улога на Балканот;
- *Приватни воени компании за поддршка.* Овие компании обезбедуваат воена логистичка поддршка, без директно вклучување на бојното поле, преку функции, како: транспорт од секаков вид, испорака на пошта, управување со карго товари итн. Често работат и во непријателски области. Пример за ваква компанија е KBR;
- *Компании за поддршка на приватни воени бази.* Во САД, оваа категорија е убедливо најголема од сите наведени. Овие компании обезбедуваат услуги поврзани со секојдневниот живот на војската, како: исхрана, перење постелнина, градежништво, одржување објекти, итн. Доминантна улога има KBR.

Авторот Шон Мекфејт нуди друга типологија.[579] Таа се заснова врз трите категории воени единици во рамките на американската армија во зависност од нивната мисија или функција. Тој прави разлика помеѓу:

- *Приватни воени компании (ПВК).* Тие се еквивалент на борбените дејства и вооружувањето во приватниот сектор. Единици на војската задолжени за убивање на непријатели во странство или за обука на други да убиваат, работа на пешадијата или специјалните сили. Тие вклучуваат и авијација и оклопни сили;
- *Компании за безбедносна поддршка.* Тие се еквивалентни со единиците за борбена служба, обезбедуваат оперативна поддршка на борбените единици и дејствуваат само во самоодбрана. Тука спаѓаат воената полиција и разузнавањето;
- *Генерални (општи) контрактори.* Тие се гранка на приватниот сектор за услуги за борбена поддршка што нуди услуги, како: логистика, административна поддршка и медицински услуги.

Типологијата која е направена е согласно услугите и функциите што ги нудат компаниите. Сепак, се појавува недостатокот дека голем дел од компаниите ги преминуваат услугите во различни улоги.

Авторката Дебора Авант предлага користење на единствена терминологија за приватните актери и сите ги именува со генерички назив - приватни безбедносни компании „ПБК“.[580] [581] Нејзината типологија се разликува од типологијата на Сингер во однос на тоа што Авант ги разликува компаниите според видот на потпишаните договори. Таа ја согледува флексибилноста на компаниите за брзо приспособување на

[579] Авторот својата типологија ја базира во однос на војската на САД. Повеќе во: Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 13.
[580] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005).
[581] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 102.

барањата на клиентите и се фокусира врз различните видови договори, а не на различните типови фирми.

Типологијата на Авант прави разлика помеѓу надворешни (странски) и внатрешна (домашна) безбедносна поддршка и предлага три категории услуги во секоја од овие поширок географски категории.

Поддршката за надворешна безбедност ги опфаќа:

- оперативна поддршка,
- воени совети и обука и
- логистичка поддршка.

Поддршката за внатрешна безбедност вклучува:

- вооружена и невооружена безбедност на локацијата,
- превенција од криминал и
- разузнавање.[582]

Типологијата дава голем придонес во употребата на договори наместо фирми како единица за анализа. Тоа му овозможува на аналитичарот да анализира одредена фирма врз основа на нејзините активности во одредена ситуација, наместо генерализирање врз основа на застарени поими за услугите што ги обезбедува фирмата.

Авторот Џејмс Таулби (James Taulbee) ги класифицира компаниите врз основа на должностите што компаниите ги исполнуваат и нуди детално објаснување за ПВБК.[583] Тој го претпочита терминот „Даватели на приватизирани одбранбени услуги“.[584] Неговата класификација ги опфаќа:

- офанзивни борбени операции (ПВК),
- вооружени безбедносни служби во нестабилни држави до приватни клиенти (ПБК),
- вооружени безбедносни служби во нестабилни држави до јавни или меѓународни клиенти, вклучително и операции за ред и мир (ПВК),
- хуманитарна заштита, операции, и поддршка (ПВК/ПБК),
- воен надзор, стратешки совети и разузнавање (ПВК),
- деминирање (ПБК),
- воена и полициска обука (ПВК/ПБК),
- логистика и снабдување воени операции (ПБК),
- совети за заложништво и/или операции за спасување (ПВК/ПБК).

Авторката Сара Перси употребува поинаков пристап. Фокусот е на активностите, но го користи обезбедувањето на борбени услуги за да направи разлика помеѓу компаниите. Таа тврди дека ПВК обезбедуваат четири видови услуги, и тоа: логистичка поддршка, оперативна или тактичка поддршка, воено советување и обука и полициско работење и безбедност.[585]

Таа забележува дека покрај платениците, постојат две „варијанти на приватна сила“ во меѓународниот систем. Тие се:

- *Борбени ПВК*. Тие се цврсто организирани компании со јасна корпоративна структура кои обезбедуваат воени услуги, вклучително и борбени дејства. Тука се вклучуваат компаниите како Executive Outcomes и Sandline кои отворено беа подготвени и извршуваа борбени задачи;

[582] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 16-22.
[583] James Larry Taulbee, "The Privatization of Security: Modern Conflict, Globalization and Weak States," *Civil Wars* 5, no. 2 (2002): 3-4.
[584] James Larry Taulbee, "The Privatization of Security: Modern Conflict, Globalization and Weak States," *Civil Wars* 5, no. 2 (2002): 1.
[585] Sarah Percy, *Regulating the Private Security Industry* (1st ed.; Routledge, 2006), 11.

- *Безбедносни или неборбени ПВК*. Слично организирани компании кои разменуваат воени услуги за профит без борбени дејства. Таа заклучува дека поголемиот дел од компаниите кои работат денес припаѓаат на оваа категорија.

Меѓутоа, во некои нејзини текстови, Перси го користи терминот ПБК за да ги означи компаниите кои не се вклучуваат во борба.

Кристофер Кинси, тврди дека категоризацијата на компаниите во рамките на индустријата и одредувањето на нивните карактеристики е предизвик, особено во индустриите каде што компаниите се вклучени во различни активности кои варираат во категориите на услуги и опсегот на клиентите.[586] Дополнително, тој истакнува дека ПВК претставуваат „различен тип безбедносен актер. Се појавуваат на меѓународната сцена, со блиски врски со државата, но со нејзините корени цврсто фиксирани во комерцијалниот сектор.[587] Тој својата класификација ја гради врз основа на променливата природа на индустријата и нејзините актери. Тој користи идеални модели на институции за државна безбедност, како што се полицијата и војската. Тој ги позиционира приватните компании во однос на две променливи оски, и тоа:[588]

- *Објектот што треба да се обезбеди*, почнувајќи од приватна сопственост до одбрана на државата, односно го опфаќа опсегот помеѓу јавното и приватното;
- *Средствата за обезбедување на предметот*, кои се движат од несмртоносни средства до употреба на смртоносна сила од воен тип.

Неговата анализа започнува од различни референтни точки. Тој ги гледа националните армии како државни институции чија примарна грижа е безбедноста на државата. Современите вооружени сили имаат способност да проектираат многу високи нивоа на смртоносна сила, многу повисока од која било приватна компанија. Единствените компании за кои може да се каже дека се фокусирале главно врз државната безбедност и чие распоредување или пристап до смртоносна сила е блиску до тоа на конвенционалните вооружени сили се Executive Outcomes и Sandline. Или со други зборови кажано, актер кој обезбедува јавен објект со употреба на смртоносна сила најблиску би ја претставувал националната војска, додека актерот кој обезбедува приватен предмет на прилично смртоносен начин најблиску би претставувале „воени фирми провајдери“ согласно терминологијата на Сингер.

Покрај тоа, конвенционалните полициски сили често се одговорни за спроведување на законот на територијата на една држава. Полицајците можат да носат огнено оружје, иако тоа е лесно оружје и можат да го користат само во одредени околности. Како резултат од тоа, конвенционалната полиција е помалку смртоносна од воените сили и некои ПБК кои работат во конфликтните области. Ова се однесува на класични или конвенционални безбедносни компании. Тие нудат услуги, како што се: собирање и испорака на финансии, обезбедување конвои и следење. Значајно за овие е што ретко употребуваат смртоносна вооружена сила. Тука Кинси ги спомнува компаниите како Lifeguard Management, Alpha 5, Saracen International и Stabilco.[589]

Типологијата на Кинси е корисна бидејќи ја вклучува и јавната сфера. Тоа ни овозможува да направиме разлика помеѓу ПБК и државното санкционирано насилство и да ги ставиме ПБК во контекст на насилството одобрено од државата. Како пример за обезбедување јавни и приватни објекти со употреба на смртоносна сила е Француската

[586] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 9-13.
[587] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 33.
[588] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 10.
[589] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 22-30.

легија на странци. Таа типологија е корисна основа за класификација на безбедносните компании врз основа на услугите што ги обезбедуваат. Исто така, покажува како компаниите може да бидат лоцирани во однос на две важни варијабли и во однос на другите недржавни и државни актери. Важно е да се има предвид дека оваа таксономија не го решава целосното прашање за компаниите кои вршат повеќе услуги според ист договор. Исто така, тој ја брани тезата дека ПВК не ја менуваат јавната војска туку ги придржуваат и поддржуваат воените сили.[590]

Авторот Дешамп ги класифицира функциите на ПВБК според концептот на „Борбена уметност".[591] Дешамп ги класифицира ПВБК според законитоста на нивните функции користејќи ја илустрацијата на мајстор со меч кој се бори со две сечила. Според него, законски функционални фирми се:

- Даватели на воени услуги;
- Воено советување;
- Разузнавање и контраразузнавање и
- Воена поддршка.

Тајните фирми се:

- даватели на тајни воени операции;
- даватели на психолошки операции и
- даватели на поддршка за воени тајни операции.

Дешамп тврди дека тајните функции е невозможно да се регулираат и надгледуваат поради недостатокот од јасни регулативи за следење на правните функции.[592]

Посебна типологија дадена е од авторот Шулер, кој во својата дисертација ги категоризира приватните компании на 5 типа. Тие се:[593]

- Тип I: Фирми за воени дејства кои спроведуваат насилни офанзивни операции и обезбедуваат команда за нив. Тие се насочени кон непријателот. Примери за фирми од тип I се Executive Outcomes и Sandline, кои повеќе не постојат како фирми и кои не работат во Ирак;
- Тип II: Воени/политички консултантски фирми кои обезбедуваат советодавни услуги и обука. Тие се илустрација за полициска обука;
- Тип III: Фирмите за воена/политичка поддршка кои нудат несмртоносна помош. На пример, логистичка или инженерска поддршка, испрашувачи-преведувачи или услуги за деминирање;
- Тип IV: Фирмите за воено-индустриски комплекси кои обезбедуваат високотехнолошки производи или оружје и услуги поврзани со нив. На пример, мобилна или сателитска телефонска мрежа или ракување со уред за разузнавачки надзор како што е дрон;
- Тип V: Цивилни безбедносни компании кои обезбедуваат вооружени вработени за заштита на луѓе, места, работи и информации. На пример, чувари на меѓународниот аеродром во Багдад. Заштитата од типот V е ориентирана кон заштита и има реактивна природа.

Типологијата направена е за да ги разликува конракторите кои се обезбедувачи на безбедност од тие што не се. Некои приватни воени компании од типот I себеси се

[590] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 97.
[591] Sebastian Deschamps, "*Towards the Use of Private Military Companies in the United Nations Peacekeeping Operations*," Thesis, Peace Operations Training Institute, 2005, 19–20.
[592] Sebastian Deschamps, "*Towards the Use of Private Military Companies in the United Nations Peacekeeping Operations*," Thesis, Peace Operations Training Institute, 2005, 19–20.
[593] Wyman E. Shuler III, "*Generals in Three-Piece Suits - Contractors in Camouflage: A Critical Assessment of Contractors in Iraq*," PhD diss., Old Dominion University, 2008, 108-109.

нарекуваат приватни безбедносни компании „ПБК“. Контракторите од типот II, III и IV се сметаат за воена или владина поддршка. Компаниите од тип V се сметаат за компании за приватно обезбедување. Компаниите од тип V ги вклучуваат тие кои обезбедуваат заштита на стационарни објекти и заштита на движење, како што е безбедност на конвојот и индивидуалната заштита.

5.4. Платеници, странски борци, војници, контрактори/ПВБК

5.4.1. Платеници

Присуството и употребата на платеници во историјата е важен, но често занемарен аспект со бројни документирани случаи. Дисертацијата дава концизен преглед на нивната историја, постоење и активности, односно нивниот континуитет.[594] [595] [596] [597] [598] Концептот е да се истражи односот помеѓу платениците, феноменот на приватизација на војувањето и денешното работење на ПВБК. Историскиот преглед што претходно беше опишан во голема мера се потпира врз употребата на платеници низ времето.

Етимологијата на зборот „платеник“ потекнува од латинскиот „mercis“, што во превод значи стока. Терминот „платеник“ е изведен од латинскиот збор „mercēnārius“ кој потекнува од „merces“ што означува „награда“ или „одмазда“, односно „изнајмен за пари“. Платениците се тие кои ги нудат своите услуги во замена за плаќање или награди.[599] Платениците се етикетирани како „втора најстара професија во светот“.[600] Тие се спомнати и во Стариот завет и продолжиле да постојат низ историјата. Првото познато користење на платеници датира 2094 – 2047 година пр.н.е., како што е поткрепено со историски записи.[601]

Платеништвото е особено стара практика која датира од класичниот свет, но еволуирала и опаѓала со развојот на регрутирањето врз основа на национализмот, во 19 век. Употребата на платеници повторно се појави во војните за деколонизација и последователните граѓански војни.[602]

Хонорарните поединци „војник за изнајмување“ се војници кои самостојно се промовираат на црниот пазар кај тој што ќе понуди највисока понуда. Овој тип борци

[594] Повеќе за историската вредност на платениците во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.
[595] Повеќе за платениците во дисертацијата на: David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010.
[596] Повеќе за платеничкото прашање во дисертацијата на: Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009.
[597] Повеќе за историјата на платениците во: Joseph M. Tribble, "*The Mercenary Tradition and Conflict Privatization: A Revolutionary Shift in the Cyclical Nature of Mercenary Use*," MSU Graduate Theses, 3303, 2018. Достапно на: https://bearworks.missouristate.edu/theses/3303.
[598] Повеќе за историјата на платениците во: Jared Wilson Kramer, "*The Common Defense: Challenging State Authority and the Citizen Army through the Privatization of Force*," Master's thesis, San Diego State University, 2015.
[599] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 5.
[600] Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014), 27.
[601] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 20.
[602] United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 14.

тешко се контролира, во голема мера е незабележлив и многу тешко се бара одговорност.[603] Бесплатните компании или „кондотиери“[604] беа групи платеници кои ги обезбедуваа своите услуги како колективна единица, а не како поединци.[605] Додека тие отелотворуваа поструктурирана форма на насилство, овие системи беа импровизирани и предизвикувачки да се надгледуваат и регулираат.

Користењето платеници се согледува и низ средновековниот период, кога кралевите, принцовите и воените водачи ангажирале платеници за да ги зајакнат своите трупи во битка. Армиите првенствено беа составени од поединци кои општеството ги сметаше за непосакувани (ѓубриња на општеството) вклучително и криминалци, селани обземени од долгови кои доаѓаа од сиромашни и густо населени региони, како што се германските држави, Холандија и швајцарските кантони.[606] Од друга страна, платениците не измислиле концентрациони логори, не ги бомбардираат градовите од воздух, не користеле хемиско или биолошко оружје, ниту користеле нуклеарно оружје врз цивилните градови. Дваесеттиот век беше најкрвавиот во запишаната човечка историја поради акциите на редовните воени сили. Ниту најнемилосрдните платеници од изминатите векови не можеле да замислат дека ќе извршат масакр за кој рутински планираат и се обучуваат современите редовни воени сили.[607]

Трговската компанија е најпродорната структура и за приватно обезбедување и за приватно претпријатие. Приватното обезбедување беше конзистентен аспект на трговската компанија, длабоко вградена во поголемите облици на приватна економска моќ. Трговските компании поседуваа моќ да подигаат војски и морнарици, да објавуваат војни, да собираат трговски права и да основаат пристаништа и градови, сето тоа во име на нивните матични држави. На овој начин тие функционираа како „полусуверени ентитети“,[608] со овластување да се вклучат во војна и насилство. Чинот на колективно ангажирање приватни армии или странски војници беше наречено и остана познато како „платеник“. Платеништвото или мерценаризмот дефиниран е како „практика на странски војници кои го даваат својот труд и вештини на страна во конфликт за такси повисоки и над тие на војниците од државата во конфликт“.[609] [610]

Од филозофска гледна точка, Макијавели и Русо се спротивставија на платеништвото/мерценаризмот.[611] Како остар критичар и силен застапник на народните милиции, Макијавели, Русо и француската просветителска традиција се залагаат за

---

[603] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 130.

[604] Терминот „Condottiero“ потекнува од латинскиот збор „condotta“, што значи договор, а во ренесансниот италијански јазик дошло до буквално значење контрактор. Преминот од терминот „платеник“ во „приватни контрактори“ денес потсетува на латинскиот термин „Condottiero“, кој се однесува на воените компании ангажирани од римските градови-држави за да ги водат своите војни.

[605] Juan Zarate, "The Emergence of a New Dog of War: Private International Security Companies and the New World Disorder," *Stanford Journal of International Law* 34, no. 1 (1998): 83.

[606] W. C. Jr. Opello, *War, Armed Force and the People: State Formation and Transformation in Historical Perspective* (New York: Rowman & Littlefield, 2016), 70.

[607] David Isenberg, *A Fistful of Contractors: The Case for a Pragmatic Assessment of Private Military Companies in Iraq*, BASIC, 2004, 6.

[608] Juan Zarate, "The Emergence of a New Dog of War: Private International Security Companies and the New World Disorder," *Stanford Journal of International Law* 34, no. 1 (1998): 84.

[609] Abdel-Fatau Musah and Kayode J. Fayemi, eds., *Mercenaries: An African Security Dilemma* (Sterling, VA: Pluto Press, 2000), 16.

[610] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 6.

[611] Sarah Percy, "Morality and Regulation," in S. Chesterman and C. Lehnardt (eds.), *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 18-23.

вклучување на граѓаните во одбраната на републиката. Тие тврдат дека посветеноста на граѓаните да се борат за својата држава позитивно го подобрува односот држава-граѓанин и ја спречува тиранијата.[612] Макијавели ги советувал „кнезовите“ никогаш да не им веруваат на платениците. Неговото предупредување вели: „платениците и помошниците се бескорисни и опасни, и ако некој ја држи својата држава врз основа на овие крадци, тој нема да стои ниту цврсто ниту безбеден, зашто тие се разединети, амбициозни и без дисциплина, неверни, храбри пред пријателите, кукавички пред непријателите, тие немаат ниту страв од Бог ниту верност кон луѓето, а уништувањето се одложува само додека е нападот, зашто во мирот е ограбен од нив, а во војна од непријателот. Факт е дека тие немаат друга привлечност или причина да го задржат теренот освен добивката, која не е доволна за да ги натера да умрат за вас. Тие се доволно подготвени да бидат ваши војници додека вие не водите војна, но ако дојде до војна, тие дезертираат или бегаат од непријателот.“ [613] [614] Макијавели е во право кога тврди дека мажите нема да ги стават своите животи само заради парите. Многу поединци влегоа во платеничкото поле барајќи авантура и длабоко чувство за цел што произлегува од предизвиците на војувањето. Вклучувањето во борба служи како дефинитивен предизвик кои им овозможува на поединците да стекнат длабоко разбирање за себе, ниво на самосвест што ретко може да се постигне во секојдневните цивилни искуства.[615]

Понатаму, Сингер забележува: „Во јавната имагинација, тие се мажи прикажани како во филмовите „Дивите гуски“ или „Кучињата на војната“, хонорарци војници без постојано живеалиште, кои за големи суми пари се борат за сомнителни причини. Во општата психа, да се биде „платеник“ значи да се биде инхерентно безмилосен и нелојален.“[616] Иако овие ставови се поедноставени, неспорно е дека современите ПВБК споделуваат историски сличности со минатите платеници, прикажувајќи многу заеднички карактеристики.

Дополнително, Сингер истакнува дека низ историска призма можат да се забележат некои законитости во вработувањето на војниците платеници.[617] Првата законитост е дека побарувачката за платеничка војска поврзана е со доминантната форма на војна: кога квалитетот на силите е поважен од квантитетот, важноста на платениците е поголема. Вештите и искусни професионални војници се супериорни во однос на слабо обучените цивилни регрути. Кога квантитетот е поважен фактор, тогаш мобилизациските трупи се сосема доволни и се намалува побарувачката за платенички професионални војски, што е карактеристично за големите меѓудржавни конфликти. Друга законитост е дека постои комплементарен однос помеѓу масовните демобилизации во еден дел од светот со нови војни во друг дел од светот, обично во слаби држави или колонии. Третата законитост, која ја следи претходната, е вистинското размножување на платеници во областите на слабите влади и држави

[612] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 129.
[613] Niccolò Machiavelli, *The Prince*, trans. Peter Bondanella (Oxford: Oxford University Press, 2005), 43.
[614] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 17.
[615] Christopher Coker, *The Warrior Ethos: Military Culture and the War on Terror, Lse International Studies Series* (London; New York: Routledge, 2007), 11. Цитиран во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 38.
[616] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 40.
[617] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 38.

поради слабоста на нивните институции и, пред сè, на апаратот на сила. Последна законитост е поврзувањето на платеничките војски со деловни потфати. Може да се тврди дека воените успеси често биле поврзани со зголемениот профит на одредени компании, до раните години на 20-от век.[618]

Аргументот против платениците најмногу се заснова врз тврдењето дека овие борци немаат оправдана причина да одат во војна.[619] Перси тврди дека историската меѓународна норма што се спротивставува на платеничките активности била одговорна за постепеното напуштање на употребата на платеници.[620] Таа тврди дека нормата има два елементи: едниот се однесува на финансиската мотивација на платениците, а другиот се однесува на недостатокот од контрола над платениците. Се вели дека платениците во суштина се борат за пари, а не за соодветна кауза.[621] Во овој момент треба да се направат две забелешки. Прво, еволуцијата на перцепцијата и дефиницијата на поимот платеник низ времето е интересна бидејќи ги одразува промените во прифаќањето законска употреба на сила. Второ, со оглед на преовладувачката негативна перцепција за платениците во тековните дискусии, разумно е различните видови недржавно насилство и заштита, особено кога се поврзани со идејата за платеници, да се сметаат за деликатни и предизвикувачки.[622]

Понатаму, платениците се наречени и слободни оператори. Тие се најконтроверзна неформална група, која претставува фактор на влијание врз воено-технолошките трендови и меѓународните безбедносни односи. Карактеристиките на оваа група се дефинирани од платеници кои ги обезбедуваат и ги продаваат своите борбени вештини на најдобриот понудувач на финансиски средства и водени се од сопствената волја и перципирањето на логиката на војната.[623] [624] Платеникот може да учествува во воени активности низ многу иницијативи, акции, задачи, урбани и рурални дејствија и слично, додека најчесто ги избегнува класичните борби.[625] Критиките се вртат околу отсуството на етички стандарди и регрутирањето поединци за специфични должности без постојана структура, кохезија, доктрина или постапки за проверка на податоците.[626] Нивното финансирање не е регулирано. На платениците им недостасува дисциплина и нивната ефикасност е доведена во прашање.[627]

Платениците се разликуваат од војниците, и оваа разлика веројатно лежи во основата на предизвиците што ја карактеризираат интеракцијата помеѓу овие двајца борци на бојното поле.[628] Речиси сите платеници имаат национално воено или полициско искуство. Не постојат кампови за основна обука на платеници, туку

[618] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 38-39.
[619] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007).; Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006).
[620] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007).
[621] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 47.
[622] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 23.
[623] Kevin A. O'Brien, "Military-advisory groups and African security: Privatized peacekeeping?" *International Peacekeeping* 5, no. 3 (1998): 78–105.
[624] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 247.
[625] Anthony Mockler, *The New Mercenaries* (London: Corgi Books, 1986), 35.
[626] Tim Spicer, "Interview," *Cambridge Review of International Affairs* 13, no. 1 (1999): 165.
[627] Дејан Лабовиќ, Приватне војне компаније као фактор безбедности − предности и недостаци, *Безбедност*, бр.3 (2015): 145.
[628] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 202.

поединците обично ја започнуваат својата обука во армиите.[629] Експертите забележаа дека платениците и војниците на ПВК обично се регрутираат преку мрежи кои им даваат приоритет на кандидатите со претходно искуство од војската за да обезбедат избор на високо квалификувани и ефикасни поединци.

Како што индустријата стана попрофесионализирана, способноста за регрутирање искусен и ефективен персонал стана конкурентна предност. Современите организации сè уште претпочитаат да вработуваат преку лични врски и обично немаат голема работна сила од вработени со полно работно време. Тоа е договорен бизнис каде поединците се ангажирани за одредена задача. Платениците и вработените во ПВБК беа високо ценети поради нивното претходно воено искуство и експертиза. Тие често беа користени како „множители на сила“ поради нивното напредно ниво на вештини, дозволувајќи им на мала група платеници да имаат значително влијание.[630]

Сепак, терминот „платеник“ не е само многу неповолна ознака од која компаниите претпочитаат да се оддалечат. Тоа е концепт кој покажува и специфична нејасност. Исто така, тоа е концепт кој покажува некои посебни и прилично сериозни нејаснотии. Според различни автори, традиционалните дефиниции за платеници обично се фокусираат врз два основни елемента: првиот е „туѓоста“ на платеникот во однос на конфликтот во кој тој/таа се бори и вториот е приматот на финансиската добивка како мотивација за учество во конфликтот.[631]

Современите платеници поседуваат широк спектар од вештини кои се специјализирани за различни аспекти на војување. Шрајер и Капарини објаснуваат дека платениците имаат ограничени капацитети и немаат професионализам и дисциплина што произлегуваат од претходната организација, интеграција и доктрина. Општо земено, платениците можат да понудат само директна борбена поддршка на ниво на мала единица и некоја основна воена обука. Тие редовно се потпираат врз нивните држави за логистика и поддршка. Огромните или долгорочните мисии за обука и консултации, како што се тие поврзани со инженерството и логистиката, обично се надвор од нивниот опсег“.[632]

Во последниот извештај на Работната група од 2023 година, забележано е зголемување на регрутирањето, финансирањето, обуката, употребата и трансферот на платеници и актери поврзани со платеници во конфликтни, постконфликтни и погодени од конфликти контексти и начините на кои феноменот значително го зголемува ризикот од кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право. Забележано е дека, во многу случаи, тековното регрутирање и присуство на платеници и актери поврзани со платеници ги продолжуваат конфликтите, ги засилуваат нивоата на насилство врз цивилите, го зголемуваат ризикот од кршење на човековите права и

[629] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 8. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[630] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/71/318, General Assembly, 2016, 17.

[631] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 52.

[632] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 17.

кршење на меѓународното хуманитарно право, ги поткопуваат мировните напори и ги дестабилизираат регионите.[633] [634]

Ардуино го аргументира фактот дека платениците го овековечуваат циклусот на насилство. Тој укажува на фактот дека постои тренд на пораст и дека тој е еден вид модерно ропство. Поединци се принудени да бидат платеници поради нивниот ограничен избор. Тој го наведува случајот во Украина, каде на руски затвореник му даваат избор да остане во затвор (да умре зад решетки) или да води војна на бојното поле. За крај посочува дека не треба да заборавиме кога војната во Украина ќе заврши во иднина, ќе има илјадници млади војници кои пораснале и тие ќе бидат најпосакуваните регрути за следниот циклус платеници.[635]

- **Дефиниции за платениците**

Според Оксфордскиот речник, платеник е „професионален војник ангажиран да служи во странска армија“ и „лице првенствено мотивирано од лична корист-добивка“.[636]

Според речникот Мериам Вебстер, дефиницијата за платеник е: „Тој кој служи само за плата особено војник ангажиран во странска служба“.[637] [638]

Во етимолошкиот речник, дефиницијата на зборот „платеник“ е дадена како „тој кој работи како најмен“ или „тој кој нема поголем мотив да работи од љубовта кон добивката“. Во истиот извор, дефиницијата на зборот „војник“ е „борец“ тој кој е ангажиран во воена служба, или од старофранцуски војник (soudier) и англо-француски варијати, „тој кој служи војска за плата“ и/или „име на римски златник“.[639]

Популарниот поим за „платеник“ – некој кој се бори за финансиска добивка во вооружени конфликти туѓи на нивната националност – потекнува од постколонијалната историја на Африка.[640]

Бјорк и Џонс тврдат дека „конвенционалната слика на платеникот од 20-от век е мизантропски поранешен воен тип, кој прикриено влегува во африканските граѓански конфликти во потрага по профит и авантура“.[641]

---

[633] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/54/29, General Assembly, 2023, 8.

[634] Извештај на работната група за употреба на платеници како средство за кршење на човековите права и остварување на правото на народите на самоопределување, во согласност со резолуцијата на Собранието 72/258 и Резолуција 33/4 на Советот за човекови права. Во согласност со овој мандат, Работната група ги следи платениците и активностите поврзани со платеници во сите нивни форми и манифестации, како и ПВБК во различни делови на светот. Дополнително, Работната група ги проучува нивните активности и влијанието што може да го имаат врз човековите права, особено правото на самоопределување. Повеќе во: United Nations, *Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/73/303, General Assembly, 2018.

[635] James M. Dorsey, “The Middle East: The World’s Playground for the Privatization of War,” *The Turbulent World*, March 21, 2024.

[636] "Mercenary." *Oxford Dictionaries*. Достапно на: http://www.oxforddictionaries.com/definition/english/mercenary. Пристапено на: 07.08.2023.

[637] *Merriam-Webster.com Dictionary*, s.v. “mercenary.” Достапно на: https://www.merriam-webster.com/dictionary/mercenary. Пристапено на: 10.04.2024.

[638] Phillip Andrew Roughton, "*Public Wars, Private Warriors: An Analysis of Private Military Contractors in American Foreign and Domestic Policy*," Master's thesis, Eastern Illinois University, 2014, 10-11.

[639] "Soldier." *Etymonline.com*. Достапно на: http://www.etymonline.com/index.php?allowed_in_frame=0&search=soldier. Пристапено на: 20.02.2024.

[640] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 8.

Елке Краман во својата статија го опишува како феномен во кој актерите се вклучуваат во вооружени конфликти во странство, додека следат профитабилна цел.[642] Меѓутоа, таквата дефиниција ги замаглува акциите на некои платеници, на пример тие кои учествувале во конфликти што се случуваат во нивната матична држава. Еден од највпечатливите примери останува Конго, каде што голем број луѓе, по независноста на земјата, се приклучија на милициите, понекогаш и поради финансиски причини.

Лори Нејтан ги дефинира платениците како луѓе кои во замена за плата служат под знамето на странска војска или група, што доведува до вооружен конфликт, без разлика дали учествуваат директно во конфликтот или не.[643]

Џенис Томсон, го дефинира мерценаризмот како „практики на пријавување и регрутирање странска војска“[644] и целосно го изостава мотивскиот аргумент врз основа на тоа дека „индивидуалните мотиви е невозможно да се одредат“.[645]

Уве Штајнхоф, смета дека дефиницијата на Женевската конвенција е премногу тесна и ја нуди оваа: „Платеник е лице кое ја продава услугата за учество во непријателства на групи различни од неговата (во смисла на нација, етничка група, класа и слично) и подготвена е да ја даде оваа услуга дури и ако ова вклучува учество во непријателства. Кои групи се релевантни зависи од природата на конфликтот“.[646]

Перси, од друга страна, се фокусира исклучиво врз финансиските мотиви на платениците и нивниот недостаток од личен интерес во конфликтот:„платениците се морално проблематични бидејќи не можат да дадат веродостојно оправдување за убиствата. Тие не можат да укажат на кауза во служба за која се борат, настрана финансиската добивка“.[647]

Авант сугерира дека „терминот „платеник“ се користи за да се опише сè, од поединци кои убиваат за изнајмување, до трупи подигнати од една земја кои работат за друга, до ПБК кои работат за својата земја“.[648]

Кинси ги опиша како хонорарни оператори или „војник подготвен да ги продаде своите воени вештини на тој што ќе понуди највисока цена“.[649]

Понатаму, платениците дефинирани се како недржавјани ангажирани за директно учество во вооружени конфликти.[650] Дополнително, платеникот може да се дефинира и како „професионален војник кој служи на странска сила“.[651]

---

[641] Kjell Bjork and Richard Jones, "Overcoming Dilemmas Created by the 21st Century Mercenaries: Conceptualising the Use of Private Security Companies in Iraq," *Third World Quarterly* 26, no. 4/5 (2005): 777-796.

[642] Elke Krahmann, "From 'Mercenaries' to 'Private Security Contractors': The (Re)Construction of Armed Security Providers in International Legal Discourses," *Millennium: Journal of International Studies* 40, no. 2 (2012): 343.

[643] Nathan L., "Lethal Weapons: Why Africa needs alternatives to hired guns," *Track Two* 6, no. 2 (1997): 10-12.

[644] Janice E. Thomson, *Mercenaries, Pirates and Sovereigns: State-Building and Extraterritorial Violence in Early Modern Europe* (New Jersey: Princeton University Press, 1994), 27.

[645] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011), 15.

[646] Uwe Steinhoff, "What are Mercenaries," in Andrew Alexandra et al., eds., *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations* (New York: Routledge, 2008).

[647] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 54.

[648] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 22.

[649] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 18-

[650] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 16.

[651] T. Cook, "Dogs of War or Tomorrow's Peacekeepers?" *The Culture Mandala* 5, no. 1 (2002): 1.

Основното разбирање за платениците сумирано е во следново: Тој е шверцуван од една во друга криза според законите за понуда и побарувачка. Тој е скап за купување и потрошлив откако ќе помине кризата. И така, од несоодветни, отфрлени, сурови, силеции, незамисливи, фантастичари, расистички и, пред сè, алчни се регрутираат човечки ресурси за да работи воената машинерија.[652]

Тиклер тврди дека „во јавната имагинација тој е хонорарен војник без одредено живеалиште или лојалност, безмилосен, кој презема кратки договори за големи суми пари, каков вид луѓе прикажани, на пример во филмот „Диви гуски“.[653]

Платениците ги дефинираме како „војници кои се ангажирани од странски држави или бунтовнички движења за да придонесат во спроведување вооружен конфликт, со директно вклучување во конфликтот или индиректно, преку обука, логистика, консултации или собирање податоци, каде што работат надвор од јурисдикцијата на редовните вооружени сили и земјата на која и припаѓаат“.[654]

Правните дефиниции за „платеник“ може да се најдат во член 47 од Дополнителниот протокол I од 1977 година кон Женевската конвенција од 1949 година и во Меѓународната конвенција од 1989 година против регрутирање, користење, финансирање и обука на платеници. Тие дефиниции се долги и слични, но не се идентични и содржат голем број кумулативни одредби, кои ги прават дефинициите прилично тесни.[655]

Дополнителниот протокол I (чл. 47) јасно стави до знаење дека платениците се недозволив статус на борци или воени затвореници и дополнително го дефинирал кој треба да се смета за платеници, дефиниција која мора да се смета за авторитативна: „платеник е секое лице кое: (1) е специјално регрутирано, локално или од странство, заради водење вооружени дејствија, (2) директно учествува во непријателствата, (3) мотивацијата е стекнување лична финансиска корист, (4) не е ниту државјанин ни жител на страните на конфликтот, (5) не е регуларен припадник на вооружените сили на некоја од страните на конфликтот и (6) не е испратен по службена должност како припадник на вооружените сили на земјата од која доаѓа, а која не е страна во конфликтот.[656] [657] [658] [659]

Затоа, употребата на оваа дефиниција е релевантна само за неколку ограничени ситуации и не е особено корисна за разбирање на феноменот, особено каков што постои денес. Поважно е дека дефиницијата е кумулативна, што значи дека мора да бидат исполнети сите услови. Овој фокус на мотивацијата, сепак, е најголемата правна

---

[652] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 9.

[653] Peter Tickler, *The Modern Mercenary: Dog of War, or Soldier of Honour*? (Great Britain: Patrick Stephens Limited, Thorson Publishing Group, 1987), 15.

[654] Дејан Лабовиќ, Приватне војне компаније као фактор безбедности − предности и недостаци, *Безбедност*, бр.3 (2015): 144.

[655] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*." Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination. A/71/318, General Assembly, 2016, 4-5.

[656] Bjørn Møller, Privatisation of Conflict, Security and War, *DIIS Working Paper* 2005/2 (2005): 23.

[657] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 26.

[658] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/71/318, General Assembly, 2016, 25.

[659] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 98-99.

слабост на Женевските конвенции. Мотивацијата е состојба на умот, и додека околностите и банкарските извештаи можат да покажат доказ дека финансиските трансакции биле поттик за учество во борба, практично е невозможно да се докаже дека борецот немал други лични, верски или политички мотивации.[660]

Понатаму, платениците се забранети со Меѓународната конвенција против регрутирање, користење, финансирање и обука на платеници, позната и како Конвенција за платеници на ОН.[661] Конвенцијата беше потпишана во 1989 година и официјално стапи во сила во октомври 2001 година. Поради разликата создадена помеѓу платеници и ПВБК, Конвенцијата на ОН за платеници не се применуваше законски за ПВБК. Така, во 2006 година, Генералното собрание на ОН усвои резолуција со која „забранува „приватни компании кои нудат меѓународни воени консултантски услуги и безбедносни услуги“ да интервенираат во конфликти или да се користат против владите“[662], вклучувајќи ги и САД кои едноставно избегнаа да ја ратификуваат и усвојат едната конвенција.[663] Во Меѓународната конвенција против регрутирање, користење, финансирање и обука на платеници од 1989 година, платеник е секое лице кое:[664] [665]

(а) е специјално регрутиран локално или во странство со цел да се бори во вооружен конфликт,

(б) е мотивиран да учествува во непријателствата во суштина од желбата за приватна корист и, всушност, е ветена, од или во име на страната во конфликтот, материјална компензација значително поголема од таа што е ветена или исплатена на борците од сличен чин и функции во вооружените сили на таа страна,

(в) не е ниту државјанин на страна во конфликтот, ниту е жител на територијата контролирана од страна во конфликтот,

(г) не е член на вооружените сили на страна во конфликтот и

(д) не е испратен од држава која не е страна во конфликтот на службена должност како припадник на нејзините вооружени сили.

Исто така, платеник е и секое лице кое во која било друга ситуација:

(а) е специјално регрутиран локално или во странство со цел да учествува во договорен акт на насилство насочен кон:

(i) соборување влада или на друг начин поткопување на уставниот поредок на една држава или (ii) поткопување на територијалниот интегритет на една држава,

(б) е мотивиран да учествува во него во суштина од желбата за значајна приватна добивка и е поттикната од ветувањето или плаќањето материјален надомест,

(в) не е ниту државјанин, ниту резидент на државата против којашто актот се применува,

(г) не е испратен од држава на службена должност и

---

[660] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 43.

[661] Renée de Nevers, "Private Security Companies and the Laws of War," *Security Dialogue* 40, no. 2 (2009): 174.

[662] Doug Brooks, "In Search of Adequate Legal and Regulatory Frameworks," *Journal of International Peace Operations* 2, no. 5 (2007): 4-5.

[663] Alexander G. Higgins, "US rejects UN mercenary report," *USA Today*, October 17, 2007. Достапно на: https://usatoday30.usatoday.com/news/world/2007-10-17-3392316246_x.htm. Пристапено на: 17.08.2023.

[664] General Assembly resolution 44/34, *International Convention against the Recruitment, Use, Financing and Training of Mercenaries*, 1989. Достапно на: www.ohchr.org. Пристапено на 23.09.2023.

[665] Повеќе во: United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/54/29, General Assembly, 2023.

(д) не е член на вооружените сили на државата на чија територија е извршен актот.

5.4.2. Странски борци

Странските борци се релативно понов феномен. Историски, терминот „доброволец кој се бори за странска кауза“ се однесувал на ситуации кога армиите биле конституирани врз основа на национални линии, што го прави значајно учеството на странците во тие армии. Странските борци учествуваа во раните масовни револуционерни движења, како што се американската и француската револуција, како и во разни бунтови и револуции низ Европа и Америка, до крајот на 19 век.[666]

Предизвикувачки е да се дефинираат платениците и странските борци. Сепак, Работната група претходно понуди работна дефиниција: „терминот „странски борец“ генерално се подразбира дека се однесува на поединци кои ја напуштаат својата земја на потекло или вообичаено престојување и се вклучени во насилство како дел од бунт или недржавна вооружена група во вооружен конфликт“. Советот за безбедност расправаше за прашањето на странските терористички борци, дефинирајќи ги како „поединци кои патуваат во држава различна од нивните држави на живеење со цел извршување, планирање или подготвување, или учество во терористички акти, особено во врска со вооруженият конфликт“.

Платениците и странските борци можеби на прв поглед изгледаат слично. Двете страни се впуштаат во војување во странски држави и може да пружат помош на бунтовничките фракции. Главната разлика меѓу нив е во нивните дефинирани мотивации. Општоприфатено е дека платениците обично се водени од парични стимулации, додека странските борци сè почесто мотивирани од идеолошки или причини поврзани со каузата. Понекогаш, државите беа овластени да ангажираат платеници во одредено кнежевство. Спротивно, странските борци беа регрутирани врз основа на нивниот ентузијазам за некоја кауза и често поради веќе постоечките врски, како што се заедничките идеали или етничката припадност. Разликувањето помеѓу платеници и странски борци врз основа на мотивацијата е точна, но сепак поставува практични предизвици. Платениците може да бидат водени од финансиска добивка и идеолошка усогласеност, додека странските борци може да бидат платени во некои околности. Од суштинско значење е да се направи разлика помеѓу мотивациите на двете категории воини за да се разбере како биле регрутирани и природата на конфликтите во кои се бореле.[667]

Од 1960-тите до крајот на Студената војна, употребата на странски борци остана конзистентно, иако користењето на платениците имаше заживување на модифициран начин. Странските борци соработуваа најмногу со движењата на отпорот, особено во Авганистан, каде што беа ангажирани за борба против советските сили. До 1984 година групата имаше скромно членство. Сепак, беше започната намерна верска кампања за регрутирање муслимани за да се спротивстават на секуларизирачкиот комунизам.[668]

---

[666] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/71/318, General Assembly, 2016, 12.

[667] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/71/318, General Assembly, 2016, 5.

[668] United Nations, "*Use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of

Меѓународната дефиниција за странски терористички борец гласи: „Поединци кои патуваат во држава различна од нивните држави на живеење или државјанство заради извршување, планирање или подготовка, или учество во терористички акти или обезбедување или примање терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт.“[669]

Во однос на употребата на странски борци, најнов пример е војната помеѓу Русија и Украина. Од двете страни има големо учество на бројни контрактори и странски борци од различни земји. Некои од нив може да бидат добро платени од странски компании, соодветно поддржани од странски земји. Други се приклучуваат на конфликтот како доброволци во Меѓународната легија за одбрана на Украина (International Legion for the Defense of Ukraine - ILDU). Платите и условите во ILDU се исти како и во украинската армија, што сугерира дека многу странски борци работат со ниски стандарди и за пониски плати со приклучување кон ILDU (во споредба со тие на ПВК). Сепак, странските борци се приклучуваат од други причини. Еден американски борец во Украина ја изрази својата поддршка за каузата на Украина и неговата желба да придонесе за тоа со цел да се спречи нејзиното ширење на други места.[670]

5.4.3. Војници

Во овој дел, целта е да се обезбеди краток опис на воената професија, конкретно фокусирајќи се врз војникот, се со цел да се направи разлика помеѓу војникот и останатите безбедносни актери. Исто така, се обидува да илустрира како воената професија служи како основа за сите други групи. Текстот ја пренесува идејата за променетата безбедносна средина во која идентитетот на војникот е под знак прашалник од постепеното губење на воените вредности поради влијанието од приватизацијата на војувањето.

Главниот носител на одбраната во една држава е војската. Армијата, или вооружените сили, обично претставуваат добро организирана, политички и социјално свесна заедница, заедно со другите групи, игра улога во социјалната и политичката сфера. Тие се обучени да користат сила доколку е потребно за да ја заштитат нацијата од надворешна агресија или од внатрешно насилство. Војската им е подредена на државните институции и да биде дистанцирана од сферите на политичко одлучување, иако таа е фактор во политичките прашања како општествен субјект. Политичката подреденост на војската значи дека таа е лојална на уставот и законот, наместо на одреден режим, партиска политика или идеологија.[671]

Примарната улога на војската како институција е да ја заштити нацијата од надворешни закани, а оваа улога е меѓусебно поврзана со други институции, како што се економскиот и политичкиот сектор. Претстојниот конфликт за кој се подготвува нацијата, најдобро се гледа како „вооружен натпревар помеѓу две независни политички единици, преку организирана политичка сила, во извршување племенска или

violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/71/318, General Assembly, 2016, 14.

669 United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 16.

670 Jones, D. "A former U.S. Marine was killed fighting in Ukraine, his family says." *NPR*, April 29, 2022. Достапно на: https://www.npr.org/2022/04/29/1095623383/marineveteran-killed-fighting-in-ukraine. Пристапено на: 15.04.2024.

671 Билјана Ванковска, *Политички систем* (Скопје: Бомат Графикс, 2007), 49.

национална политика“. Ова се усогласува со изјавата на Клаузевиц (1832) дека „војната е продолжување на политиката со други средства“.[672]

Современиот термин „војник“ има целосно аполитичко наследство и неговата воена конотација воспоставена е во 17 век. Името „војник“ потекнува од средноанглискиот или англо-францускиот збор „soudier“, кој е мешавина од „Sou“, што се однесува на тогашната валута и „soldarius“, што значи „да се биде во плата.“[673]

Нормативниот третман на војникот е како јавна личност и херој.[674] [675] [676] Концептот на борец како редовен армиски војник изгуби поголем дел од своето значење.“[677] Патисон објаснува дека воениот легитимитет се заснова врз три главни фактори: ефективност, потчинување на демократска контрола и третман на воениот персонал.[678]

Самата теорија на воениот професионализам се однесува на затворено и независно тело на професионалци кои ја контролираат овластената употреба на насилство од страна на државата. Низ времето, трајната вредност и научната природа на воениот професионализам се оспорувани. Трите димензии на воениот професионализам, стручноста, корпоративноста и одговорноста, како што е наведено од Хантингтон[679] и од Јановиц,[680] денес се оспорувани во воениот контекст.[681] Се поставува прашањето кој треба да се смета за воен професионалец? Дали воените професионалци првенствено се состојат од униформирани офицери кои управуваат со насилството, како што е предложено од Хантингтон, или тие се вклучени во политичките активности на воените сили, како што предложи Јановиц?

Хантингтон сугерира дека професијата е специфична функционална група со одредени квалитети, што се одликува со својата стручност, одговорност и корпоративност.[682] Критичарите тврдат дека специјалистичкото знаење произведено преку системот на професионално воено образование е под силна критика и дека е во опаѓање.[683] [684] Корпоративноста или колективниот идентитет на воените професионалци е доведен во прашање, со длабоко несогласување помеѓу постојаните

---

[672] Robert Getso, "*Department of Defense Civilian Contractors and the Global War on Terrorism,"* Master of Arts in Liberal Studies Degree, Excelsior College, 2009, 6.

[673] "Soldier," *Oxford English Dictionary*, 2017. Достапно на: https://en.oxforddictionaries.com/definition/soldier. Пристапено на: 08.08.2023.

[674] Jon D. Michaels, *Beyond Accountability: The Constitutional, Democratic, and Strategic Problems with Privatizing War*, 82 Wash. U. L. Q. 1001 (2004), 1107.

[675] Повеќе за војникот и воената професија во: David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010.

[676] Повеќе за историјата на војниците, атрибутите, и нивните карактеристики детално во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012.

[677] Peter McRae, *Unaccountable Soldiers: Private Military Companies and the Law of Armed Conflict*, Thesis Submission for the LLM Programme, University of Ottawa, 2011, 52.

[678] James Pattison, "The Legitimacy of the Military, Private Military and Security Companies, and Just War Theory," *European Journal of Political Theory* 11, no. 2 (2012): 135-138.

[679] Повеќе во: Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 12.

[680] Повеќе во: Morris Janowitz, *The Professional Soldier: A Social and Political Portrait* (Glencoe: Free Press, 1960).

[681] За резиме на оваа критичка литература со контекст на САД, види: Thomas Crosbie and Megan Kleykamp, "Fault Lines of the American Military Profession," *Armed Forces & Society* 44, no.3 (2018): 521-543.

[682] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 7-8.

[683] James G. Pierce, *Is the Organizational Culture of the U.S. Army Congruent with the Professional Development of its Senior Level Officer Corps*? (Carlisle Barracks, PA: U.S. Army War College, 2010).

[684] Joan Johnson-Freese, *Educating America's Military* (New York: Routledge, 2013).

барања на лидерите воените професионалци да останат строго аполитични[685] спротивно на сè покомплексната и предизвикувачка политичка арена во која дејствуваат воените професионалци.[686] [687] [688]

Голем број научници ја оспорија строгоста и доследноста со која воената професија се придржува до својата етика на одговорност во услови на зголемени оперативни и политички комплексности.[689] [690] [691] [692]

Професионалната експертиза на воениот офицер лежи во надгледување, управување и командување со човечка организација чија главна цел е примена на насилство“.[693] Војникот не е платеник кој ги преместува своите услуги таму каде што најдобро се компензира во однос на неговите професионални должности. Тој е воден од страст и љубов за неговата работа и чувство на општествена одговорност да ги искористи своите вештини за доброто на општеството. Чувството на социјална обврска на воениот офицер се усогласува со нивните општествени цели, додека нивната страст за нивната работа го дефинира нивниот идентитет. Корпоративноста е уште една норма што го сочинува идентитетот на воениот офицер. Барањата за безбедност водат до развој на сложени професионални организации кои го обликуваат офицерскиот кор во независен општествен ентитет. Корпоративната структура на офицерскиот кор не ја вклучува само официјалната бирократија, туку и општествата, здруженијата, училиштата, списанијата, обичаите и традициите“.[694]

Хантингтон дава увид во основните норми и општествени цели кои ја формираат суштината на идентитетот на воениот професионалец и неговото значење во рамките на цивилно-воените односи. Ендрју Абот, истакнат теоретичар за кариера, нагласува дека армијата е единствена бидејќи функционира и како професија и како организација (когнитивни модели). Тој, исто така, посочува дека е меѓу ретките професии кои продолжуваат да развиваат доживотни кариери за својата работна сила (конститутивна норма).[695]

Нашироко е прифатено дека војската мора да остане професионална.[696] Прашањето е како конвергенцијата на јавните и приватните воени професионални групи делува на професионализмот? Дали контракторите се сметаат за воени професионалци? Ова прашање е поставено[697], но сè уште не е конечно одговорено. За

[685] Michael Mullen, "From the Chairman: Military Must Stay Apolitical," *Joint Forces Quarterly* 50 (2008): 2-3.
[686] Brian Babcock-Lumish, "Uniformed, Not Uninformed? The Apolitical Myth," *Military Review* 93 (2013): 48-56.
[687] Phillip S. Meilinger, "Soldiers and Politics: Exposing Some Myths," *Parameters* 40 (2010): 74-86.
[688] Scott T. Strong, *Politicians in the Ranks* (Carlisle Barracks, PA: U.S. Army War College, 2005).
[689] Alastair R. Milburn, "Breaking Ranks: Dissent and the Military Professional," *Joint Force Quarterly* 59 (2010): 101-107.
[690] Don M. Snider, Paul Oh, and Kevin Toner, *The Army's Professional Military Ethic in an Era of Persistent Conflict* (Carlisle Barracks, PA: Army War College, 2009).
[691] Mary Ulrich and Martin Cook, "US Civil–Military Relations Since 9/11: Issues in Ethics and Policy Development," *Journal of Military Ethics* 5, no. 3 (2006): 161-182.
[692] Jessica Wolfendale, "Professional Integrity and Disobedience in the Military," *Journal of Military Ethics* 8, no. 2 (2009): 127-140.
[693] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 11.
[694] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 15-16.
[695] Andrew Abbott, "The Army and the Theory of Professions," in *The Future of the Army Profession*, edited by Don M. Snider and Gayle L. Watkins (Boston: McGraw-Hill, 2002), 530-531.
[696] Martin E. Dempsey, *America's Military—A Profession of Arms*, Chairman of the Joint Chiefs of Staff White Paper, 2012.
[697] Gary Jr. Schaub and Franke Volker, "Contractors as Military Professionals?" *Parameters* 39, no. 4 (2009-2010): 88-104.

да го дефинираме воениот професионализам за периодот по војната против тероризмот, мора да размислиме како воената компетентност, одговорност и корпоративност се прикажуваат во приватниот сектор, не само во вооружените сили.[698]

Професионалната граѓанска армија е тесно поврзана со современата, стандардна идеја за идентитет на државата. Моќната војска е клучна за постоењето на една држава во меѓународната заедница. Државите формираа професионални војски составени од свои граѓани со цел да добијат кредибилитет на светската сцена. Перси нагласува дека успешните држави се впуштаат во војување користејќи го својот народ,[699] а професионалната војска стана норма за модерните западни војски.

Платениците и војниците го немаат истото трансцендентално искуство во борба. И двајцата борци можат да добијат самопочит и егзистенцијално исполнување од нивното учество во борбата. Само војниците се сметаат заслужни за пофалба и признание. Општеството ги цени жртвите на војниците, но ги осудува платениците. Тоа е важно бидејќи признавањето на жртвата на воинот е тоа што им дава смисла на нивниот живот и смрт.

Војниците се агенти на државата кои се регрутирани, платени, обучени, казнети и понекогаш убиени. Тоа што се граѓани ги прави одговорни за воена служба, одговорни за одбрана на нацијата и одговорни пред државата. Армиите, за разлика од платениците, ја симболизираат желбата на државата за целосна власт над својот вооружен персонал. Тие се сметаат за „оперативни алатки на владетелите заинтересирани за создавање стабилни општествени односи засновани врз монопол на насилство“. Задолжителната послушност на војникот во војна, безмилосната воена обука и националната индоктринација во контекст на армијата неизбежно води до поинаква состојба на умот од таа на платеникот. Како резултат од тоа, платениците и војниците ја сфаќаат војната и должноста на спротивен начин, и двајцата се соочуваат со истите ужаси на конфликтот, но со многу различни одговорности кои ги обликуваат нивните акции и врски.[700]

5.4.4. Сличности и разлики помеѓу државни сили и контрактори

Многу ПВБК и нивните трупи, особено тие кои работат во нестабилни околности, покажуваат слични квалитети на модерната војска. ПВБК, слично на војската, поседуваат и отелотворуваат значителна количина воено и техничко знаење, заедно со професионална обука, хиерархиска структура, дисциплина и други сродни атрибути. Сепак, тие се разликуваат и во одредени клучни елементи.

Контракторите и државните трупи имаат јасна сличност во начинот на кој ги извршуваат своите должности. Одредбата за безбедност обично вклучува: вработување поранешни војници за заштита на конвои, ВИП лица или инсталации и објекти со висока важност. Вообичаено, државните трупи, исто така, ги преземаат овие функции. ПВБК често се хиерархиски структурирани и нивната корпоративна култура е слична на таа на војската. Иако ПВБК и воениот персонал имаат различно потекло, позиции и улоги, за време на распоредувањето тие имаат заедничка основа на култура, која

[698] Ryan Kelty and Alex Bierman, "Ambivalence on the Front Lines' Perceptions of Contractors in Iraq and Afghanistan," *Armed Forces & Society* 39, no. 1 (2012): 5-27.
[699] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 122.
[700] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 43.

интервјуираните ја наведоа како олеснувачка интеграција на контракторите.[701] Сепак, споредбите помеѓу војската и ПВБК ја попречуваат интеграцијата на ПВБК во државните структури. Литературата истакнува некои од проблематичните меѓучовечки прашања. Воочените разлики во платите, одговорностите, бенефициите, домувањето и третманот предизвикуваат ривалство меѓу воениот персонал и ПВБК. Келти посочува како ПВБК служат како социјални референтни групи за членовите на службата и кога ПВБК се сметаат за предност врз основа на овие споредби, тоа негативно влијае врз ставовите за задржување и кохезијата на единицата.[702]

Сепак, сличностите повеќе или помалку завршуваат тука. Безбедносните контрактори се ограничуваат само на одбранбени услуги, за разлика од државниот воен персонал кој е слободен да презема офанзивни операции.[703] Тоа е последица од широко распространетите осуди по неколку офанзивни операции, кои претходно беа преземени ширум светот од различни ПВК. Еден таков пример е примерот со Executive Outcomes, еден од првите ПВК по крајот на Студената војна, кој ја собори владата на Сиера Леоне во 1995 година.[704]

ПВБК функционираат на различен начин во споредба со конвенционалните армии. Основната разлика меѓу двете е во законитоста, додека професионалните армии се правни субјекти, на ПВБК им недостига транспарентност и работат во правен вакуум.[705] На ПБК им недостасуваат соодветни надворешни регулативи кои го регулираат нивното однесување и работење.[706]

Линдер се осврнува за неморалната природа на контракторите[707], истакнувајќи го прашањето за вклучување во конфликт за финансиска добивка без споделување на целите на групата.[708]

Чарлс Москос, истакнува уште една клучна разлика. Тој предлага активности водени од финансиски стимулации да се сметаат за занимања наместо за професии. Воените професионалци се платени според нивната плата, при што значителен дел се одложува или се обезбедува како субвенции наместо директна исплата. Според овој критериум, платеници се тие кои се борат за невладини работодавци и се мотивирани од финансиска добивка, па затоа не се сметаат за дел од воената професија. Некои сугерираат дека потенцијалот за значителен финансиски профит е клучен поттик за поединците да се приклучат на приватни безбедносни фирми и да учествуваат во тоа што ние го нарекуваме „управување со секуритизирано насилство“. Приватните

[701] Caroline Batka, "Cultural Aspects Facilitating and Hindering the US Department of Defense's Integration of Private Military Contractors," in *Total Defence Forces in the Twenty-First Century*, edited by Joakim Berndtsson, Irina Goldenberg, and Stéfanie von Hlatky (2023), 358.

[702] Ryan Kelty, "Citizen Soldiers and Civilian Contractors: Military Outsourcing, Unit Cohesion, and Retention Attitudes," in *Proceedings: 7th Biennial deomi Equal Opportunity, Diversity, and Culture Research Symposium*, Patrick Air Force Base, 2009. Цитиран во: Caroline Batka, "Cultural Aspects Facilitating and Hindering the US Department of Defense's Integration of Private Military Contractors," in *Total Defence Forces in the Twenty-First Century*, edited by Joakim Berndtsson, Irina Goldenberg, and Stéfanie von Hlatky (2023), 360.

[703] Renée de Nevers, "(Self) Regulating War? Voluntary Regulation and the Private Security Industry," *Security Studies* 18, no. 3 (2009): 485.

[704] Christopher Kinsey, "Problematising the Role of Private Security Companies in Small War," *Small Wars and Insurgencies* 18, no. 4 (2007): 593.

[705] Deborah Avant and Lee Sigelman, "Private Security and Democracy: Lessons from the US in Iraq," *Security Studies* 19, no. 2 (2010): 233.

[706] Renée de Nevers, "Private Security Companies and the Laws of War," *Security Dialogue* 40, no. 2 (2009): 169-190.

[707] Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006), 76.

[708] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 244.

безбедносни фирми нудат значително подобар надомест од војската за поединци со слични нивоа на вештини и квалификации. Повеќето вооружени служби имаат заеднички кодекс на воена етика кој служи како широка насока за однесување, и покрај одредени варијации засновани врз културни разлики. Воениот етос содржи листа на вредности и воени квалитети до кои вооружените членови мора да се придржуваат. Тие вредности ќе влијаат врз нивните ставови и ќе бидат наведени во нормите на однесување. Војската е институција која се карактеризира со длабоко вкоренети конвенционални морални норми. Воениот етос обликуван е од таквите клучни верувања. Најистакнатите основни вредности се чини дека се патриотизмот, извршувањето на должноста, храброста, дисциплината, другарството и одрекувањето. Ова рангирање на основните воени вредности се совпаѓа со резултатите од анкетите за мотивацијата на кандидатите на вооружените сили.[709]

Москос ја користи теоријата на Инглехарт за да сугерира дека во војската се случува промена на вредностите, преминувајќи од модерни во постмодерни структури. Глобализацијата и меѓународните мисии имаат значителни последици за вооружените служби. Новите воени мисии се резултат и фактор кој придонесува за оваа трансформација. Вооружените служби мора да постигнат рамнотежа помеѓу почитувањето на историските воени фундаментални идеали (етос) и приспособувањето на нормите на општеството во кои се развиваат, особено тие од помладата генерација. Вооружените сили мора да постигнат рамнотежа помеѓу процедурите за асимилација и сместување за да останат конкурентни и одржливи во сложената модерна средина. Тие мора да ги поддржуваат основните воени принципи за успешно завршување на секоја операција. Воспоставувањето фундаментални принципи е од клучно значење за поттикнување на единството, дисциплината и моралот, кои се од витално значење за постигнување на оперативните цели. Сепак, решавањето на различните барања, очекувања, цели и разновидност на војниците, исто така, е значаен предизвик. Сепак, вродените карактеристики на вооружените сили, како што се нивната бирократска структура и аверзијата кон промени, создаваат јаз меѓу општествените норми и воените вредности. Тековните напори за конвергенција постепено го намалуваат овој јаз.[710] Од клучно значење е да се одржи оваа вредносна разлика за да се избегне недостатокот од работна сила во вооружените сили. Вооружените сили треба да бидат отворени за општествените вредности со цел ефективно да се решат значајните прашања со работната сила.

Анкетите и интервјуата на американски цивили преземени од Авант и Сигелман покажуваат дека американската јавност е загрижена за смртта на контракторите во Ирак и Авганистан, спротивно на вообичаеното верување дека на платениците им недостасува патриотизам и морал.[711] Уште поважно, истражувањето на Авант и Сигелман покажува дека таквите чувства на патриотизам се речиси еднакви со тие на државните трупи. Тие предлагаат контракторите и државните војници да делат слични мотивации кон нивната професија, и покрај одредените разлики. Ова е особено точно за ПБК кои работат во САД, бидејќи контракторите и државните војници покажуваат споредливи мотивации кон нивната професија, со некои мали разлики.

Илустрација за перцепцијата на јавноста за приватизирана сила е примерот на Блеквотер. Компанијата организираше церемонии за доделување медали за да им

[709] Charles C. Moskos, "From Institution to Occupation: Trends in Military Organization," *Armed Forces and Society* 4, no.1 (1977): 43.
[710] Повеќе во: Charles C. Moskos, John Allen Williams, and David Segal, *The Postmodern Military: Armed Forces after the Cold War* (New York: Oxford University Press, 2000).
[711] Deborah Avant and Lee Sigelman, "Private Security and Democracy: Lessons from the US in Iraq," *Security Studies* 19, no. 2 (2010): 255.

оддаде почит на нивните починати контрактори во Ирак. Иако се признати за нивниот придонес за американската нација, овие собири често се приватни и привлекуваат минимално внимание од јавноста и медиумите.[712] Американските војници кои загинаа беа почестени за нивната служба, додека приватните контрактори не беа признати затоа што се сметаше дека избрале да останат на бојното поле и можеле да заминат во секое време.[713] Така, не само што телата на приватните војници се сметаат за симболично помалку вредни од националните трупи, туку и емотивните врски со нивната загуба се ограничени на семејната тага наместо да се легитимизираат во јавната сфера како на национално или заедничко жалење.

Друг фактор што се користи за одвојување на војската од безбедносните компании е контекстот во кој се обезбедуваат услугите. Честерман и Ленард ги дефинираат ПВК како „фирми кои обезбедуваат услуги надвор од нивните матични држави со потенцијал за употреба на смртоносна сила, како и обука и совети за војските што суштински влијае врз нивните воени способности“.[714] Авторите тврдат дека терминот „воена“ е посоодветен за опишување фирми кои работат во конфликтни зони поради квалитативната разлика во „безбедносните фирми“ кои главно ги штитат објектите во стабилна средина. Фундаменталната разлика помеѓу воените и безбедносните компании е во контекстот на нивното работење.[715]

Понатаму, договорот за воена работа има значителни родови импликации. Додека воените организации напредуваат кон интегрирање на жените во борбените улоги, популацијата на контракторите сè уште е во поголем процент на мажи.[716] [717] [718] Овој факт беше потврден и при спроведените интервјуа каде лицата посочија дека досега не соработувале со жени контрактори. Келти и Бирман откриј споредливи индикации за нееднаквост во нивното веб-истражување базирано врз две логистички единици распоредени во борбени зони.[719]

Кристенсен ја документирал експлоатацијата, нееднаквоста и лошите услови што ги доживеале контракторите од Сиера Леоне, Ирак и Авганистан, што резултирало со штрајкови и собири.[720] Главно, контракторите добиваат полоши социјални бенефиции и здравствена заштита во споредба со војниците. Поради тоа што се изложени на истите здравствени ризици како професионалните војници, тие имаат поголема веројатност да страдаат од лошо здравје.[721] [722] [723] [724]

---

[712] Mateo Taussig-Rubbo, "Outsourcing Sacrifice: The Labor of Private Military Contractors," *Yale Journal of Law and the Humanities* 21, no. 1 (2009): 93.

[713] Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007), 277.

[714] Simon Chesterman and Chia Lehnardt, eds., *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 3.

[715] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 49.

[716] Maya Eichler, *Gender and Private Security in Global Politics* (New York: Oxford University Press, 2015).

[717] Sabrina Schulz and Christina Yeung, "Private Military and Security Companies and Gender," in *Gender and Security Sector Reform Toolkit*, eds. Megan Bastick and Kristin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008.

[718] Saskia Stachowitsch, "Military Privatization and the Remasculinization of the State: Making the Link Between the Outsourcing of Military Security and Gendered State Transformations," *International Relations* 27, no. 1 (2013): 74-94.

[719] Ryan Kelty and Alex Bierman, "Ambivalence on the Front Lines' Perceptions of Contractors in Iraq and Afghanistan," *Armed Forces & Society* 39, no. 1 (2012): 5–27.

[720] Maya Mynster Christensen, "The Underbelly of Global Security: Sierra Leonean Ex-Militias in Iraq," *African Affairs* 115, no. 458 (2016): 23-43.

[721] A. Feinstein and M. Botes, "The Psychological Health of Contractors Working in War Zones," *Journal of Traumatic Stress* 22, no. 2 (2009): 102–105.

Шон Мекфејт идентификува пет различни особини кои ги разликуваат платениците, од воените и вооружени недржавни актери како што се терористите.[725] Тој посочува дека иако може да има исклучоци, овие пет особини може да се користат како сигурен показател за да се утврди дали вооруженият актер е платеник. Тие се:

1. Платениците првенствено се мотивирани од профит отколку од политика. Ова не значи дека сите платениците не ги почитуваат политичките интереси и служат само по желба на најдобриот понудувач, но суштински тие се субјекти за максимизирање на профитот;
2. Платениците се структурирани како бизниси, при што некои од големите платенички корпорации се јавно тргувани на Волстрит и на Лондонската берза, особено DynCorp International и Armor Group;
3. Платениците претежно се ориентирани кон експедиции, што значи дека бараат работа во туѓи земји наместо да обезбедуваат домашни безбедносни служби. Постојат исклучоци, особено во одбраната на татковината, иако платениците обично им даваат приоритет на странските мисии пред домашната безбедност;
4. Платениците обично распоредуваат сила на воен начин. Воената сила има за цел да ги победи или одбие непријателите преку сила, додека спроведувањето на законот се фокусира врз деескалација на насилните ситуации за да се запази законот и редот. Ова суштински влијае врз нивното функционирање;
5. Платениците се смртоносни и претставуваат комодификација на вооруженият конфликт.

Дисертацијата на Јоаким Берндсон идентификува пет карактеристики по кои се разликуваат ПБК од државните сили. Прво, главната цел на ПБК не е да се борат и да добиваат војни во име на државата (дури и ако тоа е тоа за што повремено биле ангажирани да го прават), туку да ги продаваат своите услуги на државата и/или недржавни клиенти на повеќе или помалку глобален пазар. Второ, тие не се врзани за некоја конкретна држава како што се националните војски и тие не мора да имаат општествена одговорност. Трето, компаниите и нивниот персонал може да имаат силни врски со некоја земја, но нивниот примарен фокус како деловни субјекти не вклучува автоматска лојалност кон државата или усогласување со целите за национална безбедност на клиентот. Четврто, приватните компании се потпираат врз деловни договори со клиенти, сосема различни од општествениот договор меѓу државата и војската. Овој однос е „ритуализиран во офицерската заклетва за верност и повторно впишан преку огромен број културни симболи“. Конечно, приватните компании даваат приоритет на економските цели, како што е генерирањето профит, кој може да се разликува од примарните цели на националната војска. Се разбира, економските мотиви секако може да бидат релевантни за поединечни војници, но не и на воената институција како целина.[726]

---

[722] A. MacLean and M. Kleykamp, "Coming Home: Attitudes Toward US Veterans Returning from Iraq," *Social Problems* 61, no. 1 (2014): 131–154.

[723] S. A. Roop, A. S. Niven, B. E. Calvin, J. Bader, and L. L. Zacher, "The Prevalence and Impact of Respiratory Symptoms in Asthmatics and Nonasthmatics During Deployment," *Military Medicine* 172, no. 12 (2007): 1264–1269.

[724] M. Dunigan, C.M. Farmer, R.M. Burns, A. Hawks, and C.M. Setodji, *Out of the Shadows: The Health and Well-being of Private Contractors Working in Conflict Environments* (Santa Monica, CA: RAND, 2013).

[725] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 6-7. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[726] Jessica Wolfendale, "Comparing National and Private Militaries," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relationships*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and

5.4.5. Сличности и разлики помеѓу ПВБК и платеници

Интересен е фактот што зборот платеник/платеници и ПВБК се користат наизменично во јавноста и медиумите. Контракторите и платениците се два спротивни света со иста професија. Во литературата постои спорна дебата околу тоа дали ПВБК се суштински современи платенички сили маскирани како корпоративни ентитети. Загриженоста за платениците се појави во нова форма по Студената војна, односно во ПВБК. Овие корпорации се високо структурирани единици на борци, кои функционираат во корпоративна рамка, кои се обврзуваат исклучиво да се вклучат во борба во име на суверени нации. Две истакнати компании од оваа област беа Executive Outcomes, активни во Ангола и Сиера Леоне и Sandline International, активни во Папуа Нова Гвинеја и Сиера Леоне. Тие беа значително поефикасни од нивните претходници во 1960-тите и 1970-тите и имаа значително влијание врз конфликтите во кои се вклучија. Овие компании наидоа на значителна глобална политичка критика и до крајот на 1990-тите, сфатија дека не можат да останат во бизнисот во иста форма. Во извештајот се наведува дека првите шеснаесет години од мандатот на Специјалниот известувач се совпаднале со регионалните потреси предизвикани од крајот на Студената војна кои му овозможиле да известува за широката употреба на платеници. Тој, исто така, ја документирал еволуцијата на платеникот, вклучувајќи го и развојот на употребата на приватни компании во кои често се вклучени платеници. Во неколку од неговите извештаи во 1990-тите, Специјалниот известувач го идентификуваше трендот на појава на ПВБК кои постепено ги преземаа улогите кои претходно беа поврзани со платеници.[727]

Даг Брукс посочува: „Важно е да се препознае разликата помеѓу непријателските „платеници“ и приватните компании кои нудат воени услуги“. Тој тврди дека овие организации малку наликуваат на класичната платеничка слика што произлезе од нивните акции во 1960-тите и 1970-тите. ПВК се законски, компании кои бараат профит кои работат во нормални корпоративни структури и се однесуваат како сите други нормални компании ориентирани кон профит и особено ограничувања.[728]

Етикетирањето на целата приватна сила како платеничка не е само поедноставување, туку и погрешно. Терминот „платеник“ често се злоупотребува како етикета на неодобрување, што се однесува на секоја полиција, воена или паравоена група што на корисникот не му се допаѓа“.[729] Честопати, разговорната употреба на терминот платеник не се усогласува со техничката дефиниција која ги изложува ПВБК на прашања со доверба и општествено одобрување.[730] Ширер тврди дека „користењето на терминот платеник може да го отежне разбирањето на стратешките импликации на приватната воена сила“. Понатаму, тој предлага дека етикетирањето на платеник како воена компанија зајакнува одредени однапред смислени поими и го попречува разбирањето на важните работи кои се вклучени. Тој заклучува дека компаниите се

Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 218; Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 68.

[727] United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 8.

[728] Doug Brooks, "*Protecting the People: The PMC Potential. Comments and Suggestions for the UK Green Paper on Regulating Private Military Services*," Working paper, July 25, 2002, 6-8.

[729] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 9.

[730] Joel A.C. Baum and Anita M. McGahan, "The reorganization of legitimate violence: The Contested Terrain of the Private Military and Security Industry during the Post-Cold War Era," *Research in Organizational Behavior* 33 (2013): 3–37.

имуни од правилата на договорите кога работат само за признати влади, како што повеќето тврдат дека прават.[731]

Анкетите на оваа група откријa дека тие се мотивирани од несебични и патриотски идеали, наместо од општоприфатеното верување дека се немилосрдни платеници или „кучиња на војната“.[732] Франке и Вон Боемкен[733] го отфрлија стереотипот за „грабање пари, лов на оружје, платеници од типот Рамбо кои бараат возбуда“ во студијата на 200 поранешни ПВБК и сегашни службеници за спроведување на законот. Оваа популација дава приоритет на мирот над борбата и ја гледа нивната работа од експертска перспектива, а не од професионална.

Воената интервенција во Ирак од 2003 година и овозможи на приватната воена и безбедносна индустрија да преземе нова, помалку спорна улога. Неколку поединци кои биле активни во индустријата на ПВК од 1990-тите, основале нови приватни безбедносни компании за да и помогнат на операцијата предводена од САД. Овие нови компании беа претежно договорени од држави и конкретно наведоа дека ќе користат сила исклучиво во самоодбрана за да избегнат конфронтација. Нивниот однос со државните воени сили и нивниот аргумент дека не се вклучиле во активна борба им овозможи да ја заобиколат правната дефиниција за платеник.[734]

Модерните ПВК споделуваат сличности со класичните платеници бидејќи и двајцата се приватни субјекти вклучени во војување и мотивирани од финансиска добивка.[735] Сепак, постојат разни други карактеристики кои ја прикриваат разликата помеѓу двете организации и ја предизвикуваат јасната поделба што професионалците од индустријата честопати имаат за цел да ја воспостават. Прво, двата ентитета се фундаментално водени од профит и овој факт некои го толкуваат како фундаментално проблематичен.[736] Сепак, тие не се единствените што имаат корист од војните. Индустријата за оружје е одличен пример за генерирање милијарди долари на годишно ниво.

Мандел верува дека силната морална аверзија кон доверувањето на јавната безбедност на поединци мотивирани исклучиво од финансиска добивка е клучен фактор што предизвикува широко распространето противење на приватизацијата на безбедноста.[737] [738] Со оглед на оваа ситуација, не е изненадување што денешните ПБК и нивните клиенти прават значителни напори да се оградат од негативните здруженија на етикетирање како платеници.

Понатаму, основната разлика е во тоа што ПВК обично биле вработени од страна на владите во минатото. Африканските платеници во постколонијалната ера првенствено им служеа на недржавните вооружени групи кои имаат за цел да ги дестабилизираат државите.[739] [740]

---

[731] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 11-12.
[732] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014).
[733] V. Franke and M. von Boemcken, "Guns for Hire: Motivations and Attitudes of Private Security Contractors," *Armed Forces & Society* 37, no. 4 (2011): 736.
[734] United Nations, Human Rights, Special Procedures, "*Mercenarism and private military and security companies: An overview of the work carried out by the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination*," 2018, 14.
[735] Bjørn Møller, Privatisation of Conflict, Security and War, *DIIS Working Paper* 2005/2 (2005): 15.
[736] Gail M. Gerhart, Abdel-Fatau Musah, and J. Kayode Fayemi, "Mercenaries: An African Security Dilemma," *Foreign Affairs* 80, no. 2 (2001): 186.
[737] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 130.
[738] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007).
[739] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 12.

ПВК, за разлика од платеничките организации од средниот век, се законски признати трговски фирми. Некои од нив се дури и котирани на берзата[741] при што ArmorGroup стана во 2004 година „првата независна, меѓународна безбедносна фирма со која се тргува“. Друга карактеристика што ги разликува ПВК од платеничките групи од 20-от век е тоа што опсегот на нивното постоење денес претставува предизвик за монополот на модерната држава врз насилството.[742]

Сингер ги разликува платениците по нивната туѓост кон конфликтот, нивната независност од националната сила и ограничувањата на договорните врски, нивните краткорочни економски мотивации, начинот на регрутирање и организација, и природата на нивните услуги.[743] Сингер тврди дека ПВФ и платениците се платени од националните држави за воена поддршка, но ПВФ се инхерентно различни поради нивниот акцент врз „корпоратизација“ на воената служба.[744] Тој јасно прави разлика помеѓу ПВФ и платениците, изразувајќи загриженост за потенцијалните опасности што ги претставуваат „корпоративните воини“ (ПВФ) за социјалната и политичката структура, што може да биде исто толку значајно, ако не и повеќе, од тие што ги претставуваат традиционалните платеници.

Приватната воена фирма се разликува од платеник со тоа што отворено ги промовира своите услуги и работи во границите на законот. Персоналот е вработен во дефинирана структура, со воспоставени услови и услови и работа со одреден степен на организација и отчетност кон компанијата. Компанијата е одговорна пред својот клиент, често под правно обврзувачки договор.[745]

Сингер идентификува шест основни карактеристики што ги разликуваат ПВК од конвенционалните платеници или историски слични ентитети. Првата е организацијата. ПВК се организирани како деловни единици со јасна извршна хиерархија и акционери. Тие се организирани според деловна повелба за целосно искористување на светскиот пазар. Конвенционалниот платеник дејствуваше на индивидуално ниво со мала или никаква организација. Втората карактеристика се состои од мотивите. Додека традиционалните платеници се водени од лична корист, ПВК мотивирани се од комерцијална добивка особено во максимизирање на профитот на акционерите. ПВК се регистрирани трговски единици кои работат транспарентно на пазарот и се предмет на регулација. Тие можат ефективно да користат сложено корпоративно финансирање и обично работат со долгорочна перспектива. Третата карактеристика ги вклучува предностите присутни на отворениот пазар. ПВК учествуваат на меѓународниот пазар и признати се како легитимни правни субјекти. Со други зборови, тие се признати во рамките на државното право и да работат во признаена правна рамка. Затоа, тие се способни да функционираат јавно, да управуваат со веб-страници и да ги промовираат своите услуги. Четвртата карактеристика е обезбедување услуги наместо стока. Овие компании нудат различни воени услуги на меѓународно ниво, вклучувајќи транспортни, логистички и борбени услуги. Базата на клиенти е поширока и

---

[740] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 17.

[741] Carlos Ortiz, *Private Armed Forces and Global Security: A Guide to the Issues* (Santa Barbara, CA: Praeger, 2010), 48.

[742] Susan L. Gray, *Just War Theory: An Analysis of Its Relevance for Contemporary Warfare and States*, MA thesis, Department of Philosophy, Saint Paul University, Ottawa, Canada, 2009, 76.

[743] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 43.

[744] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 45.

[745] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 21.

поразновидна. ПВК вршат трансакции со субјекти способни да ги исплатат трошоците за нивните услуги, вклучувајќи државни режими, невладини организации или други меѓународни организации. Петтата, вклучува регрутирање или ангажирање на персонал од јавниот сектор и квалификувани поединци за разни специјалности. Шестата карактеристика е мрежната поврзаност на ПВК со разни корпоративни холдинзи и врски со разновидни финансиски пазари.[746]

Тим Спајсер ги идентификува овие карактеристики како дефинирачки фактори што ги издвојуваат. Тој тврди дека платениците „обично се поединци регрутирани за одредена задача. Тие немаат постојана структура, немаат групна кохезија, немаат доктрина и немаат процедура за проверка. Нивните стандарди, во однос на однесувањето и техничките вештини, се сомнителни, исто како и нивните мотиви. ПВК е постојана структура со голем број луѓе. Имаат постојано присуство, канцеларии, користат промотивна литература, имаат систем за проверка, поседуваат капацитет за внатрешна и надворешна обука. Тие се официјална војска трансформирана во приватен сектор во деловна маска.[747]

За разлика од традиционалниот профил на регрутирање платеници, во последните години феноменот на грабливско регрутирање се вкорени во повеќе вооружени конфликти. Работната група сè повеќе добива извештаи за практиката. Тоа може да се дефинира како форма на регрутирање поединци за платеник кој ги искористува предностите на нивниот социо-економски статус или други ранливости и што, во некои случаи, може да вклучи принуда или измама. ПВБК често регрутираат поединци на предаторски начин, таргетирајќи ги ранливите групи, како што се тие кои: живеат во тешка сиромаштија, маргинализирани млади луѓе, поранешни војници, бегалци и внатрешно раселени лица. Приватизацијата на војната создаде можности за експлоатација на овие ранливи групи со нудење повисоки плати и регрутирање поединци преку тактики на притисок, често правејќи го присилното ангажирање. Ова доведе до виктимизација на поединци кои потоа се распоредени во непријателства, ставајќи ги во опасност нивните животи и физичкиот интегритет.[748]

Како можеме теоретски да разликуваме платеници и ПВК покрај нивните очигледни сличности? Елке Краман смета дека платениците се спонтано организирани, претставуваат закана, немаат стабилност и не го почитуваат угледот, како и националните и меѓународните закони. Сепак, таа смета дека ПВК се поинакви.[749] Разликата лежи во фактот дека ПВК се легални, со постојани структури, централни канцеларии и раководни структури. Тие се регулирани со национални и меѓународни закони, кои многумина ги сметаат за несоодветни, во Европа и Северна Америка, каде што повеќето од нив живеат.[750]

---

[746] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 45-47.

[747] Tim Spicer цитиран во: Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 67. Спајсер има шарена и контроверзна историја во појавната приватна воена сцена. Често, тој самиот е етикетиран како платеник. Својата воена кариера ја започнал во британската армија, а подоцна бил поврзан со Executive Outcomes. На крајот формираше група Sandline. И како што ќе разговарам подоцна, Sandline е вклучен во Папуа Нова Гвинеја и во Сиера Леоне. И покрај тоа што беше поврзан со овие озлогласени приватни воени авантури, тој на крајот ја формираше групата Aegis Defense, која на крајот го доби договорот во Ирак вреден над 200 милиони долари за координирање на целата активност на приватна компанија за безбедност.

[748] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors,* Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/54/29, General Assembly, 2023, 11.

[749] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 6.

[750] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 7.

Во литературата постои дебата за неопходноста од разликувањето помеѓу хонорарните платеници и ПВБК кога разликата е минимална.[751] Главната причина е што платениците се забранети со Меѓународната конвенција против регрутирање, користење, финансирање и обука на платеници која беше претходно посочена.

Многу од активностите што ги вршат ПВБК не можат да се сметаат за платенички активности според постојната меѓународна правна рамка и, соодветно, нивните контрактори ретко би спаѓале во меѓународната правна дефиниција за платеници. Меѓутоа, таквите актери се опишани како претставуваат нови модалитети на платеник. Има случаи кога контракторите се регрутирани од компанија договорена од страна на државата за давање воени услуги во зона на вооружен конфликт и, во овој контекст, таквите поединци би можеле да спаѓаат во категоријата платеници.[752]

Една од главните разлики помеѓу модерните ПВК и историските платеници е тоа што ПВК се стремат да постигнат легитимитет. Во областа на меѓународните односи, ПВК постојано функционираат во приватниот сектор, односно среде јавната и приватната сфера. Теоријата за меѓународни односи посочува дека постојат два домени на односи меѓу државите: јавен и приватен. Затоа, тие се засноваат врз улогата на државата како единствен легитимен чинител во државните односи. Како резултат од тоа, недржавните агенти се маргинализирани и перципирани како посебни ентитети, кои изгледаат како да работат независно од официјално признатите актери. Понатаму, вообичаено се претпоставува дека влијанието на приватните недозволени актери е доста ниско. Тие се игнорирани поради работењето во приватниот домен и нивното влијание врз државните односи.[753] ПВК се одликуваат со особина дека тие нудат услуги со цел да генерираат корпоративен профит, наместо да им служат на поединци. Навидум нијанса, ова целосно го менува односот на институционалната средина кон компанијата. Можностите за регрутирање се менуваат со прописите за транспарентност. Зголемената конкуренција им овозможува на ПВК да привлечат професионалци од највисоко ниво, да ја прошират својата база на работна сила и да пречекаат повеќе луѓе доколку е потребно.[754] [755]

Компаниите често имаат флексибилна кадровска структура и може да користат мрежи на поранешни војници или платеници на глобалниот пазар. Оваа хонорарна култура создава предизвици во проверката на соодветните вработени и потврдувањето дека тие не се вклучени во неугледни организации или не учествуваат во конвенционални платенички задачи.[756] Повеќето од нив се поранешни воени лица, претежно од единиците за специјални операции. Персоналот на ПБК имаат за цел да избегнат да бидат гледани како неетички, нелојални ангажирани платеници, особено ако ризикуваат да изгубат профитабилен договор. Никој не сака да ја изгуби својата

[751] За разликите повеќе во: David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 76-93.
[752] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/54/29, General Assembly, 2023, 7.
[753] Susan L. Gray, *Just War Theory: An Analysis of Its Relevance for Contemporary Warfare and States*, MA thesis, Department of Philosophy, Saint Paul University, Ottawa, Canada, 2009, 78.
[754] Dr. Wojciech Pałka, *The Awakening of Private Military Companies*, Warsaw Institute, Special Report, August 20, 2020, 4.
[755] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 8.
[756] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 13.

висока плата. Повеќето ПБК имаат способност да ангажираат стотици лица од најмалку пет или шест различни националности истовремено.[757]

Додека платеничките единици функционираат како збир од поединци, персоналот во ПВК е организиран во рамките на дефинираните структури на корпоративниот ентитет. Тие се специфично групирани за да функционираат со одредена доктрина и поголема кохезија на активност и дисциплина.[758]

ПВБК ја оправдуваат практиката користејќи други принципи, како што се нивната техничка и безбедносна експертиза.[759] Тие сметаат дека ограничувањето на употребата на ПВБК и оградувањето од етикетата на платеници се стратегии за воспоставување легитимитет.

ПВК нудат многу поширок спектар од услуги за поголема клиентела во споредба со платениците. Некои компании го покриваат целиот спектар од услуги, вклучувајќи консултантски услуги, обука, одржување, логистика, оперативна и директна борбена поддршка и постконфликтна реконструкција. Понатаму, тие можат да работат за повеќе клиенти на различни пазари и театри истовремено, способност што им недостасува на платениците.[760] ПВК тврдат дека се експерти за „примена и пренесување на знаењето за употреба на сила“.[761] Услугите опфаќаат широк спектар, вклучувајќи поддршка и реконструкција, безбедност, разузнавање и борба.

Како заклучок, ПВБК не ги исполнуваат критериумите да бидат класифицирани како платеници. Главната разлика е во тоа што ПВБК е правна корпоративна структура, која користи јавни или полутајни методи на регрутирање и се одговорни пред клиентите и засегнатите страни. ПВБК обезбедуваат низа услуги надвор од воените операции, вклучувајќи: логистичка поддршка, обука, советување, собирање разузнавачки информации итн. Меѓународните организации, меѓународното право и недостатокот од национални политики не ги дефинираа точно современите феномени на ПВБК, дозволувајќи му да процвета и да се шири во нејасно правно и политичко опкружување.

5.5. Предности и недостатоци на ПВБК

5.5.1. Предности

Придобивките од ПВБК се согледуваат од многу перспективи како што беше наведено претходно. Споредбата првенствено се заснова врз економски фактори, проследени со тактички/оперативни, политички и други релевантни карактеристики. Настрана од споменатите карактеристики, од клучно значење е да се признае нивната инхерентна инструментална природа која ја поседуваат со набројаните параметри. Од клучно значење е да се земат предвид овие фактори со поголема претпазливост бидејќи тие се зависни само за одредени временски рамки или држави.

---

[757] Повеќе за развивањето на ПВК и преминот на платениците кон корпоративни ПВК во: Katherine E. McCoy, *Ready, Aim, Hire: The Socio-Political Dynamics of Military Outsourcing*, PhD diss., University of Wisconsin-Madison, 2010.

[758] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 8.

[759] Anna Leander and Rens van Munster, "Private Security Contractors in the Debate about Darfur: Reflecting and Reinforcing Neo-Liberal Governmentality," *International Relations* 21, no. 2 (2007): 201-216.

[760] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 8.

[761] Carlos Ortiz, *Private Armed Forces and Global Security: A Guide to the Issues* (Santa Barbara, CA: Praeger, 2010), 49.

Застапниците за употреба на ПВБК презентираат два главни аргументи во литературата. Првиот е дека употребата на ПВБК е во полза на државата и авторитетот на државата преку поефикасно користење на ресурсите и овозможува активност за надворешна и безбедносна политика, со намалување на политичките трошоци за вклучување. Вториот е дека ПВБК овозможуваат и отворено и прикриено вклучување како „прокси“ страна во конфликти и ситуации каде директното вклучување на државата не е опција.[762] [763]

Според Шмит и Шродер, насилството и конфликтот, кои вообичаено се перципираат како „деструктивна и загадувачка сила“, може да се сметаат и како извор на креативна сила. ПВБК се единствена организација родена од економска и политичка потреба, која е специјализирана за области опфатени со конфликт.[764]

Теоретски, научниците изразија став дека ПВК поседуваат посебни оперативни предности во споредба со конвенционалните вооружени сили. Тие ја олеснуваат прераспределба на средствата и ги намалуваат расходите за редовната армија. Тие нудат способност за брзо распоредување, тие се флексибилни, ефикасни и ефективни во акција. Исто така, учествуваат во меѓународни мировни операции и посредување во конфликти под покровителство на ОН. Тие го ублажуваат јавното стравување во врска со употребата на сила. Поседуваат човечки и технолошки ресурси кои гарантираат искористување напредни стратегии и служат како рамнотежа на домашната војска во државите со слаби политички институции.

Можните придобивки вклучуваат: зголемен капацитет за распоредување сили преку овозможување договорна поддршка во оперативната област, промени и подобрувања во оперативното темпо, способност да се одржи напредна техничка експертиза, зголемување на борбената моќ во ситуации кога присуството на униформирани сили е ограничено од земјата домаќин, контракторите им овозможуваат на воените сили да се фокусираат на борбени операции и ПВК и ПБК може да понудат способности што не ги поседуваат вооружените сили.[765]

ПБК се користат нашироко во земјите во развој, каде што приватната безбедност ја презеде улогата на доминантно средство за заштита на бројни општествени групи во светот во развој. Кинси посочува: „За тие што можат да си го дозволат тоа, овие групи сега мора да се потпрат врз приватна заштита за да се заштитат себеси и своите имоти. Без него, тие стануваат лесни мети за изнуда или дури и убиство“.[766] Недржавните субјекти, како мултинационалните компании, сè повеќе зависат од ПБК за „да ги заштитат своите вработени и имотот што може да достигне милиони долари“.[767] [768]

Во моментов, ПВБК имаат потенцијал да служат како остварлива алтернатива на државните воени сили, а во некои случаи, тие дури може да ги надминат воените оддели на некои држави во смисла на професионализам, демонстрирајќи висок степен на диверзификација на услугите што ги обезбедуваат.[769]

---

[762] David Shearer, "Outsourcing War," Foreign Policy, no. 112 (Fall 1998): 68-81.
[763] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[764] Bettina Schmidt and Ingo Schroder, *Anthropology of Violence and Conflict* (Routledge, 2001), 27.
[765] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 18.
[766] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 55-56.
[767] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 135.
[768] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 55-56.
[769] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 272.

Иако поголем дел од литературата за користењето на ПБК е негативен, застапниците на ПБК, како Карафано, тврдат дека овие придобивки ги истакнуваат причините зошто владите треба да ги ангажираат и користат. Тој тврди дека владата треба активно да ја прифати слободната трговија и аутсорсингот, исто како и приватниот сектор, сè додека овие техники нудат најповолна услуга. Протекционистичките политики ги попречуваат иновациите и ги зголемуваат трошоците. Единствен критериум треба да биде изборот на компании способни да ги исполнуваат сите договорни обврски и да ги завршат проектите со најголема професионалност. Препорачливо е да се изберат компании кои се добро управувани и лоцирани во земји со силно владеење на правото. Во суштина, и јавниот и приватниот сектор можат да постигнат соодветно ниво на сигурност и доверливост на услугата доколку инсистираат работата со договор да ги исполнува соодветните стандарди.[770]

Согласно истражената литература и за потребите на дисертацијата, предностите беа класифицирани како економски, човечки (персонални), тактички/оперативни, политички/инструментални.

i. Економски предности

Често цитираното образложение и аргументи за аутсорсинг на безбедносните и воените услуги е тврдењето дека користењето приватно обезбедување е поевтина опција.[771] [772] Ограничените финансиски ресурси на државите ја прават привлечна можноста за вработување приватни безбедносни служби поради нејзината минлива природа. Наместо да ги оптоваруваат владините ресурси преку фундаментална реорганизација на постојните армии или полициски сили, елиминирање на корупцијата и обезбедување на ефикасност и верност на јавните сили, владите може да бидат склони да се одлучат за итно вклучување на приватниот сектор. Ангажирањето на ПБК ја носи „предноста“ да ја добиваат само услугата што веднаш се бара, додека јавните сили треба да се платат дури и кога не се потребни.[773]

Друга придобивка е оптимизацијата на трошоците, односно ефикасноста на трошоците за армиите.[774] Способноста на војската да работи е ограничена со финансиски ограничувања, намалувања на буџетот и падот на наталитетот. Дополнително, расте бројот на конфликти и побарувачката за безбедност. ПВК преземаат дел од товарот, ослободувајќи ги војниците од неборбени задачи. Студиите за полициските активности покажа дека значителен дел од времето на полициските службеници се распределува на задачи кои не се директно поврзани со нивните основни одговорности, како што се: спречување криминал, реагирање на повици за помош и истражување на криминалот. Наместо тоа, тие често се ангажираат во периферни функции кои би можеле лесно да бидат изведени од приватни актери.[775] Економската анализа најчесто се користи за поддршка на користењето на услугите што

[770] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 126.
[771] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 30.
[772] Damian Lilly, *The Privatization of Security and Peacebuilding: A Framework for Action* (London: International Alert, 2000), 16.
[773] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 15.
[774] Andrea Schneiker and Elke Krahmann, "*Policy Paper on Private Military and Security Companies: Capacity Gained - Accountability Lost? Establishing a Better Political and Regulatory Framework*" (2016): 4.
[775] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 95.

ги нуди ПВБК. Тие обезбедуваат флексибилна и брза реакција која често е поисплатлива од употребата на редовните вооружени сили.[776]

Една од предностите на ПБК е нивната економичност и ефикасност во одредени оперативни сектори. Локалните ПБК, конкретно можат да бидат значително попристапни бидејќи тие земаат плати како припадници од третиот свет. Дополнително, тие можат да ја подобрат нивната ефикасност преку искористување на локалната експертиза, врските, културното разбирање и јазичните способности. Во цивилните сектори, како што се: угостителството, управувањето со отпадни води, информативната поддршка, логистиката и транспортот, приватните компании се вклучуваат во конкуренција во рамките на слободниот пазар. Ова им овозможува да генерираат поголеми економии што ќе им помогнат да ги обезбедат овие функции по пониска цена од војниците.[777]

ПВБК им нуди на владите можност да ја пренесат одговорноста за безбедноста на финансирањето, а истовремено да бидат економски поефикасни и непристрасни.[778] Безбедноста не се обезбедува како јавно добро, што значи дека организациите, групите или поединците кои сакаат заштита мора самите да платат за својата безбедност. Преку употребата на оваа стратегија на поместување, владите активно придонесуваат во процесот на комодификација на безбедноста[779] и нејзина трансформација во приватно добро.[780] ПВБК користат алтернативни методи за подобрување на економичноста. Нивниот пристап подразбира искористување евтина работна сила преку регрутирање поединци од трети земји. Државјаните од трети земји добиваат многу пониски плати во споредба со војниците од земјите носители на операциите.[781]

ПВК можат да го надополнат традиционалниот мир со преземање одредени воени задачи што можат да ги направат подобро и поевтино од традиционалните мировници.[782] Најочигледната предност на аутсорсирањето на мировните функции на ОН е економичноста.[783] Бурес[784] и Бејкер и Патисон[785] тврдат дека ПВБК може да бидат атрактивна алтернативна опција за спроведување хуманитарни интервенции, особено ако редовните сили недостасуваат или не сакаат да дејствуваат. Бејкер и Патисон сугерираат дека можеби е поекономично да се користат ПВБК, бидејќи „трошоците за

[776] Anna van Oeveren, "*'Cry 'Havoc!' and Let Slip the Dogs of War': Regulating Private Military and Security Companies*," Published online: May 24, 2016.
[777] Elke Krahmann and Cornelius Friesendorf, *The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations*, Directorate-General for External Policies of the Union Directorate B Policy Department Study, 2011, 22.
[778] M. Duffield, *Global Governance and the New Wars: The Merging of Development and Security* (New York: Zed Books, 2001), 170–187.
[779] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 379–404.
[780] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 14.
[781] Cynthia Mehboob, *Outsourcing Peace: Private Military and Security Companies. A Setback to Security Sector Reform in Post Conflict and Transition States*, Master's thesis, University of Nottingham, 2017, 24.
[782] S. Brayton, "Outsourcing War: Mercenaries and the Privatization of Peacekeeping," *Journal of International Affairs* 55 (2002): 322-323.
[783] Huseyin Yigit, "*Privatization of Peacekeeping: UN's Institutional Capacity to Control Private Military and Security Companies*," Master of Arts in Security Studies (Stabilization and Reconstruction) thesis, Naval Postgraduate School, 2013, 6.
[784] Повеќе во: Oldrich Bures, "Private Military Companies: A Second-Best Peacekeeping Option?" *International Peacekeeping* 12, no. 4 (2005): 533–546.
[785] D.P. Baker and J. Pattison, "The principled case for employing Private Military and Security Companies in interventions for human rights purposes," *Journal of Applied Philosophy* 29, no. 1 (2012): 6.

интервенција на ПВБК можат полесно да се распределат меѓу државите“.[786] Сепак, тие признаваат дека загриженоста за правната одговорност и транспарентноста на нивните активности може да ги спречи да бидат договорени. Поранешниот генерален секретар на ОН, Кофи Анан, исто така, тврди дека „соочени со масовни убиства [користење приватни безбедносни сили] е опција која не може да се откаже“ (како што е цитирано во Ширер, 2001 година).[787] Но, Брајтон тврди дека за ПВБК „одржувањето мир во која било значајна смисла едноставно не е профитабилно“.[788]

Вообичаено, интервенциите на мисиите на ОН и Executive Outcomes во Сиера Леоне и Ангола се споредуваат, откривајќи дека трошоците на мисиите на ОН биле значително поголеми од тие на ПВК. Не е можно директно да се споредат трошоците за мировните интервенции на ОН и ПВК. Трошоците на ОН ги опфаќаат не само трошоците за војниците, кои се слични на трошоците за ПВК, туку вклучуваат и трошоци за хуманитарна помош, невоен персонал и програми за градење мир. Трошоците за мировните сили на ОН се навидум големи во споредба со тие на ПВК, но исто така, тоа претставува вистинска мисија.[789]

Дополнително, Спеарин тврди дека, во светлината на современите предизвици, државите не само што го менуваат значењето на зборот „хуманитарност“ туку, исто така, создаваат пазар кој се шири што вклучува ПБК во испораката на хуманитарна помош. Три типа фактори според авторот доведоа до овој развој: понуда, побарувачка и идеал. На страната на понудата, побарувачката на државата за ограничувања на вклученоста на приватниот сектор во областа на насилството и намалената комерцијална побарувачка во Ирак доведе до диверзификација на ПБК. На страната на побарувачката, државите сè повеќе сакаат вклучување на партнери од недржавни актери кои се поудобни со нивното вклучување во интегрирани решенија, кои ПБК, наместо невладините, се поподготвени да ги прифатат. Од идеолошка страна, невладините организации се загрижени дека хуманитарните напори ја губат својата неутралност и непристрасност со цел да се олеснат активностите од типот „освои срца и умови“. ПБК, од друга страна, се задоволни од укажаната помош и веројатно ќе бидат задоволни, бидејќи меѓу другото нивниот персонал стекнува големо искуство.[790]

Во поддршка на тоа, истражувањето спроведено од надзорното тело од страна на агенцијата за набљудување на Канцеларијата за буџет на конгресот на САД, потврдува дека годишните трошоци за пешадиски баталјон во војна чини 110 милиони долари годишно, но слична приватна воена единица изнесува вкупно 99 милиони долари. За време на мир, заштедите на трошоците се поголеми. Пешадиската единица чини 60 милиони долари, но контракторите не чинат ништо бидејќи нивниот договор би бил раскинат. Од 1995 до 1997 година, Executive Outcomes добиваше приближно 1,2 милиони долари месечно за да го задушат бунтот во Сиера Леоне, додека ОН одвојуваа 47 милиони долари месечно без да преземат никакви мерки.[791] Во друга студија од 1996 година, Работната група на Одборот за наука за одбраната, спроведе студија која

[786] D.P. Baker and J. Pattison. "The principled case for employing Private Military and Security Companies in interventions for human rights purposes." *Journal of Applied Philosophy* 29, no. 1 (2012): 8.
[787] David Shearer, "Privatizing Protection," *Global Policy Forum* (2001).
[788] S. Brayton, "Outsourcing War: Mercenaries and the Privatization of Peacekeeping," *Journal of International Affairs* 55 (2002): 328.
[789] Cecilia Hull, *What Future for Privatized Peacekeeping? Prospects and Realities in the UN Debate*, Base Data Report, FOI, Swedish Defence Research Agency, 2008, 14.
[790] Christopher Spearin, "Private, Armed and Humanitarian? States, NGOs, International Private Security Companies and Shifting Humanitarianism," *Security Dialogue* 39, no. 4 (2008): 363-382.
[791] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 20. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

препорача дека „сите услуги за поддршка треба да се доделат на приватни продавачи, освен тие функции кои се инхерентно владини или директно влијаат врз способноста за војување, или за кои не постои соодветна способност на приватниот сектор или може да се очекува да се воспостави“.[792] Студијата заклучува дека може да се постигне годишна заштеда до 12 милијарди американски долари доколку Пентагон ги „договори сите функции за поддршка освен вистинските борби“.[793]

Понатаму, користењето на ПВК и ПБК има потенцијал да го подобрат квалитетот на мисиите на ОН. ОН бавно распоредуваат мировни трупи, честопати потпирајќи се врз слабо обучени и недоволно опремени војници од земјите во развој. Се проценува дека интервенцијата на американските сили во Либерија ќе резултира со трошоци за интервенција кои се 15 пати повисоки. На пример, Executive Outcomes тврди дека таа можела ефективно да интервенира за да го запре геноцидот во Руанда. Со распоредување од 1500 припадници во рок од 6 недели и за шестмесечна операција, за дневен трошок од 600.000 американски долари или вкупно 150 милиони американски долари. Операцијата на ОН траеше многу подолго, правејќи дневен трошок од 3 милиони американски долари, но сепак не го спречи геноцидот.[794] Подоцнежниот извештај на ОН ја нагласи важноста на брзото распоредување и експертизата во мировните операции.[795] Бурес од друга страна тврди дека трагедиите како што се геноцидите во Руанда (1994) и Дарфур (2004) можеби биле избегнати со користење на ПВБК.[796] На сличен начин, Брукс[797] и Спеарин[798] го нагласуваат потенцијалот на ПВБК да придонесат за мирот и стабилноста.

Карафано тврди дека плаќањето на војниците стана најскапиот дел од водењето на војската. Покрај тоа, тој проценува дека трошоците за секои 100.000 активни војници се 1,2 милијарди долари годишно. Копнените трупи едноставно чинат многу. Така, Карафано заклучува дека нагорните трошоци за работна сила и надолната големина на војската го поттикнале потпирањето на Пентагон од контракторите.[799]

Контракторите уживаат многу намалени долгорочни обврски во споредба со конвенционалните воени субјекти. Вајс посочува дека кога се проценуваат долгорочните трошоци за здравствено осигурување и компензација за повреди и смртни случаи, искуствата во Ирак и Авганистан укажуваат дека е поисплатливо да се користат ПВК во опасни улоги. Тоа е затоа што придобивките од нивната смрт и повреда се подложени на ограничувања, што резултира со значителни заштеди за федералната влада. Претпоставувајќи дека контракторот заработувал 1000 долари

[792] Defense Science Board Task Force, "*Report of the Defense Science Board Task Force on Outsourcing and Privatization*" (Washington DC: Office of the Under Secretary of Defense for Acquisition and Technology, 1996).
[793] David Isenberg, *Shadow Force: Private Security Contractors in Iraq* (Westport, CT: Praeger Security International, 2008), 2. Цитиран во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 169.
[794] Cecilia Hull, *What Future for Privatized Peacekeeping? Prospects and Realities in the UN Debate*, Base Data Report, FOI, Swedish Defence Research Agency, 2008, 15.
[795] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 81.
[796] Oldrich Bures, "Private Military Companies: A Second-Best Peacekeeping Option?" *International Peacekeeping* 12, no. 4 (2005): 543.
[797] Doug Brooks, "Messiahs or Mercenaries? The Future of International Private Military Services," *International Peacekeeping* 7, no. 4 (2000): 129–144.
[798] Christopher Spearin, "Private security companies and humanitarians: A corporate solution to securing humanitarian spaces?" *International Peacekeeping* 8, no. 1 (2001): 39.
[799] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 44-46.

неделно, а неделната заработувачка на десетарот е 565 долари, годишниот приход на контракторот би бил 162.748 американски долари, додека армискиот десетар би добил 70.344,56 долари годишно до крајот на својот живот.[800] Дополнително, платата на контракторите може да изгледа висока, сепак таа е оправдана бидејќи тие се плаќаат само кога е потребно. При процена на расходите, важно е да се земат предвид суштинските предности што ги добива персоналот на вооружените сили. Просечниот надоместок на активните членови на службата во 2002 година бил 43.000 американски долари. Просечниот вкупен надоместок, кој ги опфаќа и паричните и непарични бенефиции, како што се: здравствената заштита, домувањето, услугите во заедницата, платата за пензионирање и бенефициите за ветераните, изнесуваше 99.000 американски долари. Канцеларијата за буџет на Конгресот проценила дека намалувањето на вооружените сили од доцните 1980-ти резултирало со намалување на исплатите на пензиските фондови од околу 12 милијарди долари.[801]

Друг класичен пример за придобивките од приватизацијата на военото производство е случајот со канадската приватизација на производството на воена муниција. Истражувањето спроведено од корпорацијата RAND National Defense Research Institute и Центарот Arroyo[802], претставува одлична илустрација за тоа како модерните армии целосно се потпираат врз приватниот сектор за да ги задоволат нивните потреби за воена опрема и муниција. Канадската влада е задоволна со резултатите од приватизацијата. Клучните наоди од истражувањето се:

- Приватизацијата на армиските постројки за муниција и претворањето на арсеналите во федерална владина корпорација може да заштеди пари на Армијата, да ги поттикне иновациите и ефикасноста и да им овозможи на високите лидери да се фокусираат врз нивните приоритетни функции;
- Потенцијалните заштеди на трошоците се движат од 525 милиони долари до 1 милијарда долари на краток рок и од 900 милиони до над 3 милијарди долари на долг рок;
- Ризикот поврзан со приватизацијата и создавањето федерална владина корпорација е низок;
- Канадското искуство во приватизацијата на фабриките за муниција е релевантно и го поддржува аргументот за приватизација на муниционските погони.

ii. Човечка (персонална) предност

Една од главните предности и придобивки на ангажирањето на ПБК е можноста за навремено пополнување на итните оперативни потреби или решавање на долгогодишните празнини во работната сила и способностите. Овие празнини произлегуваат од еволуирачките барања наметнати од мултилатералните интервенции на вооружените сили кои првично беа дизајнирани во насока на националната одбрана. Сепак, поголемиот дел од овие договори се резултат од намалувањето на работната сила на вооружените сили во Европа и Северна Америка по крајот на Студената војна.

[800] Jimmie I. Wise, "*Outsourcing Wars: Comparing Risks, Benefits, and Motivations of Contractors and Military Personnel in Iraq and Afghanistan (2009-2011)*," MBA Professional Report, Naval Postgraduate School, 2012.
[801] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 80.
[802] Подетално во: RAND National Defense and Arroyo Center, "Privatizing Military Production," *Research Brief* (2004).

Ова намалување доведе до промена на приоритетот на војниците кон „суштински“ функции, како што е борбата.[803]

ПВБК има корист од отсуството на активни државни вооружени сили. Како резултат од намалувањето на националните воени сили, многу влади немаат капацитет да распоредат доволен број униформиран персонал за одржување на меѓународните операции. Оттука, заштитата на воените кампови, хуманитарните организации, фирмите за реконструкција и локалното население често се смета за надвор од одговорноста на воените и мировните контингенти, и затоа е препуштена на ПВБК.[804]

Персоналот на ПВБК вообичаено имаат корени во војската особено од специјалните оперативни сили и/или полицијата, кои поседуваат многу добра репутација.[805] [806] [807] Се верува дека тие го инкорпорираат знаењето стекнато за време на нивната служба во нивната работа како контрактори. Како што продолжува аргументот, тие немаат повеќе мотивација да ги малтретираат цивилите како што тоа го прават војниците.[808] Спротивно на тоа, застапниците тврдат дека ПВБК се помалку склони да ги прекршуваат човековите права или вмешаност во недолично однесување за време на нивните мисии поради нивниот намален идеолошки мотив и отсуството на посветеност кон одредена нација, група или клан.[809] Збирно, ПВБК даваат приоритет на нивната долгорочна репутација како продржавни ентитети кои постојано се воздржуваат од предизвикување на државата.[810] [811] Приватизираните мировници често се сметаат за поефикасни во спроведувањето на мирот во споредба со официјалните воени сили на бројни нации поради нивната „сеопфатна обука, искуство и севкупна вештина на бојното поле“.[812] Дополнително, капацитетот на ПВК да регрутира локален и странски персонал на кратки периоди нуди дополнителна културна и јазична предност.[813]

Друга предност на ПВК е нивната способност да користат мрежи.[814] Всушност, тие претставуваат базени на воена експертиза.[815] Тие се високо специјализирани затоа што во процесот на регрутација на свои вработени можат да вршат селекција од луѓе со

[803] Elke Krahmann and Cornelius Friesendorf, *The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations*, Directorate-General for External Policies of the Union Directorate B Policy Department Study, 2011, 21.
[804] Andrea Schneiker and Elke Krahmann, "*Policy Paper on Private Military and Security Companies: Capacity Gained - Accountability Lost? Establishing a Better Political and Regulatory Framework*" (2016): 4.
[805] Christopher Spearin, "Special operations forces a strategic resource: Public and private divides," *Parameters* 36, no. 4 (2006): 57–70.
[806] Robert Getso, "*Department of Defense Civilian Contractors and the Global War on Terrorism,*" Master of Arts in Liberal Studies Degree, Excelsior College, 2009, 59.
[807] Dr. Wojciech Pałka, *The Awakening of Private Military Companies*, Warsaw Institute, Special Report, August 20, 2020, 5.
[808] James Larry Taulbee, "Reflections on the mercenary option," *Small Wars and Insurgencies* 9, no. 2 (1998): 159.
[809] Tony Lynch and A. J. Walsh, "The Good Mercenary?," *Journal of Political Philosophy* 8, no. 2 (2000): 133–153.
[810] Christopher Coker, "Outsourcing war," *Cambridge Review of International Affairs* 13, no. 1 (1999): 111.
[811] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 12.
[812] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 94.
[813] Clement Tracol, *Is there an appropriate role for Private Military Companies (PMCs) in the contemporary security context*? Third year dissertation, Faculty of Arts and Social Sciences, Kingston University, 2011/12, 37.
[814] Alex Kassidiaris, "*The Evolution of Force Privatization: Concepts, Perspectives and Challenges in the post-Cold War Era*" (2016).
[815] Herbert M. Howe, "Private Security Forces and African Stability: The Case of Executive Outcomes," *Journal of Modern African Studies* 36, no. 2 (1998): 307-331.

големо искуство (пензионирани офицери) или специфични ретки експертизи.[816] ПВБК имаат дополнителна предност во тоа што имаат вештини, експертиза и флексибилност низ целиот спектар на конфликти – од борба до хуманитарна поддршка. Тие гордо рекламираат дека „одржуваат бази од податоци со илјадници поединци кои претставуваат широк спектар од вештини и специјалности кои можат брзо да се ангажираат за да ги исполнат променливите потреби на мисијата“.[817]

Поточно, овие воини се карактеризираат со нивната исклучителна обука, прецизна организација и се сметаат за некои од „водечките воени експерти во светот“. Компаниите дејствуваат како посредници помеѓу владата и професионалните војници, осигурувајќи дека поединечните војници не се директно ангажирани од владата на ист начин како што беа хонорарците порано.[818] Тие ги усогласуваат барањата на клиентите со соодветна експертиза и ресурси. Иако имаат мала работна сила, тие поседуваат способност веднаш да го мобилизираат потребниот персонал по склучувањето на договорот. Децентрализираната структура и способноста за вмрежување на ПВК им дава можност за навремено решавање непредвидени барања. Тоа им овозможува на компаниите да склучуваат поддоговори за дел од оригиналниот договор или да користат поддоговор како средство за брзо зголемување на борбената сила.[819]

Понатаму, како друга предност се разгледува значајната придобивка од немањето мотивирани предрасуди. Националните армии, етничките војници и локалните недржавни актери се непобитно подложни на различни причини кои можат да генерираат чувства на непријателство, шовинизам, желба за одмазда и конечно да резултираат со целосно нелогично однесување на теренот. Од друга страна, приватните воени контрактори немаат мотивациско оправдување за нивните постапки.[820] Вработените во ПВК се соочуваат со незначителен ризик да бидат под емоционално влијание, етнички или религиозно до степен што би ја загрозил нивната цел или нивната кариера. Во повеќето случаи, поединците или групите кои можат да учествуваат во конфликт ќе се борат за национални, идеолошки, социјални или религиозни мотиви.[821] Од друга страна, ПВК прифаќаат строго професионален пристап кон конфликтот, што не остава простор за погрешни пресметки и погрешни процени предизвикани од секаков вид предрасуди. Покрај тоа, само импликацијата на кршење на човековите права може да донесе деструктивни последици за која било дадена компанија,[822] услов кој уште повеќе го дефинира однесувањето на контракторите.[823] ПВК, исто така, можат да обезбедат експертиза во специјализирани области каде

[816] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 105.
[817] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 89.
[818] Gail M. Gerhart, Abdel-Fatau Musah, and J. Kayode Fayemi, "Mercenaries: An African Security Dilemma," *Foreign Affairs* 80, no. 2 (2001): 186.
[819] Joanna Allison Wood, *The Paradox of Power: Private Military Companies and the Decline of the State*, Master's thesis, Robertson School of Government, Regent University, 2010, 54-55.
[820] James Larry Taulbee, "Reflections on the mercenary option," *Small Wars and Insurgencies* 9, no. 2 (1998): 159.
[821] Tony Lynch and A. J. Walsh, "The Good Mercenary?," *Journal of Political Philosophy* 8, no. 2 (2000): 143–145.
[822] Christopher Spearin, "Private Security Companies and Humanitarians: A Corporate Solution to Securing Humanitarian Spaces?" International Peacekeeping 8, no. 1 (2001): 29–30.
[823] Alex Kassidiaris, "*The Evolution of Force Privatization: Concepts, Perspectives and Challenges in the post-Cold War Era*" (2016).

војската може да има недостаток или да има несоодветни ресурси. Главен пример за ова е лингвистичката способност.[824]

iii. Тактичка/оперативна предност

Приватизираната сила би можела да се користи како сила за брза реакција во рамките на традиционалните мировни операции, одејќи таму каде што мировното јадро (традиционалниот национален контингент) може или не сака да оди за да се справи со насилството.[825] Алтернативно, ПВК би можеле да ја формираат вкупната[826] воена способност за мировна операција каде што не би можеле да се најдат други војници.[827] Поради нивната високо професионална обука и опрема, и краткиот временски хоризонт на нивните мисии, се вели дека ПВБК не само што работат поефективно и поефикасно, туку и дека имаат помалку дисфункционални ефекти за конфликтот.[828]

ПВК покажуваат поголема приспособливост во тешко предвидливите асиметрични (нелинеарни), вооружени конфликти со низок интензитет во споредба со државните вооружени сили. Државните вооружени сили се вообичаено големи и нефлексибилни бирократски институции кои постепено се развивале во текот на неколку децении и се обврзани со домашни и меѓународни правни рамки ограничувајќи ги нивните оперативни способности. Во непредвидливиот пејзаж на современото асиметрично војување со низок интензитет, компаниите преку факти се поефикасна, успешна и економска алтернатива на државните вооружени сили.[829] ПБК имаат директно влијание врз резултатите од конфликтите обезбедувајќи вооружена и невооружена поддршка на воените сили што има директен ефект врз воената ефикасност.[830] ПБК индиректно влијаат врз исходите од конфликтот преку обезбедување јавни добра во отсуство на ефективна влада.

Високите стандарди на избраниот персонал и самата природа на мисиите што овие компании ги извршуваат[831] ги заобиколува потребите за логистичка поддршка и помошни средства, на конвенционалните операции од големи размери.[832] Војската го признава вработувањето на цивилни контрактори како мултипликатор на сила во напорите за стабилизација. И покрај високите трошоци, контракторите нудат

---

[824] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 133.

[825] P. Gantz, "The Private Sector's Role in Peacekeeping and Peace Enforcement," *Refugees International Bulletin*, November 18, 2003.

[826] Во САД, „Вкупната сила" е кодифицирана во заедничка доктрина и се состои од воени сили, цивили во Министерството за одбрана и контрактори. Повеќе во: U.S. Department of Defense, *Joint Publication 4-10: Operational Contract Support* (2014). Достапно на: http://www.jcs.mil/Portals/36/Documents/Doctrine/pubs/jp4_10.pdf. Пристапено на 19.03.2024.

[827] P.W. Singer, "Peacekeepers, Inc.," *Policy Review* (2003): 59-70.

[828] Jared F. Lawyer, "Military Effectiveness and Economic Efficiency in Peacekeeping: Public versus Private," *Oxford Development Studies* 33, no. 1 (2005): 99–106.

[829] Peter Papler, "*Privatna vojaška podjetja - organizacija, doktrine in poslovanje*," Doktorska disertacija, UNIVERZA V LJUBLJANI FAKULTETA ZA DRUŽBENE VEDE, 2014.

[830] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011).

[831] Ваквите мисии го следат моделот на специјални сили, што значи операции во ограничен обем, извршени од висококвалификувани мали тимови во најкраток можен рок и со минимална логистичка поддршка.

[832] Alex Kassidiaris, "*The Evolution of Force Privatization: Concepts, Perspectives and Challenges in the post-Cold War Era*" (2016).

непосредно специјализирано знаење и работна сила со многу побрзо темпо во споредба со војската.[833]

Херберт Хау ја истакнува предноста на приватните сили во однос на нивната брза мобилизација и распоредување во споредба со мултинационалните или националните сили. Дополнително, приватните сили може да имаат помалку политички предизвици, особено во однос на жртвите, во споредба со државните армии. Понатаму, тие поседуваат добро дефинирана хиерархија, воена опрема и обука и поголемо искуство за заедничка работа отколку мултинационалните сили.[834] На таа предност се надоврзува и Ванковска каде посочува дека тие располагаат со потребната флексибилност и способност да соберат доволен број трупи во зависност од ситуацијата. Тие не мораат да чекаат на долгите и бавни бирократски процедури за да стапат во акција. Нивната мобилност е голема, а по завршувањето на задачите демобилизацијата оди бргу и без потреба од реинтеграција во цивилниот живот.[835]

Вообичаено, процесот на распоредување во операција на ОН трае приближно 6-8 месеци, почнувајќи од дискусија до распоредување до вистинско место. Спротивно на тоа, распоредувањето на ПВБК генерално трае 2-6 недели. На националните војски потребни им се 2-5 месеци.[836] Кога мисијата бара долготрајна посветеност, како на пример обука на други војски, ПВК може да обезбеди дополнителна придобивка. Под претпоставка дека договорите се обновуваат, ПВК може да обезбеди поголема стабилност во таквите програми. Иако активните државни сили имаат чести ротации на персоналот, ПБК може да обезбеди тимови во кои тој персонал останува во земјата неколку години. Во некои случаи, ПБК ја задржуваат експертизата за користење специјализирана опрема што повеќе не ја поседуваат националните трупи.[837] Сè поголем број компании продаваат и навредливи сајбер-способности, обезбедувајќи им на клиентите можност да хакираат мобилни телефони, компјутери и бази од податоци.[838]

Покрај тоа, тие не само што обезбедуваат безбедност, туку и сè повеќе управуваат со многу делови од операцијата. Сепак, треба да се забележи дека им е дадена моќ за одлучување. Тие поседуваат експертиза и авторитет за да влијаат врз разбирањето за тоа како мисиите најдобро се планираат и изведуваат.[839] Овој атрибут може да ги направи неопходни во планирањето и извршувањето на мировните операции, служејќи како суштински елемент на стратешките комплекси.[840]

---

[833] Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007), 301, 414, 439-440.

[834] Herbert M. Howe, "Private Security Forces and African Stability: The Case of Executive Outcomes," *Journal of Modern African Studies* 36, no. 2 (1998): 307-331.

[835] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 105.

[836] Doug Brooks, Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini, *Private Military and Security Companies – Ethics, Policies and Civil-Military Relations* (London: Routledge, 2008), 120.

[837] Barry Yeoman, "Soldiers of Good Fortune," *Mother Jones*, May/June 2003, 38 Цитиран во: Martha D. Beutel, *Buying Decline: The Privatization of Foreign Intervention*, PhD dissertation, University of Miami, 2012, 23.

[838] Tom Burt, "Cyber Mercenaries Don't Deserve Immunity," *Microsoft On the Issues*, December 21, 2020. Достапно на: https://blogs.microsoft.com/on-the-issues/2020/12/21/cyber-immunity-nso/. Пристапено на: 23.05.2023.

[839] Å. G. Østensen, "Implementers or Governors? The Expanding Role for Private Military and Security Companies within the Peace Operations Network," *International Community Law Review* 16, no. 4 (2014): 424–426.

[840] M. Duffield, *Global Governance and the New Wars: The Merging of Development and Security* (New York: Zed Books, 2001), 16.

iv. Инструментална природа и политичка предност на ПВБК

Приватизацијата е силно поддржана од разновидните услуги што органот на државната безбедност ги има акумулирано со текот на времето. Приватизирањето на секундарните задачи ќе ја подобри способноста на државата да ги извршува своите примарни функции. Аутсорсингот на несуштинските функции овозможува институцијата поефикасно да ги фокусира своите специјализирани капацитети на нејзините примарни должности.[841] Алтернативната теорија за безбедносна приватизација ги гледа ПВФ како претставници на приватни корпорации одговорни за спроведување на надворешната политика.[842]

Државите имаат значителна корист од флексибилноста што ја обезбедуваат ПВБК. ПВБК имаат дефинирана организациска структура, која им помага брзо да се движат низ процесите на носење одлуги и доста ефикасно да ги спроведуваат новите прописи. ПВБК имаат деловна структура која ги отсликува корпорациите од трговските правни друштва, вклучувајќи го управниот одбор или надзорниот одбор, или состаноците на акционерите. Со имплементирање на овие докажани деловни методи, ПВК се претвораат во издржлива структура способна да опстане во конкурентна средина на слободен пазар.[843] ПВК можат брзо да распоредат сили и да извршуваат различни должности, без одложувања предизвикани од политичките и бирократските процедури на одлучување. Научниците признаваат дека ПВБК се сметаат за вреден додаток на воените операции и се користат како дополнителен ресурс во воените и политичките стратегии на државата.[844] [845] [846] [847] Многу држави ја гледаат нивната инструментална природа како алатка која и овозможува на меѓународната заедница да ја надмине својата неспособност да го спречи конфликтот.[848] [849] Политичката цена која се плаќа за учество во некоја мисија е многу ниска за тие кои користат вакви компании. Ова е особено важно за мисии (како Ирак или Авганистан) кои ќе траат со години, што инаку би создало негодување кај домашната јавност.

ПВБК служи како инструмент на надворешната политика која им овозможува на државите да интервенираат во внатрешните работи на странските земји, притоа заобиколувајќи ги домашните и меѓународните контроли за употреба на сила.[850] [851]

---

[841] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 95.

[842] Алтернативниот приод за избегнување на политичка контрола, авторот го објаснува преку „планот Колумбија“. Повеќе во: P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 206-216.

[843] Dr. Wojciech Pałka, *The Awakening of Private Military Companies*, Warsaw Institute, Special Report, August 20, 2020, 4.

[844] Thomas Bruneau, *Patriots for Profit: Contractors and the Military in U.S. National Security* (Stanford, California: Stanford University Press, 2011), 37-38.

[845] C. Iris, *Armed Contractors on the Battlefield: Coordination Issues in Iraq between the US Military and Private Security Contractors*, Doctoral dissertation, Harvard University, 2009.

[846] George C. Lovewine, *Outsourcing the 'Global War on Terrorism': The Use of Private Military Companies to Supplement the United States Military*, PhD thesis, Swansea University, 2011, 6-12.

[847] Ulrich Petersohn, "Effectiveness of Contracted Coalitions: Private Security Contractors of Iraq," *Armed Forces & Society* 39, no. 3 (2013): 467–488.

[848] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998).

[849] P. Gantz, "The Private Sector’s Role in Peacekeeping and Peace Enforcement," *Refugees International Bulletin*, November 18, 2003.

[850] NOVACT, *The Invisible Force: A Comparative Study of the Use of Private Military and Security Companies in Iraq, Occupied Palestinian Territories and Colombia: Lessons for International Regulation* (2016), 65.

[851] Повеќе во: Sean McFate, *The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order* (Oxford University Press, 2014).

Целите на националната безбедност може да се постигнат без трошење време, политички капитал или формални одобрувања дома или на меѓународно ниво.[852] Сепак, контракторите можат да останат без поддршка со минимални политички последици.[853] Сингер го истакнува потпирањето на државата врз приватни актери како способност за остварување на нејзините стратешки цели. Слично на приватните корпорации на кои им е потребна експертиза во одредени области, секој клиент може да пристапи кон целиот опсег на воени вештини сè додека имаат финансиски ресурси. Сингер, исто така, укажува на промената во последните 50 години во начинот на кој гледаме јавно наспроти приватно, сугерирајќи филозофска промена што треба да се земе предвид во обновувањето на јавните услуги.[854]

Постоењето на приватна војска овозможува потенцијал за „надворешна политика преку прокси“, овозможувајќи и на владата да ги постигне своите цели без да инвестира средства или да преземе политички ризици поврзани со испраќање војници во далечни и опасни земји.[855] [856] Пример за ова е американското финансирање на програмата за обука на MPRI за хрватската војска.[857]

Иако случаите на борбена поддршка се ретки, обезбедувањето воена помош на кревките режими има стратешко влијание врз политичкиот и безбедносниот пејзаж на државите во кои работат ПВБК.[858] Употребата на ПВБК ја подобрува ефикасноста на ресурсите за државата и нејзиниот авторитет, олеснувајќи ги активностите на надворешната и безбедносната политика преку намалување на трошоците за политички ангажман.[859] Државите можат да користат ПВБК за да ја намалат јавната изложеност. Бидејќи ПВБК не се одговорни пред јавноста, потребно е повисоко ниво на контрола и глобален интерес во случај на смрт или нерегуларности. Контракторите се многу добар изговор и погодно решение за да се завршат „валканите“ или непопуларните работи. Тоа и овозможува на владата да ужива во успехот, но лесно да ја отфрли одговорноста ако работите тргнат лошо.[860] Жртвите на вработените во ПВК нема да ги предизвикаат истите политички проблеми како и смртта на вооружените сили на една земја.[861] Во режимските држави, ако лидерот на режимот е загрижен да се соочи со заканата и директен отпор од давател на сила, ПВК се сметаат за посигурна опција за инвестирање отколку државните војници. Во иднина, ПВК се очекува да биде главна движечка сила која ќе влијае врз одлуката за ангажирање.[862]

---

[852] Jon D. Michaels, *Beyond Accountability: The Constitutional, Democratic, and Strategic Problems with Privatizing War*, 82 Wash. U. L. Q. 1001 (2004), 1041.

[853] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 20. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[854] P.W. Singer, "*Privatization in Historical and Comparative Perspective*," paper presented at The Privatization of National Security, Middlebury College, Vermont, October 9, 2004, 14.

[855] David Shearer, "Outsourcing War," *Foreign Policy*, no. 112 (Fall 1998): 68–81.

[856] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

[857] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, “Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization,” *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 137.

[858] Christopher Kinsey, "Problematising the Role of Private Security Companies in Small War," *Small Wars and Insurgencies* 18, no. 4 (2007): 584–614.

[859] A. Henriksen, "*Principper for pragmatisme - perspektiver for forsvarets brug af private militære firmaer*," DIMS, 2008.

[860] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 96.

[861] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 81.

[862] Megan Lynn Becker, *To Build or To Buy: Understanding the Determinants of Security Privatization in Developing States*, PhD diss., University of California, San Diego, 2016, 82.

ПВК имаат јасна придобивка што не се поврзани со некоја конкретна држава или влада, без разлика на тоа кој ги договорил нивните услуги. Нивната главна цел е посакуваниот исход од мисијата. Тие се фокусираат строго врз дадената задача, ослободени од политички концепти. Овој услов обезбедува двојно позитивно влијание за субјектот што го ангажира ПВК. Од една страна, постои флексибилност во процесот на регрутирање и соодветната реакција на домашната јавност. Вработените во ПВК очигледно се водени од лични мотиви, без влијание од национална пропаганда или други фактори. Во тој контекст, јавното мислење на која било земја треба да биде отворено за вклучување приватни контрактори во борбена средина, наместо распоредувањето на националните вооружени сили, особено кога националните интереси на земјата не се директно поврзани со кампањата.[863]

Друг аргумент за прибегнување кон ПВБК е зголемената неусогласеност помеѓу зголемените политички цели во надворешната политика и притисокот за намалено воено присуство во земјата, со сродниот тренд за понатамошно напуштање на воената служба и регрутирање.[864] Друг аргумент за прибегнување кон ПВБК е зависноста од нив. Долгорочното аутсорсирање, намалување на персоналот и договори за поддршка на целосниот животен циклус за главните системи за оружје резултираа со недостаток од специјализирано знаење во вооружените сили за управување и користење софистицирана технологија. Вооружените сили станаа зависни од одредени услуги на ПВБК, додека и одбранбените производители сега распоредуваат персонал во конфликтните зони за да дадат поддршка во меѓународните операции.[865]

5.5.2. Недостатоци

Во однос на недостатоците делот од литературата го критикува влијанието што ПВБК го имаат врз политиките и практиките на нивните клиенти.[866] Кинси посочува дека практиката на овие „несуштински“ воени задачи е помалку спорна. Разликата помеѓу „суштинските“ и „несуштинските“ воени задачи е погрешна.[867] Други автори посочуваат дека еден од проблемите во однос на аутсорсингот на воените задачи е тоа што „суштинските функции“ не се соодветно дефинирани.[868] Линдер тврди дека иако ПБК се често меѓусебно поврзани со националните армии, тие остануваат приватна индустрија поттикнати од парични стимулации.[869] Нивното вклучување во евалуација на заканите, консултантски услуги и обука им дава на ПБК „епистемичка моќ“ да ги обликуваат ставовите и дискурсите за одредени прашања. Конкретно, тие ги обликуваат проблемите и поттикнуваат решенија, што ги прави ПБК да изгледаат

[863] Alex Kassidiaris, "*The Evolution of Force Privatization: Concepts, Perspectives and Challenges in the post-Cold War Era*" (2016).
[864] Anna van Oeveren, "*'Cry 'Havoc!' and Let Slip the Dogs of War': Regulating Private Military and Security Companies*," Published online: May 24, 2016.
[865] Andrea Schneiker and Elke Krahmann, "*Policy Paper on Private Military and Security Companies: Capacity Gained - Accountability Lost? Establishing a Better Political and Regulatory Framework*" (2016): 4.
[866] Åse Gilje Østensen, "In the Business of Peace: The Political Influence of Private Military and Security Companies on UN Peacekeeping," *International Peacekeeping* 20, no. 1 (2013): 33–47.
[867] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 101.
[868] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 81.
[869] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 808.

неопходни. Ова може да ги поткопа немилитаризираните решенија за воочените безбедносни ризици.[870]

Дополнително, Линдер го воведува терминот „вплеткување“ за да ја долови динамиката што се случува низ повеќе функционални домени, како на пример во разузнавањето. Како резултат на тоа, постои растечка експанзија на јавноста во доменот на приватните претпријатија. Оваа експанзија е тешко аналитички да се долови бидејќи јавните агенции не мора да се претставуваат себеси како јавни агенции, но работат на хибриден начин преку приватни фирми со договор.[871] Тоа е тоа што таа го нарекува „химеричка“ природа на разузнавачката заедница и тврди дека за да се проучи ова, има потреба да се фокусираме врз практиките за фаќање на актерите кои дејствуваат како јавни и приватни субјекти истовремено.

Тие, исто така, можат да направат да изгледа дека постои континуирана потреба за приватно обезбедување.[872] ПВБК имаат тенденција да се фокусираат на ублажување на заканите, а успехот на овие превентивни напори често е тешко за нивните клиенти да го проценат.[873] Бидејќи основните причини за заканите имаат тенденција да останат нерешени со овие превентивни безбедносни мерки, тие можат да создадат слика на континуирано непријателско опкружување.[874]

Друго големо обвинување со кое се соочуваат ПВК е дека тие ја влошуваат безбедносната ситуација во веќе пропаднати или кревки држави, па оттука ги влошуваат безбедносните прашања создавајќи проблеми за безбедносно владеење. Војните генерално се производи на овие војни и имаат цел искористување на повоените економии или ресурси на една држава за време на војна. Овие ПВБК им помагаат да ги постигнат овие злонамерни цели.[875] Сепак, ПБФ кои не успеваат да работат професионално, може директно да придонесат за насилство, како што беше прикажан инцидентот на Блеквотер на плоштадот Нисур во Ирак.[876] Понатаму, ПВБК имаат капацитет да бидат вклучени во логистика и поддршка, но не и во фазата на „реформа и развој“ на спроведувањето на реформите во безбедносниот сектор.[877] Неутралната оценка на литературата сугерира дека засега нема доказ дали контракторите се поевтини на кој било начин.[878]

Како и предностите така и недостатоците на ПВБК во однос на класичните вооружени сили се согледуваат низ различни призми. Подолу низ текстот ќе бидат објаснети сите недостатоци кои произлегоа од истражувањето.

---

[870] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 824.

[871] Anna Leander, "Understanding US National Intelligence: Analyzing Practices to Capture the Chimera," in *The Return of the Public in Global Governance*, eds. J. Best and A. Gheciu (Cambridge: Cambridge University Press, 2014), 198.

[872] Elke Krahmann and Leander, Anna, "Contracting and Security: Markets in the Making of MONUSCO Peacekeeping," *International Peacekeeping* 26, no. 2 (2019): 173–177.

[873] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 381.

[874] Elke Krahmann, "Beck and Beyond: Selling Security in the World Risk Society," *Review of International Studies* 37, no. 1 (2011): 368.

[875] J. Prado, "The Privatization of War: Mercenaries, Private Military and Security Companies (PMSC)," *The Global Research* (2010).

[876] Повеќе за акциите на Blackwater во Ирачката војна и политичките преговори во: Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007).

[877] Повеќе во: Sean McFate, "PMSCs in International Security Sector Reform," in *Routledge Handbook of Private Security Studies*, ed. Rita Abrahamsen and Anna Leander (New York City: Routledge, 2015), 118-127.

[878] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

i. Економски недостатоци

Истражената литература открива дека наводните предности во однос на трошоците, ефективноста и легитимноста се погрешни, бидејќи тие се само фасада што ја користат државите за избегнување на политичките одговорности. Сингер се повикува на истражувањето на Deloite & Touche на 1500 главни директори за да сугерира дека или пријавените заштеди се претерани или не се толку транспарентни. Според истражувањето, само 31% од испитаниците верувале дека аутсорсингот резултирал со значителни заштеди, додека 69% биле незадоволни од вкупните резултати од аутсорсингот".[879] Доказите не докажуваат дека употребата на ПВК заштедува пари. Недостатокот од целосна контрола и процена на воените договори, спречува да се направи систематска студија за исплатливоста на воената приватизација и аутсорсинг. Има причина да се верува дека аутсорсингот можеби не е рентабилен. Кога не се постигнуваат заштедите на трошоците и кога ризиците од очекуваните резултати се високи, како што е случајот со ангажирањето на ПБК, државите треба да останат надвор од бизнисот со ПБК.[880] Договорите често се доделуваат со ограничена конкуренција. Конкурентските фирми често се договараат, а долгорочните договори водат кон опортунистичко однесување, како што е намерно недоволно наддавање со намера подоцна да ја надоместат разликата. Некои договори дадени се врз основа на плус трошоци, според кои контракторите се мотивирани да ги зголемат трошоците.[881]

Со оглед на верувањето дека профитот е примарна цел на сите бизниси, малку е веројатно дека ПВБК ќе имаат приоритет на подобрување на нивните услуги доколку тоа ги загрози нивните финансиски ресурси и заработка. Таков е примерот со услугите на DynCorp во 2006 година.[882] Таквите корпорации се поверојатни, наместо да се обидат да продаваат помалку од висококвалитетни услуги за повисоки цени, додека ја користат нивната експертиза во односите со јавноста и маркетингот.[883]

ПВК се структурирани со примарна цел да генерираат комерцијален профит и не се обврзани да се придржуваат до етичките стандарди, правилата и прописите кои ги разликуваат вооружените сили на земјата и ги сметаат за единствени и одговорни. Платеничките сили имаат историја да бидат критикувани како опортунистички поединци кои имаат приоритет на профитот пред лојалноста кон каузата за која се борат. Затоа, нивното користење за национална или меѓународна безбедност е претерано бидејќи нивната главна должност е кон нивниот работодавец, а не кон нивната земја. Згора на тоа, бидејќи ПВК се организации водени од профит, постои ризик поединци со доволно пари да донесе ПВК на негова страна.[884]

На макро ниво, основното прашање со ПВК е тоа што тие функционираат врз основа на принципите на пазарната економија, слично како и сите други приватни компании. Оттука, тие ќе тргнат во акција само кога клиентите ќе ги побараат нивните

[879] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 157.
[880] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 190-191.
[881] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 83.
[882] R. de Nevers. "(Self) Regulating War? Voluntary Regulation and the Private Security Industry." *Security Studies* 18, no. 3 (2009): 507.
[883] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 157.
[884] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 83.

услуги и тие веруваат дека може да се постигне договор за соодветната цена или во готово или повремено во форма на концесии за природните ресурси. Како последица од тоа, ПВК нема да се вклучат во задачи на кои им недостасува финансиска компензација.

Проблеми со користењето на ПВК има и на микро ниво. Повеќето од нив се чини дека се поврзани со двосмисленият правен статус во кој функционираат ПВК. Регулирањето на употребата на нешто што ги прекршува меѓународните конвенции е внатрешен предизвик. Сè додека нивната употреба ги прекршува меѓународните конвенции, очигледно е тешко да се регулира таквата употреба. Затоа, платениците оперираат во „легална ничија земја“ без права или обврски.[885]

Се тврди дека некои земји ги обештетиле платениците и ПВК нудејќи концесии за минералните и нафтените ресурси кога тие не биле во можност да ги платат нивните услуги. Специјалниот известувач на ОН за платеници објави загриженост дека владите кои се соочуваат со внатрешни вооружени конфликти најмуваат безбедносни компании за да го вратат редот, но „немаат средства да платат за услугите на овие компании и мора да ги дадат тие големи концесии за минерални и нафтени ресурси кои имаат вреден дел од нивното национално наследство“.[886] Присуството на јасни финансиски стимулации и наводните врски со компании кои се во позиција да ги искористат можностите за природни ресурси не им помогнаа на ПВК да ја избегнат етикетата на платеник, дури и кога работат во интерес на државите на кои им служат.[887]

Платениците, исто така, можат да ги изневерат и своите работодавци. Тие се водени од профитниот мотив да иницираат и да продолжат војни. Ова вклучува играње на повеќе потенцијални клиенти еден од друг за да се поттикне недоверба што доведува до повеќе воени договори. Нерамнотежата на експертизата им овозможува на давателите на сила да ги злоупотребат клучните воени информации за да се влијае врз деловните одлуки на клиентот во корист на платеничките интереси. Друг вообичаен метод е класичната тактика на „shakedown“, односно уценување на нивниот клиент за повеќе пари во критичен момент. Со други зборови, продавање на клиентот на непријателот за поголем профит.[888]

ii. Тактички/оперативни недостатоци

ПВК имаат бројни оперативни недостатоци.[889] Тие водени се од профитот наместо од должноста, што резултира со пониско ниво на посветеност на мисијата во споредба со редовните воени членови. Нивниот персонал не е дел од воениот синџир на команда. Договорите не можат да го предвидат секое можно сценарио, а недостатокот од меѓународната регулатива на пазарот ја ограничува приспособливоста и го поткопува капацитетот на компанијата да се справи со непредвидени околности. На нивниот неборбен персонал им недостасува обука за подобрување на воените способности кога е потребно. Тие немаат одговорност, што го зголемува ризикот од попречување и тргување со тајни информации на клиент кој нуди повеќе финансиски

[885] Bjørn Møller, Privatisation of Conflict, Security and War, *DIIS Working Paper* 2005/2 (2005): 18.
[886] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 76.
[887] Sarah Percy, *Mercenaries: The History of a Norm in International Relations* (Oxford University Press, 2007), 217.
[888] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 35. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.
[889] P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004), 7-8.

средства. Изразен недостаток од безбедносна култура и одговорност за кршење на човековите права, кои се движат од повреди предизвикани при давањето услуги, до посериозни видови повреди кои имаат форма на воени злосторства (тортура, напади врз цивили).[890] Лојалноста на ПВК е врзана за тоа кој ја плаќа подобро, па може да ја смени страната во текот на конфликтот или едноставно да се повлече кога ситуацијата ќе стане непријатна.[891]

Дејвид Ширер[892] и Кристофер Спеарин[893] нагласуваат дека ПВБК може ненамерно да ги ескалираат непријателствата на чувствителните места бидејќи регионалните актери, без разлика дали се во воена облека или не, ги перцепираат ПВБК како непријателски натрапници или аутсајдери. ПВБК придонесуваат за влошувањето на конфликтите преку обезбедување помош на спротивставените страни во конфликтот.[894] Многумина тврдат дека политиката на воените лидери, нетериторијалната мрежна војна и новите војни од 1990-тите, се влошени од силите на пазарот.[895] [896]

Наведени се бројни обвинувања против ПВБК за неселективна и прекумерна употреба на сила против цивили, што резултираше со бројни цивилни жртви. Слични настани се случиле кога овој персонал бил ангажиран во услуги за поддршка од хуманитарен тип, вклучително и обезбедување конвои, персонал и простории. Кога вооруженият приватен безбедносен персонал соработува со воениот персонал, како што се државните армии или мировните операции на ОН, и употребува сила, тоа може да го компромитира принципот на разлика помеѓу цивилни и воени лица создавајќи конфузија за легитимните цели.[897]

Избегнувањето од страна на вооружените контрактори, преку непочитување на колатералната штета или неуспешна испорака на услуги, може да резултира со зголемено насилство во конфликт.[898] Лу Пингеот објаснува дека постојат „многу докази за екстремно насилство и навредливо однесување од страна на вработените во ПВБК во конфликтните зони“.[899]

Покрај тоа, контракторите не подлежат на наредби од командантите на бојното поле, бидејќи тие не се дел од воениот синџир на команда. Контракторите не можат да бидат принудени да учествуваат во битка, а нивното заминување е ограничено со

[890] Carlos Ortiz, *Private Armed Forces and Global Security: A Guide to the Issues* (Santa Barbara, CA: Praeger, 2010), 68.
[891] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 104.
[892] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 70.
[893] C. Spearin. "Private, Armed and Humanitarian? States, NGOs, International Private Security Companies and Shifting Humanitarianism." *Security Dialogue* 39, no. 4 (2008): 374.
[894] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 605-622.
[895] W. Reno, *Warlord Politics and African States* (Boulder, CO: Lynne Rienner, 1998).
[896] M. Duffield, *Global Governance and the New Wars: The Merging of Development and Security* (New York: Zed Books, 2001).
[897] United Nations, *Impact of the Use of Private Military and Security Services in Humanitarian Action*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/48/51, General Assembly, 2021, 13.
[898] Авторот ги опишува нарушувањата на човековите права и зголеменото насилство во Ирак од страна на контракторите низ различни случаи. Повеќе во: Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007).
[899] Lou Pingeot, *Dangerous Partnership: Private Military Companies & Security Companies and the UN* (New York: Global Policy Forum, 2012), 15.

нивните договори.[900] Работејќи надвор од воената команда и правда, вработените во ПВК не се обврзани да се изложуваат на ризик. Затоа, ПВК може да не се плашат да го суспендираат договорот ако ситуацијата стане премногу ризична, во финансиска или физичка смисла.[901] ПВК, кои вообичаено се на друго место и немаат релавантни меѓународни закони за спроведување, не се во опасност да се соочат со последици доколку тие или нивните вработени не ги исполнат договорните должности. Дополнително, дури и техничките проблеми може да доведат до завршување на операцијата на ПВК без воено образложение.

Работењето надвор од воениот синџир на командување резултира со ограничена координација со воените активности. Присуство на неборци и цивили овластени да ги придружуваат војниците во областа на операции претставува значаен предизвик за командантот на вооружените сили. Комплексноста се зголемува кога командантот е зависен од ПВК за да ја исполни својата мисија. Командантот е загрижен за потенцијалното губење на флексибилноста, што значително ги зголемува ризиците.[902] Најголемиот ризик за командантот е дека контракторот нема да биде достапен или подготвен да ги извршува своите должности кога ситуацијата ќе се влоши или ќе избијат непријателства.[903] Сингер ја нагласува разликата меѓу договорните работници и војниците, истакнувајќи дека работниците по договор имаат можност да поднесат оставка од своите позиции. Таквата слобода може да ја остави војската на цедило, како што се случило неколку пати во Ирак. Во периоди на интензивни насилство, бројни приватни фирми ги одложија, суспендираа или завршија своите операции, ставајќи голем стрес на американските трупи.[904]

Керолин Батка во својата студија посочува дека врската помеѓу војската и контракторите не е добро разбрана и дека може негативно да влијае врз способноста на војската ефикасно да ги извршува своите улоги. Во спроведеното истражување, учесниците опишале низа пречки при воспоставувањето кохезивни врски помеѓу контракторите и војската, вклучително меѓу организациски пречки, проблем со професионализмот, недостаток од заедничка комуникација и социјални споредби.[905]

Примарниот проблем со вооружените безбедносни контрактори, е недостатокот од координација што доведува до „пријателски оган“ помеѓу ПБК и војската. Овој проблем се влошува со фактот што не сите приватни контрактори за обезбедување носат лесно препознатливи униформи или картички за идентификација поради безбедносни причини. Затоа, не само на мултинационалните вооружени сили им е тешко да ги идентификуваат ПБК, туку и локалното население.[906]

---

[900] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 84-85.

[901] David Isenberg, *A Fistful of Contractors: The Case for a Pragmatic Assessment of Private Military Companies in Iraq*, BASIC, 2004.

[902] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 85.

[903] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 86.

[904] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

[905] Caroline Batka, Stefan Schilling, and Christopher Kinsey. "Examining the Positive and Negative Aspects of US Military/Contractor Bonds in the Operational Environment." *Journal of Political & Military Sociology* 48, no. 2 (2021): 135.

[906] Elke Krahmann and Cornelius Friesendorf, *The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations*, Directorate-General for External Policies of the Union Directorate B Policy Department Study, 2011, 25.

iii. Политички и правни недостатоци

Овој аргумент е поврзан со загриженоста дека на приватната безбедност и е потребен конфликт за да преживее. Исто како што автомобилската индустрија е загрозена од употребата на јавниот транзит, без војна нема потреба да се аутсорсираат воените функции.[907] Потпирањето врз услугите на ПВК ја намалува контролата на државата врз процесот на имплементирање на нејзините политички одлуки, кои конечно можат да добијат и воен исход.[908]

Еден од поважните недостатоци е правната нејасност на ПВБК. Тоа е така бидејќи законите на војната беа создадени за традиционалните војски. Правната положба на лицата вработени во ПВБК често е двосмислена, што доведува до несигурност во однос на нивните права и должности. Ова е предизвик и за персоналот на приватното обезбедување и за поединците околу нив. Ако тие не се наречани од владата, тие не се ниту борци, ниту неборци. Ова може да претставува сериозна опасност за луѓето. Ако непријателот ги фати, тие не ги исполнуваат условите за статус на заробеник и може да се соочат со егзекуција како незаконски борци или да бидат кривично гонети ако убијат некого. Оваа правна неизвесност ги зголемува и ризиците за безбедносниот персонал. Безбедносните формации како ПВБК, кои немаат дефинирана правна положба и не исполнуваат легитимна и демократски одговорна безбедносна улога за граѓаните, не се ефикасни во спречувањето конфликти и всушност можат да бидат извор на насилство“.[909]

Друго значајно прашање за ПБК е нивниот правен статус во рамките на постојното меѓународно право. Иако индустриските актери треба да ја споделат одговорноста, важно е да се биде внимателен при користење на ПБК бидејќи тие често работат во правен вакуум.[910] ПВБК се организации кои се екстремно недемократски по природа поради нивните правни нејаснотии и секое тврдење дека тие се реформатори на демократските институции може да се смета за нелегитимно.[911] Компаниите најчесто поседуваат транснационален профил, што создава нејаснотија пред кого одговараат и кој води контрола на нивното работење.[912] ПВБК ги заобиколува демократските процеси, носењето одлуки, отчетноста и проверките поставени од демократските држави, со што се поткопува самата демократија.[913]

Друг голем недостаток е во случаи кога ПВК склучува договор за ангажирање во замена за право на експлоатација на природните ресурси на земјата-домаќин и кога доаѓа до прелевање на активностите на оваа индустрија во други сектори. Всушност, ако секторите на експлоатација на руди, дијаманти или нафта се во голема мерка заслужни за ширењето на бизнисот на ПВК, сега доаѓа и до обратна ситуација, кога ПВК самите навлегуваат во ваквите сектори. Ова создава моќни групации во кои се споени економските, политичките и приватните воени елити. Така, за разлика од

[907] Joseph Runzo, "Benevolence, Honourable Soldiers and Private Military Companies: Reformulating Just War Theory," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. by Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 68.
[908] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 103.
[909] Maria A. Nebolsina, "Private Military and Security Companies: A Theoretical Overview," *Russia in Global Affairs* 17, no. 2 (2019): 97.
[910] Повеќе во: Steven Martin, *The United Nations and Private Security Companies: Responsibility in Conflict*, Yearbook on Humanitarian Action and Human Rights (2007): 90-108.
[911] R. Hall, *Reducing Armed Violence with NGO Governance* (London: Routledge, 2014), 201.
[912] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 101.
[913] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 212-215.

традиционалната закана за демократијата во вид на воено-индустриски комплекс (спој од капиталот, воената индустрија и политиката), денес воената димензија ја застапуваат главно ПВК.[914]

Понатаму, Патисон посочува дека приватизацијата на силата е фундаментално и инхерентно неетичка и дека ниту едно ниво на регулација не може да го регулира.[915] Голем дел од аргументите на Патисон се центрирани околу прашањата и загриженоста што тој ги има за мотивите, а не толку за намерите на тие луѓе кои го сочинуваат ПВК. Мотивите, како што тврди Патисон, се состојат од основните причините за правење нешто, додека намерите се цели.[916] Додека приватен контрактор може да има благородни намери, како што се заштита на невини или заштита на важни политичари и дипломати, мотивацијата зад овие намери се инхерентно неморални бидејќи тие целосно се засноваат врз идејата за заработка. Патисон го изнесува аргументот дека тие се неконтроверзни и општоприфатени, креаторите на политики треба силно да се одвратат од користење ПВК бидејќи тие не даваат никакви придобивки, но сепак доаѓаат со некои значајни морални предизвици.[917] За разлика од традиционалните вооружени сили кои се мотивирани од должноста, чувството за себе и посветеноста на националните идеали или мисии, мотивите од лични интереси на ПВК претставуваат значителни морални предизвици за креаторите на надворешната политика и начинот на кој државата ја оправдува воената акција.

Сингер забележува дека ПВК имаат тенденција да создаваат зависност меѓу своите клиенти, било да е тоа друга корпорација, приватен субјект или влада на некоја држава.[918] Зависноста може да доведе до различни проблеми. Прво, зголемената зависност од договори засновани врз перформанси, може да ги ограничи воените опции на владата поради прашања кои вклучуваат договорна двосмисленост и предизвик за дефинирање на резултатите од договорот. Второ, според теоријата на главниот агент, ПБК може да воспостави доминација над агенцијата што ја ангажирала. Трето, приватна компанија може да го напушти клиентот во критични моменти. Дури и ако ПБК не може намерно да го напушти својот клиент, може да се појави четврто прашање во врска со способноста на налогодавачот да најде замена доколку ПБК не го исполни својот договор.[919]

Друг сериозен проблем е недостатокот од транспарентност на ПВБК. Употребата на ПВК ја релативизира отчетноста и одговорноста за употребената сила или за индиректното инволвирање во конфликтната динамика. Досега важеше принципот дека државите се носители на одговорноста за актите на насилство сторени од нивните државјани надвор од сопствените државни граници. Сега, во ерата на приватизација, државата се ослободува од одговорноста за насилството или за злосторствата сторени од нивните државјани ангажирани во ПВК. Ова се нарекува „политика на веројатно одрекување" на одговорноста од државите.[920]

---

[914] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 104.
[915] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 427.
[916] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 433.
[917] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 435.
[918] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 96.
[919] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 159.
[920] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 104.

Постои вистинска загриженост во однос на транспарентноста, чесноста и почитувањето на човековите права на ПВК. Комерцијалните стимулации за воздржување од кршење на човековите права и за почитување на меѓународното хуманитарно право може да не бидат ефективни во странски земји со недоволен надзор и ако сторителите се уверени дека нема да бидат откриени.[921] Линдер предлага нивното високо ниво на софистицираност и врските со политичкиот естаблишмент да овозможат воените операции да останат незабележани од јавноста.[922] Контракторите ги прикриваат вистинските трошоци на војната. Нивните мртви не се вклучени во официјалниот биланс на загинати.[923] Додека националните влади се одговорни за активностите на нивните војници во мировните мисии, не постои конкретен субјект одговорен за потенцијално недолично однесување од страна на ПВБК.[924] Транспарентноста е од суштинско значење за одговорноста. Некои ја нарекуваат зависноста од приватните контрактори како „тактичка приватизација“ поради согледаниот „јаз во одговорност“, што може да се појави поради политичка корист.[925] [926]

Многу автори тврдат дека ангажирањето на ПВБК може да создаде предизвици бидејќи го намалува авторитетот што граѓаните во демократијата го имаат врз воените дејствија што ги спроведува нивната влада.[927] [928] [929] Демократската контрола врз воените сили кои функционираат во име на една држава е од клучно значење, што укажува дека државите генерално треба да се воздржуваат од вклучување ПВБК.[930] Демократската контрола над работењето на ПВБК треба да се воспостави преку неколку средства. Треба да се управува со активностите на компаниите, што вклучува надзор на функциите наведени во договорите на ПВБК. Второ, од клучно значење е да се оцени финансирањето преку ПВБК договори, осигурувајќи дека финансиерот ја разбира одговорноста за соодветното искористување на средствата од ПВБК за да се спречи каква било злоупотреба. Трето, контролата треба да се однесува на регулаторната усогласеност на ПВБК со индустриските норми и да обезбеди транспарентност во однос на прашањето на кого тие известуваат.[931] Приватизирањето

[921] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 84.
[922] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 614.
[923] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 86.
[924] Damian Lilly, "Privatization of Peacekeeping: Prospects and Realities," in *Disarmament Forum*, United Nations Institute for Disarmament Research, no. 3 (2000): 11.
[925] Frauke Renz, "Chapter 1: Introduction to Private Security Providers and State Responsibility," in *State Responsibility and New Trends in the Privatization of Warfare* (Cheltenham, UK: Edward Elgar Publishing, 2020), 3-4.
[926] Jon D. Michaels, *Beyond Accountability: The Constitutional, Democratic, and Strategic Problems with Privatizing War*, 82 Wash. U. L. Q. 1001 (2004), 1008.
[927] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 213-215.
[928] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 105-106.
[929] Повеќе во: Caroline Batka, "Cultural Aspects Facilitating and Hindering the US Department of Defense's Integration of Private Military Contractors," in *Total Defence Forces in the Twenty-First Century*, ed. Joakim Berndtsson, Irina Goldenberg, and Stéfanie von Hlatky (2023), 348-373.
[930] Повеќе во: Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 60.
[931] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 163.

на безбедносните и воените функции може да се смета како средство за заобиколување на демократскиот надзор. Меѓутоа, и во слабите и во силните држави, државните договори со ПБК го менуваат процесот со кој се креира безбедносната политика, ја прераспределуваат моќта и влијанието, а со тоа ја менуваат политичката контрола на силата.[932]

Сепак, ПВБК се тајни за нивните операции. Бруно тврди дека наидува на повеќе предизвици при собирањето веродостојни информации за работата на ПВБК. Прво, контракторите не се принудени да се придржуваат до прописите за транспарентност што владините агенции мора да ги следат. Националните мировни војници се одговорни пред нивните влади преку неколку начини. ПВБК се единствено одговорни пред нивните акционери. Второ, и покрај нивниот широк оперативен опсег, не постои единствена иницијатива за надзор на ПВБК. Трето, секој контрактор има широк оперативен опсег бидејќи може да работи во повеќе нации. Конфликтите во Авганистан и Ирак значително ја зголемија зависноста од контракторите, што претставува предизвик за контролата. Конечно, самите контрактори се многу таинствени поради нивната конкурентна природа.[933]

Иако може да биде оправдано за една организација да користи приватно обезбедување, широко распространетата безбедносна приватизација може да влее страв кај јавноста.[934] Видливите безбедносни мерки се зголемуваат поради согледаното непријателско опкружување, а не поради вистинското ниво на закана. Овој тренд може да доведе до зајакнувачки циклус на приватизација на безбедноста привлекувајќи ги тие кои имаат финансиски средства да ја купат. Дополнително, обезбедувајќи поголем заштитен капацитет за едната страна, ангажирањето на ПВК може да создаде безбедносна дилема (безбедносен парадокс), т.е. чувство на страв и небезбедност кај другата страна. На тој начин, спиралата на стравот и трката во вооружување може да ја засили динамиката на конфликтот. На тој начин, конфликтите се влошуваат, а профитот за ПВК расте.[935]

Инструменталниот пристап заснован врз ефективноста на ПВБК може да ги наведе државите да избегнуваат да ги користат, дури и ако тие се најефективната опција. Придобивките од продуктивноста од ангажирањето на ПВБК можеби не ги оправдуваат етичките грижи поврзани со нивното вработување.[936] Некои поединци се противат на употребата на ПВБК поради нивното согледано фокусирање на краткорочни цели наместо на долгорочна одржливост.[937] Тие даваат само краткотрајна стабилност во конфликтните зони, но не даваат решенија во однос на политичките, економските и социјалните причини за насилството.[938]

Кога ПВБК се вклучени во мировна операција, таа може да избере да ја спроведе на начин што ќе спречи повторување на насилството, со што ќе се обезбеди продолжување на работата.

---

[932] David Isenberg, "*A Government in Search of Cover: PMCs in Iraq*," paper prepared for conference, Institute for International Law and Justice, NY University School of Law, "Market Forces: Regulating Private Military Companies," March 5, 2007.

[933] Thomas Bruneau, *Patriots for Profit: Contractors and the Military in U.S. National Security* (Stanford, California: Stanford University Press, 2011), 112.

[934] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 74.

[935] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 104.

[936] Isaac Taylor, "Privatising War: Assessing the Decision to Hire Private Military Contractors," *Critical Review of International Social and Political Philosophy* 21, no. 2 (2018): 148-168.

[937] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 146.

[938] Билјана Ванковска, *Меѓународна безбедност: критички пристап* (Филозофски факултет, Скопје, 2011), 103.

Преголемото потпирање врз ПВК не само што ја намали ефикасноста на вооружените сили, туку претставува и закана за стабилноста и безбедноста на државата. Државите кои ангажираат ПВБК за нивните безбедносни потреби изложени на ризик да се соочат со организациски грешки и ограничувања на приватните корпорации. Ова беше соодветно илустрирано во пресрет на Олимписките игри во 2012 година, G4S, компанијата одговорна за обезбедување на олимписките локации, не обезбеди доволно персонал како што беше договорено, што доведе до тоа британската армија да распореди повеќе од 18.000 војници за помош. Иако британската армија ефикасно управуваше со ситуацијата, таа ја нагласува потребата за државно регулирана армија составена од граѓани-војници на долг рок.[939]

Спроведувањето на мирот и безбедноста е географски ограничено на интересите на купувачот и добавувачот, наместо за општо добро. Ана Линдер го нарекува овој необичен пристап кон безбедноста „безбедно покритие за швајцарско сирење“, во која фокусот се префрла од општото добро за безбедноста на приватните интереси, што резултира дел од територијата да остане ранлива и загрозена од бунтовничките трупи раселени од нивната првобитна локација. Начинот на функционирање на ПВК има јасни последици во безбедносната средина.[940]

Секогаш ќе има загриженост за односите на ПВК и ПБК со нафтените и рударските компании кои работат во беззаконските региони во светот во развој и за нивната потенцијална вмешаност како тајни застапници на западните влади. Користењето на ПВК и ПБК доаѓа со опасност од неповолен публицитет поради стигмата што им се придава. Понатаму, постојат ризици нивното учество да доведе до создавање приватни армии кои не се под државна контрола, одговорни единствено пред нивните клиенти, менаџери и акционери.[941]

Конечно, ПБК сè повеќе собираат разузнавачки информации и ги оценуваат другите операции на ПБК, што дополнително го намалува капацитетот за надзор на владите кои ги ангажираат.[942]

iv. Ерозија на државниот монопол на насилство

Научниците посветуваат големо внимание на ексклузивната контрола на државата врз употребата на сила. Водечките критичари ја окарактеризираа приватизацијата на силата како „аутсорсинг на суверенитет“[943] и предупредија за нејзините дестабилизирачки последици преку создавање реална или фиктивна побарувачка за пазарот на сила.[944]

Многу експерти се загрижени дека вработувањето на ПВК очигледно е во спротивност или ја доведува во прашање традиционалната ексклузивна контрола на

[939] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 243.
[940] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 617.
[941] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 83.
[942] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.
[943] Paul R. Verkuil, *Outsourcing Sovereignty: Why Privatization of Government Functions Threatens Democracy and What We Can Do About It* (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 23-46.
[944] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 605-622.

државата врз употребата на сила и во теоретски и во практична смисла.[945] [946] [947] Би било корисно да се проучат многуте перспективи и пристапи за оваа тема. Во дисертацијата тоа ќе биде опфатено во посебна глава. Научниците се загрижени за тоа како ПВК влијае врз односите меѓу државата и војската, бидејќи демократската контрола врз употребата на сила е клучна за самоуправување и индивидуална автономија.

За да може националната влада да ја обезбеди безбедноста на земјата, таа мора да ги ангажира и одржува воените сили на земјата. Активностите на контракторите се премногу клучни за да бидат делегирани на приватни компании водени првенствено од профит. Делегирањето на овие функции ја отстапува основната улога на владата, што претставува значителна загриженост за суверенитетот. Купувањето платеници би било еднакво на приватизација на националната безбедност, конфликти и војна. Ќе се појават прашања за легитимноста и на војската и на владата.[948] Аутсорсингот на безбедносните активности може да ги ослабне државните институции со пренасочување на средствата и привлекување квалификувани кадри во приватните компании наместо во вооружените сили или полицијата поради повисоките плати.[949] Други потенцијални недостатоци од приватизацијата вклучуваат долгорочно губење на експертизата во воените претпријатија поради аутсорсирање на основните задачи и соодветната загриженост дека ако вештините се изгубат од јавниот сектор, тие нема да бидат лесно обновени во иднина.[950]

Употребата на приватни воени контрактори од страна на владата ја нарушува деликатната рамнотежа на клаузевицското тројство меѓу владата, војската и народот. Единството во рамките на тој модел зависи од концептот дека примената на вродената воена моќ на нацијата треба да остане контролиран монопол на државата.[951] Еволуцијата на ПВК го отежна разликувањето помеѓу професионалните воени трупи кои служат на нивната земја и контракторите кои имаат приоритет на профитот пред моралните обврски. Воената професија е единствена затоа што ја зачувува експертизата на нацијата за употреба на организирано и контролирано насилство. Овие сетови од вештини фундаментално ја разликуваат војската од сите други професии, бидејќи не постои компаративна комерцијална услуга со таа на воената моќ на нацијата. Воената моќ на една нација се применува само врз формалната насока на владата.[952]

ПВБК придонесуваат за комерцијализација на безбедноста, што доведува до пораст на приватизацијата на безбедносните служби, што резултира со тоа што

---

[945] Simon Chesterman and Chia Lehnardt, eds., *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 1-7.
[946] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 425-447.
[947] Sarah Percy, *Regulating the Private Security Industry* (1st ed.; Routledge, 2006).
[948] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 82.
[949] Elke Krahmann and Cornelius Friesendorf, *The Role of Private Security Companies (PSCs) in CSDP Missions and Operations*, Directorate-General for External Policies of the Union Directorate B Policy Department Study, 2011, 23.
[950] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 138.
[951] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 82.
[952] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 83.

безбедноста станува повеќе луксуз достапен само за тие кои можат да си ја дозволат.[953] Ова може да доведе до непријателство во локалните заедници и да ги засили конфликтите во хуманитарниот простор, а истовремено да ги нагласи празнините во материјалното богатство.[954] ПВБК имаат тенденција да промовираат широка употреба на видливи безбедносни мерки и физички да ги одделат своите клиенти од потенцијалните закани. Методите на бункеризација создаваат перцепција на недоверба кај надворешниот свет и им сигнализираат на локалните заедници дека организацијата првенствено се занимава со заштита на сопствениот персонал.[955] Безбедносните празнини може да послужат како визуелен симбол на разликите во политичката моќ, што покажува дека контракторите се приоритетни над локалните заедници.

Ана Линдер е многу повеќе загрижена на епистемичкиот аспект на ПВК, имено нивната способност да влијаат и да ја обликуваат безбедноста.[956] Авторот тврди дека договорите и даваат прекумерна политичка власт на ПВК. ПВК играат сè поголема улога во обезбедувањето клучни информации кои влијаат на одлуките за тоа дали нешто е безбедносна грижа или не.[957] На некој начин, ПВК се внесуваат во политиката и во процесите на донесување одлуки поради нивните технички способности за собирање разузнавачки информации и анализа. ПВК влијаат на борбените активности преку нивното креирање безбедносни предизвици. Претставниците на ПВК, бидејќи имаат корпоративен карактер, имаат способност да користат неконвенционални методи, како што се: рекламирање, кампањи и лобирање за да влијаат врз законодавството, за разлика од традиционалниот воен персонал. На пример, додека би било критикувано доколку воен генерал се обиде да влијае врз политичката одлука, меѓународната асоцијација за операции за стабилност (ISOA) не се соочи со никакви ограничувања кога иницираше кампања за залагање за интервенција во Дарфур.[958] ПВК имаат способност да влијаат врз политичкото одлучување преку обезбедување безбедносно разузнавање на владата, што може да се смета како поткопување на државниот суверенитет и демократскиот процес поради нивните врски со политичкото опкружување и овластувањето да генерираат знаење.

v. Човечки (персонален) фактор

Рунзо смета дека „персоналот на ПВК не е соодветен за градење мир и е, во најдобар случај, слаб во создавањето мир“ и „не треба да служи во офанзивни борбени улоги“. Ова гарантира дека воената интервенција, без разлика дали е јавна или приватна, ограничена е на морално оправдани причини следејќи ја деонтолошката етика специфирана во меѓународното право.[959] Појавата на ПБК како безбедносен актер

[953] Elke Krahmann and Leander, Anna, "Contracting and Security: Markets in the Making of MONUSCO Peacekeeping," *International Peacekeeping* 26, no. 2 (2019): 176.
[954] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 77.
[955] Elke Krahmann and Leander, Anna, "Contracting and Security: Markets in the Making of MONUSCO Peacekeeping," *International Peacekeeping* 26, no. 2 (2019): 173–177.
[956] Anna Leander, *Eroding State Authority: Private Military Companies and the Legitimate Use of Force* (Rome: Centro Militare di Studi Strategici, 2006), 19.
[957] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 811-813.
[958] Anna Leander, "Chapter 3: Regulating the Role of Private Military Companies in Shaping Security and Politics," in *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies*, edited by S. Chesterman and C. Lehnardt (New York: Oxford University Press, 2007), 51.
[959] Joseph Runzo, "Benevolence, Honourable Soldiers and Private Military Companies: Reformulating Just War Theory," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. by Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 67-68.

со нелегитимна власт за употребата на насилство во меѓународниот систем како резултат од безбедносната приватизација преку глобализацијата е загрижувачко прашање за теоретичарите.

Клучните особини на воениот професионалец вклучуваат послушност кон надреден авторитет, почитување на етичките стандарди, високи морални и општествени вредности и неоспорна лојалност кон државата. Професионалците ангажирани од ПВБК не ги споделуваат сите овие карактеристики, па затоа нивниот степен на професионалност не може да се поистоветува со тој на припадниците на војската. Персоналот на ПВБК може да поседува етичко однесување и високи морални стандарди, но сепак тие не покажуваат потчинетост на државата и „немаат посебна лојалност кон државата“.[960]

Главната критика на вработувањето во ПВК е дека приватните воени сили може да имаат несоодветен поттик за вклучување во војна, а тоа е финансиска добивка. Друг недостаток е мотивацијата на приватните контрактори. Контракторите првенствено се мотивирани од финансиски стимулации. Стремежот за финансиски профит ги тера ПБК и нивните вработени да учествуваат во потенцијални „неправедни“ војни, при што обврската на ПБК трае само онолку долго колку што е договорот.[961] Исто така, кај ПБК изостанува делот на патриотизам. Патисон тврди дека приватните контрактори мора да ја проценат праведноста на каузата и методите употребени за нејзино промовирање и треба да се вклучат во борба само ако се сигурни дека и двете се легитимни.[962] Патисон тврди дека приватните контрактори наидуваат на поголеми морални ограничувања отколку обичните војници во контекст на војување. Тој заклучува дека војните што се водат од ПВБК ќе вклучуваат поголем пример на погрешно постапување од страна на поединци, врз основа на фактичката претпоставка дека повеќето војни се неправедни.[963] Се постапува прашањето, дали поединците се повеќе насочени кон недолично однесување кога работат во приватен бизнис отколку додека работат за државата, и дали државата се впушта во погрешно постапување со ангажирање ПВБК кој може да направи погрешно дело? Патисон е против користењето на ПВБК поради полошиот третман што го добиваат нивните договорни приватни војници во споредба со редовната војска. Тој го забележува слабото досие што го имаат ПВБК во грижата за своите вработени.[964] Познато е дека тие се подложени на измамнички и нечесен третман.[965] Дополнително, вработените често не добиваат еквивалентни државни бенефиции како редовните војници.[966]

Коди тврди дека вработените во ПВБК имаат уникатни мотивации што предизвикуваат морална загриженост за нивното учество во војни. Фактот дека овие поединци првенствено се мотивирани од финансиска добивка, што предизвикува сомнеж за делата на персоналот на ПВБК во војна во споредба со активностите на војниците кои можеби имаат благородни намери. Ако поединците првенствено се водени од финансиски стимулации, тие би можеле да бидат помалку ефикасни од обичните војници.[967] Државата што користи ПВБК наместо редовна армија, може да

[960] James Burk, "Theories of Democratic Civil-Military Relations," *Armed Forces & Society* 29, no. 1 (2002): 22.
[961] James Pattison, "Just War Theory and the Privatization of Military Force," *Ethics & International Affairs* 22, no. 2 (2008): 144-146.
[962] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 49-57.
[963] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 182-183.
[964] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 109.
[965] Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007), 245-273.
[966] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 107.
[967] C.A.J. Coady, *Morality and Political Violence* (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 214-215.

згреши кога се спротивставува на овие погрешни дејствија, дури и кога употребата на ПВБК би ја зголемила ефикасноста на воените операции.[968]

Шрајер и Капарини посочуваат дека „профитниот мотив и нефлексибилноста на договорите и персоналот, исто така, придонесуваат за нивниот недостаток на посветеност на крајните цели на воената мисија“.[969]

Друго прашање се однесува на демографскиот состав на ангажираните контрактори. ПВБК се водени од пазарните сили и затоа се мотивирани да ангажираат контрактори со потребната експертиза. Иако минималните барања варираат од компанија до компанија, повеќето регрутирани контрактори се од земјите во развој.[970] Де Неверс тврди дека различниот состав на приватните милиции ги прави сè повеќе да личат на платеници, за кои таа верува дека треба да бидат забранети. Различното потекло на приватните контрактори може да влијае врз нивните вредности и како тие функционираат во конфликтните зони.[971]

Друг нагласен недостаток е недостатокот на лична одговорност, што покажува дека ПВК се помалку одговорни од воениот персонал. Контракторите се ризични бидејќи тие често не се придржуваат до принципот на најмала можна употреба на сила, туку многу брзо се вклучуваат во вооружен инцидент. Соработката меѓу националната армија и таквите организации не само што директно ја загрозува безбедноста на војниците, туку и ја влошува перцепцијата на локалното население за сите вооружени сили во областа. Наместо контракторите да придонесат за успехот на операцијата, тие го загрозуваат. Се нагласува потребата да не се генерализираат сите контрактори. Многу поединци успешно и професионално си ја вршат работата.[972] Дополнително, дури и ако ПВК се придржуваат до договорот, некој од нивните вработени може да си заминат.[973]

5.6. Услуги кои ги извршуваат ПВБК и анализа на работата на контракторите вработени во екстрактивната индустрија

Значењето на оваа точка од дисертацијата е посебно важна поради тоа што допира во работата на ПВБК. Во овој дел јас само го истакнувам фактот дека ПВБК работат во тесна врска со мултинационалните корпорации вклучени во екстракцијата на ресурси и експлоатацијата на странски труд и земјиште. Едно од главните истражувачки прашања кое беше поставено при самото истражување е што всушност прават ПВБК на теренот? Дискусијата се движи од веќе познатите активности до некои специфични не толку познати детали. Самата точка е комбинација од теорија и пракса. Покрај достапната литература што беше истражена, во текстот вклучени се и оригинални искази од припадници-контрактори кои беа интервјуирани. Самата точка добива на тежина бидејќи ги опфаќа секојдневните задачи, функции и активности што ги извршуваат ПВБК. Ова е важно бидејќи голем дел од нив се совпаѓаат со задачите,

[968] C.A.J. Coady, *Morality and Political Violence* (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 218.
[969] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 46.
[970] Renée De Nevers, "Private Security Companies and the Laws of War," *Security Dialogue* 40, no. 2 (2009): 175.
[971] Deborah D. Avant and Renée De Nevers, "Military Contractors & the American Way of War," *Daedalus* 140, no. 3 (2011): 88-99.
[972] Erik Kopač, Maj Fritz, and Maja Garb, "Vojaška privatizacija in Slovenija," *VARSTVOSLOVJE* 16, no. 3 (2004): 253.
[973] Federico Gallo, *Private Military Corporations: Evolution, Threats and Opportunities of the Phenomenon in Contemporary Geopolitical Scenario*, Department of Political Science, LUISS, Academic Year 2019-2020, 13.

функциите и активностите што ги извршуваат припадниците од регуларните армии. Со други зборови, акумулираното искуство од армиите применето во контракторската работа. Тој спој претставува еден мост кој директно влијае врз одлуките за одлив на професионалните кадри. По поминати 10 или 20 години во армиските кругови, стекнатото знаење и искуство многу лесно може да се префрли во ПВБК поради истите, односно сличните функции кои се извршуваат.

Како што беше напомнато клучното прашање што треба да се одговори е што всушност прават ПВБК? Прашањето е важно бидејќи треба да се анализира пред почетокот на секоја систематска анализа поврзана со военото аутсорсирање. Прашањето е важно бидејќи истакнува и што не прават ПВБК. Прашањето влијае и ја обликува и нашата перспектива за истите компании.

Пред да преминеме на реалната теренска работа што ја извршуваат ПВБК ќе одговориме на прашањето за кого ја извршуваат. Краткиот одговор на прашањето е за државите, за меѓународните организации, невладините организации, за терористички групи како и за поединци. САД и Велика Британија се водечки во таа улога. Сепак, одбранбените институции на незападните влади во земји, како: Русија, Кина, Турција и Саудиска Арабија брзо го фаќаат чекорот и воспоставуваат блиски врски со различни ПВК за да ги промовираат своите цели во конфликтните зони ширум светот.[974] Секоја мултилатерална мировна операција спроведена од ОН во 1990-тите беше започната со помош на ПБК.[975] Денес, ПВБК се вклучени во мисиите на ОН за заштита на персоналот, депонирање експлозиви и обновување на вооружените сили на „слабите“ земји.[976] Ова укажува дека ПВК имаат капацитет да извршуваат голем број мировни функции.[977] Сингер посочува дека ПВФ станаа „овозможувачи на помош“, а ПВФ гледаат на невладиниот сектор како нивен потенцијален следен пазар за договори.[978] Шон Мекфејт посочува дека сите платеници, како што ги нарекува ПВК, можат да обезбедат услуги како што се: обука, одбранбени услуги, стратегиско извидување, и директни акции.[979] Сепак, обезбедувањето консултантски услуги или обука е легитимно според меѓународното право, но обезбедувањето борбени услуги не е.[980] Фактичките докази од повеќе конфликтни зони го поддржуваат тврдењето дека постои совпаѓање во извршувањето различни воени функции. Еден од најпознатите примери за вклученоста на ПВК во мировни операции е учеството на компанијата Executive Outcomes, во граѓанската војна во Сиера Леоне.[981]

---

[974] Mark Galeotti, "*Moscow's mercenaries reveal the privatisation of Russian geopolitics*," OpenDemocracy, August 29, 2017. Достапно на: https://www.opendemocracy.net/en/odr/chvk-wagner-and-privatisation-of-russian-geopolitics/. Пристапено на: 17.11.2023 година.

[975] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 153-154.

[976] Sabelo Gumedze, "*From Market for Force to Market for Peace: Private Military and Security Companies in Peacekeeping Operations*," Institute for Security Studies, 2011.

[977] Oldrich Bures, "Private Military Companies: A Second-Best Peacekeeping Option?" *International Peacekeeping* 12, no. 4 (2005): 539–540.

[978] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 82.

[979] Повеќе во: Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 10-11. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[980] United Nations, *Recruitment, including predatory recruitment, of mercenaries and mercenary-related actors,* Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination. General Assembly, A/HRC/54/29, 2023, 7.

[981] David J. Francis, "Mercenary Intervention in Sierra Leone: Providing National Security or International Exploitation?" *Third World Quarterly* 2, no. 2 (1999): 319–338.

На прашањето каде ги извршуваат своите задачи? Краткиот одговор е насекаде на земјината топка. Литературата ги идентификува следниве земји: Нигерија, Демократска Република Конго, Ангола, Сиера Леоне, Сирија, Јемен, Либија, Венецуела, ЦАР, Мозамбик, Авганистан, Ирак и Украина како најсвеж пример. Секоја од наведените земји може да биде истражувана како студија на случај, со сите предности и недостатоци од употребата на ангажирањето приватни безбедносни актери.

ПВБК поседуваат глобален карактер и огромна моќ. Првично фокусирани врз заштита на идеалите на цивилниот безбедносен сектор, со тек на време започнаа да извршуваат и одредени воени функции. Денешните ПВБК се разликуваат од платениците кои се појавуваа во војните на деколонизација во 20-от век. Денес, тие летаат хеликоптери Ми-24 Хинд, имаат тенкови Т-72, вооружени патролни чамци и уште многу друга софистицирана опрема. Од нив можете да изнајмите извршување на специјални операции, а во сајбер-просторот има дури и платеници, познати како „hack-back“ компании.[982] Субјектите обично вклучуваат лична безбедност, воена обука, безбедносни советувања, техничка поддршка за операцијата и одржување воена опрема, набавка, посредување за воена опрема, овозможување експлозивно вооружување, логистичка поддршка за воени операции и бази, како и собирање разузнавачки материјал и анализа.[983] Во основа, не постојат приватни компании за безбедност кои се специјализирани само за одредени задачи, туку услугите кои ги нудат испреплетени се во зависност од побарувањето на пазарот и способностите на компаниите да се приспособат на пазарните потреби.[984]

Најголемата примена на приватните компании се согледува во логистичкиот дел. Како што нагласува Керолин Батка државите се зависни од ПВБК за низа логистички улоги и задачи. Тие вклучуваат многу функции за основна поддршка, како што се: ресторани, хигиенски услуги, перални, домување, санитарија, управување со отпад, поштенски услуги, градежништво, одржување и поправка на објекти. Тие се аутсорсирани бидејќи армиите немаат човечка сила или можности тоа да го направат сами.[985]

Понатаму, ПВБК обезбедуваат широк спектар од услуги, како што се: дипломатска и реконструктивна поддршка, деловни операции, обновување воени и безбедносни активности.[986] Дополнително, тие обезбедуваат услуги кои се движат од „заштита на луѓето (вклучувајќи воен персонал, владини службеници и други цели со висока вредност), чуварски објекти“ до „придружба на конвои, кадровски контролни

[982] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 9. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[983] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 127-128.

[984] Оливер Бакрески, *Контрола на безбедносниот сектор* (Скопје: Аутопринт Т.А., 2012), 101.

[985] Наведениот случај се однесува на зависноста на САД од ПВБК. ПВБК ги поштедиле припадниците на службата од „огромен спектар на секојдневни задачи од сортата на лупење компири и чистење на тоалети што ја дефинираа војската од ерата на Втората светска војна“. Зависноста на Министерството за одбрана за време на војната во Авганистан беше огромна. Во северната половина на Авганистан, LOGCAP обезбедува операции и одржување на преку 1.500 нетактички возила, 1.800 генератори, 7.500 објекти и над 40 ресторани кои обезбедуваат преку 4 милиони оброци месечно. Дополнително, LOGCAP обезбедува, на месечна основа, над 42 милиони галони вода и 19 милиони галони гориво и обработува над 150.000 вреќи алишта. Повеќе во: Caroline Batka, "Cultural Aspects Facilitating and Hindering the US Department of Defense's Integration of Private Military Contractors," in *Total Defence Forces in the Twenty-First Century*, ed. Joakim Berndtsson, Irina Goldenberg, and Stéfanie von Hlatky (2023), 356-357.

[986] Nils Rosemann, "*Code of Conduct: Tool for Self-Regulation for Private Military and Security Companies*," Geneva Centre for Democratic Control of the Armed Forces, Occasional Paper No. 15 (2008).

пунктови, обука и советување на безбедносните сили, како и испрашување затвореници.“[987] [988] [989]

Дополнително, современите ПВБК се справуваат со широк опсег на задачи, од борбени мисии до испорака на хуманитарна помош, до опремување и управување со беспилотни летала.[990] Тие управуваат со високотехнолошки машини, се справуваат со логистика и обезбедуваат воена обука. Контракторите се неопходни во модерното војување. Во иднина тие ќе се зголемуваат и нема да управуваат само со народните кујни.[991] На пример, познатата компанија „ArmorGroup“[992] нуди воена обука, логистичка и безбедносна поддршка, изготвување геополитички анализи и превенција од ризици и закани, преку индустриска соработка и производството. Компанијата ги вклучува владините потреби и потребите на комерцијалните потрошувачки пазари.[993]

Понатаму, приватните фирми го проценуваат ризикот врз основа на потенцијалното влијание што заканата би го имала врз целта, наместо веројатноста за појава на закана како што тоа го прават јавните агенции.[994] Така, иако колективниот ризик од тероризам е занемарлив, ПВБК сè уште може да го претстават како висок личен ризик за нивните клиенти врз основа на нивните активности и нивниот недостаток од индивидуална заштита. Понатаму, ПВБК имаат за цел да ги убедат своите клиенти да ја ублажат секоја потенцијална ранливост на ризици. Тие се фокусираат врз минимизирање на ризикот, притоа признавајќи дека „нулта ризик“ не постои.[995] Со други зборови, приватните фирми препознаваат многу поширок спектар од закани и го зголемуваат нивното чувство за ризик, дури и ако нивоата на закани во нивната непосредна околина се прилично скромни. Тие често обезбедуваат безбедност со создавање физички пречки и вработување чувари за заштита на клиентите од потенцијални закани. Тие го прават тоа затоа што тој пристап го промовира користењето на нивните сопствени одбранбени услуги.[996]

Според информациите добиени од Работната група на ОН, компаниите за екстракција склучуваат договор со ПВБК за да обезбедат широк опсег на „традиционални“ безбедносни функции, како што се: процени на ризик и мерки за превенција, обезбедување простории, обезбедување транспорт на екстрактивни материи и спроведување обука за безбедност за персоналот за екстракција на самото место.

---

[987] Emanuela-Chiara Gillard, "Business Goes to War: Private Military/Security Companies and International Humanitarian Law," *International Review of the Red Cross* 88, no. 863 (2006): 525-526.

[988] N. J. Maogoto and B. Sheehy, "Contemporary Private Military Firms Under International Law: An Unregulated 'Gold Rush'," *Adelaide Law Review* 26, no. 2 (2006): 5.

[989] Повеќе во: Jaap De Waard, "The Private Security Industry in International Perspective," *European Journal on Criminal Policy and Research* 7, no. 2 (1999): 145.

[990] Berenike Prem, "Who Am I? The Blurring of the Private Military and Security Company (PMSC) Category," in *Security Privatization*, eds. Oldrich Bures and Helena Carrapico (Cham: Springer International Publishing, 2018), 51-79.

[991] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 65.

[992] ArmorGroup International е британска компанија која обезбедува приватно обезбедување. Основана е во 1981 година и истата котираше на Лондонската берза до 6 јуни 2008 година (истата беше купена од G4S во април 2008 година).

[993] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 25-26.

[994] Elke Krahmann, "Beck and Beyond: Selling Security in the World Risk Society," *Review of International Studies* 37, no. 1 (2011): 364.

[995] Elke Krahmann, "Beck and Beyond: Selling Security in the World Risk Society," *Review of International Studies* 37, no. 1 (2011): 365.

[996] Lou Pingeot, *Dangerous Partnership: Private Military Companies & Security Companies and the UN* (New York: Global Policy Forum, 2012), 13.

Екстрактивната индустрија, исто така, суштински поврзана со прашањето за пристап до земјиштето. Историски гледано, стратегиите кои вклучуваат воени и економски методи се користени за да се обезбеди пристап до земјиштето. Воената стратегија вклучува различни стратегии за добивање природни ресурси, како што се: директно освојување, инвазија и тајно војување. Економскиот пристап има за цел да пристапи до територија преку економска конкуренција. Иако овие пристапи варираат, тие често работат заедно за да обезбедат безбедност преку обука на јавни или приватни армии, спроведување разузнавачки служби или продажба на воена опрема. Во некои ситуации, корпорациите за екстракција и безбедносните актери соработуваат за да ја потиснат опозицијата и да ја наметнат својата контрола врз земјиштето богато со природни ресурси преку репресија на локалните заедници, вклучително и домородните народи.[997]

За овие цели, компаниите за екстракција склучуваат договор со меѓународни или локални ПВБК, со можно дополнително склучување поддоговор. Приватниот воен и безбедносен персонал обично не е овластен да носи или користи огнено оружје или боева муниција, иако се чини дека многумина се опремени со несмртоносно оружје, како што е солзавецот.[998] Сепак, во направените интервјуа, контракторите нагласија дека припадниците со себе носат лично вооружување при извршувањето на секојдневните задачи. Тоа лично вооружување се состои од автоматска пушка и пиштол, а од опрема носат заштитен елек – панцир.

Пред да преминам на опис на еден работен ден на вработен контрактор во екстрактивната индустрија, односно обезбедување нафтени полиња во Ирак сакам да напомнам дека во интервјуата се среќаваат три подгрупи испитаници. Тие подгрупи се: статично обезбедување ископ на нафтено поле или меѓу нив наречен како „риг“, статично обезбедување имот каде што живеат и работат контракторите или пак богати поединци и мобилно обезбедување, односно пратители/телохранители на клиентите (сопственици, инженери, директори, купувачи итн.) кои извршуваат работни задачи во зоната на операции или се дојдени во посета. Исто така, важно е да се напомни дека голем дел од статичното обезбедување е вработено од локалното население. Причината е финансискиот фактор (платата) што е потврда на претходно изнесените теориски аргументи.

Во следниот дел ќе бидат изнесени изворни информации од интервјуираните лица. Во нив ќе бидат опфатени улогите и одговорностите на лицата кои работат како контрактори (менаџер за безбедност, надгледувач на стража, стражар (чувар), менаџер за безбедност на „риг“ (SSM), ВИП обезбедување, лидер на тим.

Мисијата на менаџерот за безбедност е да ја заштити физичката и менталната состојба на клиентите во секое време, притоа овозможувајќи им флексибилност и слобода при вршење на операциите на „риг“ со минимални нарушувања и на интегриран начин. Улога и одговорности на менаџерот за безбедност се:

- тактичко командување, контрола и координација на безбедносните операции на проектот,

[997] United Nations, *Relationship between Private Military and Security Companies and the Extractive Industry from a Human Rights Perspective*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/HRC/42/42, General Assembly, 2019, 7.

[998] United Nations, *Relationship between Private Military and Security Companies and the Extractive Industry from a Human Rights Perspective*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/HRC/42/42, General Assembly, 2019, 8.

- контрола на ротација на смени и одржување оперативна техничка и комуникациска опрема,
- присуство на состаноци со менаџментот, решавање на сите безбедносни прашања, посети, итн.,
- дневни рутински активности, распореди, планови и ресурси за испорака и извршување безбедносни операции,
- изготвување распореди за смена и за одмор за персоналот,
- управување и водење на обуката на самото место во согласност со задолжителните програми за обука и координација на сите дополнителни барања за обука кои се бараат според условите на лиценцата за работа и регулативите на нафтените полиња,
- одржување и надгледување на целата опрема и други материјали поврзани со испораката на проектот на „риг“,
- сметководство и обезбедување безбедно складирање и издавање оружје и опрема доделени за самиот проект,
- имплементација и спроведување на стандардните оперативни процедури (СОП),
- постојано оценување и надзор на безбедносните сили на локацијата,
- учество во итни случаи и координирање на безбедносните сили при наидување разни безбедносни предизвици.

Должности на надгледувач на стражата (Guard Supervisor) се:

- контрола и менаџирање на стражарите,
- редовно информирање на менаџерот за безбедност.

Опремен е со лично вооружување и носење опрема во зависност од степенот на ризик и одлуката на менаџерот за безбедност. Најодговорен за стражарите и нивно правилно работење и извршување на должностите.

Улогата на стражарите е набљудување на околината. Тие се одговорни за безбедноста на локацијата притоа почитувајќи ги правилата кои важат и се однесуваат исклучиво за таа локација. Тоа се однесува на заштита и одбрана на персоналот. Должноста треба да се разбере дека се однесува на заштита и одбрана, а не на напад и уништување лица и имот. Во случај на конфликтни ситуации се преземаат мерки за брз и правилен одговор за да не дојде до ескалација на ситуацијата. Стражарите поседуваат и носат лично вооружување и опрема во зависност од степенот на ризик и одлуката на менаџерот за безбедност. Стражарската служба функционира 24 часа, каде стражарите се ротираат на различни позиции за време на нивните периоди кога се дежурни, се со цел да нема запоставување на должноста. Во тие 24 часа, функционираат и сили за брза реакција кои се во готовност, а исто така се предвидува време за обука и одмор.

Менаџерот за безбедност на „риг“ (Site Security Manager-SSM) или меѓу контракторите наречен ССМ, е една од позициите кои најмногу ја извршуваат интервјуираните лица. Тој ја извршува должноста во смени од 12 часа, по потреба и подолго. Должноста му започнува од 07.00 часот наутро со проверка на радиоврска со база, односно со проект-менаџерот. Се повикува надгледувачот (супервизорот) на стража за да му се издадат задачи кои треба да се завршат во текот на денот. Голем дел од нив се стандардни процедури, а останатото се произлезени активности. Негова должност е да го известува менаџерот за безбедност на „риг“ за сите воочени недостатоци (проверка на врски, опрема, спроведување на СОП, обука итн.). Во текот на денот, одговорноста на менаџерот за безбедност на „риг“ се намалува, односно неговото време е предвидено за прием на лица кои се одговорни за работата на ригот, лица од највисок ранг на корпорациите за нафтените полиња како CNPC (China National Petroleum Corporation), Лукоил, British Petroleum. Тој им извршува соодветен брифинг за безбедносната ситуација и околината, ги информира за планот за евакуација и сите

процедури доколку дојде до нивно загрозување. Во меѓувреме ги одржува врските со проект-менаџерот и со пријателските сили кои се разместени во околината.

Исто така, постои и тим/група, односно центар за безбедност, контрола и координација чија функција е итно реагирање и помош на единиците кои се занимаваат со безбедност на територијата опфатена како нафтено поле. Процесите се одвиваат сукцесивно во текот на денот се до 19.00 часот навечер каде се врши целосно безбедносно обезбедување и затворање на безбедносниот појас на локацијата, односно блокада на местото за влез и излез. Самото движење по целата област е ограничено од самата влада во државата, контролирано со голем број полициски пунктови за контрола на движењето на патиштата. По 19.00 часот, менаџерот за безбедност на „риг“ испраќа извештаи за сработеното во текот на денот (документи за обука, бројна состојба, вонредни известувања, промена на локации итн.)

Во однос на функцијата на вработен како ВИП обезбедување претставува лично обезбедување лица кои не се државјани на Ирак. Тоа е задолжителна пракса. Службата ја извршуваат како тим формиран од најмалку две групи со минимум две возила и со најмалку двајца луѓе (возач и командир, возач и заменик командир). Често формацијата брои и три групи во зависност од тоа колку клиенти се транспортираат.

Лидерот на тим должноста ја започнува најчесто рано наутро во зависност од потребата на клиентите кои треба да се транспортираат. Секогаш е подготвен еден час порано од времето за тргнување. Извршува брифинг со членовите од тимот кои се од локалното население, подигнуваат вооружување, средства за комуникација, вршат преглед на опремата и вршат планирање на маршрутите за движење. Неговата ангажираност е секојдневна, со што времетраење на една негова задача/мисија е околу 12 часа, односно од 04.00 часот наутро до 17.00 часот попладне. По враќање од мисијата се врши чистење на вооружувањето и опремата и нивно враќање во магацините. Лидерот на тим поднесува извештај за сработеното во текот на денот (маршрути на движење со километража, воочени безбедносни предизвици, предлози итн.) и завршува со прием на нови задачи за следниот ден.

Во однос на храната и водата како и условите за сместување организирано е од приватна компанија за таа намена. Истата им ја доставува на дневно ниво согласно потребите.

Важно е да се напомни дека при извршувањето на која било функција најважно е почитувањето на Правилото за употреба на сила (Graduated Force Response (GFR) - Rules of Use of Force) и документот Voluntary Principles[999], документ кој ги задоволува меѓународните права за употреба на безбедносните компании и нивна заштита, односно ефектот дека се формирани само за заштита на приватни компании и никако поинаку. Исто така, важно е да се напомни дека контракторите не ги употребуваат воените правила на војување (Rules of Engagements – ROEs) бидејќи според нив тие биле агресивни.

Понатаму, во табелата направен е превод на правилата кои треба да ги почитуваат контракторите.

[999] Повеќе за иницијативата и принципите: www.voluntaryprinciples.org Пристапено на: 07.06.2023.

Graduated Force Response – Rules for the Use of Force
Ниво 0 – Нормален оперативен став
Без разлика дали се работи за мобилни или статични операции, процедурите за GFR започнуваат со процени на ризик и закани пред задачата, евалуација на тековните информации на заканите за опкружувањето и специфичната област, маршрутата и заканите директно релевантни за мисијата во текот на денот. На пат или на статична безбедносна позиција, евалуацијата продолжува со постојана визуелна инспекција на околината и првична евалуација на потенцијалните закани врз основа на визуелни набљудувања во контекст на информациите за заканите прегледани при планирањето пред задачата. Овој чекор природно се јавува како постојано одржување на свесноста за ситуацијата и фокусирање абнормалности или сомнителни активности.
Ниво 1 – Физичко присуство
Физичкото присуство генерално реагира на потенцијална закана или ризик само со прикажување на присуство: **Зголемување на персоналот.** Зајакнување на присутните бројки за да се обиде да спречи ескалација. Треба да се преземе процена за да се осигури дека пристапот на силата во бројки нема да ја направи ситуацијата понестабилна во моментот на инцидентот. **Заштита на возилото.** Ова може да биде преку позиционирање на следењето и/или водечкото возило на позиции за проверка за да се заштити клиентот што го носи возилото од воочената закана. Предупредувачките сигнали може да се користат и на возилата на ирачки, арапски и англиски јазик за да им кажат на другите учесници во сообраќајот да се држат одзади.
Ниво 2 – Вербални и звучни сигнали
Доколку проценатa на потенцијална закана опстојува надвор од првичната процена и физичкото присуство, вооружените и овластените лица треба прво да применат видливи и звучни сигнали за предупредување или деескалација. Персоналот мора да биде внимателен, да дозволи доволно време и простор да реагира со смртоносна сила во самоодбрана доколку намерата стане неизбежна. Несмртоносните мерки го вклучуваат следново: • **Визуелните сигнали** се користат за да се привлече вниманието на осомниченото возило или лице. Овие визуелни сигнали може да бидат сигнали со рака и рака или сигнални знаменца; • **Звучните сигнали** вклучуваат извикување предупредување или користење на сирената на возилото. Визуелните и звучните сигнали ќе се користат само со реално очекување да бидат видени и разбрани од лицата на кои им сигнализираат.
Ниво 3 – Несмртоносна употреба на сила (Empty Hand Force)
Несмртоносна употреба на сила, односно неупотреба на оружје. Соодветно е да се одбрани од физички напад или да се спречи обид за неовластено насилно влегување во имотот што се чува. Друг пример би била техника како што е заштита на клиентот и користење на човечкото тело за да се протурка низ толпата или во која се создава простор помеѓу вработениот/консултантот и/или клиентот и потенцијалната закана. Во некои околности може да биде неопходно ограничување на поединец или други за кои се верува дека претставуваат закана.

Ниво 4 – Средно оружје (Intermediate weapons)

Средното оружје не е огнено оружје и може да биде опрема како палка/ноќно стапче, или дури може да се состои од употреба на апарат за гаснење пожар, т.е. прскање апарат за гаснење CO2 за да се користи неговиот шум и празнење за да се создадат отвори во кои ќе се избегне потенцијалниот ризик или закана или во која да се стекне контрола над некоја ситуација. Употребата на такво оружје ќе биде ограничена на заштита на животот или имотот кога другите средства на законска сила, или несоодветни или недостапни. Во согласност со општите правила за употреба на сила, несмртоносно оружје ќе се користи само кога е разумно неопходно и ќе биде разумно по интензитет, времетраење и големина.

Ниво 5 – Закана од смртоносна сила

Заканата од смртоносна сила вклучува покажување на оружјето и демонстрација на намерата да се употреби оружјето доколку е принуден за заштита на животот и како одговор на закана што напаѓачот (или напаѓачот) се поставува врз живот. Ако се согледа ризик, тоа може да биде преку внимателно испукување на гумата од возилото или моторот на возилото за да се запре возилото.

Предупредувачкиот истрел е чекор подалеку од мавтањето и во ретки околности може да биде соодветното, минимално ниво на сила за да се запре заканата. Можеби е соодветно во тоа време да се покаже намера користејќи предупредувачки истрели, меѓутоа, предупредувачките истрели носат ризик за невините случајни минувачи и потребно е големо внимание да се насочи во безбедна насока доколку се користат. Како законска и практична работа, предупредувачките истрели се смртоносна сила и треба да се третираат како такви. Безбедноста бара да се знае целта и што е надвор од неа, бидејќи лошата цел или рикошет може да предизвика повреда или смрт на напаѓачот или случаен минувач.

Ниво 6 – Смртоносна сила

Смртоносна сила ќе биде точката во која се користи огненото оружје. Смртоносна сила може да се користи само во околности на самоодбрана или одбрана на други од непосредна закана од смрт или сериозна повреда, или за да се спречи извршување на особено сериозно кривично дело кое вклучува сериозна закана врз животот. Смртоносната сила треба да се користи само како последно средство и треба да биде разумна по интензитет, времетраење и големина врз основа на севкупноста на околностите за да се спротивстави на заканата. Кога се користи огнено оружје, истрелите треба да бидат насочени кон центарот на телото на целта при што ќе се користи само потребниот број куршуми за да се минимизира ризикот за другите. Мора да се преземат сите разумни мерки на претпазливост за да се избегнат повреди на секое лице кое не се смета за закана врз животот, на пример случајни минувачи.

Приведување напаѓач

Ако напаѓачот биде уапсен, тогаш треба да се почитуваат следниве правила:

- секој напаѓач треба да се третира хумано и тоа не вклучува никакво мачење или малтретирање,
- не убивајте или повредувајте кој било уапсен персонал,
- сите ранети и повредени мора да бидат третирани подеднакво, без разлика дали тие биле напаѓачот или не,
- секое лице кое ќе биде приведено веднаш треба да биде предадено на локалната полиција.

За крај, може да заклучиме дека задачите што ги извршуваат контракторите во екстрактивната индустрија во Ирак, се во целост или слични како и задачите што ги извршувале претходно во армиските или полициските кругови. Претходно стекнатото искуство го применуваат во приватниот сектор, пред сè поради финансиски причини. Исто така, со себе пробуваат да го пренесат и легитимитетот што го уживале претходно, работејќи посветено, обезбедувајќи високо ниво на професионализам во вршењето на функциите.

6. ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ВОЈНАТА

Како што беше наведено во воведот и во хипотетската рамка на дисертацијата, фокусот на влијанието од ПВБК врз регуларните државни вооружени сили е во предизвиците што контракторите ги поставуваат. Поконкретно, врз одливот на професионални воени кадри. Една од главните цели за структурите за управување со човечки ресурси и за водачите на вооружените сили е да го задржат целиот неопходен персонал, како во однос на квалитетот, така и во квантитет, за да се исполнат оперативните барања и да се исполнат потребните способности. Задржувањето на воениот персонал е од суштинско значење за одржување на моралот и подготвеноста на единицата, како и за намалување на трошоците за регрутирање, обука и замена на работна сила. Целта е да се задржат луѓето како највреден ресурс на една организација.

Постојаниот раст на ПВБК предизвика загриженост за неговото потенцијално влијание врз политиката, имено како ПВБК може да влијае врз државните политики. Мекој ја нагласува загриженоста, наведувајќи: „присуството на таквите високо организирани, добро поврзани и великодушно финансирани организации, како што се: Халибартон, Блеквотер и Меѓународната асоцијација за операции за стабилност (ISOA), поттикнаа некои научници и коментатори да се запрашаат дали воениот аутсорсинг може да доведе до несоодветно работење на ПВБК и да влијае врз политиките за национална безбедност“.[1000] Застапниците за користење ПВБК за подобрување на јавната безбедност честопати занемаруваат да го проценат нивното влијание врз политичките процеси и институции.

Приватизацијата на војната би имала значителни последици во сите сектори. Загриженоста се јавува поради правната и моралната одговорност, недостатокот од транспарентност и фактот дека ПВБК го еродираат монополот на насилство. Дејвид Ширер, забележува дека присуството на ПВК може „да ја наруши деликатната рамнотежа меѓу политичките лидери на земјата и нејзината војска, која може да го смета вработувањето надворешна сила како показател за сопствен неуспех“.[1001]

Од друга страна, приватните компании можат да им помогнат на полициските и воените власти во обезбедувањето заштита на лица и места. Сепак, неприфатливо е кога тие даваат такви услуги. Како што производството и работењето на воените услуги продолжуваат да се глобализираат, приватизацијата почнува да го нарушува националниот суверенитет. Според тоа, во случај на безбедносен аутсорсинг, делегирањето на јавните овластувања за принуда на ПВК претставува трансфер на суверенитет, а не трансфер на одлуки.[1002]

Зголемената способност за пропорционален одговор, заедно со реорганизација на националните вооружени сили, резултира со трета последица од приватизацијата, односно дихотомија на идна војна. Од една страна ќе имаме војни со ограничени или неограничени цели, водени од национални држави, најверојатно во рамките на коалиција. Војните ќе се водат кога виталните или важни интереси на нациите се загрозени или кога заканата се смета за неизбежна и значајна. Спротивно на тоа, ќе се соочиме со конфликти кои ќе бидат приватизирани. Приватизацијата може да биде едностран или мултилатерални (две или повеќе од инволвираните страни), а може да биде и делумна и целосна. Во овој последен случај, националните вооружени сили ќе соработуваат со приватни воени контрактори на „комбиниран“ начин.

[1000] Katherine E. McCoy, "Beyond Civil-Military Relations: Reflections on Civilian Control of a Private, Multinational Workforce," *Armed Forces and Society* 36, no.4 (2010): 686.
[1001] David Shearer, *Private Armies and Military Intervention* (London: Oxford University Press, 1998), 68.
[1002] Paul R. Verkuil, *Outsourcing Sovereignty: Why Privatization of Government Functions Threatens Democracy and What We Can Do About It* (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 80-81.

Растечкиот транснационален пазар на сила сега постои заедно со системот на држави. Авант го карактеризира овој пазар како менување на државната контрола на насилството со воведување нови алатки за контрола дури и кога ги еродира другите. Дополнително, промените во механизмот за контрола на насилството поради приватизацијата, исто така, повлекуваат отстапки за недржавните субјекти. Наместо едноставно префрлање на влијанието од владите на пазарите и граѓанското општество, приватизацијата на безбедноста најверојатно ќе предизвика промени во секоја од нив, отворајќи го патот за нови институционални иновации и интензивирање на меѓународните промени.[1003] Силните држави кои ангажираат приватни фирми со пензиониран воен персонал треба да ги задржат воспоставените професионални норми за да создадат средина каде што е помала веројатноста аутсорсингот да ја промени значајната интеграција на силата со општествените вредности".[1004]

Покрај дискусијата за контролата на силата, голем дел од литературата се осврнува и врз легитимитетот на силата. Научниците сметаат дека легитимниот авторитет треба да има морално значење. Тоа е суштинската компонента во севкупната правда на војната. За моралната важност на легитимната власт, постојат две централни причини, и тоа: можност за регулирање на војувањето и олеснување на демократската контрола врз употребата на сила. Употребата на ПВК ги поткопува двете.[1005] Приватниот воен сектор го ослабува државниот авторитет со поткопување на легитимитетот на тие кои користат сила и ги пренасочуваат ресурсите на националната одбрана од суштинските воени операции извршени од униформирани војници.[1006] Управувањето и одржувањето две посебни структури е тешко за државната власт. Пренасочувањето на ограничените јавни ресурси од националната армија ја поткопува војската, политички и економски.

Понатаму, приватизацијата на војувањето веројатно се очекува да го зголеми јазот меѓу војниците и цивилите и да ја деградира врската со општеството. Учеството на воените контрактори во војната ја менува врската помеѓу нацијата и чинот на жртвување. Овие компании претставуваат безбедносен ризик поради нивните високи плати кои ги привлекуваат многумина во службата да им се приклучат, со што се намалува ефикасноста на нивните армии. Овој процес Патинсон го нарекува одлив на мозоци („brawn drain").[1007] [1008]

Приватизацијата на крајот ќе резултира со комерцијализација на војувањето. Војувањето ќе значи бизнис со сите негови импликации. Воените компании генерално се мотивирани од профитот и првенствено се одговорни пред нивните акционери. Финансиските загуби може да ја поттикнат компанијата да се повлече од активноста, а со тоа да ја загрози нејзината цел, без оглед на стратешките или политичките фактори.

[1003] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 153.

[1004] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 81.

[1005] James Pattison, "Just War Theory and the Privatization of Military Force," *Ethics & International Affairs* 22, no. 2 (2008): 150.

[1006] James Pattison, "The Legitimacy of the Military, Private Military and Security Companies, and Just War Theory," *European Journal of Political Theory* 11, no. 2 (2012): 131-154.

[1007] Christopher Spearin, "A Justified Heaping of the Blame? An Assessment of Privately Supplied Security Sector Training and Reform in Iraq - 2003-2005 and Beyond," *In Military Advising and Assistance: From Mercenaries to Privatization: 1815-2007*, edited by D. Stoker, 1st ed. (London: Routledge, 2008), 224-238.

[1008] James Pattison, "Deeper Objections to the Privatization of Military Force," *The Journal of Political Philosophy* 18, no. 4 (2010): 425-447.

Приватизацијата на воените функции ги изложува доверливите информации и знаења за националната безбедност, што е загрижувачко. Некои тврдат дека користењето ПВБК претставува проблем за воените капацитети и го пренасочува знаењето од вооружените сили. Приватните контрактори обично се подобро платени од нивните колеги вработени во државниот безбедносен систем.[1009] Специјалистичкото знаење се трансформира во приватизирано знаење, со што се загрозува државниот авторитет, па дури и потенцијалната државна безбедност.[1010] ПВБК претставуваат добро организирана и добро обучена вооружена сила со силна воена структура. ПВК претставува директен воен предизвик за суверенитетот на националните држави бидејќи директно се натпреваруваат во воениот домен и имаат монопол на вооруженото насилство.

Понатаму, конкурентниот потенцијал на ПВК на ова поле расте од година во година. Современите влади се обидуваат да го регулираат работењето на ПВК поради заканата што ја претставуваат. Се носат закони за регулирање на активностите на ПВК, внесувајќи ги како феномен и чинител на воени и безбедносни активности во националното правно поле. Сепак, практичното искуство покажува дека правните рамки се многу условени и може лесно да се заобиколат кога е потребно.[1011]

Приватизацијата и комодификацијата на насилството доведува до создавање приватен безбедносен пазар кој е далеку под државна контрола. Државниот надзор над приватниот безбедносен сектор е ограничен поради нивната моментална ослабена позиција во однос на моќта. Државата нема ексклузивна контрола во ангажирањето на ПБК или ПВК и нема увид во нивната внатрешна работа. Создавањето на ПБИ ја приватизира суверената функција на приватните субјекти, зголемувајќи ја моќта, контролата и влијанието врз државата, дури и кога овие субјекти работат во име на државата. Линдер тврди дека искористувањето на давателите на ПБИ „има тенденција да ја консолидира приватната контрола врз насилството“ бидејќи безбедноста ја претвора во незаменлива стока. ПБК и ПВК може да се гледаат како изнудувачи кои ја стимулираат потребата за нивните услуги генерирајќи страв од ранливост само преку нивните постапки. Ова води кон воспоставување приватно насилство и го зацврстува присуството на приватизираната безбедносна индустрија како постојана компонента на меѓународниот систем. Потпирањето на ПБК „ги менува капацитетите на државите да одлучуваат кој има право на каква сила и какви одлуки ќе бидат спроведени“.[1012]

Односите на ПВБК со нивните матични влади и мултинационалните корпорации (МНК) може да сугерираат форма на модерен колонијализам. Прво, ПВБК се со седиште во моќни западни земји и постојат имплицитни врски помеѓу ПВБК и нивните матични влади, кои владите ги користат ПВБК како застапници во надворешната политика. Пример, највисокиот кадар на MPRI претежно е составен од пензионирани американски воени лица, а компанијата е специјализирана за давање услуги потребни за американската влада. Второ, МНК често користат ПВБК за да ги обезбедат нивните операции со природни ресурси во нестабилни региони каде владата домаќин не е во состојба да го одржува редот и законот. МНК кои ги контролираат и ресурсите на

[1009] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.
[1010] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 17.
[1011] A. V. Manoilo and A. Ya. Zaytsev, "International Legal Status of Private Military Companies," *Herald of the Russian Academy of Sciences* 90, no. 1 (2020): 54.
[1012] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI*, February 2003, 6-9.

владата и ефективниот безбедносен инструмент добиваат поголема моќ над владата-домаќин.[1013] [1014]

Холкмвист посочува дека големото потпирање врз приватната безбедност може дополнително да ги ослабне слабите држави на три начини: (а) преку создавање лажна слика за безбедноста на краток рок, што ја нарушува правилната процена на безбедносните потреби, (б) со нерамномерна распределба на безбедноста меѓу населението и (в) преку попречување на развојот на легитимни и функционални државни институции.[1015]

Многу експерти и читатели се прашуваат зошто ПВБК не се целосно забранети и покрај нивните негативни ефекти што ги носат со себе. Тие не се целосно регулирани и работат во сива зона ширум светот. Зошто едноставно не се донесе конвенција за нивна целосна забрана? Шрајер и Капарини наведуваат дека целосната забрана може да има други негативни ефекти. Тоа може да претставува неоправдано мешање во индивидуалната слобода. Целосната забрана, исто така, може да ги остави легитимните, но слаби и оспорувани влади без потребната поддршка, особено ако меѓународната заедница не е во состојба или не сака да обезбеди каква било поддршка. Тоа може негативно да влијае и врз домашната и регионалната стабилност.[1016] Сепак, претходно беше споменато дека иако некои можат да ги искористат предностите од нив, други може да се соочат со последиците.

Овој дел ги анализира ефектите на приватизацијата на војувањето преку три потточки, и тоа: појавата на пазарот на воени и безбедносни услуги и неговото влијание врз националните одбрани, односот јавна и приватна безбедност, односно промената која е настаната со приватизацијата, како и ефектите врз воената професија и армиите како централен фокус.

Понатаму во главата ќе бидат аргументирани следниве тези: ПВБК имаат ефект врз државните капацитети на државата, ПВБК се квалификуваат како јавни агенти на државата и затоа се продолжение на политиките на владите, и помошните хипотези: одливот на персонал влијае врз преструктурирањето на Армијата, одливот на персонал влијае врз борбената готовност на Армијата, погрешните политики го зголемуваат одливот на персонал од Армијата и Армијата има постојана потреба од асистенција во делокругот на работа.

6.1. Однос јавна-приватна безбедност

Концептот на приватизација бара прво да се идентификува разликата помеѓу јавниот и приватниот сектор. Во модерната ера, јавната сфера вообичаено се однесува на државата, додека приватната сфера, кореспондира со тоа што се развива надвор од неа.[1017]

Некои научници веруваат дека воената приватизација не треба да се гледа како слабеење на државната моќ и суверенитет, туку како компонента на поголеми општествени, политички и економски промени во управувањето. И покрај нивните

[1013] S. Brayton, "Outsourcing War: Mercenaries and the Privatization of Peacekeeping," *Journal of International Affairs* 55 (2002): 310, 327.
[1014] Oldrich Bures, "Private Military Companies: A Second-Best Peacekeeping Option?" *International Peacekeeping* 12, no. 4 (2005): 542.
[1015] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 12.
[1016] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 119.
[1017] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 23.

силни страни, многу студии за приватизацијата на безбедноста во меѓународните односи најчесто се потпираат врз јазот јавно/приватно, што е значително ограничување. Важно е да не се гледа воената приватизација како самостоен настан поврзан главно со завршувањето на Студената војна и воените институции, туку да се гледа оживувањето на приватната безбедност како компонента на пошироките социјални, економски и политички трансформации во глобалното и локалното владеење. Неуспехот на државата и колапсот на државата претставуваат едни од главните закани за меѓународната безбедност во 21 век.[1018] Владите на овие земји го губат монополот на организирано насилство и немаат територијална контрола и капацитет да спроведуваат правила.[1019]

Некои истражувања веќе дојдоа до заклучок дека разликите меѓу „приватниот“ и „јавниот безбедносен сектор“ се сè побезначајни. Преку нивното истражување, Бејли и Шиаринг откриј дека безбедносните институции станаа комбинирани на нов начин, правејќи да биде тешко одвојувањето на јавната безбедност од приватната безбедност. Користејќи го терминот „мултилатерализација“, функцијата „безбедност“ во иднина ќе припадне на четири поголеми групи: комерцијални компании за безбедност, невладини групи што дејствуваат како нивни сопствени обезбедувачи, или сопственичка безбедност, индивидуи, или самозаштита и владини сили што обезбедуваат дополнителна заштита, со дополнителна работа и платени услужни активности. Бидејќи овие состојби продолжуваат да се случуваат, границата меѓу приватниот и јавниот сектор ќе станува се понејасна, правејќи се потешко да се одвојат традиционалните јавни полициски сили од нивните приватни колеги.[1020]

Јавната перцепција е дека безбедноста претставува јавно добро кое треба да го обезбедува државата наместо приватни компании, што значи дека безбедноста не треба да зависи од пазарот. Кога владата ангажира ПВФ, тоа обично укажува дека националната војска првично не успеала да ги изврши сопствените безбедносни одговорности.[1021] Линдер тврди дека појавата на ПБК го префрли центарот на моќта од државно-јавно на приватен пазар, а во подлабока анализа од политичката во воената сфера. До овој заклучок доаѓа низ логичен тек од три чекори. Прво, таа прифаќа дека ПБК имаат доволно моќ да ја обликуваат безбедносната агенда. Последователно, ПБК може да го обликуваат пејзажот во кој дејствуваат играчите, а со тоа и нивните интереси. Овие два чекори ги нарекува столбови со епистемска моќ. Конечно, акцијата на ПБК доведе до милитаризација на безбедносното размислување и дебата (структурна моќ на ПБК).[1022]

Холмквист го нагласува значењето на традиционалната државна структура, наведувајќи дека: „Вклученоста на приватниот сектор во голема мера е симптоматична за слабоста на државата и неуспехот на државата да обезбеди физичка безбедност за

[1018] United Nations, *A More Secure World: Our Shared Responsibility. Report of the High-level Panel on Threats, Challenges and Change* (New York: United Nations, 2004).
[1019] Robert I. Rotberg, ed., *State Failure and State Weakness in a Time of Terror* (Washington, DC: Brookings Institution Press, 2003), 1–25.
[1020] Brian Johnson, *Principles of Security Management* (New Jersey: Pearson Prentice Hall, 2005), 419-420. Цитиран во: Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 160.
[1021] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 197.
[1022] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.

своите граѓани преку воспоставување функционални институции за ред и мир“.[1023] Сингер остро забележува дека ПВФ ја нарушуваат „цивилно-воената рамнотежа“.[1024]

Прашањето е што ПБК го попречуваат воспоставувањето на легитимни и функционални институции на државата со преземање на нивните функции.[1025]

Сепак, денес сме сведоци на трансфер на голем дел од државните функции кон приватниот сектор. Делегирањето на владините функции, односно овластувања на приватниот сектор не се едноставни одлуки за трансфер. Тие се одлуки кои потенцијално го пренесуваат суверенитетот. Тие треба да обезбедат правичност на индивидуално ниво и на политичко ниво. Веркуил нагласува дека дебатата јавно наспроти приватно, претставува медитација за уставните вредности.[1026]

Интеракцијата помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор бара посебен фокус. Таа врска особено се истакнува кога станува збор за поврзување во единствен систем за безбедност. Современите глобални текови на приватната безбедност, ја покажуваат тенденцијата дека границата помеѓу јавната и приватната безбедност постепено се губи и се отстапува местото на економски оправданото и строго контролираното јавно-приватно партнерство.

Во приватизацијата на воените служби, истакнат е концептот на таканаречената Јавно-приватно партнерство (ЈПП). Моделот нуди можност за привлекување приватен капитал и е клучен во приватизацијата на воените служби. Тој делува како посредничка функција помеѓу комплетниот аутсорсинг на услугите што се среќаваат во радикалните модели на приватизација и државните набавки кои се наоѓаат во поограничените модели.[1027] Креаторите на јавните политики првенствено имаат за цел да ги зголемат безбедносните одговорности на приватните компании преку ЈПП, кои се појавија како особено популарна опција во последната деценија. Идејата за ЈПП првично беше развиена во 1980-тите за административна реформа за да се намали бирократијата во јавните служби и да се поттикне приватизацијата. Подоцна беше искористен за заштита на критичната инфраструктура во 1990-тите. Беше претставен како начин да се намали ранливоста на виталните системи на нови безбедносни закани со мала веројатност, но сепак со високи последици. Од 11 септември, ЈПП станаа сè попопуларни до тој степен што јавните службеници ги опишаа како трета нога во антитероризмот, заедно со разузнавањето и надзорот (или технологијата).[1028]

За да се разбере поврзаноста помеѓу јавната и приватната безбедност, неопходно е да се спротивстават конвенционалните поими за безбедност со современите толкувања кои ја земаат предвид пазарната динамика и нивното влијание врз употребата на насилство. Професионализацијата на националните воени сили ги промени цивилно-воените односи и развојот на ПВК, оддалечувајќи се од употребата на насилство од страна на редовните војници. Употребата на ПВК ја нагласува

[1023] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 11.
[1024] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 191.
[1025] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 11.
[1026] Paul R. Verkuil, *Outsourcing Sovereignty: Why Privatization of Government Functions Threatens Democracy and What We Can Do About It* (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 81.
[1027] Sebastian Marx, "Privatization in the European Security Politics - The sector of military services," *Research Unit EU Integration*, 2007, 8.
[1028] Oldrich Bures and Helena Carrapico, "Private Security beyond Private Military and Security Companies: Exploring Diversity within Private-Public Collaborations and Its Consequences for Security Governance," *Crime Law Soc Change* 67 (2017): 233.

разликата меѓу тие кои одобруваат употреба на сила и тие кои ја спроведуваат меѓу редовниот воен персонал, во однос на принципот на правилна намера.[1029]

Според Џонс, јавно добро е добро или услуга што може да се консумира од повеќе поединци без да се намали неговата достапност и е достапно за секого без оглед на плаќањето.[1030] Како што тврди Џонс, безбедноста сега може да се купи на отворен пазар,[1031] процес кој не беше возможен сè до појавата на ПБК.

Милер смета дека различните предизвикувачки елементи, идеи и објаснувања кои влијаат врз безбедноста треба да се земат предвид додека се разговара за војната и мирот.[1032]

Линдер наведува дека ПВБК „треба да ги убедат креаторите на политиката дека производот/услугата што ја продаваат е важен за безбедноста и дека е поважен од алтернативните производи/услуги што ги продаваат конкурентите. Тоа ги принудува фирмите да ги обликуваат безбедносните разбирања на нивните клиенти“.[1033] Пазарните стимулации ги поттикнуваат ПВБК да работат како лобисти, безбедносни советници и креатори на мислење во глобалната јавна сфера.[1034] Кога ПВБК градат специфични безбедносни дискурси, тие ја зголемуваат важноста на нивното безбедносно знаење додека ги ослабуваат другите актери и алтернативните политички пристапи кон безбедносната политика.[1035] Тие тврдат дека безбедносната политика треба да ја одредуваат специјалисти за безбедност, а не да биде прашање на политичка дебата.

Иако поделбата е постојано присутна, оваа дебата не допре до приватизацијата на јавната сила, бидејќи воената професија беше монополизирана од државата во почетокот на 19 век.[1036] Абрахамсен и Вилијамс го спојуваат концептот на опаѓање на државниот авторитет врз силата со реартикулирање на приватно/јавно и на локална/глобална дистинкција. Безбедноста е деполитизирана и претворена во „технички проблем подложен на приватно решение“.[1037]

Авант тврди дека безбедносната приватизација не треба да се гледа само како едноставна приватизација, туку како дел од поширока трансформација на односот меѓу јавното и приватното, како и помеѓу државата и пазарот. Таа забележува дека приватизацијата на безбедноста не ја пренесува моќта од една институција (државата) на друга (пазарот), туку напротив го оспорува начинот на функционирањето на државите и пазарите во современиот систем. Затоа, анализата треба да се фокусира врз вистинските институционални форми што се појавуваат, наместо на идеализираните концепти на држави и пазари. Абрахамсен и Вилијамс тврдат дека аутсорсирањето на

[1029] James Pattison, "Just War Theory and the Privatization of Military Force," *Ethics & International Affairs* 22, no. 2 (2008): 155.

[1030] R. J. Barry Jones, ed., *Routledge Encyclopedia of International Political Economy: Entries G-O* (London: Routledge, 2001), 665.

[1031] R. J. Barry Jones, ed., *Routledge Encyclopedia of International Political Economy: Entries G-O*. (London: Routledge, 2001), 1016.

[1032] Benjamin Miller, "The Concept of Security: Should it be Redefined?" *Journal of Strategic Studies* 24, no. 2 (2001): 14.

[1033] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 817.

[1034] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 612.

[1035] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 811.

[1036] Повеќе во: Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957).

[1037] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 5.

безбедноста од страна на државата не кореспондира со повлекување на државата од нејзината прерогативност, туку на „клучно преместување на нејзиното место во таквата одредба“.[1038]

Има сè повеќе докази кои укажуваат дека јасната поделба помеѓу јавната и приватната сфера станува сè помалку валидна и во пракса и во теорија. Наместо јасно исцртани сфери на приватна или јавна моќ, новото управување во безбедноста произлегува од комбинација и соработката на јавните и приватните актери. Стратегиите и практиките на новиот јавен менаџмент и јавно-приватните партнерства, се распространети и во домашното и во меѓународното владеење и ги поврзуваат јавните и приватните актери во сложени мрежи на соработка, преговарање и конфронтација. На полето на домашната безбедност, развојот на хибридни јавни приватни структури станува сè пораспространет. Јавната полиција значително се промени како одговор на неолибералните реформи и притисоци. Новите стратегии за јавен менаџмент, аутсорсинг, пазаризација и логики водени од потрошувачите резултираа во структури на „плурално полициско работење“, каде што јавната полиција е само еден од многуте безбедносни актери.

Конкретно, органите за јавна безбедност го задржуваат законодавното овластување и ширината на јурисдикција што ниеден друг актер не ја поседува, а приватното обезбедување обично функционира во некаков вид регулаторна рамка. На тој начин, државната моќ се реконфигурира преку таквите мрежи на управување, но не е нужно ослабена.

Јавното-приватно партнерство вклучува распределба на трошоците, ризиците, наградите и профитот помеѓу јавниот и приватниот сектор. Оваа соработка може да се манифестира на неколку начини помеѓу две екстремни форми на имплементација или обезбедување услуги, имено јавни или приватни. И јавниот и приватниот сектор се вклучени во управувањето со недвижен имот, управувањето со производство и капиталните инвестиции. Слично на тоа, тие исто така споделуваат ризици, овозможувајќи и на владата да ја искористи приватната инфраструктура, технологијата, финансирањето или способностите. Меѓутоа, јавното-приватно партнерство мора да функционира и во конкурентна пазарна средина за да биде ефективно, инаку се губи потенцијалот за намалување на трошоците и зголемување на продуктивноста. Една форма на партнерство е и приватното финансирање, што значи дека приватните финансиски ресурси се користат за обезбедување јавни услуги.[1039]

Приватните безбедносни субјекти се фокусираат на спречување опасности за поединци и имот, додека државниот безбедносен сектор е одговорен за целокупната безбедност и има и превентивни и репресивни функции. Тие имаат посебно место и улога во вкупниот безбедносен систем. Државниот безбедносен сектор приоритетно ги штити општествените интереси, а приватната безбедност се фокусира на приватниот интерес или интересот на клиентот.[1040]

Силите за јавна безбедност, во својата идеална состојба, се сметаат за колективно добро бидејќи се инклузивни и придобивките што ги добива еден поединец или група не ги попречуваат и другите да имаат корист.[1041] Приватното обезбедување често е ексклузивно и дава приоритет на клиентите кои плаќаат поради недостаток од

[1038] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 63.

[1039] Peter Papler, "*Privatna vojaška podjetja - organizacija, doktrine in poslovanje*," doktorska disertacija, UNIVERZA V LJUBLJANI FAKULTETA ZA DRUŽBENE VEDE, 2014, 45.

[1040] Ј.Р. Фишер, Е. Хелибозек, и Г. Грин. *Вовед во безбедноста*. (Скопје: Арс Ламина, 2009), 59-60.

[1041] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 384.

деловна мотивација за создавање колективни добра.[1042] Сепак, подобрите служби за јавна безбедност не секогаш обезбедуваат еднаква заштита за сите како што налага законот. За жал, безбедносните сили честопати се оддалечуваат од нестабилни или финансиски осиромашени области.[1043]

Во глобализираниот свет, државата има приоритет да обезбеди сигурност за себе и за нејзините стратешки приоритети засновани врз класичниот реализам, додека покажува помал интерес за заштита на животите, имотот и слободата на своите поданици.[1044] Едно објаснување за ова, особено релевантно за анализа, е тоа што пазарните сили го оспоруваат договорниот начин на гледање на употребата на сила како главна причина зошто општеството им забранува на обичните граѓани да користат насилство, освен во многу тесно дефинирани околности.[1045] [1046]

Краман тврди дека теоријата на јавните добра ја замислува националната безбедност како инхерентно приватно добро поради нејзината исклучивост и конкурентност. Безбедноста на ПБК може да биде занемарена од воените сили кои интервенираат во опколена африканска држава или на национално и меѓународно ниво поради примената на националната безбедност на граѓаните или членовите на меѓународна алијанса. Од друга страна, една последица се гледа во тврдењето на Краман дека „од приватните безбедносни добавувачи може да се очекува да промовираат индивидуални над колективни вредности“. Додека обезбедувањето колективна безбедност од страна на државата се заснова врз инклузивност и еднаквост, пазарот промовира индивидуалност и различност.[1047]

Сепак, оваа точка не е ексклузивна за глобализираната ера. Интересите на заедницата се нераскинливо поврзани со интересите на поединецот, дури и за време на тотална војна во предглобализираната ера, иако ова совпаѓање не било секогаш толку очигледно поради ширењето на ПБК.[1048] Навистина, многу ПВК се парајавни, односно тие се заеднички потфати помеѓу државните и приватните претпријатија.[1049] Многу компании се поврзани со владата преку лични и професионални врски преку пензионирани поранешни војници. ПБК не се потпираат врз државата за нивното основање поради намалената контрола на државата врз насилството како што се дискутира во теоријата за јавни добра. ПБК сега можат да ангажираат повеќе од само еден државен или недржавен чинител кога користат насилство за нивните корпоративни цели.[1050] Приватизацијата е одговорна за намалувањето на државниот монопол, која според Вулф „вклучува делегирање на државните овластувања во

[1042] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 379–404.
[1043] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 78.
[1044] Jeffrey Rogers Hummel, "National Goods Versus Public Goods: Defense, Disarmament and Free Riders," *Review of Austrian Economics* 4, no.1 (1990): 88-122.
[1045] C.A.J. Coady, *Morality and Political Violence* (Cambridge: Cambridge University Press, 2008), 44.
[1046] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 7.
[1047] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 386-389.
[1048] Martin Van Creveld, *The Transformation of War* (New York: The Free Press, 1991), 187.
[1049] Anna Leander, "The Commodification of Violence, Private Military Companies, and African States," *CCPRI*, February 2003, 2.
[1050] Jessica Wolfendale, "Comparing National and Private Militaries," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relationships*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 222.

остварувањето на монополот на насилството“.[1051] Сепак, Сингер со право истакнува: „Ако државата не може да обезбеди сигурност и заштита за своите граѓани, а ниту една друга јавна партија не е подготвена да помогне, тогаш изгледа лицемерно да се каже дека приватните опции мора апсолутно да се отфрлат“.[1052]

Низ историјата, јавната полиција често го обвинуваше приватниот сектор за: несоодветно решавање на случаите, повреда на законот, несоодветна обука и вработување поединци за кои се смета дека не се способни да бидат полициски службеници. Спротивно на тоа, приватниот безбедносен сектор често го доживува јавниот сектор како егоистичен и вообразен. Дури и во денешно време, јавната полиција сè уште смета дека приватниот сектор е малку ефективен.[1053] Контракторите имаат недостаток од морал. Тој морал е пречка за формирање силни јавно-приватни партнерства“. Покрај таквата стигматизација на ПВБК, одредена литература тврди дека војската на државата треба да користи сила на начин што ќе се усогласи со нејзините вредности, култура и општествени очекувања и тие ја доведуваат во прашање улогата на ПВБК во војна.[1054]

Експертите од оваа област сугерираат дека интеракцијата помеѓу приватниот и јавниот сектор останува далечна поради одредени фундаментални фактори. Прашањата вклучуваат: недостаток од меѓусебно почитување, недостаток од комуникација, недостаток од знаење за спроведување на законите во приватната безбедност, постоење натпревар, недостаток од стандарди за персоналот во приватната безбедност, постоење корупција во полицијата, судир на надлежности, забуна за идентитетот и прашањата кои произлегуваат врз основа на тоа, како што се вооруженоста и обуката на приватната полиција, заемни проблеми во однос на имиџот и комуникацијата, обезбедување услуги на граничните линии или на областите на совпаѓање на одговорноста и интересите (безбедност за време на штрајкови, контрола на сообраќај), разлики во законските овластувања кои може да доведат до загриженост во однос на злоупотребата на овластувањата, итн.[1055] Ова не значи дека традиционалните разлики се ирелевантни. Сепак, некои истражувања покажаа дека разликите меѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор стануваат сè помалку значајни. Не постои јасна разлика помеѓу двата сектори, иако тие треба да соработуваат поради комплементарноста на задачите. Тие споделуваат слични интереси и тие имаат заедничка цел да се обезбеди заштита и безбедност за целото општество.[1056]

Најчестите активности на партнерствата и соработката вклучуваат воспоставување деловни контакти, споделување важни информации, програми за спречување криминал, здружено учество на безбедносно поле, споделување средства, позајмување техничка и јазична стручност, компјутерска опрема, обучување, заедничко дејствување (пр. истрага за финансиски измами), носење заеднички безбедносен план, обезбедување законска рамка и слично.[1057]

[1051] Herbert Wulf, "Security: Interventions and Control," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London: Routledge, 2008), 191.

[1052] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 216.

[1053] Ј.Р. Фишер, Е. Хелибозек, и Г. Грин. *Вовед во безбедноста*. (Скопје: Арс Ламина, 2009), 59-60.

[1054] Charles C. Moskos, John Allen Williams, and David Segal, *The Postmodern Military: Armed Forces after the Cold War* (New York: Oxford University Press, 2000).

[1055] Ј.Р. Фишер, Е. Хелибозек, и Г. Грин. *Вовед во безбедноста*. (Скопје: Арс Ламина, 2009), 60-61.

[1056] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 160-164.

[1057] Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, and Сашо Митевски, *Приватна безбедност: теорија и концепт* (Скопје: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2015), 165-166.

Моделите на соработка и однос помеѓу јавната и приватната безбедност се движат од целосно негирање до хармонично меѓусебно делување, кои зависат и од индивидуалните перцепции и од лични искуства на вработените во двата сегменти. Според Кесиќ, најчести модели на соработка и однос се:

- независност - припадниците на јавната и приватната безбедност имаат свои задачи и ретко остваруваат контакт,
- конкуренција - работата на приватната безбедност предизвикува закана за одржување на монополот на државата над полициските активности,
- комплементарност - меѓусебно дополнување во спроведувањето активности, но постои јасна разлика во поделбата на задачите,
- кооперативност - највисоко ниво на кооперативност во постапувањето и потполна еднаквост меѓу субјектите чија дејност насочена е кон постигнување заедничка цел.[1058]

Линдер идентификува две надворешни работи на политичките процеси предизвикани од пазарот на сила. Едната е дека пазарот ги слабее јавните сили, што го олеснува оспорувањето на воспоставените безбедносни наредби и втората „го овековечува безбедносното покривање на „швајцарското сирење“, полно со дупки, што ја поткопува легитимноста на наредбите за јавна безбедност и ја зголемува веројатноста да се оспори со насилни средства. Како што продолжува аргументот, пазарот на сила ги слабее јавните вооружени сили со пренасочување на човечките и капиталните ресурси кои инаку би можеле да одат во изградбата на институциите за јавна безбедност.[1059] Сингер тврди дека најголемиот дел од законодавната регулатива што е предложена досега е дизајнот на самите ПВФ.[1060] Дополнително, Сингер сугерира дека приватизацијата ја одзема воената експертиза од доменот на јавната одговорност,[1061] што е во согласност со ставот на Вулф дека ПВК може да се борат да се саморегулираат како и другите индустрии поради недостаток од мотивација да се придржуваат до стандардите за однесување.[1062] Таков пример е постконфликтната Сиера Леоне, обележана со појавата на широко распространети глобално-локални, јавно-приватни безбедносни мрежи. Како такви, ПБК може да се гледаат како важна илустрација за проширената улога на приватниот авторитет во глобалното управување.[1063]

Друго важно прашање што треба да се разгледа е значењето на јавната доверба за приватниот безбедносен сектор.[1064] Јавната доверба има големо значење за легитимитетот и перформансите на секоја демократска власт. Оваа ситуација има сериозен импакт врз легитимитетот на тие кои управуваат. Покрај кризата на легитимитетот, одредени автори се осврнуваат и за „ера на недоверба“.[1065] Довербата има големо значење за секоја профитна дејност бидејќи таа влијае врз репутацијата,

---

[1058] Зоран Кесиќ, "*Однос између јавнох и приватног сектора безбедности: стање и перспективе*," (Нови Сад, 2008), 209-214.

[1059] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 617.

[1060] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 238.

[1061] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 215.

[1062] Herbert Wulf, "Security: Interventions and Control," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London: Routledge, 2008), 199.

[1063] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization," *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 143.

[1064] Повеќе во: Билјана Ванковска, „Приватниот безбедносен сектор во потрага по легитимитет и јавна доверба,“ *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 70 (2017): 247–262.

[1065] Russell Hardin, *Trust* (Cambridge: Polity Press, 2006).

перформансите на компаниите, нивната вредност и регулација. Јавната доверба се однесува на склоноста на јавноста или општеството да се потпре на институциите, вклучувајќи ги и комерцијалните. Бизнис организациите мора да ја заслужат јавната доверба преку добрата работа, што е главна задача на менаџментот. Без доверба, многу институции, вклучувајќи ги владините и стопанските, не можат да бидат продуктивни.[1066] Јавната доверба во бизнисот и приватната безбедност не се лесно мерливи преку научна анализа.[1067] Сепак, многумина укажуваат на еден парадокс: „со продлабочувањето на јазот на недовербата во бизнисот и корпорациите, истовремено расте потребата од јавна доверба поради политичките, технолошките, економските и социјалните случувања.“

Легитимноста е подеднакво клучна и за јавниот и за приватниот сектор, дури и ако приватниот сектор добива помалку внимание. Во ситуации кога недостасува легитимитет, приватната безбедносна индустрија прикажана е како претпријатие во подем, самоуверено во својот капацитет да одговори на зголемените и различни безбедносни потреби. Според Вајт сугерира дека субјектите на приватната безбедност и натаму се соочуваат со проблемот на докажување и одржување на легитимитетот, особено во поглед на нивната јавна репутација.[1068] Приватната безбедносна индустрија функционира во општествена рамка каде што преовладува мислењето дека спроведувањето на законот и безбедноста првенствено се одговорност на владата. Професијата „обезбедувач“ се смета за една од тие кои се на списокот на т.н. валкани работи. Под „валкана работа“ се подразбира извршување задачи кои се перципираат како физички, општествено и морално оптоварени.[1069] Хју нагласува како општеството им доделува специфични улоги или професии на поединци додека истовремено ги стигматизира тие поединци. Со текот на времето, членовите на овие професионални групи почнуваат да се идентификуваат со работата која ја вршат.[1070]

Во односот помеѓу јавната и приватната безбедност треба да се земе предвид и моралот за употреба. Истражувачите во воените студии долго време беа загрижени за тоа дали ПВБК се морално погрешни и го ослабуваат демократскиот надзор над воената моќ, во суштина прашувајќи дали овие бизниси се едноставно современи платеници. Патисон верува дека, морално, ПВБК не треба да се користат. Сепак, подолгиот одговор е многу покомплексен. Централно место во анализата на авторот е тоа што тој го нарекува кумулативен приод на легитимност, кој се користи за да се оцени легитимноста на војската. Патисон тврди дека истакнатите теории за цивилно-воените односи предложени од Хантингтон, Јановиц и Фејвер не се однесуваат соодветно на моралот на силата. Според пристапот на кумулативна легитимност, четири фактори ја одредуваат легитимноста, и тоа: ефективност, демократска контрола, правилен третман со воениот персонал и социјални врски. Овие карактеристики се скаларни и кумулативни. Неуспехот на еден од критериумите може делумно да се надмине со напредување во останатите критериуми. Легитимноста овде се однесува на ефикасноста на војската и ПВБК во промовирањето на основните човекови права и вклучувањето во праведни војни.[1071] Патисон ги испитува етичките импликации на

[1066] Francis Fukuyama, *Trust: The Social Virtues and The Creation of Prosperity* (New York: First Free Press, 2005).
[1067] Laura Poppo and Donald J. Schepker, "Repairing Public Trust in Organizations," *Corporate Reputation Review* 13, no. 2 (2010).
[1068] Adam White, *The Politics of Private Security: Regulation, Reform and Re-Legitimation* (Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2010).
[1069] Everett C. Hughes, *Men and Their Work* (Glencoe, IL: Free Press, 1958), 122.
[1070] C. Löfstrand, Loftus, B., & Loader, I., "Doing 'Dirty Work': Stigma and Esteem in the Private Security Industry," *European Journal of Criminology* 13, no. 3 (2016): 299.
[1071] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014).

поединците кои работат како контрактори, конкретно прашувајќи дали тоа се усогласува со принципите на праведна војна и човековите права. Тој со право забележува дека еден од најистакнатите приговори за приватната воена сила е дека ПВБК и нивните вработени се платеници затоа што се (барем делумно) мотивирани од финансиска добивка. Авторот го испитува овој аргумент и истакнува две прашања кои вообичаено не се опфатени во литературата: (а) Дали навистина би било проблематично ако поединецот е првенствено мотивиран од финансиска добивка? и (б) Дали е тоа поверојатно да биде случај за контрактор отколку за војник? Патисон открива дека контракторите повеќе се наклонети отколку војниците да бидат примарно водени од финансиска добивка. Откритието можеби не е многу неочекувано, но тоа што следува е интересно. Авторот не се согласува со преовладувачкиот став дека финансиските стимулации се значајна пречка за приватната моќ. Да се биде контрактор е прифатливо, дури и ако една од причините е да заработиш пари. Сепак, тоа не може да биде доминантна мотивација.[1072] На истото прашање се надоврзуваат и Хеинекен и Моцурис кои посочуваат дека каде што вработените се мотивирани од чисто материјални грижи, дали тие се и до каде се подготвени да одат таквите вработени за да обезбедат сигурност за јавното добро како дел од нивните работни места, без разлика дали се во униформа или не. На тоа укажува етиката на услуги (која лежи во срцето на воената култура) се менува кога паричната награда станува главниот двигател на испораката на услугите.[1073]

Во таа насока, Фабре тврди дека приватните војски се оправдани сè додека ги задоволуваат критериумите за праведна војна, за праведна причина, пропорционалност и неборбен имунитет. Таа се потпира врз две прилично неконтроверзни претпоставки. Прво, државите бараат оружје и армии за самоодбранбени убиства, имено за национална одбрана, одбрана на други и спроведување на меѓународните норми. Второ, за да извршат само одбранбени убиства, државите имаат право да купуваат оружје од приватни производители (како што тоа го прават сеприсутно). Од овие две претпоставки, Фабре го конструира следниов аргумент: „На државите им требаат средства за убиства да бидат извршени во нивно име и со нивно овластување, во самоодбрана, како и во одбрана на другите. Сега, ако државата е слободна да купува оружје од приватни производители за гореспоменатите цели, како што сигурно е, тогаш има слобода и да купува воднички услуги од тие кои се подготвени да ги обезбедат.“ Освен тоа, ако државата има право да плати за постојана армија, како што тоа сигурно го прави, тогаш има право да плати и за приватна армија. За да биде појасно, постојат две тврдења кои се нудат во овој аргумент. Првото тврдење е дека на купувањето пиштоли од приватни субјекти е доволно аналогно на купувањето на војската услуги од приватни субјекти така што оправдувањето за првото важи и за второто.[1074]

6.2. Пазар на воени и безбедносни услуги

Постоењето приватни компании кои извршуваат и обезбедуваат воени услуги не е нешто ново. Прошириниот приватен сектор за безбедност и воени услуги е последица од различни сложени и меѓусебно поврзани сили, настани и случувања. Суштинско прашање е причината за развојот на одреден тип пазар и неговото влијание врз државниот монопол на сила.

[1072] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 41.
[1073] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 83.
[1074] Cécile Fabre, "In Defence of Mercenarism," *The British Journal of Political Science* 40, no. 3 (2010): 544.

Експерти од различни академски дисциплини ја истражуваа растечката улога на приватните компании во обезбедувањето на безбедноста.[1075] Студијата на Бурес анализира три клучни општи предизвици за растечката улога на приватните бизниси во обезбедувањето безбедност, и тоа: одговорноста, деполитизацијата и комодификацијата.[1076]

Пазарот на сила, односно ПВБК покажа „хибридна организациска форма“ како што е опишано во организациската економија. Анализата покажува дека хибридните организациски форми овозможуваат трансакции и развој на способности кои не се можни ниту на пазарите, ниту на хиерархиите. Хибридните форми можат да послужат како канал за институционално претприемништво и појава на нови индустриски структури.[1077]

Сепак, многу луѓе веруваат дека не треба да има пазар за приватна сила. Ова тврдење може да се смета спротивно во однос на државниот ангажман на ПВБК. Со ангажирањето на ПВБК, се верува дека државата создава барање за употреба на сила. Доколку државите не ангажираат ПВБК, пазарот за нив ќе исчезне, заедно со проблемите што се појавуваат со постоењето на пазар за сила.[1078] [1079]

Во изминатите две децении, повторно се појави бран на аутсорсирање на безбедноста, насилството и сила на приватни актери, вклучително и странски вооружени групи, до милиции, платеници и приватни безбедносни и воени контрактори. Четири земји сочинуваат 70% од приватната безбедносна и воена договорна индустрија, и тоа: САД, Велика Британија, Јужна Африка и Кина. Сепак, ова е предмет на постојана промена. Најзабележителен е влезот на приватни безбедносни и воени претприемачи од земји како Русија и Турција. Од 2001 до 2008 година, бројот на формирани нови приватни безбедносни и воени субјекти се искачи од 38 на 79. До 2011 година, овој број се искачи на 120 нови субјекти.[1080]

Земјите кои користеа и користат приватни компании варираат во голема мера, почнувајќи од високо развиените земји како САД до пропаднатите држави како Сиера Леоне. Карафано во својата книга „Приватен сектор, јавни војни“, сугерира дека „употребата на контрактори во борба може да стане една од најголемите конкурентни предности [на САД] во 21 век“. Ако претпоставката на Карафано е точна, тогаш ПБК може да им служат добро на богатите земји како САД. Сепак, ова поведува уште едно важно прашање. Кога силата станува стока, нешто што се купува или продава, таа бара потрошувачи. Некои потрошувачи можат да си дозволат да ја купат стоката, другите не. Овој феномен може да резултира во ситуација кога некои поединци имаат финансиски средства да си дозволат безбедност, додека други немаат. Иако располагањето со средства за ангажирање на ПБК може да биде добро за визијата на

[1075] Повеќе во: J. Wood and B. Dupont, *Democracy, Society and the Governance of Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2006).
[1076] Повеќе во: Oldrich Bures and Helena Carrapico, "Private Security beyond Private Military and Security Companies: Exploring Diversity within Private-Public Collaborations and Its Consequences for Security Governance," *Crime Law Soc Change* 67 (2017): 238.
[1077] Joel AC Baum and Anita M. McGahan, "*Outsourcing War: The Evolution of the Private Military Industry after the Cold War*," Working Paper, Rotman School of Management, University of Toronto, Canada, 2009, 2.
[1078] David M. Barnes, "Should Private Security Companies Be Employed for Counterinsurgency Operations?" *Journal of Military Ethics* 12, no. 3 (2013): 212–214.
[1079] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 183.
[1080] Ori Swed and Daniel Burland, "*The Global Expansion of PMSCs: Trends, Opportunities and Risks*," 2020. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/Issues/Mercenaries/WG/ImmigrationAndBorder/swed-burland-submission.pdf Пристапено на: 01.08.2023.

Карафано за предноста на американската надворешна политика, таа има сосема различни резултати за светот во развој.[1081]

Еден проблем со потпирањето врз приватни средства во контекст на слаби или исчезнати државни институции е тоа што „безбедноста заснована врз пазарот нуди зголемување на краткорочниот капацитет за државите, но често ги зајакнува институционалните малформации што ги ослабува изгледите за развој на силни државни институции“.[1082] Пазарот често расте во однос на функциите и базата на клиенти, но не и територијално. Бројот на надворешни клиенти се зголемува во однос на внатрешните клиенти, што го поддржува аргументот дека ПВБК сè повеќе се користат како застапници во надворешната политика во слабите и пропаднати земји. ПВБК делува како средство за решавање на проблемот со безбедносниот јаз предизвикан од колебливоста на меѓународната заедница да учествува во тековните воени конфликти. Како што тврдат некои автори, приватизацијата на безбедноста им овозможува на владите да ги заобиколат политичките и правните обврски.[1083]

Во 1990-тите, ОН ја спроведуваа секоја меѓународна мировна мисија со учество на ПВБК. Работната група опширно се занимаваше со употребата на ПВБК од страна на ОН во својот извештај за 2014 година. Жали што предизвиците поврзани со користењето на овие компании опстојуваат и што нивната употреба и интеракцијата со нив во операциите на ОН продолжуваат да ги влошуваат ризиците за човековите права за ранливите популации.[1084] Сепак, тешко е да се добие целосна слика за големината на практиките на аутсорсинг бидејќи ОН не секогаш ги наведуваат имињата на договорените компании. Кога ПВБК се ангажирани за безбедносни совети, договорите често се класифицираат едноставно како „консултантски услуги“.[1085] Спеарин заклучува дека хуманитарноста претставува потенцијално профитабилен пазар за ПБК.[1086]

Понатаму, недржавните актери, како што се невладините организации и мултинационалните корпорации, сè повеќе ги плаќаат ПВБК за да ги постигнат своите цели. Примери за тоа се Shell и Shevron кои финансираа делови од нигериската војска и полиција за да ги обезбедат нивните објекти во Нигерија. Компанијата British Petroleum (BP) ја ангажираше Defense Systems Limited-DSL, за да ги обучи локалните сили и да ги заштитат нивните гасоводи во Колумбија.[1087] [1088] Приватната безбедносна индустрија кон крајот на 1990-тите го премести својот фокус од критични на несуштински работни места. Јавните организации трошат повеќе на приватна безбедност како што се

[1081] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008).

[1082] Deborah Avant, "The implications of marketized security for IR theory: The democratic peace, late state building, and the nature and frequency of conflict," *Perspectives on Politics* 4, no. 3 (2006): 515.

[1083] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 33.

[1084] United Nations, *Impact of the Use of Private Military and Security Services in Humanitarian Action*, Report of the Working Group on the use of mercenaries as a means of violating human rights and impeding the exercise of the right of peoples to self-determination, A/HRC/48/51, General Assembly, 2021, 17.

[1085] Lou Pingeot, *Dangerous Partnership: Private Military Companies & Security Companies and the UN* (New York: Global Policy Forum, 2012), 25.

[1086] Christopher Spearin, "Humanitarians and Mercenaries - Partners in Security Governance?," in *New Threats and New Actors International Security*, edited by Elke Krahmann (Palgrave: New York, 2005).

[1087] Deborah Avant, "The Privatization of Security and Change in the Control of Force," *International Security Perspectives* 5, no. 2 (2004): 154.

[1088] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 17.

зголемуваат буџетите за одбрана.[1089] Зголемената милитаризација е поверојатно да се случи на пазар управуван од безбедноста. Услугите на ПВК опфаќаат широк опсег од активности, вклучително и разузнавачка анализа и директна тактичка поддршка, што тие и ги нудат. Овој единствен аспект во динамиката на пазарот би довел до брз пораст на милитаризацијата, бидејќи добавувачот служи и како советник на клиентите.[1090] Пролиферацијата на безбедносните служби не мора нужно да предизвикува ескалација на насилството, но придонесува за раст на расположливите ресурси за создавање насилство.

Страната на побарувачката на пазарот за заштита и сила се состои од приватни и јавни актери. Транснационалните корпорации и невладините организации ангажираат ПВБК во пропаднати држави за заштита на нивниот имот, инвестиции и хуманитарни мисии.[1091]

Други автори како Моли Даниган и Улрих Петерсон посочуваат дека постојат различни видови пазари на сила, и тоа: неолиберални, хибридни и рекетарски пазари. Неолибералниот пазар е најзастапен и се карактеризира со доминација на приватни компании. Во однос на обезбедувањето безбедносни услуги, важат истите неолиберални правила како и во другите сектори: давателите на услуги се во договорен однос каде што разменуваат стоки и услуги на доброволна основа. Овој однос подразбира еден вид организација која гарантира пренос на сопственоста, а функционална држава го надгледува остварувањето на тие права. Соодносот на размена почива првенствено на цената, околу која понудувачите можат да се натпреваруваат за да дојдат до најповолна понуда. Од друга страна, хибридниот пазар е спротивен на неолибералниот пазар, бидејќи се заснова врз државна, а не врз приватна сопственост и нема конкуренција што влијае врз најдобриот избор бидејќи државата ги контролира сите компании. Нема спонтано развојот на компаниите зависи од одлуката на државата. Карактеристиките на овој пазар се највидливи на примерот на Кина, иако авторите изведуваат и подваријанта на „воена заштита“ каде што армијата е во улога на давател на безбедносни услуги на пазарот (нигериската армија ја плаќа British Petroleum). Последната варијанта е пазарот на рекет. Во овој вид пазар, улогата на државата и регулативата е ограничена и бесмислена. Овој тип пазар е вообичаен во слабите земји. Една од главните карактеристики е отсуството на доброволна размена. Барателите на безбедност не можат да избираат даватели и да влијаат врз квалитетот на услугата, но под принуда избираат криминална организација или локална моќ која има монопол на сила на одредена територија. Овие актери, кои се платени за безбедносната служба/рекет, влијаат и врз зголемување на несигурноста на дадената територија, делумно и преку заплашување на тие кои не го плаќаат рекетот. Пазарот е класифициран врз основа на неговите најдоминантни карактеристики.[1092] [1093]

Шон Мекфејт вели дека приватната моќ еволуирала во голем глобален бизнис. Никој навистина не знае колку милијарди долари паѓаат околу овој незаконски пазар. Сè што знаеме е дека бизнисот цвета. Во последните години, значајни платенички

[1089] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 37.
[1090] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 613.
[1091] Deborah Avant, "NGOs, corporations and security transformation in Africa," *International Relations* 21, no. 2 (2007): 143–161.
[1092] Molly Dunigan and Ulrich Petersohn, eds., *The Markets for Force: Privatization of Security Across World Regions* (University of Pennsylvania Press, 2015), 163.
[1093] Марко Д. Милошевић, "*Приватизација безбедности у постконфликтним државама: случај Србије и Хрватске у периоду 2000 – 2016. године*," Докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, 2018, 43.

активности забележани се во: Јемен, Нигерија, Украина, Сирија и Ирак. Многу од овие платени воини ги надминуваат локалните војски, а неколку дури можат да им се спротивстават на најелитните американски сили, како што покажа војната во Сирија“.[1094]

Еволуцијата во динамиката на конфликтот го помести фокусот на војската, правејќи ги одговорностите, како што се полициската служба и технолошката помош сè поважни за одржување на безбедноста. Со оглед на тезата, дисертацијата ги разгледува промените што се настанати и како тие промени влијаат врз одливот на професионални кадри од армиите. Тезата е тесно поврзана со зголемениот број контрактори вработени од државите. Причината за таквата промена е повеќе поврзана со ефикасноста, технологијата и промената на општествените перцепции за улогата на државните воени сили во 21 век. Во Првата заливска војна, односот на американските трупи на теренот и приватните контрактори беше 50:1. До Втората заливска војна таа бројка драстично се зголеми на 10:1, како што беше и за интервенциите во Босна и Косово. Чувство за големината на смената може да се процени според големината на договорите доделени на компании кои работат во Ирак.[1095]

Нова карактеристика на пазарот е неговата транснационална природа. Гледањето на моќта како пазарна стока може да доведе до приватно обезбедување што ги фаворизира богатите правејќи ја луксуз, недостапен за мнозинството и влошувајќи ги социјалните конфликти. Приватните безбедносни агенции тесно поврзани со владините институции можат да ја влошат ситуацијата и да ги зајакнат угнетувачките практики и структури на државниот безбедносен сектор. Предизвиците во обезбедувањето одговорност и транспарентност во приватната безбедносна индустрија се засилени кога услугите се извезуваат на меѓународно ниво.

Конкурентноста на приватните претпријатија може да ги намали трошоците врз основа на традиционалната парадигма на понуда и побарувачка. Проблемот со овој аргумент е дека иако побарувачката е очигледна, факторот на понуда можеби не е толку голем. Во отсуство на конкуренција, економските придобивки од аутсорсингот се неизвесни.[1096]

Сингер тврди дека приватизацијата треба да се случи само ако може да резултира со намалени трошоци или подобрен квалитет.[1097] Сабело Гумеџе забележува како овие компании во краток временски период направија транзиција од оператори на „пазарот на сила“ кон оператори на „пазарот за мир“.[1098]

На денешниот пазар на сила се јавува опасен тренд наречен бифуркација. Современите платеници може да избираат помеѓу две групи приватни субјекти: отворени или прикриени, при што вториот се чини поуспешен. Ова е важно бидејќи може да влијае врз иднината на војната и меѓународната политика, особено во однос на вклучените поединци, како и зошто луѓето се борат. ПВБК имаат за цел да ја зголемат побарувачката за нивните услуги и да ја подобрат нивната репутација како безбедносни

[1094] Sean McFate, "Mercenaries and War: Understanding Private Armies Today," *National Defense University Press / News*, December 4, 2019, 2, [Online]. Достапно на: https://ndupress.ndu.edu/Media/News/Article/2031922/mercenaries-and-war-understandingprivate-armies-today/ Пристапено на: 28.02.2023 година.

[1095] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 94.

[1096] Christopher Spearin, "Private security companies and humanitarians: A corporate solution to securing humanitarian spaces?" *International Peacekeeping* 8, no. 1 (2001): 32.

[1097] P.W. Singer, "Outsourcing War," *Foreign Affairs* 84, no. 2 (2005): 119-132.

[1098] Sabelo Gumedze, "*From Market for Force to Market for Peace: Private Military and Security Companies in Peacekeeping Operations*," Institute for Security Studies, 2011.

експерти преку претставување на безбедносните предизвици на начин што ги поткопува конкурентите кои нудат политички решенија за управување со безбедноста. Градителите на мир честопати веруваат во изјавите на ПВБК поради нивната експертиза во безбедноста. Градителите на мирот веруваат дека безбедноста треба да се занимава со безбедносни специјалисти, но тие превидуваат дека дефиницијата на ПВБК за „безбедносните прашања“ е под влијание на политичките дискусии. Повеќето интервентери ќе се чувствуваат како да немаат знаење за да го предизвикаат експертот. Како такви, градителите на мир ја прифаќаат секјуритизацијата на управувањето со безбедносниот ризик од страна на ПВБК, давајќи им големо влијание врз формирањето и спроведувањето на безбедносните политики во градењето на мирот.[1099]

Очигледните приватни воини бараат легитимитет и имаат за цел да функционираат јавно. Тие одбиваат да бидат етикетирани како платеници и наместо тоа се идентификуваат како приватни безбедносни бизниси, промовирајќи целосна транспарентност и одговорност во согласност со корпоративните стандарди ISO 28007 и ISO 18788.[1100] Компаниите се придржуваат до принципите наведени во „Документот Монтре“ од 2008 година, кој ги потврдува меѓународните правни одговорности и серија најдобри практики за давателите на сила и нивните клиенти. Меѓународното здружение за кодекс на однесување (ICoCA) е швајцарски проект кој ги подобрува индустриските стандарди за усогласување со човековите права и меѓународното право.[1101] Главното тело на „отворени актери“ го сочинуваат негови членови, набљудувачи и соработници. Проактивните актери користат јавни канали за маркетинг и регрутирање преку веб-страница. Тајните оператори се потпираат врз упатувања од „уста на уста“. Платениците создаваат неформални мрежи и зависат од доверливи колеги за да ги препорачаат за работа. Спротивно на холивудските претстави, репутацијата е примарна валута во платеничкиот свет, со парите на второ место. Платениците формираат неформални мрежи врз основа на споделено воено потекло, контакти, културен идентитет, јазик и слично. Постојат четири главни платенички мрежи кои се организирани околу командниот јазик (јазикот на кој се даваат нарачки): англиски, руски и шпански. Дополнително, постои четврта мрежа во Африка составена на „алумни“ на Executive Outcomes, кои беа ангажирани од Нигерија во 2014 година за да се борат против Боко Харам.[1102]

Ако Кина воспостави активна платеничка мрежа, таа потенцијално би можела да доминира во бизнисот додека моментално има ограничен удел на пазарот. На Кина ѝ

[1099] Tom de Groot and Salvador Santino F. Regilme Jr., "Private Military and Security Companies and The Militarization of Humanitarianism," *Journal of Developing Societies* 38, no. 1 (2022): 73.

[1100] ISO 28007-1:2015 дава насоки кои содржат дополнителни препораки специфични за секторот, кои компаниите (организациите) кои се усогласени со ISO 28000 можат да ги имплементираат за да покажат дека обезбедуваат вооружен безбедносен персонал со приватен договор (PCASP) на бродовите. ISO 18788:2015 обезбедува рамка за воспоставување, спроведување, работење, следење, преглед, одржување и подобрување на управувањето со безбедносните операции. Систем за управување со ISO 18788 за операции на приватни безбедносни компании е стандард кој ги специфицира барањата и обезбедува насоки за организациите кои спроведуваат или склучуваат договори за безбедносни операции. Достапно на: https://www.iso.org/home.html, Пристапено на: 08.04.2024 година.

[1101] International Code of Conduct Association - ICoCA е иницијатива на повеќе засегнати страни формирана во 2013 година за да се осигура дека давателите на приватни безбедносни служби ги почитуваат човековите права и хуманитарното право. Тој служи како механизам за управување и надзор на Меѓународниот кодекс на однесување за давателите на приватни безбедносни услуги. Достапно на: https://icoca.ch/ Пристапено на: 08.04.2024 година.

[1102] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 13. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

недостасуваат ветерани тестирани во битка во споредба со англиските, руските и шпанските поранешни војници, што ги става во неповолна положба. Платениците ангажирани од Пекинг повеќе личат на француската легија отколку на традиционалните платеници.

Спроведувањето на договорите долго време е значаен предизвик на полето на бизнисот. Денес, платениците и клиентите соработуваат преку основање заеднички претпријатија за решавање на прашањата за доверба во заедничките деловни потфати. Можеби изгледа необично, но сепак се усогласува со нивните профитни интереси. Executive Outcomes набави рудници за дијаманти од бунтовничка група во Сиера Леоне и доби плаќање во готово и дел од заработката на рудниците. Сириската влада неодамна додели концесии за нафта и рударство на руските енергетски фирми и нејзините платеници, вклучувајќи ја и групата Вагнер, во замена за помош во елиминацијата на ИСИС. Формирањето корпоративно партнерство развива силна врска која промовира позитивно однесување во сите аспекти. Разликата меѓу отворените и прикриените актери е мала: ако сте способни за едниот, способен сте и за другиот. Квалификациите се споредливи, а основните членови на персоналот може да се заменат еден со друг. Примарните разлики лежат во пазарните услови и намерите на поединците кои учествуваат. Ако отвореният пазар продолжи да станува сè помал, очекувајте некои даватели на енергија да преминат во тајни актери. Анализата на тековниот тренд покажува дека тајните актери ќе го монополизираат пазарот сила.[1103] Кинси предупредува дека точното предвидување на растот на пазарот на ПВК е исклучително тешко, ако не и невозможно, бидејќи пазарот често се менува. Иако тој тврди дека пазарот е подготвен да расте, предвидувањето на времето и интензитетот на следниот конфликт е предизвик.[1104]

Бројот на земји што ангажираат платеници најверојатно ќе се зголеми, како што тоа се случуваше изминатите 30 години. Секоја година, сè поголем број влади ги вработуваат. Први беа САД, а потоа Русија. Земјите од Блискиот Исток и Африка се свртуваат кон приватна сила за нивните безбедносни потреби. Овој тренд, де факто, ја легитимира приватната сила. Прашање на време е сите да ангажираат платеници, како што беше направено пред неколку века. ОН би можеле да имаат корист од користењето приватна војска за да ги засилат своите слаби мировни распоредувања. Ако овој модел продолжи, дополнителни држави ќе ангажираат приватни воени сили, претворајќи го конфликтот во стока на глобално ниво. Ова сценарио ќе доведе до зголемување на платениците бидејќи понудата се обидува да остане во чекор со побарувачката. Платениците и другите недозволени групи имаат загрижувачки однос бидејќи меѓусебно се поддржуваат преку принципите на понуда и побарувачка. Генералниот секретар Антонио Гутереш вели: „Платеничките активности еволуираа, а денес тие се хранат со транснационалниот организиран криминал, тероризмот и насилниот екстремизам“. Мултинационалните корпорации се најголемите нови клиенти на платениците, особено во екстрактивните индустрии. Ангажирањето платеници е стратешка комерцијална одлука за нафтената фирма. Долги години, фирмите се

[1103] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 15. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.

[1104] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 3.

потпираа врз корумпирани или несоодветни влади за нивната безбедност, загрозувајќи ги животите на своите вработени и доживувајќи финансиски загуби.[1105]

Патисон идентификува три негативни надворешни фактори кои произлегуваат од постоењето пазар за сила. Прво, пазарот значи полесно заобиколување на законските и неформалните граници на војната. Различни размислувања во меѓународната заедница ги одвраќаат државите од примена на воена сила на нечесен начин, вклучувајќи ги меѓународните правни механизми и ризикот од критики и изолација. Меѓутоа, кога државите користат ПВБК наместо нивните конвенционални вооружени сили за воени активности, овие ограничувања можеби нема да бидат толку ефективни. Недостатокот од законодавни механизми за решавање на ПВБК и потенцијалот нивните неетички дејства да останат неоткриени, создаваат пазар што им овозможува на играчите да учествуваат во етички сомнителни воени активности без вообичаени ограничувања за употреба на сила.[1106]

Второ, за некои, пазарот на сила веројатно ќе доведе до зголемена несигурност. Тоа е затоа што безбедноста е, барем делумно, ривалско добро што значи дека кога некои актери ја зајакнуваат својата безбедност, тоа ќе ја намали безбедноста на другите ако агресорите ги префрлат своите напади таму каде што мислат дека ќе имаат најголем успех.[1107] Се чини дека тоа се случи за време на војната во Мозамбик, каде што инвестицискиот конгломерат ангажираше приватни безбедносни сили за заштита на својот персонал и инфраструктура. Како последица на тоа, бунтовничките напади се префрлија во околните села, намалувајќи ја безбедноста на селаните.[1108] Се очекува пазарот на сила да резултира со зголемување на употребата на нелегитимна сила. Тоа им овозможува на актерите на кои им недостасува сопствена војска или имаат несоодветна армија да спроведат воени дејствија што инаку не би можеле да ги извршат. Ако конфликтите се со поголема веројатност да бидат неправедни отколку праведни, пазарот на воена сила ќе резултира со поголема распространетост на употреба на неправедна сила.[1109]

Показателите за перформансите на пазарот, како што се продуктивноста и ефикасноста на услугите, не се мерливи бидејќи не постои мерлива хиерархија на приоритети за различни закани. Заканите треба да се дефинираат на таков начин што ќе ги дефинираат средствата за справување со нив. Поради оваа двосмисленост, критичарите нагласуваат дека пазарот на сила поседува инхерентна логика која создава свои барања. Пазарот создава сопствена побарувачка бидејќи ПВБК „се етаблираа не само како даватели на безбедносни услуги, туку и како безбедносни експерти кои дефинираат кои услуги се потребни“.[1110] Во услови на пазарна конкуренција, ПВБК се претставуваат како експерти за процена на ризик и ги пласираат своите услуги преку активно обликување на перцепцијата на нивните клиенти и разбирањето на заканите. Исто така, зајакнувањето на приватните воени и безбедносни актери е генерална промена во перцепцијата на безбедноста легитимизирајќи ги недржавните актери како

[1105] Sean McFate, *Mercenaries and Privatized Warfare: Current Trends and Developments* (2020), 21. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/issues/Mercenaries/WG/OtherStakeholders/sean-mcfate-submission.pdf Пристапено на: 18.04.2023.
[1106] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 141-158.
[1107] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 159-165.
[1108] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 227.
[1109] James Pattison, *The Morality of Private War* (Oxford: Oxford University Press, 2014), 166-173.
[1110] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 612.

даватели на безбедност. Безбедноста не е повеќе за заканите, туку за идентификување и управување на ризиците.[1111]

Пазарот ги проширува своите резерви на многу различни области, покажувајќи функционална диверзификација. Кинси нагласува дека во иднина пазарот има тенденција да се концентрира на четири различни области: обезбедување и анализа на разузнавањето за владите и комерцијалните клиенти, програми за реформа на безбедносниот сектор и поддршка на операциите за стабилизација и постконфликтна реконструкција и хуманитарна и развојна помош.[1112] ПВК кои сакаат да одржат легитимно присуство на пазарот мора внимателно да изберат за кого работат и што прават.[1113]

Дополнително, се верува дека пазарот на сила ги одвлекува човечките ресурси од јавните вооружени сили. Компаниите нудат повисоки плати на своите работници во споредба со која било слаба држава. Ова прашање не е исклучиво за слабите држави, туку се однесува и на консолидираните демократии. Сепак, јавните вооружени сили во демократските земји остануваат извор на професионално образование и формално се интегрирани во демократските процеси на одлучување. Во пропаднатите држави пазарот на сила „ги троши човечките ресурси со еродирање на статусот на јавните сили и замаглувањето на границите меѓу јавните и приватните сили".[1114] Аргументот за трошење човечки ресурси меѓу воениот персонал нагласува дека високиот степен на безбедносна приватизација може да го намали бројот на воениот персонал бидејќи ПВБК нуди поголема потенцијална заработка.[1115] Кинси додава: „Додека војните продолжуваат, така ќе постои побарувачката за воена експертиза, а ПВК ќе ги искористат сите владини неуспеси да ги исполнат своите барања."[1116]

Сингер посочува дека вооружените сили треба да потрошат стотици илјади долари за да добијат образован и обучен војник, додека ПВФ можат брзо да го добијат на пазарот за мал дел од таа цена.[1117] Во исто време, без постојана сила, трошоците за персонал и опрема може да се покријат од случај до случај или по потреба. ПВК можеби не се секогаш поевтини, но поради подобра обука тие се поефикасни и можат да постигнат поголем ефект со помал обем на човечки и материјални ресурси, што значи и намалување на трошоците.[1118] Многу вработени во ПВФ го претставуваат врвот на воената професија.[1119]

Шрајер и Капарини додаваат дека тоа се трансакциските трошоци кои произлегуваат од аутсорсингот на услугите. Ова се трошоците поврзани со губењето на

[1111] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 16.

[1112] Christopher Kinsey, "Problematising the Role of Private Security Companies in Small War," *Small Wars and Insurgencies* 18, no. 4 (2007): 602.

[1113] Повеќе во: Simon Chesterman and Chia Lehnardt, eds., *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007).

[1114] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 616.

[1115] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 39.

[1116] Christopher Kinsey, *Corporate Soldiers and International Security: The Rise of Private Military Companies* (Contemporary Security Studies, London; New York: Routledge, 2006), 106.

[1117] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 74.

[1118] Cecilia Hull, *What Future for Privatized Peacekeeping? Prospects and Realities in the UN Debate*, Base Data Report, FOI, Swedish Defence Research Agency, 2008, 15.

[1119] P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004), 9.

системското знаење во рамките на постојната работна сила на владините службеници и другиот квалификуван персонал кога услугите се префрлаат во приватниот сектор. Анализите покажуваат дека овие трошоци може да ја намалат ефективноста на посакуваните заштеди што се очекува да се постигнат со аутсорсинг.[1120]

Зголемената локална побарувачка за ПВБК има негативно влијание врз локалната безбедносна средина. Прво, степенот каде безбедноста станува функција на расположливиот доход, економската нееднаквост се претвора во безбедносна нееднаквост.[1121] Ова ја зголемува видливоста на материјалната разлика и може да доведе до огорченост против тие што интервенираат.[1122] Второ, приватното обезбедување најмногу има за цел да го намали влијанието на заканите наместо да се справи со нивните основни причини. Клиентите веројатно нема да ги финансираат превентивните напори бидејќи нивниот успех е потешко да се измери.[1123] Така, приватното обезбедување е генерално фокусирано врз краткорочни цели и одбранбени стратегии, давајќи приоритет на решавање на итните безбедносни потреби на клиентите и оставајќи ги пошироките безбедносни прашања на јавните сили и развојните агенции. Проширениот пазар на приватна безбедност може да ги оддалечи ресурсите од колективните социополитички напори кои промовираат позитивен мир.[1124]

Концептот на безбедност што произлегува од литературата за ризик и управување со ризици фокусирана е на превентивната страна (проактивна), а не реактивна (закрепнувачка, постконфликтна).[1125] ПВБК се промовираат себеси со нагласување на нивната способност да ги квантифицираат ризиците и да им помагаат на своите работодавци да се заштитат од нив. Според ова, безбедноста е нешто што може да се управува, мери, операционализира, купи и продаде.[1126]

ПБК користат принципи на отворен пазар и стратегии за приватизација за да бидат поефикасни и да усвојат врвна обука и технологија. Редовното борбено оружје е длабоко вкоренето во традицијата и предвидливите обрасци на операции кои се тестирани на терен и докажани, новиот воен наратив сè повеќе повикува на флексибилни, динамични и современи сили. Овој воен наратив прикажува решенија преку приказ на напредно вооружување елитни сили.[1127]

Линдер објаснува дека ПБК добиле поголемо влијание во обликувањето на безбедносните приоритети преку промовирање на идејата дека тие се поефикасни во справувањето со безбедносните закани во споредба со јавниот сервис. Во овој контекст, Линдер тврди дека државите кои го задржуваат правото на избор е незначително во

[1120] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 98.

[1121] Robert Mandel, *Armies without States: The Privatization of Security* (Boulder, CO: Lynne Reinner, 2002), 77.

[1122] Elke Krahmann and Leander, Anna, "Contracting and Security: Markets in the Making of MONUSCO Peacekeeping," *International Peacekeeping* 26, no. 2 (2019): 173–177.

[1123] Elke Krahmann, "Security: Collective good or commodity?," *European Journal of International Relations* 14, no. 3 (2008): 393.

[1124] Elke Krahmann and Leander, Anna, "Contracting and Security: Markets in the Making of MONUSCO Peacekeeping," *International Peacekeeping* 26, no. 2 (2019): 180.

[1125] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 5.

[1126] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 7.

[1127] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 84.

оваа ситуација. ПБК нудат различни безбедносни решенија од кои може да се избере и тие имаат значителна количина на моќ. ПБК имаат значително влијание врз безбедносните прашања и даваат приоритет на профитот и проширувањето на договорот. Како резултат на тоа, нивните операции стануваат сè повеќе милитаризирани ширум светот, често гледајќи ги политичките и хуманитарните прашања преку воена сфера. [1128]

Кога ПВК ги прикажуваат безбедносните грижи како воени и приватни безбедносни прашања, тие не само што ја одржуваат побарувачката за нивните услуги туку и ја промовираат идејата дека военото вклучување е најсоодветното решение.[1129]

Иако многу застапници за слободниот пазар тврдат дека заштедата на трошоците е голема придобивка од приватизацијата на одбраната, ангажирањето на ПВК е навистина скапа работа како резултат од неконкурентно наддавање договори, проследено со пречекорување на трошоците и мала финансиска одговорност.[1130]

Дефинирање на скалата и структурата на приватната индустрија е теоретски предизвик заради различни размислувања. Прво, нема сеопфатна база од податоци што ги има сите информации. Трговијата со воени и безбедносни услуги не се следи со трговски бази од податоци, што го отежнува добивањето точни процени и податоци во врска со неговото проширување и вредност. Второ, значителен дел од компаниите се оф-шор ентитети кои се појавуваат во текот на специфични временски рамки. Трето, помалите договорни организации поддржани се од поголеми конгломерати кои работат низ различни меридијани во светот. Поради отсуството на лесно достапни компаративни владини податоци за договори за приватна обука, утврдувањето на големината во индустријата беше предизвик.

Низ литературата постои широк консензус дека приватната безбедносна индустрија доживува стапка на огромен раст. Индустријата каква што ја знаеме започна во 1980-тите и рапидно растеше во текот на 1990-тите. Глобалниот пазар за безбедносни услуги се зголеми со просечна годишна стапка од околу 7% од 1990 година, развивајќи се во разновидна, глобална индустрија од повеќе милијарди долари.[1131] [1132] Неодамнешните процени покажуваат дека пазарот на безбедност вреди околу 100-165 милијарди долари годишно и дека расте со годишна стапка од 7-8%.[1133] Друг извор посочува дека проекциите на индустријата во 1997 година сугерираа дека приходите од глобалниот меѓународен пазар на безбедност беа околу 55,6 милијарди долари во 1990 година и се очекуваше да пораснат на 202 милијарди долари во 2010 година.[1134] [1135]

[1128] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.

[1129] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 605-622.

[1130] Jared Wilson Kramer, "*The common defense: challenging state authority and the citizen army through the privatization of force*," Master's thesis, San Diego State University, 2015, 14.

[1131] Alex Vines, "Mercenaries, Human Rights and Legality," in Abdel-Fatau Musah and J. 'Kayode Fayemi (eds.), *Mercenaries: An African Security Dilemma* (London: Pluto Press, 2000), 169-197.

[1132] A. K. O'Brien, "PMCs Myths and Mercenaries: The Debate on Private Military Companies," *The RUSI Journal* 145, no. 1 (2000): 59-64.

[1133] N. Florquin, "A Booming Business: Private Security and Small Arms," in *Small Arms Survey 2011*, ed. States of Security (Genèva: Graduate Institute of International and Development Studies, Cambridge University Press, 2011), 103.

[1134] Sebastian Marx, "Privatization in the European Security Politics - The sector of military services," *Research Unit EU Integration*, 2007, 7.

[1135] Anna Leander, "The Power to Construct International Security: On the Significance of Private Military Companies," *Millennium: Journal of International Studies* 33, no. 3 (2005): 803-825.

Сингер го проценува годишниот глобален приход на 100 милијарди долари, додека Даг Брукс ја става бројката на 20 милијарди долари.[1136] Во текот на последната деценија од минатиот век, повеќе од 100 (сто) ПВБК беа познати дека имаат операции во повеќе од 100 (сто) земји ширум светот.[1137] Друг извор посочува дека денес постојат стотици компании кои работат низ целиот свет, а вкупната вредност на индустријата се проценува на 200 милијарди долари.[1138] Во 2003 година, се проценува дека ПВК генерирале приход од над 100 милијарди долари.[1139]

Прегледот на Авант од 2005 година за пазарот на сила[1140], наведува дека Equitable Securities Corporation's (1997) го проектира пазарот за приватни „воени и полициски услуги“ на 56,6 милијарди американски долари во 1990 година и ќе достигне 202 милијарди долари во 2010 година. Авант се повикува на проекцијата на Сингер од 2003 година дека пазарот изнесува 100 милијарди долари во 2000 година и ќе се удвои до 2010 година. Сепак, проценатa на Сингер се заснова врз извештајот на Mutume од 1998 година, кој го цитира Vines од работен документ објавен во 1999 година, кој пак ја цитира Equitable Securities Corporation од 1997, што се чини дека сите овие процени се потпираат на еден извор. Најсигурниот заклучок е дека големината на пазарот на ПВК е непозната. Големината на пазарот за приватни воени услуги е тешко да се идентификува, но индустријата напредува и бележи особено силен раст во текот на временскиот период што се анализира во оваа теза.[1141]

Стокхолмскиот меѓународен институт за мировни истражувања во септември 2005 предвиде година дека бизнисот ќе се зголеми тројно во следните пет години, при што приходите од индустријата се очекува да достигнат 200 милијарди долари до 2010 година. Индустријата беше проценета во 2007 година на околу 139 милијарди долари и се предвидува да достигне 230 милијарди долари до 2015 година.[1142] Бонскиот институт наведува дека во 1998 година, меѓународната безбедносна индустрија вредела речиси 60 милијарди долари. Институтот предвиде дека индустријата ќе достигне вредност од 200 милијарди американски долари до 2008 година.[1143]

До 2010 година, индустријата значително порасна, достигнувајќи 200 милијарди долари годишен приход, развој што беше неспоредлив на крајот од 20-от век и почетокот на 21-от век.[1144] Секторот доживеа огромен раст во последниве години, а денес се проценува дека има околу 20 милиони приватни безбедносни работници во светот, додека индустријата вреди околу 180 милијарди долари. Според Форбс, до 2020

[1136] ISOA е основана во април 2001 година како Меѓународна асоцијација за мировни операции, или IPOA, од Даг Брукс по враќањето од нестабилната Сиера Леоне. Достапно на: https://stability-operations.org/ Пристапено на: 08.04.2024 година.

[1137] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 1.

[1138] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008).

[1139] P.W. Singer, "Peacekeepers, Inc.," *Policy Review* (2003): 59-70.

[1140] Deborah D. Avant, *The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005), 7-8.

[1141] Megan Lynn Becker, *To Build or To Buy: Understanding the Determinants of Security Privatization in Developing States*, PhD diss., University of California, San Diego, 2016, 36.

[1142] Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011), 40.

[1143] James Davis, *Fortune's Warriors: Private Armies and the New World Order* (Vancouver: Douglas & McIntyre Ltd, 2003), 28.

[1144] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 164.

година се очекува уште поголем пораст до 240 милијарди долари, вредност поголема од БДП на 100 држави, вклучувајќи ги и Португалија, Романија и Унгарија.[1145]

Зголемената побарувачка и понудата на ПВК услуги се случуваат во идеолошка рамка што ги дава приоритетите на пазарите и ефикасноста како главни критериуми за процена на прифатливоста на проектот. Ова беше од суштинско значење за успехот на приватната воена индустрија и за промовирање на концептот дека тие во суштина биле деловни активности што треба да се проценат врз основа на односот цена-квалитет исто како и секоја друга фирма.[1146]

Кидвел[1147] и Краман[1148] истакнуваат дека подемот на приватната безбедносна индустрија поврзан е со побарувачката и понудата. Сингер изјавува дека од 1994 до 2002 година, Министерството за одбрана на САД им додели над 3000 договори на приватни лица со седиште во САД, со проценета договорна вредност од 300 милијарди американски долари.[1149] САД денес одржуваат „влада во сенка“ со приближно 6 милиони контрактори, од кои половина работат за одбранбениот сектор.[1150]

Годишните безбедносни трошоци на Шел (Shell) за нејзините операции во Нигерија се проценува дека ќе надминат 120 милиони долари.[1151] Друг пример е компанијата како G4S со околу 635.000 работници во 125 различни земји и обрт од 7,4 милијарди фунти во 2010 година.[1152] [1153] Денес, приватната безбедносна индустрија се проценува на 200 милијарди американски долари, а големите светски компании како што се G4S и Securitas очекуваат дополнителен раст што не е нереален со оглед на тоа што се помалиот број задачи се смета за единствена привилегија на државните сили.[1154]

Аутсорсингот на државните воени функции на ПВБК, иницира од Велика Британија и САД во втората половина на 20 век, значително го поттикна проширувањето на комерцијалните воени безбедносни служби. Денес, САД и Велика Британија колективно доминираат со 75% од глобалниот пазар на приватни воени услуги, при што САД имаат околу 50%, а Велика Британија околу 25%.[1155] Шон

[1145] https://www.forbes.com/sites/niallmccarthy/2017/08/31/private-security-outnumbers-thepolice- in-most-countries-worldwide-infographic/#219af810210f Посетена на: 21.02.2023.

[1146] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 7.

[1147] Deborah C. Kidwell, *Public War, Private Fight? The United States and Private Military Companies* (Global War on Terrorism Occasional Paper 12, Fort Leavenworth, KS: Combat Studies Institute, 2005), 27.

[1148] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 11.

[1149] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 15.

[1150] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 87.

[1151] Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017, 2.

[1152] G4S, "Key Facts and Figures," *G4S*, [Online], Достапно на: http://www.g4s.com/en/Media%20Centre/Key%20facts%20and%20figures/, Пристапено на: 30.11.2023 година.

[1153] Daniel James Gough, *The Privatisation of Violence: An Examination of Private Military and Security Contractors and Their Effect on Sovereignty and Fundamental Rights in a Globalised World*, PhD diss., Birmingham City University, Faculty of Business, Law and Social Sciences, 2017, 2.

[1154] Andrea Schneiker and Elke Krahmann, "*Policy Paper on Private Military and Security Companies: Capacity Gained - Accountability Lost? Establishing a Better Political and Regulatory Framework*" (2016): 2.

[1155] Maria A. Nebolsina, "Private Military and Security Companies: A Theoretical Overview," *Russia in Global Affairs* 17, no. 2 (2019): 81.

Мекфејт сугерира дека одредени земји, како што се САД, станале толку зависни од приватните безбедносни служби што „повеќе не можат да војуваат без приватниот сектор“.[1156] Половина од светската популација живее во нации каде што бројот на приватни безбедносни работници го надминува бројот на државни полицајци, според истражувањето спроведено од Гардијан.[1157]

Според податоците на Конфедерацијата на европските безбедносни компании (CoESS), има дури 45.000 ПБК кои работат во 34 земји од кои 27 земји се земји-членки на Европската унија. Тие вработуваат нешто помалку од 2 (два) милиони лиценцирани стражари. Тие остваруваат вкупен годишен промет од преку 40 милијарди евра. Се проценува дека во светот има околу 25 милиони персонал за приватно обезбедување, што е за околу 300 отсто повеќе од пред дваесет години и тоа е добар показател за подемот на овој сектор на глобално ниво.[1158]

Компанијата Small Arms Survey неодамна објави истражување за растечкиот тренд на приватизација на безбедноста во 70 земји. Истражувањето покажа дека вкупниот персонал денес вработен во ПБК го надминува бројот на полицајци на глобално ниво. Поточно, во ПВБК вработени се 19.545.308 лица, додека бројот на полицајци е 10.799.059.[1159] Друга студија покажа дека ПВБК биле активни во 28 од 32 држави класифицирани како „пропаднати“.[1160] Севкупно, приватната безбедност се смета дека ја надминува јавната безбедност во најмалку 40 нации во светот.[1161]

Според бројките од Меѓународната асоцијација на операции за стабилност (ISOA), 85-95% од индустријата се состои од компании кои вршат логистички должности, како што се: транспорт, храна, чистење и изградба на базите.[1162]

Врз основа на ова, проценето е дека индустријата на ПВК ширум светот учествуваат со околу 100 милијарди долари на годишно ниво, со учество на повеќе од 50 земји.

Екстрактивната индустрија е од суштинско значење во овој дел од дисертацијата. Ова се должи на интервјуираните лица кои работат како контрактори на нафтените полиња во Ирак. ПВБК се еден од бројните актери кои обезбедуваат безбедносни услуги на компаниите за екстракција во сложените и нејасни безбедносни структури на индустријата.

Денес, екстрактивната индустрија е важна база од клиенти за ПВБК. Секторот има огромна економска моќ и значително политичко влијание, често поврзано со прашања околу пристапот до земјиштето и кршењето на човековите права врз

[1156] Sean McFate, "America's addiction to mercenaries," *The Atlantic*, 2016. Достапно на: https://www.theatlantic.com/international/archive/2016/08/iraq-afghanistan-contractorpentagon-obama/495731/ Пристапено на: 17.07.2023.

[1157] "The Industry of Inequality: Why the World Is Obsessed with Private Security," *The Guardian*, Достапно на: https://www.theguardian.com/inequality/2017/may/12/industry-of-inequality-why-world-isobsessed-with-private-security. Пристапено на: 24.06.2023 година.

[1158] Изнесените податоци се однесуваат за 2015 година. Достапно на: http://www.coess.org/stats.htm. Пристапено на 10.04.2023 година.

[1159] N. Florquin, "A Booming Business: Private Security and Small Arms," in *Small Arms Survey 2011*, ed. States of Security (Genèva: Graduate Institute of International and Development Studies, Cambridge University Press, 2011), 106.

[1160] Željko Branović, *The Privatisation of Security in Failing States - A Quantitative Assessment*, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), April 2011, 23.

[1161] Claire Provost, "The Industry of Inequality: Why the World is Obsessed with Private Security," *The Guardian* (London), May 12, 2017. Достапно на: https://www.theguardian.com/inequality/2017/may/12/industry-of-inequality-why-world-is-obsessed-with-private-security. Пристапено на: 13.06.2023.

[1162] Doug Brooks, "Are Contractors Military?" *JIPO Journal of International Peace Operations* 5, no. 5 (March-April 2010): 4.

локалните заедници. Во 2016 година, податоците покажуваат дека корпорациите за екстракција се меѓу ентитетите со најголема заработка во светот и значително ги надминуваат националните бруто домашни приходи на многу земји. Во 2018 година, 5 (пет) од првите 10 (десет) најголеми корпорации во светот по приходи беа компании за нафта и гас. Во минатото, компаниите од глобалниот север со операции во земји богати со ресурси на глобалниот југ доминираа во индустријата. Сепак, пазарот сега е разновиден, при што двете компании за екстракција со најголема заработка во светот моментално се од Кина, вклучувајќи го и CNPC (China National Petroleum Corporation) како што е споменато во анализата на работните места.

Во исто време, екстрактивната индустрија претставува главен извор на национални приходи и извоз за некои држави, особено тие на глобалниот југ. Светската банка посочува дека 22 држави, каде 10 од нив во Африка и ниту една на глобалниот север, зависат од природните ресурси за над 20% од нивниот бруто домашен приход. Приходите генерирани од екстрактивниот сектор често се поврзуваат со корупција и акумулација на богатство од страна на владејачките власти, наместо со подобрување на квалитетот на животот на општата популација. Екстрактивната индустрија е високо инвестициски сектор каде корпорациите имаат долгорочни обврски да работат во одредени области за да извлечат ресурси. Овие бизниси инвестираат милијарди долари во изградба, управување и водење проекти за екстракција. Тие, исто така, ангажираат значителен број персонал, вклучително и ангажираните од други земји, што може да има траен ефект врз локалните заедници. Тие се заинтересирани за обезбедување на безбедноста на нивните операции со користење на различни обезбедувачи на безбедност, особено приватна безбедност.

Државите може да им дадат приоритет на своите економски интереси пред локалните заедници и да ги гледаат противниците на проектите за екстракција како закана поради економските придобивки што произлегуваат од екстрактивната индустрија. Некои режими користат национални економски и безбедносни причини како основа за да го потиснат противењето на проектите за екстракција, како на пример со тоа што бранителите на правата на животната средина ги прават нелегални.

Студиите покажуваат дека земјите со изобилство со природни ресурси повеќе се склони кон долги вооружени конфликти и граѓански судири. Искористувањето на природните ресурси може значително да влијае врз развојот на динамиката на конфликти. Недржавните актери имаат поголема веројатност да имаат корист од артиклите кои лесно се ископуваат, како што се скапоцените камења или златото, бидејќи за нивно извлекување не е потребна напредна технологија, значителен капитал или специјализирано знаење. Од друга страна, ресурсите како нафтата и гасот, кои бараат физибилити студии, професионални тимови и модерна технологија, поверојатно е да бидат поволни за нациите. Поврзаноста помеѓу искористувањето на природните ресурси и вооружените конфликти е потврдена од Советот за безбедност, со настаните во Ангола, Сиера Леоне, Либерија и ЦАР, настани кои резултираа и со имплементација на различни национални и регионални регулативи во врска со „конфликтните минерали“.[1163]

[1163] United Nations, *Relationship between Private Military and Security Companies and the Extractive Industry from a Human Rights Perspective*, Report of the Working Group on the Use of Mercenaries as a Means of Violating Human Rights and Impeding the Exercise of the Right of Peoples to Self-Determination, A/HRC/42/42, General Assembly, 2019, 7.

6.3. Предизвиците на приватизацијата врз воената професија и армиите

Влијанието на приватизацијата врз армиите е централно прашање низ целата дисертација. Предизвиците дискутирани во претходните поглавја не се нови, односно тие имаат историска основа. Согледавме дека многу од нив влечат корени уште од Студената војна. Војската, како круцијална компонента на државата, треба да процени и да избере кои одговорности и функции треба да се приватизираат, а кои не треба, имајќи ги предвид приоритетите на националната безбедност и јавноста. Во текот на изминатите две децении опсегот на воените основни функции кои не смеат да се отфрлат постепено се намалуваше.[1164] Влијанието на ПВК врз вооружените сили е политички и стратешки критериум за процена. Влијанието врз војската може да има долгорочен ефект и да ја обликува надворешната политика на една држава.

Глобализацијата во воениот сектор доведе до вклучување во многу меѓународни воени интервенции, изложувајќи ги армиските трупи пред странски приватни субјекти. Бизнисот со контрактори обезбеди нови можности за работа за незадоволните воени и полициски службеници. Сепак, сè додека има војни, ќе има и побарувачка за воена експертиза. Исто така, ПВБК не обезбедуваат само приватизирани војници, туку и низа услуги поврзани со војната.[1165]

Воената институција традиционално негува чувства на патриотизам и лојалност кон државата, улога која се намалува бидејќи приватните даватели на воени и безбедносни услуги привлекуваат многу од нив потенцијални регрути кои инаку би се приклучиле во војската. Улогата што ја игра војската во регрутирањето нов персонал е од клучно значење за поттикнување и одржување силни односи меѓу војската и заедницата. Регрутирањето поединци во војската ја зајакнува врската помеѓу државата и заедницата поради истакнатата улога на војската во државата. Во оваа смисла, „одржувањето на врската меѓу заедницата и војската е важно од две меѓусебно поврзани причини. Тоа значи дека владите мора да ја оправдаат употребата на војската за јавноста и дека владите немаат целосна контрола врз перцепцијата на јавноста и реакцијата на војната“.[1166] Намалување на оваа врска ја прави заедницата помалку заинтересирана за активностите на војската и го заобиколува цивилниот надзор и критика за државните операции во странство, особено кога државата ја зголемува употребата на ПВБК, компании кои честопати не се поврзани со заедницата.

Факт е дека војската инвестира многу повеќе во образование и обука за лидерство наместо приватниот сектор. Војската треба да процени дали зголемената употреба на приватни воени контрактори создава конкуренција за нејзините најдобри луѓе.[1167] Кристофер Пол тврди дека ние одржуваме војска составена од високо обучена, технички умешна и добро компензирана група професионалци, бидејќи како нација, признаваме дека војувањето неверојатно е тешка предизвикувачка вештина која бара специјализирана експертиза. Неразумно е да им се дозволи на тие кои не се дел од

[1164] Elke Krahmann, "The New Model Soldier and Civil-Military Relations," in Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini, eds., *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relations* (United States: Routledge, 2008), 250.

[1165] Molly Dunigan, *Considerations for the Civilian Expeditionary Workforce* (Santa Monica, CA: RAND, 2012).

[1166] Jessica Wolfendale, "Comparing National and Private Militaries," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relationships*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 217.

[1167] Paul R. Verkuil, *Outsourcing Sovereignty: Why Privatization of Government Functions Threatens Democracy and What We Can Do About It* (Cambridge: Cambridge University Press, 2007), 174.

професијата да носат технички одлуки за тоа како треба да се управува со сила за време на обука или на бојното поле.[1168]

Дополнително, кога се ангажираат ПВФ за извршување на должностите кои обично ги извршува националната војска, цивилниот режим може да го смета ова како „недоверба“ на сопствената војска.[1169] Ова може да предизвика револуционерните актери да веруваат дека е дојдено нивното време, што резултира со конфликт и, на крајот, промена на режимот. Воената обука е подложна на истите опасности. Мора внимателно да се постапува со „престижот, автономијата или корпоративните интереси на локалната војска“ за да се спречи несогласувањето и од националните сили и од цивилното население.[1170]

Абот забележува дека општествените трендови се водечки професии и организации во различни насоки, што резултира со опаѓање на традиционалниот концепт на кариера во повеќето занимања, освен војската. Тој тврди дека капацитетот на формалните занимања да ги балансираат спротивставените барања на војската како професија и војската како организација, се намалува. Армијата претрпува приспособувања слични на тие што се гледаат во производствените организации и професии. Различноста на овие тенденции значително ги затегна напорите на Армијата да го задржи својот двоен идентитет и како организација и како професија. Формално-образованите кариери се клучни за армијата да го балансира својот идентитет и како организација и како професија. Искуството и концептот на кариера се намалуваат кај работната сила. Воените офицери, свештенството и професорите се меѓу ретките чувари.[1171]

Приватизирањето на безбедноста создава сценарио каде субјектите за јавна безбедност се во конфликт со приватните безбедносни субјекти. Ова не само што создава ривалски безбедносно-воени структури, туку го менува и балансот на моќ помеѓу јавните и приватните актери. Заклучокот е дека идното управување со колективното насилство се менува кон поголемо партнерство помеѓу приватниот и јавниот сектор, при што првиот добива поголема контрола, моќ и влијание врз тоа како јавната безбедност се обезбедува на глобално ниво.[1172] Како што беше и претходно напомнато, Мандел сугерира дека приватизацијата на безбедноста може ненамерно да доведе до милитаризација на владините полициски сили за да се совпадне со зголемените нивоа на принуда, што на крајот ќе поттикне високо милитаристичко општество.[1173] Друга поделба може да доведе до откажување на воениот и полицискиот

[1168] Paul Christopher, *The Ethics of War and Peace: An Introduction to Legal and Moral Issues*, 2nd ed. (Upper Saddle River, N.J.: Prentice Hall, 1999), 210.

[1169] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 197.

[1170] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 200.

[1171] Andrew Abbott, "The Army and the Theory of Professions," in *The Future of the Army Profession*, edited by Don M. Snider and Gayle L. Watkins (Boston: McGraw-Hill, 2002), 530-531. Ширењето на ПБК кои регрутираат високи воени офицери, особено од силите за специјални операции, има потенцијал да ја промени способноста на војската да развие долготрајни траектории во кариерата. Според логиката на Абот, ова може сериозно да ја наруши способноста на војската да ги усогласи своите двојни улоги како организација и професија.

[1172] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 78.

[1173] Robert Mandel, "The Privatization of Security," *International Students Association*, *CIAO*, March 2000, 7. Пристапено на: 26.05.2023 година. Достапно на: http://www.ciaonet.org/isa/mar01.

персонал од својата одговорност за безбедноста на државата и нејзините жители во корист на остварување профит.[1174]

Приватизацијата на војувањето ќе продолжи и понатаму да ја ослабува врската меѓу вооружените сили и општеството, процес кој е започнат со укинувањето на задолжителниот воен рок во повеќето западни земји. Транзицијата кон целосно доброволни сили се смета за недостапна и неконзистентна со одржувањето на компетентна и модерна војска.[1175] Многу земји преминаа од систем на воена регрутација во целосно доброволни сили во втората половина на 20 век. Јавното расположение кон војската е вообичаено позитивно, при што повеќето земји покажуваат поддршка. Сепак, постои мала желба меѓу цивилите да се пријават во вооружените сили за себе или за своето семејство. Владите мораа да ја земат предвид оваа промена во јавното мислење кога развиваат надворешни политики на кои им е потребен воен ангажман.[1176] ПВБК носат нови барања за професионален статус и легитимитет надвор од воените институции и претставуваат зголемена дифузија на конкуренцијата над воената и безбедносната експертиза.

Со изобилство на компетентни трупи достапни за ангажирање во приватниот воен сектор и тековниот процес на професионализација на војските сè уште не е завршен, се јавува загрижувачко сценарио за глобалната безбедност во новиот милениум. Исто така, согледавме дека националните влади кои им ги отстапуваат клучните функции за национална безбедност на приватните актери го прават тоа врз основа на очекувањата дека договорите ја подобруваат ефикасноста.[1177] [1178] Имаше бројни аргументи за и против тоа.

Во следниов дел, хипотезите ќе бидат евалуирани и дискутирани врз основа на шест поднаслови, и тоа: Ефектите од приватизацијата на војувањето врз автономијата на армиите; Ефектите од приватизацијата врз одливот на персонал од армиите; Ефектите од приватизацијата врз способноста за војување на армиите; Ефектите од приватизацијата врз професионализацијата на армиите; Ефектите од приватизацијата врз воената професија и Ефектите врз цивилно-воените односи и државната контрола на силите.

6.3.1. Ефектите на приватизацијата на војувањето врз автономијата на армиите

Наодите сугерираат дека воените активности не можат да се спроведуваат од приватни субјекти бидејќи оваа одговорност припаѓа на државата поради монополот кој го поседува. Сепак, можеме да кажеме дека некои функции и задачи се преземаат од армиите, односно се ремилитаризираат. Со тој процес, армиите губат одредени знаења и вештини. Покрај губењето, армиите губат време за повторно создавање, а што е полошо стануваат зависни од приватниот сектор. Зависноста од некого може да доведе

[1174] Michelle Small, "Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-State in Africa South Africa," *The African Center for the Constructive Resolution of Disputes (ACCORD) Occasional Paper Series* 1, no. 2 (2006): 16.
[1175] Bernard Rostker, *I Want You! The Evolution of the All-Volunteer Force* (Santa Monica: RAND Corporation, 2006), 5.
[1176] Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 169.
[1177] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011).
[1178] Anna Leander, "The Market for Force: The Consequences of Privatizing Security," *Journal of International Relations and Development* 11, no. 1 (2008): 75–77.

до недостатоци, како несоодветно однесување, одбивање задачи и нивно извршување. Оваа ситуација претставува закана за војниците и самиот успех на операцијата.[1179]

Аутсорсингот е делумно одговорен за оваа ситуација. Посебно загрижувачки е аутсорсингот на специфични вештини. Оваа ерозија не е резултат од неспособноста на војската. Виновникот е аутсорсингот и зголемената употреба на вооружени контрактори. Според Џејн Мајер уште во 2009 година, дека како се приватизира логистичката поддршка, така на крајот експертизата ќе мигрира во приватни раце. Слично на тоа, самата војна станува сè потехнолошка. ПВК изгледаат како да ја надгледуваат интеграцијата на „технологиите кои не се достапни на полица“ и ја унапредуваат технологијата со побрзо темпо отколку што војската може да го подобри сопственото владеење. Таа како пример ја наведува приватизацијата на дронови, припишувајќи ја на значителниот пораст на нивната употреба и побарувачка.[1180] Во дискусијата учествуваат и други автори, кои изразуваат загриженост за влијанието на аутсорсингот врз редовните вооружени сили. Експертите забележаа дека војската често го губи капацитетот да управува со некоја услуга, што доведува до избор за нарачка на услуги, кој е речиси неповратен. Снабдувањето со воени услуги на ПВК често ги попречува нормалните војници да пристапат до обука и експериментални можности. Оваа склоност може да го зголеми ризикот од губење вештини и експертиза клучни за основните мисии. Затоа, иронично е што поголемиот дел од ПВК зависат од поранешни воени лица. Доколку ПВК го ограничат растот на квалификуван воен персонал, тоа би можело да влијае врз квалитетот на ПВК.[1181]

Дополнително, аутсорсингот на одредени услуги може да доведе до тоа војската повеќе да не може да испорачува одредени услуги, што ќе доведе до зависност од приватни компании кои ја нудат услугата со поголема цена и послаб квалитет. Приватизацијата не обезбедува автоматски квалитет или намалување на трошоците, но конкуренцијата е главната компонента која обезбедува ефикасност. Сепак, активностите поврзани со армиите ја прават тешко одржлива конкуренцијата. Динамиката е следна: Кога се доделува договор на приватен субјект, државата ги губи внатрешните способности и знаење. Ова има двојни последици: Прво, тоа укажува на тоа дека државата ја губи способноста да им конкурира на приватните контрактори, што доведува до монопол. Второ, тоа значи дека државата не е во можност да ги спроведува или следи договорите заради недостаток од експертиза во услужните одредници.[1182] ПВБК може ефективно да обезбедат краткорочни решенија, но изгледаат помалку способни да ја подобрат целокупната безбедност на долг рок, што е една од основните цели на градењето на мирот.[1183]

6.3.2. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз способноста за војување на армиите

Контракторите можат да ја загрозат воената способност за војување со намалување на воениот професионализам. Се појавува натпревар помеѓу двата

[1179] Ulrich Petersohn, *Privatising Security: The Limits of Military Outsourcing*, CSS Analysis in Security Policy, No. 80 (Zurich: Center for Security Studies, ETH, 2010), 1-2.

[1180] Jane Mayer, "The Predator War," *The New Yorker*, October 26, 2009. Пристапено на: 16.11.2023 година. Достапно на: http://www.newyorker.com/reporting/2009/10/26/091026fa_fact_mayer.

[1181] F. Camm and V.A. Greenfield, *How Should the Army Use Contractors on the Battlefield? Assessing Comparative Risk in Sourcing Decisions* (Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2005), 169-172.

[1182] Christa Moesgaard, "Private Military and Security Companies – From Mercenaries to Intelligence Providers," *DIIS Working Paper* 2013:09, 2013, 15.

[1183] Tom de Groot and Salvador Santino F. Regilme Jr., "Private Military and Security Companies and The Militarization of Humanitarianism," *Journal of Developing Societies* 38, no. 1 (2022): 54.

ентитети за традиционалните улоги што ги извршува војската. Приватните фирми плаќаат прекумерно високи плати на вработените со договор за вештини слични на тие што ги вршат професионалци војници за нивната воена плата, односно подобри плати и бенефиции за релативно сличен или помал ризик за повреда или смрт.[1184] Договорните фирми можат да ја оштетат воената подготвеност и одржливост со ангажирање воен персонал од војската. Резултатот од тој натпревар го оштетува воениот професионализам неопходен за воена ефикасност. Влијанието на контракторот врз способноста за војување често се фокусира на легитимноста на контракторите на бојното поле.[1185]

Претходните студии откриј дека заедничкото распоредување на ПБК заедно со државните воени сили може да има негативно влијание врз распоредените сили. Ова негативно влијание ја попречува кохезијата на единиците. Ова се јавува поради повеќе причини. Како што посочува Келти: „Со зголемувањето на цивилните договори, особено контракторите кои работат заедно со војниците и извршуваат слични (или барем споредливи) должности, мошне истакнатите аспекти на нечија работа веројатно ќе станат точки на социјална споредба помеѓу членовите на службата и цивилните контрактори со кои работат. На пример, може да се очекуваат социјални споредби[1186], особено во однос на платата, бенефициите, автономијата, нивото или ризикот од повреда и смрт и влијанието на нечие вработување врз семејството“.[1187] Факт е дека социјалната основа на професијата е поткопана од развојот на неолибералниот капитализам.[1188] Таму каде што се смета дека приватните воени контрактори се подобро платени, имаат подобра опрема, се претпочитани советници во владата и се сметаат за поспособни, тоа неизбежно предизвикува пад на чувството за самопочит и статус на војниците.[1189]

Линдер забележува дека воената доктрина и стратегија е нагло развиена и раширена низ приватните фирми. Примарната причина за ова е широко препознаена. Скоро сите припадници кои работат за ПВБК се поранешни воени лица. Како што се забележува, повеќето воени политики „се прават во политички процес кој вклучува

[1184] Ryan Kelty, "Citizen Soldiers and Civilian Contractors: Military Outsourcing, Unit Cohesion, and Retention Attitudes," in *Proceedings: 7th Biennial DEOMI Equal Opportunity, Diversity, and Culture Research Symposium* (Patrick Air Force Base, 2009), 154-174.

[1185] Wyman E. Shuler, III, *Generals in Three-Piece Suits - Contractors in Camouflage: A Critical Assessment of Contractors in Iraq*, PhD diss., Old Dominion University, 2008, 8.

[1186] Во основата на социјалните споредби се прашањата за потенцијално триење помеѓу воениот и ПВК идентитет. Тие се објаснуваат во литературата за професиите и за цивилно-воени односи. И двете литератури истакнуваат свои аргументи за конститувните норми и општествени цели околу ориентацијата на воениот и ПВК идентитетот.

[1187] Ryan Kelty, "Citizen Soldiers and Civilian Contractors: Soldiers' Unit Cohesion and Retention Attitudes in the 'Total Force,'" *Journal of Political & Military Sociology* 37, no. 2 (2009): 133–159.

[1188] Дандекер накратко посочува како во ерата на неолибералниот капитализам, акцентот на пазарот во обезбедувањето стоки и услуги влијае на традиционалната база на моќ на професиите, вклучително и воената професија. Повеќе во: C. Dandeker, A farewell to arms? The military and the nation-state in a changing world. In J Burk (ed), *The military in new times: adapting armed forces to a turbulent world*. Boulder: Westview Press, 1994. Цитиран во: Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 82.

[1189] Lindy Heinecken and Michon Motzouris, "The Effect of Private Security on National Armed Forces' Capacity and Capabilities," in Sabelo Gumedze (ed.), *Merchants of African Conflict: More than Just a Pound of Flesh* (Pretoria: Institute for Security Studies, 2011), 85.

прилично тесен сет од поединци и институции. Сепак, јасно е важно чиј глас може да се слушне и на кого му е дозволено да го обликува овој процес.“[1190]

Понатаму, приватните контрактори се користат за да помогнат во пишувањето на воената доктрина, вклучувајќи ја доктрината во областа на вработувањето.[1191] Поборниците на ПВК, како што е Карафано, предупредуваат за попуштање на контролата на професионалната војска врз сопственото образование, особено кога образованието се однесува подготвувајќи се за следната војна. Тој пишува: „Војската има мисија. Тоа е задача на војската да размислува за иднината на војната. Меѓу задачите што војската не може да ги исполни е одговорноста за соочување со иднината на војната.“[1192]

Авант посочува една заедничка точка, односно „употребата на контрактори за задачи кои се клучни и за развојот на професијата во иднина и за успехот на новите мисии создава конкуренција меѓу армијата и ПБК околу тоа кој ќе го обликува развојот на идните професионалци и ја деградираше способноста на армијата сама да презема успешни мисии“.[1193]

Една од традиционалните обврски на воената професија е давање воени совети на цивилната власт, односно на владата.[1194] Оваа советодавна позиција вклучува практична евалуација за тоа дали употребената воена сила и избраната воена стратегија можат да ги постигнат зацртаните политички цели и по која цена. Политичкото раководство има слобода да ги прифати или игнорира воените препораки. Сепак, воената професија ја задржува својата советодавна улога. Тие не се гласни на јавен или активен начин (иако може да има можности каде што треба да бидат). Врз основа на нивната експертиза, советите дадени од военото раководство генерално имаат голема тежина.[1195]

За крај, Сингер ја истакнува екстремната перспектива која го нагласува значењето на „воениот корпоративен дух“, автономијата и престижот за морал. Ако тие бидат загрозени, тоа може да биде поттик за акција против сопствениот режим.“[1196]

[1190] Anna Leander, "Chapter 3: Regulating the Role of Private Military Companies in Shaping Security and Politics," in *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies*, edited by S. Chesterman and C. Lehnardt (New York: Oxford University Press, 2007), 51.

[1191] Повеќе во FM 3-100.21, Контрактори на бојното поле и FM 4-100.2, Договорна поддршка на бојното поле. Исто така, повеќе за влијанието на приватизацијата врз военото образование со осврт на САД во: David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 297.

[1192] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 205. Во: David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 297.

[1193] Deborah Avant, "Losing Control of the Profession Through Outsourcing?" in *The Future of the Army Profession*, edited by Don M. Snider and Lloyd J. Matthews (Boston: McGraw Hill, 2005), 272.

[1194] Anna Leander, "Chapter 3: Regulating the Role of Private Military Companies in Shaping Security and Politics," in *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies*, edited by S. Chesterman and C. Lehnardt (New York: Oxford University Press, 2007), 55.

[1195] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 309.

[1196] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 198.

6.3.3. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз професионализацијата на армиите

Соодветноста на нивото на професионализам на воениот персонал се поврзани со зголемената претпочитаност на државите да користат приватни даватели на безбедност и воени услуги. Зголемената употреба на ПВБК се припишува на нивната ефикасност и способност да работат во опасни средини. ПВБК и нивните вработени понекогаш споделуваат карактеристики со воените професионалци, како што се: идеи за лојалност, професионализам и етос.[1197] Некои научници сугерираат дека професионалниот воен персонал не е толку вешт како приватните контрактори. За разлика од војската, ПВБК се базираат на различна форма на организација, односно на деловната корпорација за да ги обликуваат професионалните барања и на тој начин да се сметаат за „легитимни парапрофесионалци“.[1198] Вреди да се испита како тековното ривалство меѓу двете групи влијае врз процесот на професионализација. Хантингтон и Јановиц ја нагласуваат важноста од потчинување на војската и полицијата на државата, како и зголемување на професионализмот за одржување на цивилната контрола врз јавната безбедност и воените сили.[1199] [1200]

Високото ниво на професионализмот буди чувство на должност и воената култура да и служи на државата.[1201] Понатаму, во рамките на професионализираната војска, редовните национални војници одвратени се од предавство и револт со комбинација од патриотизам, лојалност на единицата и страв од казна.[1202] Спротивно на тоа, ПВБК не се под надлежност на некој надреден субјект кој може да врши контрола над нив, за разлика од професионалната армија. Ниту ПВБК, ниту персоналот што го ангажираат не се придржуваат до овој процес на професионализација. Безбедносните и воените професионалци кои применуваат насилство и принуда во својата работа треба да дадат приоритет на служење на државата и заштита на правата на граѓаните. ПВБК и нејзините професионални работници, без потчинување на државата и доволно управување и надзор, покажаа значителна закана за стабилноста на државата, заштитата на цивилите и унапредувањето на човековите права. Тимовите на контракторите и назначените воени единици потекнуваат од две натпреварувачки племиња, што ја попречува способноста да се одржи конзистентноста меѓу силите и да се демонстрира потребната поддршка на единицата за одржување на борбите.[1203] Треба да има јавна одговорност за воена акција, а понекогаш и за воена неактивност.[1204] Во денешно време, членовите на воената професија се потпираат врз многу специфична експертиза и знаење, стекнати преку специјализирана обука и образование, чиешто

[1197] Volker Franke, "Contractor Identity: Military Professional Practice and the Evolution of the Modern Soldier," in *Private Military and Security Contractors: Controlling the Corporate Warrior*, 265-290, edited by Gary Schaub and Ryan Kelty (Lanham, Maryland: Rowman & Littlefield, 2016), 269-270.

[1198] Katherine E. McCoy, "Organizational Frames for Professional Claims: Private Military Corporations and the Rise of the Military Paraprofessional," *Social Problems* 59, no. 3 (2012): 338.

[1199] Повеќе во: Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957).

[1200] Peter Feaver, "The Civil-Military Problematique: Huntington, Janowitz, and the Question of Civilian Control," *Armed Forces & Society* 23, no. 2 (1996): 158–167.

[1201] Lindsay Cohn, *It Wasn't in my Contract: Security Privatization and Civilian Control of Policy* (Duke University: Johns Hopkins SAIS Center for Transatlantic Relations, 2010), 10.

[1202] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 165.

[1203] Jared Wilson Kramer, "*The Common Defense: Challenging State Authority and the Citizen Army through the Privatization of Force*", Master's thesis, San Diego State University, 2015, 16.

[1204] Michael Walzer, "Mercenary Impulse," *The New Republic*, March 2008. Достапно на: https://newrepublic.com/article/62864/mercenary-impulse. Посетена на: 24.04.2023.

јадро се однесува на примената и управувањето со организирано насилство од големи размери. Традиционалната воена јурисдикција е војувањето, но во многу случаи ова се прошири на управувањето со националната одбрана, меѓународното миротворство, градењето на мирот, помошта при катастрофи и пошироко. Врз основа на тоа, легитимноста на војската се заснова врз прифаќањето на нејзината експертиза од клиентите (т.е. влади), партнери (на пр. други воени сили или ПВБК) и поширокото општество (популарна поддршка). Во основата на таквата политичка и народна поддршка стои и ставот дека примената на воената експертиза е етички и правно издржана.[1205]

Современиот офицерски кор е високо професионално тело. Поседува уникатна експертиза, корпоративност и одговорност. Постоењето на оваа професија има тенденција да имплицира, а практикувањето на професијата има тенденција да предизвика меѓу нејзините членови, карактеристичен поглед на меѓународната политика, улогата на државата, местото на силата и насилството во човековите работи, природата на човекот и општеството и односот на воената професија кон државата.[1206] [1207]

6.3.4. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз цивилно-воените односи и државната контрола на силите

Приватизацијата на војувањето има потенцијал да го промени составот на инструментите на сила и заштита, а со тоа и основата за јавна или државна контрола. Со други зборови, ги трансформира цивилно-воените односи со воведување дополнителна, комерцијална компонента во односот помеѓу државата и инструментите на насилство, што ефективно ги прави овие односи посложени. Линдер го привлече вниманието со сугестијата за односи помеѓу ПБК и војската, односно цивилни-ПБК односи.[1208] Важно е да се вклучат врските ПБК-воени во истражувањето за приватизацијата на безбедноста, заедно со цивилно-воените и цивилните-ПБК односи.

Аутсорсинг услугите во воените сили може да има позитивно и негативно влијание врз односите. Приватизирањето на активностите за поддршка ги наведува војниците да се фокусираат исклучиво на борбена обука и воени операции, интензивирајќи ја нивната организациска култура и дополнително одвојувајќи ги од општата култура на општеството. Цивилните контрактори кои влегуваат во воени средини, како што се: касарните, воените бази и оперативните области, ги зголемуваат интеракциите помеѓу воениот и цивилниот сектор, поттикнувајќи ги нивните односи. Аутсорсинг услугите и го прошируваат и го намалуваат културниот јаз помеѓу војската и цивилната средина.[1209]

Кристофер Пол забележува дека членовите на воената професија имаат „длабока посветеност на специфичен збир од апстрактни вредности и принципи што ја

[1205] Don M. Snider, "The U.S. Army as Profession," in *The Future of the Army Profession*, 2nd ed., eds. Don M. Snider and Lloyd J. Matthews (Boston: McGraw-Hill, 2005). Цитиран во: Joakim Berndtsson, "The Market and the Military Profession: Competition and Change in the Case of Sweden," *Defense & Security Analysis* 35, no. 2 (2019): 190.

[1206] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 7-9.

[1207] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 278.

[1208] Anna Leander, "Chapter 3: Regulating the Role of Private Military Companies in Shaping Security and Politics," in *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies*, edited by S. Chesterman and C. Lehnardt (New York: Oxford University Press, 2007), 50.

[1209] Erik Kopač, Maj Fritz, and Maja Garb, "Vojaška privatizacija in Slovenija," *VARSTVOSLOVJE* 16, no. 3 (2004): 248.

дефинираат професијата“. Понатаму, „членовите на професијата ги прифаќаат [овие] вредности кои се специфични за нивната професија како пофундаментални од другите вредности. [на пример, на Хипократова заклетва.]“[1210] Јановиц го истакнува влијанието на историјата и традицијата во поттикнувањето силно чувство за припадност на професијата и нагласува дека посветеноста кон членството во професијата повлекува и обврска кон општеството.

Зголемената употреба на ПВК има влијание врз цивилно-воените интеракции во две специфични области. Прво, практиката на користење вработени на пазарот го предизвикува идеалот на професијата за нејзините општествени обврски кон државата. Второ, употребата на ПВК, иако можеби помалку мерлива, влијае врз начинот на размислување на војската. Професионалниот идентитет на војникот може да се промени врз основа на тоа како тие го воспоставуваат. Цивилно-воените односи на воената професија вклучува одговорности кои не се само работа поради нејзината должност кон општеството што го штити. Професионалната војска гледа на тоа како на професија или кариера што не треба да биде поврзана или под влијание на економските активности. Овој холистички поглед на воената професија како професија, немотивирана од финансиска добивка, делумно се заснова врз теорија. Хантингтон истакнува дека финансиската корист не треба да биде главната цел на професионалните поединци. Професионалниот надомест обично само делумно се определува со пазарење на отворен пазар и регулиран е со професионални обичаи и закони.[1211] Паричните награди би можеле да работат најефективно за офицерите ангажирани како воени технолози. Дури и ако платите стануваат навистина конкурентни, системот на стимулации нема нужно да ги произведе потребните перспективи и професионални обврски.[1212] За да бидеме чесни, приватната сила може да биде ефективна, особено на краток рок. Сепак, прашањето за ефективноста може да биде извалкано од историската пристрасност против ангажирањето приватни сили воопшто.[1213]

ПВК, како корпоративни ентитети, водени се од финансиски стимулации, кои потенцијално би можеле да се судрат со потребите на општеството. Професионалната војска постои за да го заштити општеството кога се соочува со закана. ПВК, од друга страна, се чини дека бараат конфликт со цел да се направи профит. Во спротивно ќе треба да преминат во друга индустрија. Контракторите се ограничени со норми на однесување кои ги спречуваат да даваат приоритет на профитот пред патриотизмот, спротивно на тоа што може да го претпостават критичарите. Тие се овластени од нормите кои Адам Смит првично ги замислил како најефективни насоки за морално однесување во регулирањето на слободниот пазар, кодови кои се под влијание и потекнуваат од просветлен личен интерес.[1214] Просветниот личен интерес може да бара непочитување на доброволниот код на ПВК бизнисот во корист на приоритет на профитот над патриотизмот. Глобализацијата на ПВК индустријата ќе доведе до договори каде се судираат различни интереси. Линдер истакнува дека е неизвесно дали организациската култура на ПВК се усогласува со професионалната култура на јавните вооружени сили за која се залагаат нациите. Разликата е во тоа што во јавните

[1210] Paul Christopher, *The Ethics of War and Peace: An Introduction to Legal and Moral Issues*, 2nd ed. (Upper Saddle River, N.J.: Prentice Hall, 1999), 212-213.
[1211] Samuel P. Huntington, *The Soldier and the State: The Theory and Politics of Civil–Military Relations* (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 1957), 9.
[1212] Morris Janowitz, *The Professional Soldier: A Social and Political Portrait* (Glencoe: Free Press, 1960), 422.
[1213] Sarah Percy, "Morality and Regulation," in S. Chesterman and C. Lehnardt (eds.), *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies* (New York: Oxford University Press, 2007), 77.
[1214] James Jay Carafano, *Private Sector, Public Wars: Contractors in Combat-Afghanistan, Iraq, and Future Conflicts* (Westport, Conn.: Praeger Security International, 2008), 165.

вооружени сили постои институционална култура која го санкционира овој вид лошо однесување. Далеку од јасно е дека ПВК имаат нешто слично на ова, ниту е јасно дека се прават обиди за да им се наметне на фирмите.[1215]

Преиспитувањето или замената на професионалните вредности со профитни мотиви може да ја намали посебната позиција на воените професионалци и да го промени односот на војската со општеството. Фокусирајќи се на прашањето за државната контрола, приватизацијата за безбедноста може да се толкува преку концептот на Питер Фејвер за „цивилно-воена проблематика“[1216] или тоа што Сингер го опишува како „рамнотежа на војникот и државата“.[1217] [1218]

6.3.5. Ефектите од приватизацијата на војувањето врз одливот на персоналот од армиите

Наодите во овој дел имаат важни теоретски и политички импликации. Овој дел ќе даде дополнителни објаснувања за тоа како приватизацијата на војската и ПВБК влијаат врз одливот на персонал од армиите. Презентираните податоци ќе покажат дека конкуренцијата од ПВБК влијае врз работата и одливот. Ефектите ќе бидат анализирани во 3 (три) потточки, односно: регрутирање, мотивација, специјални сили и обука.

Авторите, особено тие кои се критички настроени кон ПВБК, жалат за значителната миграција на квалификуван и стручен кадар во приватниот сектор. Вреди да се одбележи дека во воено-индустрискиот комплекс беше официјализирана врската помеѓу приватниот сектор и одбранбениот сектор. Ова доведе до тоа поединци од светот на бизнисот да станат резервни офицери и да се приклучат на советодавните комитети за воени прашања, додека високите воени офицери се преселија на највисоките раководни позиции на приватните корпорации.[1219] Тоа е особено видливо во САД каде преовладува синдромот на “ротирачка врата“ каде што персоналот се движи помеѓу владата, индустријата и војската.[1220] Сингер иронично истакнува дека: „ПВФ ја продаваат уникатната експертиза што нивните вработени ја добиваат од службата во војската која е јавно финансирана.“[1221] Употребата на ПВБК придонела за воен „одлив на мозоци“,[1222] кој е штетен за воениот морал и дисциплина и го нагризува карактерот на граѓанинот-војник.

Регрутирање. ПВК инвестираат многу во регрутирањето ветерани поради нивната посебна вештина што ја посакуваат глобалните корпорации и влади, како и

[1215] Anna Leander, "Chapter 3: Regulating the Role of Private Military Companies in Shaping Security and Politics," in *From Mercenaries to Market: The Rise and Regulation of Private Military Companies*, edited by S. Chesterman and C. Lehnardt (New York: Oxford University Press, 2007), 62.
[1216] Peter Feaver, "The Civil-Military Problematique: Huntington, Janowitz, and the Question of Civilian Control," *Armed Forces & Society* 23, no. 2 (1996): 158–167.
[1217] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 196.
[1218] Joakim Berndtsson, *The Privatisation of Security and State Control of Force Changes, Challenges and the Case of Iraq*, PhD diss., Peace and Development Research School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009, 8.
[1219] Josip Sajko and Robert Mikac, "Privatizacija sigurnosti kao trend novog doba: privatna industrija sigurnosnog sektora kao integralni dio nacionalne sigurnosti SAD-a," *Polemos* 12, no. 23 (2009): 58.
[1220] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 90.
[1221] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 205.
[1222] Michael N. Schmitt, "Humanitarian Law and Direct Participation in Hostilities by Private Contractors or Civilian Employees," *Chicago Journal of International Law* 5, no. 2 (2005): 511–546.

непречената транзиција што ја нудат на поранешниот воен персонал кој влегува во приватниот сектор. Високите воени офицери кои преминуваат во приватната одбранбена индустрија може да влијаат врз новите регрути нудејќи подобри можности за кариера и попозитивен поглед на работата за приватизираните сили.[1223]

Повеќето вработени во ПБК всушност се пензониран персонал од војската на нивните матични држави. Тие се често офицери од средно ниво отколку генерали, кои работат на позиции на ПБК многу слични на нивните претходни што ги вршеле во војската. Тие нудат воена обука, опрема и експертиза на различни клиенти без директно да се вклучат во борба.[1224] Овие пензионирани функционери можат да ги искористат своите претходно воспоставени контакти за да влијаат врз надворешната политика во корист на нивните бизниси.

Шауб и Франке објаснуваат дека фирмите во оваа индустрија користат корпоративен бизнис модел за да привлечат и задржат поранешен воен персонал, да воспостават организациски структури за креирање процедури, доктрини и иновации и, следствено, да обезбедат различни способности кои ја надминуваат само тактичката поддршка во војската Покрај тоа, тие споменуваат дека многу компании имаат модел на персонал со малку вработени со полно работно време и базен од специјализирани професионалци достапни за договорна работа.[1225]

Приватните безбедносни компании како тие што се вработени во Блеквотер обично регрутираат преку вмрежување, првенствено насочени кон поединци од групите на специјалните сили. Тие можат да користат обука и вештини за специјални сили за да се позиционираат како конкурентни опции за традиционалните огромни армии. Тие во голема мера се потпираат врз калибарот на напаѓачите од специјалните сили произведени во јавните војски.[1226] Поранешните специјални сили, кои сега работат како контрактори, им приоѓаат на своите поранешни колеги од јавните сили или лица кои имаат искуство од специјалните сили за работа во приватниот сектор.[1227] Поголемиот дел од регрутирањето направено е преку овој тип вмрежување. Истото се потврдува и со направената анкета и интервју. Регрутирањето најчесто се случува преку база од податоци, преку лични препораки или процес на апликација.[1228]

Персоналот од армиите често им се приклучува на ПБК за да бидат поблиску до воените активности. Повеќето од нив заминуваат од јавните сили во раните 40-ти. Тие поседуваат огромно искуство и се физички способни да работат во приватниот безбедносен сектор. Жените се исклучени од некои улоги во контракторската работа поради недостаток од специјализирана обука за специјални сили. Вмрежувањето за ПБФ е опишано како „стара мрежа на момчиња“ и е оставено на лична дискреција на работодавците на ПБФ. Без стандардизиран процес кој детално објаснува што се очекува од контракторот, и со одредена слика која е директно поврзана со успехот на

[1223] Jared Wilson Kramer, "*The Common Defense: Challenging State Authority and the Citizen Army through the Privatization of Force*", Master's thesis, San Diego State University, 2015, 13.

[1224] James Davis, *Fortune's Warriors: Private Armies and the New World Order* (Vancouver: Douglas & McIntyre Ltd, 2003).

[1225] Gary Jr. Schaub and Volker Franke, "Contractors as Military Professionals?" *Parameters* 39, no. 4 (2009-2010): 90.

[1226] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 94-95.

[1227] Повеќе за регрутирањето и пример за канадските специјални сили во: Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 96.

[1228] Solvej Karlshøj Christiansen, *Private Military and Security Companies and the Lack of National Legislation: Hired Help or the Way to the Future?* Master's thesis, 10th Semester Development and International Relations, Aalborg University, 2010, 8.

мисијата. ПБФ можат ефикасно да распоредат и да користат меѓународна база од податоци на контрактори за да ги исполнат специфичните потреби на нивните работодавци.[1229]

Компаниите првенствено регрутираат поранешен воен персонал, со што тие ретко треба да обезбедат обука на персоналот и се намалуваат трошоците. Тие се способни брзо да соберат специјализирана сила за секоја мисија или договор, потпирајќи се врз поединци со соодветно искуство и обука. Компаниите може да споделуваат бази од податоци, а некои вработени може да работат за повеќе компании. Дополнително, ПБК имаат предност за клиентот од гарантирана доверливост и генерално аполитична природа.[1230] ПВК користат поранешен персонал од најдобрите воени организации во светот и не се обврзани со бирократија и застарени доктрини".[1231]

ПБК кои работат во странство регрутираат луѓе од организациите за спроведување на законот, царината, граничната полиција, крајбрежната стража и високо обучен поранешен безбедносен персонал од други организации. Тие регрутираат поранешни војници и паравојски од многу земји. И тие имаат сè поголема потреба од различни цивилни специјалисти, како што се: затворски управници, ракувачи со кучиња за откривање дрога и експлозиви, преведувачи, испрашувачи, експерти за разузнавање и контраразузнавање, експерти во експлоатација на нафта и гас и транспортна индустрија, специјалисти за нуклеарен, биолошки и хемиски-мониторинг и заштита, смртоносни средства, бомби и депонирање експлозиви, ВИП заштита, кривична истрага и системи за комуникации и информации.[1232]

ПВК најмногу имаат свои седишта во „западните" земји, како што се: Велика Британија, САД, Јужна Африка и Израел кои се домаќини на најголемиот број меѓународни компании.[1233] Со нив управуваат пензионирани офицери од елитните борбени единици, бизнисмени и поранешни политичари. Сепак, ПВК сè повеќе регрутираат поранешни војници од земјите од третиот свет. ПВК како што е Блеквотер ги искористија различните националности во нивната организација како маркетинг стратегија која го нагласува значењето на различноста. Многу безбедносни организации признаваат дека различноста на вештините и персоналот се клучни за борбениот успех за време на распоредувањето. Регрутирањето од тие земји се исплатливи за ПБК бидејќи често бараат помалку стандарди за вработување врз основа на нивните поочајни социјални економски ситуации.[1234] Како што истакнува Ајзенберг: „неодамнешниот тренд е да се одземат полни баталјони на армиите од Третиот свет за да се обезбеди најниска понуда".[1235] Официјалните бројки покажуваат дека приближно 30% од контракторите во Ирак се државјани на трети земји.[1236] Поточно, во Ирак, околу

[1229] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 97.
[1230] Caroline Holmqvist, *Private Security Companies: The Case for Regulation*, SIPRI Policy Paper No. 9 (Stockholm: Stockholm International Peace Research Institute, 2005), 6.
[1231] Doug Brooks, "*Protecting the People: The PMC Potential. Comments and Suggestions for the UK Green Paper on Regulating Private Military Services*" (working paper, July 25, 2002), 8.
[1232] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 31.
[1233] Повеќе во: Rita Abrahamsen and Michael C. Williams, *Security beyond the State: Private Security in International Politics* (Cambridge University Press, 2011).
[1234] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 98.
[1235] David M. Barnes, *Close Combat Privatization: Exploring Ethical Dimensions of the Armed Contractor Phenomenon*, PhD diss., University of Colorado, 2010, 175.
[1236] David Isenberg, *Shadow Force: Private Security Contractors in Iraq* (Westport, CT: Praeger Security International, 2008), 37.

70.500 државјани на земјата и 81.000 државјани на трети земји работат на договори финансирани од САД.[1237] Ова може да ги ослабне силите на локалната власт, намалувајќи го нивниот капацитет да создадат безбедна средина за развојни програми.[1238]

Мотивација за одлив. Овој дел ја испитува мотивацијата на професионалниот кадар кој ги напушта армиите за да премине во ПВБК. Еден мотивирачки фактор што ги води јавните сили за специјалните операции да преминат во приватниот сектор поради зголемената автономија што им се обезбедува на контракторите, што им овозможува поголема контрола врз нивната рамнотежа помеѓу работата и животот. Контракторите имаат автономија да ги изберат мисиите што ќе ги преземат и условите под кои ќе работат. ПБК им овозможуваат на поединците можност да преземат активности и дејствија независно без институционален надзор. Начинот на кој овие контрактори се однесуваат при распоредувањето првенствено е оставен по сопствена дискреција. Нивните главни цели се да останат живи и да ја заштитат својата „личност, место или работа“.[1239] Мажите може да бидат мотивирани со пари за да преземат опасни и монотони задачи, но резултатот би бил слабеење на суштинските херојски традиции.[1240]

Врвните професионалци честопати се во искушение од повисоки плати[1241] и пониски нивоа на ризици кога преземаат самоодбранбени операции, што ги наведува да изберат да се приклучат на ПВБК отколку да останат во вооружените сили.[1242] Авторите Батка, Шилинг и Кинси откриваат дека платата е главен мотиватор за контракторите да влезат и да останат во индустријата.[1243]

Прекинот на служење на регрутната војска и воведувањето на волонтерскиот пристап и професионализацијата на армиите имаше двојна негативна последица за регрутирањето. Од една страна, волонтерската работна сила станува поскапа затоа што бара подобри плати, бенефиции и услови за да биде дел од институцијата.[1244] Од друга страна, ПВБК обезбедува договори со супериорни плати, бенефиции и услови кои го надминуваат тоа што може да го понуди воената институција, со цел да регрутира поединци со врвни воени вештини. На пример, луѓето кои работат за ПВБК во Колумбија, изјавиле дека им е понудена три пати поголема плата за да се преселат во Ирак.[1245] Одржувањето обучени регрути во редовите стана тешка задача за војската. Пред неколку векови, концептот на регрутна војска имаше за цел да го зајакне патриотизмот, чувството на припадност и посветеност на државата преку ангажирање на повеќе регрути. Целосно волонтерската војска донекаде ја поткопува оваа цел со тоа што ги прави економските стимулации позначајни. Но, воведувањето персонал

[1237] Congressional Budget Office, *Contractors' support of U.S. operations in Iraq*, CBO paper, Washington, DC: Congress of the United States, 2008, 8.
[1238] Anna Leander, "The Market for Force and Public Security: The Destabilizing Consequences of Private Military Companies," *Journal of Peace Research* 42, no. 5 (2005): 616.
[1239] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 81.
[1240] Morris Janowitz, *The Professional Soldier: A Social and Political Portrait* (Glencoe: Free Press, 1960).
[1241] Повеќе за платите како фактор во: Caroline Varin, *Mercenaries and the State: How the Hybridisation of the Armed Forces Is Changing the Face of National Security*, PhD diss., The London School of Economics and Political Science, 2012, 191-193.
[1242] *Shadow Company*, directed by Nick Bicanic and Jason Bourque (USA: Purpose Films, 2006), film.
[1243] Повеќе во: Caroline Batka, Stefan Schilling, and Christopher Kinsey, "Examining the Positive and Negative Aspects of the US Military/Contractor Bond in the Operational Environment," *Journal of Political and Military Sociology* 48, no. 2 (2022): 135–173.
[1244] Simon Duindam, *Military Conscription* (Germany: Physica Verlag, 1999), 135.
[1245] Deborah Avant, "Contracting for Services in U.S. Military Operations," *Political Science & Politics* 40, no. 3 (2007): 458.

ангажиран од ПВБК ја доведува таа првична цел речиси до крај. ПВК не служат на заедницата на ист начин како националните воени сили, што е морално значајна разлика меѓу нив.[1246] Покрај тоа, кога членовите на службата се споредуваат со контракторите, тоа негативно влијае врз нивните ставови, намерите да останат во војската, задоволството од работата и перцепциите за кохезија и организациска посветеност. За воената професија, групната солидарност, меѓузависноста и тимската работа прифатени се како функционални барања за борбена ефикасност. Ова чувство на корпоративност е изведено од искуството за борбена обука, поврзаноста на работата и заедничката општествена одговорност на професионалната група кон целта што ја организирал и кон тие кои служат во војската. Само кога има лојалност на синџир на команда и високо ниво на кохезија култивирана од корпоративен идентитет, може ли војската да биде успешна во извршувањето на својата мисија наспроти опасноста, дури и ако тоа повлекува губење на членот. Во овој поглед, лојалноста е и двете професионални и бирократски врз основа на бирократската/професионалната природа на воената професија. Контракторите не се ниту еден дел од синџирот на командата ниту нарачателот со директна воена команда и несоодветна форма на дел од оваа кохезивна група каде што се сметаат за дел од вкупната сила.[1247]

Сепак, главното прашање е дали приватните воени контрактори добиваат повисоки плати од воените трупи и доколку се прошири нивната употреба ќе ги наведе војниците да заминат за подобро платени можности во приватниот сектор. Одговорот има двојна природа. Приватните контрактори често поседуваат голема експертиза и вештини кои можат да го надминат тоа што го има во војската финансирана од државата. Приватен воен контрактор кој има претходно воено искуство како подофицер и долгогодишна советодавна експертиза не треба да се поистоветува со активен подофицер со само активно искуство на работа. Згора на тоа, советничките позиции често се пополнуваат со високо ангажиран персонал или офицери што ја отежнува споредбата. Просечната плата на контракторот веројатно одговара на нивото на улогата во која тој или таа може да функционира. Се вели дека контракторите наводно заработуваат од 9.000 до 22.000 американски долари месечно, во зависност од природата и локацијата на должноста, но конкретните бројки се ретки.

Оженет капетан со 8 години работен стаж заработува блиску до 7800 долари месечно кога се зема предвид платата и основниот додаток за домување. Со оглед на платата и даночните ослободувања за време на распоредувањето, платата на капетанот е веројатно слична на помалиот опсег на платите на контракторите. Дури и кога постои разлика во приходите, се чини дека тоа не влијае значително врз стапките на задржување на војската.

Фактот дека 70% од офицерите од понизок ранг и 60% од помладите трупи во Ирак признаваат дека приватните контрактори заработуваат значително повисоки плати, стапките на задржување на воениот персонал останаа релативно конзистентни пред и откако американската влада ја засили употребата на контрактори по 11 септември 2001 година.[1248] Еден пример е изјавата на поранешен војник кој вели: „Ја напуштив армијата затоа што парите не беа доволно добри за тоа што ми беше платено

[1246] Jessica Wolfendale, "Comparing National and Private Militaries," in *Private Military and Security Companies: Ethics, Policies and Civil-Military Relationships*, ed. Andrew Alexandra, Deane-Peter Baker, and Marina Caparini (London; New York: Routledge, 2008), 218.

[1247] Lindy Heinecken, "Outsourcing Public Security: The Unforeseen Consequences for the Military Profession," *Armed Forces & Society* 40, no. 4 (2014): 635-636.

[1248] C. Anthony Pfaff and Edward Mienie, "Strategic Insights: Five Myths Associated with Employing Private Military Companies," *Articles & Editorials*, no. 3 (2019).
Достапно на: https://press.armywarcollege.edu/articles_editorials/3. Пристапено на: 06.08.2023 година.

да го работам... зошто да работам пет години во Ирак во армијата и да заработам 120.000 долари кога можам да работам две години во Ирак и да заработам 400.000 долари?"[1249] Даниган ги изедначува трошоците со тоа што годишната плата на еден војник е еквивалентна на еден месец приход на контракторот.[1250] Ставовите за вооружените контрактори во операцијата „Слобода за Ирак" покажаа дека тие ја гледаат разликата во платите со вооружените контрактори како главен извор на незадоволство и „штетна за моралот".[1251] Еден армиски мајор изјавил дека: „отсекогаш постоеше незадоволство меѓу моите војници и контракторите бидејќи контракторите заработуваа неколку пати повеќе пари од моите војници и ја работеа во основа истата работа".[1252] Друг пример е на почетокот на војната во Авганистан, контракторите беа привлечени во земјата со дневници до 1.000 американски долари и сè уште можат да заработуваат 240.000 долари годишно работејќи во Ирак.[1253]

Сингер истакнува дека: „Извештаите за војната во Ирак ги забележаа релативно високите плати на контракторите, околу 20.000 долари месечно, три пати или повеќе од тоа што заработуваат војниците на активни должности." Понатаму, Сингер ги потврдува тие факти и дополнува дека војниците во индустријата за ПБФ можат да заработат 2-10 пати повеќе од нивните колеги во редовната војска.[1254] Во Ирак стапките пораснаа астрономски, при што поранешните американски специјални сили заработуваа по 1000 долари дневно, поранешните јужноафрикански трупи заработуваа од 4 до 6000 долари месечно, а борците од Непал (Гурките) заработуваа над 2000 долари месечно. Единиците на специјалните сили се соочуваат со специфично прашање поради нивното високо ниво на способности стекнати преку обемна обука за човечки капитал, што ги прави многу барани од корпорациите и клиентите. Командантите на специјалните сили во Австралија, Нов Зеланд, Велика Британија и САД се длабоко загрижени. Тие размислуваат за различни политички одговори, како што е формирање специјални единици на подофицери за да ги испитаат прашањата за задржување и дозволување на војниците да земат едногодишно отсуство за да ги спречат трајно да ја напуштат војската заради подобри финансиски можности. Во САД, проблемот со задржувањето на персоналот на специјалните сили од прво ниво сè уште не влијаел негативно врз единиците, но еден од интервјуираните го опишува дека тоа е „точка на пресврт".[1255]

Понатаму, разликата во платите е очигледна во различниот начин на живот што го искусуваат контракторите во Ирак. Контракторот вработен во Triple Canopy го сподели своето искуство работејќи за приватна компанија за обезбедување и го спротивстави на неговата претходна улога како офицер на специјалните сили. Воениот персонал заработува годишна плата од 40.000 долари со тоа што прави дванаесетчасовни смени секој ден во неделата. Контракторот заработува 240.000

[1249] *Superpower for Hire: Rise of the Private Military*, directed by Jordan Kinley and Trent Rohner, produced by VICE Media Inc., performed by VICE, 2014, film.
[1250] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011), 63.
[1251] Sarah K. Cotton et al., *Hired Guns: Views about Armed Contractors in Operation Iraqi Freedom* (Santa Monica, CA: RAND, 2010), 23-24.
[1252] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011), 64.
[1253] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011), 63.
[1254] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 74.
[1255] P.W. Singer, *The Private Military Industry and Iraq: What Have We Learned and Where to Next*? (Policy Paper, DCAF, Geneva, 2004), 16.

долари годишно и работи во смени од четири до шест часа, четири до шест дена во неделата. Воениот персонал дели соба со десет други, додека контракторот има лична приколка опремена со клима-уред, ТВ, ДВД плеер и фрижидер. Војникот е предмет на воени прописи, кои забрануваат сексуална активност и консумирање алкохол, за разлика од контракторот. Војникот се придржува до униформа, додека контракторот се облекува како што сака. Распоредувањето на војникот трае седум месеци, додека контракторот има флексибилност да оди по своја дискреција.“[1256]

Нееднаквостите во животниот стил придонесуваат за конфликти на идентитети и создаваат непријателска средина водена од нееднаквост и завист. Присуството на повисоки плати на ПБК може донекаде да го обесхрабри воениот персонал поради постоечката огорченост поради разликите во платите, што влијае врз нивните нивоа на мотивација и вештини. Тоа покажува дека бројни војници заминуваат за да се приклучат во приватниот сектор.[1257] Котон и соработниците откриваат дека во Ирак, перципираните разлики во платите на американскиот воен персонал со понизок ранг и помладиот воен персонал, негативно влијаеле врз моралот на единицата.[1258] Високите плати на контракторите им штетат на воениот дух на единиците и организациската култура.[1259]

Воочената разлика во платите меѓу војниците и контракторите влијаеше врз вооружените сили, што доведе до забележителен одлив на висококвалификуван воен персонал кој преминува во приватниот сектор. Во 2005 година, Пентагон обезбеди бонуси до 150.000 американски долари за да ги задржи висококвалификуваните командоси како што се армиските зелени беретки и морнаричките фоки во војската и да ги одврати да бараат попрофитабилни можности со приватни контрактори. Британското Министерство за одбрана им дозволи на своите војници можност да земат одмор за време на кој можеа да работат како контрактори во Ирак до една година, а потоа да се вратат во армијата со истиот чин. Еден офицер на Армијата на САД го сумираше проблемот што го создаде овој одлив на таленти за вооружените сили: „се заглавуваш со трошоците за обука и безбедносна проверка. Кога војникот преминува во приватниот сектор, добива плата која е два до три пати поголема. Контракторот потоа вклучува дополнителни трошоци за различни општи трошоци и значителна профитна маржа пред да им наплати на даночните обврзници. Како е тоа поисплатливо од користењето војници? Измамниците тврдат дека користењето на контрактори е исплатливо на долг рок бидејќи нивните работници не добиваат воена здравствена заштита и пензиски бенефиции. Но, бројките едноставно не се собираат. Контракторите ја ограбуваат нашата војска додека тие се завиткуваат во знамето“.[1260] Државата ја чини 18 месеци и 257.000 американски долари за обука на една зелена беретка.[1261] Намалувањето на воениот персонал е тежок потфат што ја казнува ефикасноста на вооружените сили и претставува сериозен предизвик за иднината.

[1256] Molly Dunigan, *Victory for Hire: Private Security Companies' Impact on Military Effectiveness* (Stanford, CA: Stanford Security Studies, 2011), 64-65.
[1257] Christopher Spearin, "Special Operations Forces: A Strategic Resource: Public and Private Divides," *Parameters* 36, no. 4 (2006): 57–70.
[1258] Sarah K. Cotton et al., *Hired Guns: Views about Armed Contractors in Operation Iraqi Freedom* (Santa Monica, CA: RAND, 2010), 23.
[1259] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 89.
[1260] David Isenberg, *Shadow Force: Private Security Contractors in Iraq* (Westport, CT: Praeger Security International, 2008), 59-60.
[1261] Elke Krahmann, *States, Citizens and the Privatization of Security* (UK: Cambridge University Press, 2010), 216.

Мотивите за приклучување кон ПБК понекогаш ги надминуваат парите. Многу припадници на специјалните сили се почувствуваа како ограбени од нивната слава за време на мирнодопските армии во 1990-тите. Тие чувствуваат дека ПБК нудат шанса „да се вратат на нивните славни денови на бојното поле“.[1262] Голем дел од нив сакаат да го уживаат и „факторот за супер-момче“. Хокс тврди дека стимулацијата за пари не е единствената причина што поединците стануваат контрактори, и покрај ставовите на противниците на ПВК. Хокс тврди дека „за да се разберат воените ветерани кои станаа приватни безбедносни контрактори, две работи се поважни од самиот мотив. Првиот е „еколошкиот континуитет“ што го обезбедуваат договорите за безбедност преку оперативно опкружување, јазик и слично искуство на врсниците, и искуството кое поединецот го бара за да стане безбедносен контрактор“.[1263]

Специјални сили и обука. Голем дел од контракторите кои обезбедуваат борбени услуги се поранешни Зелени беретки, поранешни морнарички фоки, поранешни САС припадници.[1264] Многумина поседуваат високо ниво специјализирани групи вештини. Многу компании се сметаат себеси за искористување на тоа што Ед Сојстер од MPRI го нарекува „природен ресурс на пензионираните воени офицери“.[1265] Сепак, добрите воени офицери не се природни ресурси, тие не се природно настанати. Добриот воен офицер се создава со обука и искуство финансирани од јавните пари. Ова може да создаде еден вид маѓепсан круг во кој ПВФ „користат јавни средства за да им понудат на војниците повисоки плати, а потоа наплаќаат од владата уште повисоко, сето тоа за услугите обезбедени од човечкиот капитал што самата војска првично помогна да се изгради“.[1266] Компаниите добиваат предности од експертизата на пензионираните воени офицери и репутацијата поврзана со специјалните сили. Анкетиран американски воен персонал истакнува за загриженоста за опциите за вработување во ПВК кои имаат негативно влијание врз задржување на војската, особено меѓу заедниците на специјалните сили.[1267] Алесандро Ардуино во поткастот кај Џејмс Дорси укажува на важноста во однос на поединецот, односно го поставува прашањето: „Зошто некој сака да биде платеник?“ Тоа е прашање старо илјада години и одговорот зависи од различни групи луѓе. Тој посочува дека поголемиот дел од конракторите се поранешни специјални сили или борбени ветерани кои имаат проблем да најдат соодветна работа во цивилниот живот. На прашањето за привлекувањето персонал од националните полиции и специјалните сили, Ардуино потврдува дека тоа е поради нудењето повеќе пари. Тој посочува дека златното правило за платениците е да добијат пари и да добиваат плата навреме.[1268]

ПБК се користат од специјални сили или поединци со обука за специјални сили за да ја подобрат нивната ефикасност во нивните улоги. Тие работат во тешки услови со минимална воена опрема и воена поддршка. Нивните мисии првенствено се

[1262] Jeremy Scahill, *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army* (London: Profile Books, 2007), 82-83.
[1263] A. Hawks, "Why becoming a Private Security Contractor cannot be explained by motivation," *Strife Blog*, November 7, 2013. Достапно на: https://www.strifeblog.org/2013/11/07/whyindividuals-become-private-security-contractors/. Пристапено на: 14.10.2023 година.
[1264] J. G. L. del Prado, "Private Military and Security Companies and the UN Working Group on the Use of Mercenaries," *Journal of Conflict and Security Law* 13, no. 3 (Oxford UP, Dec. 2008): 429–450.
[1265] L. Peterson, "Privatizing Combat, the New World Order," *The Center for Public Integrity*, April 28, 2002.
[1266] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 257.
[1267] Christopher Spearin, "Special Operations Forces: A Strategic Resource: Public and Private Divides," *Parameters* 36, no. 4 (2006): 57–70.
[1268] James M. Dorsey, "The Middle East: The World's Playground for the Privatization of War," *The Turbulent World*, March 21, 2024.

фокусираат на безбедноста на конвојот и заштитата на ВИП. Сепак, мал дел од приватните контрактори за обезбедување сè уште спроведуваат операции на специјалните сили за нивниот работодавец.[1269]

Специјалните сили го претставуваат врвот на воената професија. Тие обично се повеќе навикнати да се занимаваат со странски државјани во конфликтните зони отколку просечниот службеник. Умешноста во извидување, разузнавање, странски јазици и култура, се вештини научени за време на нивната воена обука и се применуваат во нивните цивилни специјални улоги. Тие често се поранешни и пензионирани високи подофицери, мажи во нивните 30-ти и раните 40-ти кои веројатно имаат борбено искуство. За тие кои се подготвени да ја платат цената, ова ниво на искуство придонесува за порелаксирана средина што ги поедноставува операциите. Некои ПВК наплаќаат од 500 до 1.500 долари на ден за нивните најквалификувани оператори. Воените лидери отворено негодуваат дека мамката на таквата исплата на ден ги одзема некои од нивните најискусни луѓе од специјалните операции токму во моментот кога нивните услуги се најбарани. Конкуренцијата околу елитните трупи од ПВК кои работат во Ирак е толку интензивна што американската команда за специјални операции формулираше нови плати, бенефиции и образовни стимулации за да се обиде да ги задржи елитните трупи. Армијата на Велика Британија им нуди на војниците едногодишни „сабати“ за да ја запрат долгорочната штета што ја предизвикуваат елитните трупи кои заминуваат да работат за ПВК во Ирак.[1270] Пример, САС користи невообичаени техники за регрутирање за да ги задржи своите редови полни поради персоналот кој бара вработување во ПВК.[1271] Некои извори тврдат дека има поголем број поранешни членови на САС во Ирак. Се повеќе поединци избираат да работат во безбедносни корпорации наместо во активната служба на САС, а има сè поголем број војници кои бараат отсуство за работа во Ирак.[1272]

[1269] Amanda Marie Chisholm, *Warriors of Одговор: The (Re)articulation of Militarized Masculinities in Private and Public Special Forces*, Master's thesis, Queen's University, Kingston, Ontario, Canada, 2007, 96-97.
[1270] Fred Schreier and Marina Caparini, *Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies*, Geneva, Centre for the democratic control of armed forces (DCAF), OCCASIONAL PAPER - №6, 2005, 21.
[1271] P.W. Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), 77.
[1272] P.W. Singer. *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2008), 255. Види исто така: Pratap Chatterjee, "Ex-SAS Men Cash in on Iraq Bonanza," *Corpwatch.org*, June 9, 2004. Достапно на: http://www.corpwatch.org/article.php?id=11355. Пристапено на: 13.11.2023 година.

II ДЕЛ – ЕМПИРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

1.1. Заднина и цел на истражувањето

За потребите на докторската дисертација беше спроведено емпириско истражување кое претставува добра основа за согледување на состојбата кога е во прашање влијанието на приватизацијата на војувањето врз одливот на професионален кадар од армиите. Со истражувањето се докажува дека постои простор, можности за превенирање и контрола на тоа влијание. Темата за одливот на армиски персонал е од големо значење, бидејќи директно влијае врз воената и борбената готовност, организациската стабилност и националната безбедност. Разбирањето на причините за заминувањето на воениот персонал се од клучно значење за осмислување ефективни стратегии за задржување на персоналот, односно намалување на одливот.

Во основа, ова истражување се фокусира на концептот на приватизацијата на војувањето од една внатрешна перспектива, и како тој концепт влијае врз работата на институциите кои го сочинуваат безбедносниот сектор, поточно на Армијата. На самото истражување му претходеше теоретска основа и расправа, но и практично истражување кое се однесува на секојдневните практики и активности.

На самото истражување му претходат два официјални документи објавени на страната на Министерството за одбрана кои претставуваат легитимна основа за спроведување истражување. Првиот, односно Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) од 2018 година, во точка 8.1 се наведува дека од 2012 година, повеќе армиски персонал ја напуштил Армијата отколку што бил примен, ситуација која не е одржлива на долг рок. Една од причините е конкуренцијата од приватниот сектор. Доколку продолжи овој тренд, тоа ќе биде негативна и загрижувачка појава бидејќи државата губи дел од најдобрите професионалци, а државните структури слабеат, но влијае и врз националната безбедност.[1273] Вториот, Стратегијата за управување со човечките ресурси во одбраната[1274] се наведува дека во Стратегискиот одбранбен преглед од 2018 година и останатите анализи на управувањето со човечките ресурси ги препознаа следните внатрешни и надворешни (позитивни и негативни) фактори, кои влијаат врз ефективноста на системот. Во негативни надворешни фактори, спаѓа нагорниот тренд на заминување на квалификуваната работна сила од земјата под влијание на глобалниот пазар на труд. Во негативните внатрешни фактори се наведува дека во последните години има поголем тренд на одлив на персонал, наспроти приливот. Поконкретно, во последните 5 години одливот е следен: цивили ↑253 и ↓449 (-196), професионални војници ↑689 и ↓487 (202), подофицери ↑0 и ↓134 (-134), офицери ↑123 и ↓136 (-13)

Самото истражување дава оригинален придонес за разбирањето на моменталните и идните фактори кои влијаат врз одливот. Резултатите од истражувањето ќе придонесат за зголемување на свесноста во поглед на вредноста на човечкиот персонал и системското знаење. Следствено, тоа ќе придонесе кон идентификување и имплементирање решенија од солидна појдовна точка и нови перспективи. Тие се врамени во една рамка за која може и треба поконструктивно да се дискутира, јавно да се дебатира, земајќи ги предвид новите технолошки можности,

[1273] Министерство за одбрана, *Стратегиски одбранбен преглед 2018 на Република Македонија: Кон членството во НАТО и "Идни вооружени сили 2028*" (2018).
[1274] Министерство за одбрана, *Стратегија за управување со човечките ресурси во одбраната*, Република Северна Македонија, 2019, бр.16/2-1553/1, 8.

видот на заканите и трансформацијата на моменталните општествени и безбедносни парадигми.

Со самото истражување се издвојуваат две цели. Првата цел е да даде придонес кон академското и практичното знаење кое се однесува на приватизацијата на војувањето како и согледување на влијанието од ПВБК врз националната безбедност, вклучувајќи ги предностите и негативните ефекти.

Другата цел беше да ги истражи и разбере различните фактори и мотивации кои придонесуваат за одливот на армискиот персонал. Со истражувањето во оваа област, можеме да стекнеме вредни сознанија за искуствата и перцепциите на припадниците на Армијата, односно да се превенира одливот и да се зголеми привлечноста кон воената кариера.

Преку прифаќањето одредени препораки и заклучоци од ова истражување, покрај Армијата и другите безбедносни институции ќе можат поефикасно и поекономично да ги насочат своите активности, се со цел отстранување на сите негативни појави што произлегуваат од приватизацијата на војната и одливот на професионалниот кадар.

За потребите на истражувањето, направена е една кохерентна анализа на истражувачките инструменти, која придонесува кон концептуализација на главните елементи во истражувањето, приватизацијата на војувањето како феномен и тренд во нараснување и ПВБК. Истражувањето, како и анализата беше извршено комбинирано, квантитативно и квалитативно.

Како техника на прибирање податоци се користеше анкетирањето и идејата беше да се соберат податоци за ставовите и размислувањата на одредена група лица од интерес, односно лица вработени во Армијата. Анкетата беше составена од сет структурирани прашања кои имаа за цел да го доловат влијанието на процесот на приватизација на војувањето врз одливот на професионален кадар од Армијата. Самиот анкетен прашалник претставуваше истражувачката техника, првично за потврдување, а потоа и за надополнување на теориската рамка. Анкетниот прашалник даден е како прилог број 1 кон дисертацијата. Прашалникот беше од комбиниран тип, затоа што одреден број од прашањата не содржеа понудени одговори, туку имаа за цел да ги наведат испитаниците да дадат свои сопствени размислувања и образложенија, бидејќи постоеше опасност дека предвидените одговори не го опфаќаат целосно проблемот. Заради специфичноста на полето на истражувањето, а со тоа и на природата на прашањата од кој беше составен анкетниот прашалник, анкетирањето беше спроведено анонимно. Исто така, испитаниците го задржаа правото да не дадат одговор без објаснување на причината. На крај, треба да се истакне дека при изготвувањето на прашалникот, се водеше сметка тој да биде приспособен на предметот на истражувањето, на хипотезите, како и на испитаниците (изворите на податоци) и да биде валиден и објективен. Исто така, прашалникот се однесуваше на припадници кои во времето на спроведување беа вработени во Армијата.

Во однос на прашањата во прашалникот, беа така одбрани да опфаќаат одредени тематски целини во контекстот на дисертацијата. Подоцна во анализата на резултатите тие тематски целини ќе бидат опфатени и дискутирани. Прашањата беа внимателно одбрани за да ги задоволат очекувањата на испитаниците. Тие ги опфаќаат есенцијалните точки за размислување кои се однесуваат на одливот на припадници од Армијата. Следствено на тоа, добиените резултати и извршената анализа од анкетата ќе бидат во функција на согледување и унапредување на сеопфатните процеси за намалување на одливот на припадници од Армијата и во поглед на подобрување на воочените аномалии и статусот на припадниците на Армијата. Тука сакам и да

напомнам дека целта на самото истражување (анкетата и интервјуто) не е да се поткопа одбранбениот систем, туку да се спречи тој дополнително да се поткопува.

Преку анкетирањето се собраа податоци за појавата што се истражуваше врз основа на мислењето на испитаниците, и овој емпириски метод имаше предност пред другите методи затоа што овозможи: собирање податоци од поголем број испитаници за релативно кратко време, анонимноста на анкетата обезбеди поголема искреност на испитаникот, економичност, и полесната обработка на податоците. Со цел да се зголеми колку што е можно повеќе веродостојноста на истражувањето и на добиените резултати, и имајќи предвид дека истражувањето е извршено преку интеракција со човечки субјекти, целта беше анкетниот прашалник да биде колку што е можно порепрезентативен, со цел да се добие поголема варијација на одговори.

Во однос на целната група треба да се потенцира дека истражувањето опфати 162 анкетирани лица вработени во Армијата. По прибирањето на резултатите од истражувањето, се пристапи кон анализа и синтеза на добиените одговори на колку што е можно попрецизен начин, со цел заклучоците кои произлегуваат од истражувањето да бидат неутрални и објективни.

Во понатамошниот дел опфатени се предизвиците со кои се сретнав при емпириското истражување кои се однесуваат и на спроведената анкета и на интервјуата како и етичките размислувања.

1.2. Предизвици кои се појавија при емпириското истражување

За време на истражувањето се појавија различни предизвици и одредени прашања. Главната пречка во самото истражување беше тешкотијата да се проникне во полето во кое решив да истражувам. Тоа се должи дека ПВБК и Армијата често се вртат и се во корелација околу државните чувствителни прашања и претпазливоста е на високо ниво од сите опфатени субјекти.

Во однос на спроведената анкета, како прв предизвик беше да се долови дека добиените одговори и резултатите ќе бидат употребени само за научни цели, односно гарантирање на анонимноста. Понатаму, многу од електронските адреси на кои беше испратен анкетниот прашалник не беа точни. Исто така, од голем дел на испитаници не се доби никаков одговор на анкетата согледано во соодносот на испратени анкетни прашалници и добиени повратни одговори. Анкетирањето беше спроведено надвор од работно време и во одреден временски период.

Фокусот на предизвиците беше во разните ограничувања. Истражувањето беше спроведено во 2022 година, во периодот од месец април до месец август. Тие ограничувања се однесуваат првично во големината на примерокот, односно во големината на примерокот од 162 испитаници. Тоа ја ограничи генерализираноста на наодите за целата Армија. Сепак, направени беа напори да се обезбеди разновидна застапеност на армискиот персонал за да се зголеми валидноста на истражувањето. Факт е дека со поголем и поразновиден примерок би се зголемила репрезентативноста на истражувањето. Сепак, со оглед на специфичноста на истражувањето и специфичната група која ја опфаќа истражувањето, цениме дека селектираниот примерок од 162 испитаници процентуално ги задоволува стандардите за истражување и за добивање веродостојни искуствени и научни податоци.

Друг предизвик беше самиот дизајн на анкетата бидејќи опфаќа релевантни аспекти поврзани со одливот на персонал и ПВБК. Во анкетниот прашалник само едно прашање е од отворен тип со цел да овозможи побогати квалитативни податоци. Тоа беше наменски направено за испитаниците да не изгубат многу време во одговарање на анкетата, а воедно да се добијат концизни и објективни одговори.

Друго ограничување беше неможноста за самопријавување за давање одговор на анкетата. Во случајов, како истражувач, лично преку директен контакт со познаници и преку посредници беше спроведено анкетирањето.

Понатаму, како предизвик се појави можноста учесниците да дадат општествено посакувани одговори или погрешно да одговорат и да ги пренесат своите искуства. Важно е да се напомни дека добиените резултати важат за одреден временски период (одредена временска точка) кога е спроведувано анкетирањето и дека од денешна дистанца тие може претрпеле измени. Овој дизајн ја ограничува способноста да се воспостави каузалност или да се испитаат промените во перцепциите и ставовите со текот на времето.

Во предвид треба да се земи дека истражувањето не можеше да ги опфати сите аспекти релевантни за одливот на армискиот персонал, бидејќи се фокусира првенствено на мотивациите, искуствата и перцепциите поврзани со ПВБК. Другите фактори кои влијаат врз намалувањето на одливот не се целосно истражени.

Потоа, во текот на самото истражување имаше само 13 учеснички од женскиот пол. Резултатите од истражувањето укажуваат на значајна полова нерамнотежа. Недостатокот од женски испитаници во истражувањето го ограничи разбирањето на родовите специфични фактори кои влијаат врз задржувањето и на одлуките за кариера во рамките на Армијата. Во иднина, обезбедувањето порамномерна застапеност на родовите ќе обезбеди посеопфатно разбирање за тоа како перцепциите и мотивациите варираат кај различните групи.

И покрај овие ограничувања, истражувањето дава оригинални и вредни сознанија за перцепциите и мотивациите на армискиот персонал во однос на одливот на професионалниот персонал и потенцијалните влијанија врз нивните одлуки за кариера. Истражувачите треба да ги признаат овие ограничувања кога ги толкуваат наодите и да ги земат предвид во идните студии за да ја подобрат робусноста на истражувањето.

Во однос на спроведените интервјуа, морав да се потпрам врз лични контакти и познаници на сегашни или поранешни припадници на ПВБК. Како што напредував низ процесот на интервју, неколку тешкотии станаа очигледни. Тоа вклучуваше: неможност да се контролира околината на интервјуата, како и начинот на комуникација и растојанието, пред сè поради пандемијата со КОВИД-19 што беше присутна. Потоа, неодлучноста за спроведување на интервју од страна на испитаниците. Следно, прифаќање намерно двосмислени одговори. Понатаму, нивна несериозност и зафатеност каде планираната првична бројка доста се намали. Исто така, поради релативно малиот број испитаници, примерокот не може да се каже дека е репрезентативен за сите ставови на ПВБК.

Иако можев да ги контролирам прашањата што ги поставував, не бев секогаш способен да ги контролирам поставките и околината на секое интервју. Поголемиот дел од моите интервјуа беа спроведени електронски (онлајн) преку социјални мрежи, а делумно и лице во лице. Исто така, не секој учесник се трудеше да ми помогне во моето истражување, со што се обидов да се приспособам на кој било начин, вклучувајќи го времето и местото што им одговараше. Ако беше електронски тоа беше кратко, пред сè поради временската разлика и поради нивна зафатеност. Тие што беа лице во лице, се одржаа на јавни места што го одвлекуваа вниманието и не прифатија опцијата да се користи диктафон, а воедно се отежна процесот за време на транскрипција.

По внимателно размислување за тоа како напредуваше секое интервју, согледав дека често бев во неповолна положба поради темата на истражување. Моите субјекти го имаа знаењето и само преку нивниот избор ми беше овозможен пристап до нивните искуства и информации. Ова ги вклучува ситуациите во кои беше очигледно дека

испитаникот намерно не одговараше на одредени прашања или теми за разговор. Конечно, информациите за лицата собрани за истражувањето може да се користат само за истражување, а не за комерцијални или други цели.

1.3. Етички размислувања

Активното барање информации од учесниците во истражувањето создава сериозни етички размислувања. Се бараше строго почитување на етичките упатства при теренската работа за да се заштити интегритетот на професијата и учесниците.

Пред спроведувањето на анкетата и интервјуата, учесниците беа целосно информирани за целта, опсегот и потенцијалните ризици и придобивки од нивното вклучување. Беше укажано дека тие се согласуваат да учествуваат без каква било форма на принуда и дека може да се повлечат во секој момент. Од суштинско значење беше обезбедувањето доверливост на одговорите и на самите учесници со цел да се задржи нивната приватност и заштита на одредени чувствителни информации. Воведени се мерки за доверливост за да се заштитат чувствителните информации, осигурувајќи дека поединечните одговори не може да се проследат наназад до конкретни учесници. Податоците од истражувањето беа и се зачувани безбедно, достапни само за овластени истражувачи и во согласност со прописите за заштита на податоците за да се спречи неовластен пристап и прекршување на податоците. При спроведувањето на анкетниот прашалник, во поставувањата на самата апликација што се користеше во креирањето на прашалникот и во неговата дистрибуција (www.surveyplanet.com), во нагодувањата беше загарантирана анонимноста и идентитетот на учесниците.

Следна цел која беше поставена во изготвувањето на анкетниот прашалник и интервјуто беше да се избегне, односно да се минимизира пристрасноста. Прашањата во анкетата беа дизајнирани на начин што избегнуваа водечки или сугестивен јазик, осигурувајќи дека одговорите на учесниците нема да бидат под влијание или манипулирани. Прашањата беа неутрални и непристрасни, поттикнувајќи чесен и објективен процес на собирање податоци.

Понатаму, предвид беше земен диверзитетот на испитаници по функција и чин (професионални војници, подофицери, офицери) како и различни групи по возраст и работен стаж поради нивната секојдневна вклученост во носењето одлуки и беше ставен фокус во заштитата на нивните права.

Како заклучок, истражувањето се придржуваше до етичките принципи на истражување и обезбеди суштински податоци за перцепциите и мотивациите на армискиот персонал во однос на одливот на професионалниот персонал.

При спроведување теренска работа за ПВБК преку употреба на полуструктурирани интервјуа фокусирани на личности, се зеде предвид етичкото размислување околу податоците и подготовката на пишаниот текст. Во мојата теренска работа добив усна согласност од испитаниците и пишана согласност за објавување на нивни наоди. Учесниците беа целосно информирани за природата на истражувањето и потенцијалните последици. Им беше гарантирана анонимност и доверливост за да не бидат идентификувани по име или на друг начин. И на крај, информирани беа дека можат да го прекинат интервјуто или да ги повлечат своите одговори пред објавување на дисертацијата.

Примерокот од полуструктурирани интервјуа насочени кон личноста беше спроведен на 22 испитаници задржани преку лични контакти и контакти на познаници. Иницијалната бројка беше над 30 испитаници ама голем дел се повлекоа и имаа свои оправдувања. Сепак, бројката од 22 испитаници каде во голем дел одговорите се слични едни на други, треба да се признае дека самиот примерок е солиден во однос на

ПВБК за воените односи и мислења. При упатување или цитирање на овие лица, наместо имиња и датуми се користат шифри, пример анонимен 01.

Во тандем со прашањето за репрезентативни примероци, морам да напомнам дека во интервјуто немаше припадници од женскиот пол, што може да доведе до можни родови предрасуди на темата. Сепак, од извршените разговори со испитаниците беше утврдено дека тие немаат припадници од женскиот пол во приватните компании каде што работат. Поради чуваната природа и организацијата на армијата и на ПВБК, морав да спроведам интервјуа со тие кои сакаа да учествуваат.

Предрасудите, иако често се присутни во однос на изборот на примерок, мора да се признаат во односите на интервјуерот со учесниците, како и на самата тема на истражување. Бидејќи многу познаници во мојот личен живот на некој начин се поврзани со војската, стана важно да се признае потребата за што поголема објективност. И додека јас дадов сè од себе како истражувач за да ги реализирам овие цели, мора да се признае дека е невозможно да се суспендираат сопствените лични искуства. Сепак, преку проучување на интервјуата, можев да барам можни предиспозиции за одредени прашања или интерпретирани податоци. Со тоа што читателите ќе бидат свесни за мојата лична поврзаност и со темата и во некои случаи со учесниците што ги интервјуирав може да се добие поинформиран преглед на моето истражување.

2. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА

Како што беше претходно напомнато, преку прашањата во анкетата опфатени се различни тематски целини (поглавја) кои се директно и индиректно поврзани со теориската рамка на дисертацијата. Самата анкета со сетот од прашања беше наменски осмислена со двојна цел. Првата цел беше секое прашање да има своја тежина и да може како квантитативно така и квалитативно да биде анализирано, но исто така и во понатамошни истражувања да биде предмет на истражување. Втората цел беше збирот од повеќе прашања поврзани во серија да сочинуваат една тематска целина која ќе биде предмет на анализа. Согласно тоа, понатамошната анализа ќе биде направена како индивидуално на секое прашање така и вкрстена анализа согласно целините.

- **Демографска стапка на испитаниците**

Првите 5 (пет) прашања од анкетниот прашалник имаа за цел давање кредибилитет на испитаниците. Прашањата се однесуваа на полот на испитаниците, нивната возраст изразена во години, степенот на образование, нивната главна причина за влез во Армијата и нивниот стаж, односно работен век во Армијата (до моментот на спроведување на анкетата). Согласно поставените прашања, добиените одговори се следни:

Во однос на првото прашање кое се однесува на *Полот* на испитаниците, анкетата покажува значителна разлика. Таа разлика се однесува на тоа дека од вкупно 162 испитаници, дури 147 се машки учесници, 13 се женски и 2 испитаници немаат дадено одговор. Тоа е така бидејќи во војската преовладуваат машки лица, што се во согласност со традиционалниот полен состав на многу воени сили. Импликациите од половата нерамнотежа ја ограничува репрезентативноста на резултатите. Во идните истражувања потребно е да се направат дополнителни напори за да се поттикне учеството на жените со цел да се доловат поразновидни перспективи за одливот на армиски персонал како и родовата динамика може да влијае врз одлуките за кариера и задржување на персоналот. Важно е да се спомене дека нерамномерната родова

дистрибуција во примерокот не влијае врз резултатите од истражувањето. Резултатот од ова прашање не е изненадувачки бидејќи и во спроведените интервјуа со контракторите се добија одговори дека во приватните актери каде што работат досега не соработувале со женски персонал.



	Одговор	Вкупно
●	Машки	147
●	Женски	13

Слика бр. 1: Пол на испитаниците

Во однос на второто прашање од анкетниот прашалник кое се однесува на *Возраста* изразена во години на учесниците во анкетата, може да се согледа дека мнозинството од испитаниците, вкупно 70, припаѓаат во групата од 41 до 50 години. Само 4 учесници биле на возраст над 50 години што е фактор дека тој воен кадар се наоѓа во подоцнежните фази од нивната воена кариера. Вкупната бројка од 74 испитаници кои се во најзрелите години дава голем кредибилитет на истражувањето бидејќи тие луѓе имаат поминато низ различни предизвици во нивната кариера. Исто така, учеството на оваа група укажува на значителен кадар на лица кои се наоѓаат во средината на кариерата и делумно пред крајот, односно пред пензионирање. Таа концентрација на лица кои се во средината на кариерата може да предизвика врски со планирањето на следните генерации бидејќи овие учесници размислуваат за пензионирање во блиска иднина, додека во групата од 18 до 22 години нема репрезентативен примерок. Обезбедувањето на соодветна поддршка и планираното

пензионирање на постарите учесници е важно за оддавање почит за нивниот придонес како и да се олесни транзицијата од активната служба.

Импликациите од недостатокот од одговори на помладите учесници го попречува разбирањето на мотивациите и очекувањата на поновата и помладата генерација што влегува во Армијата. Значителен број испитаници се во возрасните групи од 23 до 30 години (33 испитаници) и 31-40 години (53 испитаници). Тоа повлекува предизвици за привлекување и задржување на помладите професионални кадри во армиите. Таа целна група од вкупно 86 испитаници беше во фокусот на истражувањето бидејќи со собирање сознанија од тие целни групи произлегуваат доста важни заклучоци за испитување на мотивите за одлив.



Одговор	Вкупно
18-22	0
23-30	33
31-40	53
41-50	70
над 50	4

Слика бр. 2: Возраст на испитаниците

Во однос на третото прашање што се однесуваше на С*тепенот на образование* на испитаниците, претставуваше едно од петте прашања кои даваат кредибилитет на испитаниците во прашалникот. Од резултатите може да се согледа дека мнозинството учесници, вкупно 117, поседуваат средно ниво на образование, додека најмал репрезентативен примерок има во групата со завршени магистерски или докторски студии, односно 7 припадници. Со високо образование одговориле 36 испитаници. Со основно образование нема репрезентативен примерок што е во согласност со закон и правила за минимум образование за вработување.

Од резултатите може да се извлечат два заклучока, и тоа: првиот е дека испитаниците со средно образование припаѓаат на целната група подофицери и војници (вкупно 117), додека припадниците со високо образование и завршени магистерски или докторски студии се од категоријата офицери (вкупно 43). Тука важно е да се спомене дека можно е да има испитаници кои се со завршено високо образование, а сепак да работат како војници или подофицери бидејќи Армијата го дозволува тоа. Вториот заклучок е дека Армијата привлекува луѓе со различно образование што со сигурност го подобрува целосниот сет од вештини и експертиза во воената служба. Нивото на образование е директно поврзано со перцепциите за ПВБК. Треба да се земе предвид дека учесниците со високо образование имаат поголемо знаење за ПВБК и полесно може да ја напуштат Армијата поради завршеното школување, познавањето јазик како и завршените курсеви, но во пракса не значи дека тоа е така.

Од друга страна, импликациите од повисоката застапеност на учесниците со средно образование може да влијае врз перспективите рефлектирани во истражувањето, но исто така ни даваат еден оригинален приказ на одговори од сите слоеви во пирамидата на Армијата. За крај, разбирањето на образованието и кариерните аспирации на воениот кадар може да придонесе за развој на целосни програми за обука и напредок кои се совпаѓаат со нивните професионални цели.



	Одговор	Вкупно
●	Основно	0
●	Средно	117
●	Високо	36
●	Магистратура и/или докторат	7

Слика бр. 3: Степен на образование на испитаниците

Анкетното прашање во врска со главната причина поради која испитаниците стапиле во служба и служат во Армијата ни дава вредни сознанија за мотивацијата и нивната одлука да продолжат со воена кариера. Четвртото прашање се однесуваше на *Главната причина за приклучување во Армијата*, и ни дава јасен одговор дека патриотизмот (79 испитаници) и сигурната работа (47 испитаници) се примарните причини за приклучување во Армијата.

Импликациите од добиените резултати имаат двојна природа. Прво, распространетоста на патриотизмот како мотивација ја нагласува посветеноста на армискиот персонал кон службата и државата. Разбирањето и негувањето на ова чувство може да биде од клучно значење во регрутирањето и привлекувањето поединци. Второ, согледувањето на значењето на безбедноста и сигурноста на работното место ја открива потребата на Армијата да обезбеди стабилни и сигурни можности за кариера за својот персонал. Обезбедувањето стабилност на работните места и можноста за напредување во кариерата може да одговори на грижите на поединците кои бараат долгорочен професионален развој во војската. Исто така, сигурната работа е привлечна во време на економска несигурност или ограничени можности за работа во другите сектори. Факт е дека во последните години, да се биде војник претставува доста посакувана и просперитетна професија за многу поединци. Како заклучок може да се истакне дека некои се водени од чувството за национална должност и пожртвуваност, а други ја гледаат војската како основа за вработување и финансиска стабилност.

Дополнително, како квалитативно толкување, можеме да сметаме и дека овие две главни причини можеби не се исклучуваат меѓусебно. Можно е многу поединци да се мотивирани со комбинацијата од патриотизам и желба за сигурна работа, гледајќи ја воената служба како начин да ја исполнат својата посветеност кон својата земја, истовремено обезбедувајќи стабилна иднина за себе и за нивните семејства.

Понатаму, семејната традиција и недостатокот од други опции, компаративно се помалку влијателни мотивации. Сепак, и тие резултати укажуваат дека за некои поединци, воената служба нуди остварлива и стабилна кариера кога другите можности се ограничени. Решавањето на потребите и аспирациите на таквиот персонал, особено во смисла на обука и развој на вештини, може да придонесе за зголемено задоволство од работата.

Генерално, овие резултати од истражувањето фрлаат светлина врз повеќеслојната природа на мотивациите за влез во Армијата. Разбирањето на овие

причини е од суштинско значење за одговорните лица кои креираат стратегии за регрутирање, како и мерки за да се задржи персоналот. Значењето на патриотизмот мора да се препознае и врз него да се надоврзат дополнителни мотивациски фактори.



	Одговор	Вкупно
●	Сигурна работа	47
●	Можност за напредување и кариера	17
●	Семејна традиција	11
●	Патриотизам	79
●	Недостаток од други опции	5

Слика бр. 4: Главна причина за приклучување во Армијата

Во однос на петтото прашање кое се однесуваше на тоа: „*Колку години стаж имаат испитаниците поминато во Армијата?“*, наодите покажуваат дека 61 испитаник е со стаж повеќе од 20 години. Тоа укажува дека голем дел од испитаниците

се искусен персонал, односно искусни лица кои носат важни институционални знаења и експертиза во воената служба. Самиот резултат укажува на несебична посветеност и лојалност кон Армијата. Затоа потребно е да се преземаат соодветни мерки да се задржи ова вредно искуство и знаење во рамките на Армијата.

Самиот факт дека речиси половина од испитаниците служеле повеќе од две децении, подразбира комбинација од различни фактори и мотивации кои придонеле за нивната континуирана воена кариера. При квалитативното толкување на овој резултат треба да се напомни дека тоа се должи на повеќе фактори, и тоа: задоволството во работата, сигурната работа, чувството на самодоверба и самоидентификување на поединецот, чувството на припадност, разните бенефиции кои се уживаат во текот на службата, бенефициите при пензионирањето, професионалниот развој и напредок во кариерата, искажувањето патриотизам и посветеност кон државата и други. Високиот процент на испитаници кои служеле повеќе од 20 години претставува уште еден фактор за издржливоста на војската како институција.

Неизбежен факт е дека како што персоналот акумулира искуство и години стаж во службата, тие стануваат сè поподложни на размислувања кои се поврзани со кариерата, семејните обврски и планирање на идните чекори. Затоа од перспектива на политиката и управувањето, потребно е детално разбирање на факторите кои придонеле за долготрајна служба на овие поединци и од нив да се исцрпат следните мерки и насоки во креирањето на стратегиите.

Понатаму, испитаниците кои се во групата од 6 до 10 години (вкупно 51) и 11-15 години (вкупно 25), укажува на стабилна стапка за можен одлив на припадници кои се во фазата на средината од кариерата. Нивното задржување во Армијата претставува еден критичен сегмент на кој треба да се посвети поголемо внимание, бидејќи тие лица се од старосните групи од 23 до 30 години и 31-40 години. Со други зборови, научените лекции од постарите генерации да се имплементираат на помладите генерации, но и да се следат светските трендови.

Помалиот број учесници во групите од 0 до 5 години (7 испитаници) и од 16-20 години (16 испитаници) укажува на потенцијален предизвик во однос регрутирањето млади луѓе. Тоа е процес кој треба да биде контролиран и квалитетот да биде пред квантитетот.



	Одговор	Вкупно
●	0-5 години	7
●	6-10 години	51
●	11-15 години	25
●	16-20 години	16
●	над 20 години	61

Слика бр. 5: Години поминати во Армијата

- **Сознанија и информираност за ПВБК**

Следните 8 (осум) прашања од анкетниот прашалник имаат за цел утврдување на тоа како испитаниците се информираат, односно добиваат сознанија за ПВБК и какви се нивните сознанија во однос на приватната безбедносна индустрија. Овие прашања се надоврзуваат на претходните прашања кои го потврдуваат кредибилитетот на испитаниците. Каузалната поврзаност помеѓу испитаниците и нивните сознанија е директна, односно се среќава во секојдневната работа и извршувањето домашни и мултинационални задачи. За таа цел, во понатамошниот текст првично направена е

квалитативна анализа на секое прашање, а потоа и вкрстена анализа која ги открива главните нишки и извори како испитаниците се информираат за ПВБК. Добиените резултати се следни:

Во однос на шестото прашање кое се однесуваше на тоа: „*Дали испитаниците биле учесници во мисија во странство?*“, резултатите укажуваат дека 106 испитаници учествувале во мисија, додека 54 се изјасниле дека не биле во мисија. Ако ги согледаме резултатите од претходното прашање кое се однесуваше на стажот на испитаниците, логички заклучок е дека тие 54 припадници што немаат учествувано во мисија се во старосните групи 0-5 години (7 испитаници) и 6-10 години (51 испитаник).

Резултатот од 106 припадници кои учествувале во мисија укажува на значителна група лица со искуство во меѓународни операции, односно меѓународно акумулирано знаење и богато искуство во работата кое е стекнато надвор од државните граници. Искуствата од мисиите во странство влијаат врз личен и професионален план врз воениот кадар. Соодветната поддршка која треба да биде континуирана во текот на мисиите и по завршувањето на мисиите е од есенцијално значење за одржување благосостојба и работна способност на припадниците.

Поставеното прашање до испитаниците имаше двојна цел, и тоа: првично е поврзано со прашањето број 7 (седум) за учесниците кои имале контакт со контрактори, и второ да се согледа колку испитаници не биле учесници во мисија. За тие кои не биле во мисија, голема е веројатноста дека во иднина ќе бидат учесници и научените лекции во врска со контактите со приватните субјекти и контракторите може да се од клучно значење за превенирање на одливот на персоналот. Исто така, бројката од 54 испитаници укажува на тоа дека нивните сознанија за ПВБК ги немаат стекнато преку непосреден или посреден контакт додека биле упатени во мисија, односно нивните сознанија или се од медиуми или од поранешни колеги кои ја напуштиле Армијата.



	Одговор	Вкупно
●	Да	106
●	Не	54

Слика бр. 6: Учество во мисија во странство

Во однос на седмото прашање кое се однесуваше на тоа колку често испитаниците кои имаат мисија „*Имале контакт со контрактори“,* може да се согледа дека 79 испитаници одговориле: „често“ имале контакт и 22 испитаници одговориле со „ретко“. Со тоа се добива бројка од 101 припадник кои воспоставиле некаков контакт со контрактори што прилично се изедначува со бројката од 106 испитаници, односно дека сите што биле во мисија остариле посреден или непосреден контакт со контрактори.

Групата што одговорила дека никогаш немале контакт со контрактори, вкупно 37 испитаници треба да се земе со “резерва“ од проста причина што таа бројка не се совпаѓа со бројката од 54 испитаници кои претходно се изјасниле дека немаат учествувано во мисија. Важно е да се нагласи дека прашањето се однесува во делот на воспоставени контакти и влијанието на ПВБК за одливот на кадар од Армијата кон приватниот сектор.

Импликациите од овој наод се вредни за внимание и анализа. Воспоставување на контактите претставува предизвик за персоналот. Зачестеноста на таквите интеракции всушност е првиот чекор на влијанието на ПВБК врз армискиот персонал за време на распоредувањето во мировни операции. Блиските контакти со контракторите за време на распоредувањето го изложуваат воениот персонал на различни опции за кариера и можности за работа во приватниот безбедносен сектор. Искуствата на контракторите, заедно со финансиската привлечност, многу влијаат врз армискиот персонал во размислувањето за премин во ПВБК поради повисоките плати и други бенефити.

Како главни фактори кои придонесуваат за ова влијание се: атрактивните можности за вработување во ПВБК (финансиските импликации), попредизвикувачките (авантуристички) задачи, балансот помеѓу работата и животот, можностите за напредок во приватниот сектор. Горенаведените фактори треба да се земат во планирањето и носењето разни стратегии и планови во Армијата.

Како заклучок, резултатот укажува на тоа дека непосредните и посредните контакти со контракторите за време на мисиите се неизбежен дел. Истото прашање е во согласност и со преносот на информации поврзани за ПВБК од поранешни колеги. Двата фактори во комбинација се најголемиот предизвик со кој се соочуваат армиските припадници. Не е возможно да се остане имун на информациите кои се поврзани со делокругот на ПВБК. Но, сепак постојат превентивни мерки кои може да се преземат навремено.



	Одговор	Вкупно
●	Никогаш	37
●	Ретко	22
●	Често	79

Слика бр. 7: Контакт со вооружени контрактори или контрактори што даваат безбедносни услуги

Во однос на осмото прашање кое се однесуваше за тоа дали испитаниците имаат „*Колеги кои ја напуштиле Армијата и станале контрактори*“, 150 испитаници одговориле потврдно. Самиот резултат укажува на распространета транзиција од воената служба во приватниот сектор за безбедносни услуги. Тука предвид треба да се земе дека за дел од испитаниците некои колеги се заеднички. Овој феномен влијае врз армискиот персонал, бидејќи останатите поединци може да размислат да го следат нивниот пат ако согледаат добра можност и можност за добивка.



Одговор	Вкупно
Да	150
Не	5

Слика бр. 8: Колеги кои ја напуштиле Армијата и станале контрактори

Во однос на деветтото прашање кое се однесуваше за „*Сознанијата и информираноста за ПВБК*“, голем дел од анкетираните, вкупно 128 испитаници, своето знаење за ПВБК го стекнале преку поранешни колеги. Тоа укажува дека моќта на личните искуства и неформалните мрежи кои постојат во рамките на воената институција, влијаат при формирањето на перцепцијата за ПВБК. Меѓучовечката комуникација во рамките на војската игра значајна улога во ширењето информации за можностите во приватниот безбедносен сектор. Сепак, зависноста само од неформални извори може да доведе и до нецелосни информации за ПВБК. Тука важно е да се напомни дека 13 испитаници одговориле дека за ПВБК дознале при директен контакт во мировните операции кои ги извршувале. Во претходните одговори каде што беше наведено дека 106 испитаници учествувале во мисија, од кои 101 испитаник имале посреден и непосреден контакт со контрактори, резултатот од 13 испитаници укажува дека моќта на личните искуства и разговорите со поранешните колеги има многу поголемо влијание од самото упатување во мисија. Сепак, треба да се напомни дека во голем број случаи каде што армиските припадници биле упатувани во мировни операции, се сретнале со поранешни колеги кои работеле како контрактори во истата база или област што дава една логичка целина на одговорите. Дополнително,

влијанието што го имаат ПВБК преку медиуми, свои претставници, регрутери е многу големо и негативно се одразува врз армискиот персонал.



	Одговор	Вкупно
●	Медиуми	4
●	Колеги (поранешни/сегашни)	128
●	Реклами за вработување	2
●	При директен контакт на мисии во странство	13
●	Немам сознанија	13

Слика бр. 9: Извори за информираност за ПВБК

Во однос на десеттото прашање што е во корелација со претходното прашање и се однесуваше на „*Покажаниот интерес на испитаниците за искуствата на колегите како контрактори*“, резултатите укажуваат дека 118 испитаници се заинтересирани да слушнат за искуствата на колегите кои преминале од Армијата да работат како контрактори. Овој интерес укажува на љубопитност меѓу персоналот за природата на работата, предизвиците и предностите поврзани со контракторската работа.

Импликациите од покажаниот интерес се уште еден фактор дека армиските припадници не може да останат имуни на колегите контрактори. Првично тоа е така поради познанствата што се развиле во воената служба, а друго поради лични интереси, односно разгледување подобри можности за работа.



	Одговор	Вкупно
●	Да	118
●	Не	39

Слика бр. 10: Заинтересираност за искуствата на контракторите

Во однос на прашањето под реден број 11 (единаесет) што е во корелација со претходното прашање и се однесуваше на „*Кои прашања од интерес поврзани со работата на контракторите*“ ги интересираат испитаниците, а резултатите покажуваат дека висината на платата е најпреферирана тема од интерес (79 испитаник). Ова укажува дека персоналот е особено љубопитен за финансиските аспекти на работата како контрактори. Тоа сугерира дека конкурентното наградување е значајно за внимание за потенцијалните транзиции во кариерата. По платата, значителен интерес испитаниците искажале кон условите за работа (62 испитаници). Испитаниците се заинтересирани да ја разберат работната средина, барањата за работа и севкупните услови што ги искусуваат контракторите во приватниот сектор. Сепак, и во условите за работа, главна тема се финансиите, односно дали е исплатливо или не. Предизвиците во службата и можностите за напредување, вкупно 11 испитаници, се само нуспроизвод

што го добиваат контракторите при самата работа и како резултат не ја менува перцепцијата дека финансиите се примарен фактор.



	Одговор	Вкупно
●	Висината на платата	79
●	Условите за работа	62
●	Предизвиците во службата и можностите за напредување	11
●	Друго	5

Слика бр. 11: Прашања од интерес поврзани со работата на контракторите

Во однос на прашањето под реден број 12 (дванаесет) кое се однесуваше на „*Односот помеѓу класичните државните сили (армиите) и ПВБК*“, резултатите покажуваат дека испитаниците не се сигурни, односно не можат точно да одредат каков е односот помеѓу државните сили и ПВБК. Најголем дел се изјасниле дека односот е професионален (вкупно 57), потоа 47 испитаници се изјасниле за променлив и 36 дека не знаат. Сепак, одговорите соодветствуваат со реалната слика за ПВБК и тоа јасно се докажа во теориската расправа дека ПВБК се ентитети кои одговараат на пазарот на трудот и нивниот однос со класичните државни сили може да биде професионален кога им е во нивни интерес (докажано во различните ангажирања во Ирак). Односот може да

биде и променлив кога нивните интереси не се во согласност со нивната политика односно не потпаѓаат под воениот синџир на командување и контрола во зоната на операции. Останатите 36 припадници кои се изјасниле дека не знаат, со право го имаат дадено тој одговор бидејќи потребна е едукација и навремено информирање на персоналот за улогите и интеракцијата на државните сили и ПВБК.



Одговор	Вкупно
Недефиниран	19
Променлив	47
Професионален	57
Не знам	36

Слика бр. 12: Односот помеѓу класичните државни сили и ПВБК

Во однос на прашањето под реден број 13 (тринаесет) кое се однесуваше на „*Перцепциите, односно што претставуваат ПВБК*“, 52 од испитаниците ги сметаат ПВБК како нормална појава во сите модерни општества и 52 испитаници ги сметаат за поефикасна замена за неефикасните државни институции. За дополнување и јакнење на класичниот државен систем на безбедност одговориле 27 испитаници, а 21 испитаник одговориле дека ПВБК претставуваат опасност врз демократијата и националната

безбедност. Импликациите од ова прашање се дека испитаниците со право ги имаат дадено одговорите и поделени се во нивните ставови. Неспорно е дека сите дадени одговори се точни и дека ПВБК може да бидат сè што е наведено. Ако се согледаат западните гледишта во однос на ПВБК се доаѓа до заклучокот дека тие ги сметаат за дополнување и јакнење на класичниот државен систем на безбедност, односно како мултипликатори на сила. Ако се анализираат студиите на случај што се правени за влијанието на ПВБК во нискоразвиените земји се доаѓа до заклучок дека тие таму се перципирани како ефикасна замена за неефикасните државни институции. Низ теориската рамка се согледа дека ПВБК се анализирани низ различни призми со соодветни аргументи за сите наведени перцепции. Со оглед на насловот на дисертацијата и поставените хипотези, во интерес е резултатот дека ПВБК претставуваат опасност врз демократијата и националната безбедност бидејќи го еродираат монополот на државата за употреба на сила и посредно и непосредно влијаат врз одливот на професионални кадри од армиите, а преку тоа имаат и влијание врз националната безбедност.



	Одговор	Вкупно
●	Дополнување и јакнење на класичниот државен систем на безбедност	27
●	Поефикасна замена за неефикасните државни институции	52
●	Опасност врз демократијата и националната безбедност	21
●	Нормална појава во сите модерни општества	52
●	Друго	6

Слика бр. 13: Перцепции за ПВБК

- **Влијанието на ПВБК врз испитаниците**

Следните седум прашања (од 14 до 20 прашање) од анкетниот прашалник имаа за цел согледување на директното и индиректното влијание на ПВБК врз испитаниците. Овој сет од прашања ја покрива главната тематска целина од дисертацијата и е во директна поврзаност со стекнатите сознанија и информираноста која беше претходно образложена. Добиените резултати од прашањата се следни:

Во однос на прашањето под реден број 14 (четиринаесет) кое се однесуваше на „*Моменталното размислување на испитаниците во однос на иднината и нивните планови за останување или напуштање на Армијата*“, одговорите укажуваат дека 39 испитаници активно размислувале да ја напуштат војската, додека 14 биле решени да го сторат тоа. Важно е да се напомни дека тоа е моменталното размислување што го имале испитаниците каде од денешна инстанца сигурно некој веќе ја има напуштено Армијата (доброволно, пензионирање итн.), а некои останале сè уште да служат. Идентификувањето на основните причини за напуштање и нивното навремено решавање е од клучно значење за да се спречи одливот. Основните причини се подолу опфатени низ прашањата што ни даваат солиден концепт на проблем-решение. Сепак, голем дел од испитаниците, односно 89 испитаници одговориле дека планираат да останат во Армијата што нуди солидна стабилност и дава друга перцепција на работите.

Дополнително, вкупно 8 испитаници немаат планови и 10 испитаници како неопределени, исто така, се критична маса бидејќи кај нив може да преовладаат атрактивните понуди од ПВБК. Затоа потребно е и таа целна група да се земе предвид и превентивно да се делува за да нема одлив на припадници.



	Одговор	Вкупно
●	Планирам да останам во Армијата	89
●	Неопределен	10
●	Немам планови	8
●	Размислувам да ја напуштам Армијата	39
●	Дефинитивно сакам да ја напуштам Армијата	14

Слика бр. 14: Идни планови и размислувања на испитаниците

Во однос на прашањето 15 (петнаесет) каде од испитаниците беше побарано да одговорат и да ги наведат „*Главните причини за напуштање на Армијата*“, резултатите укажуваат дека незадоволството од финансиите (51 одговор) и недостатокот од можности за напредување и некоректноста во напредувањето во работата (46 одговори) најчесто се наведените причини за напуштање на работата. Незадоволството од финансиите е главна причина за одливот од Армијата. Нелојалната конкуренција од ПВБК каде платите се до 10 пати поголеми создава перцепција кај армискиот персонал дека не се доволно платени за својата работа. Незадоволство од нивната плата или паричен надоместок, што сугерира дека конкурентното наградување

е од клучно значење за задржување на персоналот. Решавањето на разликите во платите и обезбедувањето правична плата може да игра значајна улога во подобрувањето на задоволството од работата и намалувањето на веројатноста персоналот да бара можности на друго место. Сепак, финансиите се субјективен елемент и релативна работа. Не е возможно да се прави споредба со приватниот сектор, но тука треба и да се направат дополнителни истражувања, на пример, како платата го следи животниот стандард на војската. Сепак, неизбежен е фактот дека парите играат многу важна улога.

Понатаму, перцепцијата за ограничен напредок во кариерата во војската придонесува персоналот да размислува за други опции. Многу армиски припадници не можат да го достигнат врвот, односно "заглавуваат" во пирамидалната хиерархија од различни причини што резултира со нивно незадоволство и фактор на одлука за напуштање на Армијата.

Други причини, како односите со колегите (3 одговори), некоректност во можностите за учество во обуки (3 одговори) и други аспекти на работата, исто така, укажуваат на редица предизвици со кои се соочува Армијата, а воопшто и армиите во светски рамки согласно прегледот на литературата. Покрај тоа, 24 учесници изјавија дека нивната одлука да ја напуштат Армијата била под влијание на неусогласеноста меѓу нивните очекувања од кариерата и вистинската природа на нивната работа. Овој резултат ја нагласува важноста на транспарентно и реално водење, како и советување во кариерата овозможувајќи му на персоналот да донесе рационални одлуки за нивните кариери.

Понатаму, 20 испитаници го споменале незадоволството од нивните претпоставени како еден од факторите што придонесува за нивното потенцијално заминување. Ова го нагласува значењето на ефективно лидерство и влијанието што го има врз моралот на персоналот и посветеноста на организацијата.

Наведените фактори треба да помогнат во дизајнирањето на идните сеопфатни стратегии за напредок во кариерата, стимулирање на персоналот, иницијативите за професионален развој. Со обезбедување јасни патишта за напредување во кариерата, правични финансиски награди и поддржувачко лидерство, Армијата ќе поттикне позитивна работна средина која го охрабрува персоналот да остане посветен на својата воена кариера. Факт е дека сите горенаведени чекори се спроведуваат постојано и дека системот на награди функционира во континуитет и се преземаат соодветни чекори за зголемување на стандардите на припадниците на Армијата.



	Одговор	Вкупно
●	Недостаток од можности, неправда и некоректност за унапредување во работата	46
●	Односи со колегите	3
●	Работата не се совпаѓа со очекувањата во кариерата	24
●	Незадоволство од претпоставените старешини	20
●	Некоректност во можностите за учество во обуки	3
●	Незадоволство од платата (финансиите)	51
●	Друго	12

Слика бр. 15: Главна причина за напуштање на работното место

Во однос на прашањето 16 (шестнаесет) што е концептуално поврзано со претходните прашања и се однесуваше на „*Размислувањето и понудите за работа во*

ПВБК“, резултатите од истражувањето покажуваат дека вкупно 116 испитаници добиле понуда за работа, односно размислувале да работат за ПВБК. Резултатот посочува дека ПВБК се перципирани како остварливи и атрактивни алтернативи за кариера на значаен дел од армискиот персонал. Се потврдуваат и теориските наоди дека ПВБК активно бараат воен персонал, препознавајќи ги нивните вештини и искуство како вредни средства во приватниот безбедносен сектор. Мора да се напомни дека понудите за работа доаѓаат непосредно од поранешните колеги и со нивно посредство да работат како контрактори. Импликациите од овие наоди ја нагласуваат нелојалната конкуренција од страна на приватната безбедносна индустрија во привлекувањето квалификуван персонал воопшто од армиите. ПВБК ја препознаваат вредноста на военото искуство и активно регрутираат поединци кои ја поседуваат потребната обука и вештини.



	Одговор	Вкупно
●	Да	116
●	Не	42

Слика бр. 16: Понуда за работа во ПВБК

Во однос на прашањето 17 (седумнаесет) кое се однесува на „*Сигурноста на испитаниците за наоѓање работа во ПВБК“*, може да се согледа дека 110 испитаници (53 испитаници „многу сигурни“ и 57 испитаници „сигурни“ во наоѓање работа) уживаат самодоверба дека може да се вработат во ПВБК. Резултатите покажуваат дека испитаниците веруваат дека нивното воено искуство и вештини ќе бидат ценети и

барани во приватниот сектор и свесни се дека се конкурентни на пазарот на трудот. Од друга страна, 39 испитаници се изјасниле дека „не се многу сигурни“ за нивната вработливост кај ПВБК, а 11 испитаници дека се целосно „несигурни“.

Добиените резултати укажуваат дека согледаната леснотија на наоѓање вработување кај ПВБК, укажува на потребата да се зајакне привлечноста на Армијата со нудење конкурентни бенефиции, можности за раст и работна средина што им конкурира на приватните сектори. Довербата или неизвесноста во наоѓањето вработување кај ПВБК има значително влијание за напорите на Армијата во задржувањето на персоналот. За тие кадри кои имаат доверба во нивната вработливост надвор од Армијата треба проактивно да се преземат чекори за нивно задржување. Истакнувањето на уникатните предности на воената кариера, како што се: чувството на патриотизам, служењето на државата, лојалноста, можностите за личен развој, дефинитивно ќе ја зајакне нивната посветеност кон организацијата.

Спротивно на тоа, за персоналот кој е несигурен или целосно несигурен за своите перспективи во приватниот безбедносен сектор, Армијата треба да ја искористи таа несигурност со нагласување на стабилноста во работата и безбедноста што ги нуди воената служба. Истакнувањето на долгорочните придобивки, напредувањето во кариерата и потенцијалот за личен развој во рамките на Армијата обезбедува уверување и да ги поттикне да останат во воена служба. Наодите сугерираат дека комуникацијата и споделувањето информации за опциите за кариера и во Армијата и во приватниот сектор се клучни. Со обезбедување на персоналот со јасно разбирање за нивните можности и потенцијалните предизвици со кои може да се соочат при преминот во ПВБК, Армијата може да ја води својата работна сила кон рационални одлуки за кариера.



	Одговор	Вкупно
●	Многу сигурен	53
●	Сигурен	57
●	Не многу сигурен	39
●	Целосно несигурен	11

Слика бр. 17: Сигурност во наоѓање работа во ПВБК

Во однос на прашањето 18 (осумнаесет) кое се однесуваше на „*Предностите во работата за ПВБК“*, вкупно 142 испитаници, навеле дека финансиските аспекти се главна предност на работењето во ПВБК. Ова покажува дека можностите за заработка се главна и примарна предност. Ова откритие го повторува значењето на конкурентните плати и бенефиции што ги нудат ПВБК за привлекување квалификуван персонал од армиите. Исто така, со резултатот се потврдува и дека главна причина за работа во ПВБК се финансиите.

Со резултатот се нагласува нелојалната конкурентската предност на ПВБК во областа на финансиите. Способноста на приватниот сектор да понуди атрактивни пакети за наградување претставува голем предизвик за армиите, особено за персоналот кој бара поголема финансиска стабилност.

Другите наведени предности, како реалните мисии (1 одговор), можностите за напредување (3 одговори) и начинот на функционирање (8 одговори), не ја менуваат перцепцијата дека финансиските средства се предност и главен мотив за работа.

Исто така, ПВБК нудат можности за напредување различни од тие што ги нуди армијата. Некои вработени може да гледаат на приватниот сектор дека нуди побрз напредок, поширок опсег на улоги и поголеми можности за развој на вештини. И од овие наоди произлегува дека треба да се размислува во повеќе насоки истовремено при креирањето на стратегиите и преземањето чекори кои ќе го зголемат задоволството кај армиските припадници.



	Одговор	Вкупно
●	Финансиите	142
●	Реални мисии	1
●	Можност за напредување	3
●	Принципот на работа	8
●	Друго	3

Слика бр. 18: Предности во работата во ПВБК

Во однос на прашањето број 19 (деветнаесет) кое се однесуваше на „*Недостатоците поврзани со работата за ПВБК*“, вкупно 130 испитаници, наведоа дека главен недостаток претставува оддалеченоста од семејството. Овој резултат сугерира дека природата на задачите на ПВБК често вклучува распоредувања или мисии во странство, што доведува до одвојување од ближните и саканите. Добиениот резултат ги потврдува и претходно добиените резултати од спроведените емпириски истражувања кои се прикажани во прегледот на литература. Неизбежен е фактот дека семејството игра една од клучните улоги за вработените во армиите. Наодите ја нагласуваат важноста на рамнотежата помеѓу работата и животот и семејните

размислувања во одлуките за служба и кариера на персоналот. Предизвиците во распоредувањето и обезбедувањето систем за поддршка на персоналот и нивните семејства, може да придонесе за подобрување на задоволството од работата и посветеноста на воената служба. Додека оддалеченоста од семејството беше најчесто споменуваниот недостаток, мал број испитаници идентификуваа други фактори. Тие вклучуваат: опасност во службата (5 испитаници), несигурен работен статус (15 испитаници) и голема конкуренција (2 испитаници).



	Одговор	Вкупно
●	Оддалеченост од семејството	130
●	Опасност во службата	5
●	Несигурен работен статус	15
●	Голема конкуренција	2
●	Друго	6

Слика бр. 19: Недостатоци во ангажманот како контрактор во ПВБК

Во однос на прашањето под реден број 20 (дваесет) кое се однесуваше на „*Потенцијалното зголемување на одливот поради поголеми финансиски придобивки*“, резултатите откриваат дека вкупно 150 испитаници, веруваат дека поголемите финансиски придобивки од страна на ПВБК може да доведат до зголемен одлив. Самиот резултат е само потврда на веќе изнесените ставови погоре и укажува на растечката перцепција дека приватната безбедносна индустрија има поатрактивни финансиски стимулации во споредба со воената служба.

Согласно резултатите, главна препорака е да се следи трендот на финансиите и системот за стимулации и бенефиции да се усогласи со променливите очекувања на воениот персонал.



	Одговор	Вкупно
●	Да	150
●	Не	2
●	Не знам	7

Слика бр. 20: Одлив на персоналот во иднина поради поголеми финансиски придобивки

- **Препораки за намалување на одливот**

Следните 4 (четири) прашања од анкетниот прашалник имаат за цел согледување на дел од проблемите и предизвиците со кои се соочува Армијата, а воедно добивање директни одговори од испитаниците. Овој сет од прашања се вредни за идни дополнителни истражувања бидејќи изворно добиените одговори се клучни во реализацијата на различни планови и стратегии за намалување на одливот.

Во однос на прашањето под реден број 21 (дваесет и еден) кое се однесуваше на „*Влијанието на одливот на професионални кадри врз борбената готовност*“, резултатите покажаа дека 150 испитаници веруваат дека одливот на професионален кадар негативно влијае врз борбената готовност. Самиот резултат може да се каже дека беше и очекуван со оглед на тоа дека човечкиот фактор и потенцијал е најважен во една организација. Со добиените одговори се нагласува критичната улога што ја игра квалификуваниот и искусен персонал во одржувањето на оперативната ефикасност на Армијата.

Одливот на професионален персонал има далекусежни импликации врз способностите и подготвеноста на Армијата. Тоа е така бидејќи инвестицијата во еден припадник за стекнување одредени сет од вештини преку различни школувања изнесува стотици илјади евра. Губењето на искусен персонал резултира со намалување на оперативната ефикасност, намалена кохезија во единицата и празнини во специјализираните вештини кои се клучни за успехот на мисијата. Квалификуваните кадри се доста барани од ПВБК бидејќи вработуваат готов производ и не губат време за негова едукација. Одливот од Армијата остава празнина која за нејзино пополнување потребни се повеќе години. За крај, одржувањето на борбената готовност е стратешки и витален приоритет за националната безбедност и државата.



	Одговор	Вкупно
●	Да	150
●	Не	3
●	Не знам	5

Слика бр. 21: Одливот на професионален кадар и намалување на борбената готовност

Во однос на прашањето под реден број 22 (дваесет и два) кое се однесуваше на „*Сознанијата за ефектите од активностите на ПВБК врз можниот одлив од страна на одговорните лица во државата*“, резултатите покажуваат дека вкупно 106 испитаници веруваат дека државните органи имаат доволно знаење за ефектите од активноста на ПВБК врз потенцијалниот одлив на персонал.

Импликациите од добиените резултати ја нагласуваат важноста на соработката и комуникацијата меѓу војската и државните власти. Факт е дека се преземаат соодветни мерки и се носат стратегии за превенирање од можен одлив на персоналот. Од суштинско значење е војската да се вклучува во дискусии и со другите државни безбедносни органи за да се осигури дека креаторите на политиката ги разбираат предизвиците и можностите што ги поставуваат ПВБК. Сепак, важно е да се спомене дека Армијата како организација почива на свои постулати и правила, а не на индивидуални желби.



	Одговор	Вкупно
●	Да	106
●	Не	20
●	Не знам	32

Слика бр. 22: Сознанија за ефектите од дејноста на ПВБК

Во однос на прашањето 23 (дваесет и три) од анкетата кое се однесуваше за тоа: „*Каква мотивација е потребна* за *армискиот персонал?“*, резултатите од истражувањето покажуваат дека вкупно 101 испитаник, ги идентификувале финансиските ресурси, вклучително и повисоките плати и додатоците на плата, како значаен мотивирачки фактор за армискиот персонал. Добиените одговори само ја потврдуваат важноста на финансиите во делот за намалување на одливот на персоналот. Иако финансиските стимулации се клучни, помал дел од испитаниците ја истакнале важноста на модерната и софистицирана опрема (14 испитаници) и можностите за учење и напредување (8 испитаници). Овие фактори го нагласуваат значењето на обезбедувањето најсовремена опрема и можности за континуиран професионален развој за привлекување и задржување на персоналот кој бара раст и исполнување во нивните воени кариери.

Понатаму, 26 испитаници, ја споменале важноста да се реши работниот статус како мотивациски фактор. Самиот резултат се однесува на решавањето на работниот статус на професионалните војници кои се лица вработени по договор.

Импликациите од овие наоди ја нагласуваат потребата Армијата да усвои холистички пристап кон задржувањето на персоналот. Иако конкурентните финансиски ресурси се клучни, обезбедувањето најсовремена опрема, можностите за професионален раст и работната средина за поддршка се подеднакво важни за поттикнување на задоволството од работата.



	Одговор	Вкупно
●	Финансиски средства (поголеми плати, додатоци на плати итн.)	101
●	Предизвик	4
●	Помодерна и софистицирана опрема	14
●	Можност за учење и напредување	8
●	Решен работен статус	26
●	Друго	7

Слика бр. 23: Потребна мотивација за припадниците на Армијата

Во однос на прашањето под реден број 24 (дваесет и четири), треба да се спомене дека беше единственото прашање од отворен тип каде испитаниците требаше да одговорат со пишување (пополнување) и да дадат свои сопствени размислувања. Прашањето се однесуваше на давање размислувања и ставови во однос на тоа: „*Какви чекори треба да се преземат за да се спречи одливот на професионален кадар*?“ Првично, сите испитаници одговориле дека се согласни дека треба да се преземат

некакви чекори. Второ, дека сите чекори кои ќе се преземаат треба да бидат во континуитет, а не кампањски. Предноста во одговорите се согледува во тоа што опфаќа широк дијапазон на размислувања од различни категории (војници, подофицери и офицери) како и испитаници со различен степен на образование, а воедно и испитаници со различен работен стаж.

Од добиените одговори, по направената квалитативна анализа, направена е категоризација на повеќе главни теми кои се опфатени во одговорите бидејќи голем дел се повторуваа. Поголем дел се колективни, односно се однесуваат за поголеми групи, а има и голем дел со лични ставови, односно индивидуални проблеми. Сепак, како главни предизвици кои се наведуваат, односно чекори кои треба да се преземат за да се спречи одливот се:

- *Финансиите*. Од вкупниот број испитаници кои дале одговор кои чекори треба да се преземат за да се намали одливот на професионални кадри, мнозинството одговориле дека треба да има континуирано зголемување на платите. Исто така, да има зголемување на бенефициите, додатоците на плата, итн.;
- *Деполитизација.* Еден дел од испитаниците имаат наведено дека Армијата не треба да има врски со политиката. Иако според Законот за служба во Армијата и сите документи поврзани со Армијата, строго се забранува агитирање и јавно говорење за политика. Дел од испитаниците имаат стекнато мислење дека поврзаноста на припадниците на Армијата со политиката им овозможува разни бенефити. Сепак, бидејќи не постојат јасни докази за докажување на тоа, а воедно лошо е да се генерализира таквата состојба, поради самата големина на овој репрезентативен примерок, овој резултат треба да се земе со резерва. Која е причината за таквото мислење допрва треба да се истражи и јасно да се даде до знаење дека во Армијата не треба и не смее да има место за политика;
- *Лидерство.* Дел од испитаниците навеле дека има недостаток од лидерство во армиските кругови. Самиот феномен на лидерство има своја историска заднина, односно самиот тренд е во намалување во сите светски армии. Тоа се должи, пред сè, поради одливот на високо стручен професионален кадар во приватниот сектор. Исто така, поради намалената заинтересираност за служба во армиите на светско ниво, намалени се самите критериуми за влез со што изборот на персонал не секогаш е соодветен. Тоа создава слаби лидери каде потоа се одразува врз системот. Едукацијата на старешините и војниците за лидерска обука треба да биде приоритет на сите армии. Постапките во секојдневното работење и нагласувањето на значајната природа на воената служба и нејзиното влијание врз националната безбедност може да поттикне чувство на цел и посветеност кај персоналот;
- *Човечки менаџмент.* Во однос на човечкиот менаџмент кратко и јасно кажано од страна на испитаниците е дека "прави" (едуцирани, соодветни, лидери) лица кои треба да се постават на соодветни места. Нивната перцепција е дека на одредени раководни места има поставено несоодветен персонал. Се тоа се придонесува до разочарување кај армиските припадници кои дел од нив како причина за напуштање го сметаат човечкиот менаџмент. За таа цел, обезбедувањето транспарентност во напредувањето во кариерата и процесите на промовирање може да всади чувство на правичност и меритократија во организацијата. Инвестирањето во сеопфатни програми за развој на кариера може да му обезбеди на персоналот јасни патишта за напредување и можности за подобрување на вештините во рамките на Армијата;
- *Подобри услови за работа (модернизација на опремата, условите за работа).* Во голем дел од одговорите преовладуваат одговорите дека потребна е нова и

софистицирана опрема, подобри услови за живот и работа. Не е концизно наведено од испитаниците на кој дел од опремата се мисли, но може да се претпостави дека се однесува на индивидуалната и колективната опрема која е потребна за извршување на секојдневните обврски. Во однос на условите за работа, испитаниците укажуваат дека потребно е подобрување на сместувачките капацитети и на сите потребни објекти за извршување на секојдневните задачи;

- *Решавање на статусот на професионалните војници.* Во однос на решавањето на статусот на професионалните војници логички заклучок е дека добиените одговори добиени се од страна на професионалните војници. Првично одговорите може да се сметаат како индивидуален проблем бидејќи секој војник размислува за својата иднина и сака да си го реши социјалниот статус. Сепак, тој проблем е и системски бидејќи со нерешен статус на професионалните војници се создава простор за нивно напуштање и одлив. Моментално, статусот на професионалните војници е решен така што тие може да останат до 45 години старост во Армијата каде избираат отпремнина или продолжување во некои од службите во државата со нивно преземање. Исто така, постои можност тие да станат подофицери во текот на службата и така да го решат социјалниот статус.

Разбирањето на овие резултати е првично во идејата за консензус за потребата од превентивни мерки. За ефикасно да се спречи одливот на професионалните кадри, од клучно значење е Армијата континуирано да го оценува влијанието и исходот на имплементираните стратегии.

- **Вкрстена анализа на резултатите од анкетата**

По спроведената поединечна анализа на прашањата од анкетата, вкрстената анализа помеѓу прашањата и помеѓу поднасловите кои опфаќаат тематски целини ни дава една појасна слика за добиените резултати.

Во однос на полот и перцепцијата за одлив од вкупно 162 испитаници од кои 147 машки, сите покажаа исти перцепции во врска со потенцијалниот одлив на воени професионалци поради поголемите финансиски придобивки што ги нудат ПВБК. Тоа укажува дека привлечноста на финансиските стимулации е загрижувачка низ машкиот пол. Малиот број претставници од женскиот пол во истражувањето претставува еден недостаток во самото истражување, воедно и стимул за идни истражувања поврзани со соодветна родова застапеност.

Ако ги согледаме одговорите добиени од групите за возраст на испитаниците и нивното размислување во ПВБК, ќе согледаме дека испитаниците на возраст од 23 до 30 и 31-40 години покажуваат највисоки нивоа на внимание за вработувањето во ПВБК (33 и 53 испитаници, соодветно). Ова сугерира дека поединците во овие возрасни групи може да бидат поотворени за истражување можности надвор од војската поради различни фактори вклучувајќи напредување во кариерата и финансиски придобивки.

Исто така, ако го видиме нивото на образование на испитаниците и како тие појавуваат интерес за искуствата на контракторите, ќе согледаме дека испитаниците со средно и високо образование покажале поголем интерес да слушнат за искуствата на колегите кои станале контрактори (117 и 36 испитаници, соодветно). Ова сугерира дека лицата со високо образование можат активно да бараат информации за потенцијалните кариерни транзиции и да истражуваат различни можности.

Ако направиме анализа на годините поминати на служба на испитаниците во Армијата и перцепцијата на знаењето на одговорните во државата, ќе согледаме дека испитаниците со над 20 години стаж покажуваат повисока перцепција дека одговорните во државата имаат доволно знаење за ПВБК и нивното потенцијално влијание врз одливот на професионалниот персонал (61 испитаник). Ова укажува дека

поединците со поголемо искуство може да имаат подобро разбирање за поширокиот контекст на безбедносните операции.

Во однос на учеството во мисија на испитаниците кои се изјасниле дека имаат учествувано и нивното размислување за вработување во ПВБК, 116 испитаници размислувале да работат за ПВБК. Ова сугерира дека меѓународните распоредувања може да го изложат воениот персонал на можности надвор од Армијата и да влијаат врз нивните размислувања за служба.

Понатаму, во делот на разгледување на вработувањето на ПВБК и перцепцијата за финансиските стимулации меѓу испитаниците кои размислувале да работат за ПВБК, 142 испитаници ги сметале финансиските стимулации како примарна предност на работата во приватниот безбедносен сектор. Ова дополнително ја поддржува идејата дека финансиите играат клучна улога во одлуките на персоналот да ги истражуваат можностите надвор од војската.

Импликациите од вкрстената анализа обезбедуваат вредни сознанија за варијациите и моделите на перцепции и мотивации на различни демографски групи. Разбирањето на оваа динамика може да и помогне на Армијата да развие соодветни стратегии за да одговори на грижите на одредени подгрупи и да ги подобри вкупните напори за задржување на персоналот.

3. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИНТЕРВЈУА

За потребите на истражувањето, се примени и полуструктурирано интервју. Главна цел на оваа форма интервју беше испитаниците да помогнат во изработката на докторската дисертација со двонасочна почит. Сите интервјуирани кандидати го имаа правото да отстапат во давањето интервју во секое време или да не дадат одговори на некои прашања. Посебна цел на овој дел е да даде дополнителни информации за работата во ПВБК, влијанието врз политиката, влијанието врз националната безбедност, идејата за работа, дебата околу етичките вредности, негативните и позитивните аспекти. Резултатите во дисертацијата пренесени се во неутрална форма, се со цел да не се креира позитивна или негативна слика за ПВБК, односно да влијаат врз нечие размислување. Важно е да се напомни дека интервјуата со контракторите ги одразуваат нивните лични ставови и искуства. Дел од одговорите се контрадикторни, но сепак пренесени во неутрален наратив за да се истакнат различните толкувања на прашањата.

Како квалитативен метод за истражување, интервјуто послужи за собирање информации што се протегаат низ различни општествени прашања. Изборот на полуструктурирано интервју фокусирано врз лице беше посебно избрано. Проценатa е дека тоа е најдобра можност да се дојде до информации од испитаниците и за врските со културата и начинот на работа на ПВБК. При водењето на интервјуто, суштината беше да се насочи разговорот кон истражувањето на појавата и негова огромна предност (за разлика од анкетниот прашалник) и во непосредниот контакт помеѓу испитувачот и испитаникот, како и во можноста испитувачот да се адаптира на физичките и менталните конструкции на испитаникот, како и можноста за дополнителни прашања и објаснувања. Употребата на овие методи придонесе за зголемување на синергијата помеѓу истражувачот и соговорниците, што придонесуваше кон поуспешна дискусија, а мора да се спомене и динамичката природа на интервјуто и групната дискусија која овозможува поголема активност отколку структурираниот анкетен прашалник, како и можноста да се добијат подетални објаснувања за одредени ставови и размислувања.

За таа цел, интервјуата беа спроведени со сегашни и минати членови на ПВБК, односно контрактори кои се занимаваат во областа на безбедноста. На сите учесници им се пристапи поради нивната директна врска со темата на истражувањето. За секое интервју, веќе претходно имаше дефиниран стандарден сет од прашања, кои се користеа во обид испитаниците да се насочат кон централната тема на истражувањето, истовремено дозволувајќи доволно општост во секое прашање да им овозможи да елаборираат и дискутираат за тоа што сметаат дека е важно или релевантно за прашањето. Изгледот на прашањата и формата на интервјуто се наоѓа во прилог број 2 на дисертацијата.

Исто така, поради пандемијата со КОВИД-19, далечината на испитаниците, поголем дел од интервјуата беа спроведени електронски преку социјалните мрежи и електронски пошти каде одговорите и белешките беа согледани од двете страни и беа прифатени за понатамошна анализа и објавување. Дел од интервјуата се реализираа на директни средби каде испитаниците не беа согласни за користење аудио рекордер, но дадоа согласност за употреба на одговорите во дисертацијата.

Во однос на одговорите на прашањата мора да се истакне дека за одредени прашања добиени се целосни одговори, за дел од прашањата има симболични одговори заради чувствителноста на прашањата и затворената природа на институциите, но и на самите испитаници, а за мал дел и послаби одговори кои се должат на непознавање на материјата која се истражува.

- **Квалитативна интерпретација на резултатите**

Како што беше претходно споменато, интервјуто беше спроведено на поранешни припадници од армијата и полицијата, односно на поранешни контрактори и моментално вработени контрактори во приватната безбедносна индустрија. Поточно, интервјуираните лица се лица кои моментално извршуваат обезбедување бази, конвои, лица и се вклучени како контрактори во обезбедувањето на нафтената индустрија во Ирак. Истите лица, зад себе имаат различни ангажмани како контрактори во различни фирми и земји и како што самите се изјаснуваат дека борбата во приватниот сектор е многу поголема за разлика од јавниот сектор, односно претходно од Армијата или полицијата. Тоа се должи на две причини, и тоа: првата причина е дека давателите на работа од приватниот сектор за себе го сакаат само најдоброто. Нивните конкурси, односно примања на персонал се од целиот свет и како што испитаниците навестуваат дека немаш локална конкуренција туку имаш глобална конкуренција. Втората причина е должината на договорот. Сите ПВБК и разни подизведувачи на поголемите ПВБК присутни во различни земји не нудат договори подолги од 1 (една) година. Со самото тоа, покрај ПВБК што се штитат самите, тие наметнуваат и силно темпо за секој контрактор да дава максимум, односно да се залага за компанијата и редовно и чесно да ги извршува дадените задачи.

Интервјуто беше спроведено со вкупно 22 припадници што претставува солиден репрезентативен примерок бидејќи со дадените одговори јасно се потврдуваат и аргументираат хипотезите од дисертацијата. Со сетот од прашања се развиваше дискусија, односно давање кратки и концизни одговори. Квалитативната анализа во овој дел ќе биде поединечна за секое прашање бидејќи така беше конципирано самото интервју. Важно е да се напомни дека и во овој дел прашањата може да се класифицираат во различни тематски целини, но сметам дека секое прашање има своја заднина која е вредна за понатамошни истражувања. Следствено на тоа, подолу дадени се одговорите на прашањата и главните заклучоци.

Во однос на првото прашање кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторот има армиски или полициски бекграунд?“*, прашањето имаше за цел да ги потврди

теориските аргументи наведени во дисертацијата дека најголем дел од контракторите се поранешни армиски припадници. Исто така, со самото прашање се дава кредибилитет на интервјуата и дисертацијата дека испитаниците се директно поврзани со проблемот и од сегашна дистанца отворено може да зборуваат и за Армијата, но и за ПВБК. Нивното искуство и перцепција во согледувањето на нештата беше од есенцијално значење за дисертацијата бидејќи ги согледуваат нештата од двете страни (за разлика од анкетниот прашалник). Резултатите покажуваат дека 20 испитаници се поранешни професионалци од армиските редови и 2 (два) испитаника од полициските редови. Исто така, најмалиот стаж кај испитаниците е 4 години поминати во Армијата, а најголемиот стаж е 24 години. Тоа покажува и му дава веродостојност на истражувањето во однос на изнесување различни податоци од различни старосни групи, различен степен на едукација како и различен чин и функција.

Во однос на второто прашање кое се однесуваше на тоа: „*Во каква приватна компанија работеле или сè уште работат (воена или безбедносна), и во која земја е регистрирана?“*, резултатите откриваат дека 21 испитаник работат во приватна безбедносна компанија и сите се регистрирани во Ирак. Некои напомнаа дека нивните фирми се субконтракторски и дека главните фирми се регистрирани во САД и Велика Британија. Само 1 (еден) испитаник се изјасни дека работи во компанија за обезбедување имот и лица која, исто така, регистрирана е во Ирак. При дискусијата за самото прашање, на повеќето испитаници јасна им беше разликата помеѓу воени и безбедносни компании, за некои тоа им беше иста работа. Низ самото интервју и во поставените прашања лично го преферирав терминот ПВБК, се со цел тој да ги опфати и безбедносните и воените приватни компании. Самите испитаници беа уверливи дека префериратат да работат како обезбедување, односно во безбедносни компании каде ќе се чувствуваат посигурно бидејќи главниот мотив за кои работат се финансиите.

Во однос на третото прашање кое се однесуваше на: „*Работниот стаж пред стапување во приватните воени и безбедносни компании и колку време работат за ПВБК“*, како што беше погоре напомнато, најмалиот стаж е 4 години поминати во Армијата, а најголемиот стаж е 24 години. Подетално, одговорите откриваат дека 18 испитаници се до 15 години стаж во Армијата (вклучувајќи ги двата испитаници од полицијата) и 4 испитаници се над 20 години стаж. Како што беше спомнато и во првото прашање, големиот распон на години дава еден важен сегмент на доверба на одговорите бидејќи можеше да се слушнат различни размислувања.

Во однос на времето поминато во ПВБК на испитаниците, истото се движи од 3 месеци до 7 години во моментот на спроведувањето на интервјуто. Еден испитаник се изјасни дека има и две години искуство од Авганистан како контрактор. Во развиената дискусија за нивното време поминато во ПВБК, воопшто не изразија жалење и беа задоволни од работата и платата. На потпрашање дали планираат за брзо да се вратат во државата и да прекинат да работат за ПВБК, сите испитаници имаат сличен став дека додека не отворат сопствен бизнис или не најдат соодветно платена работа не планираат враќање.

Во однос на четвртото прашање кое се однесуваше на тоа: *„Како ги добиле сознанијата и можноста за вработување како контрактор?“*, резултатите откриваат дека сите испитаници своите сознанија и информираноста ги дознале преку поранешни колеги/припадници. Еден испитаник се изјасни дека имал познавања и претходно од упатувањето во мисија и дека поранешни колеги му помогнале полесно да ја донесе одлуката. Со самиот резултат се дава потврда на прашањето под реден број 9 од анкетата каде 128 испитаници имаа одговорено дека своите сознанија за ПВБК ги добиле од поранешни колеги. Како што беше и претходно напомнато, моќта на

неформалните мрежи и личните контакти е многу поголема за разлика од медиумите и други извори.

Во однос на петтото прашање кое се однесуваше на: „*Основната причина за вработување како контрактор“*, одговорите наведуваат дека тоа се финансиите. И во дискусијата која се разви со испитаниците, обезбедувањето на материјалната корист и издржувањето на своите семејства биле главни фактори за вработување како контрактор. Социјалниот статус и финансиската неизвесност (кредитите) придонеле за носење на одлуката за напуштање на Армијата. Нивното размислување беше во насоката дека искуството што го стекнале низ работниот стаж сега како контрактори практично го применуваат и дека како контрактори успеваат да си го валоризираат трудот. Друга причина која беше наведена беше поради незадоволството од раководните кадри, неможноста за континуиран напредок во кариерата и неисполнувањето на одредени услови за живот и работа.

Во однос на шестото прашање кое се однесуваше на: „*Разликата во добивките/бенефициите помеѓу ПВБК и старото работно место“*, резултатите од сите испитаници се исти, односно сите изјави се во делот на финансиската стабилност (поголема плата, подобри бенефиции итн.) и вреднување за работата. Исто така, се добија одговори како од типот дека испитаниците се чувствуваат реализирани во областа во која вложиле со работа, едукација и искуство.

Во однос на седмото прашање кое се однесуваше на: „*Најдобрите и најлошите искуства од контракторската работа и дали би ја препорачале на друг колега“*, испитаниците останаа “резервирани“ во делот на искуствата, без разлика дали се негативни или позитивни. Сите се согласија дека имале и позитивни и негативни искуства. Тоа се должеше на нивниот кодекс и лојалност кон работата бидејќи испитаниците сè уште работеа за ПВБК за време на давањето на интервјуто. Само еден испитаник се осуди да говори во делот дека додека траела пандемијата со КОВИД-19, останал без работа над 8 месеци и не знаел дали воопшто ќе се врати и дека тоа му било лошо искуство од дотогашната работа. Исто така, сподели информација дека за време на обезбедувањето конвој се соочил со непријатни ситуации од разни локални групи каде за среќа се поминало во најдобар ред.

Во однос на тоа дали контракторската работа би ја препорачале на друг колега, сите испитаници одговорија позитивно, односно дека веќе “врбуваат“ нови колеги за да им се придружат и дека ја препорачуваат на сите за кои сметаат дека ги исполнуваат условите. Дел од нив истакнаа дека за секој нов донесен член може да добијат повисоки плати и подобри позиции. Од друга страна, еден испитаник истакна дека подобро е да се работи со поранешни колеги поради познанството што го имале и дека во интерес е да се формира добар тим за работа.

Во однос на осмото прашање кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторската работа има иднина и како ќе се развива во иднина?“*, од контракторска перспектива се добија одговори дека на територијата на Ирак, во последните три години побарувачката за обезбедување нафтени полиња и обезбедување лица е двојно зголемена. Другите одговори исто беа потврдни дека и во иднина постојано ќе се развива и усовршува. Нивните предвидувања се дека контракторската работа во безбедносен контекст е иднината на војувањето. Исто така, според нивните сознанија се доби одговор дека контракторската работа моментално во Ирак има иднина за уште минимум 50 години. Испитаниците предвидуваат дека пазарот допрва ќе се развива бидејќи се отвораат нови пазари низ различни меридијани во светот.

Во однос на деветтото прашање кое се однесуваше на: „*Критериумите поврзани со регрутирањето од страна на ПВБК и какво претходно искуство е потребно за да*

работиш за ПВБК“, резултатите добиени од испитаниците беа во една иста рамка, односно дека првично е за која и каква компанија аплицираш бидејќи не секоја компанија има исти критериуми. Понатаму, испитаниците прецизираа дека се бараат минимум 4 до 5 години искуство од армија или полиција и познавање англиски јазик. Понатаму, како предност се смета оперативно искуство во земји во конфликт, чисто криминално досие, интервју со релевантен претставник од ПВБК за вработување. Потоа, како дополнение на условите беа наведени точни курсеви кои им ги побарува индустријата, и тоа: завршен курс за Close Protection Officer Level 3 (CPO L3) и First Person On Scene (FPOS), односно сертификат за укажување прва помош. Со исполнувањето на горенаведените критериуми, кандидатите се подобни за работа во ПВБК. Потоа се доби и еден поконкретен и пореален одговор дека ако влегуваш во контракторска работа преку посредник, искуството е само на хартија (за некој да биде покриен зошто си најмен). Тука важно е да се напомни дека критериумите за помалите контракторски фирми се помали, додека за познатите комерцијални фирми кои оперираат во зоните, критериумите се повисоки. Сепак, минимумот е армиско искуство и познавање англиски јазик. Ако аплицираш електронски тогаш обично се бараат минимум 5 години искуство во армија или полиција, претходно искуство работа во ПВБК, одлична физичка подготвеност, здравствена способност итн. Испитаниците напомнаа дека и покрај претходното искуство и завршените курсеви, тие и понатаму мора да се едуцираат, односно да добиваат различни сертификати и лиценци. Тоа е така бидејќи оперативната средина постојано се менува, курсевите се надоградуваат како се софистицира и модернизира опремата, а воедно и поради големата конкуренција мора дополнително да се едуцираат за да го задржат работното место.

Во однос на десеттото прашање кое се однесуваше на тоа: „*Дали работата во ПВБК е слична на државните служби (армија, полиција), и каде таа се разликува?“*, резултатите сугерираат дека испитаниците согледуваат многу сличности, но додаваат дека контракторската работа е поодговорна и поризична. Тие наведоа дека хиерархијата постои и во двете организации, но контролата е различна. Дел од испитаниците не ја заборавија разликата во платите каде нагласија дека платата, пред сè, е најголемата разлика. Сепак, разликата во платата е во зголемената одговорност, односно во реалните задачи и мисии кои се извршуваат секојдневно. Дел од испитаниците дадоа и спротивни одговори, односно дека работата воопшто не е слична, но не прецизираа точно зошто е тоа така. Како разлики еден од испитаниците наведе пример дека армиите и полициските сили имаат свои правила на војување (Rules of Engagements - ROE) и дејствуваат како офанзивни или дефанзивни сили, додека ПВБК дејствуваат строго како сили за одбрана почитувајќи ги правилата за употреба на сила (Rules of Use of Force - RUF). Друг одговор што се доби е дека разликата во работата помеѓу армијата и работата во ПВБК е тоа што во ПВБК професионалноста, комуникацијата, довербата, почитта и дисциплината се на повисоко ниво. Во однос на извршувањето на задачите, одговорите посочуваат дека работата е многу слична во однос на оперативниот дел. Еден од факторите зошто е тоа така бидејќи над 90% од контракторите се поранешни припадници на армија и полиција.

Во однос на прашањето под реден број 11 (единаесет), кое се однесуваше на тоа: *„Дали статусот на контрактор носи негативен или позитивен предзнак и дали негативните ставови се дел од незнаење и пропаганда?“*, се добија различни одговори од испитаниците. Дел од нив одговорија дека позитивниот предзнак е поприсутен, а дел негативниот. Во однос на пропагандата, еден од испитаниците истакна дека: „Многу зависи од информираноста на јавноста за оваа професија, за некои оваа професија означува една зла професија која се занимава со воени деструктивни активности, додека реалноста е дека оваа професија тука е одговорна само за обезбедување имоти и

лица со почитување на човековите права и точно регулирана употреба на сила само во итни и неизбежни ситуации.“ Понатаму, се доби одговор дека зависи и што работиш во ПВБК, односно дека не треба да се генерализира работата. Друг одговор беше дека сите ПВБК се лиценцирани и одобрени од страна на државите и имаат законски регулативи кои мора да се почитуваат и согласно тоа не прават ништо лошо. Понатаму, изворно кажано од еден од испитаниците: „Многу луѓе контракторската работа ја споредуваат со платеници (дури и во нашите кругови самите се нарекуваме платеници), но сепак ние сме дојдени да заработиме и да си ја сработиме работата. За нас работата носи позитивен предзнак бидејќи овозможува реализација на секое ниво. Негативните ставови се поради минати инциденти и изолирани случаи на насилство што се дел од оваа работа. Пропагандата од медиумите си го прави своето. Сепак едно е во теорија, а друго во пракса.“

Во однос на прашањето под реден број 12 (дванаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали вработените во ПВБК имаат претежно воено искуство?“*, резултатите од сите испитаници се дека припадниците мора да имаат армиско или полициско искуство. Дел од нив беа и доста категорични и концизни во делот дека тие што сакаат да работат мора да биле припадници строго на армиите. Прашањето е делумно и погоре спомнато и беше прецизирано дека контракторите се со воен бекграунд, но идејата беше уште еднаш да се потврди значењето што го даваат ПВБК на армискиот персонал, како тие го ценат и почитуваат.

Во однос на прашањето под реден број 13 (тринаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали испитаниците контрактори имале воен ангажман и дали имаат кодекс за почитување на меѓународното воено право?“*, резултатите се дека секое однесување на работното место е регулирано според меѓународните права со точно дефинирани правила на однесување. Во делот на воениот ангажман, испитаниците останаа резервирани во давањето одговор, но дел напомнаа дека за секоја задача што ја извршуваат, ја планираат и се подготвуваат како за одење во борба.

Во однос на прашањето под реден број 14 (четиринаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторите ги познаваат своите права и кој им е надреден во службата?“*, одговорите беа дека сите се добро запознаени со своите права и дека точно знаат каде се наоѓаат во хиерархијата. Сите посочија дека нема “играње“ во делот со хиерархијата бидејќи секој на секого му е конкуренција и дека приватниот пазар на сила е немилосрден. Во однос на правата сите дадоа потврден одговор, односно дека ги знаат своите права. Но, кога навлеговме подлабоко во темата за кои права се мисли и дали ги знаат, поголем дел премолчија, односно можеше да се согледа дека немаат доволно познавање. Сепак, тие се повикаа на договорите што ги потпишуваат и дека во самиот договор биле напишани нивните права. Но, кога стана збор за нивните права пред суд и пред законите во државата тие не беа толку запознаени, но знаеја дека компанијата која ги најмува нема да застане во нивна одбрана во случај на прекршување на кодексот и други злоупотреби.

Во однос на прашањето под реден број 15 (петнаесет) кое се однесуваше на: „*Недостатоците на ПВБК во однос на редовните војски и полициски сили и обратно кои се недостатоците на регуларните државни служби?“*, одговорите изворно ги цитирам, се со цел да се долови реалната слика. Еден испитаник наведува: „Човекови права во приватните, и финансирање во државните“. Понатаму: „Недостатоците на ПВБК според мене е отсутноста од својот дом, фамилија“. Самото прашање е во корелација со прашањето број 19 од анкетата каде 130 испитаници одговориле дека најголем недостаток за да се работи во ПВБК е оддалеченоста од семејството. Додека пак недостатоците од регуларните државни служби се: финансиите и условите за работа. Друг испитаник: „Нема недостатоци на ПВБК во однос на редовните војски.

Имлементирано е само најдоброто, односно научените лекции. Недостатоците на регуларните државни служби. Финансиите и условите за работа“.

Следен испитаник: „Недостатоците на ПВБК во однос на редовните војски е системот на заштита на индивидуата. Сепак, ПВБК се бизнис компании и си припадник на договор од 6 месеци или 1 година. Дополнително, ако конкуренцијата те исфрли од пазарот може да останеш без работа. Исто така, не се преземаат сите чекори за заштита на човековите права (од контракторите се чувствува надмоќ врз околината и голем дел се опуштаат и прават проблеми). Недостатоци од регуларните државни служби се тоа што тие се под влијание на политиката ама не за стратегиски цели туку напротив, за најниски војнички работи. Финансиите не се доволни (многу би рекле нема да бидеш ни богат, ни сиромав, ама сепак тие не се доволни за работата што се работи).“

Во однос на прашањето под реден број 16 (шеснаесет) кое се однесуваше на: „У*кажувањето негативни инциденти и начини за нивно избегнување пред извршување на мисиите“*, резултатите откриваат дека испитаниците нагласуваат дека се информирани и за мисијата, и за опасностите, и за сите новости во зоната на операции. Испитаниците нагласуваат дека претпоставените се лица со огромно армиско искуство каде проценете за ризик и планирањето на мисиите е на врвно ниво. Сепак, еден реален одговор беше дека во ПВБК не си за да учиш туку напротив да го применуваш наученото. Факт е дека се прави секојдневна безбедносна процена на оперативната средина и дека сите инциденти се мапираат. Приоритет е заштитата на клиентите и на претпоставените.

Во однос на прашањето под реден број 17 (седумнаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали ПВБК се ентитети кои се конкуренција на редовните армии на пазарот на трудот?“*, добиените одговори беа измешани. Поголем дел од испитаниците сметаат дека ПВБК се конкуренција на редовните армии, додека дел сметаат дека не се. Ако се цитираат одговорите: „ПВБК дефинитивно се ентитети конкурентни на армиите. Допрва тоа ќе се согледа и ќе се увиди дека приватната индустрија е многу поголема и помоќна од редовните државни сили (посебно за земјите во развој)“. Еден од испитаниците отворено укажа дека иднината на војувањето е во ПВБК и дека во иднина ако сакаш да си патриот треба да бидеш контрактор во ПВБК бидејќи државите допрва ќе ангажираат приватни ентитети за војување. Друг испитаник нагласи дека од финансиски аспект, ПВБК дефинитивно се конкуренција на редовните армии.

Во однос на прашањето под реден број 18 (осумнаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторите сметаат дека одливот на професионален кадар има силно влијание врз националната безбедност?“*, одговорите од испитаниците откриваат дека одливот има огромно влијание врз борбената готовност на единиците како и националната безбедност. Еден изворен одговор е дека: „Одливот на професионалните кадри веќе се чувствува низ единиците во Армијата. Работата се сведува на поединци бидејќи многу квалитетни кадри напуштија. Сето тоа влијае и врз борбената готовност и на националната безбедност. Човечкиот фактор е најважен!“. Друг испитаник нагласи дека изнесеното системско знаење на групата која напуштила во еден момент претставувало тежок удар за полицијата поради сложеноста на задачите што ги извршувале. Самото прашања е во корелација со прашањето број 21 од анкетата каде 150 испитаници одговорија дека со одлив на персоналот од Армијата се намалува и борбената готовност. Треба да се напомне дека во Армијата и низ сите институции и организации постои принципот на заменливост и дека секој е заменлив. Проблемот тука е што со одлив на персоналот има и одлив на системско знаење и вештини каде за истото знаење потрошено е многу време и пари. Со премин во приватниот сектор се создаваат паралелни структури кои на подолг период ги еродираат државните инхерентни функции, во случајов безбедноста.

Во однос на прашањето под реден број 19 (деветнаесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали државите треба да дозволат основање на ПВБК во рамките на своите правни системи?“*, резултатите откриваат дека испитаниците се со поделени мислења. Сепак, преовладува нишката дека државите треба да си го задржат монополот на сила и не треба да дозволат основање на ПВБК. Сепак, посакувано е државите внатрешно да воспостават правна рамка и да го регулираат тоа бидејќи тешко е дека ќе останат имуни на влијанието на ПВБК.

Во однос на прашањето под реден број 20 (дваесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали државата чини доволно за социјалниот и професионалниот статус на професионалните војници, односно дали настојува да ги задржи во своите редови што подолго?“*, одговорите од сите испитаници се со негативна природа. Сите испитаници дадоа одговор дека државата не чини доволно за да ги задржи припадниците, дека тие самите се пример за одлив и дека и понатаму тие што се незадоволни ќе напуштаат. Еден од испитаниците вели: „Секако дека државата чини доволно, се носат стратегии, планови и разни документи за подобрување. Но, сепак тоа е само на хартија и не се реализира целосно. Ништо не значи зголемување на буџетот на одбраната кога на војникот не му се дава неопходното и нема зголемување на плата и слично. Тешко дека државата ќе ги задржи квалитетните кадри. Не е до државата, туку веќе светот стана достапен и секој сака да си го валоризира трудот.“ Сепак, низ дискусијата со испитаниците со поставени дополнителни прашања во однос на тоа што им овозможила армијата, тие се свесни дека вештините кои ги стекнале сега ги употребуваат и работат како контрактори благодарение на армијата. Исто така, еден од испитаниците беше доста реален во делот кога кажа дека поради армијата низ различни школувања, курсеви, вежби прошетал многу земји, и тоа со средно образование, каде што тоа не е возможно со други занимања и во други професии.

Во однос на прашањето под реден број 21 (дваесет и еден) кое се однесуваше на: „*Висината на платата која ја земаат контракторите“*, испитаниците беа доста отворени во споделувањето информации. Еден испитаник откри дека платата му е десет пати повисока од претходната плата, додека друг испитаник сподели дека кога започнал да работи почетна плата му била 2500 американски долари на месечно ниво, а моментално 11.000 долари. Сепак, најголем дел од испитаниците откриј дека висината на платите е помеѓу 4000-5000 американски долари на месечно ниво. Исто така, тоа е плата што ја зеле само додека извршуваат активности, а кога се на одмор тој не им е платен. Посочија дека има и компании кои го плаќаат и одморот. Како заклучок, сите посочија дека висината зависи за која фирма работиш, од видот на проектот, од позицијата итн.

Во однос на прашањето под реден број 22 (дваесет и два) кое се однесуваше на тоа: „*Дали паричниот надоместок е соодветен за опасностите со кои се соочуваат во контракторската работа?“*, резултатите откриваат дека сите испитаници се задоволни со финансиите во однос на работата што ја работат. Сите испитаници го искажаа задоволството и од работата и од платата. Сите изразија чувство дека знаат каде се наоѓаат и дека нивната работа се плаќа со живот, но како што рекоа дека за тоа се имаат обучувано, работено, едуцирано и дека од тоа живеат. Тие не го криеја ставот дека ако најдат подобро платена работа дека ќе ја прифатат.

Во однос на прашањето под реден број 23 (дваесет и три) кое се однесуваше на: „*Правилата за работа во ПВБК и времетраењето на работа и одмор“*, испитаниците одговорија дека, пред сè, зависи од фирмата и од договорот кој се потпишува. Низ дискусијата се дојде до различни заклучоци, односно дека различни фирми нуделе различни договори. Регулирањето за времетраењето е дека секоја ПВБК има своја персонална политика почитувајќи ги притоа законите на земјата-домаќин (Labor Law)

со кој е регулиран делот на ангажирање на персоналот. Тоа изгледа вака: На дневна основа: 8-12 часа работа ефективно, останатото време е одмор. Времето на ротација, начелно е 8 недели ангажирање со 3 недели одмор или 12 недели ангажирање со 4 недели одмор. Како заклучок, во различни компании е различно регулирано. Досега било 3 месеци работа и 1 месец одмор, а во зависност од позицијата може и 2 месеци во работа и еден месец на одмор. За време на пандемијата со КОВИД-19 некои останале и до 7 месеци на работа, а некои во тој временски период останале дома.

Исто така, посочија дека во повеќе наврати се случува ангажирањата да се продолжат, односно да работат повеќе од предвиденото што е соодветно платено. Главен заклучок и од нивното искуство е дека тие работат непрекинато два месеци (8-9 недели) со 1 (еден) месец одмор. Притоа нагласија дека одморот не им е платен, но дека постојат фирми што го плаќаат.

Во однос на прашањето под реден број 24 (дваесет и четири) кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторите биле сведок на ситуации во кои се повредувале човековите права на локалното население или на ситуации кои се коселе со моралниот кодекс?“*, одговорите беа негативни, односно дека тие се немаат соочено со повредување на човековите права. Како што посочија нивното обезбедување лица, обезбедување конвои, обезбедување нафтени полиња, во глобала немаат немири и досега немаат употребено сила. Двајца испитаници одговорија дека имале такви ситуации ама не сакаа да дискутираат за детали.

Во однос на прашањето под реден број 25 (дваесет и пет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали контракторите сметаат дека развојот на приватната безбедносна индустрија на глобален план е фактор на стабилност и мир и обратно?“*, резултатите откриваат дека контракторите сметаат дека приватната безбедносна индустрија на глобален план е фактор на стабилност и мир. На глобален план како посебен актер секако дека е фактор на стабилност и мир бидејќи тие го спроведуваат мирот за пари. Од друга страна ако тие се употребуваат за “туркање“ режими и за лични работи може да бидат и креатори на нестабилност. Сепак, државите како главни клиенти на приватната безбедносна индустрија ги користат поради недостаток од сопствените капацитети и нормално е првично да придонесуваат за стабилност. Како што посочува еден од испитаниците дека ако не се тие во зоната на операции, локалното население ќе се убива меѓу себе и дека внатрешните конфликти ќе бидат во пораст.

Во однос на прашањето под реден број 26 (дваесет и шест) кое се однесуваше на тоа: „*Дали ПВБК се поврзани со државните структури и дали нивното дејствување е во синергија со државната безбедносна политика на соодветната држава или ПВБК се комерцијални ентитети на кои важат само пазарните законитости?“*, одговорите од испитаниците посочуваат дека ПВБК се во синтеза со државната безбедносна политика, но исто така и комерцијални ентитети на кои важат само пазарните законитости. Друг одговор е дека ПВБК се поврзани со структурите на земјата и работат континуирано во соработка едни меѓу други. Понатаму, друг одговор е дека, според документот Монтре, ПВБК мора да се поврзат со државните структури каде оперираат во зоната на операции и нивното дејствување е во содејство со државните структури. Но, сепак ПВБК ги задржуваат комерцијалните и пазарните законитости почитувајќи ги Законите на државата-домаќин каде оперираат. Нивното дејствување е во склоп со националните закони и согласно политиката на државата. Тоа лесно се воочува во пракса каде имате различни компании од различни краеви на светот како се однесуваат и што сакаат да постигнат. Исто така, има ПВБК како подизведувачи на главните компании кои се точно бизнис ориентирани и за нив важат само пазарните законитости.

Во однос на прашањето под реден број 27 (дваесет и седум) кое се однесуваше на тоа: „*Дали организациската и институционалната поставеност на ПВБК е слична како таа на Армијата или се разликува и дали има некој сегмент од кој Армијата може да „научи“ или да го вгради од ПВБК заради подобро функционирање?“*, резултатите откриваат дека:„организациската структура е многу слична дури може и ПВБК да кажам дека е подобро организирана бидејќи се работи за сериозна институција каде се почитуваат правата на вработените и нивните односи. Армијата има што да преземе и научи.“

Понатаму, како добиен одговор: „Во некои организациски сегменти се слични, во некои сегменти се разликуваат драстично, но сепак тоа се ПВБК каде комерцијалниот дел е застапен првенствено. Сегмент од кој Армијата може да „научи“ е дека: „во ПВБК не постои граница за да се постигне крајната цел и не може да се споредува со Армијата. Може да се каже дека и во двата случаи постои хиерархија. Се разликува што во ПВБК имаш 100 генерали и 100 полковници на различни работни задачи и проекти, односно нив не ги интересира претходниот чин додека во Армијата се тоа е пирамидално. Армијата може многу да преземе и научи од ПВБК“.

Во однос на прашањето под реден број 28 (дваесет и осум) кое се однесуваше на тоа: „*Дали испитаниците имаат некое негативно искуство од работата во ПВБК?“,* одговорите откриваат дека имаат негативни искуства. Тие негативни искуства се однесуваат на: нивни напади, протести (протестите се со голем ризик), нападите на конвоите, напади внатре во риговите (места каде што се ископува нафта) од самите вработени, менаџирање со локалните вработени кои не се целосно обучени и образовани за работата.

Во однос на прашањето под реден број 29 (дваесет и девет) кое се однесуваше на: „*Деловните интереси и политикантството ја испреплетуваат модерната војна, односно како и колку бизнисите се одговорни за иницирање војна?“*, одговорите откриваат дека: „Секако дека се, сè е тоа бизнис, војната е направена да се прикрие некое дело што луѓето не го знаат, тоа било од памтивек“. Друг одговор: „Во ова ново време веќе е јавна вистина дека сè е бизнис, природата на несогласувања и војна не постои, сè е бизнис однапред подготвен“. Понатаму, друг испитаник: „Големите бизниси се најголема причина за иницирање војна. Нивното неограничено збогатување им дава можност да си ги остваруваат нивните лични интереси по секоја цена без разлика на последиците“. Потоа: „Модерната војна се покажа дека е бизнис машинерија. Политиката е таа што ја креира војната за на крај пак со дијалог да заврши секоја војна. Луѓето што ги дале животите се колатерална штета поради политички интереси и пари. Бизнисите се одговорни за иницирање војна особено од страна од големите земји каде воената индустрија носи профит, а не трошок“.

Во однос на прашањето под реден број 30 (триесет) кое се однесуваше на тоа: „*Дали се согласувате дека треба да има граница за услугите што треба да ги нудат ПВБК или опремата што можат да ја користат?“*, одговорите беа доста измешани. Во дискусијата што се разви со испитаниците се дојде до заклучок дека услугите не може да се ограничат како такви без претходно да има забрана за вршење или тие да не подлежат на некои законски ограничувања. Сепак, дел од испитаниците сметаат дека: „Во однос на опремата не треба да има граници во зависност од нивната мисија, но во однос на услугите нормално дека треба да се има ограничувања што смеат и што не смеат да работат, пак ќе кажам, повратната спрега, односно системот за контрола е најважната алатка на секоја институција за да се работи коректно“. Друг добиен одговор: „Единствено граница може да има согласно мисијата и задачите што би ги извршувале. Сепак, тоа не е возможно бидејќи денешното војување не е само физичка

сила туку напротив ПВБК нудат услуги и опрема многу пософистицирана од државните сили“.

4. ЗАКЛУЧОК ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во целост, истражувањето дава важни информации за составот, потребите и предизвиците на воениот кадар, интересот и перцепциите за ПВБК, како и влијанието што го имаат ПВБК врз армиските припадници.

Клучните наоди од анкетата вклучуваат:

- *Мотивите за влегување во Армијата*. Мнозинството од испитаниците во анкетата го навеле патриотизмот како главна причина за влегување во Армијата, а потоа барањето сигурна работа. Разбирањето на овие мотивации е од суштинско значење за Армијата да ги усогласи своите пораки за регрутирање и да го зајакне чувството за патриотизам кај персоналот;
- *Поминати години во службата.* Значителен дел од испитаниците во анкетата (вкупно 61) изјавиле дека служат во Армијата повеќе од 20 години. Ова ја нагласува посветеноста и искуството на долгогодишниот персонал и ја нагласува важноста од задржување на нивната експертиза и вештини;
- *Блиски контакти со контракторите*. За време на мировните мисии, многу испитаници имале чести интеракции со контракторите поради природата на нивната работа. Овие интеракции би можеле потенцијално да влијаат врз кадровските одлуки, со што е важно Армијата да ги искористи сите воочени предности од транзицијата кон ПВБК;
- *Интерес за искуствата на контракторите*. Значителен број испитаници изразија интерес за искуствата на колегите кои станале контрактори. Споделувањето на таквите искуства може да го информира персоналот за потенцијалните можности за кариера надвор од Армијата;
- *Разгледување на вработувањето во ПВБК.* Значителен дел од испитаниците изјавиле дека размислуваат за понуди за работа од ПВБК, што укажува на привлечноста на можностите во приватниот безбедносен сектор;
- *Финансиски стимулации*. Финансиските стимулации се појавија како примарна предност на работењето во ПВБК, што потенцијално влијае врз одливот на персоналот од Армијата;
- *Загриженост за борбената готовност*. Мнозинството испитаници верува дека одливот на професионален персонал може негативно да влијае врз борбената готовност на Армијата, а со тоа да има загрозување на националната безбедност.

Врз основа на овие наоди, може да се дадат следниве препораки:

- *Носење стратегии за задржување на персоналот*. Армијата треба да развие соодветни стратегии за задржување кои се однесуваат на мотивациите и грижите на персоналот вклучувајќи: конкурентни финансиски пакети, можности за развој на кариера и програми за поддршка на семејството;
- *Водење во кариерата*. Промовирање транспарентни патеки за кариера и можности за напредување во Армијата, како и јасни патеки за личен и професионален развој;
- *Споделување на знаењето*. Споделување знаење каде што контракторите ги споделуваат своите искуства со армискиот персонал за да дадат увид во приватниот безбедносен сектор, истовремено потврдувајќи ја вредноста на воената служба;
- *Континуирана процена и контрола на имплементацијата на плановите.* Континуираната процена на иницијативите и стратегиите за задржување на

персоналот и приспособување на стратегиите засновани врз повратни информации од персоналот и нивните променливи потреби;
- *Соработка со креаторите на стратегии и политики*. Вклучување во отворени дијалози со државните власти дека креаторите на политиката ги разбираат предизвиците и можностите што ги поставуваат ПВБК, како и важноста од задржување квалификуван воен персонал.

Клучните наоди од интервјуата вклучуваат:
- *Мотивите за работа во ПВБК*. Главниот мотив за влегување и работа во ПВБК на испитаниците биле финансиските средства (парите). Останатите незадоволства од системот како и од човечкиот фактор само придонеле за полесно носење на одлуката за вработување во ПВБК;
- *Поминати години во служба во армијата и полицијата*. Како што беше наведено сите вработени во ПВБК се со армиско или полициско искуство. Тие имаат поминато од најмалку 4 до најмногу 24 години. Во тие години, испитаниците се стекнале со соодветни вештини и едукација што им помогнало полесно да транзитираат кон ПВБК, односно кон приватниот сектор;
- *Контакти со армиски и полициски припадници и влијание врз нив*. Сите интервјуирани лица потврдија дека разговараат со своите поранешни колеги и дека ги пренесуваат своите искуства од работата во ПВБК. Самите потврдија дека на сите што исполнуваат услови и сакаат да работат за ПВБК може да им посредат во одреден временски период и дека им нудат помош за вработување;
- *Недостатоци од работата во ПВБК*. Главниот недостаток кој го изразија испитаниците беше оддалеченоста од семејството, но и дека семејството е главната причина што работат како контрактори. Оддалеченоста од својата земја, работата во потешки услови и неизвесноста за продолжување на договорот (по 6 месеци или 1 година), исто така, беа фактори кои влијаат врз контракторите;
- *Финансиите*. Интервјуираните лица ја потврдија нелојалната конкуренција од страна на ПВБК спрема класичните државни безбедносни апарати. Самите наведоа дека платите во ПВБК им се до 10 пати поголеми за разлика од претходно. Заклучно тоа, тие го имаат аргументот дека само си го валоризираат трудот, односно дека ја работат работата што ја сакаат, а притоа се добро платени за тоа. Тие наведуваат дека и во иднина финансиските стимулации ќе бидат главниот адут на ПВБК во однос на армиите;
- *Мислење за борбената готовност*. Сите интервјуирани лица како поранешни лица на армијата и полицијата ја потврдуваат хипотезата дека со одлив на армиски и полициски професионалци се намалува борбената готовност. Самиот одлив како одлив е природна работа на секоја организација и тоа врз различни фактори. Проблемот е ако тој не е контролиран и не е во рамките и процентите на планиран одлив. Напуштањето на поголеми групи во одредени периоди лошо влијае и се одразува врз борбената готовност;
- *Иднина на контракторската работа*. Мнозинството од испитаниците наведе дека има пропорционално зголемување на вработувањата во ПВБК секоја година и дека иднината на војувањето е во ПВБК. Во однос на обезбедувањето на нафтени полиња, лица и имот на различни меридијани во светот секогаш ќе има работа, а со тоа и одлив од класичните државни безбедносни служби.

Како заклучок, резултатите од истражувањето даваат вредни сознанија за мотивациите и перцепциите на армискиот персонал поврзани со нивната одлука да ја напуштат Армијата и да ги разгледаат можностите во ПВБК. Како докторска студија, ова истражување придонесува за постоечката литература за влијанието на ПВБК врз

одливот на воениот персонал. Армијата може да спроведе соодветни чекори за задржување, да ги подобри финансиските патеки, да промовира можности за напредување во кариерата и да поттикне поинформирана перспектива за односот помеѓу државните сили и ПВБК. Со решавање на проблемите и аспирациите на персоналот, Армијата може да го превенира одливот на персонал обезбедувајќи квалификувана и посветена работна сила ефикасно да ги исполни своите критични мисии.

ЗАКЛУЧОК

Севкупно, можеме да заклучиме дека преку спроведеното истражување, дисертацијата обезбеди теориски и емпириски факти и заклучоци за улогата и влијанието на приватизацијата на војувањето врз армиите.

Како општи заклучоци од теориската рамка може да се согледа дека во меѓународната арена, приватизацијата на војувањето претставува еден растечки тренд и феномен на кој сериозно треба да се пристапи. Приватизацијата на војувањето е глобална опасност која директно и индиректно влијае врз сите сфери на безбедноста.

И покрај влечењето корени и имањето доста допирни точки со платеништвото, приватизацијата на војувањето како комплексен феномен и проблем значително се разликува од тој правец. Факт е дека разликите настануваат во втората половина од 20-тиот век, а се манифестираат и софистицираат во 21-от век. Тоа се должи на драстично изменетите цели, средства, методи и пристапи кон новите безбедносни закани. Брзите и нагли промени настанати со глобализацијата, брзиот проток на информации, современата технологија и секако финансиските средства дополнително го усложнуваат феноменот.

Очигледна е потребата од нови пристапи како на национално ниво, така и на наднационално ниво. Досегашните и моменталните безбедносни политики, стратегии и законски регулативи не се доволни за целосно регулирање и контрола на приватната безбедносна индустрија. И во овој случај имаме реактивно дејствување на државата, наместо проактивно. Очигледен е фактот дека приватните безбедносни актери се предизвик за националните вооружени сили.

Во случајот со приватизацијата на војувањето и користењето приватни безбедносни актери се согледува дека центарот на гравитација е бизнисот и финансиите. Практиката покажува дека тоа е веќе познато, но сепак државите се нивните главни клиенти и тие сè повеќе ги користат. Со употребената истражувачка стратегија и методологија во дисертацијата се потврдија голем дел од веќе постоечките теориски заклучоци.

Понатаму, обидите за правна регулација и формирање наднационални закони и регулативни рамки е далеку од готова. Во голем дел од земјите во развој дури и националната правна рамка е прашање дали постои. Се тоа придонесува за зголемено ширење на приватната безбедносна индустрија и оперативност во една сива зона. За таа цел, императив треба да биде итно носење унифицирани закони и меѓународно прифатливи регулативи за регулирање на приватните безбедносни актери. Фактот дека никој не може да остане изолиран, ефектите на приватизацијата на војувањето треба да претставува дополнителен мотив за регулирање на нив.

Државите мора да се подготват за процесот на приватизација на војувањето. Крајниот одговор на таа подготовка е одредувањето кои безбедносни функции остануваат инхерентни за државата, а останатите кои се аутсорсираат како да ги контролира и до кој степен да се аутсорсираат.

Во однос на специфичните заклучоци важно е да се напомни дека за решавање на предизвиците од приватизацијата на војувањето потребни се комплексни методи и сеопфатни пристапи.

Поконкретно, дисертацијата требаше да одговори на следното истражувачко прашање: „Дали и како процесот на приватизација на војувањето влијае врз националната безбедност во ситуација кога воените професионалци се одлучуваат да ја сменат државната работа за работа во приватна воена компанија?“. Одговорот на ова повеќеслојно прашање лежи во примената на теоретската рамка за приватизација на војувањето, способна истовремено да го еродира концептуалниот монопол на државата

и да влијае врз армиите и воената професија. Од емпириското истражување се согледа дека приватизацијата на војувањето, непосредно и посредно преку ПВБК и своите вработени влијае врз одливот на професионални кадри од Армијата. Следствено на тоа, со самиот одлив, преносот на знаењето и вештините кон приватниот сектор, намалувањето на борбената готовност, придонесува до разни импликации врз националната безбедност на државата.

Дополнително, теоретската рамка и спроведеното емпириско истражување дадоа одговор и на други номинирани истражувачки прашања, и тоа:

- Кои се причините за појава на ПВК?;
- Кои се последиците од дејствувањето на ПВК?;
- Какво е значењето на приватизацијата на војната во 21 век?;
- Дали и како приватизацијата на војната влијае врз редефинирањето на структурата на класичните армии?;
- До кој степен приватизацијата на војната влијае врз безбедносните сили?;
- Дали и како приватизацијата на војната влијае врз националната безбедност?;
- Колкаво е познавањето на феноменот на приватизација на војувањето во нашата земја?;

Понатаму, со помош на теориската рамка и со емпириското истражување, можам да ја потврдам општата хипотеза дека приватизацијата на војната директно и индиректно влијае врз одливот на припадници од Армијата и претставува комплексен безбедносен проблем за чие решавање е неопходно преземање соодветни мерки.

Покрај општата хипотеза, беа потврдени и посебните хипотези кои тврдеа дека:

- приватизација на војната како глобален феномен е еден од големите предизвици за националната и меѓународната безбедност,
- ефектите од приватизацијата на војната влијаат врз економскиот, социјалниот и политичкиот сегмент од општеството,
- одливот на персонал влијае во преструктурирањето на Армијата,
- одливот на персонал влијае врз борбената готовност на Армијата;
- недостаток од лидерство и погрешни политики го зголемуваат одливот на персонал од Армијата,
- приватните воени и безбедносни компании имаат ефект врз државните капацитети на државата,
- приватизацијата на војната има интегрирачка моќ да се преземат соодветни чекори за искористување на придобивките и минимизирање на последиците,
- приватните воени и безбедносни компании како алатка се покажаа како успешни во спроведувањето на приватизација на војната,
- приватните воени и безбедносни компании се квалификуваат како јавни агенти на државата и затоа се продолжение на политиките на владите,
- правилна и јасно осмислена безбедносна стратегија придонесува за создавање добра безбедносна политика,
- регулирањето на приватизацијата на војната зависи од постоењето реална потреба да се усогласат прашањата од оваа област,
- приватизацијата на војната е во корелација и со другите безбедносни елементи,
- феноменот на приватизација на војната се зголемува со зголемувањето на безбедносните предизвици,
- армијата има постојана потреба од асистенција во делокругот на работа,
- приватните воени и безбедносни компании го поткопуваат традиционалниот пристап на употребата на вооружените сили,
- регулирањето на приватизацијата на војната ќе придонесе кон решавање на новите безбедносни предизвици.

Со потврдувањето на општата и посебните хипотези, како и преку спроведената анализа и интерпретација на резултатите што произлегоа од емпириското истражување, на крај може да се направи детално сублимирање на главните заклучоци од истражувањето.

Во однос на Македонија, постоечкиот безбедносен систем во државата, не треба да остане надвор од случувањата на меѓународната сцена. Како активен учесник во мировните операции и секојдневните случувања на внатрешен и надворешен план, треба да придонесат за побрзо имплементирање на научените лекции со приватизацијата на војувањето и да соодветствува со тие на регионално и меѓународно ниво. Тоа најнапред подразбира препознавање на моменталниот безбедносен пејзаж и задолжителни промени согласно државните стратешки интереси и витални интереси. Тоа значи на формулирање соодветни регулативни аспекти кои јасно ќе ги постават границите и дефинираат одговорноста, контролата, обврските на јавните и приватните субјекти.

Во спроведувањето на овој процес бидејќи има преплетување помеѓу различни безбедносни сектори и организации како национални така и меѓународни треба да се посвети соодветно внимание се со цел националниот интерес да биде над сите останати индивидуални и политички приоритети. Бидејќи Македонија е мала земја со ограничени човечки и финансиски ресурси, а се наоѓа во комплексно безбедносно опкружување, безбедносниот систем треба да биде проактивен, лесно приспособлив и адаптибилен, за да може ефикасно да одговори на предизвиците од приватизацијата на војувањето.

Иако една дисертација со наведената теориска рамка и емпириските истражувања не може да послужи како основа за генерализација, анализата го отвора патот за идни истражувања поврзани со приватизацијата на војувањето. Идните истражувања во оваа област треба да навлезат подлабоко во структурите на приватните безбедносни актери, нивните стратегии за регрутирање, специфичните механизми кои ги поседуваат и како тие влијаат врз државните капацитети и начините на кои нивните активности влијаат врз воената професија. Дополнително, може да се направат истражувања во доменот на влијанието на приватните безбедносни актери на моралот и кохезијата врз регуларните сили. Следно, може да се изврши истражување во доменот на аутсорсингот поточно во границите на услугите кои подлежат на аутсорсинг. Интеграцијата на контракторите во воената структура претставува глобален предизвик за истражување. Понатаму, дополнително да се доистражат нови студии на случај за одливот на персоналот и неговите последици во различни држави. За крај, потребно е да се направи истражување за носење стратегии за ублажување на негативните ефекти од одливот на персонал и подобрување на управувањето со вооружените сили во ерата на приватизацијата, кое е од суштинско значење за обезбедување на одбраната и националната безбедност.

Препораки кои произлегуваат од дисертацијата се следниве:

- развивање политичка дебата и стратегија за вклучување на контракторите во структурата на одбраната,
- дефинирање на инхерентните функции на војската кои не треба да се аутсорсираат,
- изготвување доктрина, правилници, упатства за употреба на контрактори,
- носење национална правна рамка во согласност со меѓународните легислативи поврзани со приватната безбедносна индустрија,
- создавање на софтвер за слободно изразување каде што ќе се слеваат сите предлози и барања од војската.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Abbott, Andrew. "The Army and the Theory of Professions." In *The Future of the Army Profession*, edited by Don M. Snider and Gayle L. Watkins. Boston: McGraw-Hill, 2002.

Abrahamsen, Rita, and Michael C. Williams. "Selling Security: Assessing the Impact of Military Privatization." *Review of International Political Economy* 15, no. 1 (2007): 131–146. doi.org/10.1080/09692290701751332.

Abrahamsen, Rita, and Michael Williams. "Securing the City: Private Security Companies and Non-State Authority in Global Governance." *International Relations* 21, no. 2 (2007): 237-253. https://doi.org/10.1177/0047117807077006.

Abrahamsen, Rita, and Michael C. Williams. "Security Privatization and Global Security Assemblages." *The Brown Journal of World Affairs* XVIII, no. 1 (2011): 171-180.

Abrahamsen, Rita, and Michael C. Williams. *Security beyond the State: Private Security in International Politics*. Cambridge University Press, 2011.

Abrahamsen, Rita, and Anna Leander, eds. *Routledge Handbook of Private Security Studies*. London: Routledge, 2015. doi.org/10.4324/9781315850986.

Andersson, Martin. *Private Military Companies and the Effect on the Control of Force in the Developing World*. Lund University, 2005.

Anter, A. *Max Weber's Theory of the Modern State: Origins, Structure and Significance*. Palgrave Macmillan, 2014.

